Божидар Видоески

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Том 2

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ · СКОПЈЕ

MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS



FOUNDATION "TRIFUN KOSTOVSKI"

Božidar Vidoeski

THE DIALECTS OF THE MACEDONIAN LANGUAGE

Vol. 2

SKOPJE 1999

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Божидар Видоески

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Том 2

СКОПЈЕ 1999

Одговорен уредник
акад. Зузана Тополињска

Картографска обработка
м-р Марјан Марковиќ

Фонетска и фонолошка транскрипција
Дејан Геговски

Библиографска обработка
Ангелина Панчевска

СОДРЖИНА

Table of Contents

Од Редакцијата (From the Editors) I

ДЕЛ II (Part II)

МОНОГРАФИИ НА ОСНОВНИТЕ ГОВОРНИ КОМПЛЕКСИ
(Monographs on the Basic Dialectal Complexes)
(продолжение - Continuation)

ЈУГОИСТОЧНОТО НАРЕЧЈЕ
(The South-Eastern Dialect Region)

1. Разлошкиот говор (The Razlog Dialect) 11
2. Петричкиот говор (The Petrich Dialect) 25
3. Серско-драмско-лагадинска група говори (The Dialects of the Serez-Drama-Lagadin Group) 57
4. Костурските говори (The Dialects of the Kostur Region) 89
5. Леринскиот говор (The Lerin Dialect) 129

СЕВЕРНИТЕ ГОВОРИ
(The Northern Dialects)

1. Општ поглед (General Overview) 159
2. Кумановско-кратовската група говори (The Dialects of the Kumanovo-Kratovo Group) 161
3. Говорот на Скопска Црногорија (The Dialect of the Skopska Crna Gora Region) 181

Библиографија (Bibliography) 241

ОД РЕДАКЦИЈАТА

За полесна ориентација на читателите, ја препечатуваме синтетската карта на македонските дијалекти објавена во првиот том од ова издание. Го препечатуваме, исто така, и прегледот на знаците употребени при транскрипцијата на дијалектниот материјал.

Постапката околу уредувањето на текстот е иста како и во првиот том, т.е.:

1. Дијалектните карти се приложени на крајот на соодветната глава.
2. Дијалектните текстови се дадени во транскрипција според *Антологијата на македонските дијалектни текстови,* составувач Б. Видоески (во печат).
3. Фуснотите дадени со ѕвездичка (*) потекнуваат од Редакцијата.

Се трудевме имињата на селата да бидат приведени во нивната официјална форма; за жал, ова не секогаш беше остварливо, пред сè во однос на селата во Пиринска и во Егејска Македонија. За да го одбегнеме ризикот на погрешна идентификација на населените места, во некои случаи ги приведуваме само нивните локални дијалектни имиња под кои тие се спомнуваат во оригиналните текстови на Видоески.

За жал, исто така, не бевме во можност да дешифрираме некои имиња на села што Авторот ги приведува само во кратенки.

ЛЕГЕНДА КОН КАРТАТА

9.1. *Западномакедонско наречје:*
- 9.1.1. Централни говори;
- 9.1.2. Западни периферни говори;
  - 9.1.2.1. Горнополошки, дебарски, струшки, охридски и преспански говори;
  - 9.1.2.2. Дримколско-голобрдски говор;
  - 9.1.2.3. Вевчанско-радошки говор;
  - 9.1.2.4. Малореканси (галички) говор;
  - 9.1.2.5. Реканси (жировнички) говор;

9.2. *Југоисточно наречје:*
- 9.2.1. Штипско-струмички говори;
- 9.2.2. Тиквешко-мариовски говори;
- 9.2.3. Малешевско-пиринси говори;
- 9.2.4. Јужни говори;
  - 9.2.4.1. Солунско-воденски (долновардарски) говори;
  - 9.2.4.2. Серско-лагадински говори;
- 9.2.5. Костурско-корчански говори;
  - 9.2.5.1. Корчански говор;
  - 9.2.5.2. Костурски говор;
  - 9.2.5.3. Нестрамско-костенариски говор;

9.3. Северни говори

ДИЈАЛЕКТИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК



Фонетска транскрипција

Вокали

и			*ӥ*							*у*	
	ẹ								*ọ*		
		е			*ă*			*о*			
			ε		*ạ*		*ɔ*				
				ä		*å*					
					а						

Консонанти

п̄	*б*			*ф*	*в*	*w*	*м*			
				θ	*ð*					
т̄	*д*	*ц*	*s*	*с*	*з*		*н*	*л*		
		ч	*ц̣*	*ш*	*ж*				*р*	
		ќ	*ѓ*				*њ*	*љ*		*ј*
к	*г̄*				*х*					

Функции на дијакритичките знаци:

- назалност: *ę, ą*
- неслоговност: *i̯, ў*
- слоговност: *р̥, л̥*
- должина: *а:, е:, и:, о:, у:*
- лабијализација: *å*
- поместена артикулација кон напред: *ä*
- поместена артикулација кон горе: *ạ, ẹ, ọ*
- полузвучност: *б̯, д̯, г̯, з̯, ж̯, в̯*
- палаталност: *т̄′, д′*
- палатализираност: *б’, п̄’, л’*
- ослабена артикулација: *с^{ă}рце, ле^{ј}а, зме^{х}*
- акцент: *в'икам, уфч'ар, вик'аше, вод'еница*
- спореден акцент: *в'ечерн̩ица, з'адушн̩ици, с'еверн̩ица*

ЈУГОИСТОЧНОТО НАРЕЧЈЕ

Како што веќе споменавме во воведот кон вториот дел на "Дијалектите на македонскиот јазик" (сп. том 1, стр. 143), Авторот на овој труд не го обработил целосно југоисточното наречје. Оваа општа констатација треба сега да се доуточни:

– Видоески лично ги има обработено сите клучни говорни комплекси коишто одлучуваат за границите и општиот карактер на југоисточното наречје; тука спаѓаат пиринско-малешевските, серско-драмско-лагадинските и костурските говори; од широкиот појас дијалекти коишто му припаѓаат на југоисточното наречје, а истовремено претставуваат преод меѓу него и западното наречје (т.е. штипско-струмичките, тиквешко-мариовските и долновардарските), Видоески лично подготвил синтетичка монографија на леринскиот дијалект којшто, според неговите зборови, "претставува преодна зона меѓу битолскиот дијалект, од една страна, и долновардарските и мариовските, од друга, а тоа на поширок план значи преоден појас меѓу западното и источното наречје" (сп. стр. 152 во овој том). Леринскиот дијалект клучното место во преодниот појас го заслужил, главно, поради својата прозодична панорама; имено, акцентските типови присутни на леринското подрачје ја пополнуваат и ја заокружуваат сликата за развојниот пат на акцентскиот систем во македонските дијалекти.

– Видоески имаше карактеристичен начин на работа, добро познат во современата ареална лингвистика, а којшто тој го усовршил и го елаборира до детали: прво ја обработуваше "базата", т.е. централното, најкарактеристично подрачје за даденият говорен комплекс, а потоа диференцијално ги опишуваше останатите делови на комплексот. Така, иако не успеа да направи синтетска монографија на пиринско-малешевските говори, остави исцрпна монографија за петричкиот говор како негова "база". Уште пред тоа, по повод прославата на 100-годишнината од смртта на Вук Стефановиќ Караџиќ, Видоески монографски ја обработи сегашната состојба на разлошкиот дијалект и ја спореди со материјалот што го има собрано Вук од Разлог, како и со Вуковиот коментар на тој материјал. Оваа споредбена студија во скратена верзија ја вклучивме во овој том: таа не само што ги претставува денешните состојби на разлошкото говорно подрачје, туку дава и интересен увид во историјата на малешевско-пиринскиот говорен комплекс.

*– Видоески работел според прецизен и далековид план. Оние говорни комплекси што сам синтетски не ги обработил веќе се обработени или се во обработка од страна на неговите ученици. Од веќе објавените монографии тука треба да се наведат: **Дојранскиот говор** од К. Пеев (Скопје, 1979), **Кукушкиот говор** од К. Пеев (1 том – Скопје, 1987; 2 том – Скопје, 1988), **Кајларскиот говор** од В. Дрвошанов (Скопје, 1993), **Мегленскиот говор** од С. Бој-*

ковска, "Македонистика 5", стр. 185, Скопје, 1988). Чекаат објавување ***Енице-вардарскиот говор*** *од М. Каранфиловски,* ***Кривопаланечкиот говор*** *од Е. Стоева-Денчова и* ***Радовишкиот говор*** *од С. Бојковска. Во изработка се* ***Штипскиот говор*** *од Б. Маленко и* ***Пробиштипскиот говор*** *од З. Стаматоски.*

*

Опишувајќи ги македонските говори во Пиринска Македонија, Видоески во голема мера ги користел бугарските извори. Материјалите од тие извори ги претставувал во изворна транскрипција. Транскрипционите симболи кои потекнуваат од тие извори не ги внесовме во нашиот инвентар на симболи претставен на стр. III. Во однос на транскрипционите знаци застапени во првиот том на ова издание, во овој втор том инвентарот е збогатен со знакот за билабијално **w**, *кое се појавува во југоисточните говори.*

1. РАЗЛОШКИОТ ГОВОР*

1. Во 1787 – 1789 г. по иницијатива на руската царица Екатерина Велика бил објавен двотомниот компаративен речник под наслов "Glossarium comparativum linguarum totius orbis. Сравнительные словари всех языков и наречий, собраные десницею всевысочайшей особы. Отделение первое, содержащее в себе Европейские и Азиатские языки. Часть первая. В Санктпетербурге 1787 года". Вториот дел е издаден во 1789 г. (В. Ягич, 1910 : 70-72).

Речникот содржи еквиваленти на 285 лексеми (273 збора и 12 броја) од 200 јазици во Европа и во Азија. Лексичкиот материјал е собран врз основа на анкета што ја извршиле дипломатските претставници на царицата. Списокот на зборовите го изработила царицата Екатерина, а собраниот материјал му бил поверен на обработка на академикот П. С. Палас. Во 1790 – 1791 г. е објавено второто издание на овој речник под наслов "Сравнительный словарь всех языков и наречий (...). В Санктпетербурге 1789 – 1791", во кој се придодадени уште 79 африкански и американски јазици и во редакција на Теодор Јанковиќ.

И во двете редакции на Речникот меѓу 200 јазици приведен е материјал и од 13 словенски јазици, односно дијалекти по следниот ред: 1. руски (како заглавна одредница), 2. славјански (старословенски или црквенословенски), 3. словенско-унгарски (словачки, според некои прекумурски словенечки – Славски, 1965), 4. илирски (западните хрватски дијалекти), 5. бохемски (чешки), 6. српски, 7. вендски (горнолужички), 8. сорапски (долнолужички), 9. полапски, 10. кашупски, 11. полски, 12. малоруски (украински), 13. суздаљски (офенски – еден таен јазик кој бил во широка употреба во тоа време во Русија).

Од јужнословенските јазици, како што гледаме, во Речникот се дадени како посебни српскиот и илирскиот, додека бугарскиот и македонскиот воопшто не се споменуваат.

Речникот на царицата Екатерина во тогашниот научен свет наишол на широк одглас, но ниту во една од објавените рецензии не е укажано на отсуството на овие два јазика (бугарскиот и македонскиот). Добровски во својот одзив за Речникот објавен во "Слованка" (II, 189) само забележува дека словенските јазици (наречја) во Речникот не се добро распоредени и тој предлага две групи, во првата ги зема: малорускиот, суздаљскиот, славенскиот (старословенскиот), илирскиот и српскиот, а во втората: чешкиот (бохемскиот), словачкиот (негов термин), вендскиот, сорапскиот, полапскиот, кашупскиот и полскиот. Подоцна во "Слованка" (II, 193) Добровски ќе го додаде уште "рватското наречје".

2. Македонскиот и бугарскиот јазик во славистичката наука ќе ги открие допрва Вук Стефановиќ Караџиќ во неговиот "Додатак к санктпетербургским

---

* Ова поглавје претставува скратена варијанта на текстот објавен во ПрилОЛЛН, МАНУ, 1988, XIII, 2, под наслов *Разлошкиоѿ ѓовор во Вуковиѿе заѿиси и денеска.*

сравнителњим рјечницима свију језика и нарјечија, с особитим огледима бугарског језика. У Бечу 1822". Како што е познато, материјалот од овој *Додаток* прво е објавен во 14 продолженија во Новине Сербске во 1821 (во броевите 102 – 104) и во 1822 (во броевите од 2 – 6 и од 8 – 13).

Караџиќ со својот *Додаток* сакал да постигне две цели. Од една страна тој сакал да ги исправи грешките што биле допуштени во српскиот и илирскиот дел на Речникот, и од друга – да даде поточна информација за јазичната ситуација кај Словените на Балканот.

3. Вуковиот *Додаток* се состои од два дела: 1) "Додатак к Санктпетербургским сравнителњим рјечницима свију језика и нарјечија" (1 – 32) и 2) "Особити огледи бугарског језика" (33-54).

Во вториот дел Караџиќ приведува два евангелски текста (за самарјанинот и блудниот син, Лука X, 30, XV, 10), молитвата "Оче наш" – на српски и во "бугарски" (македонски) превод, и 27 народни песни. И на крајот има партија "Поговор" (с. 48 – 54) во која Караџиќ дава краток но содржаен преглед на јазикот на текстовите.

4. Се поставува прашањето околу дијалектната основа на Вуковиот "бугарски" јазик, заложен во текстовите во неговиот *Додаток*. Од каде Караџиќ го црпел материјалот и во која мера тој ги познавал јазичните прилики на словенскиот југ.

Неколку податоци во врска со поставените прашања дознаваме од краткиот увод кон I и кон II дел на *Додаток*. Повикувајќи се на препораката на Аделунг дека е потребно при бележењето на лексички и воопшто на јазичен материјал да се знае местото каде односните зборови се употребуваат, Караџиќ вели: "Зато ево и ја кажем, да је ове Бугарске ријечи мени писао и казивао прави Бугарин, родом из Разлога". Во врска со евангелските текстови и песни Вук додава: "За ово из јеванђелија дужан сам благодарити оном истом Бугарину, како и за ријечи, а за пјесме другоме Бугарину, такођер из Разлога" (с. 33). Меѓутоа, Караџиќ не ги споменува и имињата на неговите информатори и собирачи, ниту пак дава податок за местоположбата на градот Разлог. Подоцна од неговата кореспонденција ќе се дознае дека главниот Вуков информатор – преведувачот на речникот и на евангелските текстови бил некој Лазар Германов од Банско кај Разлог (Петровский, 1914 : 61). Во едно писмо од 15 / 27 декември 1822 г. Караџиќ му соопштува на Копитара и за географската положба на Разлог – дека се наоѓа во Македонија, кај Серез, според информацијата добиена од споменатиот Лазар Германов (Петровский, 1914 : 61).

5. За Вуковиот *Додаток* и за "бугарскиот" материјал во него во науката се пишувало доста опширно, особено во бугарската наука. На таа тема постои цела една мала литература.

Ние ќе се обидеме врз основа на постојната литература и нашите најнови материјали од селото Елешница (кое се наоѓа во близината на Банско), добиени со анкетата за македонскиот дијалектен атлас, да укажеме на најважните особености на разлошкиот говор и неговото место по однос на околните дијалекти, и како е тој претставен во Вуковите записи.

Разлошкиот говор го зафаќа изворишниот дел на реката Места меѓу планинските гребени на Рила, Доспат (огранок на Родопите) и Пирин. Планините Рила и Доспат претставуваат природни граници меѓу разлошкиот говор и соседните, граничните бугарски дијалекти – на исток родопските и на север југозападните бугарски говори. Планината Пирин претставува граница меѓу разлошкиот и благоевградскиот, а на југоисток се граничи со гоцеделчевскиот (неврокопскиот) говор.

Разлошкиот говор претставува еден вид преоден говор меѓу малешевско-пијанечките, со коишто непосредно граничи на запад, и со гоцеделчевскиот, кој претставува дел од поголемата група серско-драмски дијалекти во Југоисточна Македонија.

5.1. Со малешевско-пијанечките говори него го сврзуваат следниве особености:

– континуантот /*a*/ на носовката **ǫ* во сите позиции на зборoформите, сп. *г̄'аска, г̄'алаш, даш, заш, маш, р'ака* и др., како и на "секундарниот" *ъ*$_2$ во лексеми од типот *лаг̄'а, л'аже, лаж'ица, лаж'ичка, маг̄л'а, маг̄л'иф, с'авне, савн'ушка, цафш'и, цафш'ок* (Ел)[1];

– континуантот /*ă*/ за вокалното **ļ* : *дăг̄о, văк, жăш, săза, săнце;*

– замената на сек. *ъ*$_2$ со /*e*/ пред лабијалниот назал *м* во *осем, седем,* во одделни лексеми и пред *р* : *в'ăшер, 'одер,* покрај *'едар, 'ишар, 'оштар, м'окар;*

– замената на **ě* со /*a*/ зад *ц* : *цан'а, цал, прац'аш;*

– рефлексот /*o*/ место **ъ* во зборообразувачките форманти, сп. *вузд'иг̄а, суб'ира* (< *соб'ира*), *ваш'ок, пес'ок, ш'анук* (< *шанок*), *как'оф, шак'оф*, во членската морфема за м.р. кај именките: *в'оло, чув'ако,* во предлозите *воз, сос (> вуз, сус)*: *вуз рек'ата, сус н'ег̄о,* во одделни лексеми и во коренска морфема, на пр. *з'олва, сонь, шој;*

– замената на **ę* со /*e*/ во секвенцата **ję,* сп. *'едар, 'ечи, еш'ăрва, п'аек, ечмен'ик,* со исклучок на *јаз'ик, з'ајако*.

Во областа на консонантизмот споменативе дијалекти ги поврзуваат:

– палатализацијата на консонантските групи *-шj-* и *-дj- (< *tьj, *dьj)* во /*ќ, ѓ́*/, сп. *браќа, б'аќу, г̄'оска* (< *г̄остја*), *л'иска* (< *листја*), *Крăсќу* (< *Крăштју*), *св'ака, шр'еќи, ш'ăќу, ѓ́'авул* (Алексиев, 1931 : 108);

– палаталната регресивна асимилација на веларното /*к*/ (зад палаталните согласки) во примерите од видот *в'оска* (*војска*), *в'ăка – в'ăч'а* (*вăјка*), *м'ака* (*мајка*), *'уку* (*ујко*), *дев'ока, в'ул'ка, лул'ка* (*лул'ка*), *јад'ал'ка, прешт'ел'ка, с'ăн'ка, сл'ун'ка* (*слун'ка*), (Разлог, Алексиев, 1931 : 108), *б'ол'ка, в'ăч'а, в'осч'а, м'ач'а* (Стойков, 1964 : 311-314), *ш'ака* (*шајка*), *ж'ел'ка, л''ул'ка, пер'ал'ка, пупр'ел'ка, руд'ил'ка* (Ел);

– палатализацијата на веларните /*к, г̄*/ во /*ќ, ѓ́*/ пред предните вокали, сп. *г̄'аски, мр'афќи, п'ушќи, ув'ошќи, ќ'ине, ќиш'и, бл'аг̄и, 'ог̄ин, др'уг̄и, д'ăг̄и* (Ел);

– силната палаталност на крајното *-ш* од старата група **-tь* во примерите *г̄'оспуќ* (*г̄оспош* < *г̄оспод*), *г̄р'оуќ* (< *г̄рохош*), *вр'аскуќ, Дуспаќ* (*Доспаш*), *ск'окуќ, шр'оскуќ, зеќ, кам'аќ, паќ* (Алексиев, 1931 : 108);

---

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Бан (Банско), Раз (Разлог), Ел (Елешница).

– пазењето на консонантската група *-вн-* во примери како *гл̄авн'ӣте, од'авна, р'авну,* и дисимилацијата на групата *мн* во *вн* во случаите *кр̆авн'ак, п̄'овниш, ш̄'евну, сш̄'овна;*

– фонемата */x/* се пази, главно, на крајот на слогот (пред консонант и во финална позиција) готово во сите говори од ова дијалектно подрачје, додека во интервокална и иницијална позиција таа се загубила, сп. *вр̆ъх, ор'ăх, сш̄рах, них, сух, в'ехш̄о, ј'ахни, мехл'ем,* но: *'аjде, 'иш̄ар, л'адно, р'ан'а, др'еи, д'уа, м'аш̄еа* (Бан, БДА), *с'уи, ј'оор, м'уа, б'ераа, д'адоа* (Раз, БДА).

Граматички особености за сите споменати говори се:

– членската морфема *-о* кај именките од м.р., сп. *бре̄г'о, дв'оро / дв'ору,* односно *-е* зад историски меките консонанти, сп. *к'оне, маж'е, бер'аче, ц'аре, п̄'аше, д'ажде* (Алексиев, 1931 : 111),

– отсуството на наставката *-ш̄* во 3 л. мн. на сегашното време, сп. *'имаа, гл̄'едаа, бер'а, плеш̄'а,*

– отсуството на гласот *х* во 3 л. мн. на минатото определено време, сп. *р'екоа, бр'аа, мол'иа* (Ел),

– и проширувањето на наставката за 3 л. мн. на имперфектот со *-ше,* на пр. *кл'анаше се, гл̄'едаше, 'идаше, jад'ăше* – во Белица и во северниот дел на Разлошко (Алексиев, 1931 : 113).

Во голема мера разлошкиот со малешевските и благоевградскиот се слага и во системот на акцентирањето. На сето тоа дијалектно подрачје има слободен и морфолошки подвижен акцент со можност тој да стои и на отворената ултима кај именките од ж.р. на *-а,* сп. тип *жен'а, офиц'а,* додека во гоцеделчевскиот и серско-драмските говори тука има ограничувања.

Во сферата на зборообразувањето дијалектна посебност за сите говори од односна група претставува суфиксот *-шком* за глаголски прилог, сп. *играш-к'ом, ловешк'ом, орешк'ом, пејешк'ом* (Бан, БДА; Молерови, 1954 : 48), *сшуешк'ом, лежешк'ом* (Раз, БДА; Алексиев, 1931 : 115).

5.2. Со неколку црти разлошкиот говор се поврзува со гоцеделчевскиот и преку него со серско-драмските и бугарските родопски говори. Меѓу помаркантните особености од оваа група треба да се истакнат:

– двојното акцентирање кај повеќесложните збороформи ако зад примарниот акцент следуваат три неакцентирани слога, сп. *б'уковица, гл̄'асеница, к'укувица, м'аторица, м'есечина, б'абицата* (: *б'абица), д'еверету* (: *д'евере), п̄'илеш̄ата* (: *п̄'илеша), н'аберăше* (: *н'абери), р'асшувари,* како и кај повеќесложни именки што завршуваат на консонант ако зад примарниот акцентиран слог се наоѓаат два неакцентирани, сп. *Б'угл̄арин* (: мн. *Б'угл̄ари* – кога е слогот отворен), *гл̄'абровец* (: *гл̄'абровци), з'амесок, н'арамок, р'азгловор, ш̄'иквеник, сл'ободен, 'изеден, з'инувам* – вториот акцент паѓа секогаш на последниот слог;

– рефлексот */ä/* место **ě* во акцентиран слог и неговата замена со */e/* во неакцентирана позиција, сп. *бăл – б'ăла – б'ăли, брăк, в'ăжи, в'ăшер, гр'ăшка, д'ăдо, дрăн, кул'ăно, р'ăка, нев'ăсша,* 2. л. мн. заповеден начин: *куп'ăше, реч'ăше* (Бан, БДА), *б'ăл'ка, вр'ăлу, лăш̄, мл'ăку, гн'ăзда, снăк, сеч'ăх,* но: *бре̄г'о, дрен'о, рек'аша* (Бан, БДА), *брез'а, гнезд'о, млек'оту* (Ел).

– Во разлошкиот сè уште како активен процес се врши прегласувањето на */a/* зад меките согласки во */ä/* – под акцент и во */e/* – во неакцентирана позиција,

сп. *ј'äјца – јејц'е, вǫденич'äр, ч'äши, кл'уч'äрка, уц'äк,* или: *б'ане, кǫш'ул'е, ф нед'äле* (Бан, Молерови, 1954 : 48), *јејц'е, ч'äши, ж'äба, уц'äк, г̄л'авн'е – г̄лавн'äта* (Бан, БДА), *вудинч'äр, п̄ул''äна* (Раз, БДА), *уфч'äр, т̄елч'äр, бабеч'äни, дуп̄ничäнин, г̄рънчар'ето, по чäс* (Раз, БДА; Алексиев, 1931 : 104), *п̄'оес, п̄ул''äна, бацен'ак, п̄уг̄'аче, с'еленин* (Ел).

– Разлошкиот говор во својата целокупност ја познава и редукцијата на неакцентираните /о/ и /а/. Вокалот /а/ во неакцентирана позиција има висок алофон [ạ] – со реализација блиска до темниот (шва) вокал, сп. *'едạр, р'екạл, вуд'ат̄ạ* итн. Редукцијата на /о/ е значително поизразена и многу често доаѓа до неутрализација со вокалот /у/, сп: *субер'е, м'озук, ј'аг̄удạ, п̄ул''äнạ, кл''учуве, звун'ец, св'екур, нуфт̄'ок, мут̄'ика, т̄'анку, т̄'евну, 'оку, 'ушу, на н'ег̄у* (Раз, БДА), *вуд'ат̄ạ, мум'ит̄е, му'а, т̄ву'а, с'елу* (Алексиев, 1931 : 99), *вузв'ивạм, г̄ув'ори, к'ошуве, мум'а, чув'äк, ув'ес, м'ет̄ух', 'офчу, ч'ест̄у, сн'опет̄у* (Бан, БДА), *г̄ур'ат̄а, кур'а, кун'ец, л'äт̄у, мл'äку, н'ебу (: г̄'ори, к'ори, лет̄'ото)* (Ел).

– Во областа на консонантизмот како дијалектна црта што ги доближува разлошкиот со соседниот гоцеделчевски и соседните бугарски дијалекти е мекоста на сонантите /л'/ и /њ/ на крајот. Не само што се пазат во оваа позиција старите меки **l'*, **n'* (соодветно како *л'* и *њ*), туку се развиле и нови меки во случаите каде што зад овие гласови имало мал ер (**ь*), а после мекоста можела да се шири и автоматски, иако процесот на аналогијата не ги зафатил сите случаи, сп.: */л'/ сол', църв'ул', каж'ел',* дури и *п̄'епел', кут̄'ел', шт̄р'äкул', вид'äл', муж'äл',* покрај *мин'ал, одил* (БДА), *кал', п̄ресол'* (Алексиев, 1931 : 100), *муж'äл', умр'äл', наш'ел', п̄ет̄'ел', кут̄'ел'* (во соседство со преден вокал – Ел), а во одделни случаи и во други позиции, сп. *п̄л''оча, п̄л''ака, мил''увам, к'ал'но* (Алексиев, 1931 : 108), *вуз'ил'у, в'ил'а, м'ил'у, с'ел'у – сел''от̄о* (Ел); – */њ/ бръкад'ан', ден', кат̄р'ан', зǫб'ун', дрäм'он', п̄ир'он', сон', син'* (придавка), *ка'ун'* (БДА), *дуг̄'ан', кат̄р'ан'* (Бан, Молерови, 1954 : 48), *куч'ањ, т̄ав'ањ, т̄ап'ањ, фуст̄'ањ (: фуст̄'ане), рим'ењ* (Ел).

5.3. И најпосле има една група особености со кои разлошкиот се диференцира од сите околни дијалекти во потполност или делумно.

Така, на пример, за **ъ* во разлошкиот има три вредности: /а/ во коренската морфема во повеќето случаи и во членската морфема за м.р. кај придавските зборови, /о/ – видовме – во зборообразувачките морфеми и во членот за м.р. кај именките, и /е/ зад историски меките согласки исто така само кај именките, сп.: *б'ачва, в'ашка, в'анка, даш, д'аска, м'акне, мах, б'äлиа, м'алкиа : з'олва, сон', т̄ој, п̄ес'ок, ват̄'ок, как'оф, брег̄'о : к'оне, маж'е, уфч'аре* итн. Се работи, како што гледаме, за вкрстување на црти од две различни дијалектни зони.

Кај именските зборови интерес од дијалектен аспект претставува вокативната наставка *-јо (-ју)* кај именките од м.р. на консонант, покрај наставката *-е,* сп. *друг̄'арјо, м'ажјо, чув'äкјо, кǫв'ачјо* (Ел), *чест̄'ити ц'арјо, а бре з'äјакјо* (Бан, Молерови, 1954 : 48).

Неколку дијалектни посебности можеме да посматраме и во областа на глаголската флексија. Посебен интерес претставуваат:

– наставката *-ме* во 1 л. мн. на сегашното време кај сите глаголски групи, сп. *зн'аеме, п̄'äеме, п̄лет̄'еме, н'осиме* (Алексиев, 1931 : 112), *н'осиме, сеч'еме* (Ел), *јад'еме, г̄р'адиме, жн'еме* (Бан, БДА), *мелеме, т̄чеме* (Раз, БДА);

– наставката /*ä*/ во 3 л. мн. на сегашното време кај глаголите од *и*-група кога е таа под акцент, сп. *дръж'ä, г̄ур'ä, сед'ä, сш̄у'ä* (Алексиев, 1931 : 113), *др̥ᵊж'ä, сед'ä, чуч'ä* (Ел), *г̄ърм'ä, г̄ор'ä,* но *м'олаа, бр'ојаа, 'учаа* – во неакцентирана позиција (Бан, Молерови, 1954 : 48), *жив'ä* (БДА);

– удвојување на наставката *-а* во 3 л. мн. презент кај глаголите од *е-* или *и*-група кога таа не е акцентирана, сп.: *зн'аа, п̄'äјаа, ф'алаа,* или контрактирани: *п̄'äјà:, п̄'ија:,* (Алексиев, 1931 : 113), *н'осаа, м'ислаа, з'емаа, д'ојдаа* (Ел), *зн'ајаа* (БДА), но: *јад'а, рек'а, сш̄риг̄'а* (Ел), *бер'а, п̄ер'а, п̄ред'а* (Раз, Алексиев, 1931 : 113; БДА).

Глаголите од типот 'товара, отвара, клана' во разлошкиот говор преминале во *е*-група, сп. *за̣бур'авеш, ш̄ув'аре, усш̄'аве, ушв'аре, кл'ане* (Ел).

5.4. Меѓутоа, разлошкиот говор не е единствен во секој поглед. Има еден број црти што го разбиваат неговото единство, како што се, на пример: континуантите на вокалното **r̥*, реализацијата на гласовите /*ќ, г̄́, х*/ и на секвенците /*шш̄*/ и /*жд*/, компензационата должина таму каде што се губат некои согласки во одредени фонетски позиции, и уште неколку морфолошки и лексички особености.

5.4.1. Во јужниот дел на областа околу градот Банско место вокалното **r̥* има секвенци /*ăр*/ и /*рă*/, сп. *б'ăрже, вăрб'а, д'ăрво, с'ăрце,* и: *г̄рăнч'ăр, зр'ăнце, ш̄рăн* (Алексиев, 1931 : 101), *брăс, г̄рăп̄, г̄рăч, крăф, п̄рăс, црăн, мр'ăсно, п̄р'ăсш̄ен* – во едносложни и кога има група од повеќе согласки, но: *ц'ăрно, цăрв'илу, цăрвул'* (Бан, БДА), *врăх – вр'ăо, крăф : кăрви, б'ăрзо* (Бан, Молерови, 1954 : 48), *рăг̄́'а, рăш, р'ăза, д'ăрву, з'ăрну,* и: *г̄р̥ᵊп̄ – г̄р̥ᵊб'о, кр̥ᵊс – к'р̥ᵊсш̄у, сᵊр̥це* (Ел). Примери со *р̥* како носител на слоговноста во Елешница не се ретки. Таков изговор во Банско допушта и Алексиев и ги приведува примерите: *г̄р̥не, зр̥но, цр̥но, фр̥лам* (Алексиев, 1931 : 101). Меѓутоа, во примерите што ги приведува Стојков од Банско редовно има секвенци /*ăр*/ или /*рă*/, сп.: *б'ăрже, г̄'ăрло, г̄ăрм'еш, д'ăрво, с'ăрце, ц'ăрно,* и *г̄рăп̄, крăф, п̄р'ăсш̄и, смрăш̄, цр'ăвјак* (Стојков, 1964 : 311-314).

Во банскиот (јужниот) говор групите /*шш̄*/ и /*жд*/ не се можни по дистрибуционите правила. Групата /*шш̄*/, карактеристична за северниот дел на областа, во Банско и околните села (Добриниште и Елешница) се реализира како /*шч*/ или дури како /*шќ*/, а место /*жд*/ се јавува само /*ж*/, сп. *к'ашча, н'ушчуви, г̄ор'ешчина, шч'ерка, ог̄н'ишче, шчо* и *шо* и: *в'äжа, п̄р'ежа, ч'ужи, до'ожа* (БДА), *шч'ерка, свäш – свешч'ишш̄е, ношч'еска, г̄'ашчишш̄е, п̄еш – п̄ешч'а, вр'ашчам, – веж'ашш̄а, до'ожа, н'ужа, зав'ижа, разб'ужа, нај'ажа, разв'ожам* (Бан, Молерови, 1954 : 48), *вр'äшча, г̄ор'ешчу, л'ешча, н'ошчи, св'äшчи – в'ишжа, г̄р'аажан̣ин, мееж'а, п̄реeж'а, с'аажи, н'аажа, р'аажа* (Ел), *даш – д'аже, даж'ец, н'ужа.*

Фонемите /*ќ, г̄́*/ во банскиот говор се реализираат како многу меки фонови [*к'' – г̄''*] (така се предадени во БДА), сп. *в'ек''е, кр'авешк''и, ш'ак''а,* или како [*ч' – ц̣'*], *зеч', п̄ач',* покрај *зеќ, п̄аќ,* (БДА), *в'äч'а, в'осч'а, м'ач'а, д'уп̄ч'ишш̄е на нос'о, 'оц̣'ин', л'а̣коч', н'окоч', ц̣'ак* (Стојков, 1964 : 311-314).

Доста маркантна фонетска особина во јужниот говор претставува и реализацијата на фонемата /*х*/ како палатализирано [*х'*]. Оваа особина ја истакнува за Банско и Јакоруда и Алексиев, и ги приведува примерите: *дујд'ох', дујд'ох'-*

ште, вид'äх' – вид'äх'ште (во 1 л. едн. и 2 л. мн. на минатото определено време), но: *дујд'ојме, уштид'ојме, руч'ајме* – во 1 л. мн. Ваквиот изговор го потврдува и Молеров, сп. *бих', цалув'ах', лук кäц'ах', строш'их', у н'их', орäх', страх', в'äх'-то,* покрај *врäх, сурим'ах, сух, ј'ахни, мехл'ем,* а и: *в'äјне, н'ијните* (Молерови, 1954 : 48), а во најново време мекоста е нотирана и во БДА во пунктовите Банско и околните села, сп. *бер'äх', д'адох', реч'äх', м'ештух', дон'есух', них'*. Овој проблем во разлошкиот говор посебно и подробно го има разгледано Ст. Стојков, кој дава и примери со премин на [*х'*], во [*ш'*], сп. *ѓräх' > ѓräш'* (Стојков, 1964 : 300).

Во материјалот од Банско запишан од Молерови има многу примери со остатоци од инфинитивот од типот: *сш'иѓа се м'ис* (367), *е сш'иѓа ли шоку вик'ас* (276), *нем'ој дäв'ас л'äбо* (308), *ша нем'ој рук'ас шак'ова* (316), *нем'ој ме др'ас,* и во множина: *нем'ојше ѓо развож'асше, нем'ојше ѓо шак'а ѓон'исше,* и др. Конструкциите од типот *нем'ој ме прашч'а, ши нем'ој доож'а* (279) и други – познати се на поширокиот ареал во Разлошко, како и во соседниот гоцеделчевски говор, па и пошироко во југоисточните дијалекти.

5.4.2. Во северниот дел од разлошкото подрачје околу градот Разлог вокалното **ŗ* се реализира како секвенца */рä/*, сп. *др'äву, ср'äце, цр'äна, бр'äже, врäб'а, бр'äду* (Алексиев, 1931 : 101), *вр'äх, ѓр'äш, пр'äс, бр'äнѕи, бр'äду, мр'äсно, пр'äстен,* но и *ешт'ärва* (123), *ѓ'ärне* (126) (Раз, БДА). Стојков дава и примери со вокално *ŗ* : *ѓ'ŗло, ѓŗм'еш, д'ŗво, с'ŗце, крф, смŗш, п'ŗсши* и др. (Стојков, 1964 : 299).

Фонемата */х/* се загубила во најголем број примери и пред консонантите, со тоа што како компензација дошло до удолжување на претходниот вокал, сп. *с'а:не, д'у:не, мул'ä:са, в'ä:не, уштид'о:ме, вид'ä:ме, чек'а:ме* (Алексиев, 1931 : 109), додека на крајот сè уште добро се пази: *врäх, сед'äх, ред'äх, мин'ах, м'ештух, дон'есух* (БДА).

Групите */шш/* и */жд/* овде превладуваат, сп. *к'ашша, оѓн'ишше, што, в'äжди, межд'а* (Стојков, 1964 : 299), *н'уштуве, уѓн'ишше, н'иштел'ќи, ч'уждu, ду'ожда* (Раз, БДА).

Од некои северни разлошки села Стојков приведува и примери со замена на **ѣ* со */е/* и во акцентирани слогови, сп.: *б'ело, брек, вр'еме, ѓол'емо, кол'ено, л'ето, мл'еко* (Стојков, 1964 : 299).

Од беличкиот говор Алексиев приведува повеќе примери со замена на */ж/* со */џ/*, сп. *лаџ'ица, ѓусџ'оца, к'олецеф, ш'олецеф, 'уџас* (1931 : 108).

6. Готово сите приведени дијалектни особености на разлошкиот говор во поголема или во помала мера се одразени и во текстовите на Вуковиот *Додатак* (ги имаме предвид пред сè речничкиот материјал и преводот на евангелските текстови).

6.1. Во врска со рефлексацијата на **ъ, *ǫ*, сек. *ъ₂* во разни позиции, како и на вокалното **ļ,* нема отстапување од денешната состојба во говорот.

Големиот ер (**ъ*) во коренските морфеми во одделни лексеми и во членот за м.р. кај придавските зборови е предаден со */а/*, сп. *б'ачва, б'ачви, даш,* а во зборообразувачките морфеми, во членот за м.р. кај именките, и во други пози-

ции во одделни лексеми има /o/: *в'оздух, собр'а, собл'екоха, пес'ок, руч'ок, доб'иток, лист'о, сонь, сос, ког'а, љ'убов.*

Носовката *ǫ редовно ја предава со /a/: *г'алаб, г'аска, даб, заб, к'аша, маж, пањ, бесп'ашно, падарчето, р'ака, р'аце, рачица, ракаве, сва нош, са, неса.* Исто така со /a/ е предадено и сек. $ъ_2$, сп. *магlата, цафтеха, сам, не сам, добар,* покрај *вätер,* а пред назалите /e/ пред /м/ во *осем, седем,* и /u/ во *'огињ, 'оњињь.*

Вокалното *ļ доследно е заменето со /ă/, одн. ъ во неговите записи: *въхва, дъга пушка, дъзи, дъжина, дъжности, дъжници, жътица, съзи, сънце.*

На денешната состојба на разлошкиот говор му одговараат и фонетските разновидности *руч'ок, дибочин'а, јаз'ик, ј'абука, ј'абучица.*

Во неколку случаи покрај формите со /a/ место *ъ и *ǫ Вук дава и дублетни облици, сп. *дъж, галъб, зъб, мъж,* покрај *даж, галаб, заб, маж,* или *огън, огъњ* наспоредно со *'огињ, 'оњињь.* Разновидностите со ъ, видовме, денеска не се обични во разлошкиот говор. Тие можеле да бидат внесени во говорот на двајцата разложани од печатени извори, како што претполага и Стојков (Стојков, 1964 : 297), или информаторот од Банско ги презел од појужните говори.

Караџиќ добро ја забележал и разликата во артикулацијата на вокалите /e/ и /ä/ – широкото *е* – како континуант на *ě во акцентирана позиција.

Во неколку лексеми одразен е и прегласот на *'а* во *е,* сп. *јец'е,* покрај *јајц'е* (денеска вторава разновидност не се употребува), *венч'ене, черд'ак, черд'аци, ћериш'ија,* но *д'ивјач, дај* (: денешното *див'еч, дäј*).

Во областа на консонантизмот Вуковиот материјал од денешната состојба на разлошкото говорно подрачје отстапува по употребата на вокалното *р,* по фонемата *s,* по реализацијата и по дистрибуцијата на гласовите /j/ и /x/, како и по изговорот на некои консонантски групи, на пример на групите /шт/ и /жд/.

Караџиќ освен во лексемата *ръж* (*Додатак*, 141), место старите *ŗ / *ŗъ употребува само *р*, сп. *брдо, брже, грб, грло, грм'еш, дрво, крв, прсти, смрт, срце, црно.* Таков изговор, видовме, денеска може да се сретне само во некои периферни разлошки и бански села. Во материјалот на Молерови (од Банско) во вакви позиции (на почетокот пред консонант и меѓу две согласки) има секвенци *ăр / рă.*

И Стојков во банскиот говор дава две вредности за вокалното *ŗ – /ър/ *б'рже, г'ърло, гърм'еш, д'рво,* и /ръ/ *грът, кръф, пр'ъсти, смрът.*

Сонантите /љ/ и /њ/ се застапени според денешните правила на дистрибуцијата, сп. *љ'уде, сољ, – дењ, коњ, пењ, сонь,* но: *гled'ане, мирис'ане, слуш'ане, шум'ене* и др.

Во инвентарот на фонемите Караџиќ не дава знак за /s/. Тој редовно пишува /з/ и во секвенцата /зв/: *звезд'а, звер.* Меѓутоа, Алексиев во својот опис на разлошкиот говор приведува бројни примери со /s/, сп. *звезд'а, звăр, звун'ец, звун'ици, св'иска, минsу'ар, бр'ънsа, к'анsа, кл'енsа, sр'ъцала* (секогаш во контакт на сонант), *s'аден, s'урла, сит, сигв'ар* (< *севгар*), *нas'ад* (Алексиев, 1931 : 108). Лексемите *звезд'а, звун'ец, s'аден, бр'ънsа* со /s/ се даваат и во БДА (в. карти 47, 65, 273). Во нашиот материјал од Елешница со /s/ се забележани *сит, s'иври, s'аден, s'аднишче, s'ерсел'ија, s'урна, сун'ица, бенs'ин, бр'ăнsа, звăр, звезд'а, св'иска.* Неколку примери со /s/ наоѓаме и во материјалот на Молерови, сп. *надs'ади* (271), *звон'ец* (374), *сид – сид'о* (282), *звезд'ите* (286). Примерите кај Молерови потврдуваат дека кон крајот на минатиот век /s/ во банскиот говор функционирало како посебна фонема.

Во поглед на дистрибуцијата на /*x*/ нема поосетни разлики меѓу она што ни го соопштува Караџиќ и денешната ситуација во дијалектот. Групата *хв* редовно е заменета со /*ф*/ и во Банско, и во Разлог, сп. *ф'аш̄и, фа̄рл'ил, фал'иа, нефш̄а̄х* (Алексиев, 1931 : 109). Караџиќ, меѓутоа, ништо не споменува за мекоста на /*x*/. Молерови мекото [*x*'] во банскиот говор редовно го одбележуваат, сп. *у них', гра̄х', смя̄х', ст̄рах', д'ојдох'* (Молерови, 1954 : 9). Можеби и тој е нов процес што се јавил во времето по објавувањето на *Додаш̄ак*. Меѓутоа, прави впечаток фактот дека Караџиќ пишува *х* и во оние позиции за кои тврди дека тоа се испушта, на пример: *въха, муха, ухо, хваш̄'ане, хиљ'ада, хлеб, х'убаво, хајдуци*, во 3 л. мн. на минатото време: *биха го̄, дојаха* (денеска се изговараат: *в'а̄ва, м'уа, 'уво, фаш̄'ане, ил''ада, ля̄ш̄, 'убаво, ајд'уци, б'ија).* Веројатно Вук се држел за текстот на неговите информатори кои литературно го подотерале!

За /*j*/ Караџиќ вели дека е тоа попотребно отколку во српскиот и редовно го пишува и пред иницијалното *е (један, јесен, је)* и во интервокална позиција *(бијене).* Во овие примери и позиции денеска во разлошкиот говор /*j*/ најчесто отсуствува, сп. *'есен, ед'ен, му'а* (*моја*), *ш̄ву'а, ш̄'аа, ун'аа, зми'а* (Разлог, Алексиев, 1931 : 108), *ел'ен, 'едар, ко'е, ч'уеш* (Ел).

Фонемите /*ќ*/ и /*ѓ*/ Караџиќ ги предава со знаците од српската азбука (*ћ, ђ*) нагласувајќи дека "*ћ* се понајвише изговара као умекшано *к,* а *ђ* као умекшано *г*" (*Додаш̄ак*, 49): *већа, восћа, маћа, денесћа, малћија син, ђемија, ођињ.*

Во врска со употребата на групите /*шш̄*/ и /*жд*/ во речничкиот материјал и во евангелските преводи превладуваат примерите со /*шш̄*/ и /*жд*/, сп. *баш̄ш̄'а, каш̄та, ш̄терка,* покрај *ћерка, ог̄н'иш̄те; в'ежди, нужда,* и само во два примера има /*шч, ж*/: *ов'ошче, меж'а,* покрај *ов'ош̄те, межд'а.* Формите со /*шш̄*/ и /*шч*/ и /*жд*/и /*ж*/ се дадени наспоредно, што укажува дека тие биле актуелни во тоа време и дека процесот бил во тек. Во материјалот што го даваат Молерови ги наоѓаме само /*шч*/ и /*ж*/, сп. *вр'ашчам, г̄'ашчиш̄те, к'ашча, шч'ерка; до'ожа, зав'ижа, н'ужа, ч'ужо* итн., што значи дека кон крајот на минатиот век во банскиот говор /*шш̄*/, /*жд*/ веќе не се употребувале.

Од консонантските промени карактеристични за разлошко-банското подрачје во записите на Караџиќа регистрирани се: палатализацијата на крајното *-ш̄* (< **tь*): *ш̄аћ,* прогресивната палатализација на *к* во *ќ* во секвенцата /*јк* > *јќ* > *ќ*/, сп. *в'осћа, м'аћа,* паралелно со *в'ојска, м'ајка.* Наспоредно Караџиќ ги дава во речникот и формите *црно* // *черно, црв'ено* // *черв'ено.* Крајните групи *-сш̄, -шш̄* се недоследно претставени, сп. *б'олес* // *б'олесш̄, влас* // *власш̄, л'енос* // *л'еносш̄, запо̄весш̄, шесш̄, мошш̄,* но *нош* и др. Обезвучувањето во финална позиција исто така не е доследно изразено, сп. *брег, даб, млад, маж, 'образ* и *г̄раш̄, г̄рм'еш, израс.*

Во вториот дел од поговорот Караџиќ дава краток преглед на граматиката на разлошкиот говор задржувајќи се особено на оние граматички категории и форми кои отстапуваат од српскиот јазик, како што се, на пример: отсуството на падежите, членот, начинот на степенувањето, отсуството на инфинитивот, образувањето на идното време со *ќе (ће)* и др.

6.2. И во областа на граматиката без малу наоѓаме идентичност на особеностите меѓу денешната состојба на разлошкиот говор и она што го дава материјалот во *Додаш̄ак.*

Од дијалектните диференцијални црти во областа на именската флексија во поговорот и во текстовите фиксирани се: членските морфеми *-ја* за м.р. кај придавките (*злија, помладија, малљија син*), *-о* кај именките за м.р. (*добиток, сино му, чов'еко*) и неговата разновидност *-е* кај именките што завршуваат на историски мека согласка (*даде му на крчмаре*), потоа вокативните наставки *-е* и *-ју* за м.р. (*браће, сине; говедарју, писарју, царју*), *-о* и *-е* за ж.р. (*жено, Јанће, Мариће*), множинските наставки: *-ове, -е, -и* за м.р. *(синове, галабе, човеци* покрај *људе*), *-и* за ж.р. (*жени*) и *-е* во *нозете, свиње – свињето;* во еден пример нотирана е и промената на родот кај некои именки од ж.р. на консонант, сп. *јак глад.*

Кај заменките засведочени се формите: *ја* (*м'ене ме, м'ене ми*), *н'ија* (*нас не, нам ни*), *ти* (*т'ебе те, т'ебе ти*), *в'ија* (*вас, вам ви*), *тој* (*н'его го, н'ему му*), *т'аја* (*н'еја ја, неј*), *т'ија* (*них и, ји, ним им*), *с'ебе си, се, кој* (*ког'о, ком'у*), демонстративните: *тоја чов'ек, тоја ми син, т'аја пак, т'аја страна, тов'а м'есто; 'оне, он'аја, он'ова, он'ија;* присвојните: *мој, моја, моје, твој, твоја, твоје, негово, наш, наша, нашето дете,* потоа *н'екој, с'ичко* и др. Караџиќ како лична заменка за 3 л. ја дава демонстративната *'оне* (*он'аја, он'ова, он'ија*) (с. 51). Секако се работи за превид од негова страна. Во текстот јасно се гледа дека во таква функција се употребува заменката *тој* како што е и денеска, сп. *па тој му рече, тој поче да трпи глад*, и *тој го прати на селата му, тој се разгневи.*

Сите приведениве форми и денеска се актуелни во разлошкото говорно подрачје.

Најкомплетно во поговорот на Караџиќа е претставена глаголската флексија. Тој ги дава комплетно парадигмите на сегашното, минатото определено, минатото неопределено и идното време, заповедниот начин, глаголскиот прилог, глаголската придавка и глаголската именка. Глаголската *л*-форма, секако, сметал дека е доволно да се покаже само еднаш – во составот на минатото неопределено време. Интересно е дека Караџиќ правилно ја забележал посебната функција на глаголската именка, па ја вклучил во глаголската флексија.

За да го избегнеме повторувањето на глаголските форми во целина, ќе укажеме само на некои забелешки што ги прави Караџиќ и ќе ги истакнеме несогласувањата меѓу одделни форми фиксирани од Вука и нивните денешни еквиваленти.

Караџиќ нагласено констатира дека дијалектот не познава инфинитив и дека тој се изразува со формата на сегашното време. Караџиќ ја зема вината врз себе дека во речничкиот дел на материјалот се дадени инфинитивни форми (сп. *ј'асти, п'ити, п'ејати* и др., *Додаток*, 28-29). Тој исто така констатира дека место српскиот глагол *оћу* се употребува само обликот *ће* (*ће*). Глаголите ги дели според завршокот на 1 л. едн. на сегашното време, па по тој критериум не се добива објективна претстава на глаголските основи. Но таа празнина ја надополнува презентската парадигма.

Отстапувањата од денешната состојба на глаголските форми во Разлошко се однесуваат на неколку наставки во сегашното и минатото определено време.

Кај глаголите од *и*-групата во 1 л. едн. на сегашното време во прегледот на Караџиќа е даден завршокот *-е* : *л'ове, ч'ине* (*Додаток*, 52), сп. уште од текстот: *заплате, работе,* додека другите глаголи завршуваат на *-ам* (глаголите од *а*-група: *'играм, р'укам*), одн. *-а* кај глаголите од *е*-група (*'ида, да му р'ека, кога се в'рна*). Оваа состојба задржана е и денеска во разлошкиот подговор, сп. *в'и-*

кам, б'ера, м'оле. Идентична состојба во овој поглед бележат и Молерови во банскиот говор на крајот на минатиот век, но со тенденција и кај овој тип глаголи (од *и*-група) да се генерализира *-а,* сп. *г̄'оре, м'оле, с'äде* и *м'ола, 'ода, 'уча.* Денеска, меѓутоа, форми на *-е* во 1 л. едн. веќе не се среќаваат, сп. *д'ржа, м'ола, н'оса* (Ел).

Во 3 л. мн. отсуствува наставката *-т̄* : *'играја* / *'играа, п̄'еја* / *п̄'еја, ор'а, плет̄'а, л'овеја* / *л'овеа.* Во материјалите со коишто располагаме денеска во односниов говор форми со *-ја* не се фиксирани. Извршена е диференцијација во зависност од местото на акцентот. Кога акцентот не паѓа на основната морфема, тогаш во 3 л. мн. завршокот *-а* се удвојува, сп. *д'ојдаа, 'идаа, м'олаа, пл'ачаа, 'учаа, бр'ојаа* – како во *г̄л'едаа, 'имаа* (Ел), *зн'ајаа, бер'а, жив'ä* (Разлог и Банско, БДА, карта 204). Кога пак акцентот паѓа врз основниот вокал, ова удвојување не се врши, сп. *јад'а* (: *јад'еш*), *рек'а* (: *реч'еш*), или *г̄ор'ä, држ'ä, сед'ä, чуч'ä* – кај глаголите од *и*-група (Ел, Раз). Оваа појава во банскиот говор, судејќи по материјалите на Молерови, е стабилизирана веќе во крајот на минатиот век, сп. кај Молерови: *'идаа, бр'ојаа, 'учаа* : *бер'а, г̄ор'ä, г̄ърм'ä.*

Некои разлики можеме да одбележиме и во наставките за минатото определено време. Караџиќ во парадигмата и за аорист и за имперфект редовно бележи *х* во наставките: *'играх, 'играхме, 'играхт̄е, 'играха; игр'ах, игр'ахме, игр'ахт̄е, игр'аха.* Денеска *х* се пази редовно во 1 л. едн. и во 2 л. мн.: *'играх – 'играхт̄е,* одн. *игр'ах – игр'ахт̄е,* во банскиот со меката варијанта на *х* : *'играх' – 'играх'т̄е,* а Стојков дава и форми како: *'играш' – 'играш'т̄е* (Стојков, 1964 : 307). Во 1 и 3 л. мн. поради загубата на *х* се јавиле нови процеси. Во некои локални говори во 1 л. мн. *х'* > */j/* и се оформила нова наставка *-јме* : *б'ејме, 'играјме, п̄'äјме* (во банскиот, сп. Стојков, 1964 : 307) или пак *х* наполно се загубило, а како компензација дошло до удолжување на претходниот вокал, а после и до негово удвојување: *'играхме* > *'игра:ме* > *'игрææме, н'осехме* > *н'осе:ме* > *н'осееме.*

Во 3 л. мн. *х* се загубило (во интервокална позиција): *р'екоха* > *р'екоа, им'аха* > *им'аа* (аорист), *г̄л'едаха* > *г̄л'едаа, д'ржаха* > *д'ржаа, 'идеха* > *'идеа.* За да се избегне омонимијата со 3 л. мн. на сегашното време (сп. сегашно вр. *'имаа* : импер. *'имаа*), во некои северни разлошки села во 3 л. мн. на имперфектот се додава елементот *-ше* : *г̄л'едааше, 'имааше,* а потоа новиот облик можел да се шири и на другите глаголи, сп. *'искааше, зн'ајааше, 'идааше, п̄'äјааше* (Белица, Алексиев, 1931 : 113). Од говорот на с. Елешница познати ни се формите *'играхја, г̄л'едахја, в'икахја.* Очигледно поради нестабилноста на *ј* во интервокална позиција, се јавила потреба за негово закрепнување преку *х* од 2 л. мн. *(в'икаха* > *в'икаа* > *в'икаја* > *в'икахја).*

Иновациите во споменатите наставки што се јавиле по Караџиќа можеме да ги следиме во банскиот говор од последните децении на минатиот век. Во материјалите на Молерови фиксирани се не еднаш форми со *х', ј* и *ø,* сп. *г̄л'едах', г̄л'едајме, г̄л'едах'т̄е, г̄л'едаја* (имперфект), *г̄лед'ах', г̄лед'ајме, г̄лед'ах'т̄е, г̄лед'аа* (аорист).

Во формите на глаголот 'сум' нема разлики, сп. *сам, си, је, сме, ст̄е, са.*

Кон особеностите на разлошко-банското говорно подрачје приклучуваме уште две-три синтаксички црти што се одразени во преводот на краткиот евангелски текст. Тука спаѓаат на прво место предлозите *ках* и *код*, сп.: *И т̄ака п̄ојд'е ках башт̄а си. – А н'екој Самарјанин јахаше п̄о т̄оја п̄аќ, и дојаха код нег̣о, и*

кашу вид'е разжали се. И двава предлога се доста фреквентни во банските текстови на Молерови, но таму првиот се јавува во фонетската разновидност *къх.*

Предлогот *в* се јавува неудвоен: *Н'екој чов'ек слазаше от Јерусалим в Јерихон и падна в хајдуци...* Денеска тој се употребува во фонетската разновидност *ф* (БДА, карта 311).

За банскиот говор е карактеристичен и следниот ред на заменските клитики: *Заклал му си уѓојеното теле* (*Додаток*, 36).

7. Најголем број од дијалектните диференцијални црти одразени во Вуковите записи, како што гледаме, се идентични со нивните денешни еквиваленти во банскиот говор. Некои од тие особености се наполно оформени, а други се наоѓаат во нивната почетна фаза. Кон вторава група би можеле да ги приклучиме, на пример, асимилацијата на групата */шт/* во */шч/*, сп. *ов'оште – ов'ошче,* редукцијата на */жд/* во */ж/*: *межд'а – меж'а,* упростувањето на крајните групи *-ст* и *-шт* : *б'олест – б'олес, вл'аст – влас, ношт – нош,* палатализацијата на */к/* и */ѓ/* во */ќ/* и */ѓ́/* пред предните вокали, сп. *малћија син – дупките, похл'епки,* или *'оѓињ – 'оѓ́ињ.* Двојни форми наоѓаме и кај примерите со **-tь* : *л'акот, н'окот – паћ,* денеска *л'акоќ – л'акоч'* и *н'окоќ – н'окоч'*; сп. исто така *в'ојска* и *восћа, в'ећа, м'ајка* и *маћа;* во морфологијата: генерализирањето на завршокот *-а* кај глаголите од *и*-група во 1 л. едн.: *м'ола – м'оле,* и удвојувањето на завршокот *-а* во 3 л. мн. на сегашното време кај глаголите од *е-* и *и*-група, сп. *'идаа, 'учаа.* Готово сите започнати нови процеси во материјалите на Молерови се доволно изразени, сп.: *нош – н'ушчуви, шч'еркa, в'ăжа, ч'ужи; ѓоспоќ, зеќ, паќ; в'оќа, ж'ел'ќа, с'ăнќа* и др. Кај Молерови наоѓаме и примери со */s/*: *sвăр, sвон'ец.* Јасно е фиксирано и палатализираното [*х'*]: *них', р'екох'*. Место *в* во предлогот и пред сонантите готово редовно се јавува *ф,* како што е денеска на сето разлошко-банско подрачје: *ф, фо, фл'ăзе, фн'етре.*

Замената на *х'* во [*ш'*] и на */ќ, ѓ́/* во [*ч'*, *џ'*], кои ги констатирал Стојков во говорот на помладото поколение во Банско, сп. *ѓрăх' > ѓрăш', зеќ > зеч', ѓ́ак > џ'ак* (Стојков, 1962б : 243), без сомнение, се сосема нови појави, генерациски сè уште ограничени.

8. Вук Караџиќ, иако на релативно скромен материјал, успеал да го претстави банскиот говор со неговите најсуштествени особености од почетокот на минатиот век. Овој е прв научен опис на еден македонски дијалект. Со оглед на тоа дека односниов труд на Караџиќа се јавува токму на почетокот од развојот на европската славистичка наука, тој ќе побуди голем интерес во славистичките кругови за нови проучувања на македонскиот јазичен ареал. Во овој поглед заслугите на Караџиќ за нашата наука се непроценливи и со право можеме да го именуваме како прв македонски дијалектолог без оглед на фактот што тој погрешно го насловил вториот дел од ова негово знаменито дело.

1988

ИЛУСТРАТИВЕН ТЕКСТ

Долно Драглишта

Сватосване

Ф с'ело Д'олни Др'аглишта, Разл'ошко, ерг'енето се ж'енаа ут 17-22 год'ина. Д'ое ле на т'аа в'озрас мумч'ето, м'аќа му и башт'а му з'емаа да му подд'умкуваа, ќе е вр'еме в'еќи да гу уж'енаа. Ут т'иа подд'умкуваниа м'аќата и башт'ата разбер'а на как'ов акăл е син'о им. Аку в'идаа, ќе син'о им е ск'онен на тов'а, соб'ираа се ед'ен ден и си под'умаа за тов'а : м'аќата и башт'ата предл'агаа на син'о им за т'аа, за он'аа мум'а и т'ој, ако му е пу в'ол'ата, удгув'аре им : "Е убаво". Кату са сугл'асаа в'еќи да 'искаа н'екоа мом'а, пр'аштаа едн'а жен'а у м'омине да в'иди на как'ов акăл сă па т'иа. Пр'аштането на такв'аа жен'а ут стран'а на м'омкове се каж'ува пр'аштане згод'атици – "прат'ихме згод'атици". Кату 'иде жен'ата у избраната мум'а, кажува на м'ominиа башт'а и м'аќа : "Ја сăм душл'а з год'атици (от еди кăде си) да 'искам шт'ерка ви ... (името и) за... (името на момчето). В'ие какв'о м'ислите : ќе ни ă дад'ете ле, ели неќ'ете? – Пуп'итајте се, па ми каж'ете : да д'оеме ле с ниш'ањ, ел'и нем'ој". М'ominиа башт'а и м'аќа, кату си пуд'умаа сам'и, пувик'уваа н'астрана шт'ерка им, та ă п'итаа, 'иска ле д'ие (за еди кое си момче) иле неќе. Тја удгув'аре : "'искам" ели "н'еќу, па в'ие гл'еајте". Ако м'аќата, башт'ата и шт'ерката се согл'асаа за т'аа м'ешка (от дето е допратено), удгов'араа на жената : "Дојд'ете, добре дошли! Ние не сме и вр'едни за тов'а м'есто, ама ел'е не сă милув'али, та 'искаа, добр'е дошл'и". Аку ле м'аќата, башт'ата, па и мом'ата неќ'а тав'а место, удгув'араа на жен'ата : "Мум'ата ни е оште м'алка, не е за жен'ене, че'из не 'и сме приготв'или" и други такв'иа, ут които жен'ата разбер'е, ќе не си д'аваа мум'ата на тав'а м'есто и си ут'ива.

РАЗЛОШКИОТ ГОВОР



2. ПЕТРИЧКИОТ ГОВОР

0.1. Под *пе̄трички г̄овор* го подразбираме говорот на денешното население на градот Петрич и на селата во Петричка околија. На север и североисток спрема санданскиот говор како говорна граница ја земаме административната граница меѓу Петричката и Санданската околија која оди по правецот на селата Кранџилица – Лебница (на десната страна на Струма) – Капатово – Хрсово – Д. Спанчево – Кулата (источно од Струма). Од Кулата говорната граница продолжува на југ по левата страна на реката Струма сѐ до Сенгеловската планина недалеку од завојот на Струма од каде што свртува на запад во правецот на Бутковското Езеро. Тоа значи дека говорот на селата на јужните падини и во подножјето на Беласица на југ до линијата Ветрен – Бутково – Старошево – Пороj по своите основни дијалектни диференцијални црти се совпаѓа со петричкиот (сп. Иванов, 1977 : 38). И западната граница на петричкиот говор ја преминува денешната државна граница меѓу Македонија и Бугарија. Подогражденските струмички села на запад приближно до линијата Стинек (под Огражден) – Габрово (во подножјето на Беласица) во дијалектен поглед повеќе инклинираат кон петричкото говорно подрачје.

0.2. Петричкиот говор заедно со санданскиот (световрачкиот) спаѓа меѓу најмалку проучуваните говори во рамките на источното македонско наречје. Стојко Стојков во неговиот прв курс по бугарска дијалектологија (Стойков, 1955 : 61-63) во партијата што носи наслов "Македонски говори в пределите на България" петричкиот како посебен говор не го споменува. Како посебен говор во кој го вклучува и санданскиот Стојков го изделува допрва во проширеното издание на неговата "Българска диалектология" (Софија, 1962). Во ова издание тој го вклучува во т.н. југозападна група бугарски дијалекти заедно со благоевградскиот. Меѓутоа, и овде петричкиот говор е претставен многу скромно. Авторот истакнува само шест негови диференцијални особености: рефлексацијата на *ъ̥ > /о/, на *ǫ > /а/, на *ɣ > /ăр/ и на *l̥ > /ă/, присуството на меки консонанти во финална позиција (*л', н', к', г̄'*), членската морфема *-о* во м. род без оглед на карактерот на претходната согласка (*брег̄'о, маж'о, к'он'о, з'ек'о*) и частичката *ќе* за идно време. Овие особености се нотирани и во второто издание на цитираниот учебник на Стојков (Стойков, 1968 : 114).

За жал, и ние не сме во можност да понудиме многу побогат материјал од потесното подрачје на овој говор, бидејќи немавме можност да вршиме теренски испитувања на самото место. За нашиов опис ќе го користиме пред сѐ материјалот што го нуди Бугарскиот дијалектен атлас (БДА III) за подрачјето што се наоѓа во состав на Бугарија и студијата на Јордан Н. Иванов „Български преселнически говори от Драмско и Сярско" (Иванов, 1977) заедно со неговиот „Български диалектен атлас. Български говори от Егейска Македония. I. Драмско, Сярско, Валовишко и Зиляховско" (Иванов, 1972), во кој се вклучени и селата по долината на Струма на јужната страна на Беласица. Освен тоа ги корис-

тевме и белешките за градскиот петрички говор од Маријка Стојанова во ракописниот труд „Етнографско иследване на гр. Петрич" (1944) и на Илија Георгиев за селото Мендово во студентската работа „Етнографско иследване на с. Мендово, Петричко". И двата труда имав можност да ги користам во библиотеката на проф. Стојан Романски во времето на мојот престој во Софија во 1964 година. Со поопстоен дијалектен материјал располагаме само од селата Стинек, Смоларе, Габрово, кои се наоѓаат на територијата на Македонија. Во овие села се вршени теренски испитувања од соработниците на Институтот за македонски јазик под раководство на проф. Коста Пеев, а за потребите на македонскиот дијалектен атлас.

1. ФОНОЛОГИЈА

1.1. *Вокализам*

1.1.1. *Денешниот систем.* – Вокалниот систем на петричкиот говор го сочинуваат фонемите:

	и	*е*	*ă*	*а*	*у*	*о*
предни	+	+	–	–	–	–
заокружени			–	–	+	+
високи	+	–	+	–	+	–

Во своите основни алофони тие се реализираат во акцентираните слогови, сп. */и/ б'исер, 'истер*, */у/ 'уста, с'уди*, */е/ в'етер, бер'ем*, */ă/ с'ăза, јă'ăр, răш*, */о/ б'очва, ден'о, 'око*, */а/ к'амен', б'аба, ј'аг̄не*.

Во неакцентирана позиција сите вокали подлежат на квантитативна редукција, што значи дека тие се изговараат за нијанса пократко отколку соодветните акцентирани алофони, и таа е заедничка особина на сите источни македонски дијалекти.

Вокалите */е/*, */а/* и особено */о/*, освен тоа, во неакцентирана позиција подлежат и на блага квалитативна редукција. Оваа појава почувствителна е во јужниот дел на областа, особено во селата на граничниот појас со серскиот, кукушкиот и дојранскиот говор. Посебно оваа појава доаѓа до израз зад веларните консонанти во која позиција има и најмногу случаи со полна редукција, сп. *о̧фч'ар, о̧тим'ал, о̧тишл'а, ӣ'ог̄о̧лема, мал'ечо̧к, то̧в'а, то̧г̄'ај, н'еко̧ј* Петрич[1], *г̄о̧-*

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки (кај оние села што се опфатени во БДА III се дава и бројот со кој се нумерирани во атласот, кај селата опфатени во атласот на Јордан Иванов пред бројот се дава и кратенката Ив.): Бел (Беласица) 4515, Бут (Бутково) Ив 3, Вет (Ветрино) Ив 11, Вран (Вранково) Ив 51, Габ (Габрене) 4429, Габр (Габрово), Ге (Гега) 4493, ГМ (Голема Махала) Ив 412, Д (Драгуш) 4453, Дер (Дервент) Ив 7, До (Долене) 4495, Др (Дреново) 4455, Драг (Драготин) Ив 48, Ив (Иваново) 4451, Ја (Јаково) 4454, Кеш (Кешишлак) Ив 10, Кр (Кранџилица) 4449, Крн (Крналово) 4491, Лип (Липуш) Ив 6, Мар (Мариново) 4531, Менд (Мендово), ПБ (Право Брдо) 4502, Петрич, Рајк (Рајковци) Ив 49, Руп (Рупел) Ив 47, Сенг (Сенгелово)

л'ем, рак'аф, 'итар, 'одар Ст, *б'ивол, к'очове, н'егоф, н'екој, н'икој, с'екој, кор'иа, кош'ул'а, кор'ито, коз'ешто, коб'ила, кот'ел, гов'еда, ј'агода, офч'ар, дов'ица, – длаб'ок, гал'ак, лаж'ица, рак'иа, рак'ул'ка, маг'аре, 'обрач* См, *т'еток, мом'а, ов'ес, рач'ица, 'едар* Крн (БДА), *арам'иа, ацам'иа, к'укавица, маг'ар'ица* Ст.

Во одделни лексеми понегде неакцентираните */o/* и */e/* преминале во соодветните високи корелати */у/* и */и/*, сп. *куг'а, б'олин, в'аглин, к'амин, тл'амин, s'адин, ж'енин* (< *ж'енен*), *с'еин* (< *с'еен*), *п'епил, дин'о* (< *ден'о*) *р'амината* (< *р'амената*), *чир'еша, из'ик, шт'арва, ичим'ен, д'евит, 'ими – 'имитата, вр'еми, млик'ар, винч'ило, тисн'ица* (< *песн'ица*), *т'ели – т'елита* Крн (БДА), *кум'исиа, кул'иба, сф'екур, гул'ем, луп'ата, чур'аре, чув'ек – чов'еци, дув'ец* (: *д'офци*), *диб'ел* См, *диб'ел, чур'аре* Ст, *из'ик, ичм'ен, вуден'ица, вулув'ар, дул'ама, кук'ошка, куб'ила, кул'ено, кул'ера, кум'анда, кум'ита, куп'аче, кур'ито, луп'ата, дуб'иток, мут'ика, ќуш'е, н'екуј, с'екуј, мал'ечук, л'акут, н'окут, уф н'ас* (< *вуф* < *воф*) Шт.

Редукцијата, како што гледаме, ограничена е на еден број лексеми и таа може лесно да се објасни кога се има предвид дека е ова говорно подрачје гранично со јужните македонски дијалекти каде што е редукцијата регуларна појава. Освен тоа, на појасот Струмица – Петрич во повеќе села живее население доселено од Кукушко, Солунско и Серско.

Како импорт од јужните говори се објаснува и замената на */e/* во */ă/* или */a/*, т.е. [*ạ*] во лексемите *т'ечăл* Габр, *д'ечăл, п'ечăл, т'ечăл,* покрај *тет'ел* См, како и фонетските разновидности *р'екăл* Габр, *т'екăл* Ст, *п'екăл* См, *дон'есăл* Бел, Габ, *фл'егăл* Габ, Ге, покрај *фл'егол* Кр, Ив, Др, Сес, *п'екол, р'екол* Шт, *р'екăл, с'екăл, ут'екăл* покрај *р'екол, ут'екол* Ја, Др, *п'асăл, изл'егăл, фл'егăл* покрај *изл'егол, фл'егол* Чур (БДА, к. 9).

Во крајните југоисточни села на правецот Хаџово – Вранково – Сенгелово – Трнка бројот на примерите со редуцирано */e/* во [*ạ*] е значително поголем, сп. *в'ечар, рањ'ету, к'исạл, к'исạлица, ạд'ин* (Иванов, 1977 : 108).

Како резултат на меѓудијалектен контакт се објаснуваат и фонетските разновидности *сăм* Габр, См, и *сạм* Менд, покрај *сам* Ст, Габ и во јужните струмски села (Иванов, 1977 : 118).

Што се однесува до фреквенцијата и дистрибуцијата на вокалите од ограничениот материјал можеме да насетиме дека вокалите */и, е, а, о, у/* можат да се јават во сите позиции на зборoформите, дека тие во принцип не покажуваат ограничување во зависност од карактерот на консонантското окружување и дека можат да образуваат вокални секвенци секој со сите од нив.

Како лексикализирани вокални промени во нашиот материјал ги забележавме: замената на акцентираното */o/* во */у/* во *дв'ујца, тр'ујца, б'умба, п'умпа, д'ури* Шт и на */a/* во */e/* зад меки согласки во *п'оес, п'оесче* См, Ст, *пол''ени,* Кр, Ив, Д, Ја, покрај *пол''ана* Габ, Бел, *ј'езди* (< *ј'азди*) Габ, Бел (в. **1.1.2.8**).

453, Сес (Сестрино), См (Смоларе), Стар (Старошево) Ив 2, Стр (Струмешница), Струм (Струмско – се подразбира областа по долината на Струма до Бутковското Езеро, сп. подбеласичко, бутковско), ТД (Тонско Дабе) 4489, Тод (Тодорци) Ив 5, Тр (Трнка) Ив 50, ХБ (Хаџи Бејлик) Ив 9, Хаџ (Хаџово) Ив 52, Хрс (Хрсово) 4523, Чур (Чуричене) 4498, ЦМ (Цума Махала) Ив 4, Шт (Штука).

1.1.2. *Од историскиот вокализам.* – Од историскиот вокализам за дијалектната диференцијација важна улога имаат рефлексите на јаките *ъ и *ь, на сек. $ъ_2$, на носовката *ǫ и на *ѓ, *ӆ.

1.1.2.1. Во петричкиот говор по правило *ъ > /o/ , *ь > /e/, како и во соседните говори по долината на Струма (благоевградскиот, санданскиот, мелничкиот) и Струмица, сп. *б'очва, в'онка, в'ошка, дош, з'олва, пес'ок, р'еток, сл'ашок,* Менд, *в'онка, дош, п'етǫк, как'оф, собер'е, брег'о, в'оло* Крн, *д'очва, изв'он, ш'окмо, сос, с'охна, бел'ушок, доб'ишок, соблеч'е, соб'уе* Струм, – *бен, лен, ш'емно, ш'енко, ед'ен, г'л'аден, ов'ен, ор'ел, ов'ес, оц'ет* Стар, *везд'ен, сл'епец, сш'арец, ор'ел, ов'ес, оц'еќ* (< *оц'ет*), *дош'ел* Менд и др.

1.1.2.2. Носовката *ǫ > /a/ готово во сите случаи и во сите позиции, сп. *в'аглен, важ'е, в'азол', в'ашок, вад'ица, г'аска, г'асеница, зај, кај'ина, к'ашта, крак – кр'агове, маш, м'ака, паќ* (< *пат*), *прат, р'ака, сат – с'адове* Менд, *в'аглин, зај, рач'ица,* Крн, *дај, к'ашта,* но и *важ'е* Петрич, *дај, длаб'ок, длабочин'а, важ'е, в'атор, г'аба, г'асеница, г'аска, д'ага, заб'о, к'ашта, кад'ел'а, кај'ина, кад'е, клаб'о, маш, 'обрач, пр'ачка, сак, с'ачка, тр'або* См, *л'ака, м'ака, паќ, р'ака, с'абота, скај, бер'ат, плет'ат* Струм. Поинаков резултат се јавува само во лексемите *с'ашто* См, *фн'етре* См, Крн (покрај *в'атре*), *сут – с'удове, пон'уда* Менд, *п'упка, гал'ај* См.

Југоисточната изоглоса на рефлексацијата на *ǫ > /a/ оди по правецот на селата Старошево – Г. Махала – Ветрен – Сенгелово (Иванов, 1972 : к. 7).

Во оваа група примери ги земаме и случаите со секундарниот $ъ_2$ во коренските морфеми од типот *лаж'ица* Крн, Менд, *д'аска* Стар, *л'ажо* Менд, *л'ажат* Крн, *б'адник, маг̀л'а, самн'ува* Менд, *самн'ул'ка* См.

1.1.2.3. Поинаку одел развојот на секундарниот $ъ_2$ пред крајните сонанти.

Пред *-м* во поголем дел од говорот има континуант /e/ во лексемите: *с'едем, седемдес'е, седемст'отини, 'осем, осемдес'е, осемст'отини* Ст, *с'едем, 'осем,* но *сед'умдесе, ос'умдесе* См; во одделни пунктови се среќава и замена со /a/: *с'едам, 'осам* Габр. Помошниот глагол во 1 л. едн. се јавува во фонетските облици *сам* Крн, Менд, Ст, Стар, Габр и *сам* См.

Лексемата *'огин* (*'о́гин*) во фонетската разновидност со /u/ е забележана во сите пунктови.

Пред *-р* најчесто се среќава /a/ со алофонот [ạ], понегде и /ă/, сп. *'едар, 'ишар* Крн *'едạр* Пч, Петрич, *'едạр, 'ишар, м'окạр, 'осạр* См, *'едар, 'едарјо* Габр, *'ишар* Струм, *'едăр, 'ишăр, 'осăр* Др, Сес, *ј'едăр* До, *'едăр, 'осăр* Чур, но *в'етер* на сета територија (сп. БДА III, к. 8), и во неколку пунктови уште *б'исер, 'едер, 'ишер, 'осер* Д, Ја, Др, Сес, *'ишер* Чур.

Повеќе вредности за сек. $ъ_2$ се среќаваат и пред сонантот *-л* : *р'екăл, с'екăл, уш'екăл* покрај *р'екол, уш'екол* во Ја, Др, Сес, *изл'егăл, фл'егăл* и *изл'егол, фл'егол* Чур, *фл''агăл* покрај *фл'ал* Бел, Хрс, Мар, *фл'егол* Ив, *фл'егол* и *фл'егăл* Д (БДА III, к. 9, 209), *р'екал* Крн, *р'екạл* и *р'екол, вл'егол* Петрич, *м'огал, дон'есал* Бут, Стар (Иванов, 1972 : к. 127-129).

1.1.2.4. Носовката *ę се рефлектирала во /e/ во сите позиции, сп. *гред'а, гл'еда, ж'ета, зек, кл'ета, ч'есто,* во повеќето примери и во секвенцата *ję : *'едар* Крн, См, *ет̄рва* Менд, Петрич, *ит̄'ърва* (< *ет̄ърва*) Крн, *'едро, ет̄'рва, 'ечи* Шт. На петричкиот терен се разграничуваат и формите со /e/ и со /a/ во: *ез'ик* Петрич, *ез'ик – ез'ици* Ст, См, *јез'ик* Габ, одн. *из'ик* Ив, Д, Ја, Др, Мар, *из'ик* До, ПЕ, Чур, и *јаз'ик* Кр; *з'аек, п̄'аек, п̄аеж'ина* См, *з'аек – з'аеци* и *з'ајци, п̄'аек, п̄'аече* но *п̄'ајаци* Габр, *з'аечко* Ст, *з'аек – з'ајци, п̄'аек – п̄'аеци, п̄аеж'ина* Ст и *з'ајак, п̄'ајак, п̄ајаж'ина* Шт. Во неколку фонетски варијанти се јавува и лексемата 'јачмен': *ечм'ен* См, *ичм'ен* Шт, *ичим'ен* Ст, Кр, ПЕ, Ив, Д, Ја, Сес, *ичим'ен, ичим'ик* Лип, *ичум'ен* Габ, Бел, Мар, *ичум'ен'* Хрс, *чум'ен'* Драг, Сенг (БДА, к. 259). Лексемата *анг̄'ула* См во овој фонетски лик е пренесена од јужните дијалекти, а *јаг̄'ула* Ст – од централните.

1.1.2.5. Вокалното *ļ во најголем број примери е рефлектирано во /ă/, како и на другото малешевско-пиринско говорно подрачје, сп. *б'ăска, văк – в'ăци, văч'ица, в'ăнен, г̄'ăта, жăт̄, ж'ăчка, жăт̄'ица, жăт̄'ок, к'ăне, кăк, к'ăца, м'ăска, п̄ăх – п̄'ăове, с'ăза, с'ăнце, 'ăцка* – на сета територија, *văк'арник* Ст, *в'ăна* Габ, Сес, *м'ăчи, м'ăза* Чур, *б'ăа* См, *п̄'ăно, м'ăче* Ст, *м'ăкамо к'уче* См, *п̄ăн'еш* Ст. Во неколку пунктови во одделни лексеми се среќава и континуантот /у/: *бу'а, муч'и, п̄ун* Менд, *в'уна* Петрич, Крн, *п̄'уно* Петрич, Хрс, *нап̄'унат̄* Ја, *м'узи* Чур, *муза* Ја, *м'учи* Ја, и готово насекаде *Б'уг̄арин – Буг̄'арин, б'уг̄арцко* Габ, *ј'абука* Крн, *ј'абуки* Ст, Менд, *ј'абука* и *ј'абулка* Габр, Шт; покрај *д'ăг̄о* Струм забележани се и фонетските ликови *длăк – дл'ăг̄о* Менд, См, *дл'ăг̄и* Ст, *дл'ăг̄ичко* См (в. БДА III, к. 48, 50, 51, 89, 131). Во јужните струмски села Иванов констатирал и вокално *ļ* во лексемите: *вļк* Рајк, *п̄ļх* Стр, *дļг̄'ачко* Бут, *д'ļг̄о* Драг, Сенг покрај *дл'ăг̄а* Бут, *длăк* Стар, и *г̄лек – г̄л'ег̄а* Драг, Сенг (Иванов, 1972 : к. 6, 48).

1.1.2.6. Во врска со рефлексацијата на *ŗ петричкиот говор дава доста разнообразен материјал. Според записите на Стојанова во градскиот петрички говор место *ŗ има секвенци /ăр/ и /рă/, сп. *в'ăрша, văрш'ачка, цăрв'ен,* и *бр'ăза, вр'ăва, крăчм'ар, срăп̄, т̄рăг̄н'ува, цр'ăква, црăл'ăф*. Такви вредности наоѓаме и во материјалот од с. Крналово: *дăрво, зăрно, ит̄'ърва, цăрен, цăрн'ица, – răш, р'ăжда, бр'ăдо, бр'ăже, врăш'ило, вр'ăзено, г̄рăп̄, г̄рăците, крăф, п̄răс, срăп̄, црă в'ени, шт̄р'ăкал;* сп. уште: *врăх, г̄рăп̄, крăс, п̄răс, срăп̄* Габ, *д'ăрво, з'ăрно, п̄'ăрво, свек'ăрва, св'ăршим* и *г̄рăцки, г̄р'ăбове, кр'ăпи* Бел, *бр'ăдо, др'ăво, пр'ăвото, пр'ăтено, – б'ăрчин'ата, свек'ăрва* Кр, Др, Ив, *врăх, г̄рăс, крăф, срăп̄* Мар, *крăф, п̄răч, шт̄ăрк, – т̄ăрн* Ив, *врăх, врăс, г̄рăп̄, п̄răф, т̄răн* Кр, Г (БДА III, к. 82, 83). Меѓутоа, во записите на Георгиев од с. Мендово редовно се дава *р̥* : *г̄р̥ло, г̄р̥н'е, об'р̥штам, цр̥но, бр̥кн'ал, вр̥в'ел, в'р̥нат̄, замр̥зн'ал, кр̥ст̄оп'ак, отвр̥н'ал, п̄р̥сн'али, фр̥л'или,* но *р'ăжда.* Во материјалот во БДА неколку примери со *р̥* се нотирани во с. Хрсово (пункт 4523): *вр̥ви, вр̥не, г̄р̥ци, др̥во, кр̥пи,* но и: *брăже, кр'ăпи, п̄răво* (к. 83). Слична е положбата и во подбеласичките села. Во споменатите трудови на Јордан Иванов забележани се повеќе примери со *р̥,* сп. *др̥ж'але, др̥ж'ат̄* Стар, *вр̥бал'ак* Бут, *ср̥п̄, т̄р̥н* Тод, *г̄р̥п̄, т̄р̥н* Вет, *з'р̥но, ц'р̥ква, ср̥п̄,* но и *'ет̄ăрва* Драг, *г̄р̥б'о, др̥ж'але, кр̥ст̄, цр̥век, цр̥фци* Сенг (Иванов, 1972 : к. 48), *вр̥ба, вр̥бал'ак, др̥ж'але, др̥ж'ат̄, г̄р̥б'о, ср̥п̄, цр̥ви, цр̥вик,* покрај *вр'ăба, г̄р'ăло, 'ет̄ăрва, кр'ăма, т̄răно, црăв'ено* (Иванов, 1977 : 129, 131). Во селата на струмич-

киот дел на правецот Стинек – Габрово *ꙗ* може да се смета за основна вредност, освен во иницијална позиција каде се јавуваат и секвенците */ăр/* и */рă/*, сп. *вꙗри'их, д'ꙗрво, ц'ꙗрнка* См, *б'ꙗрка, в'ꙗрба, г̄'ꙗрло, в'ꙗрце, цꙗрн, цꙗрф* Ст, *г̄'ꙗрло, г̄ꙗр̄, з'ꙗрно,* но *рăш* Шт. Од досегашните наши проучувања на македонскиот јазичен ареал имаме сознание дека таму каде што се рефлектирало **ǫ* во */а/* по правило се задржало и *ꙗ,* со исклучок во корчанскиот говор. Како основна вредност место **ѓ* секако треба да се смета *ꙗ* и во петричкиот говор!

1.1.2.7. Место **ĕ,* освен во секвенцата **сĕ,* на сето подрачје на петричкиот говор како основен рефлекс се јавува */е/*, сп. *б'ег̄а, бел – б'ела – б'ело – б'ели, г̄ол'еми, г̄рех, д'едо, д'еца, жел'езо, кол'ено, мл'еко, м'ес̄то, нев'ес̄та, ср'еја, ср'еда, сл'ег̄оа* Кр, Ив, Ја, Сес, Чур, *в'ера, р'ека* Пч, *б'ели, г̄р'ешка, н'ема, нед'ел'а, сед'ел* Крн, *жр'ебе, ср'еда* Менд, *бел, б'ела, в'ет̄ер, две, д'ет̄е, кад'е, м'ера, р'ека, чов'ек* Стар (Иванов, 1977 : 75). Исклучок претставува само секвенцата **сĕ,* каде што место **ĕ* има континуант */а/*, сп. *цал, ц'али,* поретко *цел* Крн, *цал, ц'ало, ц'алина* Стар (Иванов, 1977 : 78), *цал* Пч, *ц'аде, цад'ило, ц'ана, цај̄, цајен'ица, ц'афка* Шт, *цал, ј̄р'оцај̄, цад'илка, цалин'а* Ст. Во граничните села спрема серскиот говор со */'а/* место **ĕ* се забележани и лексемите: *г̄ол''ам, л'ај̄, ј̄л''амна, с''ала,* но *б'ело, в'енци, в'ет̄ер, вр'еме, д'едо, д'еснај̄а, мл'еко, об'ет̄, с'еми* Хрс (4523), *г̄ол''амо, л'ај̄, с''аџка* Мар (4531) (к. 26), *б''ала* Бут, *нед''ал'а, г̄р''ашка, дв'а* Руп, Хаџ, Сенг, покрај *б'ела, б'ели, г̄р'ешка, две, добр'е* (Иванов, 1972 : к. 16-20).[2]

1.1.2.8. Како диференцијална особеност во областа на историскиот вокализам во крајните југоисточни македонски говори се јавуваат и прегласот на */а/* во */е/* и на */о/* во */е/* зад историски меките консонанти, како и лабијализацијата на предните вокали */и*, *е/* исто така зад палаталните согласки. На петричкиот терен овие појави денеска не се активни, а запазени се само во неколку одделни лексеми во источните периферни села, сп. *јејц'е* и *ејц'е* Руп, Вран, *ејц'е* и *ец'е* Хаџ, Сенг, *иц'е* (< *ец'е*) ХБ, покрај *јајц'е* Стар, Бут (Иванов, 1977 : 41), *ј'аје* Хрс, Бел, *јајц'е* Габ (БДА: 71), *ј̄'оес, ј̄'оесче* / *ј̄'оешче* См, Ст, *ј̄ол''ени* Ив, Кр, *ј'ежби* (< *ј'азди*) Габ, Бел, но и *ј̄ол''ана* Габ, *ј̄ол''ана – ј̄ол''ани* Бут, и редовно *ј'аг̄не, ја, јас, ј'аре, ч'аша – ч'аши, офч'ар* и др. Во граничните села со серскиот говор забележани се и формите *ч'ошма* Сенг, *ш̄'енцура* Стар, Бут, *ичум'ен* Бел, Габ, покрај *ч'ешма, ш̄'енцера, ичим'ен, жиф* – на другата територија (сп. Иванов, 1972 : к. 12-13; БДА, 259).

1.2. *Консонантизам*

1.2.1. *Денешниот систем.* – Консонантскиот систем го сочинуваат следните (26) фонеми:

---

[2] Во говорот на с. Белица покрај примерите со */е/*, сп. *вр'еме*, *м'ери*, *м'есец*, *с'еме*, *нед'ел'а*, *б'еше*, во БДА (к. 26) се приведени и бројни примери со */а/* место **ĕ*, сп. *б''аг̄ај*, *б''ала – б''али*, *бр'ас*, *в''ажда*, *г̄ол''ам*, *г̄ор''али*, *д''аца*, *ѓ'адо*, *кол''ано*, *л''ашка*, *л''ај̄*, *м''ас̄то*, *мр''ажа*, *н''акој*, *нев''ас̄та*, *р''ака*, *р''ак̄ко*, *сн'ак*, *ср''ада*, *св'аш*, *чер''аши*, *чов''ак*. Ваквата рефлексација не е карактеристична за петричкиот говор.

а) сонаранти:

	м	*н*	*н'*	*л*	*л'*	*р*	*j*
предни		+	–	+	–		
периферни	+	–	–				
латерални				+	+	–	
назални	+	+	+	–	–	–	–
глајдови				–	–	–	+

б) шумни (опструенти):

	б	*п̄*	*в*	*ф*	*г̄*	*к*	*х*	*д*	*т̄*	*s*	*ц*	*з*	*с*	*ѓ́*	*ќ*	*џ*	*ч*	*ж*	*ш*
звучни	+	–	+	–	+	–		+	–	+	–	+	–	+	–	+	–	+	–
континуир.	–	–	+	+	–	–	+	–	–	–	–	+	+	–	–	–	–	+	+
африкати								–	–	+	+			–	–	+	+		
задни	–	–	–	–	+	+	+	–	–	–	–	–	–	+	+	+	+	+	+
периферни	+	+	+	+	+	+	+	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–	–

1.2.1.1. *Алофони и дистрибуција.* – На алофонско ниво повод за дискусија даваат сонантите /*н*/ и /*j*/ и консонантите /*г̄-к*/ и /*ѓ́-ќ*/.

Назалот /*н*/ пред веларните /*г̄-к*/ има веларен алофон [*ŋ*], сп. *домаќ'иŋка, др'еŋка, 'иŋка, с'иŋко, сп̄'еŋка, т̄'еŋка,* (: *т̄'енок*), *т̄'ŋŋка* Ст.

Глајдот /*j*/ во секвенци со вокал како втор член најчесто се реализира како неслоговно [*i̯*]: *мо̯ј, тво̯ј, п̄ор'о̯ј* (*п̄ороj*).

Палаталните /*ѓ́-ќ*/ пред предните вокали во овој говор се реализираат како палатализирани [*г̄'- к'*], сп. *к'е, од'ејк'и.*

Веларните /*г̄-к*/ во северниот дел на областа на пограничјето со малешевските говори пред предните вокали /*и, е*/ се реализираат како смекнати [*г̄' – к'*], и нивниот изговор се неутрализира со алофоните на /*ѓ́-ќ*/ во истата позиција, сп. *к''исел, к''ило, к''ине, м'ек'и, н'иск'и, р'еп̄к'и, ј'ак'и* (: *јак, ј'ака, ј'ако*), *'ог̄'ин, вл'аг̄'и, др'аг̄'и, др'уг̄'и* Шт, *к''ија, мн'ук'и, к''исело, бл'аг̄'и, 'ог̄'ин, ерг̄''ен* Ст, *к''ип̄к'и, п̄р'ип̄к'и, с'еŋк'и* Менд, но: *к'иа, оп̄'инки* См, *р'аки* Петрич, *'ог̄ин* Крн (к. 307), *к'ип̄ка, т̄'енки* Струм.

Во поглед на дистрибуцијата на консонантските фонеми можевме да ги констатираме следниве ограничувања.

Фонемата /*м*/ во почетната група /*мн*/ или се редуцира наполно или се десимилира во /*в*/ (> *ф*), сп. *н'ог̄о* См, Шт, *н'ог̄у* Ст, Петрич, Менд и *фн'ог̄у* Крн.

Назалот /*н'*/ во иницијална позиција во домашни зборови не е констатиран. Немаме пример со /*н'*/ ни пред вокалот /*и*/. Најчесто тој се јавува на крајот на зборoформите, сп. *длан', дог̄'ан', коп̄'ан', к'оран', л'оп̄ан'* С, Ст, *п̄ран' – п̄ран'-т̄'а* 'трат', *т̄иг̄'ан', шарлаг̄'ан'* Ст, *г̄р'ебен', к'амен'* Ст, ПБ, покрај *к'амин* Крн,

п̄л'амен' Дол и *п̄л'амин* Крн (к. 217, 218), *рем'ен'* См, *дрм'он', благ̄'ун', сап̄'ун'* Ст, *п̄ип̄'он'* См, Ст, Габ, Чур (к. 257), *кон'* (на сета територија) и во другите морфолошки форми: *г̄реб'ен'о, г̄реб'ен'че* См, Ст, *к'амен'о, к'амен'е* Ст, Дол, ТД, ПБ (к. 217), *к'он'о – к'он'е* Ст, *два к'он'а* Шт, Ст, Ив, *к'он'е* Габ, Бел, Сес, Чур, *к'он'е* Мар (к. 136), *кон''ар* Ст, См, пред наставката *-а* кај некои именки од ж.р. (на *-ин'а, -н'а*) : *б'ан'а* Ст, *ба̨н'а* См, *д'ун'а, п̄'ен'а, п̄л'емн'а, ш̄'и̨н'а* См, *вр'ан'а, кап̄'ин'а, руг̄уз'ин'а* Ст, *г̄лав'ин'а* Крн (к. 293), *г̄ламн''а* Ст, Менд, См, *св'ин'а – св'ин'е, з'емн'а – земн'ата* Крн, Ст, См, но во мн.: *б'ани, д'уни,* пред суфиксите *-ар, -ак* : *кон''ар, свин''ар* См, Ст, *г̄орн''ак, мравун''ак* Ив.

Во говорот на с. Габрово */н'/* се дефонологизирало наполно по пат на антиципација на мекоста преку *ј* (*н'* > *јн*), сп. *којн, к'ојно, којн'ар, б'ајна, кл'ајна се* (пред задните вокали и на крајот), или со просто затврднување: *б'ајна – б'ани, к'ојн – к'ојно – к'оне.* Овој процес во почетна фаза може да се следи и во говорот на с. Смоларе, сп. *ко̨н', б'а̨н'а,* покрај *кон', б'ан'а.*

Сонантот */л/* во основниот алофон [*л*] се реализира, како и во другите македонски дијалекти, пред заден вокал, пред консонант и во финална позиција, сп. *бл'аг̄о, лош, л'удо, дол, д'олче, д'олно,* итн. Пред предните вокали */и, е/* неговиот изговор се неутрализира со алофонот на фонемата */л'/* во истата позиција, сп. *бил'и* (: *бил, била, било*), *м'ал'и* (: *мал*), *мал''ечок.*

Алвеоларниот латерал */л'/* позиционо не е ограничен, што значи дека тој може да се јави во сите позиции на зборoформите, пред сите вокали и пред согласки, сп. *нед'ел'а – нед'ел'и, бр̥шл''ан, л''уде, л'ут̄, кл'уч, м'ел'а – м'ел'иш – м'ел'е, сол'– сол'ш̄'а, фас'ул', царв'ул'* Крн, *самн'ул'ка, ништ̄'ел'ки* См, и др.

Глајдот */ј/* секогаш има во соседство еден вокал. Во иницијална позиција во домашни зборови не се јавува пред предните вокали, со исклучок во лексемата *ј'ела,* веројатно за да се избегне омонимијата со заемката *'ела* (!), сп. *ед'ин, еш – 'ежо, 'едар, елен', 'есен, ез'ик, ет̄'рва, 'ече* Ст. Тој се јавува пред *а* : *ј'авор, ј'ас(ка), ј'абука, ј'аг̄не, јам,* но и *аг̄л'иче, анг̄'ула* покрај *јаг̄'ула* и пред *у* во *ј'ужина.* Во финална позиција секогаш стои зад вокал, сп. *крај, тр̥т̄'ej, кој, н'екој, чуј.*

Во интервокална позиција */ј/* не може да стои пред предните вокали, сп. *кр'аиште* (: *крај*), *з'аек, п̄'оес, м'ое, тв'ое, пор'ое* (: *пор'ој*), *тр̥т̄'ее* (: *тр̥т̄'ej*); многу ретко се јавува и во групата *-иа-* : *в'иа, н'иа, суд'иа, рак''иа, зм'иа* Шт, покрај *зм'ија* См, потоа во групите *-оа-, -уа-* во 1 л. едн. Сегашно време: *ст̄'оа, кр'оа – кр'ош, ч'уа – ч'уеш,* но: *број'ах, чуј'ах,* сп. и *бај'ач, крој'ач, христиј'ане* и др. Во група со консонант како втора компонента се среќава доста ретко, сп. *с'абја* Шт покрај *с'абла* См, но: *даб'ак, шум'ак, пол''ак, ил''ада,* и во старите колективи со суф. **-ье* : *г̄р'озде, л'озе, л''уде, т̄р̥не, з'еле, к'ол'е, д'абе, сн'ое, л'исте, г̄л'исте, цв'ете* и др.

Во врска со дистрибуцијата на */р/* за повеќето пунктови од ова говорно подрачје важи правилото дека оваа фонема секогаш има соседство барем со еден вокал, со исклучок на западните села каде што во консонантско окружување таа функционира како носител на слоговноста, сп. *п̄рс, цр̥н, г̄р̥п̄.*

Фонемата */ф/*, која позиционо не е ограничена, се јавува претежно во туѓи лексеми, сп. *фас'ул', фен'ер, ф'урна, Ст̄'ефан,* а на домашен терен е добиена со обезвучување на */в/*: *'офца, рак'аф, фл'езе, фн'есе,* место групата *хв* : *ф'ати, ф'аща, ф'али,* и во неколку лексеми место *х* : *не фт̄'ех* (< *хтех*), *н'офти* (< *н'охти* < *н'окти*), *'очуф – 'очуфци, кож'уф – кож'уфе, враф, ст̄'афор* Ст.

Согласката /*s*/ е доста ретка и со ограничена дистрибуција; се јавува претежно во иницијална позиција пред вокали и пред *в*, сп. *s'аден, s'ида, sв'езда, sв'ерове* Крн, Петрич, Струм (к. 65) и во множ. форми кај неколку лексеми како корелат со /*з̄*/: *н'ose* (: *н'оз̄а*) Петрич, *п̄'олosu* (: *п̄'олоз̄о*), *з̄л'osu* (: *з̄л'оз̄о*) Ст, и во туѓи лексеми, сп. *seз̄в'ар* (< *севз̄'ар*), *бенs'ин* Ст.

Африкатот /*ц*/ се среќава претежно во туѓи, главно турски лексеми, и во суфиксот *-цӥа,* па е ограничен и лексички и дистрибуциски; се јавува во соседство со вокал, сп. *цеп̄, цам, оц'ак, мац'уне, ш̄'енцере, абанц'иа,* и др.

Фонемите /*ќ-ѓ́*/ исто така во петричкиот говор не се чести.

/*ќ*/ се јавува во извесен број одделни лексеми место прасловенските групи **tj, *kt', сп. бож'иќ* покрај *бож'ик, бож'иќни п̄ос, в'еќе, п̄'овеќе, домаќ'ин* Габр, *вр'еќа, ќе, н'еќу – н'еќе* См, *ср'еќа, ср'еќен, неср'еќа* Ст, *ќ'ерка* Хрс, *к'ерка* покрај *ш̄'ерка* Габ (к. 271), или во група со /*j*/ – (*јќ*) : *вр'ејќа – вр'ејќи, вр'ејќичка* Шт, *н'ејќу – н'ејќеш* Ст, и во наставката *-јќи* во глаголскиот прилог: *вик'ајќи, сед'ејќи, сеч'ејќи* См, Ст; потоа место старата секвенца **-tь* (> *ш̄'* > *ќ*): *зеќ – з'еќо, п̄'аќ – п̄'аќо – п̄'аќове, п̄'аќче, п̄'аќичка, г̄'оспоќ* (< *г̄'оспоз̄* < **gospodь*), *л'акоќ, н'окоќ – н'окоќи, оц'еќ, смоќ* См, *ом'оќ* Габр, *зеќ, п̄аќ* Крн, *л'акоќ, н'окоќ, п̄аќ* Менд, Руп, *п̄аќ – п̄ајќ – п̄ајк* ПБ, *п̄аќ* Мар, Хрс, До, Д, Ја, Сес или *п̄аш̄'* Бел, Габ, покрај *п̄аш̄* Ив (к. 58), *жив'оќ – жив'ош̄'* Ст, *п̄ов'иќ – п̄ов'иш̄'*, *сим'иќ – сим'иш̄'* Ст, *ш̄р'оскоќ – ш̄р'оскош̄'*; место групата *-ш̄j-* (< **tьj*) во лексемите: *бр'аќа* Менд, Руп, Крн, Кр, Ив, *св'аќа, ш̄р'еќи* См, *ш̄р'еќо* Менд, *цв'еќе* Струм, покрај *бр'аш̄'а* Габ, Крн, Бут, *ш̄р'еш̄'а* Крн, *цв'еш̄е* См (в.к. 61); во Смоларе е забележен и обликот *ез'иќ (: ез'ици).* Освен тоа /*ќ*/се јавува во туѓи лексеми: *ќ'ел'аф, ќор, ќуш'е, ќуп̄, ќуп̄'ук, буб'аќ, шиќ'ер* и др. Порано спомнавме дека во еден дел од говорот /*ќ*/ се добило и со палатализација на /*к*/ пред предните вокали: *к''исне, с'еɳк'и, шк''ембе* (в. **1.2.1.1.**).

Приведениве примери покажуваат дека фонемата /*ќ*/, иако не е многу честа, дистрибутивно не е ограничена.

Примерите со /*ѓ́*/ се уште поретки. Овој глас се јавува, главно, во туѓи лексеми, сп. *ѓ́ум, ѓ́убре, ѓ́ол', ѓ́езве,* и само во неколку домашни лексеми, сп. *м'еѓ́у* Менд, *м'иѓ́у* Ив, *ш̄ак'ојѓ́ере* Ст, *р̨ѓ́а* Шт, Габр, покрај *'р̨жда* См, *ѓ́'авол* См, Крн, Шт, *ѓ́'авул* До, Менд, Чур (к. 61), *л'аѓ́а, смр̨ѓ́'ава* См, *ѓр'озѓ́е* Руп покрај *ѓр'озде* См, *виѓ́'ах* Мар (к. 150), *ѓ́'адо* Руп, одн. *д''адо* Бут, Стар (к. 35) покрај *д'едо* на другата територија, и место /*з̄*/ пред предните вокали: *вл'аѓ́'и, др'уз̄'и* Шт, *'оз̄'ин, ерз̄''ен* Ст.

Меки (палатални или палатализирани) согласки, како што произлегува од претходново излагање, денеска во петричкиот говор се: сонантите /*н'*, *л'*, *j*/ и опструентите /*ќ-ѓ́*/. Согласките /*ш-ж, ч-ц*/ и групите /*ш̄т – жд*/ во овој говор наполно затврднале.

Фонемата /*х*/ во некои пунктови се реализира многу слабо, како едно едвај чујно [^{x}]: *ни^{x}, ор'а^{x}ш̄е* : *ор'ах* Менд. Нејзината употреба позиционо е ограничена; се јавува, главно, на крајот на зборoформите и пред консонант, многу ретко во иницијална и интервокална позиција, сп. *бух* (: *б'уо – б'уове*), *п̄ерд'ух, Влах, г̄рех, змех – зм'ехче* (: *зм'ео*), *вр̨х – в'р̨хче* (: *в'р̨рове), г̄лух* (: *г̄л'уи*), *сух – с'ухјо* (: *с'уа – с'уо), здих, з'адих, п̄рах, ор'ех – ор'ехче* (: *ор'ео – ор'ее*), *бахч'а, мох – мохш̄'а, 'о^{x}ка, ме^{x}ц'е, ма^{x}ч'ичка, п̄ăх, ор'ах – ор'а^{x}ш̄е, не фш̄'ех;* во интервокална позиција е констатирано во *махов'ина, д'уховu,* на почетокот на зборoформите во *храм* и *хри-*

стиј'анин; покрај *сух* забележан е и обликот *суф,* покрај *меˣл'ем* и *ме:л'ем,* редовно *мул'есан.*

Зборувајќи за дистрибуцијата на опструентите, треба да се потсетиме на уште две општи правила кои важат за сите македонски говори: првото – во финална позиција пред пауза не можат да стојат звучните опструенти, и второто – нема секвенци од звучна и безвучна согласка и обратно, бидејќи во таква позиција се врши регресивна асимилација по звучност, сп. *леп, л'епче, сшш – с'шче,* итн.

1.2.2. *Од историскиот консонантизам.* – На историски план за дијалектот имаат важност пред сè процесите сврзани со етимолошките меки согласки **n′, *l′, *t′, *d′,* со фонемата *х* и некои комбинаторни појави.

Етимолошкото **n′,* видовме, се задржало во ограничен број примери и позиции, сп. *кон', б'ан'а* и др. Во иницијална позиција пред */и, е/* тоа затврднало и се изедначило со */н/*, сп. *н'ива, н'его.* Ново *н'* од секвенцата **пьј,* веројатно, во овој говор не се развило, така што денеска во сите случаи место оваа група има само */н/*, сп. *трне, ј'адене, п'иене, с'ирене, мор'ина, врем'ина* итн. Но од друга страна, во бројни случаи се добило ново */н'/* по морфолошки пат, значи аналошки, особено на крајот во туѓи лексеми, како на пример: *тиг'ан', орг'ан', сап'ун'* и други.

Дошло до поместување и на артикулацијата на **l′* во правец кон алвеолите, така што денеска во петричкиот говор, како и во готово сите јужни и западни македонски говори, превладала алвеоларната артикулација на */л'/*, сп. *в'ол'а, с'ол'а – с'ол'иш* Габр, *ж'ал'а – ж'ал'иш, к'ашл'а, м'ол'ат, с'ол'ат, кад'ел'а, нев'ол'а, ил''ада, пол''ак* Шт, *к'ашл'а, ч'ел'ат, кл'уч, л''ути се, бл''увам, ж'ел'ка, л''ул'ка, крк'ол'* Ст, *д'ел'ат, к'ол'ат, б'ол'ат, л'утин'а* Крн (к. 113, 114), *с'ол'а, вол', б'озел', ч'ешел', ос'ил', дрл''ач* См. Како што се гледа, ваква вредност за **l′* се јавува во сите позиции на зборoформите и во сите видови на гласовно соседство.

Во некои случаи процесот на затврднувањето на **l′* продолжил. Така, во суфиксот *-тел /л'/* наполно затврднало, сп. *прој'ател, род'ител, уч'ител* См, Шт, сп. и *анг'ула* См, *јаг'ула* Ст, *л'уста* См, *шкрапл'а, до'илка, род'илка* См, *жал* (: *до'ил'ка, род'ил'ка, жал'* – во други наши дијалекти).

Во неколку лексеми се задржало и старото епентетско **l′* (> *л'* > *л*), сп. *с'абл'а* Габр, См, покрај *с'абја* Ст, *скр'апла* Ст, *шкрапл'а* См.

Прасловенските групи **tj, *kt′ – *dj* во овој говор се заменети со секвенците */шт/* и */жд/*, сп. *к'ашта, л'ешта, ношт'а, ношт'еска, сн'ошти, ср'ешта, сф'ешта, шт'ерка, штеркен'ика,* кај глаголите од типот *вр'ашта, обешт'ава, превр'ашта, пл'ашта, ф'ашта,* во морфемата *-ешт-* кај придавките од типот *гор'ешто, јагн'ешто, коз'ешто, крав'ешто, пил'ешто, тел'ешто* (сп. срп. *Лагњење, пилеће, телеће),* или со редуцирано *шт – ш* : *ношв'а* (< *ноштва*) (к. 91), *пок'ашнина, п'омош* См, *г'ашти, к'ашта, шт'ерка* Менд, или *н'ошкове, нушков'а* (к. 91), *– гражд'анец, в'ежда* (к. 93), *межд'а, пр'ежда, прем'ежда, 'ржда, ржднос'ал, ржднес'ува, с'ажди, ч'ужди* покрај *ч'узди* (к. 93), во изведените глаголи: *в'ижда, дов'ажда, зав'ажда, р'ажда* Габр, См, *межд'а, р'ăжда* Менд, *р'ăжда, в'ежди* Крн, Менд.

Формите *плешк'ат* (< *плешт'ат*) См, и *н'ошкви* (< *н'ошти*) Крн се добиени по фонетски пат – во резултат на дисимилација. Формата *ч'ужди* Габр, См, се среќава и во фонетската разновидност *ч'узди* Крн, Петрич – со извршена

дисимилација на *ч-ж* > *ч-ѕ*. Од секундарно потекло е и *ч* во *едн'оч* 'еднаш' См, Менд.

Лексемите од типот *пиро̄тч'анец, со̄по̄тч'анец, бро̄тч'анец, охрӣтч'анец* и сл. се нови преобразувања со суфиксот *-чанец* кој се додава на коренската морфема. Ова го истакнуваме бидејќи во повеќе македонски говори се задржал стариот образувачки модел (сп. *брожданец – бро̄ѓанец, со̄пош̄танец – со̄поќанец*).

Во старата група **čr̥-* во Петричко наоѓаме *ц*, сп. *црӑф, црӑв'ен, ц'р̥ви, ц'р̥вик* Струм, *ц'р̥нка* См, *цӑрн'ица, цӑрн'ичка, царв'ул', цӑрен, цӑрв'ени* Крн, *цӑрв'ени, ц'ӑрни, цр̥н'илна, цр̥п̄'ат̄* (к. 95), а **črě* > *цре-* : *цр'ева, црен* Ст, См, Хрс (95), *цр'еша* Ив, Кр, покрај *чер'еша* См, Габр, *чер'еши* Пе, Чур, До и *чир'еша* Крн, Мар (к. 29, 96).

1.2.2.1. *Зат̄врднувањет̄о на консонант̄ит̄е и друг̄и измени на сог̄ласкит̄е.* – Во петричкиот говор, како што покажува претходниот материјал, постои тенденција за затврднување на старите меки сонанти и за отклонување на опозицијата тврди – меки консонанти. Сонантот **r'* затврднал наполно во сите позиции. Палаталните **l'* и **n'* се наоѓаат во процес на затврднување. Во некои позиции тие наполно затврднале, како, на пример, *н'* во 1 л. едн. на сегашното време кај глаголите од типот *к'ана – к'аниш,* и пред предните вокали или *л'* во суфиксот *-т̄ел* (*п̄риј'ат̄ел*). На овој терен, веројатно, не се извршило ни т.н. ново јотување на групите *н, л + j* (< **nьj, *lьj*), сп. *з'еле, т̄'р̥не, ј'адене.* Исто така затврднале и согласките */ш-ж, ч-ц̣/*, како и групите */шт̄ – жд/*.

Нешто поинаку во овој поглед се претставува системот на задните консонанти. Асиметричноста на преградниот ред е пополнета со новите гласови */ќ-ѓ̄/* кои сè уште се чувствуваат како маргинални фонеми, бидејќи најчесто тие се јавуваат во туѓи лексеми, главно во заемки од турскиот јазик, и во неколку словенски зборови и морфеми (*ќе, неќе, -јќи*) преземени преку другите македонски дијалекти од српското јазично подрачје. Како автохтона може да се смета само палатализацијата на */к-ѓ̄/* во [*к'-ѓ̄'*] пред предните вокали, која е во тек, и развојот на крајното *-т̄'* (< **tь*) во *ќ* во лексемите од типот *зеќ, п̄аќ* (< *зет̄', п̄ат̄'* < **zętь, *pǫtь).*

Палатализацијата на *к* во *ќ* зад меките соноранти од типот *м'ајка* > *м'ајќа* > *м'аќа, сук'ал'ка* > *сук'ал'ќа,* која е широко распространета во малешевските и во другите пирински говори, петричкиот говор не ја познава, сп. *м'ајка, ш'ајка, соф'ал'ка.*

Од консонантските промени од дијалектен аспект интерес претставуваат оние што се сврзани со фонемата */в/* и спирантите */с, ш/* во групи со африкатите */ц, ч/*.

Гласот */в/* во петричкиот говор, како и во другите источни македонски дијалекти, се обезвучува пред сонантите */н, л, л', р/* во иницијална позиција во лексемите: *фн'есе – фн'аса, фн'ет̄ре, фнук, фл'езе, фл'иза, фл'ал, фрет̄* 'сите', *фн'ог̄у* (< *вн'ог̄у* < *мн'ог̄у*), поретко и во *фрӑба* покрај *врӑба.*

Во групата */вн/* во повеќе случаи */в/*се асимилира по назалниот признак во */м/*: *г̄л'амна* Шт, *г̄ламн''а* См, *г̄р'имна, зг̄л'амница* Менд, Крн, Ив (к. 236), *н'имни* (< *н'ивни* < *н'ихни*) См, *мнук, п̄арамн'ук, мн'ука* См, Ст, *к'р̥мнак* См, *дожд'омник* Ст, *п̄лимн'ало* Менд, *ог̄л'амник, п̄л'емн'а, да ос'амне, самн'ул'ка* Менд, Крн, *р'амно, рамн'ак, од'амно* Шт, См (к. 97).

Етимолошката група */мн/* не подлежи на дисимилација, како што е случајот во соседните малешевски и благоевградски села, сп. *г'умно, гомн'о, т'емно, п'омне* (к. 97), *ст'омна* и др.

Во лексемите *к'афал – к'афел* и *соф'ал'ка – суф'ал'ка* */в/ > /ф/* на поширок ареал во источното наречје; исто така најчесто место */в/* се јавува */ф/* и во предлогот *фоф* (*оф, ф*), сп. *ф 'огино, оф сел'ото.*

Редовно во петричкиот говор именките 'земја' и 'ламја' се јавуваат во фонетските облици *з'емн'а, л'амн'а* Ст, или *з'емна, л'амна* (< *з'емн'а, л'амн'а*) Шт, Габр. Нејасно е дали во *з'емн'а* е извршена дисимилација од *земл'а* (*мл' > мн'*), или, пак, процесот одел посредно: *з'емл'а > з'емја > з'емн'а,* како што е тоа извршено во *л'амја > л'амн'а* (гр. λαμια), бидејќи се одбегнува дистрибуцијата на *j* зад консонант (!).

Кај консонантските групи составени од фрикативните */с, ш/* и африкатите */ц, ч/* на морфемските граници се среќаваат две појави. На поширока територија */с, ш/* остануваат неизменети, сп. *г'асче, л'исче, обр'асче, п'оесче, д'ошче, 'ешче, кр'ушче, м'есце* См. Во говорот на с. Штука */с/* пред */ч/* во односнава позиција се асимилира во */ш/* (*сч > шч*) *бр'ешче, кв'ашче, л'ишче, м'ошче, ф'ешче, ишч'исти, ишч'еша.* Во еден број села се извршило разедначување на групата со промена на */с, ш/* во */х/*: *бр'ехче, в'охче, л'ихче, м'охче* (: *брес, воз, лис, мос*), *глухч'е, д'охче, 'ехче* (: *глушец, дош, еш*), *м'ехце* (: *месо*) Ст, *м'ехце, махч'ичка* (: *мас*) Габр, См.

Од другите појави да ги споменеме уште африкатизацијата на */с/* и */ш/* зад преградното */п/* во лексемите *пц'але* См, *пц'ува* Менд, *пци, ст'ипца, типц'иа* Шт, *ц'ета* (< *пцета*) Менд, Крн, – *пчен'ица* Шт, *чен'ица* Менд, См, Ст, разедначувањето на преградната група */кт/* во */фт/* преку */хт/* во *н'офти* См и преминот на */хв/* во */ф/* во *ф'аша, ф'али се.*

1.2.2.2. *Испуштање на согласки.* – Погоре спомнавме дека фонемата */х/* има ограничена дистрибуција во иницијална и во интервокална позиција. Во тие две позиции таа се загубила во најголем број примери, сп. *'ода, ајд'уци, м'уа, вик'аа, мин'аа* Петрич, *'итро, убав'ец, Р'исто, му'а, сн'аа* Менд, *'арно, ад'ет, 'оца, лет, л'адно, р'ана, с'аан, с'уо,* во ред случаи и пред консонант: *б'у:на, ду:н'а, м'а:на, б'е:ме* покрај *б'е^ме* Шт, *д'иам* (< *дихам*), *изд'и̯на, 'итар, м:е'лем – меел'ем, к''иа, стреј'а – стре'и* (< *стреха*), *с'оа – с'ои, п'аове* (: *пах*), *б'аа – б'аи* (< *бдха*), *б'уо – б'уове* (: *бух*), *ор'ео – ор'еи* / *ор'ее* (: *ор'ех*), *л'еа – л'еи, д'уовден, гр'ео – гр'еове* (: *грех*), *греот'а, зм'ео – зм'еове* (: *змех*), *с'уа – с'уо* (: *сух*), *Вл'аин* покрај *Влах,* но и *храм, кр'ехок* Ст, См.

Согласката */в/* редовно се испушта на почетокот во *'име* (*виме*), *дов'ец, дов'ица, ч'ера* (< *вч'ера*), *срб'еш* (*сврб'еш*) См. Пред согласките */з, с/* во лексемите *з'еме – з'има, с'еки, с'ите, с'ичките, с'екој* */в/* се загубило готово во сите македонски дијалекти.

За испуштањето на */м/* во *н'огу* веќе спомнавме порано.

Преградната согласка */п/* се испушта пред африкатот */ч/* во *ч'ела, чел'арник, чен'ица* Менд, См и пред */ц/* во *ц'ета* (< *пцета*), но *пц'али* См, *пц'ува* Менд.

Согласката */т/* редовно се испушта во финалните групи *-ст, -шт* : *б'олес, пр'опас, р'адос, лис, мас, дош* (< *дошт* < *дожд*), *приш, п'омош, еднаш, дваш,* ка-

ко и во секвенците *-стн-, -штн-* : *врăсн'ик, п'осно, ов'ошник, пом'ошник, н'ошви, г'ашник.*

Во еден дел од петричкиот говор испаѓаат преградните /т/ и /д/ и во групите *-стр-, -здр-,* сп. *с'есра, ср'еа, ср'ела, 'осро* См, *сеср'а, зраф* Крн, Петрич, покрај *с'естра, стр'ана, стр'иже, здраф* Шт, *с'есра, ср'ана, Ср'ума, срел''ах, преср'елка,* но *здр'аве* Хрс, *сеср'а* Габ, Кр, Ив, Чур, *сиср'а, срах, ср'ашно, ср'ина, сп'асрите, Ср'ума, ср'ојник,* но *здр'ави* Мар (к. 102), *с'есра, зраф* во јужните струмски села (Иванов, 1972 : 46).

1.3. *Прозодија*

1.3.1. *Квантитет.* – Во петричкиот говор долги вокали се среќаваат само во одделни случаи каде што се загубила фонемата /х/ пред консонант, т.н. компензациона должина, сп. *б'у:не, д'у:не, м'а:не* Шт, *ме:л'ем* Ст, См. Во 1 л. мн. на имперфектот, во некои пунктови и во 2 л. мн. таму каде што се загубило /х/ во наставката удолжениот вокал се разбил на два кратки вокали, така што морфемската граница минува меѓу нив. По таков начин се отклонила омонимијата со презентските форми кај оние глаголи што имаат иста фонетска структура во 1 и 2 л. мн. на сегашното и минатото определено несвршено време, сп. *в'иках – в'икааме – в'икаате, г̄л'едах* : *г̄л'едааме – г̄л'едаате, ј'адех* : *ј'адееме – ј'адеете* (: сегашно време: *в'икаме – в'икате*).

1.3.2. *Акцент.* – Акцентскиот систем во петричкиот говор во основата е како и во другите малешевско-пиринско говори со неколку мали отстапувања; тој е слободен – може да стои на секој слог во фонетскиот збор, вклучувајќи ја и отворената ултима, како и на секаков вид морфеми, сп. *жен'а, мом'а, г̄олин'а – г̄олин'и, дожд'о, лист'о, дрв'о, дет'е,* кај глаголите: *мет'е, вик'а, бил'а; вод'ар, вин'ар, ков'ач, војн'ик; 'оѓин, д'евер, т'етин, ст'арец, Евр'еин, безд'омник, оѓлед'ало, (ј)абанџ'иа, борчл'иа, месар'иа, орл'ица; р'аненик, п'алечник, в'ариво, д'едово, м'ајкино, ј'аг̄ода, к'очина, м'алина, п'ештера, с'аботa, л'етница* и др.

Во западните села на пограничјето со струмичкиот и радовишкиот говор можат да се сретнат и примери со акцент на четвртиот слог, сп. *бр'адавица, б'иволица, ј'аребица, к'атерица, л'естовичка,* а кога се тие членувани и на петтиот: *ј'аребицата, л'естовичката* Габр.

1.3.2.1. *Двоен акцент.* – Во поголемиот дел на петричкиот говор акцентот е ограничен на последните три слога. Во случаите кога зад примарниот акцент ќе се најдат три неакцентирани слога, како, на пример, во погоре приведениве повеќесложни лексеми (*бр'адавица, б'иволица...*) тогаш се јавува на пенултима нов, секундарен акцент, така што фонетскиот збор добива два акцента, сп. *ј'аг̄ода : ј'аг̄одата, к'очина* : *к'очината, 'утрина* : *'утрината, п'ештера* : *п'ештерата, п'одница* : *п'одницата, ј'адене* : *ј'аденето, 'олово* : *'оловото, бр'ичове* : *бр'ичовето, 'оѓине* : *'оѓинето, д'евер – д'евере* : *д'евереето, т'етин* : *т'етинофци – т'етинофците, д'едово* : *д'едовото, м'ајкини* : *м'ајкините, 'убаф – 'убавио, 'убава* : *'убавата* Ст, *бр'адавица – бр'адавицата, б'иволица – б'иволицата, ј'аребица – ј'аребицата, к'атерица, кр'аставица, к'уковица, п'упавица, л'естовичка – л'естовичката, м'ăскавица – м'ăскавицата, п'ијавица*, итн.

Двоен акцент имаат исто така и бројни двокомпонентни сложенки, сп. *д'уовдȩн, л'итмȩра,* како и степенуваните придавки: *вис'ок* : *п̄'овисȩок – н'ајвисȩок, деб'ел* : *п̄'одебȩл – н'ајдебȩл*; сп. материјал и од БДА: *бр'еговȩто, ј'агнетȩта, 'огништ̄ȩта, п̄'илишт̄ȩта, сл'оништ̄ȩта, б'арчинȩта, зг̄л'амницȩта, ј'абукȩта* Кр, Ив, Сес, *м'ајсторȩто, ц'иганȩто, м'улет̄ȩта* Хрс, *з'еќовȩто, к'омарȩто, с'ел'анȩто, уч'ителȩто, п̄'илет̄ȩта, 'имишт̄ȩта* Мар (к. 153), и во 2 л. на императивот: *'оставȩте, з'абележȩте, д'онисȩте, п̄'оставȩте* Мар (к. 148, 153).

1.3.2.2. *Морфолошка дистрибуција на акцентот.* – На морфолошки план кај парадигматските зборови јасно се изделуваат два акцентски модела – а) со парадигматски (морфолошки фиксиран) и б) со подвижен акцент. Оваа дистинкција особено е јасно изразена во именската флексија на сета територија на разгледуваниов говор.

Подвижноста на акцентот кај именките се јавува на релацијата неопределена – определена форма и еднина – множина. Вокативната форма и формите за избројана и збирна множина кај именките акцентски секогаш се поклопуваат со основната форма.

Кај едносложните именки од м.р. има еден подвижен акцентски тип – со акцентот на коренската морфема во неопределените форми, а во определените тој паѓа во еднината на членската морфема, а во множината на флексивната наставка, односно на вториот слог во двосложната наставка *-ове,* сп. *з'ап̄ – з'аби* : *заб'о* : *заб'ите, м'аш – м'аже* : *маж'о* : *маж'ето, с'ин – с'инове* : *син'о* : *синов'ето* (одн. *с'иновȩто* – таму каде што има двоен акцент). По овој модел се акцентираат и : *бр'ек – брег̄'о, в'ăк (в'ăци – вăк'о – вăц'ите), г̄р'ат̄ – г̄рад'о, г̄'ас – г̄аз'о, д'ип̄ – диб'о, д'ош – дожд'о, ѕ'ит̄ – ѕид'о, л'ет̄ – лед'о, л'ис – лист̄'о, н'ос – нос'о, п̄р'ас – п̄раз'о, сн'ек – снег̄'о, т̄'р̥н – т̄р̥н'о* Стин, См, *д'ен – ден'о* Крн, *б'ес – бес'о, д'у – ду'о* Менд, *д'ол – дол'о, м'аш – маж'о* Петрич, *р'ет̄ – ред'о (р'едове – р'едовȩто), д'ап̄ – даб'о, с'ин – син'о* Струм.

Кај двосложните и повеќесложните именки од м.р. подвижен акцент имаат образувањата на *-ец* и на *-ел* во кои акцентот паѓа на суфиксот (*кон'ец, кот̄'ел).* Во еднинските форми (определената и неопределената) акцентот стои на суфиксната морфема, во множината во неопределената форма тој паѓа на коренската морфема, а во определената на флексивната наставка, сп. *кон'ец – кон'ецо* : *к'онци* : *конц'ите, кот̄'ел – кот̄'ело* : *к'от̄ли* : *кот̄л'ите*; така се акцентираат и *вен'ец – в'енци, г̄луш'ец – г̄л'ухци, дув'ец – д'офци, јун'ец, клин'ец, сфет̄'ец, п̄ет̄'ел – п̄'ет̄ли* Ст, См.

Кај именките од ж р. има три акцентски типа со подвижен акцент.

Кај една група именки на *-а* акцентот алтернира меѓу неопределените и определените форми; во неопределените тој паѓа на коренската морфема, во определените на флексивната наставка, сп. *г̄л'ава – г̄л'ави* : *г̄лав'ата – г̄лав'ите, р'ака – р'аце* : *рак'ата – рац'ете*; по овој тип се акцентираат и: *в'ежда, вр'ата, з'има, л'ака, н'ога, р'ека, р'оса, сл'ана, 'уста* Ст, *д'ага, 'ела, з'ора, л'еа, п̄р'ежда, сл'ана, с'есра, ср'еа* См, *г̄л'ава, в'ода* Менд, *вр'ата – вр'ати* Петрич.

Посебна акцентска група претставуваат именките кај кои акцентот алтернира меѓу множинската неопределена форма – со акцент на коренската морфема и другите форми кај кои акцентот паѓа врз флексивните наставки, сп. *жен'а – жен'ата – жен'ите* : *ж'ени,* по овој модел одат и: *бразд'а, бахч'а, г̄ред'а,*

г̄ламн''а, даск'а, змиј'а, звезд'а, кос'а, коз'а, кор'а, кол'а, лаж'а, лес'а, межд'а, мај'а, метл'а, му'а, ношв'а, ос'а, офц'а, пет'а, плешк'а, скал'а, свин''а, срн'а, стебл'а, стрел'а, свешт'а, слуг'а Ст, *бошч'а, бран'а, жег̄л'а, иг̄л'а, лоз'а, маг̄л'а, пед'а, срел'а, треск'а, шкрапл'а* См, *мом'а, сеср'а, тесл'а, цав'а* Крн и др.

Кај именките на консонант алтернации има меѓу неопределената форма, кај која акцентот паѓа на коренската морфема, и определената, кај која акцентот стои на членската морфема, сп; *к'р̨ф* : *кр̨фт'а, б'олес* : *болест'а, в'ечер* : *вечерт'а,* сп. уште: *вл'ас – власт'а, г̄н'ој – г̄нојт'а, ж'ал – жалт'а, к'ал – калт'а, м'ас – маст'а, м'ох – мохт'а, 'есен – есент'а* См, *ж'алос – жалост'а, р'адос – радост'а, пр'ан' – пран'т'а, 'р̨ш – р̨шт'а, п'есок – песокт'а* Ст, *в'ар – варт'а, пр'олет – пролетт'а, сп'оќ – споќт'а, ч'ел'ат – чел'атт'а* Менд.

Два типа со подвижен акцент има и кај именките од среден род (главно двосложни).

Кај една група акцентот алтернира меѓу неопределените и определените форми; во неопределените акцентот е на коренската морфема, во определените паѓа на флексивната наставка, сп. *ч'ело – ч'ела* : *чел'ото – чел'ата*; по овој модел се акцентираат: *бр'ашно, ж'ито, кр'ило, м'асло, м'есо* Ст, *в'ино, г̄'р̨ло, л'ето, мл'еко, н'ебо, ср'ебро* См, *пл'атно, с'ело, с'ено* Петрич.

Значително е побројна групата именки во кои акцентот стои на коренската морфема само во множинската неопределена форма, а во другите форми паѓа на флексијата, сп. *влакн'о – влакн'ото – влакн'ата* : *вл'акна, дет'е – дет'ето – дец'ата* : *д'еца, уш'е – уш'ето – уш'ите* : *'уши;* така и: *бил'о, витл'о, ведр'о, г̄омн'о, ребр'о* Ст, *др̨в'о, клаб'о, кросн'о, лајн'о, писм'о, траб'о, тресл'о* См, *ок'о* (*ок'ото – оч'ите* : *'очи*), *ор'о, рун'о, седл'о, тест'о, црев'о, чесн'о, јајц'е* (*јајц'ето – јајц'ата* : *ј'ајца*), *црефц'е* (: *цр'ефца*) Крн.

Посебен акцентски тип претставуваат именките од с.р. на *-е* што образуваат множина со двосложната наставка *-ина* и коишто во основната форма имаат акцент на коренската морфема; во множинската форма акцентот паѓа на првиот слог од наставката, сп. *вр'еме* : *врем'ина, 'име – им'ина, ј'аре – јар'ина, п'иле – пил'ина* (: *п'илци*), *к'уче, м'уле, м'усе, с'еме, сл'еме*, и др.

Во подбеласичките села акцентските алтернации кај именките од с.р. на *-о* се реализираат на нешто поинаков начин. И таму Ј. Иванов изделува два акцентски типа: во едниот акцентот алтернира меѓу неопределената еднинска форма (со акцент на коренот) и другите форми во кои акцентот паѓа на флексивните наставки; сп. *м'есо* : *мес'ото – мес'а – мес'ата*; во втората група алтернацијата се реализира меѓу еднинските и множинските форми, сп. *в'ино – в'ината* : *вин'а – вин'ата, с'ело – с'елото* : *сел'а – сел'ата,* така и *м'асло, пл'атно, ст'адо, ч'ело* (Иванов, 1977 : 136).

Зборувајќи за подвижниот акцент, треба да истакнеме дека во одделни села кај одделни лексеми може да има колебање во акцентското место. Една иста лексема може во едни пунктови или во речта на одделни говорители да спаѓа во една акцентска група, а во други места во друга група. Само за илустрација: именките *с'есра, ср'еа, л'еа* во говорот на Смоларе одат по моделот *г̄л'ава – г̄л'ави* : *г̄лав'ата – г̄лав'ите* (значи: *с'есра – с'есри* : *сеср'ата* : *сеср'ите),* додека во говорот на с. Стинек тие се акцентираат како *жен'а – ж'ени.* Аналогијата во тој поглед игра голема улога.

Значително е побогат фондот на именките со морфолошки фиксиран (парадигматски) акцент. Многуте немотивирани и безмалку сите изведени именки имаат парадигматски акцент било тој да се наоѓа на коренска морфема, на афикс (префикс или суфикс) или на флексивна наставка, сп. *св'ер – св'еро – св'ерове* (: *св'еровето*), *п'ак – п'ако – п'аков* (: *п'аковето*), *к'он' – к'он'о – к'он'е – к'он'ето, п'оес – п'оесо – п'оесе* (: *п'оесето*), *п'алец – п'алецо – п'алци – п'алците, ков'ач – ков'ачо – ков'аче – ков'ачето; б'аба – б'абата – б'аби – б'абите, голин'а – голин'ата – голин'и – голин'ите, бл'ато – бл'атото – бл'ата – бл'атата* и др.

Кај придавските зборови (неизведени и изведени) акцентот е морфолошки фиксиран, сп. *б'ел – б'елио, б'ела – б'елата, б'ело – б'елото, б'ели – б'елите, 'убав – 'убава – 'убаво – 'убави* (: *'убавио, 'убавата, 'убавото, 'убавите*), *зел'ен – зел'ена – зел'ено – зел'ени – зел'ениo – зел'ената – зел'еното – зел'ените.*

Во глаголската флексија исто така има два акцентски модела: со морфолошки фиксиран и со подвижен акцент.

Кај фиксираниот акцентски модел акцентот може да стои: а) на коренската морфема, сп. сегашно време: *в'икам – в'икаш – в'ика – в'икаме – в'икате – в'икаат*, имперфект: *в'иках – в'икаше – в'икаше – в'ика(х)ме – в'икахте – в'икаа*, аорист: *пл'етох – пл'ете – пл'ете – пл'етохме – пл'етохте – пл'етоа* Менд, б) на суфиксот: *куп'увам – куп'уваш – куп'ува*, како и в) на тематската морфема, сп. аорист: *ор'ах – ор'а – ор'а – ор'ахме – ор'ахте – ор'аа, мол'их – мол'и – мол'и – мол'ихме – мол'ихте – мол'и(ј)а*, имперфект: *плет'ех – плет'еше – плет'еше – плет'ехме – плет'ехте – плет'еа* Менд.

Подвижен акцент се среќава кај еден број глаголи од *е-* и *и*-група во презентската парадигма и во императивот. Во сегашното време акцентот алтернира меѓу 1 л. едн., каде што тој стои на коренската морфема, и во другите лица во кои акцентот паѓа на тематскиот вокал, сп. *пл'ета* : *плет'еш – плет'е – плет'ем(е) – плет'ете – плет'ат, ст'оја* : *сто'иш – сто'и – сто'им(е) – сто'ите – сто'јат* Менд.

По овој модел се акцентираат и: *'ора – ор'еш, б'ера – бер'еш, ј'ам – јад'еш, пр'еда – пред'еш, вл'ека – влеч'еш, р'ева – рев'еш, тр'ăча – трăч'иш* Габ, *с'еда – сед'иш, кр'ада – крад'еш* Хрс, Ив, Бел и др.

Во префиксираните глаголи во 1 л. едн. акцентот паѓа врз префиксот, а во другите лица на коренската морфема, сп. *'испера* : *исп'ереш – исп'ере – исп'ерем – исп'ерете – исп'ерат, з'абера – заб'ереш, 'обера – об'ереш, з'акопа – зак'опаш, з'апал'а – зап'алиш, 'испија – исп'иеш* Хрс.

Во струмичкиот дел од овој говор овој вид акцентски алтернации се ретки. Таму акцентот се изедначил според 1 л. едн. (според парадигмите со фиксиран акцент), сп. *ј'ада – ј'адеш – ј'адат* См, *ст'оа – ст'оеш, п'ера – п'ереш* Ст.

Во заповедниот начин акцентот алтернира меѓу еднинската и множинската форма; во еднината тој стои на коренската морфема кај непрефиксираните глаголи, односно на префиксот кај префиксираните, а во множината паѓа на првиот слог од наставката, сп. *в'икај – вик'ајте, пр'еди – пред'ете, ч'ети – чет'ете* Менд, *гл'едај – глед'ајте, ј'ади – јад'ејте, д'ржи – држ'ејте* См, *пл'ети – плет'ејте* Петрич, *'оди – од'ејте, 'учи – уч'ејте* Бел, Габ; *'изеди – изед'ејте, 'осприжи –*

остриж'ејте Ст, *з'апали – запал'ејте, н'арани – наран'ејте* Габ, *з'аколи – закол'ејте, 'изнеси – изнес'ејте* Кр, Ив, Сес, До.

Во источните петрички села на левата страна од Места кај овој вид образување во 2 л. мн. се јавува секундарен акцент, сп. *д'онеси – д'онесете, з'абележи – з'абележете, 'остави – 'оставете* Мар (БДА Ш, к. 148).

2. ФЛЕКСИЈА

2.1. *Именки.* – Граматички категории на именките се: род, број и определеност.

2.1.1. Кај категоријата на *родот* од дијалектен аспект интерес претставуваат старите именки од ж.р. на консонант. Во петричкиот говор оваа категорија добро се пази, сп. *б'олес – болест'а, р'адос – радост'а, 'есен – есент'а, пр'олет – пролетт'а, ч'ел'ат – чел'att'а, лоша смрт, смртт'а, п'амет – паметт'а, една в'ечер – вечерт'а, вл'ас – власт'а, мас – маст'а, п'омош – помошт'а, крф – крфт'а, брс / брăс – брăст'а, кал – калт'а;* по нив се повеле и *гној – гнојт'а, мох – мохт'а* и др.

2.1.2. *Број.* – Кај именките од машки род покрај обичната множина добро се пази и избројаната, додека збирната множина може да се следи кај сосем ограничен број лексеми.

Наставки за обичната множина се: *-ове, -е, -и, -офци* (< *-овци*).

Со наставката *-ове* множина образуваат по правило еднозложни именки, сп. *брек – бр'егове, брич – бр'ичове, бух – б'уове, звер – зв'ерове, зек – з'екове, змех – зм'еове, еш – 'ежове, сит – с'идове, пат – п'атове, пак – п'акове, син – с'инове* и др. Од *ден* покрај множинскиот облик *д'енове* Лип, Драг, Вран се среќаваат и формите *дни* Стар, Бут, *д'ене* Руп, Хаџ, *ден'е* Тод (Иванов, 1972 : к. 74). Од двосложните именки со наставката *-ове* множина образува *в'етер – в'етрове* покрај *в'етере.*

Во нашиот материјал не се констатирани примери со наставката *-еве.*

Со наставката *-е,* која ја континуира старата наставка на консонантските основи, множина образуваат готово сите именки, со исклучок на оние што завршуваат на *к, г* и на *-ц,* сп.: *(-н) кол'ан – кол'ане, кост'ен – кост'ене, калч'ун – калч'уне, нал'ăн – нал'ăне, 'оган – 'огине, христијане,* (*-н'*) *гр'ебен' – гр'ебен'е, к'амен' – к'амен'е, пл'амен' – пл'амен'е, р'емен' – р'емен'е, кон' – к'он'е,* одн. *кон – к'оне, дрм'он' – дрм'он'е,* (*-л*) *'анг'ел – 'анг'еле, ѓ'авол – ѓ'аволе, п'одмол – п'одмоле, уч'ител – уч'ителе,* (*-р*) *г'абер – г'аберe, сегв'ар – сегв'аре, д'евер – д'евере, офч'ар – офч'аре, в'етере* покрај *в'етрове* Ст, (*-ј*) *пов'ој – пов'ое, пор'ој – пор'ое,* (*-б, -п*) *г'алап – г'алабе* Шт, *дол'ап – дол'апе, чур'ап – -е,* (*-в, -ф*) *рак'аве, ц'рве, кож'уф – кож'уфе, дап – д'абе, г'оспе, гл'испе, л'испе,* (*-з, -с*) *обр'ас – обр'азе, п'оес – п'оесе,* (*-ж, -ш*) *маш – м'аже,* (*-ч*) *ков'ач – ков'аче, кос'ач – кос'аче.*

Со наставката *-и* множински форми образуваат без исклучоци именките што завршуваат на веларна согласка (*-г, -к*), сп. *вăк – в'ăци, зрак – зр'аци, ез'ик – ез'ици, з'аек – з'ајци, мн'ук – мн'уци, 'облак – 'облаци, оп'инок – оп'инки, глок – гл'оѕи, п'олок – п'олоѕи, пр'елок – пр'елоѕи, Влах – Вл'аси, ор'ех – ор'еи,* но и *ор'ее,* потоа именките на *-ец* : *в'енец – в'енци, глуш'ец – гл'ухци, ј'унци, к'алци, к'онци,*

п'алец – п'алци, како и именките на *-ел* кај кои вокалот *е* од наставката корелира со зеро (*е ~ ø*) во множината, сп. *кот'ел – котли, ор'ел – 'орли, пет'ел – п'етли,* веројатно за да се избегне омонимијата со деминутивните образувања од истите основи (*кот'ел – к'отли* : дем. *к'отле* !). Во нашиот материјал констатирани се уште *зај – з'аби, н'окоќ – н'охти, л'акоќ – л'акти / л'ахти.*

Наставката *-офци* (< *-овци*) ограничена е на неколку роднински имиња, сп. *в'ујко – в'ујкофци, д'едо – д'едофци, з'етофци* Шт, покрај *зеќ – з'еќове* Крн, *'очуф – 'очуфци, т'етин – т'етинофци.* Од именката *чов'ек* множинскиот облик гласи *чов'еци* Ст, Шт, покрај збирната *л''уде* Менд.

Избројаната множина е стабилна категорија и се образува со наставката *-а* : *два* (*пет, десет, педесе, сто*) *ножа, леба*, итн.

Збирната множина е доста расколебана со испуштањето на /j/ во наставката *-је.* Така формите како *д'абе, л'исте, сн'опе* Бут, *сноп'е* Дер, Руп, Рајк, *тр'апе, т'рне* (: едн. *дап, лис, сноп, трн, трап)* можат да се сметаат од формален аспект како форми на обичната множина. Поинаку граматички се експонираат *бр'ат'а / бр'аќа* (: *брат*) и *л''уде* (: *чов'ек – чов'еци*).

Кај именките од женски род превладала множинската наставка од тврдите основи *-и* : *ж'ени, с'ес(т)ри, б'аби, к'ашти, 'офци* и др. Наставката *-е* се задржала само кај именката *сф'ин'а,* мн. *сф'ин'е – сфин''ете* Ст.

Нема единство во овој говор во поглед на множинските форми од именките *н'ога* и *р'ака.* На еден дел од односно говорно подрачје се одржале старите дуални форми *р'аце, н'озе* Ст, Шт, См, Бел, Габ, Кр, Ив, Др, *р'аце, н'ose* Сес (БДА III, к. 163), а во еден број пунктови се наложила наставката *-и* : *р'аки, н'оги* Крн, ПБ, Хрс, Мар.

Именките од среден род множина образуваат со наставките *-а, -ина, -ена, -ета, -и,* сп.: (*-а*) *вл'акна, р'ебра, с'ела, ј'ајца, 'огништа, сл'оништа, -ина* : *вр'еме – врем'ина, ј'аре – јар'ина, важ'е – важ'ина, ждреб'е – ждреб'ина, к'уче – куч'ина* Шт, Ст, См, Менд, Ив, *-ета* : *ц'ета* Менд, *телета, к'уче – к'учеата, м'аче – м'ачеата* Петрич. Наставките *-ина* и *-ета* се разграничуваат токму на петричкиот терен. Според БДА наставката *-ина* допира скоро до Струма. Во бројни пунктови се употребуваат паралелни множински форми со *-ина* и со *-ета*, сп. *важ'ина* и *важ'ета* Кр, Сес, *важ'етата* и *важ'инаата* Др, *важ'етата* Бел, Габ, *важ'ета* Хрс, *важ'а* Руп, Вет, *в'ажета* Драг, Сенг, *в'ажита* (< *в'ажета*) Вет, *им'ина* ПБ, *им'ина, имен'а, 'имета* До, *им'ина* и *имен'а* Габ, *'имена* Ив, *'имита – 'имитата* Мар, *имин'а* Тод, *'имин'а* Бут, *имен'а* Руп, До, *им'ина* и *имен'а* Габ, *ј'агнетата* Кр, Ив, Сес, *п'илета – п'илетата* Мар; од именката *р'амо* забележани се неколку множински облици: *р'амена, рам'ена, рамен'а* Чур, *р'аменаата* Ив, Др, Сес, До, *рамен'а – рамен'ата* Бут, Сет, *рамин'ата* Габ, *р'аминдата* Мар, *р'аменаата* и *р'аменетата* До, *рамен'а* и *рам'ина* Габ, *р'аметата* Др (БДА III, к. 164-167).

Од именките *п'иле, т'еле, прас'е* покрај множинските форми на *-ина* и *-ета* (*пилина, пилета*) се среќаваат и образувањата *п'илци, т'елци, пр'ахци* (: **pilьsь, *prasьsь, *telьsь)* Крн, Сп, Менд. Формите *п'илишта – п'илиштата* Габ, Бел, *ј'агништа, ј'аришта* См, Ст имаат збирно значење. Сп. и: *'око – 'очи, уш'е – 'уши.*

2.1.3. Категоријата *определеност* се изразува преку членските морфеми: *-о, -та, -то, -те,* сп. *бреѓ'о, заб'о, маж'о, п'оес – п'оесо, ков'ач – ков'ачо; ѓл'ава – ѓлав'ата, сол' – сол'т'а; с'ело – сел'ото, уш'е – уш'ето;* во множинските форми

членските наставки се управуваат според завршниот вокал, сп. *д'еца – дец'ата, р'ебра – ребр'ата, важ'ета – важ'етата, ждреб'ина – ждреб'ината;* кај именките што завршуваат во множината на *-е (-ове)* членската наставка е *-то* : *с'инове – с'иновето, м'аже – маж'ето, рак'аве – рак'авето, сн'опе – сн'опето, л''уде – л''удето, н'озе – нозето,* а оние што завршуваат на *-и* во членуваната форма имаат наставка *-те: з'аби – заб'ите, в'ици – вац'ите, 'орли – орл'ите, 'очи – оч'ите, т'елци – телц'ите, ж'ени – жен'ите.*

2.1.4. Како дијалектна посебност кај личните имиња заслужуваат внимание уште две појави: вокативната форма кај личните имиња на *-ој* од типот *Благ'ој, Стан'ој,* вок. *Благ'ое, Стан'ое* Ст, и општата форма кај машките имиња на *-е* како *Петре, Доне, Митре,* сп. *вид'е го П'етрето* Ст, *каж'ах му на П'етрето;* така и *Д'оне – Д'онето, М'иле – М'илето, М'итре – М'итрето, К'оце – К'оцето, Н'асе – Н'асето,* но: *вид'ех го Стој'ан, реч'е му на В'елко, Ж'ифко, Тр'ајко* Габр.

2.2. *Придавки.* – Кај придавките од дијалектен аспект интерес можат да претставуваат само образувањата на *-ит* од типот *ор'ит* (*вол*), *пас'ит* (*кон'*), *истел'ит* (< *јастел'ит*), *камен'ит* (*камен'ито м'есто*) См и на *-ешт-* : *бивол'ешти, коз'ешто мл'еко, кр'авешти, к'учешти з'аби* Ст, См, *г'орешто* Ст, *гор'еш* См, но *јагн'ешко м'есо, пил'ешко, тел'ешко, гов'ецко месо*, и: *ј'агнечки, п'илечки,* покрај *кр'авешки, к'учешки, т'елешки* Стар (Иванов, 1972 : к. 143). По придавскиот модел на *-ов* од типот *ичимен'оф* (*леп*) образувани се придавките *ржоф,* покрај *ржен* (*леп*), *ченичк'оф* Ст. Поради фонетските облици ги приведуваме и придавките *плешк'ат, н'исок* (: *н'иска, -о), т'ешок* (: *т'ешка, -о, -и*).

Во врска со образувањето на членските форми разгледуваниов говор не покажува посебности, сп. *б'ел – б'елио, гол'ем – гол'емио, зел'ен – зел'енио, зел'ената, зел'еното, зел'ените.*

2.3. *Заменки.* – *Личните* заменки се јавуваат во следниве форми: *јас, ј'азе, ј'азека* Менд, Крн, Петрич, *ас* См, *м'ене ме* (*виде*) Ст, Менд, *м'ене / м'енека ме* Крн, *на мене / мен ми* (*рече*); *н'и(ј)а* Ст, См, *н'иа* Крн, Петрич, *н'иа / н'ие / н'иека* Менд, *нас не* (*виде*), *на нас ни* (*рече*) Менд, *на нам ни* Крн; – *ти* Ст, См, *т'изе, т'изека* Менд, *т'ина* Струм, *т'ебе / теп / т'ебека те* Менд, *на т'ебе / на теп ти; в'и(ј)а* Ст, Крн, *в'иа / в'ие / в'иека* Менд, *вас ве* (*виде*), *на вас ви* (*рече*) Менд, Ст, *на вам ви* Крн; – *он* Стар, Тод, Крн, Менд, *он / тове* Ст, *тој* Рајк, Хаџ, Сенг, *н'его го* (*виде*), *на него му* (*рече*) Ст, Менд, Петрич, *на нему му* Крн, *н'ега га* Стар, Бут, *н'ега* и *н'егу* Кеш, *га / го* Руп, *га / гу* Кеш, Вет, *'оно* Ст, *он'о* См, Петрич, *'она* Ст, Менд, *он'а* См, Крн, Петрич, *он'а* и *т'а* Драг, Хаџ, *тј'а* Бут, Руп, Кеш, *н'еа а* Ст, См, *не(ј)а ја* Менд, *неа га* Крн, Петрич *неја га* Бут, Стар, *н'еја / н'ехи* Драг, Џоџ, Рајк, *на не(ј)а и* Ст, См, Менд, *на неа и / ин* Крн, *на неа и / хи* Драг, Вран, Сенг, *'они* Менд, См, *'они / т'и(ј)а* Ст, *них и* Ст, См, *них ги* Менд, *на них им* Ст, См, Крн, *им / хим* Руп, *хми* Сенг; во материјалот од Петрич за 3 л. се среќаваат и форми од основата *т-,* сп. и *т'аа стан'ува, т'аа сид'ела уф едн'а п'ештера*, и *тој по н'еа трăгн'ува*, но и: *тог'ај 'она каж'ала.*

За *прашања* се употребуваат облиците: *кој, кој'а, ко'е* Ст, Менд, *кој, кој'а, кој'о, к'ои* См, *кој, ко'а, кој'о* Крн, *на кој, на кој'а* Ст, Менд, *што; чиј, ч'ија, ч'ие,*

ч'ии // на к'ој, на кој'а Менд, Ст, *чиј // на к'ој* См, *чиј, чи'а, чиј'о, ч'ии* Крн; – *как'оф, какв'а, какв'о, какв'и; – колк'аф, колк'ава, колк'аво, колк'ави* Менд, Петрич; *ка* и *как* Бут, Руп (Иванов, 1972 : к. 109).

Неопределени се: *н'екој, н'екоа, н'екое; н'ешто.*

За *негација: н'икој, н'икоа, н'икое; н'ишто.*

Општа: с'екој, с'екоа, с'екое; општо-количинска: с'ички – с'ичкио, с'ичко Ст, Петрич, *сè, с'ите* См, *фрет* Габ, Бел, Кр, Др, Ја, Чур, *фрет* и *с'ите* Ив, ПБ.

Доста е богат инвентарот на форми со *показно* значење, сп.: *тај* (*чов'ек*), 'тој, овој', *т'аа, тов'а; т'ај т'ам* 'оној' Габр, *тај, т'аа, тав'а, т'иа; т'ај т'ука, т'аа т'ука, тав'а т'ука* 'овој'; *т'ај т'ам, т'аа т'ам, тав'а т'ам, т'иа т'ам* 'оној' См, *т'ове, т'аја, тав'а, т'иа* Ст, *т'оа, т'аа, тав'а, т'ија; он'оа, он'аа, онов'а, он'ија* Габ, Бел, *т'ове, т'аа, тов'а, т'ија; 'она, он'аа, онов'а, он'ија* Кр, Ив, Др, Сес, *тов'е / т'оа, т'аа, тов'а, т'ија; 'он'а, он'аа, онов'а, он'ија* Г, До, Чур, ПБ, *т'ова / т'ове, т'аја / т'аа / та, тов'а; 'оне / 'он'а, он'аја / он'аа / он'а:* Хрс, *т'оа, т'аа, тов'а, т'иа; 'онио, он'аа, онов'а, он'иа* Петрич, *он'ио, он'аа, онов'а* Крн, *т'ози, т'аа, тов'а, т'иа; 'она, он'аа, онов'а, он'иа* Мар (БДА III, к. 128, 198), *т'оја, т'аја, т'еја; он'оја, он'аја, он'еја* Стар, Бут, *т'оа, т'аа; он'оа, он'аа, он''аа* Руп, *т'ове, т'аве, т''аве; 'он'а, ун'аа, ун'иа* Драг (Иванов, 1972 : к. 101);

– так'оф, такв'а, такв'о, такв'и; онак'оф, онакв'а, онакв'о, онакв'и Менд, См, Петрич, Ст, Габр; *– толк'аф, толк'ава, -о, -и* Менд, Ст, *т'олкаф / толк'аф* См.

Со *присвојно* значење регистрирани се следниве форми: *мој, м'оја, м'оје; наш, -а, -е; – твој, тв'оја, тв'ое; ваш, -а, -е, -и* Кр, Сес; *мој, м'оја, м'ојо; твој, тв'оја, тв'ојо; наш, -а, нашо, наши; ваш, -а, вашо, ваши* Бел, Габ, Хрс (к. 143); *н'еѓоф, н'еѓова, н'еѓово, н'еѓови; н'ејни* (*син*), *н'ејна, н'ејно* См, Ст, Габр, *н'ејн, н'ејна, -о, -и* Менд, *н'езин, -а, -о* Крн; *н'имен, н'имна, -о, -и* Бел, Габ, Кр, Ив, Др, Сес, *н'имни, -а, -о* Чур, Ст, Габр, ПБ, *н'имни – н'имнијо* Хрс, *нин, н'ина – н'ината, н'ино* Мар, *н'ихен, н'ихна, н'ихно, н'ихни* Крн, Петрич (БДА III, к. 143, 199).

2.4. *Глаголи*

2.4.1. *Имперфективизација.* – Најпродуктивен суфикс за образување на несвршени од свршени глаголи е *-ув-*, сп. *куп'ува* (: *к'упи*), *леѓн'ува, сфал''ува, стемн'ува, нар'ечува, запл'етува* Габр, См, *куп'увам* (Иванов, к. 148). Живи се и старите образувања со суф. *-ја* и алтернација на основниот консонант од типот *пл'ати – пл'аша, ср'ете – ср'ешта, ф'ати – ф'аша, в'иди (в'иде) – в'ижда, дов'ажда, р'оди (р'оде) – р'ажда, зав'ажда,* потоа образувањата со промена на основниот вокал: *забор'ава* (: *забор'ави*), *ист'ава, ост'ава, расп'рава,* и со алтернација на вокалите *о ~ а* : *затв'ара, отв'ара* (: *отв'ори*); сп. уште: *ф'рл'а* (: *фрли – ф'рле*), *зб'ира* (: *зб'ере*), *покр'ива* (: *покр'ие*), *крш'ева* Габр, Ст, *пад'ина, исп'ира, препл'ита* См. Во западните села кај глаголите што им завршува општиот дел на *-в* од типот *забор'ави* имперфективната форма се образува и со суф. *-ј-* и промена на основниот вокал, сп. *забор'авја, попр'авја, испр'авја, распр'авја* Габр, См, сп. таму и *оздрав'евја* (: *оздрав'ее*). Во текстот од Петрич запишан од Стојанов покрај примерите на *-ув-* : *вер'уам, вид'ува, каж'увам, трајн'ува* и др. наоѓаме и форми со суф. *-ов-* : *зак'ол'ова, најд'ова, над'ојова, нај'шова, отр'ежова, отв'орова, отк'арова, прол'етова, проч'етова,* кои се инаку карактеристични за гоцеделчевскиот и серско-драмските говори. Не се необични и образува-

њата од типот *нар'ича, одр'ича, ист'ича* (: *одр'ече, дот'ече*), *ср'ишта* (: *ср'ете*), *прел'ита* (: *прел'ете*), кои се карактеристични за повеќето источни македонски говори; сп. и *дов'ада* покрај *дов'ажда, до'ожда, саб'ужда, ф'ата* покрај *ф'аита* (: *ф'ати – ф'ате*), *в'рита* (: *в'рне*), *нас'рита* (: *нас'рне*) Ст.

2.4.2. *Време.* – Категоријата време се изразува преку глаголските форми за сегашно, минато определено (свршено и несвршено), минато неопределено (свршено и несвршено), предминато, минато резултативно, идно, минато-идно и идно прекажано време.

2.4.2.1. *Сегашно време.* – Парадигмата за сегашно време гласи:

гл'еда-м	*пл'ет-а(м)*	*н'ос-а(м)*	или	*н'ос-а(м)*
гл'еда-ш	*плет-'еш*	*н'ос-еш*		*н'ос-иш*
гл'еда-ø	*плет-'е*	*н'ос-е*		*н'ос-и*
гл'еда-ме	*плет-'ем(е)*	*н'ос-ем(е)*		*н'ос-им(е)*
гл'еда-те	*плет-'ете*	*н'ос-ете*		*н'ос-ите*
гл'еда-т	*плет-'ат*	*н'ос-ат*		*н'ос-ат*

Во врска со образувањето на сегашното време треба да го истакнеме следното:

а) глаголите од *и*-основи се задржале, главно, во североисточниот дел на областа, сп. *в'арим(е), р'аним(е), сед'им* Кр, Ив, Ј, Ја, Др, *гов'орите, к'упиш, сед'име, нај'адиме* Хрс, *тарп'иш* Петрич, *в'ида – в'идиш, св'ириш – св'ирите* Менд. Во западните села сите глаголи од *и*-група се интегрирале во *е*-група, како во штипско-струмичките говори, сп. *н'осам – н'осеш* Шт, *в'ида(м) – в'идеш, д'ржа – д'ржеш, 'ода – 'одеш, м'исл'а – м'исл'еш* Ст, *ст'оа – ст'оеш, с'ол'а – с'ол'еш* См, *м'еса – м'есеш, н'оса – н'осем(е), п'остем(е), в'ареме* Габ.

Во говорот на Штука и на околните села глаголите од *и*- и *е*-група се интегрирале на тој начин што во 2 л. едн. како основен вокал се генерализирал *-и-*, а во 3 л. едн. и во 1 и 2 л. мн. се наложил вокалот *-е-*, како во некои долновардарски и тиквешки говори, сп. *б'ера, б'ериш, б'ере, б'ереме, б'ерете, б'ерат; н'оса, н'осиш, н'осе, н'осеме, н'осете, н'осат; кр'оа, кр'оиш, кр'ое; с'еа, с'еиш, с'ее, с'ееме,* итн. Исклучок претставуваат само глаголите што им завршува општиот дел на вокалите *-и-* и *-у-*, сп. *п'ија, п'иеш, п'ие; 'обуа, об'уеш, об'уе.*

б) Во 1 л. едн. наставката *-м* редовно се јавува само кај глаголите од *а*-група: *гл'едам, в'икам* – на сета територија. Кај глаголите од *е*- и од *и*-група *-м* се среќава факултативно, се среќаваат наспоредни форми со *-м* и без него, вторите се пообични, сп. *пл'ака – пл'ачеш, ч'уа – ч'уеш, д'ржа – д'ржеш, 'излега – изл'езеш* Ст, *р'ода(м), н'оса, с'еча* См, *жив'еа, н'оса, 'ода, пл'ета, п'оа, с'еда, ст'о(ј)а,* и: *б'ерам, 'одам, п'оминам, р'едам* Габ, Г, До, Чур, Бел, ПБ, *б'ерем, пл'етем, с'ечем* и *сн'ова, л'ежа, н'ос'а, д'онеса* Стар, *м'етем, л'ежам, т'очам, н'осем* Бут, Тод, *б'ера* Лип, Кеш, Руп (Иванов, 1972 : к. 115).

в) Во 1 л. мн. наставката *-ме* редовно се употребува кај глаголите од *а*-група: *в'икаме, забор'аваме* (: 1 л. едн. *в'икам, забор'авам*). Кај глаголите од *е-* и *и*-група се среќаваат форми со *-м* (тие се почести) и со *-ме,* зависно од тоа како завршува 1 л. едн., сп. *јам – ј'адеме, д'ам – д'адеме, в'идам – в'идеме, бер'ем – бер'еме,* но: *н'оса – н'осем(е)* Ст, и *ӣл'еӣа – ӣлеӣ'еме, ӣ'иша – ӣ'ишеме, 'ора – ор'еме / ор'ем, кр'ија – кр'иеме / кр'ием, ч'ија – ч'уеме, в'ида – в'идиме / в'идим, св'ира – св'ириме* Менд, *ӣл'еӣа – ӣлеӣ'ем, ӣ'ӑрӣа – ӣӑрӣ'им* Петрич, *бер'ем, влеч'ем, м'есем, н'ајдем,* и *м'есеме, ӣред'еме, с'еднеме, раб'оӣеме* Габ, *јад'ем, м'ием, в'арим, м'ерим, с'адим,* и *жн'иеме, р'аниме* Кр, Ив, Бел, Др, Хрс. Во јужните села почести се формите со наставката *-ме* : *бер'еме* Бут, Вет, *б'ереме, ӡ'ониме, н'осиме, ке 'одиме, в'идиме,* покрај *ӡ'оӣвим, кр'ием* Лип, Дер (Иванов, 1972 : к. 116).

г) Кај глаголите 'пече, плаче, стриже' и сл. во 1 л. едн. и во 3 л. мн. во некои пунктови сѐ уште можат да се сретнат форми со неизменети /*к, ӡ*/, сп. *ӣ'ека – ӣ'екаӣ* : *ӣ'ечеш, ӣл'ака – ӣл'акаӣ* : *ӣл'аче, сӣр'иӡа – сӣр'иӡаӣ : сӣриже,* дури и *фл'еӡа – фл'еӡаӣ, изл'еӡа – изл'еӡаӣ* (: *фл'езеш, изл'езеш*), покрај *ӣ'еча – ӣ'ечаӣ, ӣл'ача – ӣл'ачаӣ, сӣр'ижа – сӣр'ижаӣ, р'еча – р'ечаӣ* Ст, См.

д) Формите на глаголите 'сум' и 'нејќум' гласат: *сӑм* См, *сạм* Менд, *сам* Ст, Габр, Лип, Тод, *си, е, сме, сӣе, са / сạ; н'ејќу, не:јќеш, н'ејќе, н'ејќем(е), н'ејќеӣе, н'ејќаӣ* Ст, *н'еќу, н'еќеш, н'еќаӣ* См.

2.4.2.2. *Минаӣо оӣределено несвршено време*:

ӡл'едах	*кр'иех*	*св'ирех*	*ӣлеӣ'ех*	*б'ех*
ӡл'едаше	*кр'иеше*	*св'иреше*	*ӣлеӣ'еше*	*б'еше*
ӡл'едаше	*кр'иеше*	*св'иреше*	*ӣлеӣ'еше*	*б'еше*
ӡл'едаˣме	*кр'иеˣме*	*св'иреˣме*	*ӣлеӣ'еˣме*	*б'еˣме*
ӡл'едахӣе	*кр'иехӣе*	*св'ирехӣе*	*ӣлеӣ'ехӣе*	*б'ехӣе*
ӡл'едаа	*кр'иеја*	*св'иреа*	*ӣлеӣ'еа*	*б'еа*

(Менд)

Во 1 л. мн. во повеќе пунктови гласот /*х*/ се изговара многу слабо или наполно се загубил оставајќи при тоа како компензација должина на тематскиот вокал, сп. *ӡл'едаˣме – ӡл'еда:ме, ј'адеˣме – ј'аде:ме* Ст, *н'осех – н'осе:ме, с'ечех – с'ече:ме* См. Удолжениот вокал понатаму во некои локални микросистеми се разбил на два кратки вокала со што наставката се проширила, сп. *ӡл'едах – ӡл'едааме, ӣӑрӣ'ех – ӣӑрӣ'ееме, ӣлеӣ'ех – ӣлеӣ'ееме* Петрич. Според Стојанова парадигмата на имперфектот во говорот на гр. Петрич го има следниов вид: *ӡл'едах, ӡл'едаше, ӡл'едаше, ӡл'едааме, ӡл'едаˣӣе, ӡл'едаа; ӣлеӣ'ех, ӣлеӣ'еше, ӣлеӣ'еше, ӣлеӣ'ееме, ӣлеӣ'еˣӣе, ӣлеӣ'еа.* Од овие примери произлегува дека во 1 л. мн. *-х* наполно исчезнало, а во 2 л. мн. тоа се наоѓа во фаза пред исчезнување. Сп. и примери од јужните (подбеласичките) села: *сед'ех* Стар, *сед'ех* и *сед''ах* Тод, *сед''ах, вр̥в''ах* Руп (Иванов, 1972 : к. 123).

Акцентот во имперфектот се управува според презентската форма, сп. презент: *ӣл'еӣа – ӣлеӣ'еш,* имперфект: *ӣлеӣ'ех – ӣлеӣ'еше.*

2.4.2.3. *Минато определено свршено време*:

ор'ах	*крих*	*чух*	*мол'их*	*вид'ох*	*пл'етох*
ор'а	*кри*	*чу*	*мол'и*	*вид'е*	*пл'ете*
ор'а	*кри*	*чу*	*мол'и*	*вид'е*	*пл'ете*
ор'а^{х}ме	*кри^{х}ме*	*ч'у^{х}ме*	*мол'и^{х}ме*	*вид'о^{х}ме*	*пл'ето^{х}ме*
ор'а^{х}те	*кри^{х}те*	*ч'у^{х}те*	*мол'и^{х}те*	*вид'о^{х}те*	*пл'ето^{х}те*
ор'аа	*кр'ија*	*ч'уа*	*мол'ија*	*вид'оа*	*пл'етоа*

(Менд)

Сп. и: *број'ах, број'а, број'а^{х}ме, број'а^{х}те, број'аа* Шт, *плет'ох, плет'е, плет'ооме, плет'оote, плет'оа; тăрп'ох, тăрп'е, тăрп'е, тăрп'ооме, тăрп'оote / тăрп'о:^{х}те, тăрп'оа* Петрич.

Од глаголот 'сум' има два вида аористни облици, сп. *бех, бе, бе, б'е^{х}ме, б'е^{х}те, б'еа,* и: *бид'ох, бид'е, бид'е, бид'о^{х}ме, бид'о^{х}те, бид'оа* Менд, одн. *бид'ех, бид'е, бид'е, бид'е:ме, бид'е:^{х}те, бид'еа* См.

Посебна аористна форма има и глаголот 'нејќе' (стсл. **хътѣти** во негираниот облик), сп. *нефт'ох, нефт'е, нефт'е, нефт'о^{х}ме, нефт'о^{х}те, нефт'оа* Ст, и: *нефт'ех, нефт'е, нефт'е:ме, нефт'е:^{х}те, нефт'еа* См.

Во бутковските (подбеласичките) села поради замената на /*х*/ во /*ф*/ во 1 л. едн. како наставка за 1 л. едн. се јавува *-ф,* сп. *п'екоф* и *п'екаф* ХБ, *п'екаф* Кеш, Руп, но и *п'екох, пл'етох* Бут, Стар, *п'екох* и *п'еках* Рајк, Вран (Иванов, 1972 : к. 122).

И во аористот, како што покажуваат приведениве примери, во 1 и 2 л. мн. /*х*/ во наставките *-хме, -хте* во некои пунктови се загубило со последици како во имперфектот, а понегде се реализира како издишен фон.

Што се однесува до местото на акцентот треба да истакнеме дека во западниот дел на говорот има силна тенденција тој да се задржи на тематскиот вокал кај сите глаголи, како што е во струмичкиот и другите говори од штипско-струмичкото говорно подрачје, сп. *јад'ох, јад'е, јад'охме; рек'ох – реч'е, плет'ох – плет'е* Ст, *сеч'ех – сеч'е* См.

2.4.2.4. *Минато неопределено време*. – Во врска со образувањето на минатото неопределено време треба да нагласиме дека во петричкиот говор во 3 л. помошниот глагол сè уште се среќава, иако формите без помошен глагол стануваат денеска сосема обични независно од функцијата на обликот, сп.:

јас сам (сăм) им'ал	*ни(ј)а сме им'али*
ти си им'ал	*ви(ј)а сте им'али*
он е им'ал	*они са им'али*

Еве уште неколку примери во контекст: *Ако е напраила, нека е* (Петрич); *пупун'ецо с'ичките ги е покан'ил, и сичките са издошл'и, сад'е кукумј'афката*

не дошл'а; тоѓ'ај ц'аро м'алко е мисл'ил (Крн); но и : *Едн'о вр'еме им'ало ед'ин брат и едн'а с'есра. Отишл'и до едн'а ѓ'ора ѓол'ема. Ошл'и до врат'ата, отвор'ила се и он каж'ал... Жен'ата ошл'а уф момино си ѓрат при бр'ато* (Петрич). *Р'иќо си дош'ел ф 'отпуска. Сед'ел три ѓод'ини чир'ак оф П'етрч* (Менд).

2.4.2.5. *Предминато време*:

јас б'ех куп'ил	*ни(ј)а*	*б'е:ме*	*куп'или*
ти б'еше куп'ил	*ви(ј)а*	*б'е:ˣте*	*куп'или*
он б'еше куп'ил	*они*	*б'еа*	*куп'или*

(Ст, См)

2.4.2.6. *Минато резултативно време*. – За резултативни дејства извршени во минатото се употребуваат сложените форми со глаголот *има* / *нема* во соодветна форма + *ѓлаѓолската н-форма*. Сп.:

а)

јас 'имам к'упено	*ни(ј)а 'имаме к'упено*
ти 'имаш к'упено	*ви(ј)а 'имате к'упено*
он (она, оно) 'има к'упено	*они 'имаат к'упено*

б)

јас 'имах к'упено	*ни(ј)а 'има:ме к'упено*
ти 'имаше к'упено	*ви(ј)а 'имахте к'упено*
он 'имаше к'упено	*они 'имаа к'упено*

в)

јас сам им'ал к'упено	*ни(ј) сме им'али к'упено*
ти си им'ал к'упено	*ви(ј) сте им'али к'упено*
он (е) им'ал к'упено	*они (са) им'али к'упено*

(Ст, См).

2.4.2.7. *Идно време*:

јас ќе раб'ота(м)	*ни(ј)*	*ќе раб'отим(е)*	
ти ќе раб'отиш	*ви(ј)а*	*ќе раб'отите*	
он ќе раб'оти	*они*	*ќе раб'отат*	

2.4.2.8. *Минато идно време*:

јас ќе раб'отех		*ни(ј)а ќе раб'оте:ме*	
ти ќе раб'отеше		*ви(ј) ќе раб'отехте*	
он ќе раб'отеше		*они ќе раб'отеа*	

2.4.3. *Прекажаност*

2.4.3.1. *Сегашно и минато определено прекажано време* се изразуваат со формите од глаголот 'сум' во сегашно време и глаголската *л*-форма:

јас сам јад'ел (дад'ел)		*ни(ј)а сме*	*јад'ели (дад'ели)*
ти си јад'ел (дад'ел)		*ви(ј)а сте*	*јад'ели (дад'ели)*
он јад'ел (дад'ел)		*они*	*јад'ели (дад'ели)*

2.4.3.2. *Минато неопределено и предминато прекажано време* – се образуваат со формата на минатото неопределено време од глаголот 'сум' и глаголската *л*-форма:

јас сам бил од'ил		*ни(ј)а сме*	*бил'и од'или*
ти си бил од'ил		*ви(ј)а сте*	*бил'и од'или*
он бил од'ил		*они*	*бил'и од'или*

2.4.3.3. *Идно и минато-идно прекажано време* – се изразуваат со партикулата *ќе* и формата за минато неопределено време (*сам* + *л*-партицип) од соодветниот глагол:

јас ќе сам вик'ал		*ни(ј)а ќе сме*	*вик'али*
ти ќе си вик'ал		*ви(ј)а ќе сте*	*вик'али*
он ќе вик'ал		*они ќе*	*вик'али*

(Ст)

2.4.4. *Начин*

2.4.4.1. *Заповеден начин.* – Во 2 л. мн. има наставка *-јте* кај глаголите од *а*-група, и *-ејте* кај глаголите од *-е* и *и*-група, сп.: *'играј – игр'ајте, в'икај – вик'ајте, ј'ади – јад'ејте, б'ери – бер'ејте, 'учи – уч'ејте, к'ажи – каж'ејте, 'изеди – изед'ејте, д'онеси – донес'ејте,* и редовно така освен во крајните југоисточни села каде што наставката се јавува во фонетскиот облик *-ете* кај глаголите од *е-* и *и*-група: *'оставете, д'онесете* Мар. Кај глаголите од *е/и*-група што завршуваат на вокал во основата во 2 л. мн. се среќаваат двојни форми – со нас-

тавките *-јте* и *-ејте* : *стој – ст'ојте* и *сто'ејте, број – бр'ојте* и *бро'ејте, п'иј – п'ијте* и *пи'ејте, ч'уј – ч'ујте* и *чу'ејте* Сп, См. Во бутковските села покрај формите на *-ејте* : *д'онеси – д'онесејте,* констатирани се и форми со наставката *-ите* : *пл'ати – пл'атите, 'иди – 'идите, 'остави – 'оставите* (Иванов, 1977 : 181).

Негираните форми освен со партикулата *не* : *не 'оди, не в'икај,* се изразуваат и со *нем'ој, ним, нед'ej* и *ми* (грч. μή) + сегашното време со *да,* или заповедниот начин, или, пак, со скратената инфинитивна форма од односниот глагол, сп.: *нем'ој да в'икаш* См, *нем'ој да пр'авиш так'а, нем'ој да се попл'ескаш* Габ, *нем'ој да фр'ăл'аш с к'амене, нем'ој т'ука да ви д'аваме јад'енето, нем'ојте да не ст'е закуснув'али* Ив, Кр, Д, Ја, *нем'ој да пр'аиш* Сес, *нем'ој да гл'ад'уваше, нем'ој да ми каж'уваш* Бел, *нем'ој да р'укаш* Бут, Стар; *– нем'ој с'еди, нем'ој сед'ејте* Ст, *нем'ој го вр'ăштај, нем'ој го кач'увај, нем'ој го б'арај* До, Чур, *нем'ој б''агај, нем'ој в'икај, нем'ој ц'икај* Бел, *нем'ој т'изе ф'атај оти т'аа ст'ока е ц'арска* Менд, *нем'ој в'икај, нем'ој р'укај* Руп, Сенг (Иванов, 1977 : 131), *нем'ој н'оси, нем'ој пл'ачи, нем'ој т'ури, нем'ој н'ижи* Кр, Ив, Ј, Ја, *нем'ој л'ажи* Чур, *нем'ој ја зак'ача, нем'ој т'ам к'ăца* ПБ, Чур, *нем'ој го т'епа, нем'ој го б'ара* Габ; *– н'им в'ик'и, н'им н'оси* Шт; *– нед'ej пл'ачи* Крн, Др, Мар; *– м'и не н'оси, м'и не г'о бij, м'и л''ули, м'и се попл'есквај* Габ, *м'и се б'арај, м'и се т'опи* Бел, *м'и не л'ови* Габ (БДА III, к. 215, 216 и во коментарот). Частичката *ми,* која е карактеристична за серскодрамските говори, забележана е во Бел, Др, Сес покрај *нем'ој.*

2.4.4.2. *Можниот начин* – е активна категорија, сп. *А ј'ас би дош'ел ако не се сл'учеше тов'а* (Менд), *ј'ас би работ'ил* (Ст).

2.4.5. *Глаголската л-форма* – кај глаголите од *о*-раздел во м.р. завршува на *-ăл* или *-ал,* во неколку пунктови и на *-ол,* сп. *п'екăл, р'екăл* См, Габр, *фл'егăл – фл'егли* Ст, Габ, До, *фл''агăл* Бел, Хрс, *фл'егол* Кр, Др, Сес, *дон'есăл* Бел, покрај *дон'ел, фл''ал* Крн, Мар; од глаголот 'дојде' – *дош'ел, дошл'а, дошл'и* Ст, См, Крн, *р'екăл, с'екăл, уш'екăл* и *р'екол, уш'екол* Ја, Сес, *п'асăл, изл'егăл, фл'егăл* и *изл'егол, фл'егол* Чур, *р'екăл* Петрич, во бутковските села: *фл''агăл* ХБ, Сенг, *дон'есал, одн'есал* Кеш, *дон'есал* и *дон'ел* Бут, ЏМ, *м'огал* Стар, *м'ожал* Тод, *мож'ал* Бут (Иванов, 1972 : к. 127, 128). Кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал: *знај'ал, ткај'али, сеј'ал, броj'ал, чуј'ал* и *ч'ул* Шт.

Несвршената *-е-л*-форма исто така има нормално образување: *муж'ел, пич'ел, рич'ел, плеш'ел* Шт, *дад'ел, јад'ел, реч'ел* (: свршените *дал, јал, р'екал*) Ст, *дојд'ел – дојд'ели, реч'ел* (: свршените *р'екал, дош'ел*) Бабр. Од глаголите 'сум' и 'нејќе' *л*-формите гласат: *бил, бил'а, бил'о, бил'и; нефт'ел, -ла, -ло, -ли* (БДА III, к. 208-210). За дел од бутковските (подбеласичките) села Иванов тврди дека нема несвршена *л*-форма (сп. Иванов, 1977 : к. 126).

2.4.6. *Глаголската придавка* се образува со наставките *-н, -на, -но, -ни,* одн. *-ен, -ена, -ено, -ени* кај глаголите од *о-* и од *и*-раздел, како и кај глаголите што им завршува општиот дел на *-н-,* сп. *к'опан, в'иден, ж'енен, р'анен* Шт, *бр'анен, ж'енен, к'анен, л'егнен, п'аднен, ст'анен* См, Менд, *ж'енин, с'еин* (< *ж'енен, с'еен*) Крн, Мар. Во подбеласичките села Иванов забележал и форми на *-ш* : *ж'енеш* покрај *ж'енен* (к. 147). Формата *уб'ит* забележана во Беласица (БДА III, к. 212-214) можеби е внесена отстрана.

2.4.7. Во образувањето на *г̄лаг̄олскиот прилог̄* петричкиот говор не покажува дијалектна посебност. На целото подрачје се употребуваат форми на *-јќи* или *-еќи,* сп. *вик'ајќи, нос'ејќи, тка'ејќи* См, *сад'ејќи, сеч'ејќи* Габр, *вик'аеќи, нос'ееќи, од'ееќи* Ст.

2.4.8. *Глаг̄олската именка* завршува на *-не* : *ј'адене, н'осене, п'иене, 'оране, на враш̄'ане* Менд.

2.5. *Броеви.* – За одредена бројност се: *ед'ин, ед'ен – едн'а, -'о, два – две, тр̄и, чет̄'ири, пет̄, шес, с'едем, 'осем, д'евет̄, д'есет̄, идин'аесе, дван'аесе, ... дв'аесе, тр̄'иесе, п'еесе, ш'еесе, седемдес'е, осемдес'е* Ст, *с'едем, 'осем,* но *сед'умдесе, ос'умдесе* Шт, *седумст̄'отини* См, *с'едам, 'осам* Габр, *сто, дв'есте, тр̄'иста, седемст̄'отини, осемст̄'отини, ил''адо,* членувани: *'еднио, еднат̄а, двата – две-те, трите*; за приближна бројност: *дв'а-тр̄'и, тр̄'и-чет̄'ири, п'ет̄-ш'ес* и др.; редни: *п̄рв – п̄рва, -о, ф̄тор, трет̄ / треќ, -а, -о, четв'р̄ти, п'етти, ш'ести, дес'етти* Ст, член.: *п'р̄вио, ф̄т'орио, п'еттио, тр̄'еќата, тр̄'еќото* и др.

3. НЕМЕНЛИВИ ЛЕКСЕМИ

3.1. *Прилози.* – Прилошките зборови секогаш даваат дијалектни посебности било на лексички било на фонетски план. Ги изделуваме најкарактеристичните во тој поглед. За место: *кад'е, в'онка, фн'етре, одд'ол, т̄ам, т̄'амо, нав'онка* Ст, *д'ека* беше, *фн'етре – фн'етри* См, *над'ол, нанд'ол, одд'ол, ун'етре, н'екаде, н'икаде* Габр, *нан'ам, от̄т̄'ука, одд'ека, д'ека, т̄'ука, бл'изу, дал'еко, д'оле, одзд'оле, н'екаде, н'икаде, одs'аде, уср'ет̄, вам, т̄ам;* за време: *ког̄'а, к'ато, сег̄'а – сăг̄'а, тог̄'аj, тог̄'аш, он'аjден, везд'ен, ч'ера, сн'ошти, ношт̄'еска, д'ене, дн'еска, н'оште, п'озно, пр'еќе, з'име, нал'ете, федн'аг̄а* Ст, *н'икуг̄аш, д'оцно* Шт, *најн'аjкун, сеск'оро, д'ене дојде, 'утре, к'ăсно, од'амна, фнед'ел'а* См, *сн'ошти, ноќеска, д'оцно – д'осно, пролет̄т̄'а, есент̄'а дојде, ношт̄'а, н'ког̄аш, памтив'ек, теј'р̄ва* Габр, *понапр'еш* Петрич, *сан'оќ* Шт, *н'екуаш* Менд, *с'аа* (< *с'ег̄а*) Менд, *к'ато* (*как ке ме земеш като раки немам*) Петрич, *слет̄ (И што ке напр'аат на П'етко вечерт̄'а слет̄ кат̄'о се в'р̄нат от̄ паз'ар)* Менд; за начин: *как – к'ако, г̄аз'ички* См, *п'ог̄ас – г̄аз'ички, нас'он, нај'аве, по'очи* Габр, *зашт̄'о* Менд, *нас'ила, кр'ишум, на'опако, топ'р̄ва, оч'ички* 'ничкум', *м'ăкома* Шт; за количество и степен: *едн'ач, дваш, триш, н'ог̄у, 'оште, в'ече, п'овече, дур'и* Ст, *к'олко, т̄'олко, дв'апате, тр̄'ипате* См, *наедн'ач* Габр, *едн'аш, дваш, триш* Шт; сп. уште и: *едв'аj, с'ăшто, так'ојг̄ере* Ст, См, *сад'е* Крн, *с'амо, ле (А бе, б'ашко не дојд'е ле н'екоја жена бис р'ака* – Петрич), *'ето, напиш'ин.*

3.2. *Сврзници.* – Како потипични ги изделуваме:

– *дека* со релативна функција, сп. *Л'ебо д'ека ми д'аде фч'ера г̄о изј'адах дн'еска* (Менд);

– *што* се претпочита како релативен сврзник: *Вас'ул'о што ми д'аде 'арен б'еше* (Менд);

– *да* со декларативна функција: *Ке к'аже бр'ато* : "*С'есро, срам'ота е да ти к'ажа, вер'уам да не ми пот̄'апкаш д'умата*" (Петрич);

– че : *Кат'о ч'ули д'ека н'ешто лом'оти по п'ако, помисл'или че и г'онат,...* (Менд). – *Он им отврн'ал че п'ари к'ара;*

– оти во причински реченици: *Дојд'о:ме 'оти не вик'ахте* (Менд);

– като со темпорално значење: *Кат'о ч'ули д'ека н'ешто лом'оти по п'ако помисл'или че и г'онат, ост'или пар'ите и прсн'али да б'егат* (Менд);

– куг'а : *Куг'а Турците з'емн'ата зим'аа, цар Сјулм'ан стан'а цар и сто-т'ини год'ини цар бид'е* (Крн);

– ка : *Ат'ар да ти не ост'ане, ц'аро, ка кајд'иса да рас'ипеш за едн'а жен'а т'олку жив'отни?* (Крн);

– за да : *За да м'ош да ги разд'ели, отишл'а на дук'ано, пушн'ала б'очвите да теч'ат* (Петрич);

– ем – ем : *Свек'ървата ем пл'аче, ем зад'ева дет'ето, т'ури и два пишн'ика л'ај;*

– ала : *Помин'а, ала сас р'ака б'еше и сас дит'енце;*

– та : *Им'ах си едн'о ес'апче, та си го ес'ап чин'их. – Нем'ој т'изе ф'атај, 'оти т'аа ст'ока е ц'арска и 'има печ'ате, та да не рас'ипеш н'екој печ'ат. – Ј'ас ќе 'ида на уќум'ато и ке му к'ажа 'оти сам и до т'ука докар'ал, та он што 'иска н'ека ти пр'аи* (Менд).

3.3. *Предлози.* – Од предлозите како дијалектни ги истакнуваме: *врс – врес, бис – бес, вис, вос, кăм, оф – уф – ф, прес, като, слет,* и со некои значења: *на, освен, при, со – сос – сас, според;* сп. *вис* 'низ' : *вис сел'ото мин'а* (См), *воз* (стсл. **възъ**): *замин'а воз В'ардар наг'оре* (Шт); *на* : *Дов'ада си бр'ато на дом'а, с'есра мо 'оште сп'ие. Ст'ани, с'есро, к-'иим на б'ајро. Стан'ала отт'ам, трăг-н'ала на по п'ако; со* : *ти каж'увам да ја дад'еш со 'арно* (Крн); *... и таа стан'ува, трăгн'ува сас н'его, т'аа крен'ува сас н'его* (Петрич); *дет'ето бил'о сас зл'атно косм'енце; бис (< без)* : *от'ива и што да в'иде – едн'а м'ома н'ого 'убава, ама бис р'ака* (Петрич); *кăм – кум* : *им'ал си м'ило кăм жен'ата,...; ... да 'одат кум н'еја* (Крн); *у: жен'ата ошл'а уф м'омино си гр'ат при бр'ато и у кр'ăчмата; у ра-к'ата* (Крн); *прист'ига и маж'о ѝ у бр'атовата к'ашта* (Петрич); *прес* : *кат'о мин'авал П'етко прес едн'о т'есно м'есто, т'амо им'ало н'огу д'рми и к'ожата п'овече дрнк'ала* (Менд); *прес вечерт'а кат'о подуш'или свин''ето... расип'али с'ичко; при* : *ац'иата му се помол'ил да не 'оди при уќум'ато* (Менд); *зарат* : *... а с'аа да и б'ијат зар'ат н'его; ф / оф / уф* : *фан'али го и го фрл'или оф вод'ата и се врн'али оф сел'ото* (Менд); *сед'ел три год'ини чир'ак оф П'етри, ф сел'ото* (Менд); *т'аа сид'ела уф едн'а п'ештера и т'ам тр'ева п'асла* (Петрич); *кат'о т'ура пар'ите оф вр'ејките и п'ита П'етко дал'и да т'ура 'оште,...*

4. ОД СИНТАКСАТА

Од синтаксичките појави поради оскудноста на материјалот ќе одбележиме само неколку случаи во врска со редот на клитиките, со употребата на двојниот објект и со присвојноста.

4.1. Општо е правилото во петричкиот говор клитиките да не можат да стојат пред глагол во иницијална позиција во синтагматски израз, сп. *Зак'ол'ова си*

м'ашкото д'ете...; Дов'ада си бр'ата на дом'а; Им'ал си м'ило кăм жен'ата...; Д'адох ѝ к'ожа да найр'ае ш'айчичка на дет'енцето и замиѓ'а.

Партикулата *не* по однос на кратките заменки и формите на помошниот глагол може да се јави и во постпозиција, на пр.: *Досеѓ'а не ѝ сам поѓреш'ил и сеѓ'а нема да ѝ поѓр'ешам* Петрич.

Кратките заменски форми во сложените глаголски времиња можат да се јават и пред и зад помошниот глагол, сп. *Јас ѓо сам дал* (Иванов, 1977 : 133); *Фашт'али ме са так'а; т'урцки му са вик'али; так'а ми са приказв'али ст'аритѣ 'ора; и на м'ен ми са тур'или;* но и: *Ч'ули сте ѓо бар'е; так'а сам ѓо зап'омнил јас* Кр, Ив, Др, Сес.

4.2. Во врска со употребата на двојниот објект треба да истакнеме дека тој не се употребува со онаква доследност како што е случајот во западното наречје. Не ретко кратките заменски форми во такви ситуации не се употребуваат. Сп.: *Он с'удеше на л''удето, а пупун'ецо на жив'отните. – Ц'аро на ј'удата ѓов'ори. – Доч'ула ја на ј'удата ќерк'а ѝ и на царо ѓов'ори. – Ел'е е ц'арска р'ака д'ăга на пупун'ецо но чаушо аб'ер прат'и да собере д'ивјачо и п'илците. – Најоз'аде кукумј'афката покан'ил* Крн. *– 'Иди, с'ину, каж'и на ј'удата да дад'е керк'а ѝ за сн'аа на м'ене: ак'о не ти ја д'ава, оц'епи ѝ ѓлав'ата! И так'а ц'аро зем'ал керка ѝ ем за жен'а на с'ин му, ем за сн'аа на н'ему* Крн. *– П'ешко вид'ел не вид'ел, соѓлас'ил се и закл'ал в'оло. Сфрш'ил жит'ото П'ешко и на др'уѓата ѓод'ина товар'ил кожата на в'оло и закар'ал на паз'ар да а прод'ава* Менд. *– Ѓов'а било бл'изо до ед'ен крстоп'ак, а на н'еѓо им'ало кум'ити, си д'елели пар'ите* Менд. *– И П'ешко ка си врв'ел по п'ако, наш'ел пар'ите, зб'ира и оф вр'ејките и се вр'ашта ф к'аштѝ* Менд. *– П'ешко се сет'ил какв'а е раб'отата и каз'ал на жен'а си да му д'аде вр'ејки. – Растовар'ил П'ешко сам и ост'ил вр'ејките на д'олнио ет'аш. – П'опо каж'ал на сел''ането че П'ешко е докар'ал ед'ен тов'ар п'ари. – На враш'ане реш'или П'ешко да т'епат. – Ако ѓа 'искаш, д'ај тв'оето к'еше на м'ене* Менд.

4.3. Присвојноста често се изразува преку кратките дативни форми на личните заменки, значително почесто отколку во нашите западни дијалекти. Сп.: *К'ато ч'ули тов'а и т'иа... си искл'али вол'овето да си к'упат с кож'ите им п'ари* Менд. *– Н'ајтишцин 'оди жен'ата му да отв'ори. – Кат'о си иш'ел д'ома П'ешко, накар'ал жен'а си да 'иде да т'ера от п'опо к'утело...* Менд.

5. *Местото на петричкиот ѓовор во рамките на источното наречје.* – Петричкиот говор се јавува како граничен меѓу три големи дијалектни групи – на север и североисток тој граничи со малешевско-пиринските, на запад со струмичко-радовишките и на југ и југоисток со серските говори, и на еден мал простор со кукушкото говорно подрачје.

Најголем број дијалектно-диференцијални црти петричкиот говор го сврзуваат со пиринско-струмското говорно подрачје и со малешевскиот дијалект. Меѓу поважните заеднички особености на таа група говори спаѓаат: подвижниот акцент, рефлексацијата на **ѣ* > /o/ и на **ѣ* > /e/, рефлексацијата на **ǫ* > /a/, замената на **ě* > /a/ во секвенцата **cě (цал),* појавата на секундарен *ъ*$_2$ во групите *цв, св* (< **cvь, *svь),* палатализацијата на *-т* > /ќ/ во старата финална група **-tь*

(зеќ) и на веларите */к, г̄/* > [*к'*, *г̄'*] пред предните вокали (*к'ит̄ка, ог̄'ин*), загубата на */х/* во иницијална и интервокална позиција, рефлексацијата на **tj, *kt′ – *dj* во */шт̄, жд/*, обезвучувањето на */в/* во */ф/* пред сонантите */н, л, р/* во иницијална позиција *(фн'ет̄ре, фнук, фн'есе, фл'езе, фрет̄)*; во именската флексија: множинските наставки за м.р. *(л'ебо),* заменските облици *он, она, оно* во 3 л., демонстративните *т̄ове, оне* за м.р. и заменските партикули *-зе, -ка, - зека (јазе, јазека, менека)*; во глаголската флексија: несвршените глаголи од типот *одр'ича, дот̄'ича, п̄репл'ит̄а, оз(д)рав'евја,* отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн. на сегашното време *(н'оса, б'ера),* генерализирањето на наставката *-н (-ен)* во глаголската придавка и кај глаголите што им завршува општиот дел на *-н* (*п̄аднан, бранен*), аористните облици од старите основи на глаголите **byti* и **xъtěti* (*бид'ох – бид'е, нефт̄'ех – нефт̄'е*), чувањето на помошниот глагол во 3 л. на перфектот *(е бил, са биле)* во одреден број примери; најпосле и бројни лексички особености.

Како диференцијални особености во рамките на споменатава група говори се јавуваат: реализацијата на неакцентираните ниски вокали */е, о, а/*, рефлексацијата на вокалното **r̥* и на сек. *ъ₂* пред сонантите */м, р, л/* во финална позиција, реализацијата на етимолошката група */мн/*, на согласката */к/* зад меките сонанти, на групите */ср, зр/* и на */ст̄р, здр/*, потоа на секвенците */с, ш + ц, ч/* на морфемска граница, дистрибуцијата на фонемата */н'/*, резултатите од групите */*tьj, *dьj, *nьj/*, и во флексијата: множинските форми од именките 'рака' и 'нога', повеќе заменски облици, некои разлики во глаголските основи, во наставките за 1 л. мн. на сегашното време кај глаголите од *и-* и *е*-група, во 2 л. мн. на заповедниот начин и во глаголскиот прилог.

Во малешевскиот и благоевградскиот неакцентираните */е, о, а/* не подлежат на редукција; примерите *г̄ул'ем, куг̄'а, куг̄'о, луп̄'ат̄а, с'екуј, н'екуј,* и уште неколку лексеми во фонетската разновидност со */у/* се внесени од јужните говори; сек *ъ₂* пред */р/* и пред */м/* се рефлектирал во */е/*: *б'ист̄ер, д'обер, 'одер, – с'едем, 'осем* (во *сам, не сам* се работи за аналогија), а пред */л/* тој дал */о/*: *вл'екол, п̄'екол, р'екол*; согласката */к/* зад меките сонанти се палатализира, сп. *мајка* > *м'ајќа* > *м'аќа, л''ул'ка* > *л''ул'ќа;* групата */мн/* се дисимилира во */вн/*: *г̄лавн'а, г̄увн'о, зг̄л'авница, зевн'ик* (< *земник*), *ст̄'овна, савн'ува се, т̄'евно;* групите */ср/* и */зр/* во поголем дел од овие говори се пополнуваат со преградните */т̄, д/*: *ст̄р'еда, ст̄р'ет̄, ст̄ред'ина, здр'ел;* спирантите */с, ш/* пред */ц, ч/* се дисимилирале во */х/*: *г̄рохч'е, г̄лухч'е, нохч'е, г̄л'ухци;* место групите */т̄ј, дј/* (< **tьj, *dьj*) во повеќето примери има */ќ, г̄́/*: *цф'еќе, г̄'осќе, л''уг̄́е;* именките *рака* и *ног̄а* ги пазат старите дуални форми: *р'аце, н'озе;* кај именките од м.р. што завршуваат на историски мека согласка членската морфема гласи *-е* : *к'оне, кр'ај – кр'ае / кр'аје, г̄овед'ар – г̄овед'аре, бер'ач – бер'аче (*: *л'ебо, брег̄'о),* и кај придавките: *'арније, добр'ије;* глаголите од *е-* и *и*-група во 1 л. мн. завршуваат на *-м,* поретко на *-ме* : *мел'ем, п̄лет̄'ем, 'одим,* а во 2 л. мн. на заповедниот начин на *-ет̄е* : *бер'ет̄е, од'ет̄е, мол'ет̄е;* глаголскиот прилог во благоевградскиот се образува со наставката *-аеќи* : *бер'аеќи, од'аеќи, сед'аеќи,* како во *вик'аеќи.*

Во петричкиот, како што видовме, редукцијата на неакцентираните вокали е поприсутна, но и овде повеќе како лексикализирана појава а не како активен процес; место сек. *ъ₂* пред *р* и *л* превладуваат примери со */а/* и */ă/* со алофон [*ạ*]; групата *вн* се асимилира во *мн (мнук, рамно);* петричкиот говор не ја познава

палатализацијата на *к* во *ќ* зад меките сонанти *(м'ајка, л''ул'ка);* на поширок ареал старите групи *стр, здр* се упростуваат со испуштање на преградната согласка *(сесра, зраф);* на петричкиот терен се разграничуваат множинските наставки *-ета* и *-ина* кај именките од среден род; петричкиот не ја познава членската морфема *-е,* сп. *маж'о, к'оно, ков'ачо, б'елио;* покрај заменските облици *ни(ј)е, ви(ј)е* во западниот дел на областа се употребуваат и разновидностите *ни(ј)а, ви(ј)а,* карактеристични за штипско-струмичките говори; во западните петрички села глаголите од *е-* и *и*-основи се интегрирале во еден конјугациски тип (сп. *б'ериш, н'осиш* : *б'ере, н'осе);* во 2 л. мн. на заповедниот начин се генерализирала наставката *-јте* кај сите глаголи (сп. *вик'ајте, нос'ејте, бер'ејте*). Петричкиот говор од другите пиринско-струмски говори отстапува во неколку случаи и по местото на акцентот. На прво место треба да истакнеме дека петричкиот познава двоен акцент, додека во благоевградскиот и во малешевскиот примерите со двоен акцент се значително поограничени. Во благоевградскиот, како и во малешевскиот, во множинските форми за м.р. со наставката *-е* акцентот редовно паѓа врз наставката, сп. *сар'ај,* мн. *сара'е* (: чл. *сар'ае – сара'ето*), *сам'ар – самар'е, ков'ач – ковач'е* (чл. *ков'аче – ковач'ето*); во петричкиот во вакви случаи акцентот никогаш не се јавува на наставката, сп. *маш – маж'о,* мн. *м'аже – маж'ето, сара'е, сам'аре, ков'аче, благ'ун'е.* Мали отклонувања има и во заповедната форма. Во благоевградскиот, на пример, кај глаголите од *а*-група акцентот паѓа на коренската морфема и во еднината и во множината, сп. *к'опај – к'опајте,* а кај глаголите од *е-* и *и*-група во множинската форма акцентот паѓа на првиот слог од наставката, сп. *пр'еди – пред'ете, л'ежи – леж'ете,* а во префиксираните: *з'аплати – заплат'ете, н'адроби – надроб'ете.* Во дел од петричкиот во множинската форма акцентот се повлекува и кај глаголите од *а*-група: *в'икај – вик'ајте, к'опај – коп'ајте,* како во *н'оси – нос'ете / нос'ејте,* кај префиксираните: *'изнеси – изнес'ејте* Менд, Петрич, *посед'ејте, навал'ејте, запал'ејте* Крн (БДА III, к. 148), но и: *пл'ати – пл'атите, 'иди – 'идите, д'онеси – д'онесејте, 'остави – 'оставјте* или *'оставјте* (со двоен акцент во бутковските села). Во западните села на пограничјето со струмичкото и радовишкото говорно подрачје, како што беше веќе истакнато, кај сите глаголи се генерализирал еден акцентски модел (*н'оса – н'осиш – н'осе, ј'ада – ј'адиш – ј'аде*).

На овој начин петричкиот говор ни се претставува како посебна дијалектна индивидуалност во рамките на малешевско-пиринското дијалектно подрачје.

1989

ИЛУСТРАТИВЕН ТЕКСТ

Петрич

Брат и сесра

Едн'о вр'еме им'ало ед'ин бр'ат и едн'а с'есра. Бр'ато б'ил п'омал'ечǫк, сеср'ата п'огǫл'ема. Он'и се-слуш'али н'ого. К'е-к'аже бр'ато : "С'есро, срам'ота-е дати-к'ажа, вер'уам да н'е-ми пот'апкаш д'умата". Т'аа каж'ала : "К'ажи, бр'ато, шт'о-ти-е". Каж'ува : "Да-се-ǫж'ениш т'и понапр'еш, н'ашта к'ашта к'е-се-раст'уре. Д'ај-ми р'ет ј'ас да-се-ǫж'енам". "Бр'атко, шт'о н'е-сам-те пǫслуш'ала та-итǫв'а да-н'е-те пǫсл'ушам. 'Ожени-се!" И 'он се-ож'енува. Т'иа се-п'а 'имат бр'ато и сеср'ата. Отим'ал бр'ато м'ашко д'ете. Бил'а сна'ата н'ого sв'ер. За-да-м'ош даги-разд'ели, ǫтишл'а на-дуќ'ано, пушн'ала б'очвите да-теч'ат (маж'о б'ил крăчм'ар). Сеср'а-мо сп'ала, т'ешко сп'ала. Сн'аата 'оде на-дуќ'ано и каж'ува : "Да-д'оиш да-в'идиш сеср'а-ти полуд'ела, ш'о е-напр'ила". "'Ако е-напр'ила, н'ека-е. Нас'есра досег'а н'е-сам прегреш'ил и сег'а н'ема да-прегр'ешам". Т'аа се-вр'ашта на-дом'а. Им'али д'евит к'он'а ергел'ета, искл'ала-ги и 'оде на-дуќ'ано. "Да-д'оиш да-в'идиш сеср'а-ти, д'евит к'он'а ергел'ета, с'е ги-искл'а". А т'ој каж'ува : "'Ако иск'оле, н'ека иск'оле. Дǫсег'а н'е-й-сам прегреш'ил и сег'а н'ема да-й-прегр'ешам". Зак'ол'ова-си м'ашкǫто д'ете и каж'ува : "'Ела да-в'ииш, и м'ашкǫто д'ете ти-закл'а". Дов'ада-си бр'ато на-дом'а, с'есра-мо 'оште сп'ие. Саб'ужда-га бр'ато, каж'ува : "Ст'ани, с'есро, к-'иим на-б'ајро", и т'аа стан'ува, трăгн'ува сас-н'его. "'Ама сам-н'ешто засп'ала, бр'ато". Ошл'и дǫ-едн'а г'ора гǫл'ема. Каж'ал-й бр'ато : "С'есро, вин'ото пушн'а да-ист'ече, прост'их-ти. Кон''ето к'ато закл'а, прост'их-ти. Дет'ето к'ато закл'а не-м'ога да-ти-пр'оста". "Н'е-сам, бр'атко, ј'ас, н'е-сам". "Н'е, т'и-си!" "Н'е-сам ј'ас. 'Ако-сам ј'ас тǫв'а направ'ила, на-'онио ба'ир кесе-зд'ае цр'ăква. Врат'ата ке-е-ǫтв'орена. К'ато к-и'им дǫ-н'еа к'е-се-затв'оре. 'Ако не-с'ам-го-напр'ила тǫв'а, к'е-се-отв'оре". Зд'ала-се ц'ǫква. Врат'ата затв'орена. Ошл'и до-врат'ата, отвор'ила-се и 'он каж'ал : "Не-м'ош, кл'етва сам-д'ал. 'Ако н'е-те зак'ол'а, треб'ува рак'ите да-ти-отц'еча". З'има отр'ежǫва-и рак'ите, та-ǫт-рамен'ата. Т'аа сид'ела уф-едн'а п'ештера и т'ам тр'ева п'асла. К'-'иде ц'арскио с'ин на-л'оф. К'учето-мо од'ило с'е уф-т'аа п'ештера и с'е си-л'ае. Ц'арскио с'ин к'-'иде да-в'иде, н'ешто л'ае тǫв'а к'уче. От'ива и шт'о да-в'иде – едн'а м'ома н'ого 'убава, 'ама бис-р'аки. Мǫм'ата ǫт-убав'ина (д'ека стǫј'ала) свет'ела. Ц'арскио с'ин ѝ каж'уве : "З'имąм-те за-ж'ена". "К'ак к'е-ме-зем'еш т'и за-ж'ена. К'ак к'е-ме зем'еш к'ато р'аки н'емąм, не-м'ога да-раб'ота". 'Он каж'ал : "К'е-те-р'анąм на-уст'ата". Т'аа кран'ува сас-н'его. Отк'арǫва-га на-д'ома и м'ајка-мо к'атǫ га-вид'ела, 'ако б'ила бис-р'аки, н'ого бил'а 'убава, он'а га-не-д'ала, на-уст'ата гаран'ила.

ПЕТРИЧКИОТ ГОВОР



3. СЕРСКО–ДРАМСКО–ЛАГАДИНСКА ГРУПА ГОВОРИ

0. Серско-драмската и лагадинската група говори се простираат на крајниот југоисток од македонската јазична територија. Ја зафаќаат областа од Солунскиот Залив па до Родопите на исток, каде што се разграничуваат со родопските бугарски дијалекти.

Меѓу покарактеристичните особености со коишто се диференцираат тие од солунско-воденската (долновардарската) група говори спаѓаат:

– системот на акцентирањето,
– зафатот на редукцијата на неакцентираните самогласки,
– рефлексацијата на прасловенските *ъ и *ě
– рефлексацијата на прасловенските секвенци *tj, *dj.
– палатализацијата на согласките во одредени фонетски позиции,
– позиционо врзана реализација на некои фонеми,
– и уште ред други особености во областа на флексиите и во лексиката.

1. Акцентот во овие говори е слободен – може да стои на секоја морфема, како и во долновардарските, но со таа разлика што во лагадинските и серско-драмските има повеќе случаи кога се јавува тој на отворена ултима, сп. *зăӣ – зạб'ă, син'ă, сулӣ'ă, кạрфӣ'ă* (на членските морфеми), *мạж''е, г̄лạс'е, дạб''е, лạхӣ'и, п̄ẹӣл'и, ywн'и, кунц'и, дạрw'а, п̄ẹр'а, лиц'а, нẹбẹс'а, имẹна* (на множинските наставки), на затворена ултима: *ч'ул''ак, риб'ар', кус'ач', дуw'ец, куж''ух,* на пенултима и антепенултима: *п̄р'азник, 'есин, б'абạ, лиw'адạ, кул''ану, кл'адиниц, ј'аг̄удạ, к'аш'лицạ, 'езẹру, ј'адини, п̄'илẹнци,* и др.

Друга особеност во врска со местото на акцентот во овие говори е двојниот акцент во збороформите со четири и повеќе слогови според правилото: ако зад акцентираниот слог следуваат три неакцентирани, тогаш на претпоследниот се јавува втор акцент, сп. *ј'аг̄удạ – ј'аг̄удạӣạ, w'ăдицạ – w'ăдицặӣạ, ц'алинạ – ц'алинặӣạ, к'ăш'ӣинкạ – к'ăш'ӣинкặӣạ, б'иулμицạ, к'аӣẹрμицạ, кр'асӣạwμицạ, с'ип̄ạнμицạ / с'ип̄ạнμицạӣạ, л''абувẹ – л''абуwẹӣу, д''адуфци – д''адуфцμӣẹ, ј'адини – ј'адинẹӣу,* дури и во синтагматски состави, сп. *п̄ʷосӣелμ-си, дʷонеси-г̄и* (сп. глава 1.8. во третиот том од ова издание).

На морфолошки план кај парадигматските зборови се изделуваат два основни акцентски модела: а) со морфолошки фиксиран акцент, сп. *б'абạ – б'аби – б'абạӣạ – б'абиӣẹ, зил'ен – зил'енạ – зил'ену – зил'ени – зил'ениạ / зил'ениẹ – зил'енạӣạ, г̄л'едạм –г̄л'едạш – г̄л'едạ – г̄л'едạмẹ – г̄л'едạӣẹ – г̄л'едạӣ,* и б) со морфолошки подвижен акцент, сп. *з'ăӣ ~ зạб'ă, ж'енạ – жẹн'ăӣа, б'ерạ ~ бир'еш.* Има неколку модели со подвижен акцент. Кај именските зборови акцентот може да алтернира: а) меѓу неопределената и определената форма и во еднина и во множина, сп. *с'ин – с'инуwẹ ~ син'ă ~ синуw'еӣу, з'ăӣ – з'ăби ~ зạб'ă ~ зạб'иӣẹ, w''аӣẹр' – w''аӣруwẹ ~ wẹӣр'ă ~ wẹӣруw'еӣу, д'еwẹр' – д'еwẹрẹ ~ дẹwẹр''ă – дẹwẹр'еӣу, w'ечẹр' – w'ечẹрẹ ~ wẹчẹрӣ'ă – wẹчẹр'еӣу, ж'енạ – ж'ени ~ жẹн'ăӣạ – жẹн'и-*

т̄ę, н'ᵘог̄ạ – н'ᵘог̄и ~ нуг̄'ăт̄ạ – нуг̄'ит̄ę, кај придавките: *бл'ак – бл'аг̄и ~ бла̣г̄'ијẹ – бла̣г̄'ит̄ę, бл'аг̄ạ ~ бла̣г̄'ăт̄ạ, бл'аг̄у ~ бла̣г̄'ᵘот̄у,* б) меѓу еднинската и множинската неопределена и определена форма: *п̄ит̄'ел – п̄ит̄'ела̣ ~ п̄ẹт̄л'и – п̄ẹт̄л'ит̄ę, уw'ен – уw'ена̣ ~ уwн'и – уwн'ит̄ę, кун'ец – кун'еца̣ ~ кунц'и – кунц'ит̄ę, г̄р'ебẹн – г̄р'ẹбенẹ ~ г̄рẹбẹн'е – г̄рẹбẹн'ет̄у, 'имẹ – 'имẹт̄у ~ имẹн'а – имẹн'ат̄ạ, ч'уду – ч'удут̄у ~ чудẹс'а – чудẹс'ат̄ạ, с'елу – с'елут̄у ~ сẹл'а – сẹл'ат̄ạ, д''ат̄ẹ – д''ат̄ẹт̄у ~ диц'а – диц'ат̄ạ, ж'ẹл''азу ~ ж'ẹлẹз'а,* в) меѓу еднинската неопределена форма и другите форми (едн. опред., множ. опред. и неопред.): *д'ăрwу ~ да̣рw'от̄у ~ да̣рw'а – да̣рw'ат̄ạ, л'ице ~ лиц'ет̄у – лиц'а – лиц'ат̄ạ, м'орẹ ~ мур'ет̄у – мур'ет̄ạ – мур'ет̄ạт̄ạ, wр''амẹ ~ wрẹм'ет̄у ~ врẹмẹн'а ~ врẹмẹн'ат̄ạ, н'ебẹ ~ нẹб'ет̄у ~ нẹбес'а – нẹбẹс'ат̄ạ.*

Во глаголската флексија акцентот алтернира во презентската форма меѓу 1 л. едн. и другите форми, сп.: *б'ера̣ ~ бир'еш – бир'е – бир'ем – бир'ет̄е – бир'ăт̄, д'ăржẹ ~ да̣рж'иш – да̣рж'и – да̣рж'им – да̣рж'ит̄ẹ – да̣рж'ет̄,* и кај префиксираните глаголи: а) *'избẹра̣ ~ избẹр'еш – избẹр'е – избẹр'ем – избẹр'ет̄ẹ – избẹр'ăт̄, 'измẹт̄ạ ~ измẹт̄'еш, 'укра̣да̣ ~ укра̣д'еш, з'ада̣ржẹ ~ за̣да̣рж'иш,* и б) *'избира̣ ~ изб'ира̣ш – изб'ира̣ – изб'ира̣мẹ – изб'ира̣т̄ẹ – изб'ира̣т̄, д'ᵘонẹса̣ ~ дун'есиш, 'ᵘост̄а̣w'ẹ – уст̄'аwиш.*

2. Во непосредна врска со акцентот стои и редукцијата на неакцентирани вокали. На квалитативна редукција во овие говори, за разлика од солунско-воденските, подлежат самогласките и во финална позиција каде што исполнуваат морфолошка функција. Сп.: *м'ори – мур''ет̄у, п̄'оли – п̄ул''ет̄у,ч''енду – ч'инд'а, д''еwир' – д'иw'ир'от̄, д''ера̣ – д'ир''еш'* (Ви)[1], *г̄'аб'ир, г̄р''еб'ин', г̄р''енда̣ – г̄ринд'ат̄ạ, б'ој – буј'о, д'ол – дул'о, к'оза̣ – куз'ат̄ạ, кујн'арин, уда̣ј'а, уг̄линд'алу, луз''е* (Су), *ид'ин, сиг̄'а, п̄ич''еш', вр''ăми, сн'оп̄ит̄о̣, 'има̣ш'и, п̄ул'ека̣, мл'иwу, 'има̣ш'и* (Бал), *б'олин, н'еби, в'инци, ур'ах, ч'уw'ек, д'еду, л'ет̄у, ка̣з'ах, ба̣ј'ач', ж''ена̣* (Нег), *из'ик, зил'ен, ј'адинẹ, w'ăж'и, п̄'оли, ј'аг̄ни / ј'аг̄нẹ, уг̄н'иш'т̄ẹ, г̄уд'ина̣, т̄'енук, да̣л'еко̣, т̄ка̣ј'ач'ка̣* (Сек), *р'ебру – рибр'а, риш''ет̄у, сл'ăнци, г̄'абир', ув'ен, п̄ул''ана̣, мл''аку, п̄а̣н'ица̣, ж''аба̣, ж''аба̣т̄ạ* (ГБ, Пл).

Во лагадинските говори на редукција подлежи и фонемата /ä/, сп.: *бр''äк – бр'а̣г̄'от̄, w''äра̣ – w''а̣р'ат̄ạ, д''äца̣ – д'а̣ц'ат̄ạ* (Бал), *м''äсу – м'а̣с'а, р''äка̣ – р'а̣к'ат̄ạ, с''äч'а̣ – с'а̣ч''еш', сн''äк – сн'а̣г̄'от̄* (Ви).

Во сите говори од односнава група неакцентираното /ă/ се реализира во алофонот [а̣]. На тој начин доаѓа до неутрализација на изговорот на неакцентираните /а/ и /ă/, сп. *м'ăнч' – ма̣нц''от̄, б'ăнц – ба̣нs'от̄, д'ăш' – да̣ж'д'от̄, да̣ж'д'и, р'ăш' – ра̣ш'т̄'а,* како *б'ара̣ – ба̣р'ат̄ạ,* или *л''ăт̄у – л'а̣т̄'а* (Ви), *з'ăп̄ – за̣б'от̄, р'ăка̣ – ра̣к'ат̄ạ* (Бал), *р'ăка̣ – ра̣к'аф, т̄р'ăг̄ни – т̄ра̣г̄н'ах, ца̣рв'ен* (Нег), *мăх – ма̣х'о, мăш – ма̣ж'о, ж'ăлт̄ – жа̣лт̄'ец* (Сек), *б'ăч'wа̣ – ба̣ч'w'ар', в'ăл'к – ва̣л'ч''ица̣, к'ăрф' – ка̣рфт̄'ă, м'ăш' – ма̣ж''ă* (Пл, ГБ).

---

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Ајв (Ајватово), Бал (Балевец), Бут (Бутково), Вис (Висока), Вол (Волак), ГБ (Горно Броди), Дер (Дервишен), Зар (Зарово), Зил (Зилјахово), Ил (Илинец), Ка (Календра), Кал (Калапот), Кир (Киреч Ќој), Лех (Лехово), Лип (Липош), Нег (Негован), Пл (Плевна), Руп (Рупел), Сав (Савек), Сек (Секавец), Сенг (Сенгелово), Стар (Старошево), Су (Сухо), Тод (Тодорово).

Посебност во врска со редукцијата претставува неакцентираното /е/ во дел од мрвашкиот драмски говор; во финална позиција, поретко и во средните слогови, /е/ се редуцира во алофон близок на алофонот од /а/, сп. *ј'аг̄н'ạ, к'уч'ạ, ш̄'ел'ạ, ј'адẹн'ạ, wр'ем'ạ, уфц'ет̄'ạ, ш̄'еб'ạ* (ГБ).

Поширок ареал има редукцијата на /е/ во [ạ] пред сонантите /*н, л*/ во завршоците *-ен, -ел,* сп. *б*^{у}*ол'ạн, ж''адạн, с'ил'ạн, ш̄''асạн, к'исạл, п̄ријат̄ạл,* ^{у}*орạл,* покрај *ур'ел,* поретко и во други случаи, на пр., *п̄'ал'ạц, в'еч'ạр* (Пл, ГБ), *б'ол'ạн, г̄р'озạн, п̄р'азạн, в'ечạр, г̄'абạр,* но и *к'амин, п̄р'ăст̄ин, д'евир* (Сек), *г̄'уш̄тạр, п̄'ет̄ạл,* но *г̄л'адин, г̄н'усин* (Нег).

Елизијата на самогласките пред членските морфеми во овие говори е поретка во споредба со истата појава во солунско-воденските говори. Нешто повеќе примери се забележани во негованскиот говор, кој со повеќе особини инклинира кон кукушкиот, сп. *б'абạ – б'а:бт̄ạ, бр'адạ – бр'а:т̄ạ, д'ет̄и – д'е:т̄т̄у, б'абина – б'аби:нт̄а, диб'елу – диб'е:лт̄у, н'оса – н'о:сми, б'ери – б'е:рт̄и, ист̄'ери – ист̄'е:рт̄и* (Видоески, 1991 : 19).

3. Прасловенскиот вокал **ъ* во коренските морфеми во поголемиот дел од ова дијалектно подрачје е заменет со /ă/, кое се реализира во два алофона – како [ă] во акцентиран слог и [ạ] во неакцентирана позиција, сп. *бăс, б'ăч'wạ, w'ăш'кạ, дăш', з'ăлwạ, мăх* (ГБ, Пл), *бăс, б'ăзг̄ạ, в'ăнкạ, д'ăлби, д'ăскạ, дăш,* но *дạжд'и, дạжл'иwу вр''амę, изд'ăхнạл* (Сек), *в'ăнкạ, дăх, ис'ăхнạ* (Нег), *дăш, дăх, д'ăну, сăн, д'ăскạ* (Ви). Во врска со рефлексацијата во зборообразувачките форманти и во членската морфема за м.р. се изделуваат две говорни зони. Во драмското подрачје рефлексот /ă/ се јавува во сите видови морфеми, сп. *м'*^{у}*озạк, н'исạк, п̄'ет̄ạк, н'екạт̄', кạк'ăф, мăх – мạх'ă, сн''ак – снęг̄'ă* (Пл, Зил), додека во серскиот и лагадинските говори во оваа позиција има рефлекс /о/, сп.: *в'осук, п̄'ет̄ук, р'учук, л'акут̄', дăш – дạжд'о, дẹн'о, б''алиọ, зил'енјọ* (Сек), *субр'ал, г̄ạрн'ок, п̄''ент̄ук, дуб'ит̄ук, сạн'о* (Су), *м'озук, ш̄''енук, н'исук, сфинт̄'ецут̄, д''ен' – дин''от̄* (Ви).

Во говорот на с. Ајватово (Лагадинско) **ъ* > /а/ во сите позиции: *д'аш, с'ан, в'ет̄ạк, п̄'ет̄ạк, в'ăт̄ạк,* додека во с. Илинец покрај /а/ во коренските морфеми има /о/ во членот, сп. *б'ас, д'аш' – дạж'д'о.*

Во врска со рефлексацијата на **ъ* исклучок во односната група говори претставува струмскиот говор во серската група во кој има рефлекс /о/ во сите морфеми, сп. *дош, сон, б'очвạ, в'онкạ, п̄'ет̄ọк, дọб'ит̄ọк, сл'адọк, сọбл'ече, кạк'оф* (Иванов, 1977 : 70).

4. Во рефлексацијата на прасловенското јат *(*ě)* во овие говори пресудна улога имал акцентот. Во акцентиран слог **ě* се рефлектирал во /'а/ во серско-драмските говори без зилјаховскиот, а во неакцентирана позиција се прегласил во /е/, сп. *б''ал, б''алạ, б''алу, б''али, бл''аи* (блее), *бр''ак, бр''ас, вр''амę, в''ат̄ер, в''арạ, г̄н''азду, г̄р'ах, г̄ул''ами, дв''а, д''аду, жил''азу, м''ара, мр''ажа, р''ака,* но: *брęг̄'о, дęц'ат̄ạ, лęт̄'от̄ọ, рęк'ат̄ạ, т̄''аст̄ọ – т̄ęст̄'от̄у, сн''ак – снęг̄'о* (Сек, Видоески, 1990 : 46), *б''алкạ, б''асну, к'учę, w''адрọ – wędr'а, w''arwạ, г̄н''аздọ, г̄л''ат̄у, кọл''анọ, ж'ęл''азọ, п̄''асạк, нęw''аст̄ạ, чуw''ạк, бęр''ахạ, сęд''ах* (ГБ), *б''асạн, бр''ас, бр''ак – брęг̄'ă, зw''ар, зw''аздạ, мл''аку – млęк'от̄у, ц''ади, умр''ал,* но:

брег'ă, дет'ето, зwезд'ăта, млек'ʸоту, млек'арник, рек'ăта, снег'ă, цед'ило (Пл, Видоески, 1992 : 16).

Во сушко-височкиот говор јат го запазил својот стар фонолошки статус во сите фонетски позиции и се реализира како ['ä] во акцентиран слог, и како ['а] во неакцентирана позиција, сп. *в''äк – в'ак'от, л''äп, м''äрат, м''äсту, д''äт'а, наџр''äт, с''äм'а, с''äџка, чув''äк, гул''äми, нид''äл'а, нив''äста* (Сухо, Висока, сп. Gołąb, 1963 : 219), *б''äга, бр'äк – бр'аг'от, вр''äми, д''äца – д'ац'ата, м''äра, п''äсна, удв''ä, умр''ä, чур''äши, б''äха, ид''äти* (Бал, Małecki, 1936а : 92).

И во говорот на с. Ајватово јат се рефлектирал во самостојна фонема, која се реализира под акцент во еден вид широко /ε/ (: *л'εп, п'εсна, мл'εку*) (сп. Małecki, 1936а : 92).

Зилјаховскиот е единствен говор во оваа група во кој за *ě има екавска замена, сп. *б'ел – б'ели, б'ега, w'ера, wр'еме, д'едо, п'есак* (Иванов, 1977 : 76). Понегде во изолирани оази во областа Мрвашко може да се јави и рефлексот /je/ : *бј'есан, вј'ерно, гнј'ездо, мј'есто, смј'ех* (с. Скрижово, Зрново, сп. Иванов, 1977 : 76).

5. Во областа на вокализмот како диференцијални особености на серско-драмскиот дијалект по однос на другите јужни говори се јавуваат:

– прегласот на /'а/ во /е/ зад палаталните согласки, сп.: *'еребица, 'ере, ест'е, ед'ене, тк'аеч', Просеч''ен, аж'ем'иа, удинич''ер', лешеч''ер', паш''ер'* (Пл), *'ере, пол'ена, ч'еш'а, ј'ехниш', ш''ерену, ј'если, (ј)ехц'е, ч'еш'инка, на уфч'ера, на чес'ă, разл'ож'ени* (ГБ) и

– лабијализацијата на предните вокали /е, и/ во /у/ зад меките согласки, сп.: *ж'уф, ж''уви, ж'уw'е, ч'уw'иа, ич'ум'ен', учун'ă* (вујна), *п'уп'ерка, л'уw'ада, с'ур-м'ах, п'еш'т'ура* (Пл), *ж'уw'ина, ж'уwе'а, ж'убʸота, т'енж'ура, л'ух'уца (лехуца), л'утур'ă (литургија), ч'уфл'ик, ч'ум'енто, л'ул''ак, ж'уф, ж'у'от, ж'уw'ак, ж'у'отни, ч''ош'ма, дw'а ж''оба* (ГБ, Видоески, 1992 : 17), *ичум'ен', п'еш'т'ура, п'уп'ерка, ч'урд'ак, ч'ур'ен, ч'ур''аш'а, ч'уварл'ига, ш'ул'еж'е, ш'ум'ија (< шем'ија < шам'ија), ш'ук''ер, ш'уфин'ер* (Сек, Видоески, 1990 : 47), *ж'уф, ж''уwа, ж'уw'еш', ж'уw'от, ж'уw'оwам, ч'уб'ук, ч'уфч''ија, ч'уw'ија, ч'ум'ен', ч'умб'ер', ч'урч'уф'е, ч'уwр'е* (Су, Ви).

6. Драмско-серските и лагадинските говори ги поврзува и рефлексот на носовката *ǫ во коренските морфеми, како и рефлексите на прасловенските *ŗ, *ļ.

Во драмските говори *ǫ > /ă/ во сите видови морфеми, сп.: *w'ăдица, wăгар'ица, w'ăтак, w'ăгал', w'ăж'е, w'ăглин', г'ăска, г'ăба, дăп, зăп – з'ăби, к'ăтник, мăш', р'ăка, рак'аф, п'ајак, скăп*, во флексивните наставки: *ж''ена – ж'ен'ăта, р'ăка – рак'ăта, карфт'ă, сул'т'ă*, кај глаголите: *ј'ада – јад'ăт, бер'ăт, дад'ăт*, со исклучок на суф. *-на-*, каде што се генерализирал вокалот /а/: *л'егнал, п'аднал* (Пл, ГБ), и наставката *-ха* : *б''аха*.

Во серските и лагадинските говори во суфиксна позиција место *ǫ има континуант /а/, сп.: *д'игнаха, прумин'аха, п'ера – пер'ат, бир'ат, жен'ата* (Ви), *н'еа, б'ера – бер'ат, б''аха, п'аднал* (Сек), *б'ера, б'ерат, б'иха* (Нег), но: *в'ăгли, в'ăзел, д'ăбица, кап'ина, пр'ăчка, м'ăка, с'ăбота* (Сек, Нег).

Само во струмскиот говор од серската група *ǫ се рефлектирало во /а/ во сите позиции на зборoформите, сп. *вад'ица, г'аска, дап, д'ага, заб'о, н'еа, бер'ат,* и по оваа особеност струмскиот говор се поврзува со петричкото говорно по-

дрaчје. Југоисточната изоглоса на рефлексацијата на *ǫ > /а/ оди по правецот на селата Старошево – Г. Махала – Ветрен – Сенгелово (Иванов, 1972 : карта 7).

Место прасловенските *ļ, *ŕ на сето ова дијалектно подрачје како континуанти се јавуваат секвенците /ăл – ла/ и /ăр – ра/, сп.: *б'ăрс – б'ăрзи, вăрх, в'ăрбǫ, с'ăрнǫ, т̄рăн, т̄р'ăнę, т̄р'ăскǫ, т̄р'ăг̄нę, – б'ăл'wа, б'ăл'хǫ, г̄'ăлт̄а, ж''ăлт̄, ж''ăлч'кǫ* покрај *ж''ел'ч'кǫ, ј'абǫлкǫ, к'ăлнę, с'ăлзǫ, ст̄'ăлп̄, сл'ăнцę, длăк* и *длек, дл'ег̄у* (Пл, ГБ), *кăрф, д'ăрвǫ, ц'ăрwи, крăс, прăс, т̄рăн, вр'ăсник, – жăлт̄, в'ăлнǫ, п̄'ăлни, бл'ăхǫ, влăк, вл'ăчицǫ, зл'ăшкǫ, л'ăснǫ, п̄лǫж'ок, сл'ăзǫ, сл'ăнцę* (Сек), *врăх, вр'ăзǫ, др'ăвǫ, дрǫж''иш', – к'ăлн'ǫ, п̄'ăлнǫ, бл'ăх'и, влǫк'от̄, 'аблǫкǫ, сл'ăнци* (Бал), *б'ăркǫм, д'ăрwу, г̄'ăрлу, пр'ăска, wрǫсн'ак, – п̄'ăлин, w'ăлнǫ, дл'ăнук, мл'ăкнуwǫм, сл'ăпкǫ, вл'ăк, ж'л'ăшка, ј'аблǫкǫ, сл'ăзǫ* (Ви).

И по оваа особеност струмскиот говор оди со петричкиот, зашто во ред случаи Иванов бележи /ę/ и /ǫ/, сп. *дęж'але, дęж'ат̄, сęп̄, вęрбал'ак, ц'ęрфци – вǫк, п̄ǫх, дǫг̄'ачко,* покрај *дл'ăг̄а* (Иванов, 1972 : карти 6, 48).

7. Како важен фонолошки признак во областа на консонантизмот покрај звучноста во серско-драмските и лагадинските говори се јавува мекоста. На фонетско-фонолошки план се изделуваат три вида меки согласки.

Фонемите /ц-ч/ и /ж-ш/ во сите позиции се реализираат како меки фонови [ц', ч', ж', ш'], така што тие не влегуваат во корелација по мекост, сп.: *ур'ач', ч''еш'ǫ, н'аш'и, ж''ар, ж''енǫ, ж'уф, ж'р''абę* (Пл, ГБ), *наш', н'аш'и, ч'ув''ак, ч''уж'и, ж''аба, кл'уч'* (Сек), *ч'ај, ч'ес, т̄уц''ери, дăш', д'ăж'ц'у, ж'ар, ж'иw'акǫ* (Нег), *ч''ин'и, п̄ч''ел'и, лǫж''а, ж'н'е, ш''арин* (Бал).

Тврдите согласки се реализираат пред задните самогласки, пред друга тврда согласка и во финална позиција, сп. *măш', м'ор'ę, сам, с'амǫ, с'амǫ, н'ос, сăн, б'ал, б''алǫ, б'арǫ, прăс, дăш', т̄ăп̄,* итн.

Пред предните самогласки */е, и/*, а особено пред */е/*, сите тврди согласки подлежат на лесна палатализација што води кон факултативна неутрализација со нивните меки корелати, сп. *м''исл'и, м''ет̄лǫ, н''иwǫ, н''еб'ę, л'ен, л''ицę, р'ет̄, р'ит̄, з'ăб'и, п̄''еру, сн'оп̄'и, в''икǫ, ф'ес, д'иб''ел, з''ем'ǫ, з''имǫ, с''елу, с''илǫ, к''ин'ę, р'ăк'и, н'ог̄'и, бл'ăх'и* (Пл, ГБ, Сек, Бал, Су, Ви).

Сите тврди согласки имаат соодветни меки корелати. Меките согласки фонолошки се реализираат пред задните самогласки, во финална позиција и пред други согласки, а во сушко-височкиот и во балевечкиот говор и пред фонемата */ä/*. Пред самогласките */и, е/* нивниот изговор речиси се неутрализира со изговорот на тврдите согласки во таа позиција, сп.: *л'ам'ǫ – л'ам'и, др''ам'ǫ – др''ам'иш', к'он' – к'он'ę, б'ан'ǫ – б'ан'и, с'ол' – с'ол'и, сф'ир'ǫ – сф'ир'иш', л''уб'а – л''иб'иш', ц''ай'ǫ – ц''ай'и, пр'ав'ǫ –пр'aw'и, л'аз'а – л'аз'и* (ГБ, Пл, Сек), *м''ärǫ, н''äм, л''äхǫ, вр''ämи, б''äг̄ǫ, п̄''äсук, ч'уw''äк, д''äду, т̄''äснǫ, з''äјǫ, с''ämи, ц''äд'ǫ – ц''äд'иш'* (Бал, Ви); во финална позиција: *ден', к'ам'ен', ж'ал', г̄'оспǫт̄', з'ет̄', ǫлув'ар'* (Сек), *к'он', цар', п̄ăп̄', кăрф', ж''алǫс'* (Пл)[2].

Фонемите /ќ/ и /ѓ/ во серско-драмските и лагадинските говори се доста ретки, а доколку се среќаваат, тие се претежно од туѓо потекло, сп. *ќеф, ш'иќ'ер, ќар, ѓол', ѓум* и др. Од дијалектен аспект интерес претставуваат оние примери каде што се јавува /ќ/ место *к* во финална позиција, на пример: *буб'ајќ, мăн-*

[2] Полумекоста ја означуваме само кога е таа фонолошки релевантна.

дил'ајќ, сѣан'ајќ, мунаф'иќ, ч'ингил'ајќ (Драмско), *карл'иќ, фарм'ајќ, ипс'иќ, ирм'аќ, л'ул''ајќ, скуф'ајќ , сак'ајќ, дир'ејќ, д'уш''ејќ, ил'еќ, ќуѣ'ејќ* (Су, Ви), *каѣ'аќ, базан'иќ, инѕ'иќ, гудин'иќ, гнизд'иќ, сѣар'иќ* (Сек, Нег, Бал).

Место прасл. **tj / kt′* и **dj* фонемите */ќ, ѓ/* се јавуваат само во неколку лексеми, сп. *в'ејќи, ѣ'овејќи, думаќ'ин, буж''иќ* (Бал, Пл), во Горно Броди и во Секавец уште и *ќ'ерка, ќ'е / ќи.*

Во другите случаи место споменатите прасл. групи се задржале старите рефлекси */шт/* и */жд/*, одн. */ш'т, ш'/* и */ж'д, ж'/*, сп.: *вр''аѣиш'ѣе, гаш'ѣи, к'аш'ѣа, л'еш'ѣа, м'аш'ѣеха, ọб'уш'ѣа, ѣр'аш'ѣа, сф''аш'ѣа, ср'еш'ѣа / ср''аш'ѣа, ѣл'аш'ѣа, д'аш'ѣер'а, гур'еш', наш' / н''ош', ѣ''омуш', пеш' – пеш'ѣ'ă, ш'ѣе / ш'ѣа / ш'ạ, ш'ѣ''ах, ј'агнеш'ѣи, ѣ'илеш'ѣи, ходеш'ѣ'ем, – в''аж'дạ / в''аш'ка, м'еж'дạ, м'еж'ду, ѣр'еж'дạ, р'аж'дạ, с'аж'ди / с'аш'ки, ч'ус – ч''уж'ди / ч''узди, в'иж'дạ, сх'аж'дạ, гов'еж'до, бр''ож'дањец* (ГБ, Пл, Бал, Ви), одн. *в'еж'ц'ạ, дух'ож'ц'ạ, ѣ'аж'ц'ạ, р'ож'ц'ạ, с'аж'цạ* (Нег).

Од другите покарактеристични диференцијални особености заслужува да се истакне билабијалниот изговор на фонемата */в/* и нејзината факултативност пред лабијалните самогласки, сп. *б'ач'wạ, з'ăлwạ, б'и''ул / б'иул, ''ол – ''олуwę, ''одạ, ''осạк, 'ујку, удең'ицạ* (Драмско, Иванов, 1977: 118), *б'и''ул, ѣу''ар, 'ујңạ, ул'owи, 'олч'ę, улу''ар, урѣ'уңạ (форѣуна), усѣ'ан, мрạ'улник, уш'ѣ'иңạ (вошѣина), 'осук, 'одạ* (Сек, Видоески, 1990 : 49), *н'иwạ, л'афуwи, ч'ув'ек / ч'у'ек, ул'ои* (Нег, Видоески, 1991 : 22), *д'awa, мл'иwу, w''ăрạ* (Бал), *w'одạ, ѣр'awу, ж'иw'оѣ, 'одạ, ол, 'осук, н'оу, ѣр'аиш', ун'еш'ѣ, удин'ицạ, уѣ'ори* (Ви).

8. Во областа на именската флексија сите говори од серско-драмското и лагадинското подрачје ги обединуваат множинските наставки *-ове* и *-е* за м.р. и *-ета* за с.р., а во деривацијата деминутивно-хипокористичкиот суфикс *-инка*.

Наставките *-ове* и *-е* истовремено овие говори ги поврзуваат и со источниот дел од долновардарските.

Наставката *-е* (со аломорфот *-ę* кој може да се редуцира и во *-и*) се задржала кај старите формации на *-ар, -ин, -ѣел* и кај именките од *и*-основи, а потоа се проширила и на серија други именки вклучувајќи ги и заемките, сп.: *кр'ај – кр'ае, сар'ае, д'енę, к''онę, ọгањ'е, к'аминę, с'елęнę, риб'арę, д'евęрę, м'ăж'ę, дарм''онę* (Пл), *ѣрамаѣ'арę, ọхч''ерę,* дури и *Г'ăрцę, Турцę* (ГБ), *ѣриј'аѣęлę, ѣад'арę,* како и старите колектива на *-је (*-ьје)* од типот: *д'ăѣ – д'ăб'ę , г'оси'ę, сн'оѣ'ę, ѣр'ăн'ę, л''уд'ę* (Сек), *бр'аѣи, сн'оѣи – сн'оѣиѣọ (< браѣе, сн'оѣе,* Бал).

Множинската наставка *-ња* за с.р. може да се сретне уште во неговањскиот говор, сп. *ј'арę – јар'ин'ạ, вăж'ин'ạ, ж'дриб'ин'ạ, мач''ин'ạ, магар'ин'ạ* (Видоески, 1991 : 21), многу ретко и во секавечкиот говор, сп. *вр''амę – врęм'иңа, мул'иңа, куч'иңа,* покрај *ѣол'еѣạ, ј'агнęѣạ* (Видоески, 1990 : 61). Во другите говори кај именките од с.р. на *-е* добро се држи старата наставка *-ета,* сп: *в'ăж'и – в'ăж'иѣạ (< в'ăжеѣа), г'ăрниѣạ, ж'р''ăбиѣạ, ј'агниѣạ, к'уч'иѣạ, ш'ик''ерч'иѣạ* (Бал), *ѣ'олę – ѣол'еѣа, мур'еѣа, дир'еѣа, ј'агнęѣạ, 'имę – 'имęѣạ* (Сек), *б'урę – б'урęѣạ, ј'арęѣạ, кọнч''еѣа, маг'арęѣạ, ѣ'илęѣạ, мур'еѣạ* (Пл, ГБ), и со запазен назализам во сушко-височкиот говор: *м'ори – мур''äнѣạ, ниб'е – ниб''äнѣạ, к'осми – к'осминѣạ* (Gołąb, 1963 : 188).

Деминутивно-хипокористичкиот суфикс *-инка* широко е распространет во овие дијалекти, сп.: *бр'адạ – брạд'инкạ, wр'аѣạ – wрạѣ'инкạ, гlạw'инкạ, н''огạ –*

нуж''инка, уст'инка, б'аба – б'абинка, ниw''аста – ниw''астинка, а се шири и на именките од другите родови: *н''ос – нус'инка, н''ош' – нуж''инка, к''от̄е – к''от̄ет̄инка, куч'ит̄'инка, ''оку – ọч''инка, уш''инка* (ГБ, Пл), *г̄лав'инка, жен'инка, р'ăка – рạч'инка, уб'awа уст̄'инка* (Сек).

9. Глаголската флексија е доста уедначена во сите говори од оваа група и по глаголските основи и по глаголските форми и нивните наставки.

Старите глаголски основи се чуваат релативно добро, сп.: *г̄л'ед-ạ-, 'ид-ẹ- / бẹр-'е-, с'е-ẹ-, кр'и-ẹ-, ч''у-ẹ-, н''ос-и-, дạрж'-'и-, ст̄у-'и-.*

Во 1 л. едн. презент наставката *-м* се генерализирала само кај глаголите од *а*-основа, додека кај другите основи на поширок ареал таа отсуствува или во одделни пунктови се јавува факултативно, сп.: *г̄л'едạ-м : 'идạ-ø, н'осạ-ø, д'ăрж'ạ-ø,* одн. *н'ос'ẹ, д'ăрж'ẹ* во некои говори.

Доста добро се запазени и старите модели на несвршени глаголи од свршени и старите iterativa, сп.: *зạбр'awạ, ọст̄'awạ (: зạбр'awи, ọст̄'awи), п̄л'аш'т̄ạ, р'аж'дạ (: п̄л'ат̄и, р'оди), ист̄'ицạ, нạс'ицạ, нạр'ицạ* покрај поновите: *ист̄'ич'ạ, ист̄'ич'ạ, нạс'ич'а, ọбл'ич'ạ (: ист̄'еч'ẹ, ọбл'еч'ẹ), зạт̄w'ар'ạ, п̄уфт̄'ар'ạ (: зạт̄w'ори),* во дел од овие говори се продуктивни и образувањата со суфиксот *-ов(а)* од типот *к'уп̣оwạ,* покрај *-ув(а).*

По однос на глаголските форми како заеднички особини треба да ги истакнеме: отсуството или многу ретката употреба на старите модални облици со *би,* живата употреба на аористот и од несвршени глаголи, чувањето на помошниот глагол во 3 л. едн. и мн. во перфектот (но има и исклучоци), образување на аористна форма од основата *бид- (бид'ох, бид'е),* и од старата основа **хъıě- (хт̄'ах, хт̄'е, хт̄''ахмẹ,* или *хт̄'ех, хт̄'е, хт̄'ехмẹ),* доста ограничената употреба на глаголските конструкции со 'има / нема'.

10. Како диференцијални црти внатре во рамките на овие говори покрај веќе спомнатите (рефлексите на **ъ̯, *ǫ, *ě* во некои позиции или видот и карактерот на редукцијата) како покарактеристични ги одбележуваме: реализацијата на акцентираното /*o*/, отсуството на фонемите /*ц-s*/, дистрибуцијата на /*x*/, повеќе промени во консонантските групи, во именската флексија: членската морфема за м.р., бројни разлики во системот на заменките и еден број разлики во глаголската флексија и кај службените зборови.

Врз основа на тие карактеристики во рамките на серско-драмската и лагадинската дијалектна група можеме да изделиме неколку помали говорни индивидуалности.

Драмскиот г̄овор

Драмскиот говор со мрвашкиот и зилјаховскиот подговор зафаќа најголемо пространство. На североисток од родопскиот чечки говор го разграничува планинскиот венец Боз Даг, на запад спрема серскиот говор границата оди приближно по планинската височина која го разделува Драмското и Серското Поле на правецот на селата Крушово – Г. Броди – Фраштани – Дервишен (Иванов, 1977 : 39). На север тој се прелева во гоцеделчевското (неврокопското) говорно подрачје преку денешната грчко-бугарска државна граница.

Овој говор го карактеризираат следните особености:

– рефлексацијата на *ъ̥ во /ă/ во сите морфемски позиции, сп. *сăн, сạн'ă, кạк'ăф, ӣ'еӣạк,*

– рефлексацијата на *ǫ во /ă/ исто така во сите морфеми (со исклучок на инфиксот *-на-) : к'ăш'ӣạ, ӣлạw'ăӣạ, сạ (*sǫtъ), б'ерạ, бẹр'ăӣ, 'имạхạ,* и со запазен назализам во *ӣл'ăмби.* Исклучок претставуваат примерите *ӣнус', ӣн'усạн, ур'уж'ẹ* (стари дублети), *н'еӣрẹ (фн'еӣрẹ), ӣлиб'ок* (Видоески, 1992 : 15).

Основна замена за носовката *ę е /е/: *ӣл'еда, зеӣ', 'еӣạрwạ, 'едạр, 'езạ, ẹз'ик / из'ик, кл'еӣфạ, реӣ, ч''едọ, фреӣ* (сите), и со запазен назализам во *ӣенӣ'* (педа), *ӣẹндẹс'еӣ', дẹвẹндẹс'еӣ', w''ол'ẹ, к'уӣ'ẹ* , во општата форма кај именките од типот *б'ан'ẹ – б'ан'ẹӣạ, д'уш'ẹ, нид''ал'ẹ* (зад мека согласка). Во примерите од типот *ж''ăдạн, ж''ăӣwạ* (Пл), *ж''ăӣwạ, ж''ăнạӣ, ч''ăдọ, ч'ăс, ч''ăсӣọ,* во Горно Броди уште и во *ӣл'ăдạ, кл''ăӣwạ,* има остаток од старата замена на *ę со *ǫ.

Основна замена на *ě во акцентиран слог, како што веќе кажавме порано, во драмската потесна област е /'а/ без разлика на карактерот на следниот слог, а во неакцентирана позиција /е/, сп. *б''ал, б''алạ, б''али, ж'р'абẹ,* но: *млẹк''оӣу, сн''ак – снẹӣ'ă.* Во северните мрвашки села покрај рефлексот /а – е/ може да се сретне и позициониот алофон [ä] пред меките слогови, сп. *б''äли (: б'ал, б''алạ, б''алọ), б''äш'ẹ, wр''ämẹ, д''äӣẹ, нид''äл'ẹ / нид''äли,* а понекогаш се среќаваат и наспоредни форми со двата алофона во истата фонетска позиција, сп. *б''äли* и *б''али, ӣр''äш'ки* и *ӣр''аш'кạ* (ГБ, Иванов, 1972 : карти 16, 17).

Во зилјаховскиот говор редовен рефлекс за *ě е /е/ во сите фонетски и морфолошки позиции, сп. *б'еӣạм, бел, вр'емẹ, р'екạ,* во некои пунктови и /ʲе/ : *б'ʲесạн, ӣн'ʲездọ, зв'ʲездạ* (с. Скрижово), како и во говорот на селото Зрново во Мрвашко : *д'ʲеӣẹ, р'ʲекạ, ӣр'ʲешкạ* (Иванов, 1977 : 76).

Во него подоследно е изразена лабајализацијата на /и, е/ во /у, о/ зад меките согласки, но само како лексикализирана појава, сп. *ж'уф, ж'уw'е, ч'уw'ија, уч'ум'ен'* и *уч'им'ен', уч'ун'ă* покрај *ујч'ин'ă, 'уч'ум – 'уч'иш', л'уw'адạ, ӣ'уӣ''еркạ, с'урм'ах, ч'уч'ул''уӣạ, ӣ'еш'ӣ'урạ* (Пл), *ж'оӣ, ж''уwμнạ, ж'уwẹ'а, ж'уб''оӣạ, ӣ'енж'урạ, л'ух'уцạ, ч'уфл'ик* (ГБ).

Рефлексот на старото (јужнословенското) вокално *л̥* по правило се јавува во секвенцата /ăл/, со исклучок во неколку лексеми кога се наоѓа во позиција зад забновенечна согласка, сп. *б'ăлwạ, б'ăлхạ, в'ăл'к, ӣ'ăлӣạ, ж''ăлӣ, ј'абạлки, к'ăл'wạ, к'ăлк, мạл'ч''и, ӣ'ăлạн, ӣạлж''ок, ӣ'ăл'х,* но *сл'ăнцẹ, дл'ек* покрај *дл'ăк* (ГБ, Пл).

Во областа на консонантизмот како дијалектни посебности во овој говор заслужува да се одбележи чувањето на /х/ во сите позиции на збороформите, сп. *хạд'еӣ, х'ајдẹ, х'иӣạр, б'ухọ, ӣл'ухạ, ј'ахạ, 'ухọ, бл'ăхạ, д'ихнẹ, ӣр'ах, ӣ'ăл'х, ӣр''ах,* во граматичките морфеми: *б''ах, ӣл'едạх, ӣл'едạхмẹ, хл'едạхӣẹ, ӣл'едạхạ,* покрај *л''аӣ,* како и појавата на ново *х* во резултат на аспирација најчесто пред иницијалното /и/, сп. *х'има, х'исӣинạ, х'иӣлạ,* во поограничена мера и во други позиции: *н'ехин, хим / хми,* и др. (Иванов, 1977 : 98).

Поретко може да се сретне /х/ добиено и со дисимилација на групата *кӣ* во *л'ехӣẹ, н'ехӣẹ, д''охӣур,* покрај *д''окӣур,* и на согласките /ј, с/ пред африкатите /ч, ц/ на морфемска граница, сп. *јạхц'е / ẹхц'е, јạхч''инку (: јајце), бр''ахч'и (: бресӣ), м'ахч'и (: мас), н''охч'и (: нос), ӣуј'ахч'и (: ӣојас) м'ехцẹ (: месо), ф + ц, ч > х + ц, ч : ọхц'еӣẹ, ọхч''ер'* покрај *''офцạ, ọфч''ер'.*

Групите */шт̄/* и */жд/* остануваат неизменети: *л'еш'т̄а, м'еж'да.*

Драмскиот говор не ги познава звучните африкати */s, ц/*; сп. *зв''аздa, ж''оп̄, ж''ам.*

Од другите појави во консонантскиот систем да ги нотираме:

– испуштањето на */т̄, д/* во секвенците *-стр̄-, -здр-: б'исрǫ, ᵛосрǫ, с'есрa, ср'ах, ж'р''абę,*

– дисимилацијата на *мн* во *мл* во лексемата *мл'ᵛоґǫ,*

– на *жл > зл* : *зл'ăч'кa,*

– на *мн > вн* : *ст̄'ᵛоwнa, т̄'ewну, т̄ęwн'ицa* покрај *т̄'емну, т̄ęмн'ицa,*

– замената на **č-* во старата група **čʒ-* во *ц-* : *ц'ăрaн, ц'ăрф, цaрл'иф, цaрwǫ-ј'aду д'ăру* (Пл), и

– на групата **čʒ̆-* во *чере-* : *ч''ерęп̄, ч'р''awǫ / ч'ир''awǫ, ч'р''аш'a / ч'ир''аш'a / ч'ир''еш'a* (Пл).

Старите групи **tьj, *dьj* се асимилирале во палатализирани *т̄', д'* : *бр'ат̄'a, сф'ат̄'a, д''awул, л''уд'ę,* како впрочем и во други секвенци со *ј,* на пр. *з'ем'a (земја), л'ам'a.*

Уште една фонетска посебност што го карактеризира драмскиот говор е сврзана со реализацијата на */л/* како полумек фон пред задните самогласки, пред согласки и на крајот, сп. *ґл''awa, л'aж''ицa, ґ'ᵛол' – ґу'ол'a* (Пл, Иванов, 1977 : 120).

Интерес може да побуди и палатализацијата на */л/* пред */ч, ц, к, х/*, сп. *в'ăл'к, п̄'ăл'х, б'ăл'хa, ж''ăл'ч'кa, мaл'ч'и, п̄aл'ж''ок, п̄ит̄'ел'ч'ę, м'ал'цę, кр'ил'цę.*

Во именската флексија најкарактеристична особина претставуваат членските морфеми на *-н- (-ăн, -на, -но, -не)* и прегласувањето на *а* во членот во *е* зад меките согласки. Членот со *н,* кој е карактеристичен за соседните бугарски родопски говори, е констатиран, според сведоштвото на Иванов (1977 : 154; 1972 : карта 84) во потесната драмска област, и тоа доста спорадично, сп. *бр'адwaнa, нуґ'ăнa, ј'ахцaнa, д''ат̄ену, aф п̄ул'ену* (Пл).

Членската морфема за м.р. со *т̄* се јавува во две варијанти: *-ăт̄* во зилјаховскиот говор, сп. *брęґ'ăт̄, син'ăт̄,* одн. *-ęт̄* зад меките согласки и во неакцентирана позиција: *к'онęт̄, н'ож'ęт̄,* додека во мрвашкиот таа се јавува без *-т̄* во фонетскиот облик *-ă* : *ґрaд'ă, ґлaс'ă, син'ă* (под акцент), *л''абa, м'ᵛозaкa, јун'акa, из'икa* (Пл, ГБ), одн. *-е* зад меките согласки: *м'ăш' – м'ăж'ę, уфч''ер'ę, кув'ач'ę, п̄'ăт̄'ę.*

Кај придавките членот *-е* е регуларен, сп. *сл'aп̄ – сл'абиę, диб'ел – диб'елиę, ј'aґнęш'т̄и – ј'aґнęш'т̄иę,* многу се поретки форми со *-ă* : *ґул''амиa, ц'алиa, ст̄'ариa, ч'ул''ак* (ГБ), па така целата членска парадигма гласи: *сл'абиę / сл'абиa, сл'абaт̄a, сл'абǫт̄ǫ, сл'абит̄ę,* таму каде што има член со *н* : *сл'абиaн, сл'абaнa, сл'абǫнǫ, сл'абинę.*

Множинските наставки кај именките *(-и, -ове, -е, -офци, -ишт̄a, -а, -ет̄a,* за избројана множина *-а)* не покажуваат на овој терен посебности, ако ја исклучиме редукцијата кај некои од нив. Извесна неиздиференцираност во функцијата покажува само наставката *-е* за збирна или за обична множина, сп.: *м'ăж'ę, уфч''ар'ę* спрема *к'амęнę, кл'ас'ę, ґ'ост̄'ę, д'аб'ę, л'ист̄'ę.* Јасно е збирното значење во облиците од типот *лист̄'a (: дв'a л'ист̄a – л'ист̄ǫвę), циґaн''a, Турч''a*

(: мн. *Турцẹ*). Кај именките од ж.р. се генерализирала наставката *-и* : *р'ăк'и, н^{у}'ог̄'и,* освен во *^{у}офцạ – ^{у}офцẹ, ọфц'ет̄'ạ – ọфц'ет̄ẹ* и *ọхц'ет̄ẹ* (ГБ).

Во драмските говори особено е богат системот на заменките.

Во групата на личните и личнопредметните заменки поради фонетските особености ги истакнуваме формите: *ј'а* покрај *ј'ас, н'иẹ* со аломорфите *н'ијạ / н'еạ / н'еẹ,* за 3. *т̄^{у}ој, т̄''а / т̄'ијạ,* мн. *т̄'ие / т̄'ẹ / т̄'еẹ* и зависните форми: *м'ен / м'енẹ, т̄'еӣ / т̄'ебẹ, н'ек / н'ег̄у, н'еạ / н'еẹ / н'ехи, т̄''ах, х'им / хм'и / хн'и,* кратките форми за објект: *мạ, т̄ạ, сạ, нạ, вạ, г̄и,*

– лично-предметните: *к^{у}ој / к^{у}ок, кọј'а, кọј'о, ч''^{у}ој, ч^{у}ојạ / ч''ej, ч''ејạ / ч''еẹ, с''ак / с''акуј, с''акạ / с''акwạ,* и посебно ги истакнуваме прашалната: *кут̄'ăр / кут̄р'и, кут̄р'ă, кут̄р'о, кут̄р'и* (Пл), едн. *кут̄'ăр, кọт̄р'ă* (ГБ), и неопределената *боạд'ин, буạдн'ă, буạдн'о, буạдн'и / буд'ин, будн'ă / буд'ăн, будн'а,*

– присвојните: *м^{у}ој, м^{у}ојọ, т̄w^{у}ојọ / т̄^{у}ојọ, н'ејн, н'ејнạ* и *н'ехин, н'ехинạ, -ọ, -и, сф^{у}ој / с^{у}ој, су'ојạ, т̄''ахạн, т̄''ахнạ, -о, -и.*

Многу е богата со форми групата на демонстративни заменки. Овој говор познава систем од три вида показни заменки: *т̄^{у}ос, с^{у}ос, н^{у}ос,* и тие се обично проширени со партикулите *-ј, -з(и), -в(а), -кана,* сп.: *т̄уз'и, т̄ăс / т̄'ăзи / т̄'ајạ / т̄'аẹ, т̄ọw'а, т̄ес / т̄'ези, – суз'и, сăс / с'ăзи, сwа,* и *суј, сăј, сwа, с'ај,* и/или *с^{у}оạ, с'ăạ, сwа, с'ас, с''awạ, с'ạw'а, – н^{у}ој / н^{у}ос / нуз'и, нăс / н'ăзи, нуз'и, нес / н'ези, н^{у}ози, н'ăзи, н'ези, ун^{у}ос, ун'ăс, ун'ес,* и со партикулата *-кана* : *т̄^{у}ојкạнạ, т̄'ујкạнạ, т̄уз'икạнạ, суз'икạнạ, с'ăзикạнạ, с''азикạнạ, с'ујкạнạ, с'ăјкạнạ, с''акạнạ, с'ејкạнạ, н'узикạнạ, н'ăзикạнạ, н''азикạнạ, н''^{у}ојкạнạ, ọн^{у}ојкạнạ,* итн.

Со количествено значење покрај заменките *с'ич'ки / фс'ич'ки, с'ич'кит̄е,* во жива употреба е и старата определба **врѧдь** која се јавува во фонетските разновидности *wр'ет̄, фр'ет̄, фр'ăт̄,* сп. *шт̄ạ т̄и д'ам фр'ет̄ ọфц'ет̄ẹ, т̄а п̄уг̄л'едạ вр'ет̄ х'орọт̄ọ, и ẹ исп̄'и фр'ет̄ ọд'ăт̄ạ.*

Во глаголската морфологија најмаркантна особеност е секако суфиксот *-ов(а)* за образување несвршени од свршени глаголи, сп.: *в'ид'ọwạ, дọw''адоwạ, к'уп̄оwạ, л'ег̄нọwạ, м'инọwạ, ф'ат̄'ọwạ, л'ип̄сọwạ, п̄рẹм'ер'ọwạ,* покрај *в'ăрзуwạ, зạст̄'ануwạ, изм'ăкнуwạ,* и др. Суфиксот *-ов(а)* се шири за сметка и на образувањата на *-ува,* кои доминираат во серско-струмските говори, но и за сметка на други имперфективи, на пример, на оние со стариот суфикс *-ј(а)* од типот *в'иж'дạ, дọв'аж'дạ, ф'аш'т̄ạ,* и др. За продуктивноста на овој суфикс во југоисточните македонски говори, вклучувајќи го тука и гоцеделчевскиот (неврокопскиот) и за појави во врска со него види поопширно кај Мирчев (1936 : 100) и Иванов (1977 : 222).

Од другите девербативни формации на дијалектен план интерес можат да претставуваат и следните: *зạф'ат̄ạ (: зạф'ат̄и), п̄рув'ал'ạ (: п̄рув'али), сф'ал'ạ, нạw'арw'ạ, – дун'исạ (: дун'еси), фн'исạ, вạскр'исạ, п̄рẹт̄р'исạ, фл'изạ (: фл'езẹ), изл'изạ, ọм'ит̄ạ (: ọм'ет̄ẹ), п̄рим'ит̄ạ, п̄рул'ит̄ạ, – ọбл''ач'ạ, уг̄р''аwạ, – п̄уиг̄р'аwạ, нạп̄уј'аwạ, нạсм''аwạ, нạп̄ạлн''аw ạ, рạзбул''аwạ, смẹл''аwạ, зạг̄рạд''аwạ* и др. Некои од нив зафаќаат пошироки ареали во југоисточните, па и во некои од крајните источни македонски говори.

Во парадигмите на простите глаголски форми како понеобични во однос на другите говори од оваа група и за покомплетен увид во парадигмите ќе ги споменам:

– факултативната употреба на наставката *-м* во 1 л. сегашно време кај глаголите од *е/и*-група, може да се рече дури и отсуството нејзино, сп. *б'ера, с'еја, п'ија,*

– прегласувањето на *-а-* во *-е-* зад меките согласки кај глаголите од *и-* група, сп. *в'ид'е, г'ор'е, д'ăрж'е, кр'оје, л''уб'е, м'исл'е, х'од'е,* и во 3 л. мн.: *гур''ет, дарж''ет, кру'ет, м'исл'ет, х'од'ет;*

– во 1 л. мн. наставката *-ме* е стабилизирана кај глаголите од *а*-група, сп. *гл'едам – гл'едаме, р'укам – р'укаме,* додека кај глаголите од *е/и*-група таа се јавува факултативно во зависност од тоа дали во 1 л. едн. се јавува *-м* или отсуствува, сп.: *'ида – 'идем, б'ера – бер'ем, д'ăрж'е – дарж''им,* одн. *раб'от'ем – раб'отимe.*

Од глаголите **byti* и **хътěti* презентските форми гласат: *сăм, си, е (и), сме, сте, са,* негирани: *не с'ăм, не с'и, не 'е,* итн., *(да) б'идам, б'идеш' б'идe, б'идем(е), б'идете, б'идат, ш'т''а / хт''а, ш'т''еш', ш'т'е, ш'т'ем, ш'т''ете, ш'т''ăт,* негирани: *не ш'т''а, не ш'т''еш,* итн., во аористот: *бех, бе, бе, б'ехме, б'ехте, б'еха,* одн. *бид'ох, бид'е, бид'е, бид'охме, бид'охте, бид'оха; хт''ах, хте, хте, хт''ахме, хт''ахте, хт''аха* и/или *хт'ехме, хт'ехте, хт'еха.*

Во имперфектот од **byti* се употребуваат две форми: *б''ах* и *б'ех, б'еш'е,* од **хътěti* : *ш'т''ах – ш'т'еш'е* и *хт''ах – хт'еш'е.*

Глаголот **хътěti* се среќава со старото значење, сп. *Ќас ни шт'а сп'ием т'окана.* Глаголот *сака* во нашите анкети не е добиен!

Посебност е во овој говор појавата на *-ă* место *-о* во аористот кај глаголите од консонантска основа од типот *р'еках – р'екахме – р'екахте – р'екаха, д'адах – д'адахме, д'ојдах – ду'ојдахме, изј'адах, н'ајдах, фн'есах, п'еках, ч''етах* (Пл), и др., која се објаснува со аналогија на глаголите од *а*-раздел *(в'икнах).*

Од начинската категорија посебни форми има само императивот, сп. *гл'едај – гл'едајте, п'ај – п'ијте, сеј – с'ејте, п'ери – п'ерите, п'еч'и – п'еч'ите, 'испеч'и – 'испеч''ите,* со тоа што во 2 л. често се испушта наставката, сп. *'ид, з'ем, д'ăрш', ј'аш' (јади) в'иш' (види).*

Во негираните форми се испушта *да,* сп. *ним'ој в'икаш', ним'ојте в'икате, ним'ој бир'еш', ним'ој н'осиш',* поретки се форми од типот *ним'о гo ф'атај* (ГБ), а не се непознати форми и со грчката партикула *ми* : *ми н'осиш', ми сич''еш'.*

Нереална условност се изразува со формите на минато идно време, сп.: *да зн'ајах ш'те д'ојдах,* негирано: *да зн'ајах н'емаш'и да д'ојда.*

Партикулата за идни временски форми се употребува во фонетските разновидности: *ш'те, ш'та* (ГБ), *сте / ста* и *ш'та, ш'а* : *ста / ш'та р'укам, ста / ш'та ц''аиш'* (Пл).

Глаголскиот прилог се среќава во формите со наставките *-ш'тем, -ш'тум* и *-ш'ком,* сп. *седеш'т'ем, малч'еш'т'ум, ходеш'т'ум, тарч'еш'к'ом* (ГБ, Пл).

Од службените зборови на дијалектен план го привлекуваат вниманието:

– предлозите *вăрх* (*стуј'али вăрх к'амена*), *вăз / вăс* (*вăс нид''але, вăз к'аурската механ'ă*), *изв'ăн* (*изв'ăн с'елуту*), *кăм* (со значење *кон*), *нап'р'еш* (*нап'р'еш' нид''але*), *прес / през* (*прес тр'и м'оста*), *вăн, оп'р'еш.*

– а од сврзниците *л'у* : сп. ... *шта ти ил'атем и н'аилатем, л'у да ни ма ост'ави, Н'ека си з'емех л'у шт'ото да 'исках...* (ГБ), и *аг'а* : *И там'ан аг'а бј'еше на врат'ăта на п'ешч'ерета, и нат н'ек од г'оре д'ојде др'угие 'облак.*

Две посебности драмскиот говор покажува и во врска со распоредот на клитиките по однос на глаголот. Во глаголските синтагми каде што има кратка заменска форма и глаголска клитика, заменската клитика може да се јави пред глаголската, сп. *исӣл'елạ ӣи сăм, ӣ'алӣуӣу ӣу си з'елу, уб'или ӣу сạ нạ ӣур'ăӣạ.*

Партикулата за негација *не / ни* по однос на кратките заменски форми може да стои и пред и зад заменката: *Ј'а не ӣи н'ајдạх : ами ӣи ни д'awạ.*

Важна улога во дијалектната диференцијација игра и лексиката. Во драмското дијалектно подрачје можат да се издвојат три поголеми групи лексички дијалектизми: архаизми, грцизми и турцизми. Особено е бројна групата на грцизми. Просторот не дозволува да го покажеме списокот на лексичките заемки од грчкиот и турскиот (в. поопширно за тоа кај Видоески, 1992 : 67-74, и кај Иванов, 1977). Меѓутоа, не можеме да не спомнеме неколку архаични лексеми кои имаат доста ограничени ареали, како што се, на пример: *б'ăрни* 'усни', *бл''уди* 'скита', *бл''удọ, бр'адwạ, будн'ăш', буд'ăн* 'никој' (**любо едьнъ**), *бук* 'бука', *ӣw'ʸос* 'клинец' (**gvozdь), ӣран'* 'гранка', *кọз'ел'* (**kozьlъ), куӣр'и* (**kъtorъ), к'узн'ạ* (**kyzьnьja), кузн'ар'* 'ковач', *к'ʸоӣкạ* 'мачка', *кọӣạр'ак, кр'ăк* (**krǫgъ), к'уч'а* 'варена пченица за задушници', *л'анӣа, 'ʸобрус, ọкн'ʸо, ӣенӣ'* (**pędь) 'педа', *ӣесница, р'акла, р'аӣạј, фреӣ / фрăӣ / фруӣ* (**vъ rędь), ӣọӣ'ор, ӣọӣур'иш'ӣẹ, ч''аӣạл' / ч''аӣл'ẹ, ч''есạ, ј'адиwọ, ж''ени* 'жнее', *ч''ерẹн', јẹл'аӣạ, ж''ал'wạ,* и уште ред други примери.

Драмското говорно подрачје, како што се гледа, е доста компактно. Со неколку црти од централната област се разликува говорот во неколку јужни села околу гр. Зилјахово и во крајните северни села кои гравитираат кон Гоце Делчев (Неврокоп).

Зилјаховскиоӣ ӣовор, судејќи по материјалот претставен во студијата на Јордан Иванов (1977), отстапува од централниот (мрвашкиот) пред сè по рефлексацијата на **ě.* Веќе спомнавме дека во овој говор **ě* се рефлектирал со /е/ во сите позиции, во одделни пунктови може да се сретне и јекавски изговор. Тој е единствен говор во серско-драмската група каде што има таква замена. Сп.: *б'ел, брẹӣ'ăӣ, wр'емẹ, w'ерạ, д'едọ,* одн. *б'ʲесạн, в'ʲерạ, ӣн'ʲездọ* (Скрижово, Иванов, 1977 : 76). Со ваквата замена на **ě* во зилјаховскиот говор значително се редуцирал корпусот на примерите со палатални согласки, бидејќи континуантот /е/ не ја палатализира претходната согласка.

Во врска со оваа појава стои и резултатот од превојот на *'а,* кој овде е доста раширен, сп. *'ерẹ / ј'ерẹ, ӣọл'енạ / ӣọлј'енạ, ӣиј'ен, ч'ẹрш''еф, ч''еш'кạ, офч''ерẹ, ж''еӣкạ (: ж''аба), ж''ел'wạ, ж''ел'бạ, ш''ерин* и *шј'ерạн, ч''еӣл'ẹ* (Иванов, 1977 : 89).

Во зилјаховскиот говор е поизразен прегласот на /'а/ во /ă/ под секундарниот акцент во примери од типот *н'еӣọвˌăӣạ, ӣ'ʸоӣọвˌăӣạ, д'ʸокạрˌăјӣẹ, л'еӣнọwˌăӣẹ,* и др. Прегласот во ваквите случаи станува само во акцентирани слогови, а се објаснува на следниот начин: првобитно /а/ се наоѓало во неакцентирана позиција и било редуцирано *(н'еӣọwạӣạ).* Новиот акцент придонесол редуцираното *ạ* уште повеќе да затемни и да се изедначи со акцентираното /ă/ : *н'еӣọwạӣạ > н'еӣọwˌăӣạ* (Иванов, 1977 : 91).

Од другите фонетски појави со кои во извесен степен се разликува зилјаховскиот говор да ги споменеме:

– поблагата лабијализација на /е, и/,

– почестата аспирација на иницијалните *и* и *ă*, сп. *$^{х'}$идẹ, $^{х'}$ăркạ,*

– поублажената дифтонгизација на акцентираното /*о*/ во /^{у}*о*/, но и случаи со премин на /'*о*/ во /*у*/: *нуш' (нош), ӣ'ус (ӣост), ш'уӣте (шоӣте < шеӣте),*

– јотувањето на иницијалното *е* во акцентиран слог, сп. *ј'елạ, ј'елẹн, ј'есẹн, ј'ет̄ạрwạ,*

– порегуларната употреба на /*ă*/ пред сонантите /*р, л*/ во секвенците /*ăр, ăл*/ како континуанти на старите вокални сонанти, сп. *к'ăрф', ӣ'ăрс', ӣ'ăрф, в'ăл'к, в'ăлнạ,*

– рефлексот /*ер*/ и чувањето на /*ч*/ во старата група **ǯ̥-* : *ч''ерф, ч''рạн, ч'ẹрв'ен,*

– пазењето на групата /*мн*/ во примери од типот *ст̄^{у}омнạ* (: *ст̄^{у}овна* во мрвашкиот),

– фонетските облици *ẹд'ин* (: *ạд'ин* во мрвашкиот), *ч'ул''ек, г̄р'имнạ, г̄л'ам-н'ạ, млук (внук), мл'укạ,*

и во флексијата:

– членската морфема *-'ăт̄* : *брẹг̄'ăт̄, зạб'ăт̄, г̄рạд'ăт̄,* одн. *-ет̄* : *к'^{у}он'ẹт̄, к'^{у}ош'ẹт̄, ӣ'ăт̄'ẹт̄, б'елиẹт̄, вис'окиẹт̄,*

– фонетските форми на партикулата 'ште': *ст̄ạ / ст̄ẹ, сạ (ст̄ạ н'^{у}оси).*

Во зилјаховскиот говор членската морфема *-т̄о* не се генерализирала наполно како што е тоа случај во другите мрвашки села, сп. *сф'ат̄ọв,ет̄ẹ.*

Суфиксот *-(е)шт̄(и),* познат и во другите мрвашки села, во зилјаховскиот се јавува редовно кај придавки изведени од имиња на животни од типот: *ј'аг̄нẹш'-т̄и, к'^{у}озẹш'т̄и, к'уч'ẹш'т̄и* и др.

Во драмската говорна област не може да се одмине говорот на една оаза што ја претставува селото ***Калаӣот̄,*** кое се наоѓа вгнездено на една коса на планината Боз Даг на правецот Драма – Горно Броди.

Говорот на ова село во рамките на драмската група во извесна смисла е уникатен со повеќе особености.

Тој е единствен по заедничкиот резултат од развојот на двата ера *(*ъ, *ь)*, на двете носовки *(*ǫ,*ę)* и на вокалните сонанти. Сите овие гласови се изедначиле и дале една фонема – /*ă*/, со таа разлика што пред континуантот на предните **ь* и **ę* согласките подлежат на палатализација. Сп.:

**ъ > /ă/ : вăн, в'ăш'кạ, к'ăснọ, сăн, с'ăхнạ, кạк'ăф,*

**ǫ > /ă/ : w'ăж'ẹ, г̄'ăбạ, г̄'ăскạ, д'ăӣ, з'ăӣ, к'ăш'т̄ạ, м'ăкạ, ӣ'ăт̄', р'ăкạ, с'ăбọт̄ạ,*

**ь > /'ă/ : д'ăн', л''ăку, л''ăсну, т̄''ăнку, 'ув'ạн, уц''ăт̄',*

**ę > /'ă/ : г̄л''ăдạм, ж''ăт̄wạ, з''ăт̄', кл''ăт̄wạ, м''ăсọ, м''ăкọ, ӣ''ăт̄ạк, т̄р''ăскạ, фр''ăт̄, ч''ăду, вр'ем'ạ, 'им'ạ, ј'аг̄н'ạ, т̄'ел'ạ* и др.,

**r̥ > /ăр – ră/ : в'ăрх, к'ăрф', г̄'ăрлọ, м'ăрсни, з'ăрнọ, сạрц'е, т̄ạрнл'иф,* но *т̄р'ăн, т̄р'ăг̄нạ,*

**l̥ > /ăл – лă/ : в'ăл'к, в'ăлнạ, г̄'ăлт̄ạ, ж''ăлт̄, ж'ạлт̄'ицạ,* но *дл'ăк.*

Посебен развој во калапотскиот говор, и уште во неколку други оази во Драмско, имал стариот вокал **у*. Неговиот рефлекс се реализира како среден фон меѓу *и* и *ă*, понекогаш поблиску до *ă*, понекогаш поблиску до *и*, особено во соседство со мека согласка и со веларите *(к, г̄, х)*, сп.: *сын, т̄'ыкwạ, р'ыбạ,* или *в'ăкạ, кур'ăт̄ọ* и др. (Иванов, 1977 : 83, Мирчев, 1933б : 53).

Во овој говор се констатирани и случаи со /*ы*/ за **у* најчесто зад веларните /*к, г̄, х*/, но и во други случаи, сп. *м'ылọ, в'ынọ, р'ызạ,* или дури да се неутрализи-

ра со /ă/, но во таков случај овој алофон ја смекнува претходната согласка: *м''ăл, w''ăну, ч''ăст̄ọ* (Иванов, 1977 : 102).

Редукцијата на *е* > [*ạ*] во калапотскиот говор се разликува од редукцијата на *ă* > [*ạ*]; алофонот од /*e*/ по правило ја смекнува претходната согласка, сп. *б'ол'ạн (< б'олен), х'од'ạт̄ (< х'одет̄),* за разлика од *с'ăн – сạн'ăт̄.*

Со споменативе особености калапотскиот говор повеќе инклинира кон родопските дијалекти.

Серскиот г̄овор

Серскиот говор ја опфаќа областа по долината на реката Струма јужно од Бутковското Езеро и југозападните огранци на планината Али Ботуш. Тоа е претежно рамничарска област во која главни административни и економски центри се градовите Серес и Валовишта (Демир Хисар).

Како основни пунктови за овој говор ги земаме селата Секавец (*С''акавиц, Сакафче),* кое се наоѓа на десната страна на р. Струма западно од Серес (Видоески, 1990), Календра и Савек *(Сав'ак)* во рамничарскиот дел на правецот Серес – Валовишта и Дервишен, кое е гранично со драмското говорно подрачје.

Дијалектните особености на серскиот говор можеме да ги поделиме во две групи.

Едната група ја сочинуваат оние црти што го сврзуваат серскиот говор со драмскиот во потесна смисла на говорното заедништво, како што се, на пример:

– лабијализацијата на /*и, е*/ во /*у*/, иако овде таа е поограничена, сп. *ичум'ен', чурд'ак (черд'ак), чур'ен, чур''ашạ, шул'еж'ẹ, шум'ијạ, шук''ер, шуфин'ер, п̄'ешт̄урạ, п̄'уп̄'еркạ,*

– рефлексот [*ạ*] место секундарниот *ь*$_2$ пред сонантите /*р, л*/: *в''ат̄ạр, 'ендạр, м'окạр, п̄'екạл, р'екạл,* како и пред /*м*/: *сạм, н'есạм, 'осạм, с'едạм,* освен во *'ог̄'ин,*

– загубата на /*т̄, д*/ во групите *-ст̄р-, -здр-* : *б'исрọ,* по аналогија и *б'исạр, 'осрạ, с'есрạ, ср'ах, зр'аф, зр'ав'ẹ,*

– замената на /*ч*/ во /*ц*/ во групата **čr̥-* : *ц'ăрạн, цạрв'ен, ц'арвẹ,*

– промената на групите *вн* > *мн* : *рạмн'ик, ус'ăмнạ, п̄л''амн'ạ, мн* > *мл* во *мл'ог̄у,* потоа во *мл'ук, мл'укạ (< мнук < внук), жл* > *зл* во лексемата *зл'ăчкạ,*

– промената на *-ск-* во *-цк-* зад консонант во суфиксот *-ск(и)* : *'олцкạ к'ожạ, кр'авинцку мл''акọ,*

– загубата на *в* пред лабијалните самогласки: *'ол, 'одạ, б'иул,*

– смекнувањето на /*т̄, д*/ во старите секвенци **tьj, *dьj* во примери од видот *бр'ат̄'ạ, сф'ат̄'ạ, цв'ет̄'ẹ, л''уд'ẹ, д''авọл, г̄р'озд'ẹ,* како и во други групи со *j* : *т̄р'ăн'ẹ, сн'оп̄'ẹ, зр'ав'ẹ.*

Во именската флексија одбележуваме:

– множинските форми со наставката *-е* кај именките од типот *к'онẹ, п̄ријат̄ẹлẹ, д'енẹ, м'ăжẹ,*

– множинската наставка *-ет̄а* : *ј'аг̄нет̄ạ,*

– заменките *фр'ет̄* 'сите', *н'еен* / *н'ејн* и *н'ехẹн, т̄''ахẹн,*

– деминутивно-хипокористичкиот суфикс *-инка* : *к'ăшт̄инкạ.*

Глаголската флексија е во голема мера идентична со флексијата во драмскиот говор.

Ако ги придодадеме кон овој број и оние особености што ги набројавме порано како заеднички на целиот серско-драмско-лагадински регион, тогаш сличноста меѓу серскиот и драмскиот ќе биде уште појасна.

Но исто така е значителен и бројот на особеностите со кои се разликуваат овие два говора меѓу себе. Од нив ќе ги истакнеме само најмаркантните кои, по наше мислење, имаат значење за дијалектната географија.

Тука пред сè да ја истакнеме рефлексацијата на големиот ер *(*ъ)* и носовката **ǫ* во формантите и флексивните наставки.

Големиот ер *(*ъ)* во серскиот говор во некоренските слогови се рефлектирал во */o/*, сп. *субр'ал (собр'ал), в'усук, в'ăшук, дǫб'ишǫк / дǫб'ишук, м'озук, п'ешук, ш'енук, л'акуш', н'окуш'*, во членот: *брęг'о, дęн'о, б''алиǫ,* спрема */ă/* во коренските слогови: *б'ăчва, дăш – дăжд'и,* итн.

Слична е положбата и со рефлексацијата на **ǫ*, сп. *в'ăдиџа, в'ăшур, г'ăбă, г'ăскă, г'ăсшу, сăд'иă, с'ăшшǫ,* но: *'обрăч, п'аjăк*, и во наставките: *п'аднăл, н'еă, ж'енă – жęн'ашă, б'ерă – бęр'аш, б''ахă.*

Во серскиот говор се запазиле и неколку случаи со назализам, сп. *в'ănsăл, к'ăндрăф, к'ăндрисшă, к'осă, м'ăндру, шр'ăмбǫ, мăндр'ец, м'ăндǫ,* и од **ę* во *'ендăр.*

Од старите дублети со */y/* овде се констатирани: *б'убрęк, гн'усно, гнусуш'иă, н'уждă, п'онудă, р'учук, шуп, шр'удnă, ур'углицă.* Не се вклопуваат во регуларниот развој лексемите *п'опчę* 'папук' и *н'ешрę* покрај *н'ăшрę.*

Носовката **ę* овде има нормален развој во сите позиции, сп. *гл'едă, ж'едăн, ж'ешвă, кл'ешвă, ęш'ăрвă, з'аęк, ичум'ен, из'ик (ечемен, език).*

Во поглед на редукцијата на неакцентираните самогласки патем да спомнеме дека */e/* и овде во бројни примери се редуцира во [ă], главно во завршокот *-ен*, поретко во други случаи, сп. *б'олăн, гр'озăн, пр'азăн, с'илăн, в'ечăр,* но и *б'олęн, с'илęн,* а најчесто во таа позиција има */и/*: *'есин, к'амин, гн'усин, г'уштир* итн.

Елизијата на неакцентираните самогласки овде е многу ретка; констатирани се само неколку случаи и тоа, главно, кога се наоѓаат во непосредно соседство со сонанти: сп. *б'орнă (борина), сирм'ах, с'ирнę, Бугурд'иџа, б'анџă, п'ел'ни (пелени), к'ислу мл''аку, пулв'инă, пунд''алник, в'ијвиџă, п'ијвиџă.*

Во серскиот говор регуларни рефлекси за **tj, *dj* се */шш, жд/*, како во драмскиот, со таа разлика што во првиов има повеќе случаи со */ќ/*, сп. *в'еќę, к'еркă, дǫмаќ'ин, ќе, н'еќę, бǫж''иќ,* наставката за глаголски прилог *-jќи* : *рук'ајќи, нус'ејќи.*

Серскиот говор ги познава звучните африкати */s, џ/*: *sв''аздă, sв'искă, s'ирă, бăц'а, уц'ак, лувц'иă.*

Има мали разлики и во врска со дистрибуцијата на */x/* и некои други промени. Во бројни примери во иницијална позиција, поретко и во интервокална, овој глас се загубил или се наоѓа во фаза на губење, сп. *'ајдę, 'орǫ, 'оцă, л'адно, л''аш, зă'ождă, Влă'инкă, м'ашęа,* а во неколку случаи *x* > */ф/*: *з'адуф, куж'уф, к'уф, гл'уф, с'уф – с'уфă, 'офшикă.*

Доста е изразена во овој говор метатезата на секвенцата од *р* + *вокал* од типот *бручл'иă, брушн'ил', вăрш'енă, гăрм'удă, курм'иш', пирлиг'аш, пр'окај, г'ăрди (грăди), пурд'ава* и др.

За разлика од драмскиот говор во серскиот не се врши преглас на */a/* во */ă/* во случаи од типот *ш'ур'уwăмę, д'окăрăјшę* (Иванов, 1977 : 91), не се забележани смекнувања на */л, н/* од видот на драмските *вăл'к, пăл'х;* согласките */в/* и */л/*

имаат "нормална" артикулација, сп. *б'ачва, л''абовје, л'ани, л'оши, гол;* акцентираното */o/* овде не подлежи на дифтонгизација, сп. *м'ос, м'орје* (: драмското *м^{у}ос, м^{у}орје*).

Во морфологијата како диференцијални црти се јавуваат:

– употребата на заменските форми за 3 л. *'он, 'она, 'оно, 'они,* покрај *т'ој, та / т'а, т'ија;*

– отсуството на заменката *кут'ар* и демонстративните од групата *сој / сос / с'озиј;*

– присуството на множинската наставка *-ина* кај именките од с.р., која се употребува во конкуренција со *-ета,* сп. *б'ибје – биб'ина, врем'ина, жреб'ина, магар'ина, јар'ина, куч'ина, шилеж'ина,* покрај почестите на *-ета* : *пол'ета, мур'ета, ј'агнета, п'архчета* (Видоески, 1990 : 61);

– членската форма за м.р. се образува со наставката *-о* : *заб'о, ред'о, м'озок'о,* а множинските форми што завршуваат на *-е* имаат член *-то* : *м'ажје – маж'ето, г'остето, бр''аговето.*

И во серскиот говор глаголските основи се пазат добро.

Во 1 л. едн. сегашно време кај глаголите од *е/и*-група наставката *-м* се употребува факултативно, а во 1 л. мн. се генерализирала наставката *-ме* кај сите глаголи, сп. *'идам(м) – 'идеме, б'ерам(м) – бер'еме, д'ржам(м) – дарж'име,* и во 3 л. мн. општа наставка е *-ат* : *'идат, бер'ат, дарж'ат, н'осат, број'ат.*

Глаголот 'нејќе' се јавува во целата презентска парадигма: *н'ејк'ум, н'ејк'еш', н'ејк'е, н'ејк'еме, н'ејк'ете, н'ејк'ат.*

Во 1 л. едн. на аористот наставката *-х* сè уште превладува, но не се необични форми и без *х,* сп. *рек'о, дад'о,* покрај *рек'ох, науч'их, тур'их.*

Партикулата за идно време редовно се јавува во обликот *ќе* : *ќе в'ика, ќе н'оси,* со глаголот 'сум': *ќе с'ам, ќе с'и, ќе 'е, ќе см'е, ќе ст'е, ќе с'а.*

Определените форми од глаголот **byti* гласат: *бид'ох, бид'е, бид'охме, бид'оха* (аорист) и *б'ех, б'еше, б'ехме* итн. (имперфект), а форми од глаголот **хъtěti* од типот на драмските *хт''ах, хт''а* не се констатирани.

Во 2 л. мн. императивот кај глаголите од *е/и*-група се среќава со наставките *-ите* и *-ејте,* сп. *д'ојди – д'ојдите* и *дојд'ејте, н'осите* и *нус'ејте,* или дури со наставката *-ајте* : *п'ечи – пич'ајте, д'онес' дајте.* Формите со наставката *-ејте* се карактеристични за кукушкиот говор и почести се во западниот дел од серскиот говор (Видоески, 1990 : 74).

Во негираните форми со *немој* отсуствува *да,* сп. *нем'ој 'одиш, нем'ој си 'играш,* а се среќаваат и форми со императив: *нем'ој са 'играј, нем'ој кр'евај, нем'ој ч'ети.*

Глаголскиот прилог во овој говор се образува со наставката *-јќи,* сп. *стој'ајќи, клич'ејќи,* не се непознати и формите со суфиксот *-шком* : *одешк'ом, тарчишк'ом,* додека образувања со наставката *-штем* од типот на драмските *ходешт'ем* не се констатирани.

Од девербативните глаголски образувања на дијалектен план интерес претставуваат пред сè оние со суфиксот *-ив-* од типот *забур'ави – забурав'ива, пуправ'ива, растувар'ива,* кои можат да се сретнат и во формите *забур'ајва, пупр'ајва.* Несвршени глаголи со суфиксот *-ов(а)*, кои се многу чести во драмскиот говор, овде се доста ретки. Пофреквентни се несвршените глаголи со суфиксот *-ув(а)* : *куп'ува, почин'ува.*

Од синтаксичките особености како диференцијални за овој говор можат да се споменат: употребата на кратките заменски форми пред глаголскиот облик и на почетокот на реченицата, сп. *г̄о в'иде дет̄'ет̄о, му п̄адн'а ш'ап̄кат̄а,* и несогласувањето по род кај атрибутските синтагми во примери од типот *г̄ọл''амọ к'амẹн', б''алọ л''ап̄* и др.

Ст̄румскиот̄ г̄овор

Струмскиот говор го репрезентираат дваесетина села по долината на р. Струма од денешната грчко-бугарска граница па до Бутковското Езеро на југ. Најголем дел од тие села се наоѓаат од десната страна на Струма во подножјето на планината Беласица на југ сè до линијата Старошево – Бутково – Голема Махала, а неколку села се расположени на пограничјето со петричкото говорно подрачје меѓу Струма и Сенгеловската планина северно до линијата Рупел – Сенгелово.

Овој говор значително се разликува од серскиот. Со најголем број црти тој се поврзува со петричкото говорно подрачје, или поточно – претставува дел на петричкиот говор и како таков е претставен во нашиот опис на петричкиот говор (сп. го второто поглавје од овој том).

Чечкиот̄ г̄овор

Чечкиот говор претставува посебна дијалектна индивидуалност во поширокото драмско подрачје. Тој ја зафаќа областа по долината на реката Места и нејзината притока Доспат меѓу планините Боз Даг на југ и запад и Доспат и нејзините огранци на север и североисток. Во оваа област живее исламизирано население во 18 населби од кои неколку се наоѓаат и северно од грчко-бугарската државна граница на левата страна на Места.

Генетски овој говор се наоѓа во тесна врска со граничниот родопски дијалект на бугарската јазична територија. Но, од друга страна, него го поврзуваат бројни црти и со драмската говорна група, така што тој претставува во извесна мера преоден говор меѓу родопските и драмско-серските говори.

Меѓу покарактеристичните дијалектни особености на овој говор спаѓаат: рефлексите на *ъ̥, во одделни случаи и *ь̥, носовките *ę и *ǫ, сонантите *r̥, *l̥, веларизацијата на самогласката /и/ во одделни фонетски околности, силната лабијализација и дифтонгизација на /о/ и др.

Големиот *ер (*ъ̥)* во овој говор, за разлика од драмските, се рефлектирал во /о/ во акцентиран слог, со алофонот [ɔ] (отворено *о*) и во [ạ] во неакцентирана позиција, сп. *в'онкạ, в'ошкạ, дош', ис'охнувạ, к'оснọ, сон, с'обẹрẹ, кạк'оф, брẹг̄'о,* но *дạжд'о, п̄'ет̄ạк.*

Основна замена за *ь̥ и овде е /е/: *ден', п̄'ен', ув'ес, ув'ен*, но има и примери со рефлексот /о/ кој ја смекнува претходната согласка, на пример, во *л''оснọ, т̄''омнọ, т̄''омнинạ, т̄''онки.* Може да се претположи дека во вториов случај се работи за импорт од родопските говори.

Во акцентиран слог рефлекс /о/, често во алофон [ɔ], наоѓаме и место двете носовки *(*ę, *ǫ)* со таа разлика што континуантот на *ę ја палатализира прет-

ходната согласка, сп. *г̄л''эдạм, з''эт̄', кл''эт̄ва, ч''эст̄ạ, врęм''эт̄ǫ, м''экǫ,* покрај *м'екǫ,* но и *йет̄', г̄ǫв'едǫт̄ǫ,* и за **ǫ : з'эп̄, к'эшт̄а, м'эш, р'эка, едн'эч, бер'эт̄, плет̄'эт̄.*

Исти рефлекси како носовките дале и **ŋ, *ļ* : */ор, ол/* со алофоните [*эр, эл*] во акцентиран слог и [*ạр, ạл*] во неакцентирана позиција, сп.: *в'эрбạ, г̄'эрнę, д'эрвǫ, п̄'эрф, п̄'эрс, ц'эрно, ц'эрвę, – сạрц'е, т̄ạрп̄'иш, цạрв'ен, цạрн'ицạ; б'элхạ, в'эл'к, п̄'элнǫ, дл''ок.*

Во поглед на рефлексацијата на **ě* чечкиот говор не е единствен. На поголема територија во акцентиран слог **ě* > */'а/*, со палатализација на претходната согласка, како во драмскиот, сп. *б''ал, б''алạ, б''али, бр''азạ, г̄ǫл''ам, дв''а, р''акạ, сн''ак, чир''ашạ.* Во неколку села наоѓаме екавска замена: *бр'езạ, б'елạ – б'ели, в'ерạ, вр'емę, др'ен, р'екạ,* со исклучок зад *ц* каде што има */а/*: *ц'ал, ц'али, ц'алинạ* (Борен, Тисово) или алофон [*ɛ*]: *б'ɛс, д'ɛт̄ę, дв'ɛ, р'ɛкạ,* покрај *мл''аку, г̄н''азду* (Доблен). Во неакцентирана позиција редовно на сета територија има континуант */е/*, сп. *рęк'от̄ạ, снęг̄'о.*

Во селата каде што **ě* > */е/* во акцентиран слог се прегласува и */а/* зад палатална согласка: *ј'арę* > *'ерę, 'едęнę, г̄рạнич'ер, кǫш'ерạ.*

Во поглед на реализацијата на вокалните фонеми чечкиот говор покажува посебност во врска со самогласката */и/*. Во акцентирана позиција зад сите невеларни согласки */и/* се реализира со нешто повлечена артикулација, како фон налик на [*ы*]: *в'ынǫ, сл'ывạ, н'ывạ, з'ымạ, ш'ылǫ, г̄рạд'ынạ, сп̄'ыг̄ạ, т̄'ыклạ, с'ылạ, т̄р'ы, кут̄р'ы, кр'ыę* (Иванов, 1977 : 101).

Акцентираното */о/* се дифтонгизира како и во драмскиот говор, сп. *ᵘогạн', г̄ᵘол, нᵘог̄ạ, дᵘол – дулᵘо.*

За да го заокружиме вокалниот систем на односниов говор ќе ја спомнеме и редукцијата на неакцентираните самогласки. По ова особина чечкиот оди со драмските и серските говори. Неакцентирано */о/* се реализира како изразито затворен фон [*ǫ*] или преминува во */у/*, сп. *в'ынǫ, уц'ет̄', /е/* > [*ę*] и */и/*, сп. *п̄'илę, к'амęн', /а/* > [*ạ*]: *т̄ạк'оф, вᵘодạ.*

Од ова произлегува дека чечкиот говор има вокален систем од пет основни фонеми:

/и/ */у/*

/е/ */о/*

/а/

кои во разни фонетски услови се јавуваат во следните алофони: [*и*] – [*ы*], [*е*] – [*ɛ*] – [*ę*], [*а*] – [*ạ*], [*о*] – [ᵛ*о*] – [*ǫ*] – [*ɔ*], [*у*].

Консонантизмот на чечкиот говор спаѓа меѓу најкомплетните системи во серско-драмската група говори. Тој ги познава звучните африкати */s, ц/*, сп. *s'адęн, sв''аздạ, ц'ам.* Корелацијата по признакот палаталност е спроведена доследно. Дистрибуцијата на меките согласки овде е побогата кога ќе се има предвид и палатализацијата што се извршила под влијание на континуантите на **ь* и **ę*, а не само на рефлексот на **ě*. Овде е запазена и мекоста на финалните согласки што завршувале на мекиот ер (**ь*) од типот *з'от̄', п̄'от̄',* потоа во случаите како *т̄''ах', д''аду,* или во примери од типот *к''ит̄'к'и, т̄''он'к'и, м'ал'к'и,*

в'ол'к, б'ол'нạ, па во старите групи **tьj, *dьj* : *бр'ат̄'ạ, л''уд'ẹ,* секвенците *ш'т̄'* и *ж'д',* и др.

По однос на дистрибуцијата на согласничките фонеми како дијалектизам во чечкиот говор се јавува поограничената употреба на фонемата /*х*/. Во иницијална позиција таа не ретко се испушта, сп. *'ит̄ạр, 'убạф, 'ору,* а на крајот е заменета со /*ф*/: *г̄р'аф, п̄р'аф, г̄л'уф, с'уф, к'ожуф,* во морфемите за минатите определени форми: *умр''аф, б'еф, д'адọф* (Иванов, 1977 : 122). За неорганско *х* во студијата на Иванов се нотирани само примерите: *н'ехи* покрај *н'еạ, хи* покрај *и, хми* покрај *ми,* но и: *'иди, изм'ет̄', бạ'ир, т̄рọ'ицạ* (с. 41 нт.)

Од консонантските дијалектизми за дијалектната географија можат да имаат значење и:

– дисимилацијата на *мн > мл* во лексемите *мл'ог̄у,* или *мл'ук, мл'укạ* покрај *фн'ук, фн'укạ,*

– промената на *мн > вн* во *ст̄'овнạ, т̄''овнọ,*

– замената на *в* во *л* во лексемата *ч'ол''ак (чов''ак),* и уште неколку други промени во одделни лексеми.

Флексијата во чечкиот говор во голема мера совпаѓа со состојбата во драмските говори. Како диференцијални црти можеме да ги истакнеме:

во именската флексија:

– пофреквентната употреба на членските форми на *-н-,* сп. *бр'адвạнạ, нуг̄'онạ, рạк'онạ, нуг̄'инẹ, мур'енọ / мур'ену,* покрај *бр'адвạт̄ạ, мур'ет̄ọ,*

– членските образувања со наставката *-т̄е* во множината кај именките од типот *н'ож'ọвˌет̄ẹ, риб'арẹт̄ẹ (*: *н'ож'ọwˌет̄ọ* – во Драмско),

потоа некои форми што имаат поинаков завршок поради подруг фонетски развој на еровите и носовките, како на пример:

– членот *-'о* за м.р., сп. *брẹг̄'о, син'о,* но *к'он'ạ, п̄'от̄'ạ,*

– членската морфема *-т̄'о* за ж.р., сп. *кạрфт̄'о, смạрт̄'о,*

– или општата членска форма за ж.р. *н'ог̄ạ – нуг̄'от̄ạ, нуг̄'онạ,*

– 3 л. мн. презент *бẹр'от̄, сẹч''от̄,* покрај *сф'ирạт̄.*

И чечкиот говор познава систем со три вида демонстративни заменки, сп. *т̄'ој, с'оạ (с'аạ, сва), н'оạ (н'аạ, н'еạ),* ја чува старата заменка *кут̄р'и,* и воопшто заменскиот систем е сличен со системот во мрвашките говори.

Од глаголската флексија да ги споменеме:

– отсуството на *-м* во 1 л. едн. презент, сп. *б'ерạ, с'едạ,*

– факултативна употреба на наставката *-ме* во 1 л. мн. покрај пообичната *-м* : *р'укạмẹ, бẹр'ем,*

– наставката *-ф* во 1 л. едн. аорист-имперфект *б'еф,*

– партикулата за идно време *ше / ша,* во која вокалот може во одредени фонетски услови и да се елидира, сп. *ш-'идạ, ш-'идиш',*

– негираниот императив од типот *нẹм'ој в'икạ,*

– потоа глаголскиот прилог на *-ш'т̄ем* и *-ш'ком (нọсẹш'т̄'ем, т̄ạрч'ạш'к'ом),* итератива со суфиксот *-ов(а),* и др.

Од глаголските форми познати во драмско-серските говори чечкиот не ги познава само конструкциите со 'има / нема' (Иванов, 1977 : 45).

Лаѓадинско-богданските говори

Под лагадинско-богдански говори ги опфаќаме говорите на осум села од кои четири се наоѓаат околу Лагадинското Езеро (Ајватово, Балевец или Балавча, Илинец, Киреч Ќој или Пазваново / Пајзаново) и четири во висорамнинската област Богданско (Сухо, Висока, Зарово, Негован).

Една поголема говорна целина претставуваат селата Висока, Сухо, Балевец, Илинец и Зарово, иако и меѓу нив има некои не малку значајни разлики, додека говорот на Негован, Ајватово и Киреч Ќој се разликува со повеќе особености и од сушко-височкиот, а има разлики и меѓу одделните села.

Сушко-височкиот говор. – Во уводниот дел спомнавме дека во сушко-височкиот говор, вклучувајќи ги тука и селата Зарово и Балевец, место *ѣ има два рефлекса – /ă/ во коренските морфеми и /o/ во формантите и во членската наставка за м.р., сп. *w'ăнкạ, w'ăш'кạ, д'ăхạм, сн'ăхạ,* но: *суб'ирạм, ӣ''асук (< ӣ''асок), ӣ''ентọк, сạн'от м'алкạјут* (Ви), *бăс – б'ăзọwи, дăх, w'ăтọк, тọw'арọт, крạј'от* (Бал), *д'ăскạ, дăш' – дạж'д'о* (Су).

Два рефлекса наоѓаме и место носовката *ǫ – /ă/: *г'ăска, м'ăш'ку, м'ăтка, н'ăтр'ạ,* а во некоренски позиции /a/: *н'еạ, б'ерạ, бęр'ат, м'инạхạ.*

Во врска со рефлексацијата на *ǫ во овој говор има една посебност со која тој се изделува од поширокото серско-драмско говорно подрачје. Се работи за задржаниот назализам во вид на посебна назална согласка – /м/ пред лабијалните согласки и /н/ пред нелабијалните. Подоследно оваа појава се јавува во говорот на Сухо, Висока и Зарово, додека во Балевец е нешто поограничена, сп. *дăмӣ – дạмб'е, дạмб'ицạ, г'ăмбạ, кл'ăмбу, скăмӣ – ск'ăмӣу, ӣăмӣ, р'ăмб'ạ, -иш', рăмӣ, скạмӣ'ија, с'ăмбутạ, тӣ'ăмтạн, зạ сạ к'ăмтạ, зăмӣ, /ăн/* пред нелабијални согласки: *дрăнк, гр'ăнди, кạнд''а, к'ăнкул', кăнт, крăнк, лăнк, мăнч' – м'ăнж'и, м'ăнч'иш', м'ăндру, м'ăнкạ, ӣăнт', ӣ'ăнтиш'тạ, ӣрăнт, ӣр'ăнч'кạ, р'ăнкạ – р'ăнц'ạ, рạнк'аф, рạсӣ'ăнт', с''ăкạндạ, сạнд'ини, сăнк, сăнт – с'ăнду(т), w'ăнглинạрин, 'ăнгил, 'ăнsил, 'ăнц'и, ж''елạнк – ж''елạнти* (Су, Ви), *бл'ăндwạ, дạ б'ăндạ жиф, с''ăкạнд'ạ, длạмб'окạ р'ăкạ, г'олạмби, гăнц (*газ*), дрạнг'о, кạнд'ădạ, л'ăнкạтạ, ӣуранч'ах, сạнд'ywи, w'ăнци* (Зар), *блạнд'ај, м'ăндọ, ӣạјạнц''инạ, тр'ăмбạ,* но *w'ăж'и, дăӣ, з'ăби, мăш', ӣăтӣ'* и др. (Бал).

Под истите фонетски услови носовоста се задржала и со рефлексот на *ę, сп.: *иримб'ицạ, брạтуч''енди, гр''ендạ, гywинд'арин, ж''ентфạ, з'ентӣ', 'ендрạ, 'ентрạwạ, кл'ентфạ, нар''ендуwам, ӣ'ентӣ' – ӣ''ендạ, ӣ''ентук, ӣр''енд'ạ, р''енд'ạ, ч''енду – ч'инд'а,* и во наставката *-антӣ(а)* : *(< *-ęta)*: *'им'ạ – 'им'ạнтạ, с''ăм'ạ – с''ăм'ạнтạ,* но: *ӣ'ентӣ', ӣидис'ентӣ, дивидис''ентӣ, ј'агн'ạ, 'им'ạ* (Су, Ви), *брạтуч'енди, диwęнтӣ'инạ, ж'ентӣwạ, з'ентӣ', к'олęндạ, мạсęнч'инạтạ, сạ ӣусwęнтӣ'ил, рęнд'о, ęнтр'ăwạ* (Зар), *'ендрọ, мęсинч''инạ, (о)глинд'алọ, ч''ендọ,* но *гл''едạ, ж''етwạ, з'ет', кл''етфạ, р'ет, ј'агн'ę – ј'агн'итạ* (Бал).

Во повеќе случаи се јавува и секундарен назализам при /ă/ < ъ$_2$, сп. *бăнц – бạнs'о(тӣ), л'ăнц'ạ(м) (лăжам), лạнц''а (лăжа), лạнц''ицạ, м'ăнгла, рạнц''и (рăжи), стӣ'ăнглу (стӣăкло), дл'ăнгạ, б'ăнч'фạ* (Су, Ви), *м'ăнглạ, б'ăнчwạ, лạнц'иф чуw''ăк, лạнц'ицạтạ, лạнцич'арник, стӣ'ăнклутӣу сạ здруб'и* (Зар).

Во врска со *ę како посебност во овој говор се јавува и рефлексот /'ä/, одн. /'än - 'äм/ во еден број примери, сп. *м''äсу – м'ạс'оӣу* (Су), *ус''äкнувạм, м''äнкạ* (Ви), во суфиксот *-анӣа* : *ј'аг̄н'ạнӣạ, ј'ар'ạнӣạ, ј'аг̄н'ạ, ј'ар'ạ* (Gołąb, 1963 : 219).

Сушко-височкиот, заедно со заровскиот и балевечкиот, е единствен во серско-драмско-лагадинското говорно подрачје каде што се запазила фонемата /ä/, т.е. *ě, сп.: *б''äг̄ạм, б'äл – б''äлạ – б''äли, б''äсин, бр'äк – бр''äкọ(ӣ), w''äја – w'äш', wр''äм'ạ, д''äду, д''äӣ'ạ, дw''äсӣạ, дубр''а,* и со алофонот ['ạ] во неакцентирана позиција: *м'ạх'о(ӣ), м'ạсӣ'а, м'ạс'оӣу, л'ạӣ'а, др'ạн'е* : *м'äх, м''äсӣу, м''äсу, л''äӣу, др''än* (Су, Ви), *вр''äмẹ, н''äмạл, цäл, ц''äд'ạ – ц'ạд'иш', вид''äли, умр''äнạ, умр''äла* (Зар), *w''äрạ, г̄н''äздọ, д''äцạ – д'ạц'аӣạ, л'äк, м''äрạ, ч'ọw''äк, ид''äӣи, п̄'ог̄ул'ạ̈мạ, фл''äзи* (Бал), исто и во говорот на с. Илинец: *г̄р'äх, п̄''äснạ, с''äј п̄ш'ин'ицạ.*

По однос на редукцијата на неакцентираните самогласки уште еднаш да нагласиме дека таа се врши во сите позиции на збороформите, вклучувајќи го и крајот каде што по правило самогласките вршат и морфолошка функција, сп. *w'ăнг̄ил* (Ви), *в'ăнж'и, инs'ик* (Су, Ви), *п̄''енӣук, м'ăш'ку, д''äду, сӣ'ăнг̄лу* (Су, Ви, Зар, Бал).

Во консонантизмот како дијалектни посебности за потесното лагадинско подрачје, а кои не се веќе нотирани, ги истакнуваме:

– африкатизацијата на фрикативните согласки /с-з, ш-ж/ во група со /н/ во /ц-s, ч-ц/, сп.: *бăнц (бăнс < *bъzъ), w'ăнsил, инз'ик/к', г̄ạнs'оӣ (: г̄ăс – г̄ạз'оӣ), мăнч' (мăш), л'ăнц'ạ(м), лạнц''а, лạнц''иф, лạнц''иш'ник, w'ăнц'и (вăже), м'ăнц'и, мạнц''о / -'оӣ, п̄ạјинц''инạ, рạнц''и (рạж'и), х'арц'ywи* (Су, Ви),

– веларниот алофон на /н/ – [ŋ] пред веларните согласки, сп. *деŋк, крăŋк, лăŋк – лạŋк'оӣ, м''ăŋкạ, м'аŋка, ӣ''еŋки, ӣр'ăŋкạ, ч''иŋкạ,*

– прогресивната асимилација по звучност, сп. *б'ăч'фạ, г̄'оӣф'ạ, ж''енӣфạ, ж'ẹнӣф'арин, кл'енӣфạ, н'ош'фạ, ч''еркфạ, сфаӣ, сф'äӣ', сф'ạӣ'илу, кфас, ӣ'икфạ,* во некои случаи и пред сонантите: *фл'иза, фл''awạ,*

– пополнувањето на етимолошките групи *-ср, -зр-* со преградните /ӣ, д/, сп. *сӣр'ам, сӣрибр'а, сӣр''äдạ,* дури и *сӣрăп̄* (срп), *сӣр'ăци* (срце), но *с'ăрна, здр''äл,*

потоа:

– упростувањето на некои консонантски групи, сп. *(дв > в), изј'awạм, нạј'awạм (најадвам), нạр''ewạм, сӣр''äwạм (наредвам, сӣр''äӣwạм), ӣ'ојуӣ (ӣвојуӣ),*

– честото испуштање на /в/ и /д/ во интервокална позиција, сп.: *уӣ н'оу, др''äу, х'убạјạ (хубава), 'осӣạјạ (осӣава), п̄р'аиш', усӣ'ахạ (осӣавиха), п̄л''äјам – п̄л''äш' (п̄левам), – кл'ајạнц (кладенец), дạ в'ијми, зw'äја, зw'äш', зw'äјạӣ, зв'ај (из-вади), уӣ'иј, п̄'ојạ, п̄'ош' (п̄ојда), кл'ај, н'ај, г̄л'ej, ц''äш' (цедиш).*

Од дијалектен аспект интересни се и некои тенденции во врска со гласот /х/. Најстабилен е тој во граматичките морфеми *(-х, -хми, -хӣи, -ха),* додека во другите позиции и случаи веќе се покажува тенденција за негово губење или замена со /ф/, сп.: *л'äп̄, ф'ал'ạм, ф'албạ, ф'ăрл'ạм, ф'аш'ӣạ, скạф'ун', мạ'унạ, к'ифкạ* покрај *к'ихкạ, б'уф* и *б'ух, куж''уф,* и др.

Сушко-височкиот говор покажува бројни посебности и во областа на флексијата.

Во именската флексија интерес претставуваат пред сè множинските образувања на именките од м.р. Кај нив особено станала продуктивна наставка *-е,* која се шири за сметка на *-и,* сп.: *сф'аӣуфци – сф'аӣуфцẹӣу, 'облạци – 'облạцẹӣу,*

ӣ''äсук – ӣ''äсуци – ӣ''äсуц̣еӣу, бик – бик'о(ӣ), мн. *биц'е – биц'еӣу, б'ук – буц'е* покрај *б'укуwи (< б'укуве), д''еwир'ạ – д''еwир'̣еӣу* (Су) и *д''еwир̣офци* (Ви), *'обрạз'ạ – 'обрạз̣еӣу;*

сп. ја и наставката *-ове (> -уви)*: *бр''äг̄уwи – бр''äг̄уẉеӣу, к'умуwи – к'умуẉеӣу.*

Голема продуктивност покажува и старата мн. наставка **-ęta* која се јавува во аломорфите *-'ạнӣạ / -''äнӣạ / -''анӣạ,* добиени по фонетски пат, и *-инӣа, -унӣа / -'онӣа,* настанати по аналогија со проширување на елементот *-нӣ-* кај други наставки, сп.: *ј'ар'ạ – ј'ар'ạнӣạ, ј'аг̄н'ạ – ј'аг̄н'анӣạ* и *ј'аг̄нич'̣анӣạ, ӣ''елч'ạ – ӣ''елч'ạнӣạ, 'им'ạ – 'им'ạнӣạ, м'ори – мур''äнӣạ, луз''е – луз''анӣạ, урạн'е – урạн''äнӣạ, ц̣'ạд'е – ц̣'ạд''äнӣạ, л'ици (л'ице) – л'ицинӣạ, р'аму – р'амунӣạ, сӣуј'алу – сӣуј'алунӣạ, ӣисм'о – ӣисм'онӣạ,* и др (Gołąb, 1963 : 186-189).

Од заменските форми како дијалектно-диференцијални ги истакнуваме: *ӣ'ој, ӣ''а, ӣуз'и* (Су), *ӣус* (Ви), мн. *н'и, ви, ӣ''ä / ӣ'е* (Су), *н'ăј, в'ăј* (Ви), клитиките *м'ạ, ӣ'ạ (ӣ''ä, ӣ'е), с''ä, н'ạ / н''ä, в'ạ / в''ä, г̄и / ха, ӣ''äх г̄и, на ӣ''äх му,* демонстративните: *ӣ'ос (ӣ'а, ӣус – ӣуз'и, ӣ''ес)* и *н'ос (н'ас, н'ус – нуз'и, н''ес),* придавските: *ӣạкф'ос / ӣạк'ос (ӣạкф'ас – ӣạкф'ос, ӣạкф'ес – ӣạкф'äс),* прашалните: *ӣ'о, ш'ӣ'о, к'ак* (Су), и *к'ог̄у, ш''о* (Ви), *куӣр'и, -'а, -'о, куӣр'е* (Су) и *куӣр'äј,* мн. *куӣр'еја* (Ви), присвојните: *н''ејнију* (Су), *н''ејнạјуӣ* (Ви), *ӣ''äхнију / ӣ''äхнạјуӣ,* неопределените: *идн'о / ин'о, н''äфӣу, н'икạкуф / н'икạкф̣ос, с''äкуј, с''äкуӣриј.*

Глаголската флексија во најопштиот дел се слага со системот во поширокиот серско-драмски регион. Отстапувањата во поодделни форми произлегуваат повеќе од фонетските меѓудијалектни разлики и тие, главно, лесно се препознаваат.

Вредно е да се потсетиме дека и во овој говор е жив суфиксот *-ов(а)* за образување на несвршени глаголи и се употребува во конкуренција со *-ув(а),* сп. *ӣрạк'оwạ, ӣạз'ар'ọwạ, сӣрạм'оwạ, нạӣуј'оwạ,* покрај *куӣ'уwạ, м''еӣнуwạ.*

Во аористот кај глаголите од старата консонантска основа тематскиот вокал *-о-* се чува (со редукција *-у-*): *р''екух, р''екухми, р''екухӣи, р''екуха.*

Од **byti* има две имперфектни форми – со основите *б''ä-* и *би-*, сп. *б''äх, б''äш'и,* и *бих, б'иш'и.*

Во 3 л. на перфектот помошниот глагол се чува и кога перфектот означува прекажаност, сп. *Пујн'о вр''äм'ạ и(е) б'ил ид'ин ч'урбạц̣''ија.*

Кај глаголските придавки се јавува често мешање на родот, како и кај другите придавки. Формата за с.р. се среќава и со именки од м.р.

Формите со 'има / нема' + глаголската *н/ӣ*-придавка се жива категорија, сп. а) *'имạм ӣрумин'анӣу, н''емạм ј'ахнạнӣу, 'имạ сӣ'орину, н''емạми в'ид'ạну,* б) *им'ах з''енӣу, им'аш'и кл'адину,* и др. Меѓутоа, не се непознати и форми кога глаголската придавка конгруира со родот и со бројот на предметот, сп. *г̄л'аwн'ạӣạ ја им'аш'и кл'адинạ, ӣ'аӣку м'ạ им'аш'и ӣукạлн'анӣ* (Gołąb, 1961 : 167).

Партикулата за идно време редовно се јавува во фонетскиот облик *за* : *зạ к'аж'ạ, зạ д'ојдạ, зạ д'аwạш', зạ сӣ'ани.*

Императивните форми можат да бидат за диференцијацијата интересни поради наставката за 2 л. мн., сп. *д'укạр'̣äӣи, дунис''äӣи, в'иш' – виш''äӣи,* и поради честата редукција на наставката во 2 л. едн., сп. *ј'аш', в'иш', сӣ'ан', кл'ад'.*

Забраната се изразува со грчката партикула *ми,* сп. *ми вил'иш' ми сл'уш'ạш', ми ӣ'итạш',* и со партикулата *ним'ој* + 2 л. през.: *ним'ој вр''äwиш'.*

Глаголскиот прилог и во овој говор, како во драмските, се образува со наставките *-шт̄'ем, -шкум (< -шком),* сп. *ӣл''ет̄ишт̄'ẹм, с''ädạш'кум, т̄рạч''аш'кум.*

Во глаголската придавка се генерализирала секундарната секвенца *-нт̄-* кај сите глаголи, сп.: *ст̄'ег̄нạнт̄, з'ент̄, хр'ан'ạнт̄, умр''ент̄, зạсӣ'ант̄.*

Погоре истакнавме дека полно единство и во оваа група говори нема. Како диференцијални црти меѓу поодделните говори на лагадинско-богданскиот терен се јавуваат: степенот на редукцијата во некои позиции, рефлексацијата на **у*, некои отстапувања во рефлексацијата на **ǫ* и **ъ̨*, статусот на */в/* во одделни позиции, степенот на палатализацијата на *т̄* во старите секвенци **tьj* и **tь*, статусот на финалните групи *-ст̄, -шт̄,* и во флексијата: членската наставка за м.р., множинската наставка кај именките од с.р. на *-е,* некои заменски облици, наставката за 1 л. ед. сегашно време кај глаголите од *е/и*-група, партикулата за идните глаголски форми, наставката за глаголски прилог и некои акцентски посебности.

Според резултатите од споменатите особености поголема сличност покажува говорот на селата Висока и Зарово.

Меѓу најкарактеристичните особености на ***височко-заровскиот̄*** говор спаѓа рефлексацијата на **у*. Неговиот развој совпаднал со развојот на *ъ̨*, значи има рефлекс */ă/*, и тоа во сите позиции, сп.: *б'ăл – б'ăлạ – б'ăлу (*bylъ), w'ăм'ạ (*vymę), д'ăрạ – д'ăрạт̄ạ, к'ăт̄кạ (*kytъka), к'ăсạлу (*kyselo), м'ăш'кạ (*myšь, *myšьka), н'ăј (*ny), ӣ'ăт̄ạм (*pyt-), р'ăјạ – р'ă''ш' (*ryj-), р'ăт̄ạ (*ryt), сăн – сạн'от̄ (*synъ), сăт̄ – с'ăт̄ạ (*sytъ), ӣл'ăт̄ку (*plytъko), ст̄'ăнуwạм (*-styg-),* во наставките: **-у-* : *бл'ăхạ, бạхч''ă (бахчи* мн. : *бạхч''а* едн.), *дạмг̄'ă* мн. (*дạмг̄'а* едн.), *сн'ăхạ – снạх'ăт̄'ạ (снăхи – снăхит̄е* : *сн'ăхạ – снạх'ат̄ạ* едн.), *н''ег̄уw'ăт̄'ạ, н'оwạт̄'ạ (новит̄е)* (Ви), *бр'ăш'ạ (бриша), влạк'о в'ăј (*vy), л''äбу ск'ăснạ (*-kys-), м'ăјạ (*myj-), риб'ăт̄'ạ ӣлạв'ат̄ (*ryby plyv-), ч''ет̄ạри (*četyr-)* (Зар, Попстоилов, 1979 : 64-65).

Во височкиот говор процесот на загубата на */в/* е значително понапреднат особено во иницијална позиција пред лабијалните самогласки, сп. *ол, 'олуwи, 'одạ – уд'ат̄ạ, 'од'ạ – 'одиш'* (*водиш*), *'он'ạ, ун'ај, 'он'ạк* (од основата *вон-*), *'осук – усук'от̄, 'осуци, удин'ицạ, ӣ'оудник* (*ӣоводник*), *ун'еш'т̄, уш'т̄'инạ, 'ујку,* и во група со *т̄* : *ут̄'ори, зạт̄'ори, т̄'ојут̄* (*т̄војот̄*) и др.

Во поглед на палатализацијата на *т̄* во споменатите групи и на финалните *-ст̄, -шт̄* височкиот говор ни се покажува како поархаичен, бидејќи *т̄* ја зачувало мекоста, сп. *бр'ат̄'ạ, з''ент̄' – з''ент̄'у* (: *з''ент̄уфцẹт̄у*), *ӣ''ет̄', ӣ'ăнт̄' – ӣ'ăнт̄'ут̄,* а групите *-ст̄, -шт̄* сè уште се пазат во повеќето случаи со исклучок во суфиксот *-ост̄,* сп. *ч''ист̄, ч''уст̄, м'ост̄, ӣ'ост̄, ун'еш'т̄,* но *р'адус, м'илус.*

Во членската форма за м.р. се чува крајното *т̄* : *бр'акут̄, бр'ат̄ут̄, дрạŋг̄'от̄.* Заслужува да се одбележи и членската форма кај придавките, сп. *г̄ул''äм – г̄ул''äмạјут̄, др'уг̄ạјут̄ д''ен'.* Очигледно во овој говор наставката **ъјь* имала подруг развој отколку во другите околни говори (сп. Gołąb, 1963 : 207).

Заменските облици: *н'ăј, в'ăј* (ние, вие), *кут̄р'ăј, кут̄р'ејạ* и др. се карактеристични, главно, за височкиот говор.

Во говорот на ***Сухо* (*сушки*)** за разлика од височкиот **у* > */и/*, сп. *син, бил;* гласот */в/* во почетокот на зборoформите пред */о, у/* се пази, сп. *вол, в'одạ, в'он'ạ, в'осук, в'ујку,* во таа позиција во одделни случаи се јавило и секундарно */в/*, сп. *в'осạ – в'оси, в'ог̄ни – в'ог̄н'уви* (: *'оса*, *'ог̄ни* – Висока), а секвенцата *т̄в* > *т̄ф* : *ут̄ф'арạм, зат̄ф'арạм, т̄фој, т̄ф'ојт̄ạ.* – Во сушкиот говор */в/* е претежно лабиодентален звук.

Од другите диференцијални особености по однос на височкиот говор покарактеристични се: палатализацијата на *т̄'* во *ќ* во *бр'ат̄ќạ,* испуштањето на *-т̄* во финалната група *-ст̄,* сп. *ч'ис – ч''исти, мос, пос,* членот *-о* : *бр'ạг̄'о, бр'ат̄у, сф'ат̄у,* генерализирање на наставката *-м* во 1 л. едн. презент кај сите глаголи, сп. *н'осạм, п̄'еч'ạм,* одн. *бир'ем, кус'им, дрạж''им* – и со промена на тематскиот вокал и на акцентот *(: б'ерạ – бир'еш', к'ос'ạ – кус'иш'* во Висока).

За сушкиот говор е карактеристична уште една фонетска особеност, која не е непозната и во Висока. Се работи за посебниот развој на т.н. секундарен *ъ*$_2$ во контакт со сонантите во финална позиција во примери од типот на **mokrъ, *reklъ*. Во формите за м.р. вокалот се развил зад сонантот со што дошло до омонимија на формите за м. и ж. род, сп. *м'окрạ* (м., ж.) – *м'окру* (с.р.), *м'ăндрạ* (м., ж.) – *м'ăндру* (с.р.), *р'еклạ* (м., ж.) – *р'еклу* (с.р.). Во такви случаи во Висока поради замената на **у* со */ă/* со обликот за м.р. совпаднала и множинската форма, сп. *м'окрạ* (м., ж. едн. и мн.) – *м'окру* (с.р.). Спорадично вакви форми се забележани и во Балевец и Илинец: *ј'асна г̄лас, 'ендрạ фạс'ул', ч''уздạ, ж''еднạ* (Бал), *ч''уздạ ч'ув''ăк* (Ил). Приведениве примери покажуваат дека овој модел се проширил и на други придавки.

Говорот на ***с. Балевец*** најблиску стои со височкиот со таа разлика што во балевечкиот бројот на примерите со запазен назализам е сведен на минимум, сп. *блạнд''ај, к'ăнкạл', м'ăндọ, п̄ајạнц''инạ, п̄ор'ăнч'уwạм, т̄'ăнг̄ạ, кл'ăмбọ, т̄р'ăмбạ,* со сек. *н* во *м'ăнг̄лạ*; место **ę* : *г̄линд'алọ, 'ендрạ фạс'ул', мисинч''инт̄ạ, ч''ендọ.* Порано веќе констатиравме дека **у* се рефлектирало во */и/*: *с'ин, м'иш'кạ,* заменките *н'и, в'и*. Наставката *-ет̄а* поради редукцијата на *е* > *и* се преформирала во *-ит̄а* и само во тој фонетски облик се употребува, сп. *ј'аг̄н'ит̄ạ, в'ăж'ит̄ạ, г̄р'оздит̄ạ, г̄'ăрнит̄ạ, ж'др''ăбит̄ạ, з'елę – з'елит̄ạ, к'уч'ит̄ạ, лук'умч'ит̄ạ* (: *лок'умче*), *ш'ик''ерч'ит̄ạ.*

Како дијалектна посебност во балевечкиот говор се јавува фонетскиот облик на партикулата *ка*, која, според Малецки (1936б : 102), претставува контаминација на височкото *за* и *к'е* (*к'и*), сп. *кạ 'езмạ, кạ 'езмиш'* (земеш), *кạ к'аж'и, кạ ч''иними.*

Говорот на ***с. Илинец,*** судејќи по скромните податоци што ги дава Малецки, е многу сличен со балевечкиот. Како поважна диференцијална црта меѓу нив се јавува рефлексацијата на носовката **ǫ* во */а/* во сите позиции, сп. *длạб'окạ 'одạ, з'аби, к'ат̄, нạ к'ат̄ọ, м'аж'и, р'акạ, рạк'аф, рạк'афǫwи, рамт̄ – р'амт̄ǫwи, к'аш'т̄ạ, пат̄', ст̄ạп'алкạ* (Ил), додека во Балевец има рефлекс */ă/* во коренските морфеми.

Извесен број примери со */а/* Малецки дава и место **ъ*, сп. *бас – б'азǫwи, ут̄ w'анкạ, даш', дạж'д'и,* но и *д'ăнạ, răш',* и во членот *-о* : *нạ к'ат̄ọ, г̄л'ас – г̄лạс'о.*

Партикулата за идно време во овој говор гласи *к'и* : *к'и в'ика̨* (: *ка̨ в'ика̨* во Балевец).

Говорот на селото ***Ајватово*** ни се претставува како преоден меѓу лагадинската и солунско-кукушката група говори.

Со лагадинските говори него го поврзуваат: полната редукција во сите фонетски позиции, мекиот изговор на согласките /ч' – ц', ш' – ж'/, сп. *б'улч'а̨, ж''аба̨,* поконсеквентната рефлексација на **tj / *dj* во /шт, жд/, билабијалниот изговор на [*w*] и тенденцијата тоа да се загуби во почетната позиција пред лабијалните самогласки и во интервокална позиција, сп. *о̨л'owи / о̨л'ои, х'уба̨:,* чувањето на /*х*/ во сите позиции, сп. *х'уба̨:, ха̨рм'ијта̨, сн'ăха̨, бл'ăха̨, м'ох, ж'н'ах, пич''ех, ж'н'еја̨х, п'ека̨х, фа̨т'иха̨, науч''иха̨, уд н'их.*

Со солунско-кукушкото говорно подрачје го поврзуваат: отсуството на двоен акцент, морфолошки стабилизираниот акцентски систем, сп. *м'ета̨ – м'ета̨та̨, м'ет – м'еда̨т, д'ен – д'ен'а̨т, г̄л'ас – г̄л'аса̨т,* кај глаголите: *д'ера̨ – д'ере̨ш', пр'еда̨ – пр'едиш', к'ăлна̨ – к'ăлни, мл'ăза̨ – мл'ăзиш'.* Во ајватовскиот говор фонолошка мекост познаваат само сонантите /л', н'/, сп. *л''ут, кл''уч', к'он' – к'он'а̨т.* Другите согласки немаат меки парници, што значи дека процесот на веларизацијата на старите меки согласки значително напреднал како и во солунско-кукушките говори. Нема позабележителни разлики меѓу ајватовскиот и солунските говори ни во областа на флексијата. Ајватовскиот не ја познава множинската наставка *-ета,* доминираат множинските форми со наставката *-ин'а,* сп. *ма̨г̄ар'ин'а, т̄е̨л'ин'а,* и со *-ишта* : *ј'аг̄ни – ј'аг̄ниш'та̨, ж'р'ебиш'та̨, к'уч'иш'та̨.* Личната заменка за 3 л. е *он (она, оно),* партикулата за идно време гласи *ќе* : *к'и п'ош', к'и п'ијти.*

Преодниот карактер на овој говор се покажува и во однос на рефлексите на стариот **ъ*. Во еден број примери во коренската морфема има рефлекс /*ă*/, кој треба да се смета за основен, сп. *з'ăлwа̨, д'ăска̨, сн'ăха̨, да̨ с'ăхне̨,* и во суфиксите: *w'ăта̨к, w'ета̨к, п'ета̨к, ч'итw'ăрта̨к,* и во членот: *м'ет – м'еда̨т, ут д'ен'а̨т, у с'она̨т ми, ја̨та̨г'ана̨т,* а во неколку лексеми има /*о*/: *w'ош'ка̨, w'онка̨, д'ош' – д'ож'ди, д'ож'де̨ш'а̨, м'ох, б'оч'фа̨, с'он, т̄'окмо̨* (Małecki, 1936б : 98).

Најкарактеристична особеност на ајватовскиот говор претставува рефлексот на **ě*. Него Малецки го опишува како звук поширок од етимолошкото /*е*/, но позатворен од сушковисочкото /*ä*/ и не ја палатализира претходната согласка. Таквиот опис асоцира на еден вид широко *е* /ɛ/ со посебен фонолошки статус, сп. примери: *б'ела̨, д'ети, ж'р'еч'и, л'ет, н'ид'ел'а̨, по̨нд'елнак, пул'ена̨, р'етко̨, п'есна̨, с'енка̨, ц'ewа̨, цф'ет;* во неколку случаи Малецки забележал и /'*a*/: *л''ато̨, кул''ано̨, т̄''асто̨,* и во 2 л. мн. на императивот: *сидн''ајти.*

Како посебност на овој говор може да се смета и упростувањето на групите *-стр-, -здр-,* со испуштање на /т̄, д/: *ср'ах, с'есра̨, ср'ико̨, зр'аф,* но во заемките: *п'астра̨, кул'астра̨.*

Во старата група **čr-* /ч/ се изменило во /ц/: *ц'ăрна̨, царн'ило̨, цаrw'ена̨, цăрф, ц'ărwји,* а во групата **črě-* се среќаваат форми со /ч/: *ч'ир'ewа̨, ч'ир'еш'а̨.*

И говорот на ***с. Неѓован*** по своите особености стои на граница меѓу лагадинските и кукушко-солунските говори, каква што е и неговата географска позиција.

Со лагадинското и пошироко со серско-драмското говорно подрачје него го поврзуваат:

– двојниот акцент: *в'ерwẹрцица, к'укумјафкạ, М'иӣруцица,*

– прегласот на /а/ во /е/ зад палаталните согласки, кој е во овој говор доста изразен, сп. *ч''еш'ạ, ч'ес, бạхч''е, биӣулч''енẹц, бруӣч''ени, врạӣч''ен, нухч''ер, ӣạнц''ек, ӣуц''ери, кукуш''ерник, ӣиш''ек, ӣạш''ек, вилиш''ениц, ж''ер, ж''ебạ, лијл'ек, ӣу'еӣạ* (*ӣојаӣа*), *сил'енин, хрисӣ'енин, ӣ'оис* (*ӣоес*), *ӣиuw'ица* (*ӣијавица*), *ду'елка* (*дојалка*),

– лабијализацијата на /е, и/ во /у/ исто така зад меките согласки: *ч'ур'еӣ, ч'ур'ен, ч'ур'еш'ạ, ч'ур'еwạ, уч'ум'ен', душ'ум'е, ш'уш''аркạ, ӣ'енц'урạ, ӣ'еш'ӣ'урạ,*

– мекиот изговор на /ч' – ц', ш' – ж'/,

– билабијалниот изговор на /в/, сп. *н'иwạ, ч'уw'ек, w'еӣир,*

– стабилната позиција на /х/, сп. *хạд'еӣ, х'ојнạ, х'уркạ, хр'иӣ, н'ихин, ӣр'ех* итн.,

– фонолошкиот статус на фонемата /н'/ со ограничена дистрибуција, сп. *кон' – к'он'у* (: *к'они*), *б'ан'ạ* (: *б'ани*), *дрạм'он', ӣиӣ'он', фусӣ'ан', д'ен'ạ, мạч''ин'ạ,*

– обезвучувањето на /в/ > /ф/ и зад безвучна согласка: *б'оч'фạ, н'ош'фи, с'екạкфи, ӣ'икфạ, сф'ӑрдли,* и пред сонантите /л, н, р/ во иницијална позиција, сп. *фн'ук, фн'ӑӣри, фр'еӣ, фл'ези*, и

– дисимилацијата на фрикативните /с, ш/ во /х/ на морфемската граница, сп. *м'есу – м'ехци, м'ас – м'ахч'и, м'ос – м'охч'и, д'ӑш' – д'ӑхч'и, 'еш' – 'ехч'и.*

Со членот *-о(у)* поблиску стои до говорот на Сухо: *ч'уw'ек – ч'уw'еку, брек – бр'еӣу* (< *бр'еӣо*).

Не е незначителен и бројот на особеностите кои негованскиот говор ги споделува со кукушкиот.

Меѓу најмаркантните такви диференцијални црти спаѓаат: парадигматскиот акцентски модел (сп. *'усӣạ – 'усӣи – 'усӣạӣạ – 'усӣиӣẹ с'елу – с'елạ – с'елуӣу / с'елӣу – с'елạӣạ / с'елӣạ, ј'адạ – ј'адиш' – ј'ади – ј'адими – ј'адиӣи – ј'а(д)ạӣ*) и отсуството на фонолошки меки согласки, со исклучок на /н'/ и /л'/.

Редукцијата на неакцентираните самогласки во голема мера е проследена и со елизија во одредени позиции која се компензира со удолжување на самогласката во претходниот слог, сп. *бр'адạ – бр'а:ӣạ, з'имạ – з'и:мӣạ, мл'адạ – мл'а:ӣạ, н'осạ – н'о:сми.*

Јат (**ě*) овде е заменет со /е/ во сите позиции, сп. *б'ел, бр'ек – бр'еӣу – бр'еӣуwи, w'еӣир, ӣн'езду, ӣр'ех, ӣ'есук, ч'уw'ек,* и редовно така.

Старите рефлекси за **tj / *dj – /шӣ/* и /жд/, одн. /жц/ добро се зачувани, сп. *wр'еш'ӣạ, ӣ'аш'ӣи, к'ӑш'ӣạ, – в'еж'ц'ạ, с'аж'ц'и, р'аж'ц'ạ,* освен во неколку случаи каде што место /шӣ/ има /ќ/, сп. *в'ек'и / в'ик'и, ӣ'овик'и, к''еркạ, думạк''ин, думạк''инкạ, буж''иќ,* партикулата *к'и,* во наставката за глаголски прилог – *-јк'и* и во формите на глаголот *н'ек'и,* а место /жц/ во два случаја е констатирано /ѓ/: *м'еѓу / м'иѓу, ӣạкуѓир'е,* и сите тие претставуваат импорт од долновардарските говори.

Во негованскиот говор бројот на примерите со /ќ/ и /ѓ/ е зголемен и со палатализацијата на /к, ӣ/ пред предните самогласки, сп. *к'аӣк'и, к''ини, вис'ок'и, 'оӣ'ин, дл'ӑӣ'и, бл'аӣ'и,* и во групи со *ј* во членските форми кај придавките од типот *ј'аќу* (*ј'акју* < *ј'акио*), *w'еӣќу, wис'оќу,* и со палатализација на *-ӣ'* (**-tь*) во *-ќ* во лексемите *з'еќ, л'акуќ, н'окуќ, ӣ'ӑќ, ӣ'ӑрхуќ, ӣ'осӣуќ.*

И групите *-стр-, -здр-,* со вметнати */т, д/*, во овие говори спаѓаат во диференцијалните карактеристики, сп. *стр'ебру, стр'еда, стр'ам, стр'ăй, здр'ел, ж'др'еби.*

Негованскиот како типичен преоден говор се покажува и по континуантите на **ъ*. Наоѓаме примери и со рефлексот */ă/*, кој е карактеристичен за сушко-височкиот, и */о/*, сп.: *в'ăнкạ, дăш', д'ăхч'и, дạж'ц''овница, д'ăскạ, д'ăхạм, дăх, изд'ăхạм, з'ăлwạ, ис'ăхнạ, ạф* (во), *сăс,* и: *б'оч'фạ, бучꞌф'ар, м'ох, с'он, н'ош'фи, куг'а* (*кога*), и редовно во суфиксите: *п'есук* (*песок*), *п'етук, т'енук, з'ăй – з'ăбу* (*зăбо*), *л'еп – л'ебу.*

Од граматичките особености вреди да се споменат во овој говор:

– отсуството на *-т* во членската наставка за м.р., сп. *син – с'ино > с'ину, л'ебу,*

– множинската наставка *-ин'а* кај именките од с.р. на *-е,* сп. *ј'ари – јар'ин'ạ, мạгạр'ин'ạ,* и отсуство на старата наставка *-ета,*

– отсуството на наставката *-м* во 1 л. едн. презент кај глаголите од *е/и*-група: *н'осạ, б'ерạ, ј'адạ,*

– наставката *-јк'и* за глаголски прилог и партикулата *к'и* : *к'и ј'адạ,* и најпосле уште една важна синтаксичка особеност: искажувањето на директниот објект со предлогот *на* кај личните именки, сп. *Гу в'иде на д'ету.*

Говорот на ***с. Киреч Ќој***. – Селото Киреч Ќој (или Пазваново, Пајзаново) се наоѓа негде на средината меѓу Солун и Лагадинското Езеро, и тоа е најјужен македонски дијалектен пункт во солунско-лагадинската област.

За карактерот на говорот, за жал, немаме свежи податоци од самиот терен, па ќе се задоволиме при неговото претставување со материјалот што ни го нуди краткиот приказ на М. Вукчевиќ (1901 : 105-137).

Според наша оценка на материјалот во трудот на Вукчевиќ, говорот на Киреч Ќој можеме да го претставиме како "преоден" меѓу лагадинските и солунскиот.

Со лагадинското, а преку него и со серско-драмското говорно подрачје, него го поврзува пред сè рефлексот на **ě* – */'а/*, сп.: *бр''ак, бр''аст, вр''аме, в''атар, б''ал, гор''аха, гол''ам, гр''ашка, дв''ата, жел''азо, д''аца, в''ара, изгор''а, доб''агај, др''ама, кол''ано, л''ат, л''ато, л''ава р'ăка, мл''ако, м''ах, м''асец, м''асечина, м''асто, м''асиш, н''ако, нев''ста, п''ана, пл''ава, п''асна, пр''асно, п''асок, нед''ал'а, р''ака, р''ата, св''ат, с''адиш, сл''ат, сн''ак, стр''ада, с''аме, стр''ала, сл''ади, тр''ава, тр''абува, т''ах, ц''ав, цр''аво, ц''ало л''ато, фл''ази, чов''ак.* Во неколку случаи Вукчевиќ слушнал и широко "ајватовско" */ɛ/*, кое не ја палатализира претходната согласка, сп. *дв'ɛ, д'ецата, др'ɛма, добр'ɛ* (Vukčević, 1901 : 124-125).

Забелешка: Вукчевиќ мекоста ја предава со знакот *ј* (*ја*) и тврди дека е тоа посебен глас, а не знак за мекост (с. 122).

По сè изгледа дека Киреч Ќој претставува крајна точка на западната изоглоса на континуантот */'а/*, одн. */ɛ/* за **ě* (Vukčević, 1901 : 123).

Преодниот карактер на говорот на Киреч Ќој се огледа и во рефлексацијата на **ъ;* се јавува двојна замена – со */ă/* и со */о/*, сп.: *с'ăхне, з'ăлва, к'ăсно, сн'ăха, т'ăкмо,* но *б'очва, в'ошка, в'онка, д'ош, д'ожди, со, т'ој,* во суфиксите: *н'окат* и

н'охạт̄, п̄'ет̄ạк, р'ет̄ạк, и: *руч'ок, в'осọк, п̄'ет̄ọк, чẹт̄в'ăрт̄ọк, п̄'инọк, п̄''асок,* и редовно *о* во членот: *г̄р'адот̄, г̄р'обọт̄, л''абọт̄.* Ограничениот број примери не дава можност да се установи кој од овие два гласа треба да се смета како основен во говорот. Во суфиксите само во ајватовскиот говор има рефлекс /*а*/, додека во сушко-височкиот во тие морфеми редовно има /*о*/.

Секундарниот $ъ_2$ пред сонантите во финален слог е заменет со /*а*/, одн. [*ạ*] во неакцентирана позиција, сп. *в''ат̄ạр, д'обạр, сам, н'есạм, с'едạм,* но *сед'умдесет̄, д'ошạл,* и /*е*/ во *в'ог̄ẹн'*.

Рефлексите на носовката **ǫ* и на вокалните **r̥, *l̥* го поврзуваат овој говор и со двете дијалектни зони – солунско-кукушката и лагадинската група говори, сп.: (**ǫ > ă*) *г̄р'ăди, г̄'ăска, г̄'ăс, г̄'ăба, д'ăп̄, з'ăби, к'ăс, к'ăде, кăп̄'ина, м'ăдро, мăт̄ẹн'ица, м'ăка, м'ăчно, м'ăт̄но, н'ăт̄ре, п̄ăт̄, п̄ăд'ар, р'ăка, р'ăчник, рăк'аф, ст̄'ăп̄и, ст̄'ăп̄ка, с'ăт̄, с'ăдиш, ск'ăп̄, с'ăба – с'ăбạт̄а,* и др., а во афиксите редовно има /*а*/: *ст̄'анạт̄, 'ода, ј'ада, 'идạт̄, 'иг̄рạха.*

Во овој говор покрај старите дублети со /*у*/ од типот *н'ужда, се н'уждạш,* се јавуваат и примери од типот *к'уќа, вр'уќо, вруќ'ина,* кои се карактеристични во долновардарските и воопшто во повардарските македонски говори.

Сп. примери и за сонантите **r̥, *l̥* : *р'ăг̄́а, рăг̄́ạв'ено, ц'ăрно, цăрв'ен, м'ăрша, т̄'ăрло, цв'ăрст̄о, кр'ăф / к'ăрф, п̄р'ăс; в'ăлк, зạк'ăлнạт̄, с'ăлѕа, л'ăскạше, п̄'ăлно, б'ăлха / бл'ăха, сл'ăнце.*

Под влијание на солунскиот говор и во Киреч Ќој се среќаваат повеќе примери со /*ќ, г̄́*/ покрај основните /*шт̄, жд*/ место **tj, *dj,* сп. *вр'уќо, вруќ'ина, вр'еќа, к'уќа, н'оќ, ќ'ерка, п̄л'аќа, св'ејќа,* покрај *в'еќе, б'ожиќ, ќе, н'еќу – н'еќе; р'ăг̄́а, рăг̄́ạв'ено, м'ег̄́у,* но: *л'ешт̄а, ст̄р'ешт̄а, п̄л'ешт̄и, п̄'омош, п̄л'ашт̄а, ф'ашт̄а, – в'ежа, ч'уждо, чужд'ина, г̄рạжд'анин, нạх'ожда, х'ожда, зв'ажда,* и др.

Со другите особености што ги истакнавме како релевантни за дијалектната диференцијација на југоисточните македонски дијалекти говорот на Киреч Ќој поблиску стои со солунско-кукушкиот дијалект. Во него силно е изразена елизијата на вокалите пред членските морфеми. Акцентот е морфолошки фиксиран и има тенденција да се повлече од отворената ултима. Согласката /*в*/ има лабио-дентална артикулација и е релативно стабилна во сите позиции, сп. *вд'овẹц, вј'анạт̄, в'ујко, в'ода, в'ол,* има дури и протетичко /*в*/ во *в'ог̄ẹн', в'оса.* Глаголската флексија е готово идентична со состојбата во солунскиот говор, само со таа разлика што во киречкиот говор во 1 л. едн. на сегашното време наставката *-м* се јавува факултативно. Освен тоа во него доста добро се запазени и старите односи на глаголските основи.

1994

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Драмско
Г. Броди

Из'ика на жу'отните

Им'алу ăдн'о вр'ем'ą ăд'ăн б'едăн чул''ак. Ага ут'ивąл нą-н'ивăтą, в'ид'ąл чидв'е д'ąц'а б'ијąт ăдн'о м'алку зм'ијчą. Зм'ијчąту сą-пум'олилу нą-чул''акą дą-гуутăрв'е и дą-гу-утн'ąс'е нą-м'ајкą-му. Т'ој сą-смисл'ил нăд-н'егу, изг'онил д'ąц'атą и гу-утн'ел нą-гул''амąтą зм'ијą. По-п'ăт'ą зм'ијчąту к'азăлу нą-мăж'е : "ăку-ти-к'аже м'ајкą-ми шту-'искąш дą-ти-д'ам, т'и хи-п'оискај пр'ăстјăн'ą д'ету сту'и пуд- н'ехинą из'ик. Туг'а штą-м'ожăш дą-рăзб'ирąш из'икą нą-жу'отните".

Гул''амąтą зм'ијą сą-мн'огу зăр'адувăлą, ăг'а в'ид'ąлą д'ет'ąту-си и к'азăлą нąчул''акą : "'Искај кăк'оту 'искăш, вс'ичку штą-ти-д'ам". Măж'ă-хи к'азăл чи-'искą дą-му-дăд'е прăстјăн'ą д'ету сту'и пуд-н'ехинą из'ик. Т''а му-гу-д'ала и му-рекл'а : "Уш с''а нăт'атăк штą-рăзб'ирąш из'икą нą-с'ички жу'отни, ămą-нą-н'икуј н'емą дą-к'азувăш чи-гу-рăзб'ирąш. Шт'ом к'ажеш нą-н''акуј, нą-чăс'ă штą-умр'еш". Чул'акą сą-в'ăрнăл нą-н'ивăтą и л'егнąл пуд-кр'ушăтą. В туз'и вр'ем'ą. нą-дăр'оту ка'цнăлу ăдн'о п'ил'ą и си-к'азăлу : "Дą-зн'аја туз'и чул''ак тąм д'ету лăж'и, чи-'имą зăкуп'ану гăрн'ą сăс-пăр'и, тą-дą-гу-искуп'ајą". Т'ој кăт'о ч'ул и рăзбр'ал с'ичку, ст'анăл и искуп'ал г'ăрнету с-пăр'ит'ą. Зąбугăт''ал мн'огу, к'упил-си 'офци, к'он' и куб'илą сăс-к'он'че. Ăдн'ă 'утрин чул''акą к'азăл нą-жен'ăтą-си дą-'идăт и в'идат уфц'ет'ą. Куш'арăтą бил'а дąл'еч изв'ăн с'елуту. Măж'ă ј'ахнăл к'ончјăту, пăк-жен'ăтą сą-к'ачилą на-куб'илатą. И дв'ет'ą бил'и тр'удни. Пу-пăт'ą к'ончјăту сą-умур'илу и к'азăлу нą-м'ајкą-си чи-му-ја-мн'огу т'ешку. Куб'илăтą му-рекл'а : "Т'еб'ą ти-ја-т'ешку чи-н'осиш ăд'ăн, ąм-ј'а шту-дą-р'екą кăт'о н'ос'ą тр'имą". Чул''акą рăзбр'ал с'ичку, сл''ал ут-к'ончјăту и к'азăл нą-жен'ăтą-си дą-сл'езе ут-куб'илăтą и дą-сą-к'ачи нąк'ончјăту. Т''а сą-мн'огу зăч'удилą, ămą-н'ишту ни-к'азăлą. Кăт'о ст'игнăли при-уфц'ет'ą, măж'ă к'азăл нą-уфч'ар'ą дą-изду'и м'алку мл''аку. П'очнăл т'ој дą-ду'и, нууфц'ăтą р'еклą : "Т'и мą-ду'иш, ămą-ј'а с''а штą-сą-'испикą в мл''акуту". Н'икуј н'ишту ни-рăзбр'ал. С'аму чул''акą д'ету рăзб'ирąл из'икą нą-жу'отните рăзбр'ал и к'азăл нą-уфч'ара дą-ни-ду'и т'ăз 'офца. С'етне к'азăл нą-чуб'анинą дą-му-зăк'ол'ą ăдн'о ј'агн'а. Утиш'ел т'ој дą-ф'ати н''акуе п'охуб'ау и дą-гу-зăк'ол'ą. Ј'агăнцату сąупл'акăлу нą-м'ајка-си чи-'искąш дą-гу-зăк'ол'ат, пăк-т''а му-рекл'а : "Т'и ми-сиăдн'ичку ч'еду и 'искăш дą-тą-зăк'ол'ąт". Чул''акą рăзбр'ал и к'азăл нą-уфч'ер'ą дąз'еме др'угу ј'агне. Т'ој ф'атил др'угу, пăк в туз'и вр'еме н'егувăтą м'ајкą избл''алą и рекл'а : "Ј'а си-'имąм с'аму дв'е ј'агăнца – м'ăшку и ж'енску, и ădн'оту 'искăт дąми-гу-з'емăт". Чул''акą п'ăк рăзбр'ал, сăжăл'ил-ја и ни-д'ал дą-гу-зăк'ол'ąт. Ф'атил уфч'ар'ą др'угу ј'агне, пăк м'ајкăтą нą-ј'агнету им'алą тр'и и к'азăлą : "Ј'а си-'имам тр'и ј'агнетą, дв'е м'ăшки и ădн'о ж'енско и н'егу 'искăт дą-ми-гу-зăк'ол'ąт".

Серско
Календра

Дв'а сесри

Едн'о вр''аме са-бил'и дв''а с'есри. Едн'ата бил'а 'ас с'есра, едн'ата дук'арана. Машт'еата бил'а кăт'ил' ж'ена. Ун'а га-пусн'ала да-га-из'едат вăлц'ето дук'арану-ту мум'иче. Машт'еата й-кăж'ува : "Н'а-ти едн'о кутл'енце, едн'о м'аче и ед'ин пит'ел." Мум'ичето ги-з''ала и ут'ишла в-гур'ата и вл''агла в-едн'а к'ăшта. Вл''агла фн'етрека и ги-з''ала мач'енцето, куч'енцето и кутл'ето. З''ала мум'ата да-јăд'е и мач'ето зам''ака, куч'ето пучн'а да-л'ај. Т''а ги-нај'ала и-легн'ала да-сп'и. Куг'а са-ст'емни, дујд'оа калик'анзи. Ун'и пучн'али да-тр'опат. "Ут'ори, дęв'ојко, да-та ј'ада!" Ун'а са-исплаш'ила и каз'ала : "М'аченце, к'ученце, к'ак да-к'ажа?" – "К'ажи, дук'арај-ми чę'ис." Мом'ичето каз'ало и т'оа ут''ува и дук'ара чę'ис. Зев'ал п'ак да-в'ика : "Ут'ори, дęв'ојко, да-та-ј'ада!" Мач'енцето и куч'енцето 'и-к'азаха : "К'ажи да-ти-дук'ара алт'ăни." Ги-дук'арал и ги-уставʼил и алт'ăните. П'ак зев'ал да-в'ика : "Ут'ори, дęв'ојко, к'е-ти-ј'ада, к'е-ти-п'ул'а." Ун'а каз'ала : "Ут'ивај и дук'арај ед'ин к'он'." Он га-дук'ара к'оп'у и зев'ал п'ак да-в'ика. Мач'енцето и куч'енцето й-к'азаха : "К'ажи да-ти-дук'ара в'ода сăс-реш'ето ус-Ср'ума." Он ут'ишал на-Ср'ума да-нал'ej в'ода. Т''а си-гув'ари на-к'он'о чę'иза и алт'ăните и си-одн''ала дум'а. К'ак ја-вид''ала другата с'есра и машт'еа и са-зачуд'или. М'ајката р''акла на-к''ерка-й : "Е мар'и к''ерко, ј'а к'е-ти-напр'аја от-ч'исто бр'ашно пит'инки и т'ебе к'е-та-п'усна да-дук'араш алт'ăни. И-дал'а м'аче, к'уче, петл'е и сиут'и т'амока и га-из'е сам'а ид'енето. Н'е-му-д'ава н'ишто на-петл'ето, мач'енцето и куч'ето. "М'ене м'ајка ми-га-направ'и само за-м'ен" – рекл'а. Куг'а са-стемн'и, л''агнаха да-сп'иат. Дујд'е калак'анзар и в'ика : "Тр'ас, тр'ас, дęв'ојко, от'ори, к'ата-ј'ада, к'а-та-п'ул'а!" – "К'ак да-к'ажа, м'аченце, к'ученце?" – К'а ид'е, т'ак к'ажи. "Вл''азе калак'анзаро фн'етре и га-изед'е мум'ата. Черв'ата й-ги-зак'ачиха на-дир'ека. Ч'ека м'ајка да-си-д'ојде к''ерка-й и к'ак не-дох'оди тăргн'ала да-ја-прęср'етне. Ут'ишла в-гур'ата и вл''агла в-к'ăштата. К'ак ги-вид''ала черв'ата подир'еците, падн'ала и умр''ала. Мом'ичето остан'ало да-си-жив'ej с'амо сос-м'ачето, к'учето и петлето.

Лаѓадинско
Ајватово

Ду'п'а-ѓузел' и Д'андервето

Идн'о вр''ăми 'имаши идн'о пап'уле и идн'а б'аба. Пап'ул'то 'имаши уд'ол у-к'ăштта-му идн'о дуќ'анче, 'имаши и тр'и шт'ерк'и. Кă-го-науч'иха харм'ијто, шо-ј-идн'а м'ăра задр'ăжăн, фат'иха к'ата в'ечер да-му-ј'идат и да-му-пл''анат дуќ'анăт. Уд-н''ăко вр''ăми с'етне дуќ'анăт-му сос'е си-испразн'и.

Идн'ош најгул''амата шт'ерка флиз'е у-дуќ'анăт и кă-го-вид'е такв'о пр'азăн, мн'ого си-нажал'и, и му-в'ели на-т'ејко-ј : "Т'ејко, заш'о т'олко пр'азăн дуќăн, и заш'о-си т'олко наж'алăн?" Т'ејко-ј м'илно а-погледн'а и а-реч'е : "Е, м'омата-ми, дад'е Г'оспот по-идн'а м'ăра алăш-вар'ăш, зат'о-ј так'а пр'азăн дуќ'анăт". Др'уќ пăт' флиз'е ср''ăдната, – и на-н'са так'а а-одговор'и.

Најс'етне флиз'е најм'алката и му-в'ели : "М'илни-ми т'ејко, т'и се-м'ола, к'аш-ми пр'авото : заш'о так'а си-наж'алăн и заш'о т'олко т'и-ј пр'азăн дуќ'анат?" Т'ејко-ј со-сл'ăзи у-в'очити а-погледн'а и а-в'ели : "Ж'ална-ми шт'ерко, уд-др'усти ти-с'естри искр'их, 'ала уд-т'ебе ни-м'оја да-искр'ија : уд-н''ăко вр''ăми дав'ам, м'омата-ми, фат'иха да-ми-ј'идат харм'ии и да-ми-пл''анат дуќ'анăт, зат'о-ј т'олко пр'азăн, и зат'о так'а сăм-наж'алăн". Најм'алката м'ома кă-го-ч'у так'а, ск'оро ут'иди и каз'а на-др'усти-ј с'естри.

Тр'ити с'естри ст'ојат и се-ч'уд'ат, ш'о да-ч'инат, к'ак да-го-ф'ат'ат на-харм'ијто. Најгул''амата уд-н'их в'ели : "Ј'а в'о в'ечăр ќе-с'една да-бр'ана дуќ'анăт, а-пăк-в'и сидн''ајти уср''ăт у-т'ејко и раст'ăжăјти-го по-идн'а м'ăра". С'естрити кандис'аха. Навечер'от најгул''амата с'естра сидн'а уз'ат у-палх'ирăт да-бр'ани. 'Около пол'унош а-фат'и др''ămка и засп'а. Али Г'оспот дад'е, да-он'о в'ечăр ни-дојд'оха харм'ијто. Др'угăт в'ечăр бран'и ср''ăдната, 'ала и со-н'еа так'а бид'е. Кр'ајнăт в'ечăр дојд'е р'едăт на-најм'алката с'естра. 'Она з'е јатаг'анăт и сидн'а уз'ат у-палх'ирăт да-ч'ека. Т'окмо у-пол'унош палх'ирăт фат'и да-тр'опка, и м'омата дијн'а јатаг'анăт и застан'а пр'афцом. Идн'о си-пăхн'а харм'ијата гл'авата м'еѓу жил''аста м'омата го-удр'и со-јатаг'анăт и му-го-сич'е пр'авото в'ухо. Д'андервето биг'а и си-ут'иди д'ом-му.

СЕРСКО-ДРАМСКО-ЛАГАДИНСКА ГРУПА ГОВОРИ



4. КОСТУРСКИТЕ ГОВОРИ

1. Костурските говори се простираат на четири географски области: Пополе – рамничарскиот дел околу Костурското Езеро, Корешча – северозападната област во изворишниот дел на реката Бистрица меѓу планината Вич и албанската граница, Костенарија – планинската област јужно од Рупишта, и Нестрамско – областа во сливот на р. Белица на правецот Костурско Езеро – Грамос.

Во овие области има околу стотина села во кои живее мешано население – Македонци, Власи, Грци и Албанци. Пред Втората светска војна превладувало македонското население. По граѓанската војна во Грција македонската популација е значително проретчена. Неколку десетици села со македонско население се наполно уништени, а населението е раселено или отидено во емиграција.

Дијалектните особености карактеристични за костурското говорно подрачје според опфатот на територијата можеме да ги поделиме во две групи: а) црти што им се заеднички на сите локални говори во областа, и б) црти што го разбиваат говорното единство.

Меѓу покарактеристичните заеднички особености што го покриваат сето костурско говорно подрачје спаѓаат:

од областа на фонетиката:

– бројни остатоци од стариот назализам во секвенци со вокалниот дел од континуантите на носовките **ǫ* и **ę*, сп. *г̄рӑнди / г̄ра̣нди / г̄ра̊нди / г̄р'анди, зӑмби / за̣мби / за̊мби / з'амби, – г̄р'енда, п̄'енда* (в. повеќе примери во партиите за локалните говори);

– протетичкото /*в*/ пред рефлексот на **ǫ* во иницијална позиција, сп. *вӑг̄лен, вӑт̄ок, вӑж'ица, вӑт̄ор*;

– замената на /*в*/ во секвенцата **svь* со /*у*/ во примери од типот *ц'ут̄и, ос'уни, осун'ат̄је*;

– рефлексот /*а*/ место секундарниот $ъ_2$ пред финалните сонанти *-р* и *-н*: *б'ист̄ар, д'обар, в'едар, 'ит̄ар, 'ост̄ар, мӑндар, 'ог̄ан* (на сета територија), *в'ет̄ар* Ти[1], Руп, Нес, но и *в'ет̄ер* Ез, Доб, Марк, Кум, Гор, веројатно како резултат на асимилација според претходниот слог;

– остатоци од стариот преглас на /*а*/ во /*е*/ зад историски меките согласки, на пр. *ез'овец, п̄'оес, жер, ч'е̣ша* и др.,

---

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Бап (Бапчор), Брез (Брезница), Вамб (Вамбел), Виш (Вишени), Габ (Габреш), Гал (Галишта), Герм (Герман), Гор (Горенци), Гр (Гратче), Граж (Граждано), Дамб (Дамбени), Доб (Добролишта), Ез (Езерец), Жер (Жервени), Жуж (Жужелци), Заг (Загоричани), Јан (Јановени), Кос (Косинец), Крч (Крчишта), Кум (Куманичево), Лоб (Лобаница), Луд (Лудово), Манг (Мангила), Мањ (Мањак), Мар (Марчишта), Марк (Марковени), Нак (Наколец), Нес (Нестрам), Нив (Нивици), Нс (Новоселјани), Ошч (Ошчима), Поз (Поздивишта), Пс (Псоре), Рад (Радигоже), Рул (Рулја), Руп (Рупишта), Сл (Слимница), Смрд (Смрдеш), Сн (Сничени), Ст (Стенско), Стар (Старошево), Ти (Тиолишта).

– остатоци од редукцијата на неакцентираните самогласки, сп. *из'еро, диб'ело, г̄ул'емо, к'онуп̄* (повеќе примери во описот на локалните говори).

Консонантскиот систем на сета костурска територија во голема мера е уедначен.

На сета територија се чуваат старите рефлекси */шч, ш/* и */жц > жж > ж/* место прасловенските групи **tj / *kt′, *dj,* сп. *вр'ешче, г̄'ашчи, г̄'орешч, кăшча, л'ешча, мăшч'еа, п̄л'ешчи, сф'ешча, сн'ошчи, шч'ерка, п̄'арашч'ерка, од'еешчем / од'ешчи, г̄'ашник, н'ошја, н'ошен, сфăнош, н'ошви, покăшн'ина, п̄'омош, пом'ошник, сф'ешник, – в'ежа, в'ижа* (почесто *в'идва, в'идви*), *м'ежа, ăржа, ăрж'осан, с'ажи, ч'ужо – чуш, чуж'ина.*

Во сите локални костурски говори се чува неизменета старата група **čr̥-*, сп. *чăрн, чăрн'ица, чăрвен, чăрвен'ило, чăрвец, чăрв'осан, чăрвл'иф, чăрпи, чăрпка* (Пополе, Корешча), *чарн, чарвен, чарвен'ик, чăрвец, чарвен'ица, чарпи* Сл, *чɛрн, ч'ɛрвен, ч'ɛрпи* Ез, а групата **črě-* се јавува само во фонетскиот облик *чере-: ч'ерет̄, чер'ет̄на, чер'ево, чер'ешл'а, черв'еник* (месец), *чер'еша.*

Согласничките групи */т̄j/* и */дј/* (< **tьj, *dьj*) исто така се чуваат неизменети, сп. *бр'ат̄ја, сф'ат̄ја, лив'адја, д̑'авол, п̄оп̄'адја, л'удја* покрај *л'удје* и *л'уди,*

како и финалните *-ст̄, -шч* во едносложните лексеми, сп. *г̄ăрст̄, г̄рост̄, п̄ост̄, п̄рост̄, чист̄, г̄л'уш̄ч,* исто и во *г̄'орешч,* но *р'адос, мл'адос, б̑'олес.*

Согласките */ж, ш, ч, џ/* ја чуваат својата мекост, сп. *ш'ч''ерка, ж'ер, в'еж'а, ш''арен / ш''ерен.*

На сето костурско говорно подрачје етимолошкото **n′* затврднало во */н/*, а групата *-нј-* (< **пьj*) не се палатализирала, сп. *кон – к'они, п̄ен – п̄ен'ушки, дрен – др'ења, кам'ења, т̄ăрња, јад'ење, п̄ог̄реб̑'ење,* спрема нив мекоста се изделила во */ј/* и во *б̑'ања, д'ења;* под влијание на */ј/* во повеќето говори */н/* се реализира како лесно палатализиран фон [*н'*]: *д'ен'ја, кам'ен'ја* Сл, Гал, Ез.

Во врска со дистрибуцијата на согласките, заеднички особини на сите костурски говори се:

– отсуството на групите */шт̄/* и */жд/*, кои по правило се асимилираат: *шт̄ > шч, жд > жж > ж,* сп. *шч'ица, н'ишчо, ог̄н'ишче, – д'ожо(т̄) – дож'ови, г̄л'уч – г̄л'уж'овиц;*

– асимилацијата на групата */сч/* во */шч/* на морфемска граница во примери од типот *кл'асче > кл'ашче, м'осче > м'ошче, п̄'ојас > п̄ој'ашче, 'обрас – обр'ашче, лист̄ – л'ишче;*

– пополнувањето на групите *-ср-, -зр-, -жр-* со плозивите */т̄, д/*: *страм, стр'еда, стр'ебро, здрел, здрак – здр'аци, ждр'ебе,* и др.;

– африкатизацијата на согласките */с/* и */ш/ > /ц/* и */ч/* во групите */п̄с/*, */п̄ш/*, сп. *п̄ц'ува, п̄цов'иса, п̄ц'алви, ст̄'ица, т̄еп̄ц'ија, п̄чен'ица;*

– на */с/* во секвенцата *-ск-* ако претходи согласка: *в'олцки, ж'енцки, к'ост̄'урцки, б̑'итолцки;*

– потоа на */з/* и */ж/* во соседство со сонантите */л, р, н/*, сп. *м'олзи, сăлзи, – ăрца, ăрц'оса, ăлц'ичка, дăрци, дăрц'ава.*

Групите */вн/* и */бн/* се асимилираат во */мн/*, како во повеќето западни македонски дијалекти, сп. *Гл'амна, п̄л'емна, од'амна, р'амно, ог̄л'амник, Сл'имница* покрај *Сл'ибница* и *Шл'ибница, др'емно ж'ито, заг̄'имна, сн'омник,* во повеќето говори и во *мнук, мн'ука.*

Во бројни примери групата *-дн-* се упростува со редукција на /*д*/, сп. *'ено, 'ена, п̄'ана* (*п̄адна*), *с'ена* (*седна*).

Доста се уедначени на сето костурско подрачје и граматичките особености.

Во именската флексија сите локални говори ги обединуваат множинските наставки: *-ови,* која се проширила и на двосложните именки од м.р. што означуваат роднински односи, сп. *леб'ови, син'ови, зет̄'ови, т̄ат̄к'ови, вујк'ови, дед'ови; -нишча* кај двосложните именки од с.р. на *-е (-је)*: *п̄'иле – п̄илен'ишча, т̄елен'ишча, кучен'ишча, м'орје – морјен'ишча, п̄'олје – п̄олјен'ишча, ждр'ебе – ждребен'ишча,* додека кај повеќесложните превладала наставката *-ина* : *маг̄ар'ина, офчарч'ина, водарч'ина.*

Особено е продуктивна во сите костурски локални говори наставката *-ја*, сп. *к'амен – кам'енја, кор'енја, т̄ăрнја, сн'оп̄ја, л'ист̄ја, бр'ат̄ја, п̄рăт̄ / п̄ăрт̄ – п̄рăт̄ја, н'ива – н'ивја, лив'адја, ог̄р'адја, п̄лан'инја, ленд'инја, г̄рам'адја.*

Збирната наставка *-ишча* има поограничена употреба, сп. *г̄роб'ишча, рид'ишча, сон'ишча, крест̄оп̄ăт̄'ишча,* од с.р. *ј'аг̄не – јаг̄н'ишча, јар'ишча, п̄ил'ишча.*

Од именката *д'ет̄е* превладува множинската форма *д'еци.*

Категоријата избројана множина костурските говори не ја познаваат, сп. *два леб'ови, два нос'ови, т̄ри син'ови, два дев'ерја, т̄ри т̄ăрнја, дв'ајца бр'ат̄ја, т̄ри мăжи.*

Во вокативната форма има тенденција да се генерализира наставката *-о* : *брат̄ – бр'ат̄о, с'ино, мăжо, воденич'аро, чов'еко,* ж.р. *Мар'ико, лис'ицо, мат̄ар'ицо, ласт̄ов'ичко.*

Сите костурски говори познаваат само членски форми на *-т̄* : *л'ебо* (*л'ебот̄, л'ебут̄*), *кăшчат̄а, д'ет̄ет̄о, ж'ените – ж'енет̄е, п̄олјен'ишчат̄а.*

На сето костурско говорно подрачје директниот објект кај одушевените именки граматички се изразува со предлогот *на* : *г̄о п̄р'аша на кафец̣'ијат̄а; ц'арцкот̄о дет̄е п̄рави брак и е п̄ок'ани на ч'уп̄ат̄а да 'оди на бр'акут̄; и г̄о 'оп̄ит̄а ц'арут̄ на д'ет̄ет̄о, ја 'оп̄ит̄а на ж'енат̄а* Нес; *г̄о в'иду на В'анет̄а, г̄о в'иду на К'оле; е в'иду на М'ара* Гр, *г̄о в'иде на S'ико S'икофцки; г̄о в'икна на Ј'анет̄о; г̄о п̄'ит̄фи ст̄'арјо на д'ет̄ет̄о.* Манг; *г̄о збр'ае на т̄ој ч'овек* Жер; *п̄'оп̄о г̄о уп̄ит̄а на д'ет̄ет̄о* Заг; и кај заменките: *г̄о з'ева на н'ег̄о на Ј'орг̄ет̄о* Сн; *на н'и и в'иду* Ез; *'ост̄ај г̄о на н'ег̄о, з'евај ме на м'ене* Сн; *на н'ими и в'иде* Поз; *т̄р'еска на м'ене ме т̄р'есе* Сл; *на т̄'ие и в'иде* Сл; *на н'их и вид'ое* Манг.

На поширок ареал во Костурско можат да се сретнат остатоци од старата дативна флексивна форма во посесивна функција, сп.: *цар'ут̄ому шч'ерка, п̄оп̄'от̄ому к'ап̄ат̄а* Нес, *г̄осп̄'от̄ом раб'от̄а* Ти, *г̄осп̄ут̄'ому* Вамб, *санцет̄'ому 'око* Гор, и од лични имиња: *'Ово е Маркот̄'ому д'ет̄е* Руп, *Кол'т̄'ому ч'уп̄а* Ти, *Н'асет̄'ом д'ет̄е, П'ерет̄'ом кăшча, Ј'орг̄е – Ј'орг̄ет̄'ом, Ил'о – 'Ил'от̄'ом,'Илет̄'ом* Ез.

Како граматички сигнал за дативен објект за сите три рода во еднината и множината се употребува клитиката *му* : *му р'ече на с'ино(т̄), му р'ече на ж'ената, му р'ече на дет̄ет̄о, му р'ече на м'ажит̄е / ж'ените / д'ецит̄е.*

Кај заменките како дијалектна посебност за сите костурски говори се јавуваат формите: *цел, ц'ела, ц'ело, ц'ели,* покрај *све, сф'ит̄е,* сп. *ц'ели ч'уп̄е, ц'ели вол'ови,* и: *сф'ит̄и ж'ене дојд'оје, сф'ит̄и мåжи се вăрн'аје* Нес, *ц'ел н'арот̄* Марк, – неопределените: *'еркој, ерк'оја, ерк'ое,* посесивните: *т̄'еен, т̄'ејна, т̄'ејно,* и *т̄'емен, т̄'емна, т̄'емно, т̄е'мни,* демонстративните: *т̄ој, т̄ас, т̄ос, т̄ес, – т̄'ојт̄'уа* (овој),

т'аст'уа, т'ост'уа, т'ест'уа, потоа *т'ојт'ам* (оној), *т'аст'ам, т'ост'ам, т'ест'ам* Манг.

Во областа на глаголската флексија бројот на дијалектните особености што им се заеднички на сите костурски говори е значително поголем во однос на именската флексија.

Кај глаголите од старите *и-* и *е-* основи извршено е прегрупирање според видот на гласот на кој завршува општиот глаголски дел; кога тој завршува на самогласка, тематскиот вокал е *-е-,* сп. *зн'а-е-, тк'а-е-, п'и-е-, ш'и-е-, п'е-е-, с'е-е-, ч'у-е-, бр'о-е-, кр'о-е-,* а кога завршува на согласка тематскиот вокал е *-и-* : *б'ер-и-, с'еч-и-, п'адн-и-, 'умбр-и-.*

Во 1 л. едн. на сегашното време наставката *-м* се генерализирала само кај глаголите од *а*-група, додека кај глаголите од *е-* и *и*-група таа отсуствува, со исклучок на глаголите *дам* и *јам.* Во 3 л. мн. сите глаголи завршуваат на *-е.* Комплетната презентска парадигма гласи:

в'икам, в'икаш, в'ика, в'икаме, в'икате, в'ике;
н'оса, н'осиш, н'оси, н'осиме, н'осите, н'осе;
б'ера, б'ериш, б'ери, б'ериме, б'ерите, б'ере;
тка, тк'аеш, тк'ае, тк'аеме, тк'аете, тк'ае;
п'ија, п'иеш, п'ие, п'иеме, п'иете, п'ие;
ч'уја, ч'уеш, ч'уе, ч'уеме, ч'уете, ч'уе;
бр'оја, бр'оеш, бр'ое, бр'оеме, бр'оете, бр'ое.

Отстапување од оваа парадигма покажува само костенарискиот и нестрамскиот говор кај глаголите од *а*-гр. во 1. л. едн. и мн. (в. стр. 113-114, 118).

Посебност на костурските говори се презентските форми од глаголите **byti* и **хътěti.*

Од првиот на поголема територија се употребуваат покрај кратките и полни форми, сп. *'еса, 'есе, 'ести, 'есме, 'есте, 'есе* Сл, Рад, *'еси, 'еси, 'ести, 'есме, 'есте, 'есе* Марк, негирани: *не 'есе, не 'еси, не 'ести* Нес. Стариот облик со основата **bǫd-* гласи: (*да*) *бăнда, бăндиш, бăнди, бăндиме, бăндите, бăнде,* одн. *бą̊нда, бå̊нда* итн. зависно како се рефлектирала носовката **ǫ.*

Од глаголот **хътěти* се употребува само негираната форма и се јавува во фонетскиот облик: *н'ејта, н'ејташ, н'ејти, н'ејтиме, н'ејтите, н'ејте* (на сета територија).

На поголем ареал уедначена е и парадигмата на минатото определено свршено време. Кај глаголите од старата согласничка основа во 1. л. едн. како наставка се оформила *-у* (добиена од *о* во резултат на редукција), сп. *д'ојду, дон'есу, р'еку, прес'еку, изм'ăлгу,* а 3. л. мн. завршува на *-е* : *дојд'о(ј)е, рек'о(ј)е, однес'о(ј)е, стан'а(ј)е.* Целата парадигма на ова време гласи: *р'еку, р'ече, р'ече, рек'о:ме, рек'о:те, рек'о(ј)е; ст'ана, ст'ана, ст'ана, стан'а:ме, стан'а:те, стан'а(ј)е; пл'ати, пл'ати, пл'ати, плат'и:ме, плат'и:те, плат'и:те, плат'и(ј)е; зве, зве, зве, зв'е:ме, зв'е:те, зв'е(ј)е.* Од оваа парадигма отстапуваат нестрамскиот и делумно костенарискиот говор (в. стр. 114, 118).

Нешто е посложена положбата во одделните локални говори со образувањето на минатото определено несвршено време (в. поодделно во секој говор).

На сето костурско говорно подрачје кај глаголите од *и*-гр. во 2 л. мн. на заповеден начин се генерализирала наставката *-ите,* сп. *н'оси – н'осите, б'ери – б'ерите, ј'ади – ј'адите* (: *к'опај – к'опајте, п'еј – п'ејте, тк'ај – тк'ајте, број – бр'ојте, бл''уј-те, п'ијте).*

Во врска со глаголската именка костурските говори покажуваат две посебности. Едната посебност ја претставува наставката *-ење,* сп. *осун'ење, жен'ење, колн'ење, легнув'ање, стан'ање* Нес (Видоески, 1989 : 68), *осунв'ање, жн'ање, туклън'ање, върнув'ање, празнув'ање, пълн'ење, стемнув'ање* Чер (Шклифов, 1973 : 101). Во костурските говори со наставките *-ње* и *-ење* глаголски именки можат да се образуваат и од свршени глаголи, сп.: *венч'ење, погреб'ење, прост'ење, умбр'ење* Нес.

Глаголскиот прилог најчесто се образува со наставката *-(е/а)шчем*: *вик'ашчем, сед'ешчем, нос'ешчем,* но се среќаваат како конкурентни и форми со наставките *-ничким: седен'ичким, плачен'ичким, -(е/а)шчум*: *сед'ешчум, нос'ешчум,* и *-ничкум*: *седен'ичкум, плачен'ичкум.*

На костурското говорно подрачје глаголската *л*-форма се загубила, со исклучок во граничните села со леринскиот и на север со преспанскиот говор. Со загубата на *л*-партиципот се загубиле и сите сложени облици од класичната словенска конјугација што се образуваат со него (минатото неопределено време, предминатото, можниот начин, соодветните конструкции со *ќе*). За сметка на тие форми превладале облици со помошниот глагол 'има / нема' во сегашно и минато определено несвршено време + глаголската *н/т*-форма во среден род од свршени и несвршени и од преодни и непреодни глаголи, сп.: а) *'имам дојд'ено (ид'ено, нос'ено, донес'ено), 'имаш дојд'ено, 'има дојд'ено, 'имаме дојд'ено, 'имате дојд'ено, 'име дојд'ено,* б) *'име, 'им'аше, 'им'аме, 'им'ате, им'ае / 'имее + дојд'ено,* првото со значење на минато неопределено, второто со значење на предминато, и двете резултативни.

Со промените на структурата на сложените глаголски облици настанале и некои промени во глаголските категории. Така, на пример, костурските говори немаат посебни форми за категоријата прекажаност.

Промени претрпеле и конструкциите со *ќе* (*за*) за изразување на идни дејства споредени со некој минат момент и/или со други модални значења. И кај овие конструкции помошниот глагол 'има' со партикулата *ќе* (*за*) ги презел функциите на формите со *л*-партицип во другите македонски дијалекти, сп.: а) *ќе 'имам дојд'ено (вид'ено, реч'ено), ќе 'имаш дојд'ено, ќе 'има дојд'ено, ќе 'имаме дојд'ено, ќе 'имате дојд'ено, ќе 'име дојд'ено,* и б) *ќе 'име дојд'ено, ќе 'им'аше дојд'ено, ќе 'им'аме дојд'ено, ќе 'им'ате дојд'ено, ќе 'им'ае / 'имее дојд'ено.*

Со загубата на можниот начин со *би* се оформила нова конструкција со глаголот *сака* како помошен, сп.: а) *с'ака* (во сегашната парадигма) + сегашно време на матичниот глагол со *да* (*сакам да ода, сакаш да одиш, сака да 'оди,...*), и б) *сака* во минато определено несвршено време + сегашно време со *да* на даденият глагол: *с'аке да н'оса, с'ак'аше да н'осиш, с'ак'аше да н'оси, с'ак'аме да н'осиме, с'ак'ате да н'осите, с'ак'ае / с'акее да н'осе.*

Интересен материјал костурското говорно подрачје ни нуди во врска со образувањето на несвршени глаголи од свршени. Овде е формиран нов модел со суфиксот *-в-* кој се додава на општиот (коренскиот) дел од свршениот глагол, сп.: *к'аж-и* : *к'аж-в-а* и/или *к'аж-в-и, к'уп(и) – к'уп-в-(а/и), пл'атви, ф'атви,*

в'идви, з'ајдви, по̄г'одви, на'одви, р'од(и) – р'од-в-и, н'ајд(и) – н'ајдви, м'ен(и) – м'енви, расто̄в'ар(и) – расто̄в'арви, т̄'ур(и) – т̄'урви, ст̄'ор(и) – ст̄'орви, г̄р'еш(и) – г̄р'ешви, р'еш(и) – р'ешви, ист̄'еч(и) – ист̄'ечви, зап̄л'ет̄(и) – зап̄л'етви, соб̆'ер(и) – соб̆'ерви, 'умбр(и) – ум'ирви (основа *умир-а*); кај глаголите чиј општ дел завршува на *-в-* од типот *нап̄р'ав-и, оздр'ав-и,* во некои пунктови се задржал стариот модел со суф. *-а,* сп. *ост̄'ав(и) – ост̄'ав-а, испр'ав(и) – испр'ав-а* Поз, Жуж, но во повеќе говори и кај овие глаголи се наложил суф. *-в-* но проширен со инфиксите *-ив-* или *-ов-* за да се избегне удвојувањето на *в,* сп.: *забор'ав(и) – заборав-'ив-а, по̄пр'ав(и) – по̄прав'ива, нап̄р'ав(и) – нап̄рав'ива, расп̄р'ав(и) – расп̄рав'ива, ост̄'ав(и) – ост̄ав'ива, исправ'ива,* поретко и *нап̄р'ав(и) – нап̄рав-'ов-а, ост̄'ав(и) – ост̄ав-'ов-а* Жуж, или *оздр'ав(и) – оздрав'ев-а* Манг. Кај глаголите што завршуваат во свршената форма на *-н-* од типот *с'едн-и, л'ег̄н-и,* во некои пунктови се чуваат старите несвршени образувања, сп.: *п̄р'ен̄(и) – пре-п̄'ина, с'едн(и) – сед'ина, п̄ад'ина* Поз, или со суф. *-ув-*: *лег̄н'ува, сон̄'ува* (во источните пополски села), додека на поголем ареал и кај овој тип глаголи се генерализирал суф. *-в-* проширен во *-ив-,* сп.: *ст̄'емн(и) – ст̄емн'ив-а, л'ег̄н(и) – лег̄-н'ива, с'он̄(и) – сон̄'ива,* или *-в-* се додава на проширената основа: *с'он̄(и) – сон̄'ин-в-а, лег̄'инва, п̄ад'инва, сед'инва* Марк.

Кај глаголите чиј тематски дел завршува на самогласка се чува стариот модел на *-в-*: *п̄окр'и(е) – п̄окр'и-в-а, нав'ива, зав'ива, об̆'у(е) – об̆'ува,* и др.

На овој начин се ликвидирани старите модели од типот *фат̄и – фашта / фаќа, роди – ражда / раг̄а, г̄реши – г̄решава, собере – собира, т̄ури – т̄ура, куп̄и – куп̄ува / куп̄ова, заборави – заборава, от̄вори – от̄вора / от̄вара* и др. Создаден е нов и поекономичен модел.

Само за костурското говорно подрачје во целина карактеристични се и следниве предлози: *кај* (со значење *како*): *Сфет̄'ише кај сӑнце* Гор, *т̄ој кај зм'ија се вл'ечи* Сл; *кам / каму* (во значење правец и време): *'оjде каму с'ест̄ра ми* Сл, *'оди каму К'ост̄ур, ќе 'ода каму т̄'ашко ми, каму р'учок са вӑрна* Ти, *'оди каму с'елот̄о* Лоб, *ќе д'оjде каму В'ел'ден, д'оjде каму 'обет̄* Вамб, *ке си д'оди кам М'ит̄руф, 'оди кам с'елот̄о* Мак; *от̄кӑму* : *п̄ом'ина от̄кӑму с'елот̄о* Гор; *кр̆с / крӑс / крес* : *п̄'омина кр̆с н'ива* Ошч, *изл'езе кӑрс вр'ата* Лоб, *крӑс лив'адата* Габ, *п̄ом'ина крес р'ека, крес с'елот̄о* Ти; *п̄ара* (со значење 'отколку'): *Подобро да д'оj бр'ат̄ ми п̄ара чуш ч'овек* Сл; *п̄рес*: *п̄рес т̄'урцко време* Вамб; *п̄роти* (со значење 'спрема') *п̄роти п̄онд'елник* Лоб, Крч; *п̄рекаj* ('покрај'): *еден ст̄ар ч'овек ор'аше т̄'уа п̄р'екаj п̄ӑто* Жер; *п̄роти / п̄рети / п̄ерти* ('спроти'): *п̄рети сӑмб̆'ота, п̄роти Вел'иден* Ти, *д'оjде п̄р'ети фт̄'орник,* ('отколку'): *П̄'оарно бр'ат̄ ми да д'оj со м'ене п̄'ерти др'ук* Гор; *сур* ('врз'): *п̄ом'ина сур к'ашчата* Рад; предлогот *со* во некои костенариски села се јавува и во обликот *са* : *г̄о удри са ст̄'ап̄, са н'ош, са рӑка, са мот̄'ика* Марк; предлогот *во* најчесто се јавува во обликот *о* : *оj о с'ело, 'оjде о Б'итола* Ошч, *т̄ој 'оди о с'елот̄о на г̄'ости* Габ, *'оде о К'ост̄ур* Лоб, *от̄'иде о Л̄ерин, от̄'иде у 'ено с'ело* (со редукција на *о* > *у*) Сл. – Предлогот *на* има многу поширока дистрибуција отколку во другите македонски дијалекти, бидејќи се употребува и со значење на место и правец наместо предлогот *во,* сп. *се вӑрна на Л̄ерин* Смрд, *от̄'иде на с'елот̄о* Гор, *'оди на Р'уп̄ишча, на цӑрква, б̆'еше на кӑшчата, м'есото се в'ари на к'от̄ело* Руп, *г̄рej сег̄а на Н'ест̄рам* Јан. За граматичката функција на овој предлог види стр. 91.

Важна диференцијална особеност на костурските говори по однос на долновардарските, со кои тие граничат на исток, и на преспанските, делумно и на леринскиот, претставува акцентскиот систем.

Во сите локални костурски говори на север до с. Рулја, на пограничјето со преспанскиот, коегзистираат два акцентски модела: а) модел со морфолошки фиксиран акцент, кој е карактеристичен за долновардарските, но со тенденција да се стабилизира на пенултима и антепенултима, и б) модел со фонетски фиксиран акцент на пенултима, но со некои ограничувања.

Лексичкиот акцент во принцип може да се јави на секој слог во зборформите, но со некои ограничувања.

Во домашни зборови тој не се јавува на отворена ултима. Меѓутоа, во туѓи лексеми може да се сретне и во оваа позиција, сп. *будал'а, бин'а, кацар'а, душем'е, чекмеџ'е, скол''о, нис'и, спил''ја* Нес, Ез, Сл.

На затворена ултима акцентот се јавува претежно во повеќесложните зборформи, и во ограничен број во двосложни именки и придавки.

Кај именките на последниот слог тој стои, главно, кај дел од суфиксните образувања на *-ак, -ек, -ок, -ник, -ар, -ач, -ец,* сп. *едӣн'ак, ѓодӣн'ак, желанд'ек, ѓа̄тал'ек, ѓазар'ек, самар'ек, бибер'ок, мачор'ок, мисир'ок, наме̄т'ок, па̄тор'ок, армасн'ик, вечерн'ик, власен'ик, ѓреоте̄н'ик, ечмен'ик, корен'ик, мисерн'ик, масалн'ик, пӣперн'ик, по̄мочн'ик, работе̄н'ик, седелн'ик, солен'ик, чӑрвен'ик, волов'ар, ѓовенд'ар, левич'ар, лопа̄т'ар, мамлич'ар, улишч'ар, купов'ач, по̄крив'ач, желанд'ец, ѓребен'ец, кисел'ец, по̄пов'ец, слапов'ец, шушлав'ец,* кај жителските имиња на *-ар* од типот *долен'ар, жужолч'ар, лудов'ар, несте̄рам'ар* (жители на селата Долени, Жужелци, Лудово, Нестрам), речиси редовно кај сложенките од типот *бра̄туче(н)те̄ – бра̄туч'енди, ѓроздобе̄р, водопа̄т, листопа̄т, водовр'ик, крестопа̄т, средор'ек, домаз'е̄т, вӑрто̄л'ом, песнопо̄ј,* и други именки со три и повеќе слогови: *сиром'ах, домаќ'ин, ѓулем'ин* (јануари), *ѓолоѓ'ин, боѓа̄т'аш, тахта̄б'ит.* – Од придавските образувања на затворена ултима најчесто се акцентираат изведенките со суфиксите: *-ав, -лив, -ан, -ит,* скоро редовно трисложните и повеќесложните, сп. *болнич'аф – болнич'ава, белик'аф, белич'аф, белун'аф, дебелк'аф, жӑлтник'аф, зеленк'аф, кашлич'аф, кафеј'аф, чӑрник'аф, болежл'иф, пе̄сукл'иф, работе̄л'иф, армас'ан – армас'ана, мул'јос'ан, ӑрџос'ан, мухлос'ан, чӑрвос'ан, варов'ит, зборов'ит, асте̄л'ит, мангло̄в'ит, лекове̄т, пе̄чал'ит,* кај сложенките од типот *белол'ик – белол'ика, чӑрно'ок, ѓолоѓл'аф – ѓолоѓл'ави,* во нестрамско-костенарискиот и костурско-беличкиот и кај повеќе двосложни придавки, сп. *ѓӑрба̄ф, белк'аф, ѓлиба̄ф, краста̄ф, ќел''аф, ве̄тр'иф, ѓорчл'иф, зборл'иф, лен'иф, маѓл'иф, вис'ок, ѓол'ем, ѓор'ешч, лак'ом, диб'ел, боѓ'а̄т, ламб'ок, шир'ок, зел'ен.* Сите овие примери се забележани во јужниот дел на костурската област, главно, во Нестрам, костенариските села (Ез) и во селата што спаѓаат во рамките на костурско-беличкиот говор (Видоески, 1984 : 96, 1985 : 34, 1989 : 57).

Како се оди пона север кон Ко̀решчата бројот на примерите со акцент на затворена ултима опаѓа. Во костурско-корешчанскиот говор кај двосложните именки и придавки акцентот наполно се стабилизирал на пенултима, сп. *ј'унак – јун'аци, 'език – ез'ици, ч'овек – чов'еци, ѓ'алаа̄ – ѓал'аби, ч'ора̄ – чор'а̄ти, 'офчар – офч'ари, р'ибар – риб'ари, 'орач – ор'ачи,* кај придавките: *б'оѓа̄т – боѓ'а̄та (боѓ'а̄то, боѓ'а̄ти), в'исок – вис'ока, ѓл'ӑмбок – ѓлӑмб'око, ѓ'ӑрбаф – ѓӑрб'ава,*

д'ебел – деб'ела, з'елен – зел'ена, ч'ӑрвен – чӑрв'ена, к'исел – кис'ела, с'олен – сол'ена, ш'ирок – шир'ока, итн.

Не се ретки овде и примери со пренесен акцент на пенултима и во повеќесложни збороформи, сп. *брат'учед – брат'уч'енди, ѓов'ендар – ѓовенд'ари, дом'аќин – домаќ'ини, ман'астир – манаст'ири, сир'ома(х) – сиром'аси, раб'отник – работн'ици, чӑрв'еник,* и др. Габ.

На овој начин во костурско-корешчанскиот говор кај двосложните збороформи во именската флексија се оформил модел со фиксиран акцент на пенултима.

Другата тенденција што е особено изразена во костурските говори е да се одбегне акцентирањето на слоговите понапред од третиот.

Речиси сите многусложни именки со старото место на акцентот на четвртиот слог на овој терен се парокситони, што значи дека акцентот се повлекол надесно со тенденција да се стабилизира исто така на пенултима (во неопределените форми), сп. *бивол'ица, вервер'ица, ѓушчер'ица, јалов'ица, кисел'ица, крастав'ица, кукав'ица,* а во одделни лексеми тој се преместил на пенултима и од третиот слог, сп. *Буѓ'арин, ез'овец, из'еро, вар'иво, ѓренд'иво, мӑшч'еа, охт'ика, бур'ина, ѓал'ица, коз'ина, ѓел'ена, оѓр'ада, ѓоѓ'ара.* Пропарокситоничен акцент се задржал само во ограничен број лексеми во одделни локални говори, сп. *з'абица, ѓ'азува, 'офтика, з'узела, к'оленда* (главно во јужните костурски села), на поширок ареал и во деминутивно-хипокористичките образувања со суфиксот *-ичка,* сп. *б'абичка, ѓл'авичка,* и кај еден број придавки со суф. *-ов, -ин* (во формите за ж. и с.р.), сп. *ј'алова* (*офца*), *в'ӑлкова* (*кожа*), *ѓ'осйова* (*раб'ота*), *т'аткова, бр'атова* (*кӑшча*), *б'абино, м'ајчино, кр'авино* (*млеко*).

По однос на морфолошко-парадигматските особини на акцентот во костурското говорно подрачје се оформиле два акцентски модела – модел со неподвижен (парадигматски фиксиран) акцент и модел со подвижен акцент.

Парадигматски фиксиран акцент во именската флексија имаат, главно, именките и придавките што имаат акцент на затворена ултима, сп. *ѓовенд'ар – ѓовенд'ари – ѓовенд'аро(т) – ѓовенд'ариѓе, ечмен'ик – ечмен'ици – ечмен'ико(т) – ечмен'ициѓе, каменл'иф – каменл'ива – каменл'иво – каменл'иви,* чл. *каменл'ивио(т) – каменл'ивата – каменл'ивото – каменл'ивиѓе,* потоа придавките што имаат акцент на коренската морфема од типот *т'аткоф – т'аткова – т'атково – т'аткови,* или *б'абин – б'абина – б'абино – б'абини,* чл. *б'абинио(т) – б'абинаѓа – б'абиноѓо – б'абиниѓе,* сите именки што завршуваат на вокал: *ж'ена – ж'ени – ж'енаѓа – ж'ениѓе, лив'ада – лив'адаѓа – лив'ади – лив'адиѓе, с'ело – с'елоѓо – с'ела – с'елаѓа, кол'ено – кол'ена – кол'еноѓо – кол'енаѓа,* а во глаголската флексија презентската и императивната парадигма, сп. *в'икам / в'икум – в'икаш – в'ика – в'икаме – в'икаѓе – в'ике, н'оса – н'осиш – н'оси – н'осиме – н'осиѓе – н'осе,* императив: *н'оси – н'осиѓе, д'онеси – д'онесиѓе,* во нестрамско-костенарискиот говор уште и имперфектот: *н'осе – н'осише / н'осишии – н'осише – н'осеме – н'осеѓе – н'осее.*

Фиксиран акцент на пенултима во именската флексија имаат во еднинската и множинската неопределена форма именките што образуваат множина со двосложни наставки (*-овци, -овци // -офци, -ишча, -нишча, -ина*), сп. *брек – бреѓ'ови, д'ен – ден'ови, в'ујко – вујк'ови, д'едо – дед'ови, кр'адл'о – крадл''офци, м'ешко – мешк'офци, с'он – сон'ишча, р'иѓ – рид'ишча, ј'аѓне – јаѓн'ишча, ј'аре –*

јар'ишча, маг'аре – маг̄ар'ина, м'орје – морен'ишча, ш̄'еле – ш̄елен'ишча, потоа именките од м.р. што завршуваат на консонант и имаат акцент на пенултима, сп. *б'ивол – бив'оли, г̄'абер – г̄аб'ери, д'евер – дев'ери, м'есец – мес'еци, р'учок – руч'оци, 'офчар – офч'ари, г̄ов'ендар – г̄овенд'ари, 'орач – ор'ачи, к'амен – кам'ења, дом'аќин – домаќ'ини, браш̄'учеш̄ – браш̄уч'енди;* кај придавките акцентот алтернира меѓу неопределените форми за м.р. и другите форми, сп. *г̄'олем – г̄ол'ема (г̄ол'емо, г̄ол'еми), з'елен – зел'ена (-о, -и),* сп. и *н'ег̄оф – нег̄'ова (-о, -и)* и др.

Меѓутоа, во определените форми акцентот го задржува истото место како во неопределените, сп. *л'еш̄ – леб'ови : л'ебо(ш̄) – леб'овиш̄е, к'амен – кам'ења : к'амено(ш̄) – кам'њаш̄а, п̄'оле – п̄олен'ишча – п̄'олеш̄о – п̄олен'ишчаш̄а, г̄'олем – г̄ол'ема – г̄ол'емо – г̄ол'еми : г̄'олемио(ш̄) / г̄'олемјо(ш̄) – г̄'олемаш̄а – г̄'олемош̄о – г̄'олемиш̄е.* Членските морфеми, како што се гледа, не влијаат врз местото на акцентот.

Во областа на глаголската флексија овој модел доследно се реализира во парадигмите на аористот и на глаголската придавка, сп. (аорист) *п̄л'аш̄и* (1–3) – *п̄лаш̄'име – п̄лаш̄'иш̄е – п̄лаш̄'ие, дон'есу – дон'есе – донес'оме – донес'ош̄е – донес'ое,* (гл. придавка) *д'ојден – дојд'ена – дојд'ено – дојд'ени, 'умбрен – умбр'ена (-о, -и),* а во говорот на Корешчата уште и во парадигмата на имперфектот: *в'ике – вик'аше – вик'аме – вик'аш̄е – вик'ае, б'ере – бер'еше – бер'еме – бер'еш̄е – бер'ее.* (Поподробно за овој проблем види кај Видоески, 1984 : 96 нт., 1989 : 33 нт.).

1.1. Не е незначителен и бројот на особеностите со кои се диференцираат меѓу себе одделни локални говори. Меѓу најмаркантните диференцијални особености во рамките на костурскиот дијалект спаѓаат континуантите на носовката **ǫ* и на старите **ļ, *ŗ*. Тие одат заедно на сета македонска западна и јужна јазична периферија и во голема мера придонесле во конституирањето на современите вокални фонолошки системи. Спрема резултатите од нивната рефлексација на костурскиот терен појасно се изделуваат три помали говорни целини: 1. костурско-корешчански говор – со рефлексите */ă, ăн-ăм/* за **ǫ* и */ăр, ăл/* за споменатите сонантски групи, 2. костурско-белички – со рефлексите */ạ, ạн-ạм/* и */ạр, ạл/*, 3. костурско-костенариски говор – со рефлексите */å, ån-åм/* и */åл, år-ɛр/*.

Нема единство на костурскиот терен исто така во рефлексацијата на секундарниот *ъ*$_2$ пред финалното *-м,* во степенот на редукцијата на неакцентираните самогласки, во дистрибуцијата на фонемата */x/* и нејзината честота, во употребата на звучните африкати */s-ц/* и нивната дистрибуција; во областа на морфологијата разлики се покажуваат во фонетскиот облик на членската морфема за м.р. (*-о, -ош̄, -уш̄*), во множинската наставка кај именките и придавките на *-а (жени – жене),* кај цела редица заменски форми; во глаголската флексија нема единство во употребата на полните форми на старите помошни глаголи **быти** и **хътѣти**, во наставката за 1. л. едн. сегашно време, во наставките на минато определено несвршено време, заповедниот начин и глаголскиот прилог, во географската дистрибуција на партикулите *ќе* и *за,* потоа во местото на акцентот во одделни глаголски форми. Сите тие особености ќе бидат разгледани во натамошното излагање.

2. *Костурскиот *ǫ > /ăl-г̄овор* (*костурско-корешчански*) зафаќа најголема територија на костурското говорно подрачје: се простира на две географски области – Пополе, рамничарскиот дел околу Костурското Езеро, каде што се наоѓаат градовите Костур и Рупишта, и Корешча – претежно планинскиот дел во сливот на горниот (изворишниот) ток на реката Бистрица до Неретската планина на исток, која претставува и граница со леринскиот говор. На тој простор македонското население живее во педесетина села. Ќе ги споменам меѓу нив досега најчесто цитираните од кои имаме и најкомплетен материјал (комплетно пополнет прашалник за македонскиот дијалектен атлас): Рупишта, Горенци, Загоричани, Тиолишта, Куманичево, Поздивишта, Брезница, Габреш, Дамбени, Косинец, Лобаница, Вамбел, Смрдеш, Крчишта. Некои од овие села денеска веќе не егзистираат, бидејќи по граѓанската војна се разурнати (Кос, Габ, Лоб, Вамб, и др.).

Ќе ги изложиме овде пред сè оние особености што се јавуваат како карактеристични само за овој регион, што значи диференцијални по однос на другите локални говори во костурската област, како и оние што зафаќаат пошироки ареали и не се дообјаснети во воведниот дел и на друго место во излагањето.

Како најкарактеристични диференцијални црти на костурското говорно подрачје ги истакнавме континуантите на носовката **ǫ* и **ļ, *ŗ*.

Носовката **ǫ* во костурско-корешчанскиот говор се рефлектирала во */ăl/*, */ăн/* – пред нелабијални звучни преградни согласки, и */ăм/* – пред лабијални звучни преградни опструенти. Сп.: *б'ăбри, бăбунj'осан, б'ăнди, в'ăг̄лен, вăж'ица, в'ăт̄ок, в'ăт̄ор* Крч, *в'ăт̄ар* Габ, *в'ăнт̄ар* Кум, *г̄н'ас, г̄н'ăсен, г̄ăс – г̄'ăзо, г̄ăст̄ – г̄'ăсто, вн'ăт̄ре* Ти, *н'ăт̄ре* Поз, Руп, *г̄'ăска, жел'ăнт̄рак* Кум, *кăкл'ица* Ти и *к'ăркол* Поз, *кăп̄'ина, к'ăса, кăп̄ – кăп̄'ови, кă'т̄ни з'ăмби, к'ăшча, кăшч'ул'ка, л'ăчи, мăш – м'ăжи, се м'ăжи, м'ăка, се м'ăчи, м'ăт̄и м'ăт̄ен, м'ăт̄на в'ода, п̄ăт̄ – п̄'ăто, п̄'ăт̄ец, р'ăка – р'ăци, р'ăкаф, рăк'ăт̄ка, п̄ăрт̄, пр'ăчка, п̄'ăпка, с'ăжен, св'ăнош, скăп̄, скăп̄'ија, п̄'ăпок, ст̄ăп̄'ало, т̄'ăт̄ни, штрăп̄'ица* (стапица), *– бл'ăнди, г̄'ăнг̄лиф, г̄р'ăнди, дрăнк – др'ăнг̄о, жел'ăндек, крăнк – кр'ăнг̄о, м'ăнда, măнг̄'орец* (јагорец), *м'ăндро, к'ăндраф, кăнд'ел'а, л'ăнг̄о – лăк, п̄'ăндар, п̄'ăнди, п̄ăндарн'ица, на п̄'ăнт̄е* (: *п̄ăт̄), сăнт̄ – сăнд'ови, с'ăнди, ст̄р'ăнга* Поз, *ăнд'ица* (јадица), *– в'ăмбел* 'извор', *В'ăмбел* (село), *г̄'ăмба, г̄лăмб'око, г̄ал'ăмби, дăмп̄ – д'ăмбја, дăмб'ица, зăмп̄ – з'ăмби, з'ăмбл'о* Ти и *зăп̄ – з'ăбо*, но *з'ăмби* Руп, *рăмп̄ – р'ăмбо – рăмб'ови* Поз, *п̄орăмб'ено, сăмб'ота, тр'ăмба* (платно), *ст̄ăмп̄'ица* Кум.

Во рамките на овој терен разлики во одделни пунктови се констатирани во лексемите: *в'ог̄лен, вог̄л'енје, вог̄лен'ар, бобон'осан, п̄'опок* Руп и *в'аг̄лен, п̄'апок* Поз, *'ог̄лен* Лоб, *вож'ица* Вамб, *веж'ица* Ти, *важ'ица* Поз, *л'онг̄а, м'отна в'ода, тр'омба* Доб, *в'ат̄ок* Габ, Доб и *в'ăт̄ок* Поз, *j'ат̄ор* Ти и *в'ăт̄ор* Крч, и *кл'омче, кл'омко* (на сета територија). Приведениве примери во односниве фонетски облици се познати во соседните говори каде што **ǫ* се рефлектирало во */o/*.

На овој терен се разграничуваат и формите *г̄нăс – г̄н'ăсен* Поз, Габ, Крч, Вамб и *г̄н'усен, г̄н'усно* Руп, *г̄ăст̄* Габ и *г̄уст̄ – г̄'уст̄о* Руп.

На костурскиот терен се разграничуваат и формите *п̄'ајак – п̄ај'аци, п̄ајаж'ина* Габ, Лоб, Гор, *п̄'аак – п̄а'ачина* Герм, *п̄'а:к* (< *п̄аак*) Нив, *п̄аж'ина* Руп, *п̄'ајонк – п̄ај'онци* Крч, и *п̄'аек – п̄а'ези, п̄аеж'ина* Руп, Лоб, Гор, *п̄а'ежина* и *п̄а'ечина* Рул, *п̄'ајенк* Лоб, *п̄'аенк, п̄аеж'ина* Кос, Брез, *п̄аеж'ина* Поз, одн. *п̄'аем – п̄а'еми* Доб, Руп. Се работи за стари дублетни облици со **ǫ (*rajǫkъ)* и со **ę (*rajękъ)*.

Двеве форми се среќаваат и во другите локални говори на костурското јазично подрачје, сп. *п̄ак, п̄а'ечина* Лак, *п̄'аенк, п̄анц'ина* Сл, *п̄'ајен – п̄ај'ени, п̄аеж'ина* Ез, *п̄'аек* Мањ.

Во некоренските морфеми место **ǫ* има рефлекс */а/*, како, впрочем, и во другите македонски дијалекти, со неколку исклучоци во крајните западни костурски села, сп. *'обрач – 'обрачи, п̄'опрак* и *п̄'отпрак, н'еа, н'оса,* итн.

Да ги спомнеме и старите дублетни форми со **ǫ* и **и*: *г̄'ужва, н'ужца / н'ужа, п̄онуда, ор'уже, судб'ина, т̄р'удна* и погоре споменатите *г̄н'ус(ен)* и *г̄'усто.* – Лексемата *т̄'епан* во овој фонетски облик се јавува на сето костурско говорно подрачје и се објаснува како аналогно образување спрема глаголот *т̄'епа*!

Заедно со рефлексот на **ǫ* во западните и југозападните македонски дијалекти одел и развојот на т.н. секундарен *ъ*$_2$ во коренските морфеми, што го посведочуваат и примерите *м'ăска, м'ăнг̄ла, лăж'ица* Кум, Поз, *лăж'ичка* Габ, Дамб, *л'ăг̄а, л'ăжл'о* Лоб. Во еден дел од костурското подрачје место стариот облик **lъžica* се употребуваат формите *ăлж'ица* Крч, Вамб, *олs'ица* Руп, *олц'ичка* Лоб, *олж'ичка* Вамб, што укажува дека таму секвенцата **lь* совпаднала со старото вокално **ļ (лъжица > ļжица > ол-,* одн. *ăл(жица)*), зависно како се рефлектирало **ļ*, сп. и *ăлж'ица, ăлs'ица, ăлц'ичка* во костенарискиот.

Две реализации наоѓаме и место стариот облик **tьпъkъ, *tьпъko* : *т̄'онок* Лоб, и *кнок, кн'очко* Поз, Руп, Габ, Вамб, Крч (< *т̄нок < т̄ьнок*).

Во западните македонски говори со рефлексот на **ǫ* совпаднал и изговорот на самогласката */а/* во соседство со назален сонант. Оваа појава е одразена и во костурскиот говор, сп. *знăм, м'ăми, măш'еа* Брез, Кос, *зн'ăе, м'ăма, с'ăна* (*снаа*) Вамб, *знăм, măш̄'еја, м'ăми,* и во туѓи лексеми *в'ăндак, măзг̄'але, м'ăсти, ам'ăн* Поз, *măк'ар, к'ăнт̄ар* Кос.

Рефлексацијата на **ę* ја земаме под внимание поради случаите со запазен назализам кој се изразува, како и кај рефлексите на **ǫ,* во посебна назална фонема – */н/*, пред нелабијалните звучни согласки, сп. *брач'енди* (: *бр'ачет̄*), *г̄л'енда – г̄л'енди с'олце, г̄ов'ендо, г̄овенд'ари, г̄р'енда, г̄р'енди, дев'ендесе* (: *д'евет̄*), *кол'енда, коленд'ари, ленд'ина, ог̄ленд'ало, п̄'енда, п̄'ендесе, пр'енди, прend'иво, прend'ено, р'енди, ренд'ови, наренд'ува, сф'ент̄ец – сфент̄'еци* Кум, *сфент̄'ица* Гор, *ч'ендо, енг̄'ул'а* Доб, или *анг̄'ул'а* Крч, *јанг̄'ул'а* Руп, Лоб, Ошч, покрај *ег̄'ул'а* Бап, *јег̄'ул'а* Поз, и *јаг̄'ул'а* Габ, *'ендар* Лоб, *ендр'ичко* Нес, и *ј'едро* Поз, *'енчи* Ти, Кос, Руп, покрај *ј'ечи* Поз, *ант̄'арва* Кум, Гор, *ант̄'ерва* Ез, покрај *ет̄'рва* Бап, *ет̄'ăрва* Габ, Крч, *јет̄'ăрва* Поз, Ошч, *ат̄'ăрва* Доб, Руп, *ј'ат̄ăрва* Рул, *'ansa* Ез, Нес, */ем/ чембр'ица* (на сета територија), *чимбр'ица* Крч, Лоб, *еремб'ица* Ез, Габ, Гор, Лоб, *јеремб'ица* Поз, *ерăмб'ица* Ти, *јаремб'ица* Руп, *јар'ембица* Рул, *ј'арамбица* Ошч, *јарăмб'ица* Крч, Лоб, *иримб'ица* Кум, и *еребица* Доб, пред безвучни согласки: *д'евет̄, 'език – ез'ици, 'ечмен, ж'ет̄ва, зет̄, з'аек – за'еци, кл'ет̄ва, л'ешча, м'еко, м'есо, п̄ет̄* (: *п̄ендесе*), *п̄'еток, п̄'ета, пам'етви, т̄р'еска, ме, т̄е, се, д'ет̄е, с'еме, ш'ета*, и др.

Од општото правило во врска со фонетската позиција во која се задржал назализмот отстапуваат формите *'енчи* Ез, Доб, Габ, Гор, Ти, покрај *'ечи* Нес, *ј'ечи* Поз, и *сф'ент̄ец, сфент̄'ица* Гор, Кум, покрај *сф'ет̄ец.* И во двата случаја се работи за лексикализирана фонетска појава.

Во врска со рефлексите на двете носовки како нерегуларни се јавуваат *јанг̄'ул'а (анг̄'ула, јаг̄'ул'а), 'ansa* и *јат̄'ăрва (ат̄'ерва, ат̄'ăрва, ант̄'ăрва),* а кај при-

мерите со *ǫ : *j'атор* Ти и *'оглен* Лоб. Сите овие примери во приведениве фонетски облици се внесени од западните говори.

Костурското говорно подрачје ни нуди автентичен материјал за илустрација како се одвивал процесот на деназализацијата на носовките на македонската јазична територија. Најдоследно во споменатите фонетски позиции назалните сонанти /*н, м*/ во секвенци со континуантите на *ǫ и *ę се чуваат во западниот дел од костурската област, а колку се оди кон исток и север бројот на примерите опаѓа. Како се одвивале процесите со деназализацијата на историски план темелно е образложено во статијата на В. М. Иллич – Свитыч (1962 : 76-88).

Место старите *ļ, *ŗ во костурско-корешчанскиот говор има рефлекси /*ăл*/ и /*ăр*/, сп.:

/ăл/ б'ăлфа, вăлк – в'ăлци, в'ăлна, г̄'ăлта, д'ăлг̄о, жăлт̄, ж'ăлчка, ж'ăлт̄ок, кăлк, к'ăлни, к'ăлви, м'ăлsи, мăлsн'ица, м'ăлчи, п̄'ăлно, с'ălsа – с'ălsи, с'ăнце (< с'ăлнце) Руп, *с'ăлце* Поз, *т̄'ăлчи, т̄'ăлчник* и *т̄'ăлчок, 'ăлцка* и *'ăлшчи (< *хļč-);* исклучок претставуваат лексемите *л'ăйка* (на сета костурска територија) (јаболка) и *Булг̄'арин, Булг̄'ариjа* Лоб, Ти, Кос, Брез, Руп, *Болг̄'арин* Крч, Габ, *Буг̄'арин* Гор;

/ăр/ вăр – вăр'ови, г̄'ăрло, д'ăрво, ăрш, з'ăрно, к'ăрдо, м'ăрша, măрт̄'овец, п̄'ăрст̄и, п̄'ăрво, сăрп̄, с'ăрце, ч'ăрн, чăрн'ило, чăрн'ица, ч'ăрвен – чăрв'ени, ч'ăрп̄и, ч'ăрп̄ка, ч'ăрвец, чăрв'осан (на сета територија).

Со рефлексите на *ǫ (*ă, ăн, ăм*) и секвенците */ăл, ăр/* место *ļ, *ŗ во костурско-корешчанскиот говор се оформила фонемата */ă/* и се формирал шесточлен вокален систем:

и *у*

ă

е *о*

а

Фонемата */ă/* во костурскиот говор по правило се јавува во медијална, поретко и во иницијална позиција, сп. *'ăлшчи, ăлж'ица, ат̄'ăрва,* додека во финална позиција не се среќава.

Во рамките на костурско-корешчанскиот говор нема полно единство во реализацијата на рефлексот на секундарниот *ъ*$_2$ пред */м/* во финална позиција. На поширок ареал се јавува рефлексот */о/*, сп. *с'едом, седомн'аjсе, 'осом – осомн'аjсе, сед'омдесе, ос'омдесе* Ти, Лоб, Крч, Габ, во некои пунктови покрај формите со */о/* се јавуваат и примери со */ă/*: *с'едăм, 'осăм* Поз, *сед'ăмдесе, ос'ăмдесе* покрај *с'едом, 'осом* Жер, Виш, Вамб, Габ, Гор, и со */у/*: *с'едум, 'осум* покрај *сед'ăмдесе, ос'ăмдесе* Сл, или *с'едум, 'осум* и *сед'омдесет̄, ос'омдесет̄* Гал, Рад, *с'едум, 'осум,* но *сед'ăмдесе, ос'ăмдесе* Руп, Кум, Заг, Гор.

Консонантскиот систем во градскиот костурски говор и во селата во областа Пополе го сочинуваат следните фонеми: *м, н, л, л', р, ј; б-п̄, в-ф, д-т̄, s-ц, з-с, ц-ч, ж-ш, ѓ-ќ, г̄-к, х;* говорот на селата во областа Корешча не ги познава звучните африкати */s, ц/*, сп. *зв'езда, н'ози, п̄ол'ози, жам, жам'иjа, жеп̄, бажан'ак, 'ожак, илеж'иjа, ловж'иjа* Кос, Брез, Дамб, Лоб, Крч.

Фонемата /*x*/ се јавува само во неколку лексеми, па можеме да ја сметаме како маргинална во системот, сп. *х'ăрчи, ґ'уха, вăрх, т̄ахт̄аб'ида, 'охт̄ика* Гор, *дух* Поз, *з'адух* Лоб, Гор, *з'адухо* Габ, Марк, *'елха, л'ахт̄и, т̄'ăрха, т̄ахт̄аб'ит̄а, т̄'иха, мох, хол'ера* Марк. Етимолошкото *х* во позицијата зад самогласката *у* се изменило во /*в*/ на сета територија од односниов говор, сп. *м'ува, т̄аз'ува, р'уво, 'уво, к'ожуф, т̄'ердуф, ґлуф – ґл'ува, суф – с'уво* Руп, Кос, Габ, Лоб. Во финална позиција и пред согласки во најголем број случаи *х* се загубило, сп. *Вла, вра, сир'ома, с̄т̄ра, м'елем, б'ăла; м'ул'а, мул''осан, ч'ели, оґл'уна,* во наставките за минато определено време: *бе, б'еме, б'ет̄е, д'ојду, дојд'о:ме, дојд'о:т̄е.* Во некои пунктови можат да се сретнат и примери со /*в-ф*/, сп. *вăрф* (коричка на млеко) покрај *вăр* (географски термин) Доб, *ґреф* Лоб, Поз, Марк и *ґре – ґр'ео* Ти, Кос, Руп, *меф* Вамб, Доб, Гор, Поз, покрај *ме* Руп и *меј* Кос, Брез, *моф* Габ, Крч, *нофт̄, т̄ифт̄'ија, кр'ефко, л'афт̄и, н'офт̄и* Руп, *'орej – ор'еи, ор'ејче* (на целото костурско подрачје).

Во јужните костурски села бројот на примерите со запазено /*x*/ е поголем.

Ретки се на костурскиот терен и фонемите /*ќ-ѓ*/, така што и тие спаѓаат во групата на маргинални. Се јавуваат, главно, во туѓи лексеми, сп. *ќор* покрај *шлеп̄, ќ'оше, ќ'ел'аф, ѓол', ѓум.*

Место прасловенските групи **tj* / **kt'* и **dj,* како што спомнавме погоре, се очувале старите рефлекси /*шч*/ и /*жџ* > *жж* > *ж*/, сп. *вр'ешче, ґ'ашчи, ґ'орешч – ґор'ешчо, ґорешч'ина, к'ăшча, кăшч'ул'ка, л'ешча, мăшч'еа, н'ошчи, н'ош̄та, т̄'олнош* и *т̄ол'унош, н'ошја, св'анош, сн'ошчи, т̄л'ешчи, н'ошфи, сф'ешча, т̄'ешник* Руп, *т̄ишн'ик* Доб, *т̄араш'ерка* Доб, *од'еешчем* / *од'еешчи, – в'ежа, в'ижа, м'ежа, с'ажи, ч'ужо, чуж'ина, м'ежник, 'ăржа* Крч и *'ăрџа* Гор, Лоб, *ăржос'ано* Руп. Со /*ќ*/ и /*ѓ*/ се констатирани само неколку случаи: *в'еќе, т̄'овеќе, дом'аќин* (на сета костурска територија), *ќе, б'ожиќ, бож'иќни т̄'ост̄* (во источниот дел на областа) и во граничните села со леринскиот говор се разграничуваат формите *к'ăшча* и *к'ујќа* Ошч, Бап, Руп, *шч'ерка* и *ќ'ерка, т̄араќ'ерка* Кум, Поз, Руп, Ти, *с'аџи* Гор и *с'аѓи, ăрѓ'осан* Кум, Руп, Бап, *ч'ужо* и *т̄'уґо, м'еґу* Бап.

Групите *-т̄j-, -дj-* (**tьj, *dьj*) исто така се чуваат неизменети на сето костурско говорно подрачје, сп. *бр'ат̄ја, сф'ат̄ја, расп̄'ăт̄је, ц'ут̄ја, цв'ет̄ја, дј'авол, л''удја* и *л''удје* покрај *л''уди, поп̄'адја, лив'адја, оґр'адја* Поз, Крч, Лоб, Габ, Гор, по овој модел се преобразувани и *ґрадј'анин, охридј'анин* покрај *охрит̄ч'анин* Крч, со исклучок на некои источни села каде што се среќаваат и формите: *бр'ат̄ќа, сф'ат̄ќа, ц'ут̄ќе, л''удѓа* Руп, Кум, *л''уѓа* и *л''удја, л''удје* Ти, *л''уѓе* Чер, Бап, кои се добиени во резултат на мешање на облиците *брат̄ја* ↔ *браќа, л'удја* ↔ *л'уѓе.*

Во источните пополски села и во некои северни корешчански пунктови покрај примерите со *чăр-* и *чере-* се среќаваат и лексеми со *цăр-* и *цере-,* сп. *ц'ăрн* Гор, *цер'ево, цер'еп̄на,* но *ч'ăрп̄и, чер'ешна* Ти, *ч'ăрп̄и, зач'ăрп̄и, ч'ăрп̄ка, чер'ево, чер'еша* и *ц'ăрн, цăрв'ено, ц'ăрвја, цăрвјос'ано, цер'еп̄на* Руп, *ц'ăрно* Жер, *ц'ăрн, ц'ăрвен, цер'ево, цер'еп̄на,* но *чер'еша, чер'ешл'а.*

Граматичките дијалектни особености на костурското говорно подрачје се доста уедначени. Разлики се јавуваат кај некои множински образувања, во фонетскиот облик на членската морфема за м.р., кај еден број заменски и глаголски форми.

Членската форма за м.р. во овој говор завршува на *-о* : *л'ебо, чов'еко,* кај придавките: *б'елио, зел'енио* Крч, Поз, и со измена на /*u*/ во /*j*/ > *јо* : *бел – б'ел'јо, с'увјо, г̄ол'емјо, 'еденјо, н'ашјо* Лоб, Габ, Ти, Заг, Марк.

Множински наставки кај именките од м.р. се: *-и, -ови, -ишча, -офци, -ја,* сп. *з'ӑмби, кл'уч'ови, г̄ноj'ови, п̄ӑт'ишча, л'истја, сн'опја, т̄'ӑрнја, кам'енја.* Наставката *-ови* се генерализирала и кај именките што завршуваат на етимолошки меки согласки, сп. *ог̄н'ови, змеj'ови, соj'ови, г̄рош'ови, кон – кон'ови* Лоб. На корешчанскиот терен се разграничуваат наставките *-ови* и *-офци* кај роднинските имиња, сп. *т̄'атко – т̄атк'ови, дед'ови, вујк'ови, с̄трик'ови, домазет̄'ови* Лоб, Крч, и *т̄атк'офци, дед'офци, с̄трик'офци, зет̄'офци* Кос, Брез, Ти, Бап.

Кај именките на *-а* наставката *-и* се генерализирала и на именките *рӑка, ног̄а,* сп. *р'ӑци, н'ози* Крч, Лоб, *н'оѕи* Руп, Заг, Гор.

Кај именките од с.р. на *-е* доминира наставката *-(н)ишча* кај двосложните и *-ина* кај три- и повеќесложните, а во источните пополски села не се необични примери со вторава наставка и кај двосложните збороформи, сп. *м'орје – морје-н'ишча* и *мор'ина, п̄'олје – п̄олјен'ишча* и *пол'ина, ч'уп̄е – чуп̄ен'ишча, с'ӑрце – сӑрцен'ишча, мн'уче – мнучен'ишча* и *мнуч'ина* Вамб, *ск'олје – сколјен'ишча, к'аче – качен'ишча, ж'ежве – жежвен'ишча* Лоб, *биш'ина* Бап. Именката *д'еп̄е* е забележана и во едн. форма *д'еце,* мн. *д'еци* Лоб, *д'ецип̄е* Руп, а во Смрдеш и формите *д'еп̄е – д'еп̄и, д'еп̄ип̄е.*

Во областа на деривацијата дијалектна карактеристика на овој говор претставуваат деминутивно-хипокористичките образувања со суфиксите *-ул'ка, -ул'че, -ушка, -ушче,* сп. *невест̄'ул'ка, кӑшч'ул'ка, офц'ул'ка, ч'еша – чеш'ул'ка,* одн. *невест̄'ул'че, чеш'ул'че, бр'ада – брад'ушка* и *брад'ушче, б'ише – биш'ул'че* Вамб, Ти, Марк, *дет̄'ул'че, брат̄'ул'че, врат̄'ушка, зми'ул'ка* Гор.

Поголема разнообразност на костурскиот терен сфатено пошироко покажуваат заменките. Во говорот на Пополе и во Корешчата се забележани следниве форми: *јас / ј'аска, на м'ене ми, (на) м'ене ме, на т̄'ебе ти, (на) т̄'ебе т̄е (виде),* мн. *н'ија, в'ија* Заг, Ти, Габ, Кос, Брез, *н'и(j)е, в'и(j)е* Крч, Виш, Жер, *на н'ас ни, на в'ас ви* (*рече*) Руп, *на н'аска / на в'аска ви* Поз, Ти, *на н'ам ни / на в'ам ви* Кос, Брез, *(на) нас / н'аска не (виде), (на) вас / в'аска ве (виде); т̄ој, на н'ег̄о му (рече), (на) н'ег̄о / н'ео (г̄)о (виде), т̄о* Поз, Кос, Брез, *т̄'ое* Гор; *т̄'ија, на н'е(j)а му (рече), (на) н'е(j)а (j)е (виде)* Марк, *е з'ева ч'упата* Жер, *н'еја ја* Габ, *н'еја а* Поз, *н'еја а / је* Кос, Брез, *н'еа г̄а, г̄а в'иде ч'упата* Крч, Лоб, мн. *т̄'ија* Поз, Кос, Брез, *т̄'ије* Виш, Крч, *на н'ими / ним му (рече), (на) н'ими и (виде)* Поз, Кос, Брез, *на н'и и в'иду* Марк, *и в'иде на н'ej* Гор; *кој – к'оја, к'ојо / к'о(j)е; н'екој, н'екоја, н'икој, н'икоја; сф'екој, сф'екоја, сф'еко(j)е* Крч, Ти, *сф'ики* Гор; *ш(ч)о, н'ешчо, н'ишчо, сф'ешчо;* демонстративни заменки: *т̄ој, т̄'ија, т̄о* Поз, Руп, *т̄'ова* Виш, *т̄ој, т̄ас, т̄ос* Марк, *т̄'ија; т̄ојт̄'ука, т̄аст̄'ука / т̄аст̄'уа, т̄'ијат̄'ука* (овој), *т̄ојт̄'аму, т̄ајат̄'аму,* итн. Кос, Брез, Крч, Вамб, Марк; во источниот дел на областа се употребуваат и формите: *вој, в'аја, во* Габ, Поз, Жер, Бап, *в'ое* Гор, *в'ова* Заг, *в'ија* и *ов'ија* Заг; сп. и: *н'ег̄оф, нејн, -а, -о, -и* Гор, *т̄'емен, т̄'емна, -о, -и* Вамб, Лоб, Гор, *т̄'емен син, т̄'емни д'еци* Крч (нивен); *сф'е, сф'ичко* Крч, Гор, *сфе д'еци* Смрд, и *цел, -а, -и* : *ц'ели д'еци; т̄'акоф, т̄'аква* Кос, *т̄акв'ој, т̄акв'аа, т̄акв'оо* Гор, *т̄'еку, н'екеку, к'еку* Лоб, Руп, Жер; кратките заменски форми *ме, т̄е, се* се среќаваат и во фонетските форми *ма, т̄а, са:* (*на*) *мене ма виде, са разб'оле* (претежно во североисточниот дел на говорот).

Директниот објект почесто се изразува со предлогот *на,* но не се непознати и форми без предлогот особено во североисточниот дел на говорот на пограничјето со леринскиот. Заменката *цел, -а, -о* е пофреквентна во однос на *сеѭ, -а, -о,* одн. *сѧѭ, -а, -о*. Со неопределено значење почесто се среќава заменката *'еркој, ерк'оја.* Присвојната заменка *сфој* е многу ретка.

Во глаголската флексија како покарактеристични од дијалектен аспект во говорот на Пополе и Корешчата се јавуваат формите на стсл. глаголи **быти** и **χътѣти**, образувањето на минато определено несвршено време, и на заповедниот начин кај глаголите од *а*-основа.

Од глаголот **быти** во сегашно време се среќаваат следниве форми: *сум, си, е, сме / сне, сѭе, се* Руп, Гор, Кум, *си, си, е / есѭ, сме / сне, сѭе, се* Бап, Заг (3 л. мн. *са*), *се, си, е / есѭи, сме / сне, сѭе, се* Поз, Крч, Лоб, Жер; *(да, ќе) бѫнда, б'ѫндиш, б'ѫнди, б'ѫндиме, б'ѫндиѭе, б'ѫнде,* поретко може да се чуе и формата со основата *бид(е)* : *б'ида, б'идиш, б'иди, б'идиме, б'идиѭе, б'иде* Бап, Заг. Полните форми, што се карактеристични за другите костурски говори, на овој терен се многу ретки, негде и воопшто не се во употреба.

Од глаголот **χътѣти** се употребува само негираната форма: *н'ејѭа, н'ејѭиш, н'ејѭи, н'ејѭиме, н'ејѭиѭе, н'ејѭе* (на сето костурско говорно подрачје). Форми од типот на литературните *нејќум* не се забележани.

Парадигмата на минатото определено несвршено време гласи: *в'ике, вик'аше, вик'аше, вик'а:ме, вик'а:ѭе, вик'ае; н'осе, нос'еше, нос'еше, нос'е:ме, нос'е:ѭе, нос'ее* Кос; *б'ере, бер'еше, бер'еше, бер'е:ме, бер'е:ѭе, бер'ее* Кос, Жер, Ти, Кос, Брез; (*ј'аска*) *вик'аше, (ѭи) вик'аше, (ѭој) вик'аше, вик'а:ме, вик'а:ѭе, вик'ае; (јаска) нос'еше, (ѭи, ѭој) нос'еше, нос'е:ме, нос'е:ѭе, нос'ее;* 1–3 едн. *б'еше, б'е:ме, б'е:ѭе, б'ее* Руп, Гор; *в'ик'е / в'ик'ек, вик'аше, вик'а:ме, вик'ае; б'ерек, бер'еше,* итн. Бап. Во Загоричани во 3 л. мн. има наставка *-ја* : *вик'аја, им'аја, ѫрч'аја, сак'аја,* целата парадигма: *вик'аше* (1–3), *вик'а:ме, вик'а:ѭе, вик'аја.* Како што се гледа од приведениве примери, локални разлики има во образувањето на 1. л. едн. (*в'ике / в'икек / вик'аше*) и во 3. л. мн. *(вик'ае / вик'аја).* Акцентот паѓа редовно на пенултима за разлика од местото на акцентот во овој облик во другите костурски говори (в. подолу).

Формите на минатото определено свршено време се исти на сета костурска територија: *р'еку, р'ече, р'ече, рек'о:ме, рек'о:ѭе, рек'о(ј)е; п'ана* (1–3), *пан'а:ме, пан'а:ѭе, пан'а(ј)е,* со исклучок во говорот на Загоричани каде што 3. л. мн. завршува на *-ја* : *рек'оја, пан'аја, влеѓ'оја.*

Во 2. л. мн. на заповедниот начин кај глаголите од *а*-основа отсуствува гласот *ј* во наставката: *в'икај – в'икаѭе, 'играј – 'играѭе, ѫрчај – ѫрчаѭе, к'уфај – к'уфаѭе* Поз, Крч, Лоб, Кос, Габ, и *в'икај – в'икајѭе* во Ти, Гор; негирани форми се образуваат со честичката *немај.* Кај глаголите од *и*-гр. 2. л. мн. завршува на *-ѭе* : *н'оси – н'осите, б'ери – б'ериѭе* (во сите костурски говори).

Глаголскиот прилог таму каде што се употребува се образува со суфиксите *-ешчем, -шчем, -(а/е)шчум, -ешчи, -(а/е)ничкум,* сп. *вик'аешчем, нос'еешчем* Крч, Габ, *вик'ашчем, сед'ешчем* Ти, *ѫка'ешчем, се'ешчем* Марк, *нос'ешчум* Заг, *викан'ичкум, јаден'ичкум* Руп, Ти, во Загоричани е забележана и формата *од'ејќин*. Во северните корешчански села (Брез, Поз, Сет) прилошките форми од овој тип се ретки, сп. *оѭ'иде ѫрчан'ица / со ѫрч'ање* Нер.

Глаголската именка и во овој говор, како впрочем на сета костурска говорна област, се образува и од свршени и од несвршени глаголи со наставката *-је* : *собр'аље, умбр'еље, јад'еље* (: *јаден-*), одн. *жен'еџје* (: *женеџ-*) Руп, Лоб, *жн'аџје* Кос, Крч, *џладнув'аџје* Габ, *осун'аџје* Пс, Дамб кај глаголите што содржат назален сонант во основата.

На овој дел од костурското подрачје завршува западната изоглоса на *л*-формата. По некој пример може да се сретне уште во граничните костурско-леринси села на правецот Загоричани – Бапчор; кај глаголите од *о*-раздел формата за м.р. завршува на *-ал* : *дон'есал, д'ошал, оџ'ишал, џрес'екал,* спрема нив се образувани и *в'ишал, д'ашал* покрај *дал, ј'ашал* покрај *ј'адел* Бап.

На зборообразувачки план во костурските говори интерес претставуваат формите на девербативните несвршени глаголи и за тоа доволно кажавме погоре. Во врска со глаголските модели што се карактеристични за ова подрачје треба да истакнеме дека имперфективните глаголи со суф. *-в-* овде се од *а*-група: *к'ажва, к'уџ̄ва* / *к'уфа* (< *куџ̄фа*), *р'одва;* во југоисточните пополски села се разграничуваат образувањата на *-ува* и новите на *-ва,* сп. *леґ̄н'ува, сџ̄ан'ува* покрај *осџ̄'анва, л'еґ̄ва* и *леґ̄'инва* Руп.

2.1. Костурско-корешчанскиот говор доминира и во селата што се наоѓаат во малата област Река во изворишниот дел на Бистрица под Псодерската планина. Тука спаѓаат селата Рулја, Бесфина, Трново, Ошчима и Желево. Овој подговор ќе го наречеме условно ***корешчанско-реканси.***

Овој говор е последен од костурската група каде што е запазен назализмот во значителен број лексеми, сп. *б'ăмблак, дăџ̄ – д'ăмбја, д'ăмбица, ґ̄л'ăмбоко, ґ̄'алăџ̄ – ґ̄'алăмби, зăџ̄ – з'ăмби, з'ăмбл'о, н'азăмбица, ґ̄р'ăнди, ж'елăндук, кр'ăнґ̄о, к'ăндел'а, лăнк – л'ăнґ̄о, м'ăнде, џ̄'ăнди, џ̄'ăндар, с'ăндо, с'ăмбоџ̄а, сџ̄р'ăнґ̄а, џ̄р'ăмба, кл'омко, – ґ̄р'енда, ґ̄'оендо, ґ̄'оендар, ј'анґ̄ул'а, јар'ембица* Рул, *ј'арамбица* Ошч. Во другите случаи место **ǫ* има рефлекс */ă/*, како во корешчанските села: *в'ăџ̄ор, ґ̄'ăзер, ґ̄'ăска, ґ̄н'ăсен, ј'ădица,* и др., во неколку примери има */a/*: *ґ̄'алаџ̄, ј'аџ̄ок, маш – м'ажи* и *măш – măжи, р'акаф* покрај *răка,* */o/* во *џ̄'оџ̄ец, џ̄'оџ̄ок – џ̄'оџ̄оци,* и */e/* во лексемите: *'еґ̄лен, 'ежица, 'ежичка, 'ендица* Рул, Ошч, *'еџ̄ок* Ошч, и */y/* во веќе споменатите дублети и во *к'уќа;* сп. и *џ̄'аек – џ̄'аеци, џ̄'аежина* Рул, *џ̄'аечина* Ошч.

Од историско-дијалектен аспект интерес претставуваат формите со рефлексот */e/* во примерите: *'еґ̄лен, 'ежица, 'ежичка, 'едица.* Вакви форми се јавуваат уште во северните леринси села (сп. глава 5, стр. 133 во овој том), а обликот *еґ̄л'еље* го наоѓаме во лексичкиот материјал од Богатско од XVI век (Giannelli – Vaillant, 1958 : 33). Очигледно, овде се работи за преглас на **jǫ* во **ję*.

Место вокалните **ļ*, **ŗ* и овде регуларни рефлекси се секвенците */ăл/* и */ăр/*: *бăлва, вăлк, мăлчи, џ̄ăлжок,* и др. со исклучок во *ј'аболко* и *Б'оґ̄арин* Ошч, *Б'олґ̄арин* Рул; *вăр – в'ăро, в'ăрни, з'ăрно;* сек. *ъ*$_2$ > */o/* во *с'едом, 'осом.*

Меѓутоа, во говорот на овие села се чувствува поголемо влијание на леринскиот говор. Така, на пример, бројот на примерите со загубено */в/* во интервокална позиција е многу поголем во споредба со костурските корешчански и пополски села, сп. *б'иол, б'иолица, ґ̄'оендо, ґ̄'оендари, к'оач, н'еесџ̄а, н'еесџ̄ул'ка, ч'оек, вд'ојца, в'алејца, к'укајца, џ̄'ијајца* Ошч, редовно во мн. наставка *-ови* : *н'осоиџ̄е* Ошч, *'оґ̄нојџ̄е, л'ебојџ̄е* Рул, и др.

Некои иновации се јавуваат и во врска со резултатите добиени по загубата на /*x*/. Зад предните вокали во повеќе случаи *x* е заменето со /*j*/ или со /*в*/, сп. *м'еј – м'ејој, 'орej, 'орејче* и *'ореф – 'оревје, змеј, змејче* и *змеф,* сп. и *моф,* но: *Вла, г̄ра, вра, вăр – в'ăро, чел – ч'ели,* во аористот и имперфектот: *в'иду – в'идоме, ј'аде – ј'адеме, ј'адете.*

Среќаваме исто така и примери со извршено јотување на групата *-т̄ј-* (< **tьj*), сп. *бр'ака, сф'ака,* но *дј'авол, т̄'опадја;* спрема основната форма *г̄рад* е образуван обликот *г̄р'адјанец,* така и *'охридјанец* Рул.

Во именската флексија превладува збирната множина со наставката *-је* : *д'ăмбје* Ошч, *л'истје, 'оревје, ег̄ленје* Рул. Кај именките на *-е* од с.р. превладала множинската наставка *-ина* : *н'офт̄ина, т̄'енцерина, 'ушина* Ошч, од *т̄'ол'је – т̄'олина* и *т̄'ол'ја,* сп. и *м'орје – м'орја,* како *л'озје – л'озја* и други слични образувања; сп. и: *л'ебојт̄е, 'ог̄нојт̄е, ст̄'олој, р'ăка – р'ăци, н'ог̄а – н'оѕи.*

Во говорот на овие реканси села доминира системот од две заменски форми: *т̄ој (т̄'аа, т̄'оа)* и *'овој ('оваа ч'уп̄а, 'ова д'ет̄е).*

Во глаголската флексија под влијание на леринскиот говор во 3. л. мн. на аористот и имперфектот превладала наставката *-а,* сп. *в'иду – в'идоа, р'екоа, 'облекоа, в'ике – в'икаа, н'осе – н'осеа, м'ие – м'иеја.*

Во 2. л. мн. на заповедниот начин превладала наставката *-ет̄е* кај глаголите од *и*-основа: *н'оси – н'осет̄е, с'ечи – с'ечет̄е, б'ери – б'ерет̄е* Ошч, Рул.

Имперфективни глаголи се образуваат претежно со суфиксот *-в(а),* кој ги потиснал старите образувања со суф. *-ја, -јава,* сп. *в'идва, з'ајдва, н'ајдва, р'одва, ф'ăтва, пл'ăтва, ср'етва, г̄'оства, кăрства, т̄'урва, 'от̄ворва, з'ăтворва,* и др.

Во сегашно време од глаголот 'сум' веќе не се среќаваат полните форми, сп.: *си* (1. л. едн.), *си, је, сне, ст̄е, се.*

Глаголскиот *л*-партицип овде се среќава почесто во однос на другите корешчански села, сп. *вишол, дошол* Ошч, но сепак не е толку чест како во леринскиот, така што класичниот перфект е заменет со "балканскиот" (*'имам 'одено, 'имаф 'одено,...*).

Во глаголската придавка се изедначиле сите форми од глаголите чиј општ дел завршува на *-н-,* сп. *бр'анат̄, ж'енат̄ (ж'ената, ж'енато), к'анат̄, р'анат̄, ц'енат̄,* како *л'ег̄нат̄ (л'ег̄ната, -о), ст̄'анат̄, п̄'а(д)нат̄.*

Идните времиња се образуваат со партикулата *ќе* и во овој говор се употребуваат само формите за идно и минато-идно (сп. *ќе н'оси, ќе н'осеше*).

Глаголскиот прилог (доколку се среќава) се образува со наставките *-јќи* : *мăлчејќи* Рул и *-ичкум*: *п̄'еeничкум* Ошч.

Посебност во говорот на односниве села претставува местото на акцентот. Со мали исклучоци акцентот овде е фиксиран на иницијалниот слог без оглед на должината на зборoформите, сп.: *м'озок – м'озоци – м'озоцит̄е, 'обрас – 'образо – 'образи – 'образит̄е, л'еп̄ – л'ебо – л'ебој – л'ебојт̄е, ј'азовец – ј'азовецо, г̄'овендо – г̄'овендот̄о, в'алевица, в'ечерница, в'етричао, к'овачница, м'аторица – м'аторицата, м'очуришче, з'адушливо, пр'екосено* Рул, *б'унишчарец, ј'аранбица, н'евестул'ка, к'иселина, 'измăлг̄у – 'измăлг̄оме, 'избрикоме, в'иканичкум, н'а-оран'је, н'а-косен'је, т̄'упаница, п̄'олојна – п̄'олојната, р'ог̄озина, п̄'ерниче – п̄'ерничина, 'ораница, р'амена – р'аменатa,* во акцентски целини: *п̄'оулица* Ошч. Овој е основен акцентски модел на овој терен, многу се ретки случаите со фиксиран акцент на антепенултима, сп. *јар'ембица, п̄а'ечина, еж'ичуле*

Рул, а во Ошчима се забележани и примери со еден слаб секундарен акцент на пенултима, сп. *сф'ăршеница, ч'ешлинаша* (сп во т. I од ова издание, глава 2, 4.3., стр. 298-299, во овој том глава 5, стр. 142; 1985 : 41-42).

Акцентот веројатно придонесол и за скратување на слоговите во повеќесложните збороформи од типот: *в'алејца (в'алевица), к'укајца, п̄'ијајца,* или *в'оденца, г̄ăсанца, л''убенца, т̄'уп̄анца (< в'оденица,...).*

3. *Кост̄урскиот̄ *ǫ > /ạ/-г̄овор* го репрезентираат триесетина села распоредени во сливот на реката Белица, десна притока на Бистрица. За практични потреби овој говор условно ќе го именуваме ***кост̄урско-белички г̄овор***. Неговата северна и североисточна граница спрема костурско-корешчанскиот говор оди по правецот на селата Новоселјани – Четирок – Мањак – Марковени. Дијалектниот материјал што го интерпретираме овде потекнува од информатори од селата Слимница (диј. *Слибница, Шлибница*), Јановени, Стенско, Радигоже, Гратче, Галишта, Псоре, Добролишта, Четирок, кои се предвидени како пунктови на македонскиот дијалектен атлас.[2]

Диференцијалните дијалектни особености на ова говорно подрачје по однос на другите костурски локални говори се претежно од областа на вокализмот и неколку морфолошки разновидности.

Носовката **ǫ* во коренските морфеми на овој терен се рефлектирала во */ạ/* – фон нешто позатворен од */а/*, но различен од */ă/*, во порано споменатите позиции се јавуваат и секвенци со назален сонант – */ạн/* и */ạм/*, сп.: *вạж'ица, в'ạт̄ок, в'ạт̄ор* Гал, Гр, Пс, *в'ạт̄ар* Сл, *г̄ạс – г̄'ạзо, г̄'ạзар, г̄ạсен'ица, к'ạт̄ник, к'ạса, кạкл'ица* Сл и *кокл'ица* Рад, *к'ạшча* Гал, Гр, *к'ạсча* Сл, *к'ạде 'ојш, кạдр'ава к'оса, кạп̄'ина, к'ạшеј, мạш – м'ạжо, м'ạка, м'ạчен, се м'ạчи, м'ạт̄ен, м'ạт̄и, м'ạт̄ка, н'ạт̄ре, п̄ạт̄ – п̄'ạт̄о, п̄ạт̄'ејка, крест̄оп̄'ạт̄, п̄рạт̄, п̄р'ạчка, р'ạка, р'ạкаф – рạк'ави, р'ạчка, рạкав'ица, скạп̄, скạп̄'ија, ст̄ạп̄'ало, ст̄ạп̄'ица* Сл, *шт̄рạп̄'ица* Гал, *св'ạнош, с'ạцен* Гал, */ạн/ дрạнк – др'ạнг̄о, др'ạнѕи* Гал, Пс, *г̄'ạнг̄лиф, г̄'ạнг̄л'о* Гал, *г̄р'ạнди, јạнд'ица* Доб, *крạнк – кр'ạнг̄о, крạнг̄'ови* Сл, Рад, *кạнд'ел'а* Гал, Сл (: *конд'ел'а* Рад), *лạнк – лạнг̄о* Сл, *мạнг̄'орец* Сл. *м'ạнде, м'ạндро, п̄'ạнди, п̄'ạндар – п̄ạнд'ари, п̄ạндарн'ица* Гр, *сạнт̄ – с'ạндо – сạнд'ови* Гр, Пс (: *сенд'ови* Сл), */ạм/ г̄'ạмба, г̄л'ạмбок* Сл, *г̄лạмб'уко* Пил, и *дл'ạмбок* Рад, *л'ạмбок* Гал, *г̄'алạмп̄ – г̄ал'ạмби* Гр, *г̄алạмбарн'ица* Пс, *г̄ал'ạмби* Гал и *г̄'алạп̄ – г̄ал'ạмби* Гал, Рад, *дạмп̄ – дạмбо, д'ạмбја, дạмб'ово д'ạрво, дạмб'ица* Рад, Доб, Гр и *дạп̄ – д'ạмбја* Гал, *зạмп̄ – з'ạмби* Сл, Гр, Рад, и *зạп̄ – з'ạмбо* Гал, *з'ạмбл'о* Сл, *зạмб'ица* Доб, *рạмп̄ – р'ạмбо* Сл и *рạп̄ – рạмб'ови* Гал, *п̄ор'ạмбви* Сл, *с'ạмба* Гал, Рад, *сạмб'от̄а* Пс.

Кон оваа група примери ги приведуваме и случаите со секундарна назализација на рефлексот на **ъ* од типот *м'ạнг̄ла* Сл, Рад, Гал, *л'ạнж'ица* Рад, *л'ạнж'ичка* Гр, Пс.

Во некоренските слогови и во овој говор **ǫ* се рефлектирало во */а/*: *'обрач, п̄'ајак – п̄ај'аци* Гр, Пс, *п̄ајаж'ина* Гал, *п̄'оп̄рак – п̄оп̄р'аци* Гр и *п̄'от̄п̄рак* Гал, исто и во *жел'андек – желанд'еци* Гр, *жел'андец* Доб, *ж'елант̄ – жел'анди* Сл, *жел'андек – желанд'еци* покрај *жел'онди* Гр, Пс, и *жел'ундец* Рад (веројатно со редукција на */о/* во */у/* во множ. форма: *желунд'еци*).

---

[2] Селата Слимница, Јановени, Стенско, Гратче во граѓанската војна се испустени, месното население е раселено и/или емигрирало.

Исклучок од регуларната рефлексација на *ǫ покажуваат примерите: *в'оґлен – воґл'ен'ја* Сл, *воґл'ен'је* Ом, *воґлен'ар – воґлен'ари* Гал, *'оґлен – оґл'ен'ја* Доб, *тр'омба, тр'омбук* Гр, Пс, покрај *тр'умба* Гал, Рад, *кл'омко, кл'омче* Рад, Гал, Гр, *кл'очко* Пс, *п'опок – поп'оци* Гр и *п'опук* Рад, *п'опче* Сл, во Доб уште и *л'онґа, м'отна в'ода,* покрај *ланк – л'ąнґо, м'ąтно* Сл. Во овој облик приведените примери се јавуваат на поширок ареал во костурската област. Со /у/ и во овој говор се јавуваат лексемите *ґ'усто, ґнус, ґн'усен, ґнусот'ија, ґ'ужва, ор'уже, п'упка, тр'удна* Гр, Гал, Сл, Пс. Обликот *стр'унґа* е преземен од несловенските дијалекти во регионот.

Интересен материјал овој говор нуди во врска со чувањето на назализмот во примери каде што има алтернации на звучна преградна и безвучна во финална позиција. Во западните периферни села назалната компонента се пази и во двете позиции, сп. *дąмп – д'ąмбо, дрąнк – др'ąнґо, зąмп – з'ąмбо, ж'елант – жел'анди, крąнк – кр'ąнґо, сенп – с'ендо,* но *пет – п'ендесе* и *д'евет – дев'ендесе* во говорот на Слимница. Колку што се оди кон исток бројот на примерите со назален сонант пред финална безвучна согласка се намалува, сп. *ґ'алąп – ґал'ąмби, дąп – д'ąмбо, зąп – з'ąмби, рąп – р'ąмбо, рет – р'ендо,* но *дрąнк, крąнк* во Галишта, Марковени. Последниве два примера (*дрąнк, крąнк*) во овие форми се среќаваат на сето костурско говорно подрачје.

Рефлексите за носовката *ę се исти во сите локални говори во Костурско. Исклучок на овој терен претставува формата *ат'ąрва* место очекуваниот облик *ет'ąрва.* Во овој говор се разграничуваат и формите *п'ајак – п'ајаци* Марк и *п'аенк – па'ензи* Сл и *п'аем – па'еми* Гал, Рад; сп. и *јарамб'ица* Сл и *јаремб'ица* Гал, Рад.

Како континуанти на *ł, *ŕ се јавуваат /ąл/ и /ąр/, сп.:

б'ąла, вąлк, вąлч'ица, в'ąлна, в'ąлнен, ґ'ąлта, д'ąлґо, дąлц'ина, дąлґон'есто, жąлт Гал, *жąлт'ица* Рад, *жąлтн'ица* Сл, *жąлт'уток* Гал, Сл, *кąлк – кąлк'ови, к'ąлни, м'ąлзи* Гал, *м'ąлза* Сл, *мąлзн'ица* Гал, *мąлзен'ица* Сл, *м'ąлчи* Сл, Гал, Рад, *мąлч'ешком* Гр, *п'ąлн, п'ąлно, с'ąлза, ст'ąлбја* (зраци од сонцето) Гал, *т'ąлчи* Гал, *т'ąлчиме* Рад, *т'ąлчак* Гр, *т'ąлчук* Сл, *с'ąлце* Сл, Гал, *с'ąл"це* Рад, *ґлендос'ąлце* Сл, *'ąлска* Рад, *'ąлшчи* сл, *'ąлши* Гр, *Бąлґ'ари* Рад и *Булґ'арин* Гр, Гал, *булґ'арцко* Ч; формите со /ул/ зафаќаат поширок ареал на костурското подрачје;

б'ąрзо, в'ąрва, вąр – вąр'ови, ґ'ąрло, ґąрст – ґ'ąрсти, дąрво (суво дрво) и *др'ева* (живи дрвја), *з'ąрно, кąрф – кąрв'ови, м'ąртво, п'ąрсти, ąриш, 'ąржен, с'ąрце – сąрцен'ишча, тąрн – т'ąрнја, ф'ąрґа, чąрн, ч'ąрна з'ема, чąрв'ена, ч'ąрти, ч'ąрви* (на сета територија).

Со рефлексите /ąл/, /ąн-ąм/ и /ąл/, /ąр/ место *ǫ и поранешните вокални *ł и *ŕ во костурско-беличкиот говор се сложил шесточлен вокален систем од следниот модел:

и		*у*
е	*ą*	*о*
	а	

кој е малку познат на македонскиот јазичен ареал.

Што се однесува до реализацијата на овие фонеми прави впечаток фонемата */е/* во говорот на с. Слимница. Во акцентиран слог таа се реализира нешто поотворено од истиот глас во истата позиција во костурско-корешчанскиот, сп. *б'ела – бел'ило, брат̄уч'енди, в'ет̄ер, вр'еме – времен'шица, веч'ера, 'есен – ес'ени, 'език – ез'ици, г̄ов'ендо, г̄ол'емо – г̄'олем, ж'еба, жер – жер'ови, жел'езо, ј'арем – јар'ембо, л'ет̄о, м'есо, п̄'ета, п̄'есок – п̄ес'оци, п̄'енда, п̄а'енѕи – п̄'аек, ц'еди – це-д'ило, чер'ево,* и др. (знакот *ε* го користиме во алофонска функција!).

Во врска со промените на вокалите треба да истакнеме дека во овој говор прегласот на */а/* во */е/* и редукцијата на */о/* во */у/* веќе не се живи процеси, но има значителен број примери каде што и двете појави се лексикализирани:

/а > е/ 'есен – ес'ени, жер'ови, ж'еба, ж'ет̄ка, 'офчер – офч'ери, ш'ерен – ше-р'ени, ч'елет̄ Сл, *ез'овец, кост̄ур'ени* Гр, *ч'еша, п̄ол'енка, 'ајет̄, к'ạшеј* Пс, *жел' – ж'ел'о* (жал), *ж'елви* (жали), *ш'евеј* (шчавеј), *воденич'ер* Гал;

/о > у/ г̄ул'емо, куп̄р'ина, куш'ул'а, кушн'ица, к'онуп̄ Сл, *г̄уд'ина, куп̄'ица, су-в'ал'ка, к'осур* Нс, *бур'ина, куп̄р'ива, п̄ул'ица, хул'ера, к'онуп̄,* според него и *ко-н'уп̄ен, н'адур* (надвор), *куп̄'ито* Рад, *кур'ија, кулв'ос, култ̄'ук, п̄'олук – п̄ол'оѕи* Пс, *дум'ати, уд'аја, уб'ет̄ка, чур'ап̄и,* по аналогија и во *ч'урај* Доб, и др.

Приведениве примери доволно зборуваат дека и двете појави на овој терен порано биле живи.

Консонантскиот систем во костурско-беличкиот говор е комплетен во мера како во костурскиот. Гласот *н'* се јавува само на алофонско ниво пред *ј* во говорот на с. Слимница сп.: *т̄'ạрн'ја, д'ен'ја, кор'ен'ја,* но *кон – к'они.*

Фонемата */л'/* има широка дистрибуција, сп. *л'удја, л'ут̄, сол', жел',* и редовно како континуант на старото **l'* и на секвенцата **-lь*.

Звучните африкати се доста фреквентни, сп. *ѕ'евг̄ар, ѕ'инг̄а, н'оѕи, бạрѕа, сạлѕи, мạлѕи, – цалб'ини, 'оца, цеп̄, ц'ежве, г̄л'уч – г̄л'уц'ови, д'ạрци, дạлц'ина, олц'ичка, 'ạрца, с'аци,* и др. – Фонемите */ǵ-ќ/* се ретки, се јавуваат, главно, во туѓи лексеми, сп. *ǵол', ǵон, ǵ'убре, ќар, ќ'ут̄ук,* а во словенски зборови се констатирани во *дом'аќин* и во прилогот *в'еќе, п̄'овеќе,* во поисточните села и во партикулата *ќе* : *ќе н'оса.* – */х/* во овој говор треба да се третира како маргинална фонема, бидејќи се јавува во туѓи лексеми, сп. *л'ихно, х'ели* (јагула), *халин'ари* (узда), *п̄ихт̄'ија, хамил'ица* Сл, *хул'ера,* а од домашни е констатирано во *мох – м'охо, кр'ехко* покрај *кр'е:ко, п̄'иха, п̄ихав'ица* Рад.

Од консонантските промени како покарактеристична за овој говор ја истакнуваме асимилацијата на */с/* во */ш/* пред *л(е/и),* сп. *слет̄ > шлет̄, шлед'ови, 'ашли* (јасли), *м'ишли, машл'ина, миришл'иво, шл'ива,* поретко и во други случаи, на пр. *шк'ет̄ар, шт̄р'ела.* Оваа појава може да се следи и во костенарискиот и нестрамскиот говор, а во одделни лексеми и во некои пунктови во Корешчата.

Погоре спомнавме дека групата */сч/* се асимилира во */шч/* на морфемска граница во примери од типот *п̄'ојас – п̄ој'ашче.* Оваа појава широко е распространета и во овој говор, со исклучок на с. Слимница каде што асимилацијата не се врши, сп. *к'оска – к'осче, г̄ạрст̄ – г̄'ạрсче, м'ạска – м'ạсче,* и др. Но овде имаме и обратен процес: групата */шч/* во бројни примери се дисимилира во */сч/*, сп. *к'ạшча > к'ạсча, шч'ица > сч'ица.*

Во поглед на именската флексија овој говор поблиску стои со говорот на селата во Пополе и во Корешчата: членската морфема за м.р. е без *-т̄,* сп. *бр'ат̄о, с'ино, д'еверо, м'озоко, 'езико* Сл, Рад, Гал, Доб; именките од м.р. што озна-

чуваат сродство множинска форма образуваат со наставката *-ови: дед'ови, вујк'ови, чич'ови, стрик'ови, зет'ови*; така и од *гост – гост'ови;* избројаната множина кај именките од м.р. не се среќава, сп. *два стол'ови, три леб'ови, три кон'ови;* покрај со наставката *-(н)ишча* именките од с.р. на *-е* множина образуваат и со наставките *-ина,* главно повеќесложните, сп. *маг'аре – маг'ар'ина, ез'ере – езер'ина,* и *-ишча* : *јагне – јагн'ишча, пил'ишча;* од *д'ете* множинската форма гласи *д'ец;* – кај именките од ж.р. на *-а* се генерализирала наставката *-и,* сп. *р'аци, н'ози, к'ашчи;* – наставката *-ја* со колективно значење има широка употреба, сп. *б'орја, др'ења, д'амбја, т'арња, сн'оја, ц'утја.* – Како посебност за ова подрачје е генерализирањето на вокативната наставка *-о* и во случаи каде што на другата територија има *-у* или *-е,* сп. *маш – м'ажо, син – с'ино, ај ти офч'аро,* и др.

Во говорот на с. Слимница степенувањето на придавките се врши многу често според влашкиот модел, сп. *б'ело – п'об'ело – н'ајпоб'ело, ч'арни – п'очарни – н'апочарни, н'ајпожалт;* тоа значи дека суперлатив се образува со партикулата *најпо-*.

Системот на заменките во овој говор во голема мера кореспондира со формите во другите говори во Костурско. Во рамките на говорот се забележани разлики во множинските форми кај личните заменки: покрај формите *н'ија, в'ија, т'ија,* кои имаат широка географска дистрибуција, во западните села се среќаваат и формите *н'ие, в'ие, т'ие* Сл, Гр.

Заменката за 3. л. м.р. на сета територија на говорот се јавува во формата *тој,* за ж.р. *т'аја* Гр и *тас* Сл, Јан, Ст, Рад, Доб, с.р. *тос;* кратката заменска форма за директен објект од *тас* гласи *е* : *на н'еа е в'иде* Гр, Доб.

Во областа на глаголската флексија овој говор од другите костурски говори отстапува со формите на глаголот 'сум' во сегашно време, со формите на минато определено несвршено време, како и со наставката на 1. л. едн. сегашно време кај некои глаголи во одделни пунктови.

Сегашно време од стариот глагол **быти** гласи: *'еса, 'еси, 'ести – 'есме, 'есте, 'есе* Сл, Гал, Рад, *'есам, 'ести, 'есе* Јан, Нс, и *сум, си, е* / *'ести, сме, сте, се* Гр.

Од стариот глагол **хътѣти** се употребува и овде само негираната форма: *н'ејта(м), н'ејташ, н'ејти, н'ејтиме, н'ејтите, н'ејте* Сл, Гр, Ч.

Во 1. л. едн. сегашно време наставката *-м* е ограничена само на глаголите од *а*-основа: *'имам, в'икам.*

Кај глаголите од *а*-основа во минатото определено несвршено време констатирани се два модела: а) *в'ике, в'икаше, в'икаше, в'икаме, в'икате, в'икее* Сл, Рад, б) *в'ике, в'икаше, в'икаше, в'икеме, в'икете, в'икее* Гр, Пс. Во вториов модел со тематското *-е-* се отклонува омонимијата со формите на сегашното време (*в'икаме, в'икате*), а како база послужил завршетокот *-е* во 3. л. мн.

Кај глаголите од *и*-основа (чиј општ дел завршува на согласка) во 2. и 3. л. едн. тематскиот дел завршува на *-и-*, сп.: *н'осе, н'осише, н'осише, н'осеме, н'осете, н'осее; п'ече, п'ечише, п'ечеме, п'ечете, п'ечее* (: сегашно време *н'осиме – н'осите, п'ечиме – п'ечите*) Сл, Пил, Ч, Гр, Доб.

Кај глаголите од *е*-група кај кои тематскиот дел завршува на *-е-* од типот *п'ее, п'ие, ч'уе, бр'ое, тк'ае,* тематскиот вокал останува непроменет низ целата парадигма, сп.: *п'ее, п'ееше, п'ееше, п'ееме, п'ееје; жне жн'еше, жн'еме, жн'ете, жн'ее; м'ие, м'иеше, м'иеме, м'иете, м'ие(ј)е; тк'ае, тк'аеше, тк'аеме, тк'аете, тк'ае(ј)е; бр'ое, бр'оеше, бр'оеме, бр'оете, бр'ое(ј)е.* Така во множинските фор-

ми кај глаголите од сите три конјугациски типа се генерализирал тематскиот вокал *-е-* (*в'икеме, н'осеме, ј'адеме, џ'еееме, м'иеме*).

На теренот на овој говор се разграничуваат и фонетските облици на партикулата за идно време: во западниот дел на областа се употребува партикулата *за*, сп. *за 'ода, за н'осиш* Сл, Јан, Пил, Ом, Кал, а на другата територија превладува обликот *ќе* : *ќе ј'ади, ќе р'ечиме* Рад, Гал, Гр, Пс, Доб, Ч.

Кај другите глаголски облици нема позначајни разлики меѓу локалните говори на сето костурско говорно подрачје.

4. *Костурските *ǫ > /å/-ѓовори*

Овој говорен тип го репрезентираат десетина села во областа Костенарија и гратчето Нестрам.

4.1. ***Костенарскиот ѓовор*** го зафаќа најјужниот дел од костурското говорно подрачје. Неговите најтипични репрезентанти се селата: Езерец, Сничени, Видулушта, Зиковишта, Лебишово, Долени, Мангила, Марчишта, Нестим, Жужелци, кои се расположени во планинскиот дел на Костенаријата.

Носовката **ǫ* во овој говор во коренските морфеми во најголем број случаи се рефлектирала во */å/*, */ån/* – пред звучна преградна нелабијална согласка и во */åм/* – пред звучна преградна лабијална согласка, сп.: *в'åѓлен, в'åџок, в'åџор, ѓåс – ѓ'åзош, ѓол'åџче, ѓ'åсџо, к'åшча, кåџ, к'åџни з'åмби, божил'åк, дåџ* (: *д'åмбја*), *д'åѓа, к'åса, к'åшек* / *к'åшеј, м'åжи, м'åка, м'åшко, м'åџна в'ода, н'åџре, џåџ, џ'åџец, џåџ'ека, џ'åџник, р'ака, р'åкаф, рåкав'ица, р'åчеј, рåџ* (: *р'åмбош*), *ск'åџо, ш'åџни, – кр̀анѓ'ови* и *кр̀анк, л̀анѓ'ови* и *л̀анк, м'ånди, м'åндро, џ'ånди, џ'ånдар, с'ånди, сåндел'ишче, ѓол'åмби* (: *ѓ'олаџ*), *ѓ'åмба, д'åмбја* (: *дåџ*), *дåмбов'ица, дåмбов'арка, з'åмби, зåмб'ица* (: *зåџ*), *рåмб'ови* (: *рåџ*), *с'åмба, сåмб'ошта, ш̀р'åмба.* Во неколку случаи во оваа позиција има и рефлекс */а/*, одн. */ан-ам/*: *ѓасен'ица, какл'ица, кап'ина, канд'ел'ка, л'амбок* (длабок), *ламбоч'ина, манѓ'урец* (јагорец), како и *желанд'ек, 'обрач, џ'оџ̀рак* (попраг), и */о, ом/* во лексемите *вож'ица* / *вуж'ица* (вторава со редукција на *о* > *у*), *св'озима, кл'омко, кл'омче* Ез. Од старите дублети со **ǫ* // **и* овде се забележани *ѓн'усен, ор'ужје, ш̀р'удна* Ез, Сн.

Лексемата *сш̀р'унѓа* (: *сш̀р'ăнѓа* во другите костурски говори) се поклопува со фонетскиот облик во соседните влашки и грчки говори. Во *ш̀'епан – ш̀еп'ани, ш̀епанц'ија* */е/* е добиено веројатно по аналогија, сп. глагол *ш̀'епа.*

Во *м'ånѓла,* познато е, се работи за секундарна назализација на *ъ*$_2$.

Во говорот на костенарските села заедно со рефлексацијата на **ǫ* одел и развојот на **ļ*, па има континуант */ål/*: *б̀'ålха, вålк, в'ålна, ѓ'ålџа, дålк – д'ålѓо, дålѓ'ачак, жålш̀, жålш̀'ица, ж'ålчка, ж'ålџак – жålш̀'оци, кålк, к'ålни, м'ålчи, м'ålsи, џ'ålн, с'ålsа, ш̀'ålчи, ш̀'ålчак, 'ålшчи, 'ålцна,* но *с'олце, оѓрејс'олце* Ез; сп. *оls'ица* Ез, *олц'ица* Манг, *улц'ица* Стар, *олд'ица* Нес, *ålц'ица* Луд; *л'апка, Булѓ'арин* (спрема грчко-влашкиот изговор).

Поинаку во овој говор одела рефлексацијата на **ŗ*, имаме континуант */ер/* во сите позиции: *в'ерсник, в'ерца, д'ерво, к'ердал, керш̀'ица, џ'ерха, џ'ерсши, с'ерце, ш̀ерн, черн, ч'ервен* Ез. Примерите со */ạр/*, сп. *'ạрца, ạрц'оса, мạрш̀'овец, м'ạршва с'åмба, бạрд'ило* – претставуваат импорт од соседниот **ǫ* > */ạ/*-говор.

Вокалот */ɛ/* во костенарискиот говор има поширока дистрибуција, сп. *ѓ'ул'ɛмо, ж'ɛџвар, кул'ɛно, џ'ɛсук, р'ɛка* и др. (Видоески, 1984 : 82).

Со рефлексите на **ǫ* и **ę* во костенарискиот говор се сложил седумчлен вокален систем:

и		*у*
е		*о*
ɛ	*а*	*å*

Со овој систем костенарискиот говор и типолошки се одделил од другото костурско говорно подрачје.

Консонантскиот систем во костенарискиот говор, со исклучок на *н'*, е комплетен, вклучувајќи ја и фонемата /*х*/. Таа нема ограничување во еден број села ни во поглед на дистрибуцијата, сп. *х'ɛрчи, христ̄'анец, кр'ехак, п̄р'охаф, муш-ч'еха (мå̄ч'еха), г̄рех – г̄рех'ови, змех – змех'ови, мех – м'ехо̄т̄, мох – м'охо̄т̄, 'орех – ор'ехово д'ɛрво, о̄г̄л'ухна, г̄р'ухт̄и, охт̄'ика, п̄л'ихт̄ар, кр'ехко, б̄'å̄лха, т̄ахт̄аб̄'ит̄а* Ез, *хлат̄, м'уха, п̄'азуха, бå̄лха, н'охт̄ – н'охт̄и, 'елха, вɛрх, г̄лух – г̄л'уха, к'ожух, 'орех, ст̄рах, бех, р'одих* (: *род'и:ме*), *'имах* Сн, *бех, г̄'от̄вих, ст̄'анах* Жуж, *се кр'иих, ут̄'идох, раб̄'от̄их* Манг, *х'ɛрчи, вɛрх – вɛрх'ови, г̄рех – г̄рех'ови* (: *г̄ре'от̄а*), *г̄лух – г̄л'уха, г̄л'ухиот̄, мох – м'охо̄т̄, них, Вл'ах – Вл'аси, сух, с'уха р'ека, мех – м'ехо̄т̄, ст̄р'ахо̄т̄* (: *ст̄ра*), *М'ихал, л'еха, м'аха, м'уха, п̄'ахун, вј'аха, мå̄ч'еха, се п̄'ɛрха, п̄ɛрхав'ица, р'ахат̄, 'ухо, сн'аха – сн'ахи, 'елха, б̄'å̄лха, н'охт̄и, 'охт̄ика, т̄ахт̄аб̄'ит̄,* редовно во 1. л. едн. на простите минати времиња: *бех, в'идох, п̄'улих,* додека во множинските форми се загубила: *в'идох – вид'о:ме, вид'о:т̄е, вид'оје.* Сп. *ушт̄е: ч'ели, п̄'афка, к'ожуф* Ст.

По однос на другите согласки како покарактеристични за костенарискиот говор можеме да ги нотираме:

– палатализацијата на /*к, г̄*/ пред предните самогласки /*и, е*/, сп. *мл'ак'и, с'ак'е, шк''ɛпар, бл'аг̄'и,* и

– пофреквентната употреба на африкатите /*s, ц*/, бидејќи тие се добиени овде и со африкатизација на /*з, ж*/ во групи со сонант, сп. *м'å̄лsи, с'å̄лsи, 'анsа, б'ɛрsа, в'ɛрsи, н'аsри,* редовно во група со *в*: *sв'ɛзда, sв'иска,* и во бројни случаи пред и во иницијална позиција: *s'иби, s'ɛг̄вар, sɛрs'ала,* и во множински форми од типот *бел'ɛsи, бел'уsи, н'оsи, п̄ол'оsи; – å̄лц'ичка, 'арца, арц'оса, д'ɛрци, дɛрц'ава, м'ɛsре, н'аsри,* редовно пред деминутивната наставка *-е* : *н'ог̄а – н'оце, бр'еце, п̄ол'оце, р'оце, сн'еце, ст̄'оце,* поретко и во други случаи, сп. *цил'езо, сил'еце, с'аци* Ез.

Во именската флексија како дијалектни посебности на костенарискиот говор се јавуваат: множинската наставка кај именките и придавките на *-а,* членската наставка за м.р. едн., и неколку заменски форми.

Во поглед на множинските форми кај именките на *-а* и придавките од ж.р., во рамките на овој говор нема единство. Во селата Сничени, Мангила и Жужелци кај оваа група именки и придавки множинската форма се образува со наставката *-е* : *б̄'абе, т̄ри ж'ене, мå̄ке, н'осе, рå̄це* Сн, *с'едум г̄од'ине, др'уг̄е раб̄'от̄е, н'аше ч'уп̄ке* Манг. На другата територија превладала наставката на тврдите основи *-и* : *м'å̄к'и, ж'ени, р'изи, сн'аи, н'оsи, рå̄ци* Ез. Според овие форми се повела и именката 'деца': *д'еци* Ез, *д'еце* Сн.

Општите именки од м.р. што завршуваат на самогласка множина образуваат со наставката *-ови*, сп. *д'едо – дед'ови, стрик'ови, татк'ови, чич'ови, 'оца – оц'ови* Ез. Но вакви множински форми кај оваа група именки зафаќаат поширок ареал во Костурско.

Основна наставка кај именките од с.р. на *-е* е *-енишча* : *с'ерце – серцен'ишча, телен'ишча* Ез, *ц'изве – цизвин'ишча, морен'ишча, полен'ишча, в'оле – волен'ишча, держ'ејле – держејлен'ишча, ск'ејле – скејлен'ишча, г'уце – гуцен'ишча, н'ебе – небен'ишча* Ст. Наставката *-ин(ј)а* е ретка, но не и непозната, сп. *шил'еце – шилец'ина, крав'ајче – кравајч'ина* Ст, *мор'инја, магар'инја* Ез, *кут'але – кутал'ина* Сн.

Членската наставка за м.р. едн. гласи *-от* / *-ут*, сп. *л'ебот* / *-ут, к'оноот* / *-ут; зетот, гл'уџот, гн'ојот* / *-ут, б'елиот* Ез, *мажут, с'инут, зел'енјут* (< *зелениот*), *ч'ернјут, б'елјут, кост'урцкјут* Сн.

Множинската членска наставка во голема мера се управува според наставката на неопределената форма, сп. *м'ажи – м'ажити, м'ои – м'оити (мојти), тв'ојти,* но *б'абе – б'абете, ж'ене – ж'енете, м'оје – м'ојете* Сн, *ш'ура – шур'ови – шур'овити, нос'ови – нос'овити, братуч'енди – братуч'ендити* Ст.

Доста се чести во овој говор, почести во однос на другите костурски говори, дативни членски форми со посвојно значење од типот: *гости – гостот'ом раб'ота, врагот'ом е т'ас раб'ота,* и од лични имиња: *Н'асе – Насет'ом д'ете, Петрет'ом ш'ерка // на П'етрето ш'ерка му,* и др. Ез, Сн, Ст.

Директниот објект речиси редовно се искажува со предлогот *на* кај личните и воопшто кај одушевените именки, сп.: *Го в'иде на Ј'ането, го в'икна на П'етрето да д'ој, е стр'ети на М'ара* Ст, *го в'иду на Ст'ојан, на н'и и в'иду* Ез, *го з'ева на н'его на Ј'оргето* Сн.

Во областа на деривацијата од дијалектен аспект интерес можат да претставуваат жителските образувања со суф. *-ар* од типот: *долен'ар, галиш'ар, либишов'ар, нестрам'ар, рупиш'ар, старичин'ар* (: *Долене, Галишча, Нестрам,...*) покрај *гоpенч'енец* (: *Горенци*), *загорич'енец* (*Загоричени*).

Особено се продуктивни на овој терен, па и пошироко во костурската област, деминутивно-хипокористичките суфикси *-уле, -ул'ка, -ул'че, -ушка, -ушче,* сп.: *дет'уле, жен'уле, невест'уле, офц'ул'ка, ос'ул'ка, кај'ч'ул'ка, баб'ул'че, жен'ул'че, риз'ул'че, ливад'ушка, брад'ушче, мангл'ушче* Ст, Ез.

Заменските форми како дијалектни разновидности подобро можат да се согледаат кога се претставени во целиот систем.

Личните заменки се јавуваат во следниве форми: *јас* и *ј'аска* (напоредно), *на м'ене ми* (*рече*), *на м'ене ме* (*виде*), мн. *н'иа, на н'ам ни* (*рече*), *на н'ам ни* (*виде*), *ти, на т'ебе ти, на т'ебе те, в'и(ј)а, на в'ам ви* (*даде*), *на в'ам ви* (*виде*); *т'ој, на н'егу му* (*рече*), *на н'егу го* / *гу* (*виде*), с.р. *тос,* ж.р. *тас* / *т'аа, на н'еа му* (*рече*), *на н'еа е* (*виде*), *т'и(ј)а, на н'и му* (*рече*), *на н'и и(х)* (*виде*), за ж.р. мн. може да се сретне и формата *т'ес.* – Лично-предметни се: *к'ој, к'оја, к'ое, к'ои, шо* / *шу* / *шчо; н'екуј, на н'екугу му* (*рече*), *на н'екугу го* / *гу* (*виде*), *н'екуја, н'еку(ј)е, н'екуи; н'икуј, н'икуја, н'ику(ј)е, н'икуи; н'ишчо; сф'екој* / *сф'екуј,* и *сф'ики* (*сф'ики ч'овек, сф'ики ж'ена, сф'ики д'ете*); *чи* (за сите три рода) и *на к'ој* (*на к'ој е д'ететто*), *чи е* / *на кој е т'ас кр'ава, чи* / *на к'огу се т'и(ј)а д'еци.* – Со демонстративно значење се употребуваат формите: *тој* (*човек*), *тас* (*жена*), *тос* (*дете*), *т'и(ј)а;* (*т'ојт'ува ч'овек* = овој човек), *т'аст'ува, т'ост'ува, т'ијат'ува* (овие); *т'ојт'ам* (оној), *т'аст'ам, т'ост'ам, т'ијат'ам* (оние); показни за признаци:

Во и с иот говор на ***-и-*** завршува и и перфектната основа, еп.:

п'ул-и-х	***м'и-и-х***	***с'е-и-х***
п'ул-и-ше	***м'и-и-ше (м'ијше)***	***с'е-и-ше (сејше)***
п'ул-и-ше	***м'и-и-ше (м'ијше)***	***с'е-и-ше (сејше)***
п'ул-и-ме	***м'и-и-ме (мијме)***	***с'е-и-ме***
п'ул-и-те	***м'и-и-те (мијте)***	***с'е-и-те (сејте)***
п'ул-и-е	***м'и-и-(ј)е***	***с'е-и-(ј)е***

Целата аорис на парадигма во овој говор ни се предлага во следниов вид: а) ***в'иду / в'идум / в'идо / в'идох, в'иде, в'иде, вид'о:ме, в'ид'о:те, вид'о(ј)е;*** б) ***звех / зве, зве, зве, зв'е:ме, зв'е:те, зв'ее;*** в) ***п'анах / п'ана, п'ана, п'ана, пан'а:ме, пан'а:те, пан'ае;*** г) ***'измих / 'изми, 'изми, 'изми, изм'и:ме, изм'и:те, изм'ие.***

Мали разлики меѓу одделни локални говори на овој терен се јавуваат и во формите на сегашно време од стариот глагол **быти**, еп.: ***'есо, 'еси, 'ести, 'есме, 'есте, 'есе*** и ***сом, си, е, сме, сте, се*** Ез, ***'еси, 'еси, 'ести, 'есне, 'есте, 'есе,*** и ***сум, си, е, сне, сте, се*** Ст.

Глаголскиот прилог, доколку се употребува, се образува со наставката ***-шчем: вик'ашчем, нос'ешчем, тка'ешчем, кро'ешчем*** Ез, Ст.

Во образувањето на заповедниот начин от с апување покажува само говорот на **с.** Старичани; во **2.** л. мн. кај глаголите од а-група се испушта ***ј*** во наставката, еп. ***в'икај – в'икате, 'играј – 'играте,*** спрема ***'играјте, в'икајте*** во Ез, Нес. Во говорот на тоа село се забележани и негирани форми без ***да: н'емо в'икај, н'емо с'еди.***

На костенарискиот терен се разграничуваат и партикулите за идно време ***за*** и ***ќе,*** еп. ***за 'оди, за в'икаш, за н'осиме*** Сн, Мар, Луд, ***за н'осиш*** и ***ќе н'осиш*** Ез, Манг, ***ќе н'осиш, ќе раб'оташ, ќе с'еди*** Ст.

4.2. *Нестрамскиот говор* го репрезентира гратчето Нестрам (гр. Νεστοριον), кое се наоѓа во гор н от тек на реката Белица, околу **25 км** југозападно од Костур на надморска височина од **870** м.

Тој има ист рефлекс за носовката *Q како во костенарискиот говор – ***/ån/*** и ***/ån/*** пред преградните звучни нелабијални согласки, оди. ***/åm/*** пред лабијалните, еп.: ***в'ажица, в'атук, г'азер, гас – г'азут, погаз'ечки, кат, к'атник, к'ашча, к'ашеј, к'асни, маш – м'ажи, м'ашки, м'ака, м'ато, н'атра, натр'ешен, пат – пат'ишча, двап'ати, прат – пр'ат'ја, пр'ачка, п'апук, рап*** (: ***р'амбут***), ***р'ака – р'аце, р'ачка, р'акаф, р'ачник, рак'атка, св'ано ш, скап, скап'ија, сп'апни, сп'апка, стап'ало, т'ашни, 'енаш, – /ан/ б'анди*** (*bQdet'), ***гр'анди, жел'анди, желандр'ец, м'анди, м'андро, дранк – др'ангут, дранг'ови, дранг'ачи, кранк – кр'ангут, кад'ел'а, п'анди, исп'анди, п'андар, пандарн'ица, сат – сад'ови, – /ам/ гл'амбок, глам боч'ина, г'амба, гул'амби*** (: ***г'олуп***), ***д'амбја*** (: ***дап***), ***дамбов'ица, з'амби*** (: ***зап, з'апче***), ***кл'амбо, кл'амко, с'амба*** (сабота), ***тр'амба.***

Само во неколку лексеми во коренските морфеми се јавува ***/а, ан, ам/***, сп. ***глаб'ина*** покрај ***дл'амбук, дламб'око, дламбоч'ина, какл'ица, 'обрач – обр'ачи,***

п'ајак – пај'аци, пааж'ина, канд'ел'а покрај *кáнд'ел'а, санд'ови* покрај *сáнд'ови.* Обликот *гнус* и изведениките *гн'усен, гн'усно, гнусош'ија* треба да се третира како стар дублет. Лексемата *суш,* мн. *суд'ови,* како и *суд'ија,* мн. *суд'ие* покрај *сунд'ие,* претставува импорт. И во овој говор лексемата *ш'епан – шеп'ани* редовно се јавува во фонетскиот облик со /е/.

Еднаков развој со **ǫ* имал и сек *ъ*$_2$ во лексемите *м'áнгла* (со секундарна назализација), *с'áна* (**sпъха*), и секундарно назализираното /а/ во соседство со назален глас во *máшч'еја* и во туѓите лексеми *з'áбан, з'áмба, 'áмбар.*

Алтернантите *рáп – р'áмбуш, зáп – з'áмби, сáш – сáнд'ови, г'олуп – гул'áмби, дáп – д'áмбја, ж'елаш – жел'анди,* јасно покажуваат за улогата на звучните гласови при задржувањето на назалната компонента на рефлексот. Исклучок претставуваат само лексемите *дрáнк – др'áнгуш* и *крáнк – крáнг'ови*, како и во другите костурски говори.

Со рефлексот на **ǫ – /á/* се оформил следниот шесточлен вокален систем:

и	*у*
е	*о*
а	*á*

во кој како важен признак се јавува заокруженоста.

Во врска со рефлексацијата на **ę* нестрамскиот говор по однос на костенарискиот не покажува посебности, сп. *брашуч'еш – брашуч'енди, д'евеш – девенд'есеш, реш – ренд'ови, еремб'ица* и *ерамб'ица, енг'ул'а,* и др.

Нешто поинаков развој во нестрамскиот говор имале **ļ, *ŗ.*

**ļ* во нестрамскиот се рефлектирало во */ол/*: *б'олва* и *б'ола – б'оле* (болха), *волк – в'олци, в'олна, г'олша – г'олши, долк – д'олго, жолш, жолш'ушук, ж'олчка, колк, к'олни, прек'олни, м'олзи, молз'ачка, молзен'ица, м'олчи, 'олшчи, п'олно, с'олце, с'олза, ш'олчи, ш'олчук, п'оше* (полжав).

Забелешка: Бидејќи во акцентиран слог */о/* во секвенцата */ол/* не подлежи на дифтонгизација, нашето сомневање се јави дали во овие случаи не се работи за поинаков фонолошки статус на *о* во секвенцата *ол*. Во свеста на нашите информатори тоа се прифаќа како фонема */о/* и тие ја разликуваат од рефлексот на **ǫ*.

**ŗ* фонетски се реализира како [ᵊр]: *вᵊрба, вᵊрши, вᵊрши, гᵊрми, зᵊрно, кᵊрш, фᵊрли,* а во иницијална позиција: *арш, арш, 'арви* (кине), *'аржи, аржен'ица* (Видоески, 1989 : 53).

Вокалот */о/* во акцентиран слог се реализира како дифтонг [ʸо]: *бʸос, кʸожа, кʸоза, нʸос, ʸоди, ʸоган, ʸосом,* и редовно така во оваа позиција.

Од областа на вокализмот нестрамскиот говор го карактеризираат уште две поизразени појави: прегласот на */а/* во */е/*, или поточно остатоци од прегласот зад старите меки согласки, и редукцијата на */о/* во */у/*.

Остатоци од стариот преглас на */а/* се констатирани во лексемите: *ч'еша, венч'ејне, воденич'ер, галич'ени, добролишч'ени, коштурч'ени, жужел'ч'ени, охритч'ени, рупишч'ени, шлибнич'ени* (: *галишч'ар, рупишч'ар*), *шч'евеј* и *шч'евје, ж'еба, ж'енка, жебј'аци, ж'елна* (жална), *дᵊрж'ел'је, л'ишеј, ш'ерен, ес'ика, ј'есен*

(јасен), *'илеч, ч'елет̄, р'ежен, р'еван, реванл'ија, г̄реш'ина,* во образувања со суфиксот *-јан(и)* од типот *кост̄ур'ени,* во топоними *Марков'ене, Дренов'ени* и др. Дел од овие примери, па и некои други, се познати пошироко во костурското говорно подрачје, сп. *ј'есен, јес'ика, коч'ени* (кочани), *г̄оренч'ени, езерч'ени, заг̄орич'енец, кош'ере, л'ишеј – лиш'еи, п̄ол'ена* во костенарискиот (Ез), *жер – жер'ови, ж'еба, жел'* (жал), *ж'елви* (жали), *ш'ерен, ш'евеј* (шчавеј), *л'ишеј, ка̣шеј, ез'овец, 'ает̄* (ајат), *офч'ери, кост̄ур'ени* Сл, Гр, Гал, *веев'ица* (вејавица), *б'аеч – ба'ечи, п̄'оес, рек'ија* Гор, *ез'овец, ер'ица, ер'ичка, 'есен, есенов'ица, мрав'елник* (мравјалник), *т̄к'аеч* (: *т̄кај'ачка*), *шч'еф – шчев'ој, кăшеј, л'ишеј, ш'аек, куш'ера, шем'ија, п̄еч'ели, сел'енин* Ти, Дамб, *коч'енка, чет̄'ија, ч'еша, челет̄, иримб'ица* (< *ерембица*) Руп (Видоески, 1979 : 11).

Редукцијата на неакцентираните самогласки */а, е, о/* како активен процес на костурското говорно подрачје е ослабната, особено на */а/* и */е/*. Меѓутоа, значителен е бројот на примерите каде што е таа веќе лексикализирана. Најголем број примери се забележани со */у/* место */о/* во нестрамско-костурскиот говор, и тоа најчесто зад веларните и лабијалните согласки, сп.: *г̄увенд'ар, г̄уд'ина, г̄усен'ица, г̄ул'емо, г̄улем'ин* (јануари), *г̄ут̄в'ачка, г̄ул'амби, куб'ила, кук'ошка, кул'ено, кул'аче, куп̄'ани, куп̄р'ива, куп̄'ина, кур'ија, кув'ална, кушул'а, кушн'ица, кукушн'ик, кул'енда, бујаж'ија, бур'ина, вуден'ица, п̄уј'ашче, п̄улов'ина, рабут̄л'иф, п̄оп̄ул'ека, луп̄'ат̄а, нуж'ови, т̄уп̄'ол'а, чур'ап̄и, 'извур, к'онуп̄, р'азбуј, 'уруф, т̄'акуф, сф'екуј, суб'ерви, су н'ош, су т̄еп̄'ани, н'е г̄у в'ерва на н'ег̄о,* во морфемата *-ок*: *бел'ут̄ук, п̄'есук, п̄'ет̄ук, н'офт̄ук, в'åт̄ук*; *сл'адук, т̄'ежук, п̄л'ит̄ук,* во членската морфема *-от̄*: *бр'акут̄, в'ет̄ерут̄, г̄р'аут̄, м'евут̄, г̄ол'емут̄, т̄'ешкјут̄, м'ојут̄,* во 1. л. едн. во минато определено свршено време кај глаголите од *о/е*-раздел: *р'еку, д'ојду, дон'есу.* Во Нестрам можат да се сретнат и некои живи редувања на */о/ – /у/*, сп. *двор – двур'ови, нош – нуж'ови, г̄'олем – г̄ул'еми, б'ог̄ат̄ – буг̄'ат̄и, п̄'ојас – п̄уј'аси, п̄уј'ашче,* сп. и *кур'ија, кус̄т̄'ени, кур'ит̄о, сув'ал'ка, мучер'ишче, хул'ера, 'ост̄руф, п̄'есук, п̄есукл''аво, п̄р'есул, м'ит̄руф* (октомври), *н'икул'* (декември), *л'ебут̄, ст̄'исут̄,* покрај *л'ебот̄* во Ез (Видоески, 1984 : 90; 1989 : 54). Добар дел од приведениве примери со */у/* се среќаваат и во другите костурски говори, но бројот опаѓа како се оди кон север и северозапад, сп.: *куп̄р'ина, кушн'ица, п̄ул'ица, к'осур, н'адур* (надвор), *кулв'ос* (коловоз), *култ̄'ук, п̄'олук* Рад, Пс, *уд'аја, уб'ет̄ки, чур'ап̄и,* по аналогија и во *ч'урап̄* Доб, *п̄'олук – п̄ол'ози, в'осук, п̄'есук, п̄'ет̄ук, чет̄в'ăрт̄ук, ст̄'авруф, бур'ија, г̄уд'ина, кур'ит̄о, куп̄р'ива, луп̄'ат̄а, муч'ари* Гор, *бур'ина, кул'ера, куш'ул'а, куп̄'ица, луп̄'ат̄а, п̄уд'ела, ст̄уп̄'ани, т̄уг̄'ава, ут̄ с'ело, п̄ув'ет̄ко, уд'аја* Крч, Лоб, и *р'еку, в'иду* (на сета костурска територија).

Примери со редуцирано */е/ > /и/* можат да се сретнат, главно, во нестрамско-костенариските села и во крајните источни села во областа Пополе, сп. *вич'ера, вич'ерен ч'овек, жил'езен, из'ера, нид'ел'а, п̄ишт̄'ера, сид'ело, диб'ело, дибел'анец, ш'еисет̄* Нес, *вијав'ица, из'еро, сид'ело* Ти, *нид'ел'а, иримб'ица* Руп, *чимбр'ици* Крч, *диб'ело,* но и *д'ибел* Гор.

Остатоци од замената на */е/* во */а/* на сето костурско говорно подрачје се среќаваат во образувањата со завршокот *-ел,* сп. *к'обал, к'от̄ал, к'ут̄ал, 'орал, п̄'ет̄ал, п̄'еп̄ал,* според нив и *п̄'екал, с'окал, т̄'оп̄ал* – во нестрамско-костенарискиот, одн. *в'ит̄а̣л, 'ора̣л, п̄'ет̄а̣л, св'ăрда̣л, к'от̄а̣л, к'ут̄а̣л* Ти, Гор, Габ (и на сето

костурско-корешчанско подрачје), во одделни лексеми и во завршокот *-ер*: *г̄'ă-зạр, ст̄'ожạр* Руп, *г̄'ушчạр – г̄ушч'ери* Марк.

Можеби во резултат на редукција е добиено и /*а*/ место /*о*/ во завршокот *-ак* во примерите: *в'ет̄ак, кр'ехак, н'исак, п̄л'ит̄ак, дåлг̄'ачак, м'озак, ж'åлт̄ак, п̄'ет̄ак, п̄'инак* Ез, Сн, *в'ат̄ак* Марк, *кр'ехак, т̄'ежак, п̄'ет̄ак, чет̄в'арт̄ак,* но *п̄ет̄'оци, чет̄варт̄'оци* и *п̄'есук, в'åт̄ок* Манг (сите во костенарискиот говор).

Примери со редукција на /*а*/ во [*ạ*] можат да се сретнат како лексикализирана појава во некои источнокостурски села, сп. *г̄рạд'ина, мạг̄ạр'ина, п̄лạн'ина* Заг, *ạлт̄'ица, кạп̄'ица, лạст̄ạв'ица, кạшл'ица, мạт̄ор'ица, рạк'ија, секạв'ица* Ти, Гор.

Консонантскиот систем на нестрамскиот говор од системот во костенарискиот се разликува, главно, по фонолошкиот статус на африкатите *s, ц̣* и процесите сврзани со фонемата /*х*/.

Звучните африкати [*s*] и [*ц̣*] во нестрамскиот говор немаат статус на посебни фонеми; се среќаваат во алофонска функција во групи со сонантите, сп. *м'олsи, с'олsа,* но *зв'езда, зифт̄, жам, кафеж'ија, жеп̄,* и др.

Гласот /*х*/ е ограничен на неколку лексеми, сп. *т̄'ихо, п̄'иха* (кива), *п̄ихт̄'ија, хул'ера,* но: *г̄ра – г̄р'аут̄, сиром'а – сиром'аут̄, ст̄ра, п̄ра, г̄ре – г̄р'еут̄, ст̄р'еа, б'ола, 'ела, изд'ина, в'ет̄ко, т̄ат̄аб'ит̄а,* во наставките: *н'осе – нос'име, нос'ит̄е,* зад *у* најчесто се јавува место *х* – /*в*/: *г̄л'ува, с'уви, м'ува,* сп. и *н'офт̄и* (< *нохт̄и* < *нокт̄и*), *'орej – 'орejут̄, кајт̄'ица*

Фонемите /*ќ, г̄́*/ се многу ретки, се среќаваат, главно, во туѓи лексеми, сп. *ќор, ќ'оше, г̄́'убре, г̄́ол'*, и др.

Место прасловенските групи **tj / *kt', *dj* скоро доследно се чуваат старите рефлекси /*шч*/ и /*жц̣*/ > /*ж*/, сп. *к'åшча, л'ешча, – м'ежа, ч'ужо,* итн.

Од консонантските промени покрај оние што ги назначивме како општокостурски ги одбележуваме уште:

– асимилацијата на спирантите /*с, з*/ пред /*л*/ во /*ш, ж*/, сп. *'ашли* (јасли), *шл'ива – шл'иве, м'ишли, миришл'иф, шлет̄, шл'еп̄ко, се шл'екви, чер'ешл'а, ижл'ева.*

– и африкатизацијата на /*с*/ во /*ц̣*/ пред вокал во одделни лексеми, сп. *ц̣'екна* (секна), *ц̣'енка, цу дв'е кр'ил'ја* (*су...*).

Во именската флексија за нестрамскиот говор се карактеристични две особености:

– множинската наставка *-е* кај именките на *-а,* сп. *б'ола – б'оле, г̄'åмба – г̄'åмбе, зм̇'ија – зм'ие, ж'еба – ж'ебе, лис'ице, м'уве, ч'ела – ч'еле, рåце, н'озе,*

– и членот *-ут̄*: *м'åжут̄, меф – м'еут̄, моск – м'оскут̄, 'орej – 'орejут̄,* и кај придавките: *г̄ол'емут̄, б'елут̄, л'есен – л'еснут̄, т̄'ешак – т̄'ешкут̄, т̄'емен – т̄'еменут̄ брат̄,* или *-јут̄*: *г̄ол'емјут̄,* (*г̄ол'емиут̄*), *фт̄'оријут̄, т̄р'ет̄ијут̄.* Кај придавките, како што покажуваат примериве, има тенденција членската морфема да се додава непосредно на неопределената форма за м.р., како што е тоа во формите за с. и ж. род, сп. *б'ела-т̄а, б'ело-т̄о, б'ели-т̄и,* и *б'ел-ут̄.*

Множинска наставка кај придавките за сите три рода е *-и* : *'ост̄ри нож'ови, с'ини 'ᵛочи, г̄ол'еми к'åшче, д'иви г̄'åмбе, б'ели р'åце.* Во костенариските села, каде што исто така именките на *-а* образуваат множина со наставката *-е,* е постигната полна конгруенција со атрибутските зборови, сп. *н'аше к'åшче.*

Членската морфема во множинските форми и овде се управува спрема наставката на неопределената форма, сп. *шл'еӣиӣи 'ᵛочи, нож'ови – нож'овиӣи, н'ᵛозеӣе, кн'иг̄еӣе (: нᵛозе, книг̄е).*

Во поглед на другите множински наставки нестрамскиот говор ги споделува особеностите со другите костурски говори.

По однос на заменските форми нестрамскиот говор не покажува посебности во однос на костенарискиот говор.

Глаголскиот систем на нестрамскиот говор земен во целина не отстапува многу од костенарискиот систем. Треба само да истакнеме дека во Нестрам глаголите од *а*-група во 1. л. едн. на сегашното време редовно завршуваат на *-ум,* а во 1. л. мн. конкурираат форми на *-у-* и на *-а-* : *в'икум, в'икаме / в'икуме* (сп. парадигмата: *в'икум, в'икаш, в'ика, в'икаме / в'икуме, в'икаӣе, в'ике).*

Посебност во нестрамскиот говор претставуваат завршокот во 1. л. едн. во минато определено свршено време и 2. л. едн. минато определено несвршено време.

Во 1. л. едн. кај глаголите од старата консонантска основа во минато определено свршено време се генерализирала наставката *-м,* пренесена од сегашно време: *в'идум, д'ојдум, дон'есум, ӣрес'екум (: в'икум, 'имум),* сп. целата парадигма: *в'идум, в'иде, в'иде, вид'о:ме, вид'о:ӣе, вид'о(ј)е.*

Во 2. л. ед. на минато определено несвршено време како наставка се јавува *-шиш* (*-ш* е преземено од 2. л. едн. на сегашното време): *в'икашиш, ӣ'еешиш, н'осишиш,* сп. целата парадигма: *в'ике, в'икашиш, в'икаше, в'икаме, в'икаӣе, в'икее; н'осе, н'осишиш, н'осише, н'осеме, н'осеӣе, н'осее; ӣ'ише, ӣ'ишишиш, ӣ'ишише, ӣ'ишеме, ӣ'ишеӣе, ӣ'ишее,* од глаголот 'сум': *б'е, б'ешиш, б'еше, б'еме, б'еӣе, б'ее.*

Кај глаголите од *е*-група се прошириле и наставките за 1. и 2. л. мн., сп.: *ӣ'ее, ӣ'еешиш, ӣ'ееше, ӣ'еешеме, ӣ'еешеӣе, ӣ'ее(ј)е; ӣ'ие, ӣ'иешиш, ӣ'иеше, ӣ'иешеме, ӣ'иешеӣе, ӣ'ие(ј)е; ӣк'ае, ӣк'аешиш, ӣк'аеше, ӣк'аешеме, ӣк'аешеӣе, ӣк'ае(ј)е; бр'ое, бр'оешиш, бр'оеше, бр'оешеме, бр'оешеӣе, бр'ое(ј)е.* (Подробно за ова види: Видоески, 1989 : 63-65).

Парадигмата на сегашно време од **быти** гласи: *'есе, 'еси, 'есӣи, 'есме, 'есӣе, 'есе,* кратките: *се, си, е, сме, сӣе, се,* негирани: *не 'есе, не 'еси, не 'есӣи,* или *не с'е, не с'и, не 'е,* итн., и од основата **bǫd-* : (*да*) *бåнда, бåндиш, бåнди, бåндиме, бåндиӣе, бåнде.*

Од стариот глагол **хътѣти** има само негирана форма и гласи: *н'ејӣа, н'ејӣиш, н'ејӣи, н'ејӣиме, н'ејӣиӣе, н'ејӣе.*

Партикулата за идно време се употребува само во формата *за* : *за в'икум, за 'ода.*

Глаголскиот прилог е активна форма, сп. *вик'ашчем, сед'ешчем,* и/или: *викан'ичким, седен'ичким.*

Како во повеќето говори во Костурско, така и овде глаголската *л*-форма наполно се загубила. Класичната начинска форма со *би* + *л*-партиципот е заменета со конструкциите со глаголот *сака,* сп. а) *с'акум да 'ода, с'акаш да ојш, с'ака да ој,* итн., б) *с'аке да 'ода, с'акашиш да ојш, с'акаше да ој.*

*

Приведениве дијалектни диференцијални особености во рамките на костурскиот дијалект од историско-хронолошки аспект можеме да ги поделиме во две основни групи.

Во еден број од нив се запазени стари црти и тие се претежно од областа на фонетиката, на пр. остатоците од назализмот во определени фонетски услови, од стариот преглас на /а/ > /е/ зад историски меките согласки, чувањето на старите рефлекси за прасловенските *tj, *dj – /шч, жц > ж/, чувањето на /ч/ во примери од типот *чăрн, ч'ăрвец, ч'ăрӣи,* и на мекоста на согласките /ш', ж', ч'/ и групата /ш'ч'/; согласката /х/, видовме, во јужните костурски села уште добро се чува, како и фонемата /s/; согласничките групи *-нј-, -т̄ј-* и *-дј-* (< **nьj, *tьj, *dьj*) не се палатализирале; уште добро се чуваат финалните групи *-ст̄, -шч* кај едносложните збороформи, и др.

Значително е поголем бројот на иновациони појави, како што се, на пример: акцентскиот систем, фонемите /ă/, /ạ/ и /å/ како рефлекси на **ǫ* и вокалните **l̥* и **r̥*, депалатализацијата на етимолошкото **n'*, во флексијата: загубата на избројаната множина, синтетичкото изразување на дативниот и директниот објект, граматикализирање на клитиката *му* како општ признак за дативен објект, загубата на *л*-партиципот и формите што се образуваат со него, образувањето на нови модели на имперфективни глаголи, па глаголската конјугација со 'има', итн.

Речиси сите иновациони појави биле оформени до XVI век. Во речничкиот материјал од с. Богатско, објавен од Ѓанели и Вајан (XVI век), се одразени: новиот акцентски модел, рефлексот /а, ан/ за **ǫ* (*ранка, самбот̄а, ракав*), и /е/ во примери од типот *ег̄л'енје,* затврднувањето на **n' (кон),* замената на групата *кт̄* во *хт̄ (нохт̄и),* епентезата на /т̄, д/ во групите *-ср-, -зр- (ст̄реда, ст̄ребро);* до ова време бил изграден новиот модел на имперфективни глаголи со суфиксот *-в- (целвам)* и др. Примерите со членот *-от̄* и *-о (бракот̄, ст̄олот̄* и *бричо, хлабо – хлјабо)* покажуваат дека процесот на загубата на *-т̄* веќе бил во тек. Во тоа време во 3. л. мн. сегашно време уште се чувала наставката *-ет̄ (зовет̄, мирисет̄).* Нотирани се и неколку примери со *л*-партиципот (*ручил, ручиле*), што значи дека процесот на загубата на оваа форма и категориите сврзани со неа се завршиле по XVI век. Доста илустративен материјал овој текст ни нуди и за рефлексацијата на јат (**ě*): се среќаваат примери и со /а/, одн. /ја/ и со /е/, сп. *бела, дедо, леп̄а, меси, нед'ела, п̄ет̄ел, ст̄реда, дев'ојка,* и: *вј'ат̄ер, черј'аво, хлабо* и *хлјабо, невј'аст̄а, сјаме* и др. (Giannelli – Vaillant, 1958).

Преку овој материјал ние добиваме приближна слика и за времето на формирањето на костурскиот дијалект.

5. Заедно со костурските говори ќе ги разгледаме и дијалектните диференцијални црти на говорот на селата во областа Мала Преспа што се наоѓа под грчка власт и коишто непосредно граничат со Корешчата.

Според рефлексите на носовката *ǫ и на овој терен се изделуваат две говорни индивидуалности: малопреспански *ǫ > /ă/ и малопреспански *ǫ > /å/-говор*.

5.1. ***Малопреспанскиот*** ****ǫ > /ă/-говор*** го репрезентираат седум села: Граждано, Орово, Дробитишта, Трново, Дреново, Лак, Буковик и Оровник, кои се расположени околу Малото Преспанско Езеро и гравитираат кон Корешчата. Овој говор типолошки во голема мера се согласува со костурско-корешчанскиот говор. Со него го поврзуваат пред сѐ рефлексите на носовката *ǫ и на вокалните *ŗ, *ļ.

Носовката *ǫ, како и во корешчанските пунктови, се рефлектирала во /ă/, во ограничен број лексеми и со задржан назализам /ăн-ăм/, сп. *пăт, рăка, грăнди, дрăнк – дрăнго, крăнк – крăнго, јăндица, лăнго* (: *Лăк*), *мăнде, пăндар, стрăнга, зăп – зăмби, зăмбица, сăмбота, трăмба.*

Остатоци од назализмот се констатирани и со рефлексот на *ę, сп. *гренда, грендел', лендина, пенда, девендесе, пендесе.*

Место *ŗ редовно има континуант /ăр/: *зăрно, пăрсти, ăржи, сăрце,* и др.,

а место *ļ – /ăл/: *бăлва, гăлта, жăлш, кăлк, кăлни, мăлчи, пăлно, сăлsa* Граж, а во селата што се наоѓаат на источната страна на езерото и гравитираат кон Лерин покрај /ăл/ се среќаваат и примери со /ă/, кои се карактеристични за леринското говорно подрачје, сп. *вăлк, вăлна, дăлжина, кăлни, мăлкум, пăлно, сăлsa, стăлп,* но *бăва, гăта, дăго, жăт, жăчка, мăчи, мăзи, пăшок* Лак.

Остатоци од стариот преглас на /а/ во /е/ се среќаваат и на овој терен, но во поограничен број лексеми, сп. *есен, полена, челет, бăршлен, кăшеј, лишеј, чеша, Гломбочени* Лак.

Остатоци од редукцијата на неакцентираните самогласки во нашата анкета во овдешните пунктови не се покажани.

Актуелниот консонантски систем е скоро идентичен со костурскиот, ако се изземат групите /шт/ и /жд/, кои костурскиот не ги познава, сп. *штица, дождо.*

Фонемата *n′ и овде затврднала, сп. *кон, пен, дечина, дренја, коренја, сенјак, тăрнје,* но *бајна, сирејне* Граж, Лак.

И овде превладуваат старите рефлекси /шт/ и /жд/ за прасловенските групи *tj / *kt′, *dj : *вреште, гашти, лешта, ношти, пешта, сфешта, – вежда, вижда, межда, сажди, чуждина* Граж, и *вежа, ăржа, чужина* Лак; но овде има нешто повеќе примери со /ќ, ѓ/, сп. *куќа, ќерка, домаќин, веќе, појќе, ќе, – меѓу, преѓа, саѓере, такуѓере,* во некои пунктови и *ăрѓа* покрај *ăржда, ăрѓосано* Граж.

На овој терен се разграничуваат и облиците *нејта, -иш* Лак и *нејќа, нејќиш* Граж.

Согласничките групи *-нј-, -тј-* и *-дј-* (< **nьj, *tьj, *dьj*) се чуваат неизменети, сп., *каменја, тăрнја, братја, сфатја, цветје* и *цутја, ливадје, дјавол, попадја, л'удја* покрај *л'уди,* и според нив се преобразувани и *градјани, оридјани, сретја, несретја* Граж.

Добро се чуваат и финалните групи *-ст, -шт* во едносложните лексеми: *брест, гăрст, чест, чист, горешт, ношт, пришт* Граж, Лак.

Не е незначителен бројот и на граматичките особености што им се заеднички на малопреспанскиот и костурскиот говор. Во именската флексија и во два-

---

* Се работи за говори преодни меѓу костурскиот и преспанскиот говорен тип; Како такви тие се претставени и во т. 1 од ова издание, дел II, глава 4.3.

та говора отсуствува *-т̄* во членската морфема за м.р.: *лебо, чојако;* отсуствуваат членските морфеми на *-в* и *-н;* и малопреспанскиот не ја познава избројаната множина на *-а,* сп. *два, т̄ри лебој;* роднинските имиња од типот *т̄ашко, дедо* и др. множински форми образуваат со наставката *-ој* (< *ови*): *дедој, т̄ашкој, с̄трикој.*

Нема осетни разлики меѓу овие говори ни во глаголската флексија. Малопреспанскиот не ја познава глаголската *л*-форма, што значи и во овој говор се редуцирани сложените форми што се образуваат со *л*-партиципот и се заменети со 'има' и 'сум' конструкциите.

Како граничен говор меѓу костурската група говори и западното македонско наречје малопреспанскиот не останал неповлијаен, од друга страна, и од западните говори во преспанско-охридскиот регион и централните говори.

На малопреспанскиот терен завршуваат јужните изоглоси на веќе споменатите примери со */ќ, ѓ/* место прасл. **tj, *dj,* сп. *ќерка, куќа, ăрѓа, меѓу, преѓе,* и др. Во значителен број примери место *х* се јавува */в, ф/* на крајот на слоговите, сп. *бафча, бофча, с̄траф, рекоф, рекоф̄те.* Процесот на загубата на */в/* во интервокална позиција овде доста напреднал, сп. *дăбојна, кр'аст̄ајца, смр'екојца,* и редовно во наставката *-ови* : *л'ебој – л'ебој̄те, дв'ороj̄те, в'олој,* и др.

Кај именките од с.р. на *-е* доминира мн. наставка *-ина* : *дечина, морина, п̄олина, п̄илина,* и наставката *-је* за збирна множина: *дăмбје, т̄ăрнје, водје, нивје.*

Кај личните заменки директниот и индиректниот објект се изразуваат со синтетички форми, сп. *мене ма виде, мене ми рече, неѓо (ѓ)о виде, нему му рече;* акузативната форма за ж.р. се јавува во формите *не(ј)а (ј)а* и *неѓа ѓа;* за акузатив и датив множина има тенденција да се генерализира една полна форма, сп. *нам на виде // нас на виде,* и *нам ни рече // нас ни рече,* а во 3. л. се обопштила полната дативна форма: *ними // неми и виде, неми // ними му рече.*

Посвојните заменски форми *т̄еен* и *т̄емен,* типични за костурското говорно подрачје, во овој говор не се јавуваат. Со тоа значење се употребуваат формите *нејзин* и за мн. *нимни.* Во жива употреба е и посвојната заменка *сфој (сфоја, сфое, свој).*

Во малопреспанскиот говор функционираат три вида демонстративни заменки: *овој (ова, ово, овие), т̄ој (т̄аа, т̄оа, т̄ие)* и *оној (она, оно, оние).*

Кратките акузативни форми од личните заменки се употребуваат во фонетскиот облик: *ма, т̄а, са, на, ва.* Кратката заменка *му* и на овој терен се граматикализирала за дативен предмет за сите три рода едн. и мн.: *нему му рече, на не(ј)а // на неѓа му рече, ними // неми му рече* Граж. Сп. уште: *кој (која, кое, кој), шо, коѓо ѓо виде, чи // на коѓо си, некој, еркој, никој, секој // секи, с̄ит̄е // с̄ит̄ички* Лак, *ершо, еркакоф;* заменката *цел (цела, -о, -и)* и овде има широка употреба.

Сите приведени црти од втората група се среќаваат на поширокото преспанско говорно подрачје.

На овој дел од преспанските говори се разграничуваат и еден број особености од глаголската флексија.

Во 1. л. едн. на сегашното време наставката *-м* и овде е ограничена на глаголите од *а*-група, а во 3. л. мн. наставката *-е* се задржала кај сите глаголи, сп.: *викам, викаш, вика, викаме, викат̄е, вике; бера, бериш, бери, бериме, берит̄е, бере; сеја, сееш, сее, сееме, сеет̄е, сеје; броја, броеш, брое, броеме, броет̄е, броје.*

Во аористот веќе превладуваат форми карактеристични за ресенскиот говор; во 1. л. едн. има наставка *-ф,* во 2. л. мн. *-ф̄те* и во 3. л. мн. *-(ј)а,* сп.: *вик-*

наф, викна, викна, викнаме, викнафте, викна(ј)а; дојдоф, дојде, дојдоме, дојдофте, дојдо(ј)а Граж, Лак.

Слична е положбата со наставките и во имперфектот, сп.: *викаф, викаше, викаше, викаме (викеме), викафте (викате, викете), вика(ј)а (викеја); носеф, носеше, носеме, носефте, носе(ј)а,* а во Граждано во 1. л. едн. се забележани и форми со наставката *-к* (добиена фонетски од *х*): *носек, бек, броек, сеек.*

Помошниот глагол 'сум' се среќава во формите: *са, си, јет, сне, сте, са* Лак и: *са, си, е, сма, ста, са* Граж.

Од костурското говорно подрачје овој говор отстапува и по образувањето на 2. л. заповеден начин кај глаголите од *е/и*-група, сп. *носи – носејте, сечејте, сеј – сеејте, ткај – ткаејте, пи – пиејте.*

Глаголскиот прилог доколку се употребува се јавува во форма со суфиксот *-(н)ичкум: виканичкум, оденичкум* Лак.

Посебност на малопреспанскиот */ă/*-говор по однос на околните говори претставува местото на акцентот во зборoформите. Во селата Орово, Граждано, Дробитишта и Трново во најголем број случаи акцентот е фиксиран на иницијалниот слог по истиот модел како што го констатиравме во говорот на реканските села (Рулја и др.), сп. *'офчар – 'офчари – 'офчариште, г'овендар – г'овендаро – г'овендари – г'овендариште, л'ендина – л'ендината, кр'астајца – кр'астајцата, ј'ангурида – ј'ангуридата,* и во акцентски целости со предлог: *н'аработа, 'из-ливада* Граж (сп. во т. I од ова издание, глава 2, 4.3. : 298-299; сп. и Шклифов, 1979а : 40).

Малопреспанскиот говор ни се претставува како типичен преоден говор меѓу две дијалектни зони. На овој терен, видовме, се разминуваат бројни изоглоси на диференцијални црти карактеристични, од една страна за костурскиот дијалект, а од друга за охридско-преспанското дијалектно подрачје.

5.2. *Малопреспанскиот *ǫ > /ă/-говор* претставува посебна говорна индивидуалност во рамките на целото преспанско говорно подрачје. Него го претставуваат седум села кои се распоредени скоро во една низа на источната страна на Преспанското Езеро во подножјето на планината Баба. Пет од тие села се наоѓаат на грчка државна територија: Рудари, Штрково, Герман, Роби (*Рăби, Рăмби*) и Нивица, и три во Република Македонија: Наколец, Љубојно и Долно Дупени.

Носовката **ǫ* овде дала рефлекс */ă/*, сп. *внăтре, гăбајца, глăбок, гăс, гăзер, погăзечки, гăсајница, гнăсно, гнăс, дăп – дăбје, зăп – зăби, јăзлен, јăже, јăток, јăдица, јăтор, кăсни, кăшеј, кăт, кăтник, кăдел'а, кăпина, кăклица, се кăпи, лăчи, мăка, мăш – мăжи, măти, măтен, măтка, тăдар, тăпок, тăт – тăтје, тăтец, трăчка, рăп – рăбој, рăби,* с. *Рăби, сăт – сăдој, сăжен, скăпо, стăпало, стăпица, сăнош, сăбота, сăтеска* 'теснина', *тăтни, тăпан,* и со запазен назализам: *гăнгл'о, грăнди, јăмбел,* и топ. *Јăмбел, крăнк – крăнго, гăмба, măнде, клăмче / кломче, кломко, дăмбица, дăмбовица, дăмбово (: дăбје – дăп), јăнгорци, јăндица, пăнди, испăнди (: пăдар), стрăнга, трăмба, măндро, дрăнк – дрăнго, чăмбрица,*

потоа во случаите каде што **ǫ* е добиено од **ę* зад *ј* (**јę > *јǫ*): *јăндар, јăзик, јăчмен, јăтро, јăчи,*

и во случаи со секундарна назализација на */a/* во примери од типот: *лăјчка, măгла, măштеа / măшчеа, măска,* и место турското *ı* во *кăсмет.*

Вон коренската морфема, како и во другите *ǫ > /å/ и *ǫ > /ă/-говори има рефлекс /а/: *веднаш, п̄онада, п̄оп̄рак* и *п̄оп̄рок* (вториов пример веројатно спрема суф. *-ок*), *п̄ајак, п̄ајажина, обрач, желант̄ – желанди, неа, бера, викнаа, носе(ј)а,* а во коренските морфеми во: *каде, некаде, никаде, јајчка (јажичка), ракаф, рачка, ракат̄ка, нараквица, са* (3. л. мн. од 'сум'), и: *јат̄рва, јанг̄ул'а, зајак, зајачко месо, лајца* (лажица). Сп. со /у/: *г̄ужва, куќа, оружје, ручок, сут̄, судач* (судија), *т̄рудна.*

Прилика е овде да ги спомнеме и примерите *ål̄т̄ица* (< *алт̄ица* < *лат̄ица*, сп. аром. altiţa), со секундарна промена на *а > å)* и *вåп̄ер* (*vǫpirъ, грч. βαμπύρος).

Протетичкиот глас *ј-* пред рефлексот на иницијалното *ǫ *(јåмбел, јåг̄лен, јåт̄ок, јåт̄ор, јåнг̄орци, јåндица)* и замената на *ję со *jǫ (сп. *јåт̄рва, јåт̄ро, јåнг̄ул'а, јåндар, јåзик, јåчмен, јåчи*) овој говор го поврзуваат со говорите од западното наречје.

Бројот на примерите со задржан назализам, како што се гледа, овде е значително помал во однос на костурската ситуација; тоа е веќе лексикализирана појава како што сведочат примерите: *дрåнк – дрåнг̄о, крåнк – крåнг̄о,* или *дåмбица, дåмбово др̥во* : *дåп̄ – дåбо – дåбје, п̄åнди* : *п̄åндар, зåмбица* : *зåп̄ – зåбо – зåби.*

Остатоци од назализмот на *ę има во *коленда, г̄ренда, лендина,* но *п̄едесе, деведесе.*

И на овој терен рефлексацијата на вокалното *ļ одела заедно со развојот на *ǫ, сп.: *бåам, са бåва, Бåг̄арин, вåк, вåчица, г̄åт̄еш* 'голтка', *г̄åт̄а, бåвајца, дåг̄о, дåжина, жåт̄о, жåчка, жåт̄ица, јабåка, јабåкница, кåк – кåкој, кåчишт̄а, мåзи, мåкум, мåчи, мåнја, п̄åшок* 'полжав', *сåза, сåнце, т̄åчник, т̄åчи, вåлна, кåлни, п̄åлно* Нив. Паралелизмот на *ļ и *ǫ може да се согледа во идентичните рефлекси: *åн / åм – å* наспрема *åл – å.*

Меѓутоа, овде *р̥* се задржало, сп. *вр̥ф, г̄р̥ми, др̥во, зр̥но, кр̥ф,* и др.

Во дијалектната диференцијација во македонскиот јазик придонесле и рефлексите на сек. $ъ_2$ пред сонантите /н, м, р, л/ во финална позиција. Во овој говор пред *р* $ъ_2$ дал /а/, како и во другите костурски говори, сп. *ведар, вет̄ар, добар, ит̄ар,* како и пред /н/: *ог̄ан,* додека пред /м/ и /л/ има рефлекс /о/: *осом, осомдесе, седом, седомдесе, – рекол, секол, исп̄екол.*

Вокалот /е/ во суф. *-ел* овде не претрпел измени, сп. *орел, кот̄ел, п̄ет̄ел,* и др.

Од вокалните промени како нова на овој дел од југозападните македонски говори се јавува десилабизацијата на /и/ во позиција зад друга самогласка (*а, е, о, у + и > i̯ = ј*) што има за последици создавање на дифтоншки секвенци *(ај, еј, ој, уј)* и скратување на бројот на слоговите во соодветните збороформи, сп. *лåјца* (< *лаица* < *лажица*), *бåвајца (бåлвавица), г̄åбајца, кукајца, п̄адајца, п̄ијајца,* или: *водејнца* (< *водеинца* < *воденица*), *г̄åсајнца, есејнца, јåчмејнца, лукајнци,* и редовно така во образувањата со суфиксот *-(а/е)ница.* По аналогија на ваквите образувања *ј* се вметнува пред *н* и во случаи од типот *п̄лет̄енка > п̄лет̄ејнка, вит̄ејнче,* спрема *р̥вејнци* (*р̥веници*) и *р̥вејнк* Нив.

Оваа појава, познато е, широко е распространета во западното наречје, во тие рамки и во пошироката преспанска област.

Консонантскиот систем во овој говор е идентичен со системот во преспанскиот *ǫ > /ă/-говор.

И овде фонемата *х* наполно отсуствува; во финална позиција и пред согласки по правило таа е заменета со /в-ф/, како и во интервокална позиција, зад /у/ редовно, поретко и во друго вокално опкружување, сп. *п̄азува, уво, буф – буфо,*

суф – суво, кожуф – кожуво, кожувје, страф – стравој, граф – граво, змеф – змево, ореф – орево, меф – мево, вр̥ф – вр̥во, Влаф, дадоф – дадомеф (< *дадофме*), *дадофте, кафтица, офтика, лафти* (< *лахти* < *лакти* : *лакт*), *нофти – нофт* // *нокт*, но *снаа, леа, беа, чели, ела,* и др. Нив.

Фонемите /*ќ-ѓ*/ се ретки; се среќаваат претежно во туѓи лексеми и само во неколку примери во домашни зборови место прасловенските групи **tj* / **kt'* и **dj*, сп. *домаќин, куќа, ќерка, параќерка, веќе, појќе, Божиќ* / *Божик, ќе, – меѓу, р̥ѓа, сфеѓере, такуѓере.* Во другите случаи место споменатите групи се чуваат старите рефлекси /*шт-жд*/: *вреште, гашти, лешта, ношти, ноштви, вежда, межда, прежда, сажди, чуждина, гражданец,* и др. – Групите /*шт-жд*/ овде се стабилни, како и во другите преспански говори, сп. *сношти, огниште – межда, дождо,* за разлика од костурските говори, каде што тие не се можни.

Добро се чуваат исто така и групите *т, д + j* (< **tьj, *dьj*), сп. *братја, пра̊тје, па̊тје, пролетје, цветје, – гр̥мадје, ливадје, л'удје, дјавол, попадја* Нив.

Во овој говор фонемата /*н'*/ сѐ уште се пази, но со ограничена дистрибуција, сп. *бан'а, ма̊н'а, ден'а, син'ак, планин'е, тр̥н'е, камен'е* / *камен'а, јаден'е, оран'е,* но *пилина, прасина, телина* Нив, поретко и *дрен'је, тр̥н'је, оран'е,* главно, во речта на помладото поколение.

Од консонантските групи на дијалектен план можат да претставуваат интерес: *-ст, -шт* (во финална позиција), сп. *гр̥ст, мост, за̊блест,* но *радос, болес, пришт, дошт* и *дош, -сп (госп), -пц (стипц), кл* > *тл (гр̥тлан), пс* > *пц (тепција, пцалви), вн* > *мн (рамно, гламница),* но *внук, внука, -стр-* / *-здр- (стреда, стребро, здрел).* – Старата група **čr̥-* овде е заменета со *цр-* во сите случаи, сп. *цр̥н, цр̥вен, цр̥вец, цр̥пи,* како и во **črě-*: *церепна, церево, церешна* Нив, Герм.

Интервокалното /*в*/ се губи во обем и под услови како во западните македонски говори, сп. *биол, тоар, чоек, тр̥гоец, неста, гојдо, таткој, лебој, јалојца, пијајца, сливоа, да̊боо, олоо,* и др.

Морфолошките особености на овој говор во најголем дел се исти како во малопреспанскиот **ǫ* > /*ă*/-говор. Тој не познава членски форми на *-в* и на *-н;* членската морфема за м.р. е без *-т*: *брего, дено, зеленјо* (< *зеленио*, со промена на *и* > *j*), *здравјо, нашјо;* множинските форми од именките 'рака, нога' завршуваат на *-е* : *ра̊це, ноѕе.* Понекаде можат да се сретнат остатоци од синтетичката деклинација на определените именки, сп. *жали се попутому,* и со посесивно значење: *попутому чупата, царутому дворо,* и кај личните имиња: *Ристотому чупето, Петретому куќата,* топ. *Бачутому нивата* Нив.

Кај личните и роднинските имиња од м.р. уште можат да се сретнат синтетички ген.-акуз. форми, сп. *дедо – го видоф деда, го видоф Стојана* / *Марка* / *Петрета,* покрај веќе пообичните: *го видоф Стојан, Марко, Петре.*

Збирната множина се чува добро и се образува со наставката *-је,* поретко со *-ја,* сп. *бозје, дренје, тр̥нје* / *дрен'је, тр̥н'је* / *дрен'е, тр̥н'е, да̊бје, кожувје, трапје, – гр̥мадје, ливадје, ка̊пин'је, тревје* / *тревја, житје* / *житја.* Именките од с.р. на *-е* множински форми образуваат со наставката *-ина* : *дечина, чупина, магарина.* Наставката *-(е)ништа* (сп. костурско *полјенишча)* овде не е констатирана.

Во заменската флексија како дијалектни ги одбележуваме: кратките акузативни форми *ма, та, са, на, ва (мене ма виде, нас на виде,* итн.*),* демонстративните заменки *овој (ова, ово, овије), оној (она, оно, оније)* и акузативните за м.р. *овега, онега (овега го виде);* кај личните и лично-предметните заменки се

среќаваат и синтетички форми за акузатив и датив, сп. *мене ма (виде), мене ми (рече), тебе та – тебе ти, нас на – нас ни, вас ва – вас ви, не(г̄)о (г̄)о – нему му // на не(г̄)о му, неа а – нејзе му // на неа му, кого̄ го, некого̄, секого̄,* итн. Покрај посвојната заменка *нејзин* можат да се сретнат и формите *нејн* (*нејна, нејно, нејни*) и *теен* (*тејна, тејно, тејни*), мн. *нивни* Нак.

Глаголскиот систем функционира на начин и во обем како во малопреспанскиот **ǫ > /ă/*-говор и нема потреба да ги набројуваме глаголските форми. Ќе ги истакнеме и овде оние форми што се разликуваат по некој признак од костурската ситуација, како, на пример, формите на сегашното време од 'сум': *сум, си, (ј)е, сме, сте, са;* наставките *-ф, -меф* (< *-фме*), *-фте, -(ј)а* во минатите определени времиња, сп.: *дојдоф, дојде, дојде, дојдомеф, дојдофте, дојдоја; носеф, носеше, носемеф, носефте, носе(ј)а,* наставката *-ејте* во 2. л. мн. на заповедниот начин *(носејте, берејте* : *викајте),* како и наставката *-је* во 3. л. мн. на сегашното време за разлика од *-е* во 3. л. едн. кај глаголите од *е*-основи, сп. (3 л. едн.) *брое, ткае, сее, пие, труе* : (3. л. мн.) *броје, ткаје, сеје, пије, трује;* гласот *ј* овде ја отстранил можната омонимија.

Како дијалектна посебност на малопреспанското говорно подрачје и во двата говора е акцентскиот систем. На тој појас се разграничуваат западномакедонскиот фиксиран трисложен систем и костурско-леринскиот ограничено слободен акцентски модел. Границата меѓу овие два модела се поклопува со говорната граница меѓу **ǫ > /ă/-* и **ǫ > /ă/*-говорите. Во **ǫ > /ă/*-говорот превладува западномакедонскиот акцентски модел, сп.: *л'ивада – лив'адата, пл'анина – план'ината, план'инчина, маш – м'ажи – м'ажите – маж'ише – маж'иштето, нар'ăквица – нарăкв'ицата,* и во синтагматски групи: *н'а-рăка, п'од-мишка, прек'у-рамо, преку-р'амено, не-м'а-виде, не-г̄'о-дава, не-г̄о-д'аваме,* итн.

Посебност при акцентирањето на долнопреспанското подрачје покажува говорот на селото Нивици кое се наоѓа поизолирано на јужниот брег на Преспанското Езеро, одн. на северната страна на полуостровот. Во нивичкиот говор во зборoформите со три и повеќе слогови се јавуваат по правило два акцента, од кои едниот, појакиот, паѓа на пенултима, а другиот стои на иницијалниот слог. При тоа треба да се нагласи дека слогот со вториот акцент (пенултима) се изговара подолго во однос на другите слогови во зборoформата, сп. *г̄ọд'и:на – г̄ọдин'а:та, рдб'о:та – рдбот'а:та, мдг̄ар'и:ца – мдг̄ариц'а:та, лдстг̄'а:рка, – лдстг̄арк'а:та, крдст'а:јца – крдстајц'а:та, г̄ọл'е:мо – г̄ọлем'о:то* (: *г̄'олем*), *в'икам – вик'а:ме,* и во синтагматски групи: *нд-р'е:ка, прéку-р'е:ка, нд-рек'а:та, прéд-вр'а:та, прéд-враш'а:та,* и др. Ако го споредиме овој акцентски модел со акцентот во корчанскиот говор, ни се наложува размислата дали ваква фаза не претрпел и корчанскиот акцент па потоа иницијалниот акцент ослабнал и се загубил! (сп. т. 1 од ова издание, дел II, глава 4.3. : 298-299; Шклифов, 1979а : 40).

1994

Корешчанско-реканско
Ошчима

Попо сака млада нееста

Во-'едно с'ело п'олојна р'исјанско и п'олојна т'урско си-б'еше 'еден п'оп и 'една п'опаѓа. П'окрај к'уќата на-п'опо т'ечеше 'една м'ала р'ека, а на-р'еката п'ереше пл''ачки 'една мл'ада ж'ена. П'опо 'излезе 'од-дома да-к'рсти в'ода п'о-ку-ќи и а-в'иде ж'ената мл'ада. Ж'ената б'еше ск'уната и му-се-п'улеа д'ебелите м'е-са на-н'озите. П'опо з'астана и му-р'ече : "Л'еле-е-е, шо-б'ели н'ози 'имаш, н'еесто!" Ж'ената се-'испрај и му-р'ече на-п'опо : "Н'а-рамо да-ти-се, п'опе!" На-в'е-черта ж'ената шо-п'ереше пл''ачки му-к'аза на-п'опаѓата шо-му-р'ече п'опо. П'опаѓата му-в'ели на-ж'ената : "Ако-ти-р'ече др'упăт и ако-те-'опита д'еа, т'и р'ечи-му о-пл'емната, 'ама ама ќ-о-н'аăртиш да-и-'ослечи пл''ачките и да-а-'овpти тр'ипăти пл'емната, во-т'оа вр'еме шо п'опо ќ-а-в'pти пл'емната, т'и ќе-му-и-з'е-ваш пл''ачките и ќе-ми-и д'онесиш м'ене. С'етне м'оја р'абота-е ш'о ќе-пр'аа ј'аска. "П'опо др'угио д'ен 'ушче 'одрано 'излезе да-к'рсти в'ода. Ж'ената п'а п'ереше на-р'еката. Коа-'ојде п'опо д'о-неа, т'аа б'еше п'а ск'уната. П'опо п'а му-р'ече : "А м'ори н'еесто, шо-б'ели п'ачи 'имаш!" Ж'ената му-'отвpна "Н'а 'рамо да-ти-се, п'опе!" "Д'еа и к'оа, м'ори н'еесто?" – а-'опита п'опо з'арадван. "В'ечер о-мр'ако о-пл'емната!" П'опо з'арадван шо-ќе-си-згр'аби мл'ада н'ееста ч'екаше да-се-ст'емни. Коа-се-ст'емна, т'ој 'ојде при-пл'емната. Ж'ената о-ч'екаше т'амо. "А п'опе – му-в'ели ж'ената – 'ако н'е-и-'ослечиш пл''ачките и ако-н'е-а-з'аăртиш тр'ипăти пл'емната, ј'аска ќе-си-'ода." "Д'обро, н'еесто" – р'ече п'опо и и-'ослече пл''ачките. А-з'аăрти 'еднаш пл'емната, а-з'аăрти 'ушче 'еднаш, на-тр'етиопăт ж'ената му-и-зв'е пл''ачките и му-и-з'анесе на-п'опаѓата. 'Ој п'опо во-пл'емната – н'ема н'ееста. Б'ара пл''ачки – н'ема пл''ачки. Се-ф'ати п'опо з'а-глаа и п'очна да-пл'ачи "'ах ј'аска гл'амен ш'о ќе-пр'аа с'еа, ш'о ми-тр'ебаше мл'ада н'ееста..." Ч'екаше п'опо 'убоо да-се-з'амрачи, та да-си-'ој д'ома. Коа-п'адна мр'ак, п'опо т'pна да-си-'ој. Ст'игна при-св'ојта к'уќа, р'опа на-вр'атата. 'Отнатре му-се-'озвива ж'енцки гл'ас на-т'урски : "Ким си сен?" "А м'ајката – си-в'ели п'опо – а-згр'еши к'уќата, и почна да-и-бр'ое к'уќите : 'оаа-е на-Р'исто, 'оаа на-П'етко, 'оаа на-'Асан, 'оаа-е м'ојата и п'а п'очна да-р'опа. Ж'ената п'а му-се-'озви на-т'урски : "Ким си сен?" Му-се-н'ажали д'ушата на-п'опо шо-не-м'ожеше да-си-а-н'ај к'уќа-та, па си'-р'ече : "М'оре с'еа ми-е-з'абpл'аена гл'аата, д'о-зори ќе-ч'екам, па ќе-а-н'ајда".

Костенарија
Езерец

Селото Езерец

Н'ашчо с'ело 'есть б'едно, план'инцко с'ело. Мăжите л'етото не-с'едее д'ома. 'Одее на-чуж'ина, по-керамн'ици, по-водан'ици. Н'ија, ж'ените, д'ома си-раб'о-теме. Ј'ас си-'оре н'ивјата са-вол'ојте и-л'арото. Рам'ената 'ешче ме-б'оле, шчо-

го-н'оси л'арото о-н'ива на-н'ива. Л'етото вол'ојте штр'еке, зат'ос ст'авеме н'ошја на-тр'и с'аатут и-'ореме д'ур-да ос'унвише, д'ур-да пост'елише сåнцето. Л'арото б'еше д'ɛрв'ено. Јас е-д'ɛрџе рåчката, а-главатн'ицата вл'еваше на-з'емата. Наглаватн'ицата 'имаше л'арник џел'езен. Л'арникут 'ореше з'емата. К'олокут вл'ева на-ј'аремут, а-ј'аремут го-кл'авеме на-тил'ојте на-вол'ојте. Ј'аремут го-в'ɛрзве са-џигл'инте. Џигл'инте и-пр'авеме од-д'ɛрво. К'ога вол'ојте и-к'ɛршее, н'ија и-пр'авеме џил'езни. Ј'ас с'аде 'ɛрш, пчин'ица. Т'ија 'есе з'имни. Пр'олетта с'аде 'уруф, 'ечмен, м'исир, пат'ати, ф'асул', гр'а:. Т'ија се-к'ажве лет'ошни. Н'ија наж'етвар жн'еме са-лел'еци. Са-лел'еци жн'атјето ни-фт'урише мн'огу б'ɛрзо. Т'ија 'есе кај-н'ош со-гол'ема п'ашка и-г'оре завɛрт'ени. И-пр'авеме на-ј'уптите. Н'ија са-сɛрп'ови не-жн'еме, 'ала 'имеме. Пол'озите и-в'ɛрзвеме, сн'опја и-пр'авеме. Сн'опјата и-в'ɛршеме са-к'они и-måски. Сл'амата е-кл'авеме на-пл'емната за-вол'ојте. Ж'итото го-б'ереме к'уп, го-в'ееме, с'етне го-дɛрмон'исвеме и-го-кл'авеме на-вр'ешчата. С'етне го-тов'арвеме на-måските и-пр'аво на-åмборут.

К'ога дојд'ое анд'арите на-н'ашчо с'ело да-к'оле, ј'ас б'е на-дв'ајсет гуд'ини. П'ɛрво в'ујка-ми П'етро го-закл'ае отоs'ади на-т'илут. С'етне вид'ое шчо-'есть гре'ота т'ака да-и-к'оле к'ај вол'ови, фат'ие да-ф'ɛрге са-т'уфјакут. Умор'ие 'осум måжи. На-дв'а д'уши му-и-извад'ие прешлен'ишчата от-кул'ената и-му-и-клад'ое на-џеп'овите. Туг'ас са-н'ај н'ајно и м'ојут т'атко го-закл'ае. И-утеп'ае, з'ашчо н'е-се-к'ажвее Г'ɛрци.

КОСТУРСКИТЕ ГОВОРИ

5. ЛЕРИНСКИОТ ГОВОР

Леринскиот говор се простира северно и североисточно од планинскиот венец што го сочинуваат Нередската планина со Вич и Псодерската планина. Тие две планини го разграничуваат леринскиот од костурскиот говор. На исток спрема кајларско-воденското говорно подрачје границата оди по правецот на Рудничкото и Островското езеро. На север спрема битолско-мариовските говори дијалектната граница оди приближно по денешната државна граница на Македонија и Грција.

ФОНОЛОГИЈА

Фонолошкиот систем на леринскиот говор се состои од 32 фонеми, од кои седум се силабеми:

и *ă* *у*

е *а* *о*

и 25 согласки:

м	*н*	*н'*	
	л	*л'*	
	р		
		j	
б	*д*	*ѓ*	*г̄*
п̄	*т̄*	*ќ*	*к*
	s	*ц*	
	ц̧	*ч*	
в	*з*	*ж*	
ф	*с*	*ш*	

Од споменативе фонеми територијално се ограничени /*р̧*/ и /*н'*/. /*р̧*/ во функција на силабема се јавува во централниот и во западниот дел на леринското подрачје на исток и југоисток до линијата Попадија – Забрдени – Негован – Бапчор – Неред – Желево, главно во ареалот каде што носовката **ǫ* има континуант /*а*/, сп. *р̧т̄* [*ˀр̧т̄*], *п̄р̧ст̄и, вр̧ – вро – врови.*

Назалот /н'/ има уште поограничена територија. Се среќава претежно во западните и северозападните периферни села, сп. *деч'ин'а, чуӣ'ин'а, камч'ин'а* (во наставката *-ин'а*) Бап[1], топ. *Тр'аӣчин'а, Д'олчин'а, Пл'еан'е* Трс, *ј'аг̄лен'е, ӣ'ин'а, с'ирен'е, ӣ'илин'а* : *којн* Опц, *кам'ен'а, ор'ан'е* : *врем'ина* Ас. На сета друга територија оваа фонема се дефонологизирала.

По однос на реализацијата на фонемите можеме да го констатираме следното:

– Ниските (отворените) вокали /*е, а, о*/ во неакцентираните слогови често се реализираат како нешто позатворени фонови [*ẹ, ạ, ọ*] и таков изговор е поизразен во јужните и во источните периферни села на пограничјето на воденско-кајларското подрачје, сп.: *ӣ'онọк, к'онẹц, ч'елẹӣ, 'ог̄ạн, г̄ăсạн'ица* Пат, *м'озọк* покрај *м'озук, жạбл'ини, к'онọӣ* Зел.

– Вокалот /*и*/ во позиција зад друг вокал во одделни случаи има алофон [*i̯*]: *ӣ'аi̯н* (*ӣаин*), *Евр'еi̯ӣе* покрај *Евр'еиӣе, ќе наӣрăi̯*, топ. *Гру'оi̯ – Круши* Трс.

– /*ј*/ пред самогласката /*е*/ во интервокална позиција има варијабилна артикулација – од едно слабо [*ʲ*] па до неговото губење, сп. *се смеʲе, сӣиʲе, ӣиʲе, ниʲе*, но и: *да изг̄р'ееме* и др. Исто така и во групата /*ија*/: *да се наӣ'иʲа, Рус'иʲа, ц̣ам'иʲа, ӣ'иʲаӣ, Мар'иʲа, ӣиʲа*, и: *науч'иа, наӣрав'иа* Арм.

– Силабичното /*р̥*/ покрај основниот алофон [*р̥*]: *кр̥ф, мр̥ӣво*, во **ǫ* > /*а*/-говорот се реализира на почетокот на збороформите и како [*ᵊр̥*]: *ᵊр̥жи, ᵊр̥ӣ* Арм.

– Сонантот /*л*/ во говорот на селото Бапчор на почетокот пред консонант и меѓу два консонанта има алофон [*ᵊл̥*]: сп.: *ᵊл̥ска, бᵊл̥ва, вᵊл̥на, сᵊл̥за, ӣᵊл̥н.*

– Согласките /*ч, ц̣, ш, ж*/ во јужните лерински села на пограничјето со костурскиот говор се реализираат како леко палатализирани фонови [*ч', ц̣', ш', ж'*] во сите позиции, сп. *ч'аш'а, ц̣'ам, ж'ар, ж'аба, ж'иво.*

– Постпалаталите /*ќ, г̄́*/ во своите основни алофони се реализираат во иницијална позиција ако зад нив следи заден вокал, сп. *ќар, ќор, ќуӣ, г̄́ол', г̄́ак*, а пред предните вокали имаат алофони [*к', г̄'*]: *к'ерка, к'е, г̄'емија.* Во медијална позиција тие најчесто се јавуваат во секвенци со /*ј*/ – /*јќ, јг̄́*/: *брајќа, кујќа, л'ујг̄́а – л'ујг̄́е*, како и во воденскиот говор.

– Свои палатализирани алофони имаат и веларите /*к, г̄*/ кога се наоѓаат пред предните вокали /*и, е*/, меѓутоа овде палатализацијата на тие гласови не е автоматска, сп. *ск'ин'аја, д'уӣк'и* Опц, *к'исел, мек'и, банк'и, г̄'ине, дăг̄'и, лаг̄'и* Сак, *вик'е, сак'е* Бап, но и: *кисел, меки, рак'иʲа.*

– Предните консонанти (лабијалните и дентално-алвеоларните) пред /*ј*/ понекогаш се реализираат како соодветни леко палатализирани фонови, сп. [*м'*] *зем'ја*, [*л'*] *крил'ја*, [*н'*] *ӣр̥н'је*, [*р'*] *мор'јеӣо*, понекогаш се слушаат и варијантите *ӣол'е, мор'е*, [*б'*] *саб'ја, даб'је*, [*д'*] *суд'јаӣ, д'ј'аволиӣе, л'уд'јеӣо г̄реде, л'уд'ја* Зел. Оваа појава е поизразена во јужниот појас на пограничјето со костурското говорно подрачје.

---

[1] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Арм (Арменско), Ас (Асаново), Бан (Баница), Бап (Бапчор), Бор (Борешница), Буф, Вош (Воштарени), ГКот (Горно Котори), Гор (Горничево), ЕСу (Екши Су), Жел (Желево), Забр (Забрдени), Зел (Зеленич), Круш (Крушоради), Лер (Лерин), Нев (Горно Неволјани), Нег (Негован), Нер (Неред), Опц (Опцирина), Пат (Пателе), Поп (Попадија), Попл (Поп(о)лжани), Сет (Сетина), Трс (Трсје), Ч (Чеган).

Дистрибуција на фонемите

Кај самогласките извесно ограничување во дистрибуцијата по однос на местото во зборoформите покажува фонемата /*ă*/. Таа без оглед на потеклото не се јавува во иницијална и во финална позиција. Сите други вокали можат да стојат во сите позиции – на почетокот, на крајот и во средината на зборoформите. Нема ограничување во употребата и во изговорот на вокалите ни во однос на консонантското соседство. И во вокални групи во принцип нема ограничување. Сите вокали можат да стојат во група со секој. Не се констатирани само групи со вокалот /*ă*/. Меѓутоа, кај вокалните секвенци од два исти вокали не ретко се среќаваат примери во кои се врши контракција. По тој начин се добиле фонетски долги вокали, сп. *ḡл'а:* (< *ḡлаа* < *ḡлава*), *'уба:* (< *убаа* < *убава*), *б'уко:* (< *букоо* < *буково*), *н'еḡо:* (*неḡоо*) Попл, *м'ина:* (*минаа*), *л'иᵭа:* (*литаа*) Нев. Оваа појава посилно е изразена во северниот дел на областа, а колку што се оди пона југ таа е сè поретка.

Во северниот дел на леринскиот говор доста често се десилабилизира вокалот /*и*/ во позиција зад друг вокал образувајќи при тоа еднoсложна дифтоншка секвенца. По таков начин и во леринскиот говор како во западното наречје настанале цела серија дифтоншки групи [*е*^{i}, *а*^{i}, *о*^{i}, *у*^{i}], сп. *сᵭре*^{i} (*сᵭреи*), *сна*^{i} (*снаи*), *ḡла*^{i} (*ḡлаи* < *ḡлави*), *ᵭра*^{i} (*ᵭраи* < *ᵭрави*), *бл'удо*^{i} (*бл'удои* < *бл'удови*), *л'ебо*^{i} (*лебои*), *слив'о*^{i}*ца* (*сливоица* < *сливовица*), *ᵭол'о*^{i}*наᵭа* (*ᵭолоинаᵭа*), *ка-*^{i}*-виде* (*ка и виде*) Нев.

Кај консонантите позициони ограничувања покажуваат сонантите /*л, р, н', ј*/ и повеќе шумни консонанти.

– /*л*/ пред предните вокали /*и, е*/ и пред /*ј*/ се неутрализира со /*л'*/, сп. *бел'и* : *бел*, *кол'и* : *кола*;

– /*н'*/ таму каде што не се загубило наполно не се јавува на почетокот пред предните вокали;

– /*ј*/ не се јавува на почетокот пред предните вокали /*и, е*/, пред /*и*/ во интервокална позиција, а многу често во таа позиција и пред /*е*/.

– Фонемите /*s, ќ, ѓ*/ се ретки, меѓутоа по однос на позицијата во зборoформите и по однос на вокалното соседство не покажуваат некои посебни ограничувања, ако не ги земеме предвид обезвучувањето на звучните во финална позиција и асимилацијата по звучност;

– /*к, ḡ*/ факултативно преминуваат во /*ќ, ѓ*/ пред предните вокали.

Во бифонемни консонантски групи во дистрибуцијата констатирани се следните ограничувања:

– почетната група /*мн*/ се упростува со испаѓање на првиот член: *ноḡо – ноḡу;*

– со испаѓање на првиот член се упростуваат и почетните групи /*вн*/: *наᵭре – нăᵭре*, /*вд*/ во *доец – довец, дов'ица;*

– групите со /*ᵭ*/ + африкат /*ц, ч*/ во домашни зборови се одбегнуваат исто така со полна редукција на плозивот, сп. *ци* (*ᵭци*), *цојсан, цојса* (*ᵭцојса*) Сак, *ченка, ченкен, чен'ица* Сак, Зел.

Во финална позиција групите *-шᵭ* и *-сᵭ* можат да се сретнат во одделни лексеми само во крајните јужни периферни села, сп. *вăрсᵭ, кăрсᵭ, чисᵭ, брад-*

л'ест Зел. На другата леринска територија овие групи не се можни во споменатата позиција, сп. *чис, шес, мас, дош* Бап, Лер, Арм.

Групите /*ср*/, /*зр*/, /*жр*/ без оглед на позицијата во зборoформите се отклонуваат со вметнување на дентален плозив, сп. *стребро, стреда, здрел, ждребе* (на сета територија).

Во врска со дистрибуцијата на консонантските групи /*шт*/ и /*жд*/ на леринскоto говорно подрачје нема единство. Во југоисточните села на правецот Зеленич – Екши Су – Баница – Горничево тие се пазат, сп. *гушт̄ер, клешт̄и, плешт̄и, шт̄ица, – вежда, чужд'инец.* На другата леринска територија западно и северно од линијата Бапчор – Г. Котори – Сетина – Попадија групата /*шт*/ се изменила во [*ш'ч'*] готово редовно во домашни зборови, а групата /*жд*/ се асимилирала во [*ж'ц'*] или во [*ж'ж'*] која после дала [*ж'*], сп.: *ш'ч'ица, ш'ч'о, гуш'ч'ер* или *шчица, шчо, гушчер, – меж'а, саж'и, дож'о, чуж'о,* одн. *межа, сажи, дожо, чужо* Бап, *ушче, шчо, ридишча* Лер, *дожоа вода* Попл, *вежа* ГКот, *сажци, вежца, гражцани, чужина* Сак.

Во медијална позиција на границата меѓу две морфеми /*с*/ пред африкатот /*ц*/ се пази: *месце, масца, врсци,* додека пред /*ч*/ се асимилира во /*ш*/ (*сч* > *шч*): *брешче, машче, кошче, лишче, нев'ешче, мäшче* Сак, Лер, ГКот.

Групите /*т̄ц*/ и /*т̄ч*/ на морфемска граница по правило се пазат, но согласката /*т̄*/ има нешто ослабната артикулација, сп. *бр̥т̄це, жит̄це, кор'ит̄це, рит̄че, доб'ит̄че* и *д'обиче* Сак.

Согласката /*с*/ во групата /*ск*/ во суфиксот *-ск(и)* кога се наоѓа зад консонант се африкатизира во /*ц*/: *волцко месо, биволцки, скопцки* Зел, *макид'онцки, Никол'офцки* Бап.

Групи од две исти согласки се ретки. Констатирани се само /*јј*/ во степенуваните форми со *нај-* : *најјак* [*нај:ак*] и /*мм*/ во *седуммина.*

Историски осврт на фонемите

За внатрешната диференцијација на леринскиот говор во областа на вокализмот најмногу придонесле континуацијата на носовките **ǫ, *ę,* и на вокалните **ĺ, *ŕ.*

**ǫ.* – Место носовката **ǫ* во коренски морфеми на леринскиот терен се јавуваат два основни рефлекса – /*а*/ и /*ă*/. Првиот превладува во северниот и централниот дел на областа на југ и југоисток до линијата Неред – Бапчор – Г. Котори – Сетина – Попадија, сп.: *габа, гнасен, дăт, заби, заб'ица, кăтник, кăт'ина, лачи, мадро, păт, раб'оj, рака, саб'ота, скăт, стăт'ало, стăт'ица, стрăга, стăтка, сăт* Сак, *заби, кăтн'ици, п'ăтец – păт'еци, гради, газо, гнасен, мажи, јаж'ица* Лер, *јаглен, рака, păто, скăто* Сет, *ватар, з'абица, д'абово дрво, габа, păт, с'аботa* ГКот, *рака, мака* Нер, *заби, дл'абоко, к'аклица, кранк, г'абаiца, дранк, странга, к'адел'а, к'ăпинки* Жел, *заби, ракаф, габа, маш* Круш, *гасен'ица, раци, мăтен'ица, заб'ица* Ас, *габа, внăтре, мăтен'ица* Поп, *јад'ица, јаглен, мака, păт, рака* Бор.

Јужно и источно од споменатава линија основен рефлекс за **ǫ* во коренските морфеми е /*ă*/, сп.: *вăглен, вăж'ица, нăтре, гăска, гăсто* Бан, *зăби, кăтник, пăтец, гăрди* (со метатеза од *грăди*), *păпук, рăци, мăш* Гор, Зел, *гăби, рăка, păт, скăпо* ЕСу, *гăзер, дăт, гнăс, кăса, кăд'ел'а, нăтре, păт* Пат. Рефлексот /*ă*/

превладува во селата Арменско и Г. Неволјани, сп.: *дăп̄, г̄нăсен, г̄ăс, мăка, мăш, нăт̄ре, п̄ăт̄, рăка, скăп̄, сăбот̄а, зăп̄* Арм, *п̄о п̄ăт̄о, мăжо, у нăт̄ре, мăч'еше, мăка, рăка, дăб'је* Нев (сп. и Mazon, 1923 : 142). Извесен број примери со /*ă*/ место **ǫ* наоѓаме подалеку на север од споменатата граница. Така, на пример, во Г. Котори се забележани формите: *г̄ăс, г̄ăсан'ица, г̄ăска, п̄ăрчка* (со метатеза од *п̄рăчка), кăркл'ица,* во Попадија: *г̄ăска, ст̄рăја, п̄рăт̄, г̄ăска, г̄ăс, г̄нăсно, г̄ăзар, ст̄рăг̄а / ст̄р̥г̄а, п̄рăчка / п̄р̥чка, обрăч / обр̥ч, кăса, п̄окасок* 'појадок' Попл, додека во другите лексеми **ǫ* има замена /*а*/. Како што се гледа, во повеќето примери рефлексот *ă* стои зад веларните консонанти /*к, г̄*/ и зад /*р*/.

На леринското говорно подрачје се разграничуваат формите *г̄уска* Опц, и *г̄ăска* Сак, Попл, Бан, ГКот, Пат, Зел, *г̄нăс* Круш и *г̄нус, г̄нусен* Зел, *г̄ăст̄о* Сак, Бан и *г̄уст̄о, г̄ăлăп̄* Бан и *г̄улап̄* Арм, Сак. Редовно со /*у*/ место **ǫ* на сето леринско подрачје се употребуваат лексемите: *кујќа, сут̄, суд'иа, п̄он'уда, п̄уп̄ка, п̄уп̄е, г̄ужва* Попл, *судел'ишче, суд'ија,* и само во Зеленич е констатирана формата *сăд'ија.*

Во врска со континуантот на **ǫ* во овој говор интерес претставуваат неколку лексеми во кои место **ǫ* во секвенцата **јǫ* наоѓаме замена *(ј)е,* сп. *ег̄лен, еж'ичка, ед'ица* Бап, *ет̄ок* ГКот – *ег̄лен, ег̄лен'ар, ед'ица, еж'ичка* Круш, *ет̄ок, ед'ица* Попл. Разновидностите *ег̄лен, ед'ица, ет̄ок* констатирани се и во крајните југоисточни битолски села на правецот Живојно – Скочивир. Во врска со оваа појава можевме да го констатираме следното: прво, замената на **ǫ* со /*е*/ не се однесува на сите случаи зад /*ј*/, значи, таа замена не е автоматска. Во ист пункт наоѓаме примери со /*е*/ и со /*а*/ м. **јǫ*, сп. *ет̄ок* : *јад'ица* ГКот, *ед'ица* : *јаж'ица* Попл. Второ, ваков преглас на **ǫ* во *(ј)е* се јавува само на пограничјето меѓу **ǫ* > /*а*/ и **ǫ* > /*ă*/-говор на правецот Бапчор – Г. Котори – Крушоради – Попадија. Трето, на истиот тој граничен појас нема единство ни во замената на **ję*, сп.: *ечмен, заек, п̄аек, п̄аеж'ина* Бап, *език, ечмен, ечмен'оф, з'аечко, п̄аек, п̄аеж'ина* : *јат̄'р̥ва, анг̄'ул'а* ГКот, *език, ечмен, едар* : *јат̄'ăрва* Пат. Северната изоглоса на разновидностите *заек, п̄аек* ја преминува говорната граница и навлегува подлабоко на битолскиот терен.

На леринскиот терен се разграничуваат и протетичките гласови пред континуантот на иницијалното **ǫ*. Во јужниот дел на областа превладуваат примерите со /*в*/, а во северниот примерите со /*ј*/. Меѓутоа, не се поклопуваат изоглосите на сите примери со **ǫ* во таа позиција, сп.: *ет̄ок, ед'ица* : *јаж'ица* : *ват̄ор* Попл, *јат̄ок* : *ваг̄лен* Гор, *вăг̄лен* : *јад'ица* ЕСу, *ват̄ор* Попл, *ват̄ар* ГКот, *вăг̄лен, вăж'ица* Бан, Пат.

Траги од стариот назализам се запазени во лексемите: *вăнд'ица, мăндро, чомбр'ица, анг̄'ул'а, т̄рăмба, енчи, кломче* Зел, *јанг̄'ул'а* Сак, *т̄рăмба* Бан, *т̄рамба, ендрец* ГКот. Повеќето од примериве, како што се гледа, забележани се во појужниот појас на леринското подрачје.

Во непосредна врска со континуацијата на **ǫ* стојат и резултатите на секундарниот *ъ₂* во почетните слогови. Во леринскиот **ǫ* > /*а*/-говор место сек. *ъ₂* редовно има /*а*/: *бадник, лаг̄а, лаж'ица, маг̄ла* Сак, Попл, а во селата каде што место **ǫ* има замена /*ă*/ и место сек. *ъ₂* наоѓаме иста вредност, сп. *бăдна вечер, лăг̄а, лăже, лăж'ичка* Зел, *лăж'ица* Бан, *мăг̄ла, мăска* Бан, Зел. Фонетската разновидност *т̄онок* секако е образувана со асимилација: *т̄енок* > *т̄онок.*

Секундарниот $ъ_2$ пред сонантите на крајот има различни вредности: во *оґан* на сета територија е заменет со /а/; пред /р/ се среќаваат две замени – /а/: *добар, ендар, иштар, остар* во северните села, и /е/: *ветер, иштер, остер* во југоисточните села (Бан, Пат, Зел). Превладуваат и формите *седум, осум,* освен во Зеленич каде што се забележани и формите со /ă/: *сед'ăмдесе, ос'ăмдесе.*

**ļ.* – Нема единство на леринската територија ни во поглед на континуацијата на вокалното **ļ.* Се јавуваат два рефлекса – /ă/ и /ăл/, и во еден пункт [ą] одн. [^{ə}ą] како алофони на /л/. Првиот рефлекс – /ă/ карактеристичен е за северниот дел на областа, сп.: *бăа, вăк, мăчи, сăза, ґăтă, жăто,* покрај *вăлна, пăлно* Опц, *дăґо, жăчка, ј'абăка, кăве, пăфец, сăнце* : *вăлк, кăлк, пăлнеш* ГКот, *вăк, вăнен, ґăте, жăтн'ица, јаб'ăка, пăфец, сăза* Сак, Попл, Бор, *мăч'еше, вăк* Нев, *жăчка, сăза, мăчи, ґăта, жăт'ица, бăва, вăк* : *кăлк, кăлни, пăлн, дăлґа* Арм. Во селата каде што за **ǫ* има континуант /ă/ место вокалното **ļ* редовно се јавува секвенцата /ăл/: *бăлва, вăлк, вăлна, ґăлтаме, кăлк, сăлза* Бан, Гор, *кăлк'ови, мăлче, ґăте, вăлк, бăла, јаб'ăлко, жăлт, д'ăлґо, пăлн,* и само *пăф* Зел. Континуантот /ăл/ превладува и во градскиот леридски говор, па и во селото Желево, сп. *кăлк'ои, жăлчка, сăлза, мăлчи, ґăлта* Лер, *бăлви, вăлна, вăлк, мăлзиме, дăлґо, сăлза, тăлчук, кăлк,* покрај *ј'аболко* и *Б'оґари* Жел. Вокално *ą*, како алофон на /л/, се задржало само во говорот на с. Бапчор, и во одделни лексеми може да се сретне во Горно Неволјани, сп.: *б^{ə}ąва, б^{ə}ąска, в^{ə}ąк, д^{ə}ąґо, м^{ə}ąза, с^{ə}ąнце, ж^{ə}ąт,* и редовно така освен во лексемата *Боґ'арин* и изведениките *Боґ'арија, боґ'арцки* Бап, *пąна беше хазната, напąна* Нев.

**ŗ.* – Две основни вредности наоѓаме во леринското подрачје и место старото вокално **ŗ.* Во оној дел од говорот каде што е **ǫ* заменето со /а/ се задржало /ą/, сп. *вąр, пąсти,* додека во југоисточните села каде што за **ǫ* има рефлекс /ă/ место вокалното **ŗ* има секвенца /ăр/: *дăрво, сăрце, сăрп, вăр, ґăрсти* Зел, Бан.

Од другите вокални промени релевантни за дијалектната диференцијација на нашите јужни дијалекти заслужуваат внимание прегласот на /а/ во /е/ и остатоците од редукцијата.

На леринскиот терен наоѓаме приличен број примери со преглас на /а/ во /е/ зад /ј/ и зад некогашните меки согласки. Но веднаш и да истакнеме дека таква замена не се врши регуларно, туку е ограничена на извесен број лексеми, и тоа нееднакво распоредени, сп.: *естел'ит* Попл, *ез'овец* ГКот, *'есен, ес'еново дрво* Попл, *ено'ари* Пат, *ер'ичка* Зел, *елов'ица* Бан, *кăшеј* Зел, *брąзеј* Попл, *чеша* (на сета територија), *чек'ија* Бан, ГКот, Попл, *буч'ева* Зел, *печ'ели* Бан, *банич'ени* Бан, *шаек* Зел, Попл, покрај *шејак* ГКот, *кош'ере* Попл, *Невол'ени* ГКот, *синек* (< *син'ак*) Бан.

Не е јасно дали во оваа група треба да ги вброиме и случаите со /е/ место **ǫ* како: *еток, еґлен, еґлен'ар, ед'ица, еж'ичка, еж'ица.* Географски тие се наоѓаат до ареалот каде што е **ǫ* заменето со /а/. Тој факт може да ни даде за право да претполагаме преглас на секвенцата /ја/ во /је/, како што било, на пример, во *јасен* > *есен, јар'ичка* > *јер'ичка* > *ер'ичка.* Меѓутоа, прегласот на /а/ во /е/ временски би се разликувал од случаите со *ја* од **јǫ.* Дали да не се допушти и можноста за една стара замена на **јǫ* со **јę.* Другите македонски дијалекти не даваат повод за едно вакво размислување.

Во леринскиот говор, особено во неговиот југоисточен дел, се среќаваат и значителен број примери со /у/ место /о/ во неакцентирани слогови, сп.: *кул'ера, п̄узд'еркa, руг̄уз'ина, су'ал'ка, р'учук, уб'ет̄ки, 'уруф, удв'ај, 'от̄руф, н'адур (надвор), Н'икул', с'обур, г̄ул'ем,* во 1 л. едн. на аористот: *от̄'идуф / от̄'иду, р'еку, д'ојду* Бан, Попл, Нев. Се работи за остатоци од редукцијата на неакцентираното /о/. Во граничните села со воденскиот и кајларскиот говор оваа појава како да добива регуларен тек, сп.: *в'ăт̄ук, в'исук, м'озук,* после и *моз'уци, п̄'олук, п̄'упук, св'иук, к'онуп̄, чув'ече* Зел.

Случаите како: *д'ури, 'ушче* Арм, Нев, Сак, Попл, покрај *'ошче* Пат, ГКот, Зел, *б'умба, п̄'умп̄а, п̄'уздер, кум'анда, 'уг̄у* (угул) познати се во овој фонетски облик на широк ареал во Македонија. Во прилозите исто така место /о/ готово редовно наоѓаме /у/ : *дал'еку, бл'изу, к'оку, т̄'оку, н'ог̄у,* и др.

Секако во резултат на редукција, но и со влијание на соседните сонанти, се добило /ă/ место /е/ во примерите: *к'от̄ăл, 'орăл, п̄'еп̄ăл, ст̄'ежăр, г̄ăзăр, к'орăн, 'ост̄ăн* во говорот на с. Зеленич. Во посеверните села потоа /ă/ е заменето со /а/: *к'от̄ал, 'орал, г̄'ушчар, г̄'азар, ст̄'ежар, 'ост̄ан, к'оран* ГКот, а според нив после се преобразувани и *т̄'оп̄ал, с'окал* (< *т̄оп̄ол, сокол*) ГКот, Попл.

Во неколку примери констатирана е замената на /а/ со /ă/ во акцентирана позиција, сп.: *г̄'ăшчи, к'ăп̄а, м'ăчка* ГКот, *г̄'ăзи* Нев, ГКот, *м'ăче* Арм, *б'ăлда* (< *блада*) Опц, *ст̄'ăп̄о* Нев. Тие се јавуваат токму на теренот каде што се среќаваат и примерите *г̄ăска, г̄ăст̄о, кăса, г̄ăзар* (в. погоре). Појавата е интересна, но само врз овие примери тешко е да се донесуваат поодредени заклучоци за нејзините причини.

Од старомакедонскиот консонантски систем во леринскиот говор се загубиле палаталните плозиви **t′* и **d′*, веларот *х,* на поголем дел од територијата уште и палаталниот назал **n′*.

**t′ , *d′* . – Место **t′ ,*d′* на леринското подрачје наоѓаме по две вредности – */шт̄ – шч – шќ/* и */ќ – јќ/*, одн. */жд – жџ – ж/* и */ѓ́ – јѓ́/*. На сета територија со */ќ/* одн. */јќ/* се јавуваат лексемите: *божиќ,* понегде и во фонетската разновидност *божик* ГКот, Пат (со суфиксот *-ик*), *бож'икни п̄ост̄и* Попл, *домаќин, куќа – кујќа, ќерка, среќа, ќе, сфајќа, п̄ојќе, веќе,* формите на глаголот *нејќи,* а со */ѓ́/* предлогот *меѓ́у* и лексемата *т̄акоѓ́ере* Сак, *т̄акуѓ́ере* Опц. Континуантите */шт̄ – шч/* и */жд – жџ – ж/* редовно се среќаваат во лексемите: *г̄ашт̄и* Гор, Зел, *г̄ашчи, г̄ашчар, разг̄'ашчен* Сак, Бап, *лешча* Бап, Сак, *м'ашт̄еа* Зел, *маш'т̄еа* Гор, *м'ашчеа* Опц, *машч'еа* Сак, *ношт̄ви* Арм, *ношви* Попл, *п̄лешт̄и* Зел, *п̄лешчи, п̄ашчерка* Бап, *п̄ашч'ерка* Попл, *п̄рашча* Сак, *свешт̄а* Гор, *сфешча* Нев, Попл, *сфешчо* Сак, *сфешч'арник* Бап, *сношт̄и* Гор, *сношчи* Попл, или само */ш/*: *г̄ашник, мошне, ношви, ношен, немошен, п̄ешник, п̄олнош, п̄омош, п̄ом'ошник, п̄лешки, с'анош, сфешник; – вежда* Зел, *вежџа* Арм, *вежи* Бап, *межда, на'ожда, сажди* Зел, Гор, *чужди* Нев, *чужд'инец* Бан, *г̄р'ажџани, сажџи* Сак, Арм, *межа, сажи, чужо, чуж'ина* Сак, Бан, ГКот. Во Арменско е забележана и формата *мрежџа* со значење на 'премреже, премрежје'.

Во двојни фонетски разновидности се среќаваат лексемите: *врејќа* Гор, Попл, и *врешт̄е* Зел, *врешче* Бап, како и *ноќа* Нев покрај *ношќа, ношја* Бап. На поголем ареал со */ѓ́/* се употребува зборот *р̄ѓ́а* Арм, Гор, Попл, ГКот, *рăѓ́а* Пат, изведенката *р̄ѓ́осан* Гор. Разновидноста *р̄жа* констатирана е само во граничните села со костурскиот говор (Бапчор).

Постарите фонетски облици *г̄ражд'анец, белг̄р'ажданец* се задржале само во некои села (Зеленич), *г̄ражц'анин* Попл. На поголем ареал наоѓаме нови образувања, сп. *охрич'анец, соп̄оч'анец* ЕСу, *п̄ирот̄ч'анец* Попл, или *г̄радј'анец, охридј'анец, бродј'анец* Пат, *г̄радј'анин, белг̄радј'ани* Бап. Во последниве случаи изразен е стремеж да се задржи основата низ целата парадигма (*брод* : *бродјанец*).

Нема единство на леринскиот терен ни во поглед на резултатите од групите *-т̄ј-, -дј-* (од постарите **tьj, *dьj*). На поширок ареал место *-т̄ј-* наоѓаме /*ќ*/, одн. /*јќ*/: *брајќа* ЕСу, ГКот, *браќа, цвеќе* Нев, ГКот, *т̄реќи* Нев, но и: *брат̄ја, брат̄је, п̄рат̄ја, сфат̄ја, т̄рет̄и* Бап. Групата *-дј-* се задржала неизменета во јужниот дел на областа, додека во посеверните села место неа има /*ѓ*/, сп. *л'удје* Нев, *г̄редје, г̄р̥м'адје* Бап, *дјавол* Нев, ГКот, Пат, и *ѓавол, лаѓа, л'ујѓе, л'ујѓа* Сак, Опц, Попл, Гор, Нев.

Фонемите /*ќ, ѓ*/ во одделни села се добиле и со палатализација на веларите /*к, г̄*/ пред предните вокали, сп. *ќит̄ка, саќе, виќе, ѓине, ноѓи* (в. стр. 130 и 131).

Нивната фреквенција уште повеќе ја зголемуваат бројните туѓи лексеми, сп. *дујќан, ќумур, ќош, ќемер, ѓон, ѓол', ѓувезно,* и др.

**n'*. – Фонемата **n'*, видовме, на поголем ареал од леринскиот говор се дефонологизирала со просто затврднување во /*н*/ или со антиципација на меката компонента преку гласот /*ј*/, сп. *кон, бана, Б'аница, – којн, којнцко, бајна* Попл, *дејна, јад'ејне* ГКот, *сир'ејне, дујна, којн* Зел, *којнар, кам'ејна, јад'ејне, п̄ил'ијн'а – п̄ил'ина, деч'ина* Сак, *дејна, ор'ајне, т̄ел'ијна* Гор, *којн, деч'ина* Пат. Во одделни пунктови во некои случаи /*ј*/ не се метатезира, туку останува зад /*н*/, така што се создава секвенца /*нј*/: *мăнја, т̄инја, т̄р̥нја,* покрај *бајна, сајна* Попл, *т̄ел'инја, т̄ем'инја* покрај *јад'ејне* ГКот, *синјак, т̄ăрнја,* но *којн, бајна* Зел, *т̄рăнја* Пат. Веројатно се работи за тенденција и во овој тип образувања да се осамостои наставката *-ја (т̄р̥н-ø* : *т̄р̥н-ја*). Оваа појава може да се следи и во соседните битолски села на правецот Драгош – Канино – Живојно.

**х*. – Гласот *х* е констатиран само во лексемите: *ст̄омах* Бан, *дух'овден* Зел, *х'азнат̄а* Нев. Во другите случаи тој се загубил или е заменет со друга фонема.

Наполно *х* се загубило во сите случаи во иницијална позиција. Во интервокална позиција само во секвенците со /*у*/ како прв член *х* е заменето со /*в*/: *г̄луво, мува, сувар, п̄аз'ува, руво, уво,* покрај *уше* Бап, Арм. Во другите случаи исто така *х* > *ø* : *сна:, ст̄реа, ојд'оа,* итн. Поголемо шаренило наоѓаме во врска со овој глас во финална позиција и пред консонант. Во северниот дел на говорот, особено на пограничјето со битолскиот говор, на крајот место *х* најчесто се јавува /*ф*/: *меф, Влаф, г̄раф, п̄раф, моф, буф, рекуф, викаф, змеф, ореф, очуф, п̄ердуф, суф,* и само во по некој пример *х* > *ø*, сп. *вр̥, ст̄ра* Арм, *ст̄ра, сир'ома, ни* Сак. Во јужниот дел на областа *х* > /*ф*/ редовно кога се наоѓа зад вокалот /*у*/: *буф – буф'ови, г̄луф, суф, кожуф, п̄ердуф* Бап, *г̄луф, кожуф* Бан, *суф, очуф* Зел. Зад /*а*/ во најголем број случаи *х* се загубило наполно при што вокалот /*а*/ малку се удолжил, сп. *Вла:, вра:, ст̄ра:, сир'ома*: Нев, ГКот, Бан, Зел. Така е и зад /*и*/ и зад /*р*/: *ни:, вр̥: – вăр.* Зад /*е*/ во одделни примери во разни пунктови можат да се сретнат различни резултати, сп. *г̄рej, орej* : *меф* Бан, *ме:* Зел, *орej* : *г̄ре:* : *змеф* ГКот, *ореф* 'плодот': *орај* / *орej* 'дрвото' Зел. – Во 1 л. едн. на минатото определено време во северозападните села има /*ф*/: *викнаф, дојдуф* Арм, *п̄улеф* Лер, *имаф* ГКот, а во источниот дел оваа форма завршува на *-ø* : *викна,*

реку Ас, *дојду* Попл, *изг'оре, дојду* Зел, *бе* Пат. Во говорот на селото Бапчор во односнава форма *х* е заменето со *к*: *викнак, паднак, умрек, собрак, нап'исак, напр'авик, ојдук, рекук* покрај *ојду, реку* (аорист), *седек, јадек, учек, спиек, пеек, виќек, саќек,* поретко и *виќе, саќе* (кај глаголите од *а*-група).

И пред консонант во најголем број случаи *х* се загубило наполно на поголем дел од леринското подрачје. Сп. *дуна, здина, ма:на, огл'уна, нино, мула* Сак, *чели* Арм, *мул'ија, мул''осан* Попл. Исто така *х* редовно се губи во 1 и 2 л. мн. на минатото определено време на сета територија: *б'е:ме – б'е:те, седн'а:ме, рек'о:ме – рек'о:те* Бап, *викн'а:ме викн'а:те, дојд'о:ме* Зел, *вид'о:ме – вид'о:те* Ас, *згреш'и:ме – згреш'и:те* ГКот, *отид'о:ме* Нев. Во оваа позиција *х* е заменето со */ф/* во лексемите: *'офтика, нофти* (< *нохти* < *нокти*), *пифт'иа, тофтаб'ита* (на сета територија), и уште во по некој пример во граничните села со битолскиот говор, сп. *буфна, пафна, крефко, пофти* Сак. Во неколку примери *х* > */ј/* и во ова позиција, сп. *мејлем, чејли* (на поголем ареал), покрај *чели* Зел, ЕСу, во неколку пункта и во *нијно* Попл.

s. – Старо */s/* е секако во оние позиции каде што тоа алтернира со */г/*, на пр. *нosи, пол'osи, бел'esи* (: *нога, полог, белег*), *блase* (: *благ*). Во *пај'asи* Зел тоа е аналошко. Во ред случаи на леринскиот терен се добило и ново */s/* од */з/* по фонетски пат во група со сонантите */л, р/* и со */в/*: *сălsa* ГКот, *sвезда, sвонец, sвиска* Нев, ГКот, потоа во *'osгора* Опц, и во некои туѓи лексеми: *севгар* Попл, Гор, *бysа* Зел, *бysи* Нев.

ц. – Нов е од историски аспект африкатот */ц/*. Освен во туѓи лексеми тој се јавува и место */ж/* пред деминутивната наставка *-е* кај именките каде што */ж/* алтернира со */г/*, сп. *ноце, бреце, полоце, стоце, роце* (: *нога, брег, стог*). Така во оваа позиција старата корелација */г/* : */ж/* се изменила во */г/* : */ц/*. Освен тоа на поширок ареал */ц/* се јавува и во секвенцата */жц/*: *вежци, сажци* и др., или без */ж/* во *гл'уцо* Зел; сп. уште *стецер* Бан, ГКот, Сак.

Консонантски промени. – Од консонантските промени релевантни за дијалектната диференцијација во јужните македонски говори се јавуваат:

– замената на групите */бн/* и */вн/* во */мн/*: *демне – демни, земни, – гламн'ица, огл'амник, од'амна, племна* Сак, покрај *плевна* во Попл, *мнук* Опц, покрај *внук* во Сак и *фнук* во ГКот, Зел, Пат;

– африкатизацијата на */с/* во */ц/* во групата */пс/*: *пцов'иса* Гор, *пцо'иса* Попл, но и *спипса* Пат, *спипс* Сак, *тепс'иа* Гор, Зел, како и во секвенци од *сонант + ск(и)*: *волцко, леринцки,* и др.;

– африкатизацијата на */ш/* во */ч/* во секвенцата */пч/* : *пчен'ица, пченка* Гор, покрај *ченка, чен'ица*;

– асимилацијата на */ш/* во секвенцата */сч/*: *мошче, фешче, пој'ашче.*

Посебност за леринското подрачје претставува гласовната група *цере-* место *чре-* во примерите *цер'ево, цер'ена* Бап, ГКот, *цир'ево* (< *цер'ево*) Зел, покрај *црево* Ас, *црена* Арм, и *чрео* Нев. Меѓутоа, во *чер'еша* Бап, Зел, *чер'ешар* Бап, *чер'еши* Попл постарата секвенца *чере-* се задржала, или се видоизменила во *стре-* : *стреша* Сак, Пат, со дисимилација преку *цреша* > *среша* > *стреша* (групата *-ср-* се пополнила со *т*). Очигледно во случаите со *цере-* се работи за вкрстување на групата *цре-*, која е карактеристична за соседниот битолски и воденски говор, и *чере-*. Дека се работи тука за меѓудијалектен феномен пока-

жува и географската распространетост на групата *цере-*. Таа се среќава на сето пограничје меѓу битолското и леринско-костурското подрачје, а на битолскиот ареал до линијата Барешани – Буково – Дихово – Ѓавато.

Од другите поситни промени што се јавуваат во одделни лексеми ги одбележуваме преку примерите: *врапец* (: *врапци*) Зел, *'обрасо* (: *обрас*) Пат; *гр̆тлан* Попл, *гъртлан* Зел; *доцкна* Пат; *лувен'ица* (*лубеница*) Арм, *мр̆д'овец* (*мр̆товец*) Бан; *чежма* (*чешма*) Зел, Пат, *шл'ифкоа раќ'иа* ГКот.

Метатеза – готово редовно се врши во секвенцата */рă/ > /ăр/*: *пăрт, пăрчка, стăргa, обăрч, гăрди* Зел. Со извршена метатеза се јавуваат во одделни пунктови лексемите: *гарван, к'оделе* (коледе) Попл, *појар* (*порај < порој*), *појл'ак* (*пол'јак*), *ол'омнани* Зел, *бăлда* (*блăда*) Опц. Во некои села метатеза е извршена и во групата */зј/*: *лојзе, грojзе* Сак, ГКот, покрај *лозје, грозје* и *лозе, грозде* во Зел. Порано спомнавме за случаите со групите */јн, јќ, јѓ/*.

Алтернации. – Од консонантските алтернации како покарактеристични за леринското подрачје се јавуваат следните: */г/ : /s/* кај именките и придавките, сп. *ногa : нose / нosи, б'елегo : бел'esи, п'ологo : пол'osите, п'аегo : пај'asите, благo : блasи,* но и *благ'и; /г/ : /ц/* пред деминутивната наставка *-е* кај именките, сп. *ногa : ноце, брегo : бреце* и *рогo : роц'ина*; */ш/ : /с/* и */ж/ : /з/* кај глаголите во формите за сегашно и минато определено време: *пиши : (на)п'иса, кажи : каза*, и др.

Губење на гласовите во одделни позиции. – Испуштањето на вокали е ретка појава, и до колку се јавува, таа е ограничена на мал број примери. Во почетна позиција се испушта вокалот */о/* во лексемите *пашка* (*опашка*), *пинци* (*опинци*) и во заменските форми *вој, ваа, воа, виа.* Има по некој случај со загубен вокал на крајот, сп. *З'алеј в'ода да с* (*да се*) *нап'ија* Нев (Mazon, 1923 : 84), *не м'ож* (*може*) *да 'ида.*

Почести се случаите во кои се загубиле одделни консонанти.

Во интервокална позиција често се испуштаат во леринскиот говор согласките */в, ј, д/*, а во поограничен број примери и */г, к, з, м/*.

Загубата на консонантите */в, ј, д/* е жив процес и во леринскиот говор. Најмногу напреднал процесот на губењето на */в/*. Овој глас се губи под истите фонетски услови како и во западните говори (Конески, 1948), сп.: */ови/ бл''удоi̯, н'осоi̯, цоi̯са* (*пцовиса*), *слив'оi̯ца, сур'оi̯ца, пас'ошиче, /ове/ по'есмо, појќе* (*повеќе*), *чоек – чојек, Кучк'оi̯ни* (*Кучковени*), *појли* (*повели*), */ова/ тоа, тоар, ко'ално, н'егоата, в'ујкоа, осн'оа, /ово/ д'едо:* (*дедово*), *б'уко:* (*буково*), *н'его:* (*него́во*), */иво/ биол'ица, лиот, жиот, /ево/ Не'олани, н'алеок, п'илео месо, чрео, /аво/ кр'астао – кр'асто:* (*краставо*), *'убо:* (*убаво*), */ави/ вал'аi̯ца* (*валавица*), *рак'аи, кап'аi̯ца, праi̯ш* (*правиш*) Сак, */ава/ прајам* (*праам < правам*), *гла:* (*глава*), *'уба:* (*убава*), */аве/ леп'аец, тег'аец* Попл, Сак, Арм.

Губењето на консонантот */в/* како активен процес го зафатил сето леринско подрачје каде што носовката **ǫ* е заменета со */а/*. Колку што се оди пона југ и пона исток од таа граница случаите со загубено */в/* стануваат сè поограничени. Најдлабоко продреле случаите со загубено */в/* во множинската наставка */ови/*, сп. *нож'ои, леб'ои* Зел, покрај *стол'ови, вол'ови, вăр'ови.*

Сонантот */ј/* се губи во групата */оја/* кај глаголите од типот *броам – броат, стоат, кроат,* многу често тој отсуствува во групата */ија/*: *пиан, спиат, при'ател* Сак, во одделни лексеми и во други групи, сп. *'одаата,* топ. *'Осоо* (: *осој*), *'Одаата* Сак.

Согласката /д/ се губи во интервокална позиција кај некои глаголи, сп. *јајш* (*јадиш*), *ґрејш* (*ґредиш*), *а зе* (*зеде*) *чупаа,* па во десетичните броеви: *двајсе, пеесе* Сак.

Гласовите /*м, ґ, к, з, ж*/ се испуштаат во по неколку лексеми, сп.: *зеам* (*земам*) Попл, *ијам* (*имам*) Арм, Попл; *лајца* (*лажица*); *Нер'ешиште* (*Нерезиште*) Бан; *коа, сеа, нео о* покрај *неґо ґо, др'ујите* (*друґите*) Сак; *туа* Нев, *деа беше* (*дека*) Сак, Арм.

Во консонантски групи се испуштаат: /*в*/ пред /*д*/ во лексемите *доец* Опц, *довец* ГКот, *дов'ица* Попл, *надур* (*надвор*) Нев, пред /*н*/ во *натре* (на поширок ареал) и пред /*ч*/ во *чера.* Многу често /*в*/ се испушта и во предлогот 'во': *Пикни се там о кофчеґо* Арм (Mazon, 1923 : 122). /*д*/ се испушта во групата /*дн*/ во лексемите *ено* (*едно*), *зајно* (*заедно*) Зел, и пред /*л*/ во *сфърле* ЕСу, Зел. /*м*/ се загубило во прилогот *ноґо* Арм, *ноґу* Опц, Сак, ГКот. /*ц*/ се испушта во почетните секвенци /*ц, ч*/: *ци* (*цци*) Сак, *цојса* Нев, *цо'исан* Сак, *чен'ица, ченка, ченкен* ГКот, но не насекаде, сп. и: *цов'иса, чен'ица, ченка* Гор.

Готово на сето леринско говорно подрачје се испушта /*т*/ на крајот во групите /*ст, шт*/, сп. *ґрс, прс, лис, приш.* Во бројни случаи /*т*/ се испушта на крајот на збороформите и зад вокал, сп. *ґосо,* покрај *ґосп, пајра, креве* (*кревет*), *лако* ЕСу, *наза* (*назат*), *најре, понајре* Нев, ГКот, редовно во десетичните броеви: *дв'ајсе, тр'иесе, сед'умдесе, дев'едесе, чет'ирдесе* Зел, како и во членската морфема за м. р.: *лебо, к'амено.*

Во иницијална позиција освен /*в*/ во предлогот 'во' и /*ґ*/ во кратката заменка 'го' се испушта /*ј*/ во акузативниот облик од заменката 'таа', сп. *А виде женаа, а зе сабјаа* Нев; сп. уште: *абалкоо* Пат, *астел'ит* Зел.

Епентеза. – Гласот /*ј*/ во интервокална позиција кога не е во граматичка функција се изговара многу слабо особено во соседство со предните вокали, многу често и се испушта, но понекогаш и се вметнува за да се пополни зевот особено кога се чувствува потреба да се избегнат разни видови асимилации. Такво хијатско /*ј*/ има во примерите: *смеја, стреја, машч'еја, снаја* Бап, *ијам, прајам, чојек, Кучк'ојени, сеја* (*сеґа*), *друји* (*друґи*) Сак, *што ќе ми јајиш на мене* Нев (Mazon, 1923 : 84), *поп'ајата,* понегде и во 3 л. мн. на минатото определено време: *им'аја едно дете* Нев (Mazon, 1923 : 116), *ќе беґ'аје* (Mazon, 1923 : 110).

Прозодија

Фонетски должини во леринскиот говор се јавуваат само спорадично во одделни лексеми и тие настанале на три начина: а) со контракција на две исти самогласки, сп. *ва:* (*ваа*), *та:* (*таа*) Арм, Нев, *ви:ме* (*видиме*), *ґла:* (*ґлава*), *сна:* (*снаа*) ГКот, *мина:, лита:* (*литаа*) Нев, *ода:* (*одаа*), *сна:* Жел; б) со компензација по загубата на /*х*/ во 1 и 2 л. мн. во минатото определено време во југоисточните села, сп. *вик'а:ме, нос'и:ме, вик'а:те,* и во некои други одделни лексеми, на пр. *стра:, ґре:, вр:, че:ли* Жел; и в) во секвенците [*о:i̯, а:i̯*] кои се добиени со десилабизација на вокалот /*и*/, сп. *ґр'обо:i̯те, бул'а:i̯ца, 'оздра:i̯* (*оздрави*) Нев.

Акцентот фонолошка функција исполнува само при морфолошкото диференцирање на сегашното и минатото определено несвршено време во некои села, сп. (презент) *в'икате, к'опате* : (имперфект) *вик'ате, коп'ате* Пат, Ас, ГКот, Попл.

Во леринскиот говор акцентот е ограничено слободен со тенденција да се задржи на пенултима и антепенултима, како што е случајот во тиквешко-мариовските и костурските говори. На затворена ултима може да се сретне само во одделни лексеми. Тие се, главно, повеќесложни придавски образувања на *-ав, -лив, -ит*, сп. *козин'аф, г̄орчел'иф, естел'ит / астел'ит* Зел, и некои сложенки од типот *белог̄л'аф, тврдог̄л'аф, црно'ок, белол'ик, г̄лувон'ем,* во по некоја сложена именка, сп. *петоп'рс, листоп'ат, г̄розјоб'ер, водоп'ат* Попл, *Скочив'ир* Нев, а во југоисточните села можат да се сретнат и други одделни примери со акцент на крајот, на пр. *заг̄раб'ej, покос'ej* Зел, *ег̄лен'ар* Круш, и по правило во турските заемки, сп. *из'ин, сург̄'ун, буч'ук, мил'ет, дем'ек, катр'ан, фил'ан* Нев.

Во огромното мнозинство примери, а во северозападниот дел на областа готово во сите случаи, стариот акцент од затворената ултима се повлекол на пенултима, сп. *ч'овек, 'офчар, воден'ичар,* кај придавките: *з'елен, б'ог̄ат,* кај глаголите: *п'аднат, 'имал* и др. Во формите со отворена ултима од истите лексеми акцентот го задржал старото место. На тој начин се добил еден нов модел со нов тип на подвижен акцент стабилизиран на пенултима во парадигматските зборови, сп. *ч'овек – чов'еци, 'офчар – офч'ари, воден'ичар – воденич'ари, з'елен – зел'ена / зел'ени, б'ог̄ат* : *бог̄'ата / бог̄'ати, п'аднат* : *падн'ати, 'имал – им'ала / им'але.* По аналогија на овие образувања дошло до промена на акцентското место во множинските форми и кај оние зборови што имале акцент на пенултима. На тој начин стариот парадигматски модел кај зборовите од типот *д'евер – д'евери, к'амен – к'амење, ј'авор – ј'авори, в'исок – в'исоки* се нарушил и се изедначил со претходниот, значи се добил моделот: *д'евер – дев'ери, ј'авор – јав'ори, к'амен – кам'ење,* кај придавките: *в'исок – вис'оки, б'ог̄ат – бог̄'ати,* итн. Во новиот модел (со стабилизиран акцент на пенултима) се вклучиле и оние именки кои образуваат множина со повеќесложни наставки, сп. *лет – леб'ови / леб'ои, син – син'ови / син'ои, сон – сон'ишта / сон'ишча, рит – рид'ишча,* и кај именките од с.р. како: *п'оле – пол'иња / пол'ија.* Новото поместување на акцентот во оваа фаза не се проширило на вокативот, на избројаната множина и на определените форми кај именските зборови. Така новиот подвижен акцентски модел го има следниов вид:

л'ет – л'ебо : *леб'о(в)и – леб'о(в)ите,*
с'он – с'оно : *сон'ишча – сон'ишчата,*
воден'ичар – воден'ичаро : *воденич'ари – воденич'ариte,*
з'елен – з'еленјо : *зел'ена – зел'ената, зел'ени – зел'ените.*

Во зборовите со отворена ултима акцентот веќе порано бил пренесен, така што во оваа фаза од акцентското поместување тие не биле засегнати, сп.

ж'ена – ж'ената : *ж'ени – ж'ените,*
кол'ено – кол'еното : *кол'ена – кол'ената.*

Извесни промени во акцентското место се извршиле и кај именките со стариот акцент на почетниот слог. На поширок ареал од леринскиот говор во тие зборови акцентот се повлекол на пенултима, сп. *вервер'ица* (< *в'ерверица*), *крастав'ица, ластов'ица, ластов'ичка, кукав'ица, би(в)ол'ица, г̄ушчер'ица.* Исто така акцентот се пренесол на пенултима во некои локални говори и кај дел од именките со стариот акцент на третиот слог од крајот, на пр. *машч'еа, бур'ина, нов'ина, еж'ица, вист'ина, јаб'ака* Сак, *јат'рва, јаб'ăка, машч'еа* ГКот.

На третиот слог акцентот се задржал уште кај еден мал број именки (во неопределената форма), сп. *п̄р'емрежа, з'абица, п̄'азуа, с'аботa* ГКот, *'офт̄ика, к'оделе* (< *коледе*), *ј'ат̄рва* покрај *јат̄'рва, з'аног̃а* Попл, кај повеќе придавски образувања на *-ов, -ин, -ски,* сп. *д'ожоа в'ода, в'ăлкова к'ожа, д'абово д'рво, т̄'аткоа, в'ујкоа, ов'езово, п̄'илео м'есо* ГКот, *р'ибино м'асло, м'ајкино, г̄'ускино, з'аечко, кр'авешко мл'еко* Попл, *ј'аг̃нешко*, и др., во десетичните броеви: *дев'едесе* ГКот, *сед'умдесе, дев'еесе* Гор, кај глаголите во 1 и 2 л. мн. на презентот: *в'икаме – в'икат̄е,* во заповедниот начин, сп. *в'икај – в'икајт̄е, с'еди – с'едет̄е* Буф, *р'ечи – р'ечит̄е* ГКот.

Така на поголем дел од леринскиот говор акцентот е ограничен на претпоследниот слог и на третиот од крајот. Само во одделни случаи тој се задржал на четвртиот, и тие се, главно, членувани именски форми, или пак прилошки образувања, сп.: *с'еденичкум п̄л'аченичкум* Попл, *д'ебелат̄а, 'ужинат̄а* Круш, *с'аботат̄а, 'офт̄икат̄а* Зел, Гор.

Двоен акцент на поголемиот дел од леринското подрачје се среќава само во степенуваните придавски и прилошки форми, сп. *п̄'о'арен, п̄'овис'око, н'ајск'ат̄о,* и во некои двочлени сложенки, како, на пример: *м'ăчет̄'ăче* Попл.

Што се однесува за акцентот на предлошките синтагми треба да одбележиме дека и на леринскиот терен се среќаваат примери со пренесен акцент врз предлогот, сп. *з'а-рака, к'рз̄-река* Попл, *н'а-ни* ГКот, *'од-ни* Нев, но тие не се многу чести.

Од претходново излагање произлегува дека на леринското говорно подрачје паралелно егзистираат два модела на акцентирање – еден модел со морфолошки фиксиран акцент во парадигматските зборови, сп. *нед'ел'а – нед'ел'и – нед'ел'ат̄а – нед'ел'ит̄е, естел'ит̄ – естел'ит̄а – естел'ити – естел'итио – естел'итат̄а – естел'итит̄е,* презент: *'орам – 'ораш – 'ора – 'ораме – 'орат̄е – 'ораа(т̄),* и еден модел со фонетски фиксиран акцент на пенултима со извесни ограничувања (кај именската флексија само во неопределените форми), сп. *ж'етвар – жетв'ари (: ж'етваро, два ж'етвара – жетв'арит̄е), з'елен – зел'ена – зел'ено – зел'ени (: з'еленио – зел'енит̄е), н'осен – нос'ена – нос'ено – нос'ени (: н'осенио – нос'енит̄е), в'икал – вик'ала – вик'ало – вик'але.*

Нешто е посложена акцентската ситуација во северозападните леринси села на правецот Желево – Арменско – Буф – Опцирина. Тие села се наоѓаат токму на пограничјето со битолскиот говор во кој акцентот е фиксиран на третиот слог. Затоа во нив се мешаат акцентски модели со фиксиран третосложен акцент, со фиксиран второсложен акцент, со парадигматски второсложен и парадигматски третосложен акцент. Во резултат на тоа вкрстување се забележуваат две иновациони појави – во едни села се генерализирал иницијален акцент, значи фиксиран на почетниот слог, а во некои пунктови четиресложните и повеќесложните збороформи акцентски се разбиваат на две ритмички целини со појава на еден секундарен акцент. Најдобро акцентската ситуација во тој дел на леринскиот говор ни ја илустрираат следниве примери: *офч'аро* : *г̄ов'едар, су-д'ачи, ез'еро, п̄ри Кост̄'адин, две куч'ин'а, цвеќ'ин'а, чен'ица, кол'ожек, бит̄'олцко, нем'аше, măч'еше, собр'аа, дон'есу, от̄ид'оме, изрон'ае, п̄о'елвам : н'ег̃оа, Р'истоса, кам'ењет̄о, в'икаје, 'има с'обрано; н'ег̃оват̄а, дј'аволит̄е, г̄р'обој̄т̄е, км'етој̄т̄е, р'аз̄говорил, р'асип̄-ме, н'е-г̄о-најд'оа, н'е-виде, с'о-рет̄, 'од-ни, п̄р'ини* (сите примери се од Неволјани, сп. кај Mazon, 1923); примери од Арменско:

уб'ава, сед'еше, им'аше, по'елва, не умр'ела, умир'ачка, месеч'ината, с'ăнцето, донес'ете (2 л. мн. заповеден начин): *н'еѓоаѓа ж'ена.* Во говорот на с. Буф покрај примерите со акцентот на третиот слог, сп. *јар'ебица, четв'орица сл'уѓи, во-ѓрад'ината, кор'итото, изб'еѓаја, напр'авиле, да-ѓо-зак'олиме,* наоѓаме и примери со иницијален акцент, *на-К'остадина, в'ечераѓа, с'абајлето, п'ополата, н'апоследно, н'аопаку, п'онаѓоре, п'одебела.* Во пунктот Опцирина на тој план е постигната поголема регуларност. Акцентот може да стои на вториот и на третиот слог од крајот, сп. *близн'аци, црв'еник, брач'еди, нев'еста, цуб'еро, свек'рва, поп'ара, јаб'ăка, нов'ина, ѓод'ина, ез'еро, им'аше, се-ос'уна – м'ашчеа, п'адина, б'учало, р'ечиште,* и др. Меѓутоа, на четвртиот слог и понапред акцентот не може да стои дури ни во членуваните именски зборформи. Во такви случаи се јавува нов, секундарен акцент и по таков начин фонетската акцентска единица се дели на две ритмички целини, сп. *'Опцирина, ф'амилија, п'осестрима, в'оденица, к'опилин'а, м'есечина, пријат'ели, з'анеса, 'испоболи,* во членувани форми: *б'оринаѓа* (: *б'орина*), *н'евестаѓа, свекрв'аѓа, ч'упишчаѓа, б'удалаѓа, п'опајаѓа, 'ајваните, д'еницаѓа, помал'ите, најѓолем'ио,* и во синтагматски акцентски единици: *н'а-дрвото се к'ачи, к'ај-браѓа-му, н'е-велиме, н'е-можеме.* Во вакви случаи двата акцента се дистрибуираат така, што едниот паѓа на иницијалниот слог, а другиот стои на пенултима, сп. *б'оринаѓа* : *б'орина, пријат'ели* : *прij'ател, свекрв'аѓа* : *свек'рва, најѓолем'ио* : *најѓ'олем.* Вторичниот акцент, како што упатуваат приведениве примери, може да се јави и зад примарниот, ако зад него има три неакцентирани слога, сп. *б'орина* : *б'оринаѓа,* и пред примарниот, но тогаш тој оди на иницијалниот слог, а истовремено се поместува на пенултима примарниот, сп. *прij'ател* : *пријат'ели, свек'рва* : *свекрв'аѓа, најѓ'олем* : *најѓолем'ио.*

Нова фаза во поместувањето на акцентот можеме да следиме во говорот на селото Желево. Тука имаме веќе стабилизиран акцент на почетниот слог на зборформите без оглед на бројот на слоговите, сп.: *пл'анина – пл'анинаѓа, ц'ерево – ц'ереваѓа, з'аѓледа – з'аѓледаме, п'олоина – п'олоинаѓа, т'упаница – т'упаницаѓа, р'оѓозина, к'иселина, ф'амелија, п'араќерка, ц'уберинка, н'арăквица, сф'ăршеница, с'оларница, 'оѓледало, ѓ'одиначе, с'ирачина, п'ерничина, т'енцерина; ј'азичето, т'емелите, ц'уберинките, ч'ерешово д'ăрво, т'атковото, 'исчешл'аме, з'аборавам – з'абораваме, 'изметоме, 'изедоме, 'изедоте, 'изедое,* во предлошки синтагми: *п'од-нофти, н'а-тиѓан, з'а-рака, п'о-ѓла:* (*ѓлава*), *п'оулица, н'а-петулца.* Во четирисложните и повеќесложните зборформи понекогаш може да се чуе и еден слаб секундарен акцент. Таков акцент имам забележано во зборформите: *сф'ршеница, с'апуница, ч'ешминаѓа, л'опаѓата, н'арекаѓа.* Ваков акцентски модел (со иницијален акцент) наоѓаме и во битолското село Драгош, кое непосредно граничи со селото Опцирина. Сп. оттаму примери: *'Америка, ѓ'авашани, ѓ'улабарник, к'окошарник, к'аменливо, з'акадено, 'исабено,* во членувани зборформи: *б'иолите, ј'адицаѓа, к'окошките, л'исицаѓа, к'илимите,* петосложен: *с'иромашчија.* Во овој ред би дошле и примерите како: *н'ожоите, в'олоите, в'одеинца – в'одеинцаѓа, н'аираиле,* кои во другите, посеверните битолски села имаат акцент на пенултима *(вод'еинца, вол'оите, напр'аиле).* На ист начин во Драгош се акцентираат и синтагмите од типот *д'оѓерај-ѓо, н'е-бериме, н'е-жнијеме.*

Уште подоследно на иницијалниот слог паѓа акцентот во говорот на костурското село Ошчима, кое непосредно граничи со леринското Желево, како и во селото Рулја, сп.: *б'иолица, в'ерверица, ј'арамбица, л'астаг̄арка, н'еестул'ка, п̄'еп̄еруг̄а, ч'емерика, к'иселено, ш'ирочина, б'уништарец, г̄'улуп̄арник, г̄'оендари, м'очаришче, т̄'енцерина, м'амелеџија,* членувани: *в'исочината, р'амената, к'ошул'ата, н'есолени – н'есолените,* кај глаголите: *п̄'оседоме, 'обуеме, 'облекваше, 'излег̄оа, п̄'омислија,* во синтагми: *н'а-оранје, н'а-дрвото* (Ошчима), *в'ечерница, в'алевица, к'овачница, н'аметнина, б'ишурчина, р'еп̄ушина, л'остовите, бр'ег̄овито, з'авет̄ерно, 'есенова п̄рчка, в'ет̄ричао, к'озинени ч'орап̄и, 'ист̄руг̄аме, 'ист̄руг̄ае, 'олади-се* (Рулја).

ГРАМАТИКА

Именки. – Родовата категорија кај именките од ж.р. на консонант е уште жива, иако има тенденција некои од именките да преминат во м.р. Како оди процесот најдобро ни го илустрира именката *кăрф / кр̥ф,* која во членуваната форма е од ж.р. – *кр̥фта,* а множина образува со наставката *-о(в)и* : *к'р̥вој̣ / кр̥в'ови.* Со атрибутска определба се јавува и во машки и во женски род, сп. *лош кр̥ф* и *лоша кр̥ф.*

Од множинските форми во процес на губење е избројаната множина на *-а* кај именките од м.р. на консонант, сп. *два п̄ет̄ли, два леб'ој̣, два заби* Сак. Во некои села овој процес е веќе завршен.

Збирната множина е жива категорија и најчесто се образува со наставката *-ја,* поретко со *-је,* сп. *кам'ејна, кор'ејна / кор'ејне, др̥вја, крил'ја* Сак, *т̄ăрнје, кам'енјет̄о* Нев, *т̄ăрнја* Зел, *сноп̄ја, бравја, брезја, лисја, класја, т̄рăнја* Пат. За затврднувањето на формите со наставката *-ја* можеле да придонесат и формите на *-а* од обичната множина. Спрема множинските форми *брат̄ја – браќа* Бар, *брајќа* Сак, преобразувана е и множината *л'уг̄́а* Зел, Пат, која се среќава паралелно со разновидностите *л'ујг̄́е* Сак, *л'уг̄́е* Бор, *л'удје – л'удјет̄о* Лер, Нег.

Збирната множина кај именките од женски род се среќава во најсеверните села гранични со централните говори, сп. *лив'ајг̄́е* Бор, *нивја* Сак. Во појужните села овој тип множински форми се веќе доста ретки.

Од множинските наставки од дијалектен аспект интерес претставува *-ови,* која во северните лерински села се јавува во фонемската разновидност *-ој̣,* поради тоа што таа се шири и за сметка на наставката *-овци,* сп. *два вол'ови* Лер, *нос'ови* Зел, *бик'ови* Ч, *г̄р'обој̣ – г̄р'обој̣т̄е, н'ожој̣* Нев, *ст̄ис'ој̣* ГКот, Бор, Сак, па и: *дед'ој̣, вујк'ој̣, чичк'ој̣, т̄ат̄к'ој̣, шур'ој̣,* покрај *шури* Сак.

Од именките 'нога, рака' множинските форми завршуваат на *-и* : *нosu, раци / рăци.* Северната изоглоса на овие форми навлегува и на битолскиот терен опфаќајќи ги селата што се наоѓаат источно од линијата Негочани – Брод – Скочивир. Старата двоинска форма *раце* забележана е во с. Желево, а од 'нога' во истото село се констатирани и двата облика: *нosu* и *нose.*

Во говорот на с. Бапчор множинската форма од 'дете' гласи *деци,* како во костурскиот.

Во поглед на вокативната форма нема единство на леринскиот терен. Во јужните села таа се изедначила со номинативната и со нешто поизменета инто-

нација. Во северниот дел на областа вокативот се образува како и во централните говори, сп. *Стојане*! *Маро*! *Стојанке*!

Категоријата определеност кај именските зборови се изразува само преку членот *-о (-та, -то, -ти, -те, -та)*: *брего, ножо, ч'овеко, дело* (и само така на целата територија), *жената, детето,* итн. Членски форми на *-ов* и на *-он* на леринското говорно подрачје не се употребуваат. Нивната јужна изоглоса завршува на битолскиот терен и оди приближно во правецот Живојно – Барешани.

Во суфиксалната деривација кај именките во овој говор прават впечаток образувањата од типот *Србен, Русен, Турчен, Франц'узен* во Зеленич и личните имиња од ж.р. изведени од името на мажот со суфиксот *-(в)ивца* : *Дон'евифца, Петрифца* (< *Петревифца*), *Ник'олифца.* Гласот /в/ се јавил веројатно со наслон на посесивните придвки на *-ов* (*Доне* : *Донева жена* > *Донев-ивца, Никола* : *Николина жена* > *Никол-ифца*). Овие образувања се почести во говорот на с. Чеган.

Од суфиксите со чувствен однос го истакнуваме продуктивниот деминутивно-хипокористичен суфикс *-уле* : *детуле, косуле,* како и суфиксите: *-ка, -иче, -ушче, -инка, -ина,* сп. *шам'ијка, пърст'иче* Зел, *крав'ушче* Сак, *пат'инка, мост'ина* 'мал мост' Попл. Пејоративно-аугментативниот суфикс *-ина* почесто се среќава во источните села, гранични со воденскиот, сп. *ајдуч'ина, бивол'ина, уфчар'ина* Ч.

Заменки. – Лични заменки се: *јас / јаска (мене ме – ма, на мене ми), ние / ни(ј)а (нас – наска не / на, на нас / наска ни); ти (тебе те / та, на тебе ти), вие / ви(ј)а (вас / васка ве / ва, на вас / васка ви); тој / он (него – нео го / о / гу, на него му), тоа / това, таа / таја / она (неа ја / а / га, на неа – нејзе му / и), ти(ј)е / ти(ј)а / они (ни / ниф / неј и / ги, на ни / ниф му);* лично-предметните гласат: *кој (која / коа, кое / којо), некој / некој, еркој, никој / никој, секој / секој / сфекој, што / шчо, нешто / нешчо, ништо / ништчо, сешчо, чи / чиј (чија / чиа, чие / чијо)*; демонстративни се: *тој (таа / таја, тоа / то / това), овој / вој (ва: / ваа / ваја, во / воа / вова), тој тамо (това тамо),* ретко *оној,* мн. *тие / ти(ј)а, вие / ви(ј)а*; со присвојно значење се употребуваат: *мој (моја, мое,* членувани: *мојта, мојто), твој (твоја, твое), н'егоф* (член. *н'егофјо*), *нејн (нејна, -о, -и)* и *нејзин, наш, ваш, нин;* сп. уште и: *сам / сам (сама / сама, само / само, сами / сами), сфе, се, сфички, чума* (*чума ти е* Бап).

Заеднички форми за сето леринско подрачје се *јас / јаска, ти,* дативните форми со 'на': *на мене ми, на тебе ти,* кратката дативна форма *му* за сите три рода во еднината и во множината: *на него му, на неа му, на ни / неј му,* двојниот систем на демонстративните заменки *тој – вој,* посесивните *нејн, нин,* општата количинска *сам* (во Опц *сам*), и кратката акузативна мн. форма *и* : *ни / неј и виде.* Северната граница на формите со *на* за дативен објект ја преминува говорната граница и оди сè до линијата Брод – Скочивир на битолскиот терен. На леринскиот терен се разграничуваат личните заменки *тој* и *он.* Вторава е ограничена на источните села до линијата Асаново – Борешница – Зеленич. Во овие пунктови се употребуваат паралелно и двете форми. На леринскиот терен поминува и границата меѓу разновидностите *ние, вие* и *ни(ј)а, ви(ј)а.* Таа оди по правецот Воштарени – Забрдени – Екши Су – Зеленич – Бапчор. Источно од оваа линија превладуваат облиците *ни(ј)а, ви(ј)а.* Кратките заменски форми *ме,*

т̄е, не, ве во јужните села се јавуваат во фонетските разновидности *ма, на* ЕСу, Пат и *ма, т̄а, на, ва* Зел. Кратките акузативни форми за 3 л. често се јавуваат во разновидностите *не(г̄)о о, неа а* Сак, Бан, Бап. Понегде се среќава за ж.р. и формата *г̄а,* сп. *неја г̄а виде* Сак. Заменската форма *нејо* покрај *ни* се јавува во североисточните села, сп. *нејо и виде* Сак, *меѓу нејо се скараа* ГКот. Во јужните леринскиот села се забележува тенденција општата форма да се заменува со номинативната, сп. *т̄ој о виду* Зел, *кој г̄о виде, на кој му даде* ЕСу. Демонстративната заменка *оној* ограничена е на најсеверните села (Опц, Буф) каде што може да се јави и во обликот *ној.*

Глаг̄оли. – Глаголската флексија на леринскиот говор во своите основни контури не отстапува поосетно од онаа во централните говори. Овој говор ги познава сите граматички категории карактеристични за западномакедонскиот глаголски систем: видот, времето, определеноста, начинот, резултативноста. Меѓутоа, во него се јавуваат некои посебности како во формалното изразување на некои од тие категории, така и во бројот и фреквенцијата на одделни значења. Така, на пример, овде во голема мера е стеснета употребата на класичниот перфект и плусквамперфектот (со *л*-партицип), што имало за последица и ослабнување и губење на категоријата прекажаност. Во некои јужни леринскиот села на пограничјето со костурскиот говорно подрачје *л*-партиципот и наполно се загубил, како во костурскиот говор, и со тоа автоматски се редуцирал глаголскиот систем, бидејќи сите сложени форми со *л*-партицип се загубиле (класичниот перфект, плусквамперфектот, како и соодветните облици со партикулите *ќе* и *би).* Во резултат на загубата на споменатите форми се проширили функциите на минатите определени времиња и на конструкциите со 'има / нема' и со 'сум' + глаголската *н/т̄*-форма. Формите со 'ке' исто така ги проширале своите функции, бидејќи тие ја презеле во извесна мера функцијата на класичниот потенцијал (со *би* + *л*-формата). Во голема мера во леринскиот ослабнала и функцијата на глаголскиот прилог, а на еден дел од разгледуваното подрачје тој и наполно се загубил, така што во глаголскиот систем во тие пунктови од инфинитните форми функционира денеска само *н/т̄*-партиципот.

Видот̄ на г̄лаг̄олит̄е. – Леринскиот говор има изградено посебен модел во образувањето на несвршени глаголи од свршени. Важна улога за моделирањето игра завршокот на основниот дел на глаголот. Ако основата на свршениот глагол завршува на консонант, несвршениот се изведува со суфиксот *-в(а),* сп. *куп̄-в-а (: куп̄-и), бенд'исва, п̄ок'ажва, ст̄анва, секва (: сечи), п̄озв'ол'ва (: п̄озв'оли), влег̄ва, сонва (: сони), оп̄р'осва (: оп̄р'ости), решва (: реши).* По тој начин се преобразувале и глаголите од типот: *п̄лат̄ва (: п̄лат̄и), фат̄ва, родва (: роди), п̄ог̄'одва, зајдва, најдва* – кои во централните говори го задржале стариот модел со суфиксот *-ја (п̄лаќа, раѓа),* како и оние глаголи од типот: *т̄урва (: т̄ури), зат̄в'орва (: зат̄в'ори), от̄(в)'орва, п̄оф̄т̄'орва, раст̄ов'арва (: раст̄ов'ари).* По таков начин глаголите со суфиксите *-а, -ја, -(ј)ава, -ува* се слеале во еден зборообразувачки модел. Кај глаголите што им завршува општиот дел во свршената форма на *-в-,* поради фонетска усложнетост, има неколку решенија. Во едни локални говори се наложил суфиксот *-ув-,* сп. *заборав'ува, исправ'ува (: забор'ави, испр'ави)* Бап, во други има завршок *-ив*: *заборав'ива, оздрав'ива* – во граничните села со костурскиот, а во трети дошло до удвојување на /в/: *забор'авва*

(: забор'ави), раст'авва (: раст'ави) Ч. Во глаголот *зева (: земи)* фонетската пречка е одбегната со испуштање на назалниот лабијал *(земва > зева).*

Кај глаголите што им завршува општиот дел на секвенца од две согласки (во свршената форма) исто така се наложил суфиксот *-ув-,* сп. *никн'ува (: никни), стигн'ува, кăсн'ува, турн'ува, седн'ува, најд'ува,* покрај *на'одва.*

Свршените глаголи што завршуваат на вокал во основата несвршена форма образуваат на сета леринска територија со суфиксот *-в(а),* сп. *покр'ива (: покр'ие)* Арм, *доб'ива, зав'ива, пов'ива, позн'ава (: позн'ае), разл'ева (: разл'ее)* Бап. Нешто на поинаков начин кај нив несвршената форма е преобразувана во говорот на с. Чеган, сп. *дуб'ија (: добие), зăкр'ија, изв'ајва, укр'ија, ув'ија, răзб'ија, уб'ија (: уб'ие), răзл'еја (: răзл'ее).* Елементот /j/ во секвенцата *-јв-* може да се објасни преку една форма со запазено /j/: *повиј(ам), пови(j)еш.*

На повеќе начина се преобразувани несвршените форми од глаголите од типот 'крсти, прости, гости, греши'. Во некои пунктови се задржани старите образувања, сп. *кр̥шчева, прошчева* Арм; во други места и тие се интегрирале во образувањата со суфиксот *-в-* : *решва, грешва, опр'осва* Бап.

Глаголски основи. – Во поглед на глаголските основи леринскиот говор ни пружа разновиден материјал. Глаголите од *а*-група се пазат на сета територија без промени, сп. *коп-а-ш, коп-а-ø, коп-а-ме, коп-а-те.* Глаголската *е*-група се задржала во централниот и во западниот дел на областа и тоа само кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал, вклучувајќи ги и оние од *и*-група од типот 'брои', сп. *тка-е-ш, тка-е, тка-е-ме, тка-е-те; се-е-ш, се-е, се-е-ме, се-е-те; пи-е-ш, пи-е, пи-е-ме, пи-е-те; чу-е-ш, чу-е, чу-е-ме, чу-е-те; бро-е-ш, бро-е, бро-е-ме, бро-е-те* Бап, Арм, Жел, Буф. Овој модел превладува на исток приближно до линијата Горно Котори – Борешница – Пополжани. Источно од споменатава линија тие се интегрирале со глаголите од мешаната *и-/е*-група, сп. *ткае, сее, чуе, пие – ткаi̯ш, сеi̯ш, пиi̯ш, чуi̯ш* (< *ткаиш, сеиш, пииш, чуиш).*

Глаголите од *е-* и *и*-група што им завршува општиот дел на согласка на сета леринска област се интегрирале во една група. Локални разлики има само во начинот на интеграцијата. Во западниот дел на леринското подрачје на правецот Бапчор – Арменско – Буф превладала *и*-групата, сп. *бер-и-ш, бер-и, бер-и-ме, бер-и-те; кол-и-ш, кол-и, кол-и-ме, кол-и-те, нос-и-ш, нос-и, нос-и-ме, нос-и-те.* Во источниот и во централниот дел, источно од линијата Горно Котори – Г. Неволјани – Лерин интеграцијата на споменативе две групи се извршила на подруг начин. На еден тесен појас на правецот Лерин – Г. Котори во 2 и 3 л. едн. се обопштил како основен вокал *-и-,* а во 1 и 2 л. мн. се затврднало *-е-*, сп. *нос-и-ш, нос-и* : *нос-е-ме, но-е-те, плач-и-ш, плач-и* : *плач-е-ме, плач-е-те* ГКот, *јад-и-ш, јад-и* : *јад-е-ме, јад-е-те* Жел. Така, на тој дел од леринскиот говор се образувале три глаголски групи: *а*-група, *е*-група (кај глаголите што им завршува општиот дел на вокал) и *и-/е*-група (кај глаголите со консонант во општиот дел).

Во градскиот леринski говор и во најблиските села во 1 и 2 л. мн. кај мешаната *и-/е*-група се среќаваат наспоредни форми – со *-и-* и со *-е-*, сп. *нос-и-ш, нос-и* : *нос-е-ме / нос-и-ме, нос-е-те / нос-и-те; бер-и-ш, бер-и* : *бер-е-ме / бер-и-ме, бер-е-те / бер-и-те* Нев.

Зад овој појас, пак на правецот југ – север од Г. Котори преку Борешница, Пополжани, Сакулево до Асаново во мешаната *и-/е*-група дистрибуцијата на наставките е нешто поинаква. Наставката *-и-* се јавува само во 2 л. едн., додека

во 3 л. едн. и во 1 и 2 л. мн. се наложила наставката *-е-*, сп. *нос-и-ш* : *нос-е, нос-е-ме, нос-е-те; бер-и-ш* : *бер-е, бер-е-ме, бер-е-те* ГКот. Во дел од селата на означенава територија во овој модел се вклучиле и глаголите што им завршува општиот дел на вокал, сп. *знаи̯ш, пеи̯ш, спи̯ш, чуи̯ш (< знаиш, пеиш, спиш, чуиш)* : *знае, пее, спие, чуе.* Тоа значи дека на односнава област има два конјугациски модела: *а*-група и мешаната *и-/е*-група.

Во селата што се наоѓаат на пограничјето со воденско-кајларскиот говор кај глаголите од мешаната група наставката *-е-* се задржала само во 3 л. едн., додека во 2 л. едн. и во 1 и 2 л. мн. се генерализирал основниот вокал од *и*-група, како што е во долновардарските и во тиквешко-мариовските говори, сп. *нос-е* : *нос-и-ш, нос-и-ме, нос-и-те; бер-е* : *бер-и-ме, бер-и-те; пе-е* : *пе-и-ш, пе-и-ме, пе-и-те (> пеи̯ш, пеи̯ме, пеи̯те); пи-е* : *пи-и-ш, пи-и-ме, пи-и-те* Зел, Гор, или : *бер-е* : *бер-и-ш* : *бер-ø-ме, бер-ø-те; нос-е* : *нос-и-ш* : *нос-ø-ме, нос-ø-те* (со полна редукција на основниот вокал во 1 и 2 л. мн.) во Чеган.

Глаго̄лски форми

Сего̄ашно време. – Наставки за сегашно време се: *-а / -ам, -ш, -ø, -ме, -те, -ат̄ / -а /-ет̄ / -е.* Наставката *-ам* се јавува на сета територија кај глаголите од *а*-група : *имам, викам.* Глаголите од другите групи во 1 л. едн. завршуваат на *-а* : *носа, бера, пе(ј)а, шија,* а на пограничјето со воденско-кајларскиот говор факултативно се јавува и наставката *-ам* : *берам / бера, сејам / сеја, носам / носа* Ч, *речам, носам* Зел. – На поголемо пространство од леринскиот говор 3 л. мн. завршува на *-ат̄* : *викат̄, берат̄, сејат̄, носат̄* Ч, *викаат̄ / викајат̄, носат̄, плетат̄* Пат, *дăржат̄, да речат̄* Зел, *јадат̄, чујат̄, мијат̄* Попл. Во северните леринси села на пограничјето со битолскиот говор кај глаголите од *а*-група крајното *-т̄* се загубило и како наставка се јавува *-а,* одн. *-аа* : *имаа, ораа, вечераа* (> *има:, ора:, вечера:*) Ас. Такви форми се среќаваат и во југоисточните битолски села, сп. *викаа, имаа,* но *носат̄, метат̄* (Скочивир, Паралево, Путурус).

Западно од линијата Г. Котори – Лерин – Арменско 3 л. мн. завршува на *-ет̄*, или само на *-е,* како во костурскиот говор, сп.: *јадет̄, чујет̄, земет̄, седет̄, видет̄, плачет̄, мијет̄, месет̄* ГКот, *праве, носе, кр̄ше, бере, пеје, саќе, игр̄е, баре, кажве* Бап, *л'удјето г̄реде, Ристо ќе г̄о викаје, отидоа да спи̯је,* но и: *да пораст̄ат̄, носат̄, зеват̄* Арм, *ручаје, пасе, ране, мије,* и: *ручаат̄, пасат̄, ранат̄, мијат̄* Лер, *виде, јаде, носе* Жел.

Целата презентска парадигма ни се претставува во следниов вид: *викам, викаш, вика, викаме, викате, викаат̄ / викаа / вике; носа / носам, носиш, носи, носиме, носите, носат̄ / носет̄ / носе; бера / берам, бериш, бери, бериме, берите, берат̄ / берет̄ / бере;* одн. *бера(м), бериш, бере, береме, берете, берат̄;* одн. *бера, бериш, бере, бериме, берите, берат̄.*

Помошниот глагол 'сум' се јавува во следниве форми: *су / сум / си, си, е, сме / сне / сни, сте / сти, се / са.* Обликот *си* во 1 л. едн. констатиран е само во с. Бапчор. *Сум* и *су* се употребуваат паралелно во североисточниот дел на областа. Во 1 л. мн. формите *сме* и *сне* географски се разграничени. Првата *(сме)* се јавува сама или наспоредно со *сне* во потесното леринско подрачје и во Чеган, додека на другата територија превладува обликот *сне.* Во Пателе по̄крај *сме* забележан е и обликот *сма.* Формата *са* во 3 л. мн. карактеристична е за говорот на Чеган.

Стариот глагол **хътѣти** и овде се употребува во негираната форма: *неќу / нејќу, неќиш / нејќиш, неќе / нејќе, неќиме / нејќиме / неќеме, неќиће / нејќиће / неќеће, не(ј)ќаш / не(ј)ќа / не(ј)ќеш / не(ј)ќе.* Во говорот на с. Бапчор, како и во костурскиот, превладуваат облиците: *нејћа, нејћиш, нејћи, нејћиме, нејћиће, нејће.*

Минато определено време. – На поголемиот дел од разгледуваниот говор во аористот се изедначиле сите три лица во еднината, со исклучок на глаголите од *о*-раздел кај кои 1 л. едн. завршува на *-у*, сп. *викна* (1–3 л.), *зг̑реши, умре* : *реку, дојду, прес'еку, одн'есу* Ас, Пат, Зел. Во градскиот говор можат да се сретнат и примери со *-ф* во 1 л.: *познаф, фаћиф, оћ'идуф.* Формите со *-ф* превладуваат и во северозападните села: *из'ораф, остр'иг̑аф* Буф, *заб'ораиф, чуф, з'адр̥жаф, рекуф, дојдуф, 'остриг̑уф, 'изедуф, р'асплакуф* Арм. Само во говорот на с. Бапчор во 1 л. едн. има наставка *-к* : *наћ'исак, ћаднак, викнак, зг̑решик, дојдук,* но и *дојду, рекук* и *реку.* Кај глаголите од *о*-раздел 1 л. едн. на аористот на сета леринска територија завршува на *-у*, со исклучок на североисточните периферни села каде што се јавува, како што видовме, и *-уф.* Множински наставки се: *-ме, -ће, -а,* со тоа што претходниот вокал нешто се удолжува, сп. *наћис'а:ме, викн'а:ме, зг̑реш'и:ме, оћид'о:ме, наћис'а:ће, зг̑реш'и:ће, оћид'о:ће, – викн'аа (> викн'а:),* понегде и *викн'аја, зг̑реш'ија, изед'оа / изед'оја.* Во Бапчор и во Желево во 3. л. мн. има наставка *-е* : *наћис'ае, викн'ае, оћид'оје* Бап, *в'идое, ј'адое, р'екое* Жел.

Во бапчорскиот говор во 1 л. едн. има наставка *-к* во имперфектот: *сћиек, носек, саќек, имек.* Во северозападните села, како и во аористот, 1 л. едн. Завршува на *-ф* : *седеф, држ̥еф.* На другата леринска територија 1 л. едн. завршува на *-е* : *јаде, носе, вике, сече* Жел, ГКот, Гор, Зел, со исклучок во североисточните села, каде што наставката *-ше* станала општа наставка во имперфектот (во еднината): *јас вик'аше, сед'еше, нос'еше, јад'еше* Ч, Пат, Попл, Сак, Ас.

Целата парадигма на овие две времиња гласи:

аорист: *реку / рекуф / рекук, рече, рече, рек'о:ме, рек'о:ће, рек'оа / рек'оја / рек'о(ј)е; викна / викнаф / викнак, викна, викна, викн'а:ме, викн'а:ће, викн'а(ј)а / викн'а(ј)е; изг̑'оре / изг̑'ореф / изг̑'орек, изг̑'оре, изг̑ор'е, изг̑ор'е:ме, изг̑ор'е:ће, изг̑ор'е(ј)а / изг̑ор'е(ј)е;*

имперфект: *вик̑е / викак / викаф / вик'аше, вик'аше, вик'аше, вик'аме, вик'а:ће, вик'а(ј)а / вик'а(ј)е; ј'аде, ј'адеше, ј'адеше, ј'адеме, ј'адеће, ј'адее* Жел.

Сложени г̑лаг̑олски времиња

Минатото неопределено време со глаголската *л*-форма, до колку се јавува, се образува како и во западните говори, сп. *су(м) викал, си викал, викал, сме / сне викале, сте викале, викале.*

Многу се пофреквентни формите на ова време со помошниот глагол 'има / нема':

а) *имам звено (од'ено, нос'ено), имаш звено (од'ено, нос'ено), има звено, 'имаме звено, 'имаће звено, имаћ / имаа(ћ) / имае(ћ) звено (од'ено, нос'ено);* б) *им'аше ор'ано, им'аше ор'ано, им'аше ор'ано, им'аме ор'ано, им'аће ор'ано, им'аа ор'ано* Сак, *имек ор'ано, им'аше ор'ано, им'аше ор'ано, им'аме ор'ано, им'аће ор'ано, им'ае ор'ано* Бап; *име ор'ано, им'аше ор'ано, им'аше ор'ано, им'аме ор'ано, им'аће ор'ано, им'ае ор'ано* Жел; *имаф орано, имаше орано, имаме орано, имаће орано, имаа орано* Буф.

Во материјалот од с. Чеган наоѓаме и форми од типот: *су имал зено, си имал зено, имал зено, сне им'але зено, сте им'але зено, им'але зено.*

Од формите со 'сум' + *н/т*-партицип констатирани се следните: а) *су(м) дојден, си дојден, е дојден, сме / сне дојд'ени, сте дојд'ени, се / са дојд'ени;* б) *бе / бек / беше дојден, беше дојден, беше дојден, беме дојд'ени, бете дојд'ени, беа / бее дојд'ени.*

Од формите со 'ќе' во широка употреба се:

а) *идното време* : *ќе викам, ќе викаш, ќе вика, ќе в'икаме, ќе в'икате, ќе викат / в'икаа(т) / вике(т),* и

б) *идното минато време* : *ќе вик'аше (ќе викак, ќе вике), ќе вик'аше, ќе вик'аше, ќе вик'аме, ќе вик'ате, ќе вик'аа / вик'ае.*

Во северните леринси села не се необични и образувања за *идно прекажано време* : *ќе су(м) викал, ќе си викал, ќе викал, ќе сме / сне викале, ќе сте викале, ќе викале* Вош.

Заповеден начин. – Категоријата начин, покрај индикативот, ја репрезентира само императивот. Кај глаголите од *а*-група тој се образува со наставките *-ј* и *-јте* : *викај – в'икајте* Арм, Лер, Ас, Гор. Во крајните југоисточни села во 2 л. мн. елементот /ј/ често се испушта, сп. *копај – к'опате* Бап, ГКот, *зборвај – зб'орвате* Вош.

Кај глаголите од *е-/и*-група во 2 л. мн. се јавуваат наставките *-ете* (во селата северно од линијата Г. Неволјани – Пателе) и *-ите* во јужниот дел на областа, сп. *купи – к'упете, речи – р'ечете* Ас, Буф, *зем'ете-и* Нев, *носи – н'осете, с'еете* Попл, и: *јади – ј'адите* Бап, *носи – н'осите* Зел, *р'ечите, н'осите* ГКот, Гор, *купи – к'упите* Арм. Во говорот на селата Чеган и Пателе наставката *-те* се додава на општиот глаголски дел, сп. *зевај – зефте / зефта, носи – носте* Пат, *бери – берте, викај – викта* Ч. Вакви форми се карактеристични и за дел од воденско-мегленското јазично подрачје. Испуштањето на основниот вокал, помогнато од силната редукција, се искористило за морфолошка диференцијација меѓу заповедниот начин и минатото определено време (сп. *вик'ате, бер'ете* – минато определено време : *викте / викта, берте, носте* – заповеден начин).

Инфинитни форми

Глаголска л-форма. – Глаголската *л*-форма има нормално образување: *бил, била, било, биле.* Познати се и двата облика – од аористната и од имперфектната основа, сп. *пекол – печел, писал – пишел, носил – носел.* Нема единство на целата територија во поглед на образувањето на свршената *л*-форма кај глаголите од *о*-раздел. Во крајните јужни села обликот за машки род завршува на *-ал* : *пекал, рекал, дон'есал, от'ишал, нашал, дошал, вишал* (од *виде*), *јашал* (од *јаде*), *дашал* (од *даде*) покрај *дал* Бап. Во говорот на с. Чеган исто така кај тој тип глаголи превладале формите со /а/ место секундарниот $ъ_2$: *пекал, рекал, текал, прис'екал, дун'есал, дошал, нашал* (во фонетски запис: *п'екăл, р'екăл* итн. поради редукцијата на неакцентираното *а* во *ă*). Меѓутоа, овде наставката *-ал* (во фонетската разновидност *-ăл*) се наложила кај сите глаголи поради измената на неакцентираното /е/ во /а/ пред сонантот /л/ и поради редукцијата на /а/ во /ă/ кај глаголите од *а*-раздел, сп. *'имăл, ст'ојăл, н'осăл, к'осăл, м'ол'ăл, 'умрăл.*

На сета друга леринска територија формата за м.р. кај глаголите од *о*-раздел завршува на *-ол* : *рекол, пасол, пекол,* итн.

Порано спомнавме дека во граничните села со костурскиот говор глаголската *л*-форма се загубила наполно.

Глаголска придавка. – Во образувањето на глаголската придавка леринскиот говор не покажува ништо посебно. Познати се и двете форми – со наставката *-т (-ет)* и со *-н (-ен),* сп. *паднат, женет, оран, носен, бран – берен, пран – перен, млен – мелен.*

Глаголски прилог. – Во поглед на формите за глаголскиот прилог леринското говорно подрачје не е единствено. На поширок дел од областа тој како форма не се употребува воопшто, или пак се наоѓа во фаза на исчезнување. Не се констатирани соодветни форми во Арменско, Асаново и во другите околни села. Во селата на правецот Бапчор – Г. Котори – Сакулево – Воштарени и источно од нив глаголскиот прилог е сè уште жива категорија. Во најсеверните села тој се образува со наставката *-јќи* : *од'ејќи, бер'ејќи, бро'ејќи, вик'ајќи,* а паралелно се среќаваат и форми на *-јќим*: *вик'ајќим, сед'ејќим* Ч, *сак'ајќим, пул'ејќим* Пат. Во Пателе забележани се и форми со наставката *-штим*: *миж'ештим, од'ештим, јад'ештим.* Во југоисточните села превладуваат образувања со суфиксот *-ничкум,* кој е карактеристичен за костурскиот говор, сп.: *берен'ичкум, носен'ичкум* Бап, *н'осеничкум, с'еченичкум, тк'аеничкум* ГКот, *викан'ичкум, трчан'ичкум* Сак, а од Воштарени имаме и форми на *-нички* : *граban'нички, метен'нички,* покрај *трчан'ичку* (со *-ичку*). Една иновација во врска со образувањето на глаголскиот прилог наоѓаме во с. Зеленич каде што како наставка се јавува *-штен*: *вик'аштен, нос'ештен, тка'ештен.* Овде се работи заправо за преобразување на наставките *-што* во *-штен* спрема глаголската *н*-форма.

Глаголска именка. – Кај глаголската именка од дијалектен аспект интерес можат да претставуваат образувањата со наставката *-је* од глаголската придавка на *-т,* сп. *жен'етје, жн'атје* Бап, *осун'атје, стан'атје* Зел. Овие и вакви форми ограничени се на граничните села со костурскиот говор. Во јужниот и југозападниот дел на леринското подрачје наставката *-је* фонетски е изделена и кај образувањата со основите на *-н-*: *ор'анје, сед'енје, станув'анје.* Во северните и североисточните села превладуваат формите со фонетската разновидност на наставката *-јне* : *одејне.*

Службени зборови. – Во областа на службените зборови како дијалектни и карактеристични за леринскиот говор ги истакнуваме пред сè предлозите: *врз* со фонетската разновидност *вăрз*, сп. *вăрс куќа* Зел, Ч, Пат, *навр* : *падна навр камено* Попл, *крз (крс, кăрс)* : *изл'езе крс вр'атата* ГКот, *крз рекатa* Попл, *кăрс с'елото замин'а* Зел, *проjде кăрс с'елто* Ч, *проти* : *дојде проти с'аботa* ГКот, *спрети* : *дојде спрети пр'азнико* Попл, *сприту* : *дојди сприту-панд'елник* Ч. Со темпорално значење се јавува и *кăде* : *вăрн'а се кăде Вел'и(г)ден* Зел. На леринскиот терен се разграничуваат и предлозите *у* и *во*. Првиот превладува во источниот дел, додека *во* (со разновидноста *о*) доминира во западниот дел на областа, сп. *оди у село* Ч, *у реката* Нев, *у село, у Битол'а* Зел, *у Лерин го најде* Попл, *сакам да фрл'ам сега у ношвите* (Mazon, 1923 : 124) и во истото село: *пикни се во ношвите, пикни се там о ковчего* Арм (Mazon, 1923 : 122). Во неколку пунктови е забележан и предлогот *ву* кој претставува контаминација на

KW^\2jWLQjK\j4YGLWjГКот. Не се ретки примери со употреба на предлогот KWjсо значење на 'кај', еп. JMaMjKWj_GYWjAрм. На поширок ареал во јужните македонски говори, вклучувајќи го тука и леринскиот, се употребува предлогот VGjсо значење на правец и на место, еп. PI QVGjVGjCWLMV)jVGjDMYQVj4@j<\a`QcGjСак, hMjWL I jVGjBTMYQRGjLGj[AM` HjGjAGYQjАрм.

*

Дијалектните особености на леринското подрачје можеме да ги поделиме во три групи.

Една група сочинуваат оние црти што се јавуваат на сета леринска територија. Меѓу покарактеристичните од нив на прво ме с о се наложува акцентскиот си с ем. Леринскиот говор, како што веќе видовме, има ограничено слободен акцент, и таа особина леринското подрачје го поврзува на североисток со мариовскиот, на југозапад со костурскиот говор. Леринскиот говор не ги познава членските морфеми на ,Кји на +V0j Членската морфема за машки род се јавува во фонетската разновидност ,Wj#SMJW&/jИменките 'рака' и 'нога' множина образуваат со на с авката +Qj#ZG_Qj- Y=_Q*jVWbQ&. Дативниот објект кај заменките се изразува аналитички - со предлогот VGj#VGjVM4WjT\jYM`M&0j Заменската клитика T\j се употребува за сите лица и во еднината и во множината #VGjVM4WjT\)jVGjVMGjU\)j VGjVQjT\jYM`M&/jОпштата заменка се јавува во фонетскиот облик ;=Ej$j;=E:)j+W&. Несвршени глаголи од свршени се образуваат со суфиксот +K%G'j #R\AKG&.j На с авката ,Tjво 1. л. еди. на презентот ограничена е само на глаголите од а-група #KQR I &.j1. л. еди. на аори с от кај глаголите од о-раздел на сета територија завршува на ,\)j оди. ,\]jво неколку крајни северозападни села. Од фонетските појави сето леринско подрачје го покриваат: испуштањето на 1K1jво множинската на с авка ,WKQj$SMJWd&ji во ред одделни лексеми, замената на ^jсо 1K1jво меѓувокална позиција зад вокалот \j#>S\KW)j \KW&*jпалатализација на веларите 1R)j **z̄/** во R")j **z̄'** пред предните вокали #R!QERGj[GR!M)jW>!QV&*jафрикатизацијата на 1N1jво 1_1jво секвенцата +NR+ кога **ѝ** претходи консонант #SMYQV_RQ&, пополнувањето на групите 1[Y1jи 1PY1jсо соодве**тнит**е плозиви 1E)jL1j$[EYI)jPLYMS&, испуштањето на плозивот 1A1jпред африкатите 1_)j `1jна почетокот во примери од типот _Qj #A_Q&*j_We[GV)j `MVRG)j испуштањето на 1K1jво почетните секвенци 1KV1jи 1KL1j(еп. VGEYMj- V=EYM)jLWKM_)jLWKQ_G&.j Меѓутоа, овие црти не се типични само за леринскиот говор. Повеќето од нив се јавуваат на поширок ареал во југозападните говори (во битолскиот, воденскиот, костурските).

Една бројна група диференцијални црти о г аничени се на северниот дел на леринската територија. Меѓу покарактеристичните од таа група спаѓаат: образувањето на фонетски долги вокали по пат на контракција #[VG3j 5[VGG&*jдифтоншките секвенци со U] како втора компонента 8Md)jGd)jWd)j \d)], вокалното **/p/** со статус на одделна фонема #RX])jKXWd&*jконтинуантот 1G1jместо носовката (6j #ZGRG&*jпротетичното 1gjпред континуантот на почетното (6j7GOM&*jвокалот 1=?j како континуант на вокалното ***/** #K=R)j;=P9&*jзамената на секундарниот **ъ2** со 1G1j пред крајното Yj#QEGY&*jконсонантските групи a`)jOiји отсуството на г упите aE)jOL1*jзамената на ^jсо K,]1jна крајот на слогот во бројни примери #4YM])j W]EQRG&*jличната заменка FWfj$EGG)jEWG&*jдемонстративните заменки %W'KWej и %W'VWe)jпредлогот KW1K0jЈужните изоглоси на приведениве црти одат полукружно

во правецот на селата Попадија (во полите на планината Ниџе) – Г. Котори и преку Нередската планина еден дел од нив продолжуваат кон Преспанското Езеро, а дел свртуваат на север кон планината Баба. Овие црти леринскиот говор (неговиот северен дел) го поврзуваат со битолското дијалектно подрачје и преку него пошироко со централните и со западните македонски дијалекти.

Третата група диференцијални црти се распоредени на југоисточниот дел од леринската територија на правецот Чеган – Горничево – Баница – Зеленич. Тој е граничен појас со воденскиот и со кајларскиот говор. На тој простор завршуваат западните изоглоси на неопределениот парадигматски акцентски модел, на вокалот /ă/ како континуант на носовката *ǫ (*рăка*), на секвенците /ăр/ и /ăл/ место вокалните *ŗ и *ļ (*пăрсти, пăлно*). Во тој дел на леринската област среќаваме бројни примери со извршена редукција на отворените неакцентирани вокали (*гул'ем, м'озук, к'отăл, сти'ежăр*). Како протетички глас пред рефлексот на иницијалното *ǫ се јавува /в/ (*вăглен*). Секундарниот *ъ*$_2$ пред крајното *р* е заменет со вокалот /е/ (*итер*). За тоа подрачје карактеристични се консонантските групи /*шт – жд*), заменските облици *он* (*она, оно*), *мă, тă, сă* (*ма, та, са*), *нија, вија,* прилошките образувања со суфиксите *-ничкум, -нички,* и *-штен* (*виканичкум, виканички, викаштен*), предлогот *у* (*у Воден*) и уште ред други позитни особености. Со тие црти разгледуваново подрачје од леринската област тесно се поврзува со долновардарските говори.

Како лерински иновации можеме да ги сметаме следните црти: иницијалниот и двојниот акцент во некои северни лерински села, појавата на вокалот /е/ место носовката *ǫ во секвенцата *јǫ (сп. *еток, ежица*), гласовниот комплекс *цере-* (во примери од типот *церево, церетна*), промените на основниот вокал извршени кај глаголите од *е-/и*-група во некои села (сп. *носиш, носи* : *носеме, носете*), и неколку суфиксни образувања (сп. *Србен, Доневифца*). Сите овие црти се распоредени по говорната периферија, каде што и настанале во резултат на меѓудијалектниот контакт, и тие не играат поголема улога во дијалектната диференцијација на леринското подрачје.

Од ова произлегува дека на леринскиот терен можат да се изделат два говорни типа. Една покомпактна целина претставува говорот на потесното лерински подрачје околу градот Лерин. Тој говор и географски и по својата структура се поврзува со западното македонско наречје и уште потесна целина образува со говорите во Пелагонија, пред сè со битолскиот. Говорот на селата покрај Островското Езеро источно од линијата Чеган – Негован по своите најважни дијалектни карактеристики спаѓа во долновардарските говори. Според тоа леринското говорно подрачје претставува преодна зона меѓу битолскиот дијалект, од една страна, и долновардарските и мариовските, од друга, а тоа на поширок план значи преоден појас меѓу западното и источното наречје.

1983

Лерин

Коза и бумбар

Б'еше 'еден т'атко и 'една м'ајка. Им'аја 'едно д'ете и 'една ч'упа, им'аја и 'една к'оза. От'иде ч'упата да-п'аси к'озата : а-дон'есе т'а на-в'ечерта д'ома. А-клад'оа у-ќерало; им'аше и ќ'умур т'амо. Т'а к'озата јад'еше от-ќ'умуро. От'иде т'атко-му; му-в'ели : – Шчо ј'ајш т'уа. – Ќ'умур, в'ели, 'оти не-ме-р'ани ч'упата". Ч'упата зак'оли т'атко-му.

От'иде д'етето да-а-п'аси. П'ак а-дон'есоа на-в'ечерта, а-в'рза п'а на-м'естото, и т'а ј'аде ќ'умуро, и му-в'ели т'атко-му : – 'Оти ј'ајш ќ'умур, в'ели, п'ак? – 'Оти не-ме-р'ани д'етето" Т'ој зак'оли и д'етето.

С'етне п'ушчи ж'ената. 'Оди ж'ената да-п'аси. А ж'ената с'еди и а-п'аси дор'и да-се-ст'емни. И с'етне а-дон'есоа д'ома к'озата; п'ак јад'еше ќ'умур. – 'Оти, в'ели т'атко, ј'ајш ќ'умур? – 'Оти не-ме-р'ани ж'ената". А-'закла со-н'ош и ж'ената.

С'етне от'иде с'ам да-п'аси. Ка:-п'аси, а-дон'есе д'ома : п'ак т'а: јад'еше ќ'умур. В'ели : – 'Оти ј'ајш ќ'умур? – 'Оти не-ме-р'аниш т'и с'ега". И с'етне з'ева б'алтако а-'удри, по-пол'оината а-с'ече, и к'озата поб'егна.

'Оди по-п'ăто 'еден в'олк и му-в'ели к'озата : – 'Очи к'ато пл'очи, з'ăби к'ато д'икли, г'ас к'ато т'ас!" В'олко се-упл'аши и поб'егна. С'етне 'оди лис'ицата да-ј'ади, и му-в'ели к'озата : – 'Очи к'ато пл'очи, з'ăби к'ато д'икли, г'ас к'ато т'ас! Ако-те-ф'атам, парч'ин'а ќе-те-напр'аам".

'Оди лис'ицата, му-в'ика на-бумб'арчето. Бумб'арчето му-се-п'икни ... и не-изл'егваше бумб'арчето. С'етне бумб'арчето изл'езе. Лис'ицата се-ск'ачи на-'една кр'уша. Му-в'ели лис'ицата на-бумб'арчето : – "Да-б'ериш, бумб'арче, кр'уши". П'адна 'една кр'уша, бумб'арчето се-'отепа.

С'етне пом'инва з'ет со-нев'еста. Лис'ицата сл'езе и го-зак'опа бумб'арчето. Го-з'е з'ето у-џ'епо; 'одат на-г'ости з'ето и нев'естата. Седн'аа на-с'офрата да-р'учат. Му-в'ели з'ето : Д'ајте вил'ушката. "Му-в'ели и бумб'арчето : – Д'ајте в'ије на-м'ене. – Д'ај-ми л'еп, в'ели". И бумб'арчето в'ели : – Д'ај-ми л'еп".

И с'етне з'ето зл'егва д'олу, го-изв'ада бумб'арчето, го-ф'рли у-тенџ'ерето. Си-от'иде.

'Оди б'абата да-изб'оричка, и бумб'арчето му-в'ели : – Нем'ој, б'або, 'оти ќе-ми-ск'ршиш к'оските!" Б'абата з'ева п'ипер да-му-кл'ај у-тенџ'ерето. В'ели бумб'арчето : – Б'або, не-ф'рлај п'ипер, 'оти ќе-ми-нар'асиш оч'ината!"

Леринско
Буф

Елена и Костадин

Т'ије б'еја бр'ат и с'естра. Т'атко-му б'еше л'овџија. Т'ој 'отепал дв'е ја-р'ебици. И д'ашол на-ж'ената да-ги н'аправи в'ечера. 'Ама 'едната јар'ебица ја-з'ешла м'ачката. И т'аја, ж'ената се-испл'ашила од-м'ажо и си-ја-с'екла 'едната гр'ада. Ја-н'апрајла в'ечера. С'еднале да-веч'ераа. Је-в'ели м'ажо на-ж'ената :

"Шо-сл'атка в'ечера си-н'апрајла". Т'аја н'апоследно му-к'аза оти-од-гр'адата е-сл'атка в'ечерата. 'Елена и К'остадин сп'иеле. "Д'елим т'олку б'ило сл'атко м'есото от-ч'оек, 'ај да-го-зак'олиме К'остадин", р'екол м'ажо. Ама 'Елена н'е-спиеше. И с'абајлето ст'ана и му-в'ели на-бр'ато : "Б'ате, т'ате је-р'ече на-м'ама да-те-к'ол'ат. Ама-ј'аска ќе-с'една да-те-плета, т'и ќе-ми-го-з'емиш ч'ешело, и ќе-изб'егаме." Т'ака и напр'авиле. Од'ејќи по-п'ато му-се-пр'ипи в'ода на-К'остадина и т'ој је-в'ели на-'Елена : "Ќе-се-н'апија од-'ова в'ирчето в'ода". А т'аа му-в'ели : "Н'емој, бр'ате, ќе-ст'анеш в'ăк". Го-прод'олжиле п'ато. На-К'остадина му-се п'иело в'ода. Н'ашол др'уга тр'агалка. "Ќе-се-н'апија в'ода", је-р'екол на-'Елена". Н'емој, бр'ате – р'екла т'аа – ќе-ст'аниш м'ечка". К'остадин п'ослуша и т'ие го-прод'олжиле п'ато. П'онагоре н'ајде уште-'една тр'агалка. И н'е-је-к'аза на-с'естра-му, се-н'апи в'ода и ст'ана 'елен. И т'ака изб'егаја дв'ајцата и се-сп'асија. 'Елена се-к'ачи на-една-т'опола, а бр'ат-је с'едеше до-к'орено и је-н'осеше с'екаква р'ана. 'Ама 'еден ц'арски с'ин 'отиде да-го-н'апива к'он'о в'ода. А к'он'о н'е-пије. Е-гл'еда во-кор'итото с'енката на-'Елена. И ц'арскио с'ин кој-ќе-п'огледа, гл'еда ч'упа л'ична во-в'одата! И т'ој је-в'иде н'еја, з'еде четв'орица сл'уги за-да-је-с'ечи т'ополата. Д'ен'а ја-с'ечеја и не-м'ожеја да-је-к'утнат. 'Елено 'идеше н'оќа и је-л'ижеше да-ст'ани п'одебела. 'Ама б'аба к'одошка ја-'излага ч'упата да-се-св'али. Б'абата ја-кл'аваше цр'епната н'аопаку и 'Елена је-р'ече : "Б'або:, н'аопаку је-кл'аваш цр'епната". "К'ако, с'ине, к'ако, сл'ези на-б'аба да-је-к'а-жиш!" Ч'упата се-'излага и сл'езе и ц'арските сл'уги 'одма ја-ф'атија и је-одн'есоа кај-ц'аро. Кога-'отиде бр'ат-је, н'е-је-н'ајде, и по-тр'агата 'отиде на-ц'арската п'алата и с'амоте м'ава со-р'огојте на-п'ортата. А ц'аро н'е-можи да-сп'ије. Др'угата в'ечер кл'але к'атран на-п'ортата и го-ф'атиле 'елено. И ст'ана ц'аро го-з'акла 'елено. С'ите ј'адеја, само-с'естра-му не-ј'адеше. К'оските ќи-б'ереше и ќи-п'осади во-град'ината. От-к'оските 'излезе н'ајубаф тр'ендафил.

ЛЕРИНСКИОТ ГОВОР



СЕВЕРНИТЕ ГОВОРИ

Моногрaфскиот опис на северните говори Видоески го подготвил во далечната 1954 година, како прв фрагмент од иднатa комплетна дијалектологија. Оттука гледаме низа разлики во однос на подоцнежните монографии: во композицијата на текстот, во терминологијата, во инвентарот на разгледуваните појави, понекогаш и во класификацијата на тие појави.

Големата диспропорција во обработката на источниот (стр. 161-179) и на западниот (стр. 181-240) дел од северните говори се должи не само на подлабоката диференцијација на западниот дел, туку и на фактот дека обемна информација за источниот дел Авторот има вклучено во монографијата за кумановскиот говор (сп. Видоески, 1962), врз која работел паралелно.

Покрај кумановско-кратовската и скопско-црногорската група, меѓу северните говори спаѓа и врaтничкиот, чиј опис се наоѓа во првиот том од ова издание (стр. 152-157, сп. ги и приклучените карти), во главата посветена на разграничувањето на полошките говори. На стр. 239 во овој том објавуваме еден илустративен дијалектен текст од Врaтница.

1. ОПШТ ПОГЛЕД

Под *северни македонски ѓовори* ги подразбираме говорите на целиот северен појас од нашата територија од Шар Планина па до државната граница со Бугарија на исток. Тука спаѓаат говорите во Долни Полог и Скопска Црна Гора во северозападниот дел, и на североисток говорите во Жеглиговската област, Славиште, Кривопаланечко, Кратовско со Злетовско, Овче Поле и Которлак.

Граници. – На југ тие граничат со кочанскиот, штипскиот и велешкиот говор. Граничната линија во најгруби црти оди (по правецот исток – запад) по вододелницата меѓу Брегалница и Злетовска Река, ја сече последнава јужно од Злетово и излегува на селото Судиќ. Ова е истовремено и границата меѓу кочанскиот и кратовскиот говор. Меѓу штипскиот и овчеполскиот говор, според Маневиќ (1952 : 188) границата оди по линијата Судиќ – Врсаково – Богословец. Овие се најјужни села каде што доминираат црти од овчеполскиот говор. Од Богословец границата оди кон северозапад по правецот на селата Кнежје – Трстеник – Џидимирци, кои се наоѓаат западно од Свети Николе, а спрема скопската говорна област по правецот Џидимирци – Дивље – Горно Коњаре – Миладиновци (Аџалар) – Бујковци. Во последниве две села готово подеднакво се употребуваат кумановски и скопски црти. Спрема Скопската Црногорија граничната линија поминува северно од Скопје. Во селата Стајковци, Црешево, Горно Оризари, Волково и Кучково, кои се наоѓаат сите на една линија, преовладуваат црти од црногорскиот говор, негде повеќе, како на пример во Кучково и Горно Оризари, негде помалку. Областа меѓу Вардар до неговиот завој северозападно од Радуша и Лепенец населена е со албански елемент.

На север овие говори граничат со српската јазична територија. Јазичната ѓраница оди приближно по линијата Шар – јужно од Качаник – Скопска Црна Гора – Козјак – Широка Планина – вододелницата меѓу Крива Река и Горна Пчиња – бугарската граница. Последни македонски населби спрема прешевската област се: Думановце, единствено македонско село меѓу албанските населби во кумановскиот дел на Црногоријата, Табановце, Алгуња, Пелинце (јужно од манастирот Прохор Пчињски), а спрема Горна Пчиња: Буковљане, Длабочица, на кумановскиот дел, и Герман, Нерав, Огут, Подржи Коњ, Луке на кривопаланечкиот.

Источната граница на северните говори оди по државната граница меѓу Македонија и Бугарија.

Сите овие говори во својата основа претставуваат еден посебен дијалектен тип. Од другите наши дијалекти со кои граничат на југ се разликуваат со ред и фонетски, и морфолошки и синтаксички особености. Но исто така тие се разликуваат и од призренските и јужноморавските српски дијалекти со кои граничат на север и со коишто имаат повеќе органски врски.

Најважна дијалектна особеност на ова подрачје е рефлексот на етимолошките полугласки. Во својот историски развиток овие два гласа (*ь, *ъ) гласовно потполно се изедначиле во сите случаи и позиции и дале еден рефлекс. Тој е, како и во соседните српски дијалекти и некои северозападни бугарски говори, среднојазичен темен вокал, кој се изговара при висока положба на јазикот и по својата артикулација најблиску стои до вокалот *а*, во кој под извесни услови и преоѓа. – Поинаков резултат од другите наши дијалекти на целиов овој појас имаме и место носовката од заден ред. Таа се развила во *у*. – Старото вокално *ѧ имало свој посебен развиток. Зад лабијалните согласки на целата територија имаме рефлекс *у*, додека зад денталните – *лӑ* (согласничката компонента се запазила, а зад неа се развил темен вокал кој ја презел слоговната функција). Овој глас по својата артикулација еднаков е со рефлексот на етимолошките ерови. Во соседните српски говори има речиси секаде *у*, со исклучок на некои примери каде што има рефлекс *лу*, а во граничните македонски говори *ол, ӑл* и *ӑ*. – За прасловенските согласнички групи **tj, *dj, *kt'* во сите случаи има *ќ, ѓ*. – Согласката *х* како фонема не постои. – Покрај тврдото и средното *л* во поголем дел од овие говори има и мек латерален глас за чија гласовна вредност ќе кажеме подолу. – Согласката *ј* има еднаква вредност на целиот појас. – Акузативната форма од личната заменка за машки и среден род едн. завршува на *-а (њеґа ґа* : *неґо ґо* во другите говори). – Личната наставка за 1 л. мн. гласи *-мо*, со исклучок на некои крајни источни села покрај бугарската граница и кочанскиот говор каде што таа гласи *-ме*. – Именките од среден род на *-е* освен со наставката *-ња* множина образуваат и со наставката *-ики*. Покрај приведениве има уште бројни јазични особености што им се заеднички на сиве овие говори, особено од синтаксата и морфологијата, но кои немаат така голема важност за утврдувањето на заемните односи на разгледуванава територија со околните дијалекти.

Но и покрај тоа што оваа дијалектна област има многу заеднички црти, не можеме сепак за неа да зборуваме како за една апсолутна говорна целост. Има црти, и тоа не помалу карактеристични, што се познати само во еден крај, а во другите не ги наоѓаме. Тргнувајќи од нив, разгледуванава територија можеме да ја делиме на помали говорни единици.

Спрема местото на акцентот целава оваа јазична област можеме да ја поделиме на две поголеми говорни целости: I кумановско-кратовска и II црногорско-полошка.

Во првата акцентот е неопределен, може да стои на секој слог, иако се забележува тенденција да се установи тој на последните три слога. Во црногорско-полошката група говори, која е подложена на поголемо јазично влијание од западните македонски говори, со кои граничи на југ, имаме и западномакедонски акцент. Меѓу овие две групи говори има и други некои разлики, на пример, во членот, образувањето на некои глаголски форми (имперфектот, партиципите, некои сложени времиња), во изговорот на некои вокали и др. Затоа нив и ќе ги разгледаме секоја поодделно.

2. КУМАНОВСКО-КРАТОВСКАТА ГРУПА ГОВОРИ

Во оваа група влегуваат сите североисточни говори на запад до вододелницата меѓу Вардар и Пчиња. Централно место меѓу нив зазема кумановскиот говор како поради својата положба, така и по големината на територијата на која се простира. Тој ја опфаќа целата стара Жеглиговска област, Козјачијата, Средорек, северниот дел на областа позната под името Которлак и Славиште. Последнава област ни географски ни административно со кумановскиот крај не сочинува единство, но во јазичен поглед од него не се разликува многу. Јужната граница на овој говор ја сочинува линијата: Миладиновци – Горно Коњаре – Винце – Колицко – Пезово – Шопско Рудари – Топаловиќ. На исток спрема кривопаланечката говорна област границата оди од планината Стража преку селата Длабочица и Мождивњак (кои остануваат на славишка страна) и излегува на Осоговската Планина која го дели Славиште од кратовскиот говор.

Во споредба со другите северни говори кумановскиот ни се претставува како најкомпактен. Во него имаме и релативно најискристализирана положба на јазичните појави, макар што има и такви што се наоѓаат уште во процесот на превирање и сталожување. Најкарактеристични црти негови кои во другите североисточни говори не ги наоѓаме се: множинската наставка *-е* кај именките што завршуваат на *-а* и наставката *-ја* за машки род во глаголската *л*-форма.

Со кумановскиот говор на југ граничи овчеполскиот. Освен Овчеполието овој говор ги опфаќа и которските села на север до споменатата погоре линија: Винце – Колицко – Пезово, понатаму Татомир – Сакулица, а на исток спрема кратовскиот говор приближно до линијата Сакулица – Барбарево – Судиќ. И во овој говор имаме прилична хомогеност и сталоженост на јазичните појави. Но во него се забележува и знатно влијание од штипскиот говор, особено во јужните села.

Најблиску до овчеполскиот говор стои кратовскиот. Нив ги сврзуваат повеќе заеднички црти кои во кумановската и кривопаланечката говорна област не се познати, како, на пример, полумекиот изговор на старото меко **l′*, отврднувањето на старото **n′*, губењето на *и*-група кај глаголите, образувањето на глаголскиот прилог и др.

Од кривопаланечкиот говор и од Славиште го дели Осоговската Планина. Најсеверни кратовски села се Кнежево и Нежилово. За границите со кочанскиот, овчеполскиот и кумановскиот говор споменавме погоре. Северозападните села: Шопско Рудари, Вакав, Топаловиќ, Кетеново, Талашманце, Крилатица, Трновац, Куклица, Пендаќ, Ветуница, расположени по долината на Крива, кои порано спаѓаа во Кратовската околија, во јазичен поглед стојат поблиску со славишките села и Страцин, та затоа ги земаме во кумановскиот говор.

За разлика од кумановскиот и овчеполскиот говор, кратовскиот се одликува со поголемо јазично шаренило. На оваа територија можеме да изделиме две помали јазични целости кои меѓу себе не се така реско одделени. Градот Кратово и селата што се наоѓаат северно од Црни Врв, Пониква и Буковац, на

исток заклучно со Кнежево и Емирица, имаат поблизок говор со Славиште и Крива Паланка, додека селата по Злетовската Река и во рударската област се наоѓаат под поголемо влијание на кочанскиот говор. Така, на пример, во нив во наставките готово редовно имаме *о, е* за полугласките, во бројни примери истите гласови ги наоѓаме и во коренските слогови, додека во посеверниот дел за **ъ, *ь* има темен вокал и во афиксите, освен во членската форма за машки род. Вакви разлики има уште, но ја приведуваме само оваа црта што ја определивме како најкарактеристична за разгледуванава територија.

Две говорни целости можеме да изделиме и на кривопаланечката област, не земајќи ги предвид крајните северни села (Луке, Подржи Коњ, Метежево, Огут, Нерав) кои имаат ист говор со Горна Пчиња.

Селата што се наоѓаат од десната страна на Пчиња: Тламинце, Градец (славиштани го викаат *Градạц*), маалото Река во Конопница, Осиче, Габар (или *Габạр*), и граничните Трново, Жидилово (*Џидилово, Џедилово, Џадилово*), Узем, Костур – претставуваат посебен говорен тип кој знатно отстапува од другите наши северни говори. Главна одлика на овој подговор е непренесениот акцент од апсолутниот крај кај некои именки од женски и среден род. Во афиксите за полугласките има *о, е* апсолутно редовно; 1. лице мн. завршува на *-ме,* а 3 лице на *-ат̄,* и кај некои глаголи на *-ăт̄* и др. По овие, а уште и по некои други црти, говорот на споменатава област покажува некои врски со ќустендилскиот и кочанскиот со кои граничи на исток и југоисток (Видоески, 1953 : 113).

Меѓутоа, оној дел што останува од левата страна на Крива, по Осоговијата, земајќи го тука и градскиот говор, има поблизок говор со кратовскиот, со некои помали отстапувања.

Акцент̄.– Погоре рековме дека најкарактеристична црта на североисточната група говори, со која се изделуваат тие во посебен говорен тип, е акцентот. Освен во крајните североисточни паланечки села, на целата територија акцентот е пренесен од последните отворени слогови кај именките, како и во другите источни говори од штипско-струмичкиот тип (Ивковић, 1921 : 264). Само во некои заемки може уште да се сретне акцентот на апсолутниот крај на зборот. Особина е на акцентот во овие говори да не се префрла на предлогот, освен во некои сложени зборови и синтагматски изрази. Исто така тој не се префрла и на префиксите кај сложените глаголи, ниту во императивната форма, која во штипско-струмичките говори во префиксираните глаголи има акцент на почетниот слог. Значи, правило е во разгледуваниве говори акцентот да не оди понапред од основата. Друга негова особина е тенденцијата да се задржи на еден ист слог, т.е. морфолошки да се фиксира, да не го менува местото макар колку да се продолжува зборот. Сп. *м'ајст̄ор* : мн. *м'ајст̄ори* : членувано *м'ајст̄орạт̄* : *м'ајст̄орот̄ог̄а,* или: *ц'аревица, ц'аревицут̄у* (Страцин). Во глаголските форми: *'имам – имамо* : имперфект *'имаше – 'имашемо – 'имаамо* итн.

Во суфиксните образувања прашањето со акцентот стои поинаку. Кај глаголите тој редовно се пренесува на суфиксот, сп. *ст̄ạмн'уі̯е се, шạп̄н'уі̯е, сп̄ом'ења, сạп̄'иња, лег̄'иња, мењ'ава* спрема *ш'ạп̄не, с'ạп̄не, м'ени.* Тодор Маневиќ во неговите "Забелешки за овчеполскиот говор" (1952 : 193), овие образувања ги зема како посебен акцентски тип кај глаголите. Кај именките и придавките, меѓутоа, вакво генерализирање не е извршено. Има суфикси што задолжително

го повлекуваат акцентот кон крајот, како на пр. туѓите *-ци̏ја, -ија, -ла̏к*, а и други. Други пак воопшто не влијаат на местото на акцентот. А има и такви изведенки кај кои во едни случаи акцентот се пренесува од основата на суфиксот, а во други со истиот суфикс такво пренесување не се врши (Видоески, 1952 : 58-63, 84-86, 105-108, 134-146). По споменативе особености се сложуваат сите говори од разгледуванава група. Извесно неслагање меѓу поодделни говори има само при акцентирањето на некои изведенки со суфиксите *-а̏к, -а̏л* и *-а̏ц*. Во овчеполскиот и кумановскиот говор на исток до Страцин кај овие образувања акцентот редовно паѓа на коренскиот слог, на пр. *р'учак, м'омак, м'етак, 'орал, м'ољац, к'олац.* Во кратовската и кривопаланечката област, и во Славиште, се среќаваат вакви образувања и со непренесен акцент, сп. *ко̄т'а̏ў, пе̄т'а̏ў, ор'а̏ў, квас'а̏ц, јун'а̏ц, муќ'а̏к, руч'а̏к* (Паланечко, сп. Видоески, 1953 : 175), *кол'а̏ц, кон'а̏ц, пӯт'ец, жа̏т'ец, ко̄т'а̏ў, ор'а̏ў, пе̄т'а̏ў* (Кратовско, сп. Видоески, 1952 : 105-107). Кај некои одделни примери се забележува колебање во акцентот, на пр. *р'або̄та* : *раб'о̄та, н'аро̄т* : *нар'о̄т.*

Интересна е една појава во врска со местото на акцентот што се јавува во некои овчеполски села, а која штипскиот говор не ја познава. Тоа е тенденцијата да се установи акцентот на претпоследниот слог. На пример, спрема множинските форми *кол'ани, ле̄ѓ'ени, овч'ари, слав'еи, сир'аци* во еднина имаме: *к'олар, л'е̄ѓен, 'овчар, сл'авеј, с'ирак.* Ваков сооднос има и кај оние форми од машки род што имаат акцент на кореновиот слог: едн. *'извор, ѓ'арван,* а во множина: *изв'ори, ѓарв'ани* (сите примери се од Живење). Дали оваа појава се јавила на овој терен со мешање на разни акцентски типови, на пр. *ѓ'арван* : *ѓ'арвани,* и *кол'ан* : *кол'ани* = *к'олан, ѓ'арван* : *кол'ани, ѓарв'ани,* или се јавила под влијание однадвор, сега не можеме да кажеме. Потребно е да се испита нејзината географска распространетост и да се установи дали и каква врска има со тиквешките говори.

Кај глаголските форми акцентот е генерализиран спрема основите. Формите што се образуваат од презентската основа го носат и презентскиот акцент, сп. презент: *б'ере-ш, б'еремо, б'ере̄те, б'ерев,* заповеден начин: *б'ери – б'ере̄те, изб'ери – изб'ере̄те,* имперфект: *б'ереше – б'ереемо (б'ереамо, б'ерешемо),* глаголска *н*/*т̄*-форма: *п̄'ечен, исп̄'ечен, -а, -о, -и.* Само во овчеполските села оваа форма може да се чуе и со акцент на последниот слог, како во штипскиот говор: *кан'е̄т, п̄адн'а̏т, закл'ан, умр'ен* (с. Кашање), покрај: *к'анет, в'икан, ӯт'е-п̄ан* (Павлешенци). – Во аорист и глаголската *л*-форма акцентот паѓа на вокалот од основата: *им'а, им'амо, им'аа – им'ал, -а, -о, -е.* Кај глаголите што им завршува аористната основа на консонант: *рек'о, реч'е, рек'омо* итн., но: *р'екал, о̄т'ишал, -а, -о, -е.* Во источниот дел, источно од Страцин и Талашманце се среќаваат и форми со акцентот на наставката: *рек'а̏л, ши'а̏л,* и *ишл'а, ишл'о, ишл'е, рекл'а, рекл'о, рекл'е, обишл'е* (Славиште). Таму дури и од помошните глаголи се употребуваат форми со непренесен акцент: *бил'а, бил'о, бил'е; те̄л'а, те̄л'о, те̄л'е.* Глаголската именка и глаголскиот прилог имаат свој посебен акцент. Треба уште да нагласиме дека на негацијата акцентот никогаш не преоѓа, со исклучок во негираните форми од помошниот глагол *сум* : *н'е-си, н'е-е, н'е-са.*

Во североисточните паланечки села од Градец до Узем имаме знатно поархаична акцентуација. Таму наоѓаме уште именки со непренесен акцент од последниот отворен слог.

Двосложните именки од женски род на *-а* спрема местото на акцентот можеме да ги поделиме на две нееднакви групи.

а) Помала група именки имаат акцент на последниот слог: *бу'а, вр̥б'а, жен'а, змиј'а, иг̄р'а, ив'а, коз'а, кос'а* (за косење : *к'оса* на главата), *кум'а, му'а, овц'а, ос'а, ран'а* (*храна*), *свињ'а, сест̄р'а, слан'а, т̄р̥л'а* (= трло, во Градец), *уст̄'а* (Река), *цен'а* (Трново). На истиот слог акцентот останува и во општата форма, а членот не влијае на местото на акцентот: *бу'ат̄а, жен'ат̄а, коз'ат̄а, свињ'ат̄а, уст̄'ат̄а.* Како овие именки се акцентира и *дец'а – дец'ат̄а.* Во множинската форма акцентот редовно паѓа на почетниот слог: *ж'ени, к'ози, 'овци, р'ани, св'иње,* и членувано: *'овцит̄е, св'ињет̄е* (Градец), освен во граничните села Трново, Жидилово, Узем, во кои се среќаваат и форми со акцент на последниот слог, на наставката: *коз'и, овц'и,* членувани: *коз'ит̄е, овц'ит̄е, ос'ит̄е, жен'ит̄е, г̄лав'ит̄е, сест̄р'ит̄е* (Узем). Во овие села и бројот на именките со непренесен акцент е знатно поголем одошто во селата што се наоѓаат западно од Дубровница. Така се акцентираат, на пример, и: *врат̄'а, вод'а, г̄ред'а, г̄лав'а, ног̄'а, рек'а, рук'а, т̄рав'а, ст̄рел'а* – кои веќе во Дубровница имаат акцент на почетниот слог.

б) Бројот на именките со акцент на почетниот слог е знатно поголем. Такви се: *б'аба, б'орба, б'ăчва, бр'азда, в'уна, ж'аба, књ'иг̄а, к'ожа, р'иба, сл'ама* итн., како и именките од типот: *г̄'ора, з'емња, з'ора, л'оза, м'еѓ̄а, сл'ăза, ст̄р'ана, сн'аа,* кои во соседните српски и бугарски дијалекти имаат акцент на последниот слог.

И кај именките од среден род има два акцентски типа: 1. тип *дет̄'е – дет̄'ет̄о,* со акцент на последниот слог, и 2. тип *в'ино – в'инот̄о.*

Како *дет̄'е* се акцентираат: *т̄ел'е,* деминутивите на *-е, -ле* и *-че* : *вуч'е* (од *вук*), *вăч'е* (од *вошка*, одн. *вăшка* во овој говор), *бич'е* (*бикче*), *лист̄'е, мост̄'е,* и *мошч'е,* спрема него е образувано *ност̄'е* (од *нос*), *п̄р̥ст̄'е* и др.; *брезл'е* (од *брест̄*), *ќосл'е* (*ќос*), *п̄ет̄л'е,* топоним *Чукл'е* во Конопница, *г̄роп̄ч'е,* во Борово топоним *Гроп̄ч'е, г̄ранч'е, дворч'е, јунч'е, коч'е* (од *кош*), *рит̄ч'е, сноп̄ч'е, ст̄олч'е, ст̄окч'е, т̄оп̄ч'е,* или *мец'е* (од *месо*). Во Трново со акцент на последниот слог има и неколку примери на *-о* : *сел'о, млек'о, мес'от̄о, сен'от̄о, мест̄'от̄о, г̄лет̄'от̄о,* секако и други, кои веќе во соседното село Дубровница имаат акцент на почетниот слог: *с'елот̄о, с'енот̄о.* Во позападните села кај именките на *-о* акцентот паѓа на почетниот слог: *б'р̥до, г̄н'ездо, д'р̥во, ж'ит̄о, л'е^{а}т̄о, мл'е^{а}ко, 'око, р'ебро, цр'ево; вл'акно, бр'ашно, с'ено, с'едло, кр'ило, цр'есло* и др. Вака се акцентираат и именките од типот *'име, вр'еме,* и именките на *-це* : *ј'ајце, с'р̥це, 'окце,* или *м'оре, п̄'оље, ј'аг̄ње* итн.

Кај именките од машки род акцентот е како во кратовскиот говор и тоа во неговиот северен дел (Видоески, 1952 : бр. 4, 5). Само во граничните села Трново, Жидилово, Узем има извесен број едносложни именки кај кои акцентот во множинската форма паѓа на наставката, сп. *кључ'евет̄е, ст̄ол'овет̄е, ноќ'евет̄е* (Жидилово), *коњ'ет̄е* (Трново), веројатно и други. Примерите *п̄оп̄* и *вол,* мн. *п̄оп̄'ове, вол'ове,* како што споменавме погоре, со таков акцент се употребуваат далеку на запад.

Овој говор не се согласува со другите наши североисточни говори ни во поглед на акцентот кај глаголите. Отстапувања има во сегашно и минато определено свршено време и во заповедната форма.

Во сегашното време има извесен број првични глаголи што го пазат акцентот на последниот слог. Тие се главно глаголи од I Лескинова група, неколку

глаголи од III група, и оние од IV група што им завршувала инфинитивната основа на **ě*, одн. **а*. Така денеска кај глаголите од *е-* и *и*-група разликуваме два акцентски типа:

1) со акцент на почетниот слог, како во:

'идем	*'идеме*	*г̄'инем*	*г̄'инеме*	или	*н'осим*	*н'осиме*
'идеш	*'идете*	*г̄'инеш*	*г̄'инете*		*н'осиш*	*н'осите*
'иде	*'идат*	*г̄'ине*	*г̄'инат*		*н'оси*	*н'осат*

и 2) со акцент на последниот слог, како:

б'ерем	*берем'е*	или	*сед'им*	*седим'е*
бер'еш	*берет̄'е*		*сед'иш*	*седит̄'е*
бер'е	*бер'ат̄ (бер'ăт̄)*		*сед'и*	*сед'ат̄*

Како *'идем (г̄инем, носим)* се акцентираат сите глаголи од *а*-група, глаголите на *-не-* во презентската основа, и уште неколку глаголи од *е*-група (мислиме на првичните) и сите глаголи од *и*-група што им завршува аористната основа на *-и-*.

Како *бер'ем* се акцентираат: *бодем, влечем, г̄ребем, дерем, једем, г̄њетем, зобем, ковем, кољем, крадем, музем, метем, орем, печем, перем, пасем, поем, плетем, предем, речем, скубем, сечем, стрижем, сновем, тече, тресем, цр̄пем, дадем;* како *сед'им* : *боим се, бољи, врти, виси, г̄орим, држим, лежим, летим, личи, мр̄зим, пишти, свети, стоим, тр̄чим, тр̄пим, цăвти* (Дубровница, Трново).

Вака се акцентираат овие глаголи, како што рековме, само кога се прости, без префикс. Меѓутоа, штом ќе добијат префикс, се менува и местото на акцентот: тој се пренесува на коренот, сп. *г̄реб'ем* : *изг̄р'ебем, изг̄р'ебеш, изг̄р'ебеме, изг̄р'ебете, изг̄р'ебат̄; дад'ем* : *пред'адем, муз'ем* : *изм'узем, печ'ем* : *исп'ечем, прип'ечем, испр'еде, прес'ече, зас'ече, пот̄'ече ми рука, ќе ми от̄'ечат̄ руцете, зак'ољем, зб'ерем* (: *бер'ем*) итн. Последниов пример покажува дека бројот на слоговите не игра никаква улога за префрлањето на акцентот. Тука се гледа јасно дека се образувале две категории глаголи: префиксирани – со пренесен акцент, и непрефиксирани – кај кои се пази старото место на акцентот. Овој сооднос на префиксирани и непрефиксирани форми при акцентирањето го наоѓаме и во североисточните кочански села (источно од линијата Пресека – Блатец – Лаки), како и во говорите во Пијанец и Малешевијата, во кои исто така споменативе погоре глаголи го чуваат старото место на акцентот. Разлика меѓу овие говори и разгледуваниов има само во 1 и 2 лице множина. Во пијанечко-малешевските говори во овие две лица акцентот паѓа на вокалот од основата (*п̄еч'еме, п̄еч'ете; леж'име, леж'ите*), додека во кривопаланечкиве села, како што видовме, тој стои на наставките. Овој е единствен наш говор, колку што ни е познато од досегашните испитувања, во кој во 1 и 2 лице множина акцентот стои на наставката, на апсолутниот крај. Од околните српски дијалекти таков акцент има во лужничкиот и заплањскиот – и тоа во нив само кај глаголите од типот *лежим* (Белић, 1905 : 537 нт.), а од бугарските неколку примери приведува

Тодоров од говорот на Ќустендилското Краиште кој граничи со нашата територија (сп. *ковем'е, да дадем'е,* Тодоров, 1949 : 345, 346). Само што во сите нив префрлањето на акцентот кон почетокот во префиксираните форми не е задолжително, како што е случајот во говорот на источните кривопаланечки села. Сп. *расковем'е, претечем'е, донесем'е, доведет'е,* покрај *довед'ете* во Ќ. Краиште, или *извр̥тим'о, поседит'е* (Белић, 1905 : 538) : *изгр'ебете, испр'едете* во нашиов говор.

Не е еднаков акцентот кај сите глаголи ни во заповедната форма. Во 2 лице едн. кај сите три групи тој стои на основата, било да е глаголот прост или со префикс, сп. *б'ери, наб'ери, п'ечи, исп'ечи, д'р̥жи, под'р̥жи, ст'ани, постт'ани, к'опај, 'играј.* На истиот слог паѓа и во 2 л. мн. кај глаголите од *а*-група: *в'икајте, 'играјте, гл'едајте, с'укајте, тов'арајте.* Меѓутоа, кај глаголите од *е-* и *и*-група тој се генерализирал на претпоследниот слог, како и во околните српски и бугарски говори. Така, спрема глаголите од типот *бер'ете, печ'ете, јед'ете,* или *гор'ете, тр̥п'ете,* се акцентираат и оние од типот *гин'ете, бриш'ете* и сл.

Два вида акцентски форми имаме и во аористот. Оние глаголи што имаат во сегашно време непренесен акцент, а кај кои 3 лице едн. на сегашно време совпаѓа со 3 л. аорист, во аористот имаат акцент на основата. Сп. *р'еко, р'ече, р'ече, р'екоме, р'екоте, р'екоа.* Така се акцентира и: *п'ече, д'аде, тр'есе, с'ече, вл'ече* : сегашно време *печ'е, дад'е, трес'е.* Но *греб'а, греб'аме, сед'о – сед'е, ст̥ој'а* : сегашно време *сед'и, ст̥о'и.* Овде е очигледно дека до вакво повлекување на акцентот кон почетокот на зборот во аористната форма дошло за да се разликува аористот од сегашната форма, и тоа во 3 л. едн. По аналогија преметот станал после и во другите лица. Во такви случаи акцентот служи како морфолошки знак.

Во сите други случаи каде што вакво совпаѓање со презентот нема, во аористот акцентот стои како и во другите источни говори – на вокалот од аористната основа.

Другите форми акцентираат како во кратовскиот говор (Видоески, 1952).

Сличен акцент, со некои помали отстапувања, имаат и северните кривопаланечки села што граничат со трговишкиот говор. Сп. *овц'а, овц'ата, овц'у, овц'уту* : *'овце, 'овцете; дет'е дет'ето;* презент *бер'еш, бер'е (печ'е, сеч'е, сед'и),* 3 л. мн. *бер'ев, пер'ев, сеч'ев.* Но во 1 л. едн., кое овде завршува на *-у,* акцентот паѓа на почетниот слог: *б'еру, п'еру, с'ечу,* а во 1 и 2 л. мн. на претпоследниот: *бер'емо, пер'емо, печ'емо;* со суфикс: *наб'ери, исп'ечемо, прес'ечев;* аорист *п'еко, п'екомо, п'екоте, п'екоа* : *вик'а, вик'амо, ст̥ан'а* и сл.

Вокали. – Вокализмот во овие говори е главно ист. Освен вокалите *е, и – о, у – а,* и вокалното *р̥,* како што споменавме погоре, има и еден среднојазичен вокал *– ъ́,* кој се јавува во две варијанти зависно од тоа дали се наоѓа во акцентиран или во неакцентиран слог. Сп. *д'ъ́н* : *дн̥'ъ́с, т'ъ́мно* : *ст̥мн'и се, в'ен̥ац* : *слеп'ъ́ц.*

Местото на акцентот во североисточните говори игра прилично важна улога и во изговорот на другите вокали. Неакцентираните вокали обично се изговараат пократко, нешто малу поредуцирано. Колку што се оди пона југ оваа појава станува сè позабележителна, така што веќе во овчеполскиот и кратовскиот говор таа е јасно изразена особено во членуваните форми. На пример:

к'р̥ӣчẹӣо, уч'илишӣẹӣо, к'амењẹӣо, сạс 'овциӣе (Шлегово – Кратовско), *б'абạӣа, др'уг̄ạӣа, нед'ел'ạӣа, г̄р'аницạӣа, л'ојзạӣа, с'есӣрạӣа, д'ушạӣа, ч'аӣмạӣа, г̄р'обишӣạӣа* (Г. Кратово). Но ова не е особина само на овие говори, туку е општа појава во источниот дел од нашата територија.

Во северниот појас, во кумановскиот и кривопаланечкиот говор, нагласените *о* и *е* се изговараат нешто поотворено од нормалните македонски акцентирани *о* и *е*. Во некои случаи тие се изговараат како дифтоншки гласови (*'о^{а}, 'е^{а}*), сп. *к'о^{а}за, к'о^{а}са, л'е^{а}ӣо, мл'е^{а}ко* (Страцин), а во други степенот на отвореноста е толку мал што едвај може да се забележи.

Една од најглавните одлики на вокализмот во нашите североисточни говори е, како што рековме, замената на старите полугласки. Во слоговите од основата на целата територија место нив има темен вокал за чија гласовна вредност споменавме погоре. Сп. *б'ӑчва, дӑш, дӑн, дạн'ӑс-ке, н'ӑќви, кӑӣ* (кога), *сӑк, с'ӑќе, исạн'ала водаӣа, ӣ'ӑкмо, ӣ'ӑкнеш* (Кр. Паланка), *лӑн, ӣ'ӑмно, ӣ'ӑг̄а, оӣ'ӑнци, ӣӑј, ов'ӑј, он'ӑј, сӑс* (Кратово), *в'ӑшка, з'ӑлва, д'ӑње, в'ӑздạн, л'ӑко, л'ӑсно* (Овчеполско, с. Стањевци) и др. Во оваа позиција ретки се примери со друга замена. Примерите *сн'аа* (< **snъха*) и *с'обор,* покрај *с'ӑбор,* кои се употребуваат на целата оваа област, или: *б'очва, дош, в'ошка, вел'иг̄ден,* покрај *в'ӑшка, б'ӑчва,* во паланечките села што се наоѓаат покрај границата сигурно е дека се внесени однадвор. Во јужните и југоисточните кратовски села, кои се наоѓаат во непосредно соседство со кочанскиот говор, примери со *о* и *е* за **ъ, *ь* се среќаваат знатно повеќе, сп. *б'очва, з'оўва, дош, сон, с'оӣка, ӣ'емно* (Злетово), *в'ошка, дош, н'оќви, с'оӣка,* наспоредно со *в'ӑшка, б'ӑчва, н'ӑќви* (Стрмош). Дали и овде примерите со *о* и *е* се внесени отстрана, или се тие основни, само врз денешнава положба не може да се суди.

Ваков рефлекс за полугласките имаме и во морфемите, но веќе во таа позиција отстапувањата се знатно побројни.

Сп. *-ӑк* : *р'учạк, 'уӣạк, наӣ'р̥сӣạк, ӣ'ешạк* (Кратово), *ӣ'еӣạк, н'исạк, ӣ'ӑнạк* (Кр. Паланка), *сн'исạк, р'еӣạк* (Славиште); *-ӑл* : *коӣ'ӑл, ӣеӣ'ӑл, ор'ӑлоӣ* (Кр. Паланка), *ӣ'еӣạў, 'орạў; -ӑн* : *ж'едạн, ӣр'азạн, г̄л'адạн* (Кр. Паланка), *ӣ'есạн, ӣр'есạн, м'уӣạн, ӣ'осạн, с'иӣạн* (Кратово); *-ӑц* : *јун'ӑц, квас'ӑц, клин'ӑц, в'енạц* (Кр. Паланка), *ӣ'алạц, м'олạц, ӣр̥г̄'овạц, слеӣ'ӑц, јад'ӑц* (Кратово), *браӣ'анạц, уд'овạц, ј'арạц* (Куманово) итн.

Меѓутоа, во оваа позиција има примери со вокалот *а* место обата ера, и тоа само во неакцентирани слогови. Таков рефлекс наоѓаме во тесниот граничен појас меѓу оваа област и појужните **ъ, *ь* > *о, е*-говори. Сп. *'уӣак, наӣ'р̥шњак, в'иӣаў, св'р̥даў, к'оӣаў, др̥ж'аван коњ, њ'ојан,* членската форма: *ӣр'азниаӣ, б'елиаӣ, м'окриаӣ* во кривопаланечките села (Видоески, 1953 : 176) *ӣ'еӣак, дес'еӣак, св'р̥даў* (Кратовско, с. Мушково), *ср'едањ, скоӣј'анац* (с. Кнежево), *ср'еќан дӑн* (Лесново), *м'ол'ац, г̄'р̥кл'ан* во граничните овчеполски села со штипскиот говор (Маневиќ, 1952 : 189). Географската распространетост на оваа појава доволно зборува дека вокалот *а* во приведениве и други примери се добил во резултат на гласовен процес што се извршил на овој терен. Погоре споменавме дека неакцентираното *ӑ* може да премине во вокалот *а*. Понатаму ќе видиме дека во црногорско-полошките села оваа појава е многу пораспространета.

Во граничните села со кочанскиот и штипскиот говор, и тоа на целиот појас од бугарската граница па до границата со скопската говорна област, во оваа по-

зиција има бројни примери со *о, е* место **ъ, *ь,* кои се јавиле под влијание на штипскиот и кочанскиот говор. Особено се чести вакви примери во јужниот дел на кратовскиот говор и во североисточните паланечки села. Во последниве, како што споменавме еднаш порано (Видоески, 1953 : 176 нт.), во суфиксите готово редовно за полугласките има *о, е.* Сп. *жăт̄'ец, ов'ес, ед'ен, муќ'ок* (Стрмош, Кратовско), *Бл'аг̄овец, Гр̥бавец, п̄'ет̄ок* (Пробиштип), *ов'ес, руч'ок, п̄ут̄'ец* (Добрево), *п̄ет̄'ело, г̄луш'ец, клуп̄'ец, ј'азовец, овесн'ица слама, жел'езен, м'ут̄ен, г̄л'аден* (Лесново, Злетово), *б'олен, ечм'ен, ор'ел, п̄ет̄'ел, уд'овец, т̄р̥г̄'овец, ср'еѓ̄ен,* покрај *ед'ăн, дạн'ăс, 'арạн, п̄'амет̄ạн* (Кнежево), *ј'арец, мр̥т̄'овец, Л'исец, б'олен, ед'ен, п̄ет̄'еў* (Мушково) и др. (Видоески, 1953).

Ваква двојна замена на еровите: *ă* во коренските слогови и *о, е* во суфиксите во означениве места, јасно е, по фонетски пат не можела да стане. Некои од овие замени мора да се внесени отстрана, и тоа најверојатно оние што ги наоѓаме во суфиксите.

За замената на полугласката во членските форми види подолу.

За носовката од заден ред (**ǫ)* имаме *у,* и тоа во слоговите од основата на целата територија: *м'ука, г̄р'уди, кут̄њ'аци* итн. Во кумановскиот говор ист резултат има и во наставките, со исклучок на наставката *-на-* кај глаголите *(п̄адн'а, ст̄ан'а – п̄адн'але, ст̄ан'ало).* Сп. општата форма: *к'уќу, к'уќут̄у, н'ашут̄у к'уќу, т̄'ујг̄ол'емут̄у к'уќу;* во 1 л. едн. сегашно време: *н'осу, раб'от̄у,* и 3 л. мн.: *'имав, 'иг̄рав,* каде што *в* е добиено од *у* фонетски. За географската распространетост на овие наставки ќе споменеме подолу.

Со поинаква замена се јавуваат само примерите: *г̄н'ăсно* во кратовскиот и кривопаланечкиот говор, *г̄ăс* (на целата територија) и формите изведени од овој корен: *г̄'ăзачки, г̄'ăзови* (Г. Кратово), *наз'адг̄ăзум,* потоа: *от̄'ăде, одав'ăт̄, едн'ăш* (во кратовските села Шлегово, Јамиште, Добрево). Повеќе примери има со вокалот *а* и тоа главно во јужните кратовски села. Така во Злетово, Лесново и Стрмош забележени се: *ват̄'ок, в'азељ* (со секундарно *в), 'еднаш, от̄'аде, одав'ат̄, дап̄, д'аг̄а* (: *дуг̄а* во Крива Паланка и Куманово), *даб'ица, п̄ат̄, п̄одг̄'азник, п̄'оп̄рак, п̄одг̄'азница, мат̄ен'ица, кап̄'ина* (во Добрево и *коп̄'ина*). Во јужните овчеполски села: *мака, п̄ат̄, п̄рат̄че, садове* (Маневиќ, 1952 : 190). Токму овие примери со *а* се употребуваат и во источните паланечки села: *кап̄'ина, кад'е, ват̄'ок, г̄н'асно* и *г̄њ'асно, дап̄, г̄'азо, п̄адг̄'азник* (Видоески, 1953 : 161). Покрај *јат̄ор* се јавуваат и формите *'от̄ăр* (Мушково), *'от̄ур* (Злетово, Лесново), *'от̄ор* (Јамиште, Којково), *'ут̄ури* (Пробиштип), *ј'ат̄ор* (Кнежево; сите села се во Кратовско), *јат̄'ор* во источните паланечки села. Покрај *ун'ут̄ра* во паланечките и кратовските села се употребува и формата со *е* : *ун'ет̄ре* (Мушково, Злетово, Пробиштип), *ун'ет̄ра* (Сакулица), во која некои гледаат остаток од некогашното мешање на носовките, а според други *е* се добило во резултат на асимилационен процес. Интересни се формите: *'обрич* во паланечките села и *обăрч – обăрчо – обăрчи* во Лесново, покрај *'обруч* (Видоески, 1953 : 195).

Остатоци од некогашното мешање на носовките зад *ј* во овие говори нема: *(ị)ез'ик, (ị)ечм'ен, (ị)ет̄'р̥ва, з'аек* (во најсеверниот појас и *зајац,* каде што *а* може и поинаку да се објасни). Формата *ј'анѕа,* позната на целата оваа област, за стсл. ꙗѕа, во овие говори е внесена од југ, како и сите други примери со *а* место **ǫ.*

Погоре веќе споменавме дека развитокот на вокалното **l̥* во северните наши говори бил условен од карактерот на претходната согласка. Зад лабијални-

те согласки имаме *у*, а зад денталните *лă*. Во некои кумановски и кривопаланечки села зад денталите во неколку случаи има и *-лу*, како во јужноморавскиот дијалект (Видоески, 1953 : 206-209). Тодор Маневиќ од јужните овчеполски села дава и примери со вокално *л̥ : сл̥нце, жл̥чка, сл̥зи, дл̥жни, кл̥не* (Маневиќ, 1952 : 190). Меѓутоа, јас ваков изговор нигде немам чуено. Во сите приведениве примери зад *л* има темен вокал: *слăнце, слăзи, длăжни,* покрај *дужни, жл'ăчка* но *кăлне.* Во југоисточните кратовски села и во јужниот дел на Овчеполието спорадично се употребуваат и примери со *ă* место **l̥* : *жăт̄'ец, жăт̄'ица, ж'ăчка* (Злетово), *к'ăца, жăт̄о, г̄ăт̄а, г̄ăт̄ка* (Мушково), *сăнчог̄л'ет̄* (Стрмош) – како во штипскиот и кочанскиот говор.

Вокалното **r̥* се изговара како во литературниот јазик, освен во кратовскиот говор. Во него, особено во говорот на селата по Злетовска Река, вокалниот призвук пред *р* е поизразит, понекогаш и сосем јасен среднојазичен вокал кој ја презел слоговната функција од *р*. Сп. *свек'ăрва, г̄ăрљ'ашче, вăрле, мăрт̄'овецо, в'ăрзи му, в'ăрп̄чичка, дăрвје, п̄ăрљ'ак, оѕ'ăрќа, ц'ăрква, г̄ăрп̄, с'ăрп̄ско, св'ăрши* (Мушково), *ет̄'ăрви, в'ăрземе, д'ăршкит̄е* (Јамиште), *ист̄'ăрг̄н'ал се, мăркн'ало, не мăрднаў, свек'ăрва* (Злетово), *т̄'ăрмка, Цăрни Вăр* (Лесново).

Сог̄ласки. – Консонантизмот во овие говори не покажува некои особени појави. Согласката *ј* се изговара поинтензивно одошто во централните говори, а појавите сврзани со овој глас се готово исти како и во другите дијалекти на нашиот јазик. Меѓутоа овде новото јотување се извршило и во групата *лј* која дала *љ* : *зеље.* Остатоци од старото јотување на групите *усна сог̄ласка + ј* имаме во *сабља* и во имперфективно-итеративните глаголи на *-ја* : *ост̄'авља, забр'авља* и др. кои се употребуваат на целата оваа територија.

Фонемата *х* се губи во сите позиции. Во некои осоговски села и од кратовска и од паланечка страна пред консонантите може кај постарите да се чуе еден сосем слаб грлен елемент: *кре:ˣко, ве:ˣт̄о, вие не т̄о:ˣт̄е да работит̄е, изве*ˣ*т̄'ело* (с. Дурачка Река, Паланечко). Или кога се губи остава должина на претходниот вокал: *изд'и:на, к'и:на* (Кр. Паланка). Ова удолжување особено е изразено во кривопаланечкиот говор, и тоа во градскиот и во говорот на оние села што се наоѓаат лево од Крива Река па негде до Кратово: *б'а:ча, в'е:т̄о, изве:т̄'ело, ме:л'ем, ду:н'а, б'о:ча* (Паланка). Приведениве примери се доста поучни да се види како се одвивал процесот на губењето на *х,* низ какви стадии тој глас минал додека не се загубил наполно како фонема.

Замената на *ф* со *в* на оваа територија е сосем обична појава, особено е доследно спроведена во овчеполскиот и кратовскиот дел. Но сè уште *ф* како посебна фонема се одржува.

Меконепчените *к г̄* во јужниот дел пред вокалите од преден ред се артикулираат знатно понапред во устата: *ј'абук'и, рак''ија, варош'анк'ит̄е, рук'и ѕебнат̄, с'енк'ит̄е* (с. Јамиште), *к''ит̄ени, вис'ок'и, п̄ешк'ири, свак'и дăн, дев'ојк'и, вошк'и* (Лесново), *цур'ајк'и, драк'и, рук'и, забрави г̄'и, благ̄'и, ог̄'ин, иг̄ли т̄'ăнк'и* (Железница), *ног̄'и, рук'и, т̄реск'и* (Кратово). Треба да се одбележи дека во поглед на степенот на палаталноста овие гласови се разликуваат од велешките *к' г̄'* во истава позиција. Тие се наоѓаат негде на средина меѓу "нормалните" *к, г̄* и велешките *к', г̄'*.

Групата *шт* само во градот Кратово се изговара меко (*ш'т'*) или пак *ш'ч'*, и тоа претежно кај младото поколение, додека кај постарите се слуша и *шт*. Сп. *Ш'ч'ит, шчичка, ш'ч'о, ш'т'ит'аўка, телиш'ч'а, с'ăдиш'ч'а, р'амниш'ч'а,* покрај *оґн'иштето, зашто, ґр'адишта.* Самиот факт што ваков изговор се среќава претежно кај помладите, говори дека е ова нова појава во кратовскиот говор.

Најинтересна црта од консонантизмот во оваа област е изговорот на тврдото *л* во некои локални говори. – На оваа територија разликуваме три вида латерали: *меко – љ,* кое е различно по потекло (од старото **l′,* добиено по новото јотување, во некои примери стои место *л*), *средно* – пред вокалите од преден ред, *тврдо* – нормално македонско тврдо *л,* покрај нив има и неслоговно *ў* – на крајот на зборот и во средината кога зад него следи друга согласка, освен *ј*. – Последниов глас се јавува, како и во тетовскиот говор (Селищев, 1929 : 293) во две варијанти, зависно од тоа колку е изразена артикулацијата на усните. Ваков глас имаме во кратовскиот говор, и тоа на целото негово подрачје, во славишките села и во кривопаланечкиот говор, и тоа само во оној дел што останува од левата страна на Крива. Така северната и западната изоглоса на оваа црта оди по реката Крива од нејзиниот изворишен дел до селото Крилатица, кое се наоѓа северозападно од Кратово, а оттука продолжува на селата Талашманце – Сакулица. Тие се најзападни села каде што се среќаваат примери со ваков алофон на *л*. Веќе во соседните овчеполски села Татомир и Стројманци *л* се изговара како во литературниот јазик, а само во одделни примери имаме *ў* (*тоўку, коўку*). Јужната изоглоса оди приближно по границата меѓу кочанскиот и кратовскиот говор. По некој пример со билабијален изговор може да се сретне и пона југ длабоко во кочанскиот говор. На исток оваа црта се протега и на северните кочански села. Таму дури и пред вокалите од заден ред владее изговор со заокружување на усните: *сўама, ўакто, чеўо* (Ново Село, Костин Дол). – Во кратовскиот говор билабијалниот изговор е поизразен. Затворот што го образува врвот на јазикот со предниот дел на небото при изговорот на нормалното македонско тврдо *л* овде го немаме. Еден старец во Пробиштип овој глас го предаваше со *у* : *Гавриу, доу* место стандардното *Гаврил* и *дол,* што значи дека нему крајното *ў* слухово му е поблиску до *у*. Сп. *маўку, аўва, беўки* (Кратово), *сеўски, понед'еўник, ќеўчо* (Мушково), *зăўва* (Јамиште), *цед'иўка, печ'аўба, маўко* (Злетово), *жеўка, старос'еўски, паўто, тоўко* (Стрмош), *доў, уч'итеў, вид'еў, ґоў* (Железница), *даскаў, каў, сокоў, беґ'аў, из'еў, дош'еў, цеў дăн* (Злетово), *озд'оў, б'ивоў, браў* (Лесново), *Гавриў, чек'аў, ожн'аў, цен'иў се* (Пробиштип). Во Славиште и во кривопаланечкиот говор процесот на изменувањето на *л* во *ў* се наоѓа на средина; имаме еден вид лабијализирано *л*, но карактеристичната препрека за латерали уште се пази, само значително поослабена.

Старото меко **l′* во посеверниот дел, во кумановскиот и кривопаланечкиот говор, со исклучок на градот Крива Паланка, се пази и по изговорот еднакво е со српското *љ* : *куд'еља, п'оље, пољ'ана, нед'еља, м'оља те* (с. Мушково, Кратовско), *кључ, љут, прић'ателъ* (Градец, Кривопаланечко). Во Овчеполието и во кратовскиот говор, на север приближно до линијата Винце – Градиште – Татомир – Железница – Јамиште, тоа се изговара полумеко, како во другите источни говори: *л'уб'ов, ч'ел'ат, нед'ел'а* (с. Стројманци, Овчеполско), *п'ол'ак, с'ел'ак, зап'ал'ат* (Злетово). Така се изговара овој глас и во градскиот кривопаланечки говор, но во него не се сосем исклучени и примери со *љ*.

Во градот Кратово процесот во затврднувањето на овој глас отишол уште подалеку. Таму, како и во централните говори, отврднало не само старото меко **l'*, туку и она што се добило во поново време на нашиов терен. Сп. *нед'ела, клуч'ар, луб'овник, м'елаш, п̄'олак, с'елак,* покрај *бос'ил'ак, нед'ел'а, сел''аните, фăрл'аа,* а пред согласка и на крајот на зборот *ў* : *уч'итеў, ч'ешеў, мăрс'оў, род'итеў, п̄риј'атеў, вр̥з'аўка, сук'аўка, п̄онед'еўник.* Дури и кога зад *л* следи согласката *ј* може да се чуе тврдо *л,* на пр. *колја, белјо* (од *белио-т̄*).

Во северниот дел од оваа област се пази доста добро и старото меко **n'* : *њ'ег̄а, њ'ива, њ'ума, књ'иг̄а* и сл. Но таму во бројни примери наоѓаме меки *њ* и *љ* и место *н, л,* како на пример: *бр'ашњо, г̄'орњо, чк'оља, цок'оља, жљеб'иња, т̄р̥њов'аче крушке, ск'ажња, п̄'р̥вњо,* или кај глаголите од *и*-група што им завршува основата на *н,* одн. *л,* сп. *бр'ањи к'ањи, кањ'ил, да се м'ењим, п̄'уњим, п̄ром'ењи, р'ањиш, р'оњи, цењ'ил се, иде да се ц'ењи, м'ењи лика, п̄р'азњим, нар'ањи, с'ењи ми др̥во, г̄'оњи – б'ољи, в'аљи, ж'аљи се, м'ољи, м'исљиш, с'ољим, ќе се с'ељи, т̄'ег̄љи* (сите примери се од Дубровница и Дурачка Река, Кривопаланечко). Со поголема доследност вакви примери се употребуваат во кривопаланечкиот говор и во Славиште. Оваа појава ја знаат и соседните српски и бугарски дијалекти (в. цитираните книги на Белиќа и Тодорова).

Именки. – Множинската наставка кај едносложните именки *-ови* се јавува во две форми: со *и* на крајот (*-ови*), и со *е (-ове).* Вторава се употребува во источните кривопаланечки села, и тоа во сите села преку Крива од Градец па до Узем, во маалото Река во Конопница, а од осоговските во Кркља и Дренак; потоа на целата југоисточна половина од кратовската област на запад до Мушково, Шлегово и Стубол. Примери: *д'ăнове, с'инове, в'ирове, вол'ове, п̄р'аг̄ове* и др. – Во кривопаланечките села и во југоисточниот дел на кратовскиот говор множинската форма од *муж* гласи: *мужја* (Кр. Паланка) и *мужје* (Пробиштип, Стрмош), како во кочанскиот, а од *коњ* : *коње* (Жидилово, Трново – Кривопаланечко, Стрмош – Кратовско). – Во селата Дурачка Река, Бас, Кркља (Кр. Паланка) од именките на *-ин* спорадично се употребуваат множински форми на *-ње,* како во граничните српски (Белић, 1905 : 323-324) и бугарски дијалекти: *белог̄р'ат̄чање, све с'а п̄ал'анчање, ќуст̄енд'илчање* (кај постарите), покрај пообичните *п̄ал'анчани, б'ăзјани, ст̄анч'ани, дрен'ăкчањи*; *њ* место *н* овде можело да се јави спрема колективните именки на *-ње,* од типот *камење.*

И кај именките од женски род на *-а* имаме две наставки: *-е* во кумановскиот говор на исток до Псача, на пр.: *п̄лемње, њиве, књиг̄е, свек'р̥ве, овце.* На целата друга територија јужно од линијата Пчиња – Пезово – Шопско Рудари и источно од Псача – Талашманце, со исклучок на граничните села спрема Горна Пчиња (Луке, Подржи Коњ, Метежево, Огут, Нерав) множината кај овие именки се образува со *-и.*

Од деклинацијата интересно е да се одбележи општата форма кај личните имиња од машки род што завршуваат на *-о* и *-е.* Во кривопаланечкиот говор и во северните кратовски села тие завршуваат на *-т̄е* : *Видо г̄о П'авлет̄е, М'илет̄е, Ст̄'олет̄е, Ј'анкот̄е, Б'ожот̄е, Сп̄'ирот̄е* (Кр. Паланка), *П'ет̄рет̄е, М'илет̄е, Тр'ајкот̄е, М'аркот̄е* (Јамиште, Кратовско). Во јужните кратовски села така завршуваат само именките на *-о* : *на М'аркот̄е, Ст̄'анкот̄е, П'ет̄кот̄е* (Лесново), *Тр'ајкот̄е* (Стрмош), додека именките на *-е* во општата форма има-

ат *-та* : *П'етрета, М'итрета* (Злетово, Лесново), *Милета виде ли го*? (Стрмош). Во овчеполските села, така барем во северните, на *-та* општата форма завршува и кај именките од машки род од типот *Илија, Благоја* : *видо га Ил'ieта, дај му на Ил'иета, Андр'еета, Благ'оета* (Павлешенци). Формите на *-те,* од типот *М'аркоте,* кои се познати и во бугарските говори во Самоковско, Ќустендилско и Дупничко, во нашиве говори фиксирани се доста рано. Сп. *Ниноте* во еден запис од 17 век во црквата св. Никола во кривопаланечкото село Трново (Елезовиќ, 1936 : 262).

Заменки. – Личните заменки за 1 и 2 л. едн. гласат *ја, ти* – на целата територија. Само во јужните кратовски села јужно од Пробиштип и Добрево наспоредно се употребуваат и формите: *јазе, јазека, тизе* (Стрмош, Пробиштип), кои се карактеристични за кочанскиот говор од каде секако се и внесени. – Во номинатив мн. имаме неколку форми: *ми, мија* – се употребуваат само во кумановскиот говор на целата територија, *нија* – во Овчеполието, и *ние* – во кривопаланечкиот и кратовскиот говор; *ви* – во кумановскиот, *вија* и *вие.* Многу ретко ќе ја сретнеме формата *мије.* – Во акузатив: *нас, вас,* кратки форми: *нѐ, ве.* Но овде се пазат и старите енклитични форми *ни, ви,* и тоа само во кумановскиот говор и северните кривопаланечки села: *нас ни виде* (Дубровница), *ни збраа у војску*, *и вас ли ви викн'аа*? (Ранковце). *Нѐ* и *ве* се употребуваат на целиот појас јужно од Пчиња и Крива.

Старата ортотонска дативна форма во овие говори се среќава сосем ретко. За датив обично служи старата акузативна форма, како општа падежна форма, со предлогот *на.* Така е и во источните говори. Сп. *на нас ни даде*, *на вас ви;* исто и во еднина: *на мене ми, на тебе ти.*

Лични заменски форми за 3 л. се: *он, он'а, он'о, он'и,* во кумановскиот говор за ж.р. *он'е.* – Општата форма од заменката за машки и среден род гласи *њега* – во кумановскиот, *нега* – на другата територија. Јужната изоглоса на оваа црта спрема штипскиот оди приближно по говорната граница меѓу Овчеполието и Штипско, а спрема кочанскиот говор оди нешто посеверно од говорната граница: Пробиштип – Лесново – Јамиште. Јужно од овие места се употребува формата со *о* на крајот – *него, го.* Оваа последнава форма наспоредно со *нега-га* се употребува и во јужните овчеполски села (Маневиќ, 1952 : 195). На исток формата *њега-га* ја наоѓаме сѐ до бугарската граница и на кратовската и на кривопаланечката страна, со исклучок на селата што се наоѓаат на десната страна од Крива, каде што се употребува втората форма: *њего, го* : *доведи го дет'ето* (Градец), *сретна го Петре* (Дубровница), *њего го* (Трново, Жидилово). Датив: *на њега (нега) му,* одн. *на него му,* сосем ретко *нему (њему).* Кратката акузативна форма од заменката за ж.р. гласи *гу* на целата територија, а полната: *њум, њума, нум, нума* и *не(ј)а.* Последнава се употребува во јужниот појас спрема штипскиот и кочанскиот говор јужно од линијата Судиќ – Пробиштип – Лесново – Јамиште, и во североисточните паланечки села, значи таму каде што се употребува и формата *него го.* Истиве форми со предлогот *на* се употребуваат и за датив. Дативната форма *њојзе* се сретнува доста ретко и тоа во граничните места. Кратката форма во кумановскиот, кривопаланечкиот и северниот дел од кратовскиот говор гласи *ву.* На југ оваа форма се употребува до Јамиште – Шлегово – Шопско Рудари – Градиште. Јужно од оваа линија имаме во датив *и* :

кажи ѝ на Персу, *на њума ѝ* (Кокошиње), *на неа ѝ* (Злетово). Во јужните овчеполски села Маневиќ ја бележи и формата *ји* (1952 : 195). Акузативни форми во мн. се: *њија (нија), њи,* поретко *њим(а),* клит. *ги.* Формата *њија* се употребува претежно во Кумановско, Паланечко и во северниот дел на кратовската територија северно од Железница и градот Кратово. Веќе во Овчеполието, каде што *нија* се употребува како множинска форма за 1 л., имаме *њи* или *њима – ни, нима,* сп. *њима ги ван'але* (Кокошиње), *ним ги стрел'аа* (Шлегово). Овде имаме случај кога дативната форма се употребува и во акузатив, што за источните говори е доста необично. Сп. *сăс ни* (Јамиште), *ни ги повик'аа* (Стрмош), *њи ќе ги викам на веч'ера* (Борово). Истиве форми се и за датив. Интересна е овде кратката дативна форма. Покрај старата *им,* која во јужните овчеполски села се јавува и со *ј – работил јим* (Маневиќ, 1952 : 195), се употребуваат уште *и* : *на нима ѝ дад'о* (Кокошиње), *една кăта дајте ѝ ним* (Павлешенци), *дадо ѝ на ни кило гра, не су ѝ дал на ни парйте* (Стрмош) – и акузативната *ги* : *он ги говори на људи, понапрӗд коњи ги бева овде* (Кумановско). Последнава ограничена е главно на кумановскиот и кривопаланечкиот говор, а поретко ќе ја сретнеме во северните кратовски села.

Глаго̆ли. – Во кумановскиот и кривопаланечкиот дел на југ до линијата Винце – Мургаш – Шопско Рудари – Талашманце – Нежилово – Дренак – бугарската граница добро се пазат сите три глаголски групи: I *викал,* II *по̆је, бере, пӑдне,* III *носи, брои, крои, види, прави, работй.* Меѓутоа, во оној дел што се наоѓа јужно од споменатава линија, во целата кратовско-овчеполска област, глаголите од *и*-група преминале во *е*-група, несомнено по аналогија. Имаме, значи, спротивна тенденција од онаа што се јавува во западните говори каде што се губи *е*-група за сметка на *и*-група. Така во овој дел од североисточната група говори имаме, како во штипскиот и кочанскиот говор, две големи групи глаголи: *а-* и *е*-група. Сп. *мере, раб'отӗ, носе, саде, вр̥ше, месе, про̆се* (Кокошиње), *носеш, да се ослоб'оде, нар'едеш* (Д. Ѓуѓанце), *ол'аде се, кăш гу вашӗш, да се по̆дмл'аде* (Павлешенци); во кратовскиот: *прӑве, да се обесч'естӗ, г'р̥чемо рам'ена* (Кратово), и *он печ'але, сто̆је* (Г. Кратово), *ќе се роде* (Железница), *вода се не бране, ќе нас'адеш, у сечко ќе се јаве, сака да им нап'авеш место* (Пробиштип). Во овчеполските села само спорадично се јавуваат форми од *и*-основа (Маневиќ, 1952 : 197).

Во 1 лице во презентот имаме две наставки: *-м* кај глаголите од *а*-група и тоа на целата територија, и *-у* кај глаголите од другите основи: *не можу да се по̆т'урчу, ќе ви кажу, да на'учу, знају, стану* (Кратово), *кўп'ују, занавӗт'ују* (Стањевци, Овчеполско), *не м'огу да знам, не м'огу да п'омним* (Бас, Кривопаланечко). И вторава наставка *(-у)* се употребува на целата оваа област со исклучок на кривопаланечкиот говор во кој и кај овие глаголи 1 л. едн. завршува на *-м.* Во овој говор карактеристичниот вокал од основата се проширил и во 1 лице, па имаме: *сечем, идем, калим, молим, седим.* – Во источните кратовски села покрај формите на *-у* кај овие глаголи спорадично се употребуваат и форми на *-а,* без *м,* на пример: *моља, да соља, не можу, болен су, ќе ви кажа, ја и од вас нешто да зап'аза, сакам да бида* (Мушково), *уча, се чуда* (Којково).

Прво лице множина, со исклучок на североисточните паланечки села од Градец па на исток, и во некои крајни источни кратовски села, каде што лична-

та наставка гласи *-ме,* на целата друга територија завршува на *-мо* : *ќе раб'оти-мо, имамо, идемо* (Кр. Паланка), *чинемо, сиг̄урни смо, т̄каемо, куп̄'ујемо, ст̄оемо, како да се сп̄асемо* (Кратово), *делемо, носемо, да се нап̄'иемо* (Д. Ѓуѓанце), *до'аг̄́амо, славимо, једемо* (Куманово); *-ме* : *носиме, п̄оеме, береме, ковеме* (Градец), *обл'ечеме, не см'ееме* (Дубровница, Кривопаланечко), *ќе зимаме, п̄еч'аљеме* (Мушково), *вăрземе, г̄ледаме, да се лăжеме* (Јамиште, Кратовско). Но во последниве две места во употреба се и форми на *-мо* : *куп̄'уемо, имамо.*

3 лице множина. – Во поглед на наставката за 3 л. мн. разгледуванава област не е единствена. Во кумановскиот и овчеполскиот говор, а спорадично и во некои западни кратовски села до Железница на исток, оваа форма завршува на *-в,* кое се добило од *у* по гласовен пат кај глаголите од I – III група по Лескиновата поделба, а по аналогија кај глаголите од *и*-основа. Сп. *имав, дон'асав, ковав; берев, лег̄нев* : *молив, сенив, раб'от̄ив.* Во овие говори интересно е обопштувањето на карактеристичниот вокал од основата и во 3 л. мн. Спрема *лег̄не-ш, лег̄не-мо, лег̄не-т̄е,* вокалот од основата се проширил и на 3 л.: *лег̄не-в, седне-в, бере-в,* одн. спрема: *моли-ш, моли-мо, моли-т̄е* и: *моли-в, работи-в* итн., како и кај глаголите од *а*-група кај кои карактеристичниот вокал е еднаков во сите лица и во еднина и во множина. – На *-в* 3 л. завршува и во северните кривопаланечки села (од Луке па до Герман). Во овчеполските села, каде што *и*-група се загубила, во 3 л. уште можат спорадично да се сретнат примери на *-ив.* Така во селата Кашање и Татомир покрај: *носев, др̥жев, раб'от̄ев,* забележив: *седив, т̄р̥п̄ив, дос'адив,* а редовно: *седемо, т̄р̥п̄емо.* Во славишките села пак, каде што *и*-група добро се чува, имаме обратна појава: 3 л. завршува на *-ев* и кај глаголите од *и*-група: *п̄речек'орев, смр̥дев, т̄ег̄лев* (Одрено). Јасно е, тука имаме влијание од појужните села каде што е оваа појава доследно спроведена.

Во кратовскиот и кривопаланечкиот говор на запад до линијата Тламинце – Мождивњак – Железница формата за 3 л. мн. завршува на *-т̄* : *викат̄, об'есет̄, п̄унет̄* (Кратово), *п̄рават̄, седат̄, п̄ијат̄* (Кр. Паланка). Разлика меѓу овие два говора е само во вокалот пред наставката кај глаголите од *е-* и *и*-група. Во кривопаланечкиот говор кај овие глаголи пред наставката имаме *-а-* : *идат̄, седат̄, берат̄, одљ'учат̄, сп̄ијат̄* (Кр. Паланка), *дон'есат̄, разд'ељат̄* (Дурачка Река). Така и во источните кратовски села: *п̄реб'ерат̄, канат̄ г̄и* (Мушково), *зуби ме бол'ат̄, земат̄* (Злетово), *п̄ос'ољат̄, т̄ражат̄, цăфт̄ат̄* (Кнежево). – Во градот Кратово и северозападните села 3 л. завршува на *-ет̄* : *броет̄, двоет̄, одбр'анет̄, водет̄, зборет̄, ож'енет̄, зак'анет̄, наљ'ут̄ет̄, да ст̄авет̄, знает̄, сеет̄, п̄иет̄, п̄ерет̄, зăврет̄, речет̄, ојдет̄* (Кратово), *ќ-идет̄ да крадет̄, нап̄р'авет̄, иск'очет̄, здрав'ујет̄* (Туралево). Образувања на *-т̄* во 3 л. мн. можат да се сретнат и во славишките села, само што таму тие не се основни.

Во кривопаланечките села преку Крива Река забележив во 3 л. мн. и неколку примери со темен вокал пред наставката *-т̄* : *г̄реб'ăт̄, јад'ăт̄, сед'ăт̄, цăвт̄'ăт̄* (Градец), *п̄еч'ăт̄, реч'ăт̄* (Река). Овие форми интересни се до толку што во другите наши источни говори не се познати, не се барем досега забележени, а второ – што ги наоѓаме нив баш на теренот каде што за носовката од заден ред основна замена е *у.* За да се установи потеклото на овие форми треба да се види во кои сѐ случаи тие се јавуваат, дали само во акцентиран слог или и во други позиции, и на кое пространство се употребуваат. Овде само ќе напоменам дека неколку примери со темен вокал забележени се во кратовското село Мушково.

Во имперфект сите три лица во еднина се изедначиле, како и во аористната форма, и така е на целата територија: *ја 'имаше, ти 'имаше, он 'имаше; ја с'едеше, ти-он с'едеше* итн.

Проширената основа со *-ше* во граничниот појас спрема Горна Пчиња се јавува и во множинските форми, како во јужноморавскиот дијалект (Белић, 1905 : 551). Така имаме: *'идеше-мо, 'идеше-те, они 'идеше-а; викашемо, 'орешемо, п'ечешемо – в'икашете, 'орешете, с'едешете – в'икашеа, 'имашеа, н'осешеа* (Луке), *д'авашеме, д'ељашеме, б'ерешеме – д'авашете, б'ерешете – д'авашеа, б'ерешеа* (Дубровница, Трново). Колку што се оди кон југ вакви образувања се сè поретки, а преку Крива готово и не се употребуваат. – Таму во 1 и 2 л. мн. пред личната наставка по загубата на *х* вокалот се удолжил. Но само удолжувањето на вокалот не било доволно да се разликуваат овие форми од 1 и 2 л. мн. на сегашното време. Од потребата за едно такво диференцирање на споменатите форми, во имперфектот се развил нов вокал. Сп. *'имаамо – 'имаате, д'аваамо – д'аваате, н'осеемо – н'осеете, до'одеемо – до'одеете, п'иеемо – п'иеете* (Кр. Паланка). Во кратовскиот говор процесот отишол уште понатаму. Таму имаме: *н'осеамо – н'осеате, с'едеамо – с'едеате, б'реамо – б'реате, 'одеамо – 'одеате* итн. – со *а* место *е*, одн. *и*, кое можело да се јави по аналогија на глаголите од *а*-група: *-амо* и *-ате* се сфатиле како наставки (сп. *има-ше* : *има-амо, има-ате, има-а)* и после се пренесле кај глаголите од другите групи.

Глаголскиот прилог се јавува во две форми: на *-еќи* и на *-еќе.* Образувањата со наставката *-еќе* се употребуваат на целиот појас од бугарската граница па на запад до границата со скопските говори. Јужната изоглоса на оваа црта оди приближно со граничната линија меѓу овчеполскиот и штипскиот, одн. Кратовскиот и кочанскиот говор. На север формата на *-еќе* преовладува до Крива Река во кривопаланечкиот дел, а во Славиште до Страцин и Радибуш. Во градскиот кривопаланечки говор пообични се образувањата на *-еќе.* Сп. *дељ'аеќе, вр̥жув'аеќе, жн'ајеќе, ков'аеќе* (Бас), *ор'аеќе, пој'аеќе, плет'ееќе* (Борово, Кривопаланечко), *нем'аеќе, им'аеќе, работ'аеќе, од'ееќе* (Г. Кратово), *дав'аеќе оружје*, *пцов'аеќе отиде си*, *коп'аеќе бунар падна* (Павлешенци, Д. Ѓуѓанце – Овчеполско). Северно од спомената линија Крива – Страцин и северниот дел на кумановскиот говор глаголскиот прилог се образува со *-ќи (-еќи),* а само спорадично се среќаваат форми на *-еќе.*

Глаголската *л*-форма се образува како и во другите наши говори (*-л, -ла, -ло, -ле),* освен во кумановскиот говор во кој формата за машки род завршува на *-ја,* како во јужноморавскиот дијалект: *от'ишја, рекн'аја, им'аја* (Белић, 1905 : 596).

Од сложените глаголски форми за одбележување се оние што се образуваат со помошниот глагол **хъtěti.*

За искажување дејства што требало да се извршат во минатото а не се остварile се употребува глаголската форма што се образува од помошниот глагол **хъtěti* во имперфект и сегашното време со партикулата *да* :

теше да паднем	*те:ме да п'аднемо*
теше да паднеш	*те:те да п'аднете*
теше да падне	*теа да паднат*

(Кр. Паланка).

Во западниот дел од овчеполскиот и кумановскиот говор помошниот глагол се употребува и во формата *ќеше*. Во овчеполскиот говор се забележува тенденција да се генерализира формата *ќеше* во сите лица, како што е на пример во велешкиот или во скопските говори.

Формата со *ќе* + *имперфект*, која е карактеристична за говорите од западното наречје, се употребува само во кривопаланечкиот говор – во градскиот и североисточните села, и тоа наспоредно со првата, и само спорадично се јавува во западниот дел на кумановскиот и овчеполскиот говор. Сп. *ја* (*ти, он*) *ќе п'аднеше, ние ќе п'аднешеме, вие ќе п'аднешете, они ќе п'аднеа* (с. Дубровница, Трново), или од свршен глагол: *он ќе л'егнеше, ние ќе л'егнешеме* итн. (Жидилово). Појавата на овие форми во кумановскиот и овчеполскиот говор е јасна – тука имаме влијание од централните говори. Меѓутоа, во кривопаланечкиот говор вакво директно влијание е исклучено. Утврдувањето на географската распространетост на оваа црта и во граничните говори со кривопаланечкиот, до колку се употребува во нив, би можело да укаже на нејзиното потекло.

За прекажување на минато-идните дејства се употребува формата што се образува со минатото време на помошниот глагол:

тел сăм да п'аднем	*теле смо да п'аднемо*
тел си да п'аднеш	*теле сте да п'аднете*
тел (е) да п'адне	*теле (сă) да п'аднат*

(Крива Паланка).

Стариот *л*-партицип се јавува во западните овчеполски и кумановски села и во формата со *ќ* : *ќел, -а, -о, -е*.

О д *зборообразувањето*. – Најпосле ќе споменеме и некои суфиксни образувања што се необични за другите наши дијалекти.

Супстантивните суфикси *-уга, -ага, -уша* и *-оќа*, кои во западното македонско наречје готово наполно се загубиле, во овие говори се уште живи но не и продуктивни. Сп. *брешљ'уга, чеврљ'уга* (Кр. Паланка); со суфиксот *-ага* забележив само еден пример – *шупљ'ага* (Дурачка Река). Можеби е внесен од западните бугарски говори во кои вакви образувања се доста обични. Со *-уша* : *водар'уша, јајчар'уша, џубар'уша, џопкар'уши, угљар'уши*. Во една песна забележена во селото Тламинце имаме: *петрал'ичките кожуш'арки – пц'ачките магареш'арки – можд'ивњачките џубар'уши – кон'опничките џопкар'уши – бараџл'иските угљар'уши – марџ'иничките дрв'арки...* Нешто се почести образувањата со суфиксот *-оќа (< *otja)*: *мрсн'оќа, стар'оќа, гол'оќа, голема прост'оќа* и др., кои се употребуваат наспоредно со образувањата на *-отија* : *голот'ија, простот'ија*. – Наставката *-ина* се употребува и со аугментативно значење: *путина, ридина*; сп. и *-етина* : *бабет'ина, кравет'ина, куќет'ина стара, девојчет'ина* (Кр. Паланка).

Од глаголските образувања вреди да се споменат несвршените (повторливите) глаголи кај кои вокалот *е* во коренскиот слог се изменува во *и*. Тоа се образувањата од типот **рицати, тицати** во старословенскиот јазик, кои во запад-

ното наречје главно се загубиле. Во кумановско-кратовската група говори тие не само што се пазат добро, туку станале во извесна мера и продуктивни. Така спрема глаголите: *п̄реп̄'ича, доп̄'ича, п̄рор'ича, ист̄'ича вода, п̄рот̄'иче река, ог̄р'иба* : *т̄ече, п̄ече, г̄ребе* итн., се образувале и: *нар'иѓа, п̄рег̄л'ида, п̄рег̄л'иѓа, со т̄акви људи се расп̄ор'иѓа, п̄ог̄л'иѓат̄,* или *зал'иќа, дол'ит̄а* и *дол'иќа, п̄рен̄л'иќа, расп̄л'иќа, ос'иќам* и сл. (сите примери се од кривопаланечкиот говор).

1954

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Куманово

Овчар и змија

Јед'ăн н'оќ тро'ица овч'ари п'асле-си 'овце на-пл'анину. И-едн'о вр'еме сак'але-си да-зап'алив тут'ун, треб'ало-ги 'огăªњ, а-нем'але куд'е-н'и н'ишто. Кăт-гл'едав, углед'але т'амо на-р'ид^{т} г'оре ед'ăн 'огăªњ. И-рекн'аја ед'ан : "Ќе-'иду да-зап'алу". От'ишја 'он т'амо, приближ'ил-се, кăт-гл'еда т'амо 'около 'огăªњ тр'и дев'ојке с'едив и-пр'авив-си муаб'ет. Ама-т'ија не-б'иле дев'ојке, б'иле зм'ије, па-се-претвор'иле у-дев'ојке. И-збор'иле-си м'еѓу н'и. Едн'ата вик'ала: "Тр'и г'одине в'оду н'е-сам п'ила, н'е-сам-се нап'ила. Др'угата вик'ала : "И ј'а 'еве тр'и г'одине н'е-сам п'ила в'оду..." А тр'еќата в'ика : "М'оре, в'и п'а-сте натоп'иле 'уста, ама-ј'а тр'и г'одине в'оду н'е-сам п'ила. Ј'утре, зн'ам, п'оп ќ-'иде у-т'уј н'иву да-ж'њеје т'амо, па-кăт-ќе-б'иде пл'адне, по-јед'ење п'осле ќе-ст'ане поп'ова ќ'ерка да-зб'ира п'олози, ј'а ќе-се-скр'ију пот-п'рв п'олог^{к} кăт-ќе-д'оје 'она да-га-д'игне, ј'а ќе-гу-у'апу и-т'ăг^{к} ќ-'иду да-се-нап'ију в'оду". Он'ăј овч'ар слуш'ал па-неќе'ал да-'иде да-п'али циг'аре, врн'аја-се н'аsат. К'ăт ј'утрето д'ăн, 'истина, п'оп от'ишја да-жњеје. Жњеј'еле а-он'ăј овч'ар 'овце си-ги-в'рти 'около арг'ати. 'Они закач'али-га. 'Он беќ'ар 'около дев'ојке се-в'рти. 'Оне га-закач'але, 'он си-св'е тер'ал по-њег'ово. Кăт-ств'арно седн'але да-р'учав, руч'але, ќ'ерка рипн'ала да-га-в'ати он'ăј п'олог^{к} куд'е-што зм'ија б'ила. "Ст'ој, куд'е ќ-'идеш?" – рекн'ал он'ăј овч'ар. Пр'ишăªл п'а сăªс-он'ај њег'ову чам'угу тргн'ал-га п'олог, кăт-т'амо ед'ăн котељ'ак зм'ија тол'ика. Ов'ија св'и се-исплаш'иле, фат'ило-ги стр'а. Шт'о-ли-је ов'ој. А-'он зем'ал он'ăј ст'ап па врз-њ'ума и-в'ика : "Б'ивај как'о што-си-б'ила с'иноќ 'или с'ăк ќе-те-см'ачкам, питив'ан ќе-те-напр'аву. Б'ивај как'о што-си-б'ила с'иноќ. А-он'ај зм'ија коп'ешка-се по-м'алко, не-м'рда. По-др'уги п'ут, по-тр'еќи. И 'а да-изм'ане да-гу-'удри, и 'она бидн'ала дев'ојка, т'ај зм'ијата.

Кривопаланечко
Добровница

Лошата маќеа

Една – маќ'еа ч'увала едно-дев'ојче, а им'ала-си и њ'оња ќ'ерка. И т'ој сир'очето што-не-бил'о њ'оњо не-сак'ала да-го-ч'ува и си-мисл'ила как'о да-го-ун'ишти. А њ'оњото си-го-чув'ала. И што-ќе-го-пр'ај, ќе-го-пр'аќа т'ам у-една-воден'ица, а т'ам н'оќ доод'иле ѓ'аволи и коџ'а чов'еци уништув'але. И т'ам ќе-го-пр'аќа. Омес'ила-му от-п'епел пог'ача, напуњ'ила-му к'арта в'ода и го-испрат'ила у-воден'ицата, т'ам да-ноќ'ева, та т'ија ѓ'аволи да-го-из'едат. Он'о п'ојде и си-пов'еде куч'енце, мач'енце, петл'енце. Кăт-се-стăмн'ило, седн'ало да-веч'ера. Петл'енцето запој'ало, он'о му-дал'о, куч'енцето полај'ало, дал'о и на-њ'его; мач'енцето замњаук'ало, и на-њ'его дал'о. Св'ите з'аедно вечер'але. И поб'иде н'екое вр'еме, 'около-срет-н'оќ, дошл'е ѓ'аволите. "'Оп, тр'оп, м'алка м'оме, отв'ори!" И он'о ги-праш'ало : "Ша куч'енце, ша мач'енце, ша петл'енце, шт'о да-реч'ем?" Он'и рекл'е : "Р'ечи да-дон'есат обл'ека што-е-н'ајубава на-св'ет, св'ила, с'рма, конд'ури што-са-н'ајубави". И он'о так'а рекл'о. Ѓ'аволите дон'еле св'е т'ој и-п'а чук'але : "'Оп, тр'оп, м'алка м'оме, отв'ори." Он'о п'а ги-праш'ало к'учето, м'ачето и петл'енцето "шт'о да-к'ажам." И он'и рекл'е : "С'ăк р'ечи да-ти-дон'есат н'акит, зл'ато, н'ајубаво што-'е на-св'ет, па п'осле ќе-отв'ориш". Дев'ојчето п'а так'а рекл'о. Ѓ'аволите дон'еле и т'ој и п'а чук'але и вик'але да-отв'ори. И т'ăк петл'енцето запој'ало, куч'енцето залај'ало, мач'енцето замауч'ало, ѓ'аволи се-испл'ашат, поб'егнат, а дев'ојче си-ост'ане. И саб'але кăт-сăмн'ало, промењ'ило-се, накит'ило-се и си-ошл'о д'ома. Кăт-го-вид'ела маќ'еата св'е у св'ила и с'рма обл'ечено, об'уено, как'итено, вик'ала : "А да-те-пос'ече г'оспот, откуд'е-ти таќ'а?" Дев'ојчето св'е раскаж'ало. И маќ'еата рекл'а : "Па ј'а и м'ојата ќ'ерка ќе-си-пр'атим". И он'а на-њ'оњата ќ'ерка омес'ила б'ела пог'ача, наточ'ила-ву к'арта в'ино, 'исто и-он'а си-пов'еде куч'енце, мач'енце, петл'енце, и-от'иде да-ноќ'ева у-воден'ицата. Седн'ала да-веч'ера, м'ачето замња'учи, он'а го-'удри по-гл'ава "ј'а за-т'ој ми-е-м'ајка б'ела пог'ача омес'ила, за-т'ебе?" К'учето зал'ае, он'а и њ'его го-'удри "за-т'ој ми-гу-е-м'ајка б'ела пог'ача омес'ила?" П'етлето зап'ое, и на-њ'его не-дал'а. Сам'а си-руч'ала, вечер'ала, што б'ило, не-дав'ала на-н'икому. И по-н'екое вр'еме дошл'е ѓ'аволите 'около срет-н'оќ." 'Оп, тр'оп, м'алка м'оме, отв'ори!" И он'а в'ели : "Ш'а к'уче, ш'а м'аче, ш'а п'етле, шт'о да-реч'ем?" А он'и рекл'е : "Сам'а ј'ала, сам'а одговар'ала!" И он'а отв'ори, ул'егнат ѓ'аволите, уд'ават-гу, нам'отат-ву цр'ева 'около воден'ичко к'оло. Саб'алето м'ајката ч'ека, ч'ека, н'ема-гу ќ'рката да-д'ојде. И п'ојде на-д'оле и ги-ср'етње петл'енцето, мач'енцето и куч'енцето и ги-праш'уе. Он'и ву-каж'але дека ќ'ерка-ву е-уд'авена и цр'евата са-ву-нам'отани 'около воден'ичкото к'оло. Он'а не-верув'ала. От'ишла и вид'ела дека е-ств'арно. И вид'ела дека на-др'ук кăт-пр'авиш зл'о, он'о т'ебе тесн'ајде.

Кратовско
Железница

Лисица и еж

Лес'ицата и ʲ'ежо се-облаг'але да-'идет да-кр'адет гр'ојзе. Д'оаѓа он'ај г'азда у-л'ојзето и-гл'еда н'ешто б'ере-му гр'ојзето. Он'ај г'азда ш'о ќе-напр'ави, в'ане иск'опа длиб'ок ш'анăªц, з'еме нат'ура ш'ума озг'ор. Д'ојде ʲ'ежо н'апрет а-лес'ицата по-н''ега да-б'ерет гр'ојзе. Ј'ежо проп'адне и-лес'ицата проп'адне у-њ'ега. П'осле се-п'итат ј'ежо и-лес'ицата как'о да-напр'авет да-иск'очет. Пит'а ј'ежо лес'ицата, реч'е : "Т'и мл'ого л'ăжи зн'ајеш; С'ăга как'о да-се-сп'асемо, г'аздата ќе-нѐ-в'ане ж'иви". Лес'ицата р'екла : "Мл'ого л'ăжи зн'ам, ам'а не-зн'ам как'о да-се-сп'асемо". А-ј'ежо реч'е : "Ј'а до-дв'е-тр'и зн'ам. Н'ашата сврш'и, д'ај да-се-здрав'ујемо" (да-се-здрав'ујет, дем'ек ќе-погин'але, ќе-д'ошăªл г'аздата). Ј'ежо убодн'ал-гу лес'ицата, а-он'а га-исф'рли сăªс-'ăрнката. П'осле 'он си-побегн'ал, а-лес'ицата остан'ала. П'осле кăт-га-исфрл'ила, викн'ала : "А-ј'а как'о да-се-сп'асу?" Ј'ежо одгов'ара : "Т'и ќе-се-напр'авеш 'умрена, кăт-ќе-д'ојде ој'утро г'аздата, ќе-погл'едне и-ќе-те-изн'есе и-ќе-те-ост'аве, а-т'и п'осле ис-ш'ума". И-ој'утро до'аѓа г'аздата, гл'еда лес'ицата умр'ена. Изн'ел-гу и-остав'ил-гу, а-он'а ван'ала ш'ума.

Овчеполско
Сопот

Настрадин-оџа

Настрад'ин-'оџа 'имал 'едăªн с'ин. И-'оџата и-с'инăªт се-пр'авев к'ој от-к'ога п'овечко да-зн'ае и-к'ој 'има п'овечко прij'ателu. С'ин-му в'ика : "Ј'а 'имам п'овечко прij'ателu". Настрад'ин в'ика : "Ј'а 'имам п'овечко". Д'обро – р'екăªл Настрад'ин-'оџа – ч'им 'имаш т'и п'овечко, в'икни-ги да-ги-в'иду к'ојu-сă и-д'али ќе-д'ојдев". С'ин-му ч'инал 'абар по-прij'ателите да-д'ојдев, 'арно-ама не-д'ошăªл н'икој. Настрад'ин-'оџа р'екăªл : "Ј'а ќе-ги-в'икам м'ојите, ќе-в'идеш д'али н'ема да-д'ојдев". Ст'орил 'абар по-н'еговите прij'ателu и-д'ошле св'ите. И-му-р'екоа : "Шт'о нѐ-в'икаш, Настрад'ин-'оџа? А-'он р'ече : "Па-да-се-в'идеме и да-н'е-се-забр'авемо". По-т'оа направ'ил веч'ера, ј'але, п'иле и-си-от'ишле. С'ин-му на-т'оа не-пр'изнал и-п'а се-в'алил. Им'але една-бивол'ица и-'он с'акал да-гу-прод'ава. Настрад'ин-'оџа в'ика : "Ќе-те-изл'ăжев т'ебе и ќе-ти-гу-з'емев џ'абе". Ов'ај н'е-се-пред'аваше и-р'ече : "Ќе-гу-т'ерам на-п'азар". Отер'ал-гу на-п'азар. Прашув'але-га с'ите : к'оўку п'ари ѝ-с'ака, а-'он р'екăªл : "ил'адо гр'оша". С'ите му-вик'але : "Уб'ава-е бивол'ицата, с'амо да-н'е-ѝ-сă 'ушите и р'оговите", и-му-вик'але да-г'и-прес'ече. Т'акој ов'ај г'и-ис'екал 'ушите, р'оговите, н'ог'ите, и-п'осле му-гу-зем'але џ'абе.

СЕВЕРОИСТОЧНИТЕ ГОВОРИ



3. ГОВОРОТ НА СКОПСКА ЦРНОГОРИЈА

УВОДНИ БЕЛЕШКИ

Скопска Црногорија се вика оној дел од планината Црна Гора (Карадаг) што се спушта спрема скопската котлина и тоа од Лепенец на запад пак до оној нејзин огранок што ја дели кумановската котлина од скопската, и на север до вододелницата меѓу Вардар и Морава. На ова мало пространство има петнаесет села, распоредени по полите и во подножјето на планината, не сметајќи го тука албанското село Брест кое се наоѓа далеку во височините на оваа планина. Тие села се: Чучер, Бањане, Горњане, Глуво, Бразда, Мирковци, Кучевиште, Побожје, Бродец, Љубанци, Љуботен, Раштак, Булачани, Црешево со Виниче и Стајковци, и Страчинци. Некои испитувачи на оваа област (Томиќ, 1905 : 413; Петровиќ, 1907 : 335) како црногорски села ги земаат само првите единаесет, додека крајните источни села: Раштак, Булачани, Црешево, Стајковци и Страчинци ги остават во Блатијата. Нив и Трифуноски (1946 : 122-125) ги изделува во посебна група – ридски села. За вакво изделување на овие села се има оправдание до толку, што тие имаат поинаква носија од другите, да ги наречеме прави црногорски села, и воопшто во етнографски поглед знатно се разликуваат од нив и стојат поблиску до Блатијата. Меѓутоа, нивниот говор далеку се разликува од блатскиот и по оние црти што ги земаме за најтипични и по целата своја структура. Но тој во некои црти се разликува и од говорот на правите црногорски села. На пример именките на *-а* овде множина образуваат со наставката *-и,* глаголскиот прилог завршува на *-ќе,* како во Блатијата. Од друга страна во нив се среќаваат и такви црти што не им се својствени ни на блатскиот ниту на црногорскиот говор, на пример системот на акцентирањето. Интересно е дека и самите селани не се сметаат ни блаќани ни црногорци. "Нас црногорците нè викаат блаќани, а блаќаните црногорци – ми зборуваше еден седумдесетгодишен старец од Булачани. – Нашата носија е блатска, ама ние не сме ни блаќани ни црногорци, туку сме мешани".

Бидејќи овие села јазично стојат поблиску до црногорските одошто до блатските, поприродно е нивниот говор да се разгледа заедно со говорот на првите, како што го направила тоа веќе Угринова (1951). Но Угринова во групата на црногорските села ги приклучува уште и Брњарци, кое се наоѓа лево од патот Скопје – Куманово, Радишани, Оризари, и селата на десната страна на Лепенец: Кучково, Волково, Ново Село, а секако тука би дошло и Орман, кое се наоѓа на Лепенец северно од Волково, а коешто Угринова не го споменува. Кучково географски спаѓа во Дервент, а сиве другиве во Блатијата. И во овие села, со исклучок на Кучково, носијата е блатска, а во говорот се мешаат и црногорски и полски црти. Тоа е природно, зашто се тие типично гранични села меѓу две различни дијалектни средини. Интересно е дека во нив фонетиката е поблиску до говорот на соседните црногорски села (**ъ, *ь* > *ă* во основните сло-

гови, *а* во суфиксите; **ǫ* > *у* кое во 3 л. мн. на сегашното време фонетски дало *ӯ*; меѓувокалното *в* главно се пази, и др.), а од морфологијата има ред црти што им се заеднички со блатските села (именките на *а* и овде множина образуваат со *-и,* дативната форма со флексија наполно е загубена кај личните и роднинските именки, членот за машки род гласи *-от̄,* одн. *-ов, -он,* 3 л. мн. на минатото определено свршено време завршува на *-а* или *-ва,* глаголскиот прилог се образува со *-ќе* и др.). Тргнувајќи од оние црти што ги земаме како најтипични за северните македонски говори (рефлексите на етимолошките полугласки и носовката **ǫ*) и овие села говорно би можеле да ги земеме во Црногорија та. Инаку нивниот говор е доста поучен за да се следи како се врши процесот при уедначувањето на црти од две различни дијалектни зони.

Посебен интерес за дијалектологот, а исто и за етнографите, претставува селото Кучково. Тоа е единствено македонско село во Дервенската Клисура што останало поштедено од албанските дојденци и не се раселило. Така тоа денеска стои како оаза меѓу албанските села на целата десна страна на Лепенец и тоа од Качаничката Клисура па до составот на Вардар и Треска и на запад до Жеден. Тоа и по говорот и по носијата знатно се разликува од блатските и каршијачките села, а нешто помалку и од црногорските. Говорот му е доста сличен со црногорскиот, но во него има и црти карактеристични само за некои долнополошки говори. И носијата доста приличи на црногорската, но не е со неа идентична. Ова укажува дека македонското население што ја населувало порано областа меѓу Жеден, Лепенец, Качаничката Клисура и Љуботен, а коешто од крајот на 17 век па наваму било истиснато од албанскиот елемент (Селищев, 1929 : 117 нт.; Васиљевиќ, 1930 : 238-241), имало сличен говор со црногорскиот.

Така јужната граница на црногорскиот говор би ја претставувала линијата Волково – Оризари – Стајковци – Страчинци. Во Брњарци преовладуваат блатски црти, затоа во оваа група него не го земаме.

Населението во овој дел од скопската област претежно е македонско. Албанци има само во Љуботен и Страчинци[1]. Најголем број од македонското население се староседелци (околу 80%, сметајќи ги во овој процент и оние фамилии на кои потеклото не им е установено)[2]. Од придојдените најмногу има доселеници од Качаничката Клисура (во 8 села околу 120 домаќинства), и тие се населени главно во северозападните црногорски села кои се и најблиску до качаничката област. Само во Горњане од 45 домаќинства Трифуноски установил дека 35 се дојдени од Качаничко (Трифуноски, 1946 : 183). Другиот слој на доселениците го сочинуваат моравци, преселници од Горна Морава (Трифуноски, 1946 : 183) и гиљанскиот дел на Црногорија та. Најмногу доселени фамилии отаде има во Кучевиште (околу 45) (Трифуноски, 1946 : 184-185), потоа во Раштак, и по неколку во Чучер, Глуво и Црешево. На трето место по бројноста доаѓаат доселениците од Кумановско, Полог и централните македонски области, и 12 фамилии во Чучер по потекло се од Сириниќ (Урошевиќ, 1948 : 159).

---

[1] Спрема податоците што ги дава Трифуноски (1946), во 1946 година во Љуботен имало 116 албански и 13 македонски домаќинства, а во Страчинци 40 албански и 7 македонски.

[2] Процентите се пресметани спрема податоците во статијата на Трифуноски (1946), а за оние села што не се споменати кај него (Мирковци, Побожје, Кучково) податоци прибирав самиот на терен.

Ова придојдено население е секако од најскоро време[3]. Населението во чифличките села, какви што биле Радишани, Оризари, Ново Село и Орман, како и во Стајковци, во поголем дел е доселено по Балканската и Првата светска војна, и тоа од Црногоријата (во Стајковци сите се доселени од соседното село Црешево) и другите скопски области, и неколку фамилии од Полог и Гиљанска Црногорија (Васиљевић, 1930 : 280).

Мешањето на придојденото население со староседелците, "темејлиите", како што се викаат често тие, не можело да не се одрази и на јазикот. Но бидејќи поголем дел од приновеното население се доселило од соседните северни области, кои во јазичен поглед многу не се разликуваат од нашиов говор, па и влијанието не можело да биде од некои поголеми размери. Тоа можело да се изрази единствено во засилувањето и дооформувањето на некои веќе започнати процеси, или пак во нивното пореметување. Така може донекаде да се објасни фактот што денеска говорот на споменативе пет-шеснаесет црногорски села, кои економски од секогаш биле сврзани со Скопје и скопската котлина, ни се претставува како потполно оформен, со сосем искристализирани и сталожени јазични процеси.

Досегашни испитувања и материјали. – Први податоци за овој говор ни дава Св. Томиќ во студијата *Скопска Црна Гора* (1905 : 474-503). Малку нешто материјал од овој крај може да се најде кај Јордан Иванов (1909 : 61-66) и кај Миливој Павловиќ (1930 : 297-312). Повеќе информации дава Рада Угринова во дипломската работа *Говорите во Скопско* (1951). Црногорскиот говор тука е разгледан заедно со другите скопски говори – градскиот, блатскиот, говорот на каршијачките села, како и говорот на Торбешите што живеат во неколку села во долината на Маркова Река.

ЗА АКЦЕНТОТ

Порано рековме (Видоески, 1954 : 4) дека е акцентот во говорот на Скопската Црногорија западномакедонски, т.е. третосложен. Него го зедовме како најкарактеристична особеност со која се разликуваат црногорско-полошките говори од кумановско-кратовските. Меѓутоа, треба уште веднаш да се нагласи дека не е таков системот на акцентирањето на целата Скопска Црногорија.

Третосложен акцент имаме само во западниот дел, во селата што се наоѓаат западно од линијата Љубанци – Радишани. Во Љубанци имаме доста случаи и со двосложен акцент, мислиме кај зборови со повеќе од три слога.

Сп. *ч'овек – ч'овекат* : *човекотога, коњ* : *коњ'овога – коњ'отога, р'укавр'укави* : *рук'авите – рук'авчики* : *рукавч'иките, пл'анина* : *план'инава – план'иневе, к'ошуља* : *кош'уљуну, к'уќа – к'уќана* : *куќ'етина* : *куќет'инене, д'убиште* : *дуб'иштево* Бањ[4]. Или сложените зборови: *В'одокрс, лук'обија* Гл (= толчник

[3] Во Оризари има три фамилии од Полог и четири од Гиљанско. Ново Село основано е кон крајот на 18 век (Васиљевић, 1930 : 280).

[4] Во натамошниот текст се служиме со следниве кратенки: Бањ (Бањане), Бр (Бразда), Брод (Бродец), Бул (Булачани), Вол (Волково), Гл (Глуво), Гор (Горњане), К (Кучевиште), Куч (Кучково), Љ (Љубанци), М (Мирковци), О (Орман), Ор (Оризари), Поб

за толчење лук), *вуч'иклашње* Ч, Гл (= влечко), *т̄ур'оженац* Бањ (= човек што ја остава жената, се тура), *вез'оґ̄лавче* М, Ч, Бањ (= шамија што се носи на глава здола под крпата). Исклучок претставува *лист̄'опад̨* Бањ, Гор, кој се акцентира редовно на претпоследниот слог.

Сепак, во овој говор отстапувањата од третосложното акцентирање се знатно побројни одошто во централните говори. Најмногу такви отстапувања има во прилозите и разни прилошки изрази, сп. *ун'ӯтра* Ч, Поб, Љ, *осӑда* Ч, Гл, *осӑд̨* К, Бр, *озд'ол* Љ, Поб, *озґ̄'ора* Бр, Ор, *одозд'ола* Ор, *озґ̄'ор* Гл, Поб, *одозґ̄'ор* Бањ, *овд'екац* Љ, *овд'ека* Ч, *от̄'удај, от̄'уда, од'увдај* Ор, *от̄'уда* Поб, *од'окле* К, Поб, *од'увда* Гл, *од'овде* Поб, *од'от̄ле* М, Поб, *от̄'уд̨, одов'уд̨, оцӑр'ед̨* К, *т̄амӑн* М, *кудеґ̄'од* Бањ, *наќ'еска* Љ, *до недељ'ава* Бањ, *ґ̄один'ава, одӑмна* К, *овдек'аја* О (сп. во одделот за прилозите).

Во Кучевиште и Побожје можат да се чујат, вистина не така често, и аористни форми со акцентот на вториот слог од крајот, сп. *прим'ише, коњи натовар'ише* К, *утеп̄'аше, јан'оше* Поб, а во Љубанци такво акцентирање е сосем обично. Исто така со второсложен акцент не се необични и глаголски форми на *-л* : *от̄'ишле* К, Поб, *от̄'ишло дет̄ето по̄ мајку* Бањ, *от̄'ишле куде цар'ото-ґ̄а* Ч, *по̄ґ̄ин'ало* Поб, покрај *'от̄ишле, по̄ґ̄'инале* и сл.

Неколку случаи со акцентот на претпоследниот слог имаме и кај придавските заменки. Тие се заправо оние форми што се јавуваат во западните и централните говори со двоен акцент, на пр. *ов'акав, -а, -о, он'акав, -а, -е* : *т̄'акав, т̄акв'оја, овол'ики, онол'ики* Љ, покрај *ов'олики – 'оволки, он'олики – 'онолки* Поб, Љ, и *ов'оґ̄а* М. Љ, покрај *'овоґ̄а* (сп. и во одделот за заменките).

Во редот на отстапувањата од третосложното акцентирање не ги земаме оние случаи каде што дошло до скратување на зборот за еден слог поради фонетската измена на предните вокали *(е, и)* во неслоговно *ј̣*, како: *напр'аі̣ла* Бр, *дв'аі̣ца, се з'абаі̣* Бањ, *јаз'оі̣т̄е, Гр̥ґ̄урч'еі̣ца* Ор, *т̄руд'оі̣на* Љ (место: *јаз'овит̄е, т̄руд'овина*), во глаголскиот прилог: *од'е:і̣к'е, чин'е:і̣к'е* О, Ор, одн. на *у* во неслоговно *ў* во 3 л. мн. на сегашното и минатото определено несвршено време; на пр.: *раб'от̄аў, ке т̄-ут̄'епаў, веч'ераў* Поб, *ке се зак'оњеў, с-обуч'уеў, оґ̄л'увеў* Љ, *направ'уеў, насељ'уеў* Р; *уч'ешеў* Бањ, *муз'ешеў* Бр, *вик'ашеў* М.

По истиот принцип како во централните и западните говори се образуваат и разни акцентски целости во реченицата.

Така именските определби (придавките, придавските заменки и броевите) кога се наоѓаат пред именката на која се однесуваат, и до колку не се специјално нагласени, секојпат чинат една акцентска целост со именката. Во таков случај атрибутскиот збор или останува без акцент, кога именката е од три или повеќе слогови, или пак на него се пренесува акцентот, ако е именката двосложна. Сп. состав од придавка (членувана и нечленувана) и именка: *ст̄ар'и-људи* К, *бел'а-земња, т̄урск'е-т̄аре* Гл, *дивј'е-крушке* К, *друґ̄'о-име, мушк'и-кромит̄* Ч, *ґ̄ол'ем-кожу, друґ̄'е-жене, от̄ ст̄ар'о-време* Љ, *кравј'о-млеко, воденичк'и-камен* М, *узел друґ̄'у-жену* Бањ, *чоечк'о-месо, Боґ̄ојо'а-мајка, цел'о-т̄расе* Гл, *бист̄ра-т̄'а-вода* Бањ, *друґ̄от̄оґ̄'а-брат̄а* Поб, *куде цр̥ноґ̄'а-вола, до друґ̄ут̄'у-сест̄ру* Бањ, *у друґ̄ут̄'у-среду* Ч, во месните имиња: *Вуков'а-ґ̄лава* Поб, *Глу'а-Бразда,*

(Побожје), Р (Раштак), Рад (Радишани), Ст (Стајковци), Стр (Страчинци), Цр (Црешево), Ч (Чучер).

Марко'а-Чешма, Џајков'а-Руѓа Гл, *Сув'а-Чешма* М, *Голем'а-Њива* Бр, *у Стојанов'у-Реку* К, *Гол'у-Главу* Гор, *Слубичк'а-Река* Бањ, *Ивк'ов-Камен* Гл, *Остр'и-Камен, Ретк'и-Габр, Љубанск'и-Камен, Бач'ев-Забел* Љ, *Стојанов'о-Трло* Гл; *у вељу-с'уботу, златни-'аљишта* Ч, *Радевске-Л'иваде, Цигански-Гр'обишта* Гл.

Состав од број и именка: *дв'а-дăна* и *два-в'ечера* Гл, *дес'ет-ока, дв'а-брава, тр'и-деца, да ужњу дв'е-вреќе* Ч, *дв'е-банке* Гор, *едни'ат-човек* Бањ, *пет'о-село, трек'а-вечер, три-т'рпезе* Ч, *сто-д'инара, шес-т'овара* Гор, *сед'ăмдесе и пет-г'одине* Бр.

Акцентски целости со именките можат да образуваат и заменските придавки, но не со таква доследност како другите придавки: *м'ој-татко* Куч, *узни га моjег'а-вола* М, *мој'а-куќа ми е* Ч, *мо'е-грозје, за мо'е-време* К, *у наш'у-њиву* Гл, *у наш'е-село* Бр, *т'ој-време* Гл, *по т'ај-начин* Поб, *т'ај-кондур, ов'уј-књигу, онуј'у-краву, ов'ај-вода* Бањ, *такв'о-дете* Бр, – како и количествените прилози и разни прашални зборови кога се наоѓаат пред именка: *знам к'ој-човек сече* Ч, *колк'о-пари* Ч, Бањ. М, *за ко'е-време* К.

Една акцентска целост можат да образуваат и две именки кога тие означуваат еден поим. Такви случаи најчесто има во месните имиња, на пр. *Глав'а-Јас, Чет'ал-Брес* Ор. Овде заправо имаме сложени зборови и во претставата на луѓето значењата на компонентите наполно избледеле. – Фамилните имиња, меѓутоа, кога се употребени како определби пред именката, во акцентски поглед се прислонуваат кон именката, сп. на *пот-'Илију, пот-Д'оне* Поб, *ча-М'арко* Бр, *тетка-М'ара* К.

Отстапување од третосложното акцентирање во вакви споеви има кога е именката еднословна. Акцентот и во таков случај преоѓа на определбата, но секогаш стои на последниот слог нејзин, т.е. на вториот во целоста, впрочем како и во западното наречје: *мумуруз'ан-леб* Бр, *Данч'ов-Брес* Бр, *њој'ан-муж и ја смо јетрве, нем'ој д-идеш на он'ај-рид, он'ај-вол* Бањ, *Соличк'и-Рид, Мар'ин-Клет* Љ, *Леск'ов-Дол* М, *Мирковск'и-Пут, црков'ан-рид* М, *купуз'ов-лис* Ч, *полов'ин-ноќ* М, *синош'ањ-леб* Гл, *црни'ат-вол* Бањ, *треќи'ат-пут* М, *најмалј'ат-син, по средњи'ат-пут да идеш* Гл, *од задњи'ат-кук* Љ, *другиј'ат-дăн* Ч, дури и *свак'и-дăн* : *ја свак'и-дăн прошу* Ч. Веројатно вака се сфатила и сложенката *лист'опад* (*лист'о-пад*).

Во овој говор акцентот не се префрла од именките врз предлозите, како што се врши тоа во западните говори. Така предлозите секојпат во акцентски поглед се прислонуваат кон именката.

Сп. *к-иде на-п'азар, га уваши за-р'уку, падна на-з'емњу* Ч, *магаре дошло о-д'рва* Бр, *куде-'овце* Бр, *га удри по-гл'ава, за-р'ука га ваши* Ор, *зад-в'оду* К, *више-с'ело, пот-с'ело, магарето пасе зад-р'ид* Поб, *прос-ш'уму се расрскале, уз-s'ид оџак* Гл, *уз-р'еку, при-м'ајку, пот-п'ут* Ор, *отишал на-д'рва, по-џ'аде* Бањ, *отишле на-г'ости, прокај-п'ут, прокај-к'уќу, прође прож-њ'иву, прође прос-с'ело* Ч, или во составите од предлог + лична заменка: *ајде свите по-м'ене, по-њ'ега* Поб, *ка за-т'ебе, о-т'ебе* Ч, и сосем ретко со пренесен акцент: *б'езмене* Ч, *'од-њега, за-њ'ега* Бањ.

Во други споеви на зборовите во акцентски поглед нема особено што да се одбележи.

Кратките форми од личните заменки зад именките (со присвојно значење) и зад некои глаголски форми секојпат се ненагласени: *син'ови-е* Бањ, *т'атко-*

ти, бр'ат-ми; 'узни-га, дон'еси-га – донес'ете-га. Исто така тие не го прифаќаат акцентот и кога стојат пред глагол, освен во случај кога ќе дојде пред нив некој прашален збор или негацијата *не* : *кој-т'е-мăкне, кој-г'а-виде* Бањ, *што-м'и-идеш* Ч; – *не-г'а-бива* Бањ, *не-г'а-пита ништо, не-г'а-ношу, ништо не-м'учини моторан, не сам ти-г'и-узел, не-г'а-знае* Ч. Меѓутоа, случаи од другиов вид се знатно ретки, зашто негацијата најчесто стои непосредно пред глаголот, како во некои централни говори (Видоески, 1950 : 54), и тогаш акцентот преминува на негацијата, се разбира, ако е глаголот едносложен или двосложен. На пример: *ја сам н'е-украл* К, *ако си га н'е-видел да га видиш, како га н'е-срето, цел ноќ сам н'е-могал да спију, ја сам га н'е-брал гројзето* Ч, *гу н'е-знае све* Гл.

Во сложените глаголски форми акцентот може да премине на помошниот глагол само во негираните состави: *не-см'о-чуле* Ч, *како не-к'е-иде* Гор, или во случаи како: *не-с'ам-знал, не-с'ам-чул* М, како и во прашања (пред глаголот стои прашален збор): *куде-к'е-пасе*? Бањ, *како-к'е-има друго*? Гор, *дека-к'е-идеш*? М, *до кăда-к'е-биде*? Куч, *кăт-к'е-дојде*? М. И воопшто во овој дел од Црногоријата акцентот се префрла на прашалните зборови и негацијата, се разбира, ако има за тоа услови. Сп. *куд'е-можу ја*? Ч, *колк'о-сакаш*? Гор, *ш'о-викаш*? Бањ, *од дек'а-идеш*? Гл, *знаеш как'ав-беше*? Бр, – *н'е-иѓу у Танушевце* К, *н'е-смееш да идеш, н'е-можу да с-ожењу, н'е-знам* Гл, *за њега н'е-збору* Ч, *н'е-бега* Љ, *н'е-могал да н'е-тура, н'е-плаче* Бањ. Исклучок имаме само во 3 л. мн. на сегашното време каде што акцентот никогаш не преоѓа на негацијата, иако за тоа постојат услови по правилото за третосложното акцентирање: *не с'едиў* М, *не зн'аеў, не сл'ушаў* К, *не м'ожеў да сл'ушаў* Ч, *не д'аваў* Љ, *не п'асеў* Поб.

Источните црногорски села (Раштак, Булачани, Црешево, Стајковци и Страчинци) во акцентски поглед знатно отстапуваат од позападните. Тие имаат посебен, своеобразен акцентски систем кој се разликува и од западномакедонскиот акцент и од кумановско-кратовскиот, а има особини и од едниот и од другиот.

Од акцентот во кумановско-кратовската група говори се разликува до толку што во овие села тој не може да стои на последниот слог (со исклучок на некои прилози), ниту во затворените слогови. Сп. *т'упан, 'овчар, 'орач* Бул : *туп'ан, ор'ач, овч'ар* во кумановскиот говор. Тоа значи дека процесот при повлекувањето на акцентот од последниот слог во овој говор е наполно завршен.

Овде членот не влијае на местото на акцентот, како и во источните говори. На пример: *р'учак – р'учакот, т'упан – т'упанот* : *туп'ани, туп'аните – туп'аниве* Бул, *врат'инче – врат'инчево, к'утре – к'утрето* : *к'утриња – к'утрињата* Цр, *д'ол – д'олот* : *д'олови – д'оловите* Ст. Од друга страна ни овде акцентот не преоѓа од именките врз предлозите. Така ќе се рече: *од-д'ол, на-н'ош, зад-р'ит, на-д'уп* Бул, итн.

Веќе од ова што го рековме досега може да се види дека акцентот во разгледуваниов говор може да стои на сите слогови освен на последниот. На пример: а) на претпоследниот: *к'азан,* мн. *каз'ани, к'апак – кап'аци, гов'едар – говед'ари, лив'ада, сл'амен – слам'ени, дов'аѓам, куп'уе;* б) на третиот од крајот: *н'ожови, ст'олови, два-ч'овека, пет-з'елника, д'окторе, 'орачу, М'арковци, П'етревци, ст'олчиња, 'општина, п'адина* Бул, *Пуд'арница* Р, *К'улиште, П'ет-*

рино Бул, *п'остара, н'ајбрзи, 'ослепе, пр'есеко, н'осеше* и др.; в) на четвртиот: *'озелене, п'оцрвене,* и сите трисложни именки и придавки кога се членувани.

Но за да се добие појасна слика за местото и тенденциите на акцентот во говорот на споменативе неколку села, ќе го разгледаме по зборовните групи.

Именки. – Кај именките имаме претежно двосложен акцент. До колку кај некои именки во множинската форма бројот на слоговите нарастува, акцентот се префрла на следниот слог. По таков начин се постигнува двосложен акцент и во множинската форма. На пример:

Именки од машки род:

Двосложни: едн. *б'ајрак* – мн. *бајр'аци,* членувано *б'ајракот* – *бајр'аците, д'ошљак – дошљ'аци, ј'унак – јун'аци, с'ељак – сељ'аци, ч'ардак – чард'аци, ч'ирак – чир'аци, г'аќник – гаќњ'ици, в'ојник – војн'ици, в'ршник – вршн'ици, в'рсник – врсн'ици, л'исник – лисн'ици, пр'азник – празн'ици, р'алник – ралн'ици, стр'ојник – стројн'ици, ч'етник – четн'ици, св'едок – свед'оци, ч'овек – чов'еци, 'елек – ел'еци* Бул, *'ајдук – ајд'уци, 'унук – ун'уци, 'език – ез'ици, б'елек – бел'ези, к'овчек – ковч'ези* Р, Цр; *п'ужаљ – пуж'аљи, ст'ршељ – стриј'ељи* Бул, *т'упан – туп'ани* Р, *м'интан – минт'ани* Цр, *тум'ани* Бул, Цр, *с'аџун – саџ'уни; р'емен – рем'ење, кор'ење, д'рмоњ – дрм'оњи, пл'амен – плам'ени, п'рстен – прст'ени – прст'ења, л'ештањ – лешт'ањи* Бул, *ек'ими* Цр; *'амбар – амб'ари, вамп'ири* Р, *б'рдар – брд'ари, л'астар – ласт'ари* Цр, *м'ајстор – мајст'ори* Бул, *'извор – изв'ори, ј'авор – јав'ори, 'овчар – овч'ари, п'азар – паз'ари, п'ештер – пешт'ери, с'амар – сам'ари, ч'епур – чеп'ури* Цр, *н'осач – нос'ачи, к'опач – коп'ачи* Цр, Љ, *'орач – ор'ачи, к'алај – кал'аји* Бул, *к'ожу – кож'увци* Цр, *'ора – ор'аси* Цр, Бул, *п'ерду – перд'уи* Р, *ч'екич – чек'ичи* Бул, *з'абел – заб'ели* Р, *ј'астреб – јастр'еби* Цр.

Именки со три и повеќе слогови: *г'оведарник – говедарн'ици, ложич'арник – ложичарн'ици, коњ'аник – коњан'ици, понед'елник – понеделн'ици* Цр, *дел'еник – делен'ици, пок'уќњик – покуќњ'ици* Бул, *прокопс'аник* Р, *служ'ител, прија'тељ – пријат'ељи* Бул, *г'ран'ичар – гранич'ари, воден'ичар – воденич'ари* Цр. – Ако бројот на слоговите во множинската форма останува ист како во еднината, тогаш и акцентот останува на истиот слог: *крст'ењак – крст'ењци, опанак – опанци, четвртак; булач'анац – булач'анци, мирковч'анац – мирковч'ани, бротч'анац, прап'орац, клад'енац; Буг'арин – Буг'ари, кав'урин – кав'ури* Цр. Сп. уште: *Ник'уштак, побр'атим, Вас'иле, Анѓ'елко, Вел'ичко, Атан'аско, стар'ејко* Цр, *Леп'енац, Трендавил, рисј'ани, арг'ати, Арна'ути, Љуб'отен* Бул, или сложенките: *дом'азет* Бул, Цр, *Вел'игден* Ст, *Димитр'ија, Ѓорѓ'ија, мирашч'ија* Бул, *пакошч'ија* Р, *суд'ија, чорбаџ'ија, едан ајдуч'ина* Цр.

Од првата група именки само во неколку случаи забележив акцентот да останува на истиот слог и во множинската форма, иако зборот се продолжува уште за еден слог: *б'ивол – б'иволи, р'азбој – р'азбои, к'амен – к'амења* Цр, Бул, и име на место *Бели К'амења* Цр. Во Булачани забележив покрај *прија'тељ – пријат'ељи* и *прија'тељи.*

Акцентот се пази на истиот слог како во еднината и во множинските образувања со двосложните наставки *-ови (-еви)* и *-овци (-евци)* : *т'опови, ст'олови, к'умови, ц'ебови, б'икови* Цр, Бул, *М'арковци, П'етлевци, Ст'ојковци* Цр. Исклучок чини само именката *вол* : мн. *вол'ови* Бул, Р, *едно рало вол'ови* Цр (Иванов, 1909 : 68), која со преметнат акцент се јавува и во североисточните говори (Видоески, 1952 : 64).

Во другите форми (во избројаната множина, општата и вокативната форма) кај овие именки акцентот не го менува местото. Така имаме: *два л'исника, два п'азара, сто 'орача,* вок. *д'октуре*!, *в'амтире*!, *'орачу*!, *гов'едаре*!. Од ова отстапуваат само личните имиња на согласка од типот *Ј'ован, Тр'ајан, М'илан, В'илиш* кај кои акцентот се мести и во општата и во вокативната форма, сп. *ќ-идем куде Вит'ана, од Јов'ана, га виде Мил'ана, на Трај'ана, до Трит'уна* Цр, или вок. *Мил'ане*!, *Вит'ане*!, *Петр'уше*!. Кај именките на *-е* акцентот стои на коренскиот слог и во општата форма: *П'етрета, Д'онета.*

Именки од машки род со акцентот на третиот слог се многу ретки; тие се главно географски одн. месни имиња: *Гост'иловац, К'ашеник* Цр, *Ј'анковац* Бул.

Именките од женски род на *-а,* со неколку исклучоци, имаат второсложен акцент во сите форми. На пример: *осн'ова, ет'рва, свек'рва, мол'итва, лив'ада* Цр, *руков'еда* Бул, Р, *слоб'ода, гост'оѓа, обл'оѓа, перун'иѓа, Брешљ'уѓе, трп'еза, прич'ешња* Цр, *прик'азни* Бул, *чор'ати, кољ'ара, веч'ера, поп'ара, раб'ота, суб'ота* Цр, Ст, *лоп'ата, кајс'ија, елем'ија, нос'ија, рак'ија, шам'ија, простоп'ија, топ'ола* Цр, *куд'ел'а* Р, *кош'ули, гол'оќа, чист'оќа* Цр, *пењ'ушка* Ст, *кок'ошка, коп'иљка, мис'ирка, подн'ошка, црни жаб'урки, шут'арка, мис'ирка, црв'енка, печ'енка, преопаш'анки, бриш'аљка, беѓ'аљка, врз'аљка, сук'аљка, шуп'ељка, мумуруз'инка, јас'ика* Цр, *слуѓ'инка, јаб'уки* Бул, *гол'емња* Цр, *млад'иња, убав'иња* Бул, *бор'ина, брестов'ина, ведр'ина* Бул, *глав'ина, дебел'ина, крст'ина* Цр, *лед'ина* Р, *мајков'ина, назадб'ина* (= последната ракија, во западните говори *укајци*), *бан'ица, вештер'ица, ишал у воден'ицу* Бул, *власн'ица* Р, *вит'ица, ѓран'ица, дрвен'ица, Дан'ица звезда* Ст, *зимн'ица, ереб'ица, јуж'ица, крастав'ица* Цр, *казарн'ица, купл'ица, касапн'ицште, кален'ицава, лапав'ица, лизѓав'ица, лис'ица* Цр, *лаж'ица* Ст, *мумурузн'ица, прл'ица* Бул, *пчен'ица – чен'ица, Раштев'ица* Бул, *Раскрсн'ица* Р, *стран'ица, трл'ица, удов'ица, чубр'ица, чукан'ица* Р.

Како што се гледа, овде имаат акцент на вториот слог и бројни именки коишто во кумановско-кратовската говорна област и во другите источни говори се акцентираат на третиот слог од крајот, сп. *б'орина, ер'ебица, ј'ужица* итн.

Со акцент на третиот слог ги забележив зборовите: *заз'убица* Бул, *заж'абица* Цр, *'општина, ѓ'одина,* покрај *ѓод'ина, печес ѓ'одини, ѓ'одина из ѓ'одина* Бул, *има десет ѓ'одини* Цр, и топонимите: *Мур'атица Ш'ејница, Салав'атица, Говед'арица* Цр, *Пуд'арница* Р, *К'ашлица, Буб'улица, Шум'атица, П'адина* Бул, *К'аменица* Р.

Во една песна забележена во Бањане од Елезовиќа има неколку збора акцентирани на претпоследниот слог: *нед'ељу, друж'ину* (Елезовиќ, 1933 : 221). Денеска во живиот говор и двава збора имаат акцент на третиот слог, како и обично: *н'еделља, др'ужина,* одн. *н'едељу, др'ужину* во општата форма.

Именки од среден род:

И кај овие акцентот обично паѓа на претпоследниот слог. Сп. *вар'иво, вез'иво, плет'иво, печ'иво, сеч'иво* Бул, Р, *бач'ило, набрд'ило* Цр, *врт'ило, две врт'ила, мотов'ило* Цр, *ступ'ало, врет'ено* Бул, *више кол'ена, јаѓ'ањца, жел'езо, тен'еќе, кор'ито, пенц'ере, д'олап – дол'апче, им'аньче, клад'енче, ѓаб'арче, чешм'иче, дуб'иче, црн'иче, бриш'аљче, дев'ојче, цркв'иче, едно врат'иче, ѓасн'иче* (ламбиче), *јаб'уче, пас'амце, мотов'илце* Р, Бул. *куч'ишта от коноп, ѓроб'ишта, сел'ишта, огњ'иште, кожув'иште* Цр, *Бунар'иште, овчарски сел'ишта*

Бул, *бос̄тан'иш'т̄'е, ечмен'иш'т̄'е, оваз'иш'т̄'е, ст̄р̥н'ишт̄е, Ечмен'ишт̄а, Ст̄арчеви Пладн'ишт̄а, С'олишт̄а* Р, *дет̄е г̄олом'еше* Цр.

Со третосложен акцент се главно месни имиња, како и кај другите именки, видовме погоре: *Тр̥лишт̄е, Л'ăништ̄е, К'улишт̄е, Манаст̄'иришт̄е, П'оп̄ово, П'ет̄рино* Бул, *П'адино, Кар'аџино, К'осово, Арач'иново, М'ирчево, Радов'аново* Цр. Црковнословенскиот збор *п̄ремреж'ение* Цр, Ст, секогаш се акцентира на третиот слог.

Двојство во акцентирањето имаме кај множинските образувања на *-иња.* Во едни случаи акцентот оди на наставката, на пр. *дев'ојче – девојч'иња* Цр, *девојч'иња биле* Бул, *п̄ил'иња, п̄рас'иња, јар'иња, т̄ел'иња* Р, *кеч'иња* Цр, *маг̄ар'иња* Р, Цр, а во други такво префрлање не се врши: *кл'емиња, ст̄'олчиња* Бул, *п̄р̥ст̄'ичиња* Цр, *циг̄'ариња, к'учиња – куч'иња̄та* Цр, *к'ут̄риња̄та, м'омчиња, г̄'удиња,* топ. *Раскр̥сн'ичиња* Бул. Но има и случаи во кои акцентот се колеба меѓу третиот и вториот слог.

Придавки. – Во придавските образувања, со исклучок на степенуваните форми, акцентот стои на претпоследниот слог. Кај нив заправо со најголема доследност е спроведено второсложното акцентирање, макар што и тука има некои отстапувања.

Сп. *ст̄'уден камен* : *ст̄уд'ена вода, ст̄уд'ено, ст̄уд'ени,* членувано: *ст̄уд'ената̄, ст̄уд'енот̄о, ст̄уд'енит̄е; з'елен – зел'ено* Цр, *бубаќ'ерна осн'ова, п̄реѓ̄ата вун'ена, земњ'ани кален'ици, семе кон'оп̄но* Р, *оп̄'асно* Цр, *обл'ачно, нап̄р'ежњи вут̄и, р̥ѓ̄ос'ано, слоб'одан, чет̄в'орно, шар'ени; д'ебел – деб'ело* Бул, *к'исел – кис'ела, г̄'олем – г̄ол'емо, мука е г̄ол'ема, мал'ецки, дал'еко* Цр, *дл'ăбок – длăб'око* Ст, *б'ог̄ат̄ – бог̄'ат̄а, Варов'ит̄а Вода* Цр, Бул, *чест̄'ит̄и царе* Цр, *цуцулест̄о камче, цуцуљ'аст̄о мест̄о* Р, *б'р̥љив – бр̥љ'ива овца, каменљ'иво, мр̥ж'ешљив – мр̥жешљ'иво, п̄есокл'иво, ст̄р'ашљив – ст̄рашљ'иви, ц'р̥љив – цр̥љ'иви, ш'уп̄љив – шуп̄љ'иви; 'убав – уб'ави, уб'аво* (Ивановъ, 1909 : 69), *г̄орч'ава т̄рава* Љ, *беше мр̥џ̄г̄'аво времет̄о* Цр, *Маџ'аров камен* Цр, *Селак'ова њива* Р, *Бут̄'ељски Л'ојза, бул'ачко* Р, *куп̄'ечко, кав'урско,* топ. *Кас'ап̄ски Лив'ади* Р, *лат̄'ински г̄роб'ишт̄а, никушт̄'ачко мест̄о* : *Ник'ушт̄ак, Овч'арски Солишт̄а* Цр, *Рашт̄'евски Дол, самарџ'иска иг̄ла* Цр, Бул.

Во степенуваните форми акцентот најчесто паѓа на претставката: *п̄'ост̄ар – п̄'ост̄ара – п̄'ост̄ари, н'ајст̄ара,* членувано: *п̄'ост̄арит̄е н'ајст̄арит̄е, п̄'обр̥зи смо, п̄'олошо, п̄'ог̄олеми* Бул. Можат да се сретнат и форми со два акцента, главниот на претставката и еден спореден акцент на основната придавка. На пример: *п̄'озел̥ено, п̄'ослоб̥одан* Бул. Ваков начин на акцентирање имаме и во источните говори.

Глаг̄оли. Акцентот кај глаголите има две тенденции: прво, да се установи на претпоследниот слог, и второ, да се задржи на еден ист слог низ целата парадигма. Првата тенденција се постигнува до колку не иде во опречност со другава. Така, на пример, сите двосложни глаголи се акцентираат на коренскиот слог и кај нив акцентот никогаш не преоѓа на негацијата, сп. *не н'осим, не с'еди* Цр, ниту пак на претставката ако се префиксира глаголот: *ќе п̄ос'еди, зак'ачи, да п̄он'осим* Цр, Бул, *да са̣ш'ију* Љ, *кој може да п̄ог̄'оди, ќе от̄'иде, ми се одв'иѓ̄а, расч'ист̄и, да се раст̄'р̥г̄не, ќе се заб'аим, п̄од'иг̄а, нан'иже, об'ере* Бул, *ув'едеш,*

испр'еде, ќе се пом'ăсти, пог'одиш Р. Во суфиксните образувања тој редовно се префрла на наставката: *дон'аса, прен'аса* Бул, *се прот'иња* Р, *отид'уе, се кач'уе, туј се заврт'уе, јан'уе, га праш'уе, одмет'ује* Цр, *каж'уе, сташ'уе леп* Бул, *премест'уе, стањ'уе, сăн'уеш* Љ, *ќе размеш'ујУ* Р – значи на претпоследниот слог. Така и во повеќесложните глаголи: *да раб'отим* Р, *тов'араш, пропов'еда* Бул, *дăнг'убиш* Цр, *се рук'уе* Ст.

Кај едносложните глаголски форми треба само да се одбележи дека акцентот редовно преоѓа на негацијата – и тука, значи, стои на вториот слог: *н'езнам, н'е-бил, н'е сам-бил, н'е-сам зат'екал* Цр.

Акцентот по глаголските форми изгледа вака:

Сегашно време: *прод'авам, прод'аваш, прод'ава* : *прод'авамо, прод'аваше, прод'аваў* Бул. Второсложниот акцент на третото лице е најјасен доказ за стремежот да се запази акцентот на еден ист слог низ целата парадигма.

Заповеден начин: *н'оси – н'осете, с'еди – с'едете, пос'еди – пос'едете, прес'ечи – прес'ечете, прет'ръчај – прет'ръчајте* Цр. Само *нем'ој* се акцентира на последниот слог.

Имперфект: *с'едеше, с'едесмо, с'едесте, с'едева, к'опава, раб'отава* Р.

Глаголските партиципи и именката редовно се акцентираат на претпоследниот слог. Сп. *'однел – одн'ела, -о, -е, прик'азал – приказ'але* Бул, *н'осил – нос'ила – нос'иле, се заб'аил – се заба'ило, 'умрел – умр'ело детето, не м'огал – не мог'але, д'инал – дин'але, в'икал – вик'ала, зам'есил – замес'иле* Цр, *от'ишал, р'екал, прес'екал* Бул, Цр. Глаголски *л*-форми со ваков акцент во Љубанци се доста обични, а можат поретко да се сретнат и во позападните села. Примери со акцентот на третиот слог се многу ретки, но не и сосема непознати. Во Црешево забележив:

– ч'атиле, г-'утепал, 'остригал, он с-'уплашил, они си поб'егнале, пак дури га 'отсудиле.

– зат'ечен : затеч'ени, ост'анат – остан'ато, д'ојден – има дојд'ени Р, *д'елен – дел'ена, пок'анет – покан'ети, заг'инат – заги'нати, беше пушт'ено* Бул, *науч'ена, заград'ено, у крпче врж'ани, ја сам изгуб'ена, отвор'ена врата, црквата е бутн'ата* Цр, и само така.

– зим'ање, кар'ање, коп'ање, мол'ење, твор'ење, ор'ање, рит'ање Цр, *сук'ање* Бул.

Глаголски прилог: *бег'а:јќе, отиду'а:јќе* Цр, *коп'а:ќе, бер'е:ќе* Бул, *работ'а:ќе* Р.

Интересна е во акцентски поглед аористната форма. Во множината акцентот редовно стои на слогот пред наставката, на претпоследниот, како и во источните говори: *седн'амо, најд'омо* Бул, *досад'исте, бидн'аше, отид'оше, раздел'ише се* Цр, *побегн'аше, бутн'ава, се растур'ива, отид'ова, се заврт'оа* Цр. Меѓутоа, во еднината акцентот оди на почетниот слог: *д'ојдо, р'еко, в'икна, п'адна* (1 л.), *д'ојде, р'ече,* или во сложените глаголи: *'оцрне, 'оздраве, 'озелене, 'овърши, таја година ја с-'ожени, ми се р'азвиќа, 'отидо, 'отвори, пр'ереко, пр'есеко, се з'ачуди, 'улегна, 'искочи, з'алаја кучето* Цр.

Причината за префрлањето на акцентот врз префиксот овде најверојатно е од морфолошки карактер – да се избегне евентуалното совпаѓање со 3 л. едн. на презентот. Сп. аорист: *'отиде, пр'енесе, пр'есече, з'акопа, 'оздраве* : презент *от'иде, (ке) прен'есе, (да) оздр'аве* и др.

За акцентот кај заменките и прилозите види во одделот за овие зборови.

Од ова што го рековме досега јасно се забележува една општа тенденција на акцентот, имено да се установи тој на претпоследниот слог. Кај именките и кај придавките, како што видовме, тоа е постигнато до голема мера, а само делимично кај глаголите. Истава тенденција ја има акцентот на целиот граничен појас меѓу источните и централните говори – во мариовскиот (Конеска, 1951 : 19-20) и тиквешките (Филипоски, 1952 : 18-24), вклучувајќи го во последниве и говорот на велешка Клепа. Овие говори на нашиов не можеле да влијаат, во тоа не се сомневаме, на прво место поради нивната оддалеченост. Сличноста во акцентот меѓу нив мора да се објасни на друг начин.

ЗА ГЛАСОВИТЕ

Вокали

Денешниот вокален систем

Црногорскиот говор од другите скопски говори се разликува и по бројот на вокалите и по судбината на некои стари вокали.

Освен вокалите: *а, е, и, о, у* – тој знае и за еден темен глас (*ă*), кој се јавува во две варијанти (*ă* и *ạ*).

а. – Овој глас има нормална артикулација без оглед на неговото потекло. Под акцент се изговара нешто подолго од неакцентираното *а,* и тоа особено јасно се забележува во правите црногорски села. Затоа ним блаќаните им се смеат дека зборувале отегнато.

Затворено *а* забележив во примерите *прạјм* и *с'упрạм* : *што прạјм, што да прạјмо, ке те с'упрạјм* Куч.

Пред согласничките групи *-нг̄-* и *-нк-,* одн. *ŋ* + *г̄, к, а* се изговара назализирано. При неговиот изговор звучната струја едновремено поминува и низ усниот и низ носниот отвор. Такво *а* забележив во примерите: *б'ąŋка* Цр, *две б'ąŋке* Цр, *П'ąŋко* К, *Циг̄'ąŋка* Бул, Р, *фр'ąŋг̄а* Р.

Прегласување на *а* во *е* забележив во *ịер'ебица* Поб : *ер'ебица* Бањ, Бр, Гор. Дали и во туѓиот збор *ч'етал* Бул, *чет'аласто* М, *Чет'ал Брес* О *е* се добило по гласовен пат, што не е невозможно, или по некаков друг начин, поодредено не можеме да кажеме. Старото *а* зад *р* во *тр'ава* и *пр'апорац* се пази.

Преодот на *а* во *о* во *дол'еко* Р, Цр, *моточ'ина* Бул *(маточина, матичина* во другите наши говори) е од гласовен карактер. Во едниот случај лабијализацијата била условена од сонантот *л,* во другиот од *м.* Друго е прашање дали процесот се извршил на овој терен, или пак споменативе форми се внесени од кумановскиот говор во кој оваа појава е знатно пораширена. На истиот начин би можел да се објасни и преодот на *а* > *о* во *'облан* Цр (*јаблан*). Меѓутоа, овде лабијализацијата морала да се изврши уште кога се наоѓал акцентот на последниот слог, зашто таа, како што покажува материјалот од североисточните говори и граничните српски дијалекти (Белић, 1905 : 25 нт.; 1911 : 86), се вршела во неакцентиран слог. Нејасно е како се добило *у* од *а* во *к'олунче* Љ, К, Гл (*коланче*).

Во источните села неакцентираното *а* зад *р* или се изговара редуцирано или се губи наполно, што доведува до преминување на *р* во *р̥.* Сп. *вр̥т'ило, две вр̥-*

т̄'ила, г̄р̣м'ада, и име на месност *Г̄р̣м'ада* Цр, *мр̣вљ'аник* (= *мраварник, мравјарник* – во западните), *п̄р̄'орац* Бул, спрема *г̄р'амада* Куч, *вр'ат̄ило* Љ, *п̄р'ат̄орац* Брод; – *г̄р̆ан'ица* Цр.

Во неколку примери за *а* има темен вокал, по изговорот близок до рефлексот на етимолошките полугласки: *б̆аш* К, Поб, Ст, Цр, *л'ӑн̣ац* Љ, *Д'ӑмњан* М, Куч, *Кузман и Д'ӑмњан* М, покрај *Д'амњан* Брод, *д'ӑмна* Бањ, *од'ӑмна* Љ, К (овие форми познати се и во североисточните говори), *ос'ӑт̄* Љ, *ос'ӑда* Бр, Ч, *т̄'ӑмњан* Куч, М, К, Љ, *се г̄'ӑнsа* Љ, *вас̆т̄'адарка* М (*ласт̄аг̄арка* во централните).

и, у. – Нормално образување имаат и вокалите *и* и *у*, кои се и инаку најмалку подложени на измена. *У* место *и* во заемката *'улушка* Куч *(улишка,* сп. алб. *ullishtë*) можело да се добие спрема истиот вокал во претходниот слог. Нејасно ми е како се добило *и* во туѓиот збор *мумурис* Љ, Ч, Бр, кој се среќава уште и во формата *м'умурес* Ст.

е, о. – Поинтересен случај во овој говор имаме при изговорот на вокалите *е* и *о.* Пред сè треба да се истакне улогата што ја има акцентот при нивната артикулација. Нагласените *е, о* се изговараат обично поотворено од нормалните македонски *е, о.* Само степенот на отвореноста не е секојпат ист. Можат да се сретнат и јасно отворени, какви што се среќаваат во јужноморавскиот (Белић, 1911 : 90) и некои североисточни наши говори (сп. во претходната глава стр. 167), а од друга страна степенот на отвореноста може да биде сосем мал, до незнатен, одвај забележителен. Веројатно во овој поглед нешто придонесуваат и околните гласови, но досега во тој правец не се вршени испитувања. Сп. *б̆'ере, ке г̄а изб'ереў* Ч, *п̄очел да б̆'ег̄а* Бањ, *б'ело* Љ, *в'езена кр̣па* Гл, *веч'ераў, вод'ешеў* Поб, *ув'едеў* Ч, *вл'ечка* Бул, *дол'еко* Цр, *дв'е-керке, д'ет̄е, д'елиў* Цр, *ке 'едеў* Гл, *ке се ж'ени* Гл, *ке г̄а ж'ениў* Поб, Љ, *збор'ешеў* Бањ, *зел'ено* Бул, *кол'ено, кол'енце* Цр, *л'ет̄ос, л'ево* Бул, *у л'ет̄о* М, *мл'еко* Љ, Цр, *п̄од м'ет̄лу* Бањ, *мал'ецки, ом'есила* Бр, *п̄'ере, п̄'ече* Бањ, *п̄'еш̄тер* Цр, *п̄л'ева, п̄л'еќе* М, *сед'ешеў, ке г̄а с'елиў* Ч, *ут̄'епан, т̄р̄п̄'еза* Цр, *ме т̄'ет̄а* Бул.; – *б̆'оже-б̆'оже, се б̆'ореле* Бр, *в'эда* Бул, *д'эма, дојд'эше* Цр, *д'эц̣на* Бул, *д'элама* Ч, *дев'эјчет̄о, зак'эљеў* Бањ, *иск'эчи* Цр, *к'эноп̄, к'эзи* Цр, *ча-К'эле* Бул, *к'эси, к'эп̄че, у к'эжу* Бањ, *н'эсеў* Бр, *'эш̄те, од'эвде* Бр, *п̄'э, п̄'эље* Гл, *г̄а п̄'эт̄тали* Поб, *п̄одн'эшки, п̄'эбој* Цр, *п̄'эчар̣ац* (горништето на чорапите), *п̄л'эча* Бањ.

Инаку неакцентираните *е* и *о* имаат нормална артикулација – како и во литературниот јазик.

Во некои одделни случаи можат да се сретнат и затворени *е, о.* Сп. *к̣ој, м'оре, р'ека, д'е̣ iче, д'е̣ iчиња* Куч.

Други измени на овие вокали. – Во неколку случаи место *о* има *у,* добиено по гласовен пат: *д'ури* О, *д'ури до т̄ам* Љ, *'уш̄те* Цр, покрај *'ош̄те, 'ош̄те се виг̄а* Бул, или *још* Љ, *ј'ош̄те* Куч, – *к'умит̄а, кум'исија* Куч, *Н̓икудин* Ч, М, Гл, *сас̆ Ник'удина* Гл (Никодин), и на крајот на зборот во некои прилози: *р'одум* Цр, *р'едум, м'олкум* Ор, *зб'огум* О, покрај *зб'огом, р'едом* Гл. Во *к'укуљ* Љ (кукољ) имаме асимилација спрема вокалот во почетниот слог.

Вредно е да се одбележат и некои турски зборови со *у,* на пример: *ќ'уше* М, К, Поб (тур. *qüšk*), *ќ'ут̄ек* Цр, Бул. (тур. *qötek*) – кои во централните говори се употребуваат со *о.* Првиов во оваа форма познат е и во долнополошките гово-

ри. Тешко е да се претположи дали во нив *у* се добило од *о,* или пак и двата збора од турскиот се примени во оваа форма. Во нашиот јазик турско-персиските *qö* и *qü* најчесто се предаваат со *ќу,* сп. *ќулавка* < т. *qülah*, *ќуме* < *qüme*, *ќуп̄*, *ќунк* < *qüp, qünq*, *ќуштук* < *qütiq*, *ќуштек,* покрај *ќостек,* од т. *qösteq* и др.

Прилогот *од'увда* е добиен со мешање на формите *од'овде* и *одов'уда,* кои се употребуваат во овој говор паралелно. – *А* место *о* забележив во *д'р̥ман* Цр, покрај *д'р̥моњ* Ор, Куч, добиено по аналогија на другите именки на *-ан,* и во заменската форма *тага,* покрај *тога* (сп. кај заменките). Туѓиот збор *ѓ'орг̄ован* се јавува и во формата *'арг̄ован* Куч. – Место *о* стои *ạ* во: *н'ăќеска* Ч, *н'ạќаска* М, Љ, *н'ạкес* М, образувани спрема *дăнас, дăн'ạска,* и *б'ăдлац* Бул (остриот крај од вретеното што стои на воденичко коло), која форма одговара на западномакедонското *б'одле,* од коренот *бод-*.

Замена на *е* со *а* имаме во примерите: *ăон'едалник* Гл, *велики ăон'едалник* Гор, *кољ'ара* Цр, покрај *к'олера* Куч, О, *леѓан* Љ, *пр̥шљан* Бањ (последниве спрема другите образувања на *-ан*), – а замената со *о* во *ч'опур* (на чешма) : *чеп* (на буре) и *ч'окор,* мн. *ч'окори* Љ. Во материјалот на Томиќа забележена е формата *'однаг̄* К (Томић, 1905 : 493), која одговара на кумановското *едн'ăк.* Првиве два примера со *о* се употребуваат и во североисточните говори.

ă. – Како најинтересен глас од вокалниот систем на црногорскиот говор ни се претставува "темниот" вокал, како поради неговата звуко-физиолошка природа, така и поради некои промени сврзани со него.

Во својата основа овој глас е од среден ред и по артикулацијата најблиску стои до вокалот *а.* Таков е тој и во другите северни говори и соседните српски дијалекти (Видоески, 1953 : 120; Селищев, 1929 : 288; Белић, 1905 : 42 нт.). Дека е тој вокал од овој тип покажува и фактот што во некои услови може да премине во *а.* Најкарактеристична негова особина е што може да алтернира, зависно од акцентот. Во акцентиран слог, кога се има обично попрецизна артикулација, при изговорот на овој глас јазикот зазема нешто повисока положба од положбата што ја има тој при *о,* но не ја достигнува онаа што ја има при артикулацијата на *у.* На овој начин образуваното *ă* обично е и понапрегнато. Меѓутоа, неакцентираното *ă* губи од напрегнатоста и се изговара знатно поотворено, како среден глас меѓу *ă* и *а (ạ).* Овие се две главни негови варијанти. Покрај нив можат да се чујат и други преодни гласови, позатворени или поотворени, понекојпат и многу блиски до *а,* што зависи од далечината од акцентираниот слог, а напати и од карактерот на околните гласови.

Потеклото на овој вокал му е различно. Најчесто се среќава како рефлекс на етимолошките полугласки (**ъ, *ь)* и вторичниот ер (примери види подолу). Покрај тоа во бројни примери него го наоѓаме во туѓи зборови, особено во турски заемки место вокалите *і* и *ı.* Сп. *ташʼалăк, м'ăздрак* Цр, *к'ăна* Куч итн. Погоре видовме дека во темен глас може да премине и вокалот *а.*

р̥. – Носител на слогот, како што е познато, може да биде и *р̥.* Самогласното *р̥* во овој говор е како и во литературниот јазик, било да се наоѓа во средните слогови или на апсолутниот почеток. Нешто појасен призвук пред него забележив во формата *ч'етвăрт̄ак* во Куч : *ч'етвр̥т̄ак* во другите села; сп и *ʾр̥ѓа* М, *ʾр̥ѓосан* Ч, или *Ретк'и-Габʾр̥* Љ, *свекʾр̥* М со секундарно *ʾр̥* место очекуваното *ар.*

Вокалите во непосреден допир, контракција и елизија. – Како во другите наши говори, така и во црногорскиот, се избегнува групирањето на вокалите. Тоа се постигнува на повеќе начини.

Две еднакви самогласки во непосреден допир најчесто се изговараат слеано, сп. *чорб'аци:, зми:* Ор, *чи: су* Ч, *чи: са̣* Куч. Ова обично станува на крајот на зборот. Но многу често оваа појава во нашиов говор се попречува со вметнување меѓу вокалите некои согласки, сп. *снава, мавало.* – Во други случаи се губи некој од вокалите. Најчесто се губат предните вокали во едносложните лични заменски форми, во морфемата *ќе* и негацијата *не,* и вокалот *а* во *да* кога ќе се најдат пред глагол што почнува со вокал, и тоа само кога тие не се нагласени. Сп. *г̄-удри, г̄-удавиле* Љ, *ке г̄-увеѓу* М, *г̄-утепале* Цр, *кăд̣ г̄-увеѓуемо* Ч, *г̄-узел* Поб (*г̄а, г̄у*); *Турците м-отераше, ке м-оплашиш, ке т̄-изеду* Бањ, *с-утепуеў, с-обесиле, не даваў да с-утепа* М, *с-одвр̥зало, с-исушише* Цр, *с-удаде* Бр (*ме, те, се*); *ќ-отиде* Куч, *ќ-иде куде нас* О, *ќ-ишле у рај* Ст, *кăт ќ-има арг̄ати ќ-идеў* Цр, *ќ-има* Бул, "*Н-имаш куќу, н-имаш стоку // н-имаш паре, н-имаш њиву*" (Петровић, 1907 : 479), *н-една, рибе н-едне* М (*ниедне*), *д-иг̄раш* Љ, *д-идеш* Цр (*ќе, не, да*).

Освен во споменативе случаи, редовно се губи крајното *е* во морфемата *ќеше* : *кеш-да падњу* Бањ, *кеш-д-идемо* Бр. Вокалот *и* се губи во частичките *ли* и *али* : *Ал-ке ми примаш сватови ал-не?* Гл, *Ал-да г̄а ужњу*? Ч, *П-ал-не г̄а знаеш*? Куч, и во заповедната форма од глаголите *др̥жам* и *бег̄ам* : *д'р̥ж-г̄а, д'р̥ш-те г̄и* Бањ, *б'еш-те* Ч.

Испаѓање на цели слогови: *Заш-побег̄оше*? Ч, *Заш-идеш, заш-не дојде* Бањ; *ка за мене* Гор, *ка за тебе* Ч (*како*); *ча-Марко* Бр, *на ча-Тодора* Ч, *на ча-Јована* Љ (*чика*). Место заповедното *чекај* Цр, Бул, К. Во Кучково забележив *че* : *че застани мало,* но во множината *чекајте.*

Кај извесен број примери крајниот вокал доста често се испушта без да се внесе нејасност во значењето на зборот. Така наспоредно се употребуваат формите: *јуч'ер – јуч'ера, озд'ол – озд'ола, тăг̄ – тăг̄а, сăг̄ – сăг̄а, кăт – кăда, озг̄'ор – озг̄'ора, одов'уд̣ – одов'уда, полов'ин – полов'ина, os'ăд̣ – os'ăда* и *os'ăди.* Некои посебни услови за употребата на едните или на другите форми нема. Оваа е општа појава во нашите северни говори.

и > і̯, у > ў. – Губењето на слоговната вредност на вокалот *и* во позиција зад друг вокал е општа појава во нашиот говор. Неа ја познава и црногорскиот говор. Само што во него неакцентираното *и* не преоѓа во неслоговно *і̯* со онаква доследност како во централните и западните говори. Покрај *дв'аі̯ца, уд'оі̯ца, л'оі̯ца, л'оі̯чарник, абаз'оі̯на, в'ироі̯* Куч, *тр'оі̯ца* О, Цр, множинските форми *моі̯ – моі̯те, твоі̯ – твоі̯те* О, Цр, Бул, може да се чуе и *дв'оица, тр'оица, пр'аимо* Бр, *пов'ои, ос'ои, слав'еи* Ст, Цр.

Во истава позиција (зад вокал) и *у* преоѓа во неслоговно *ў*. Таков глас се јавува редовно во 3 л. мн. на сегашното и минатото определено несвршено време. На пример: *'имаў, в'икаў, с'акаў, б'ег̄аў, тов'араў* К, Ч, Поб, *им'ашеў, вик'ашеў* (од *имау < имају; имау < имаху,* со сек. *-ше,* внесено од еднината).

Рефлексите на некои стари вокали (**ǫ, *ъ, *ь, секундарниот* $ъ_2$ *и *l̥*). – За одредување на местото на овој говор во групата на северните наши говори, и

воопшто за неговиот однос и врските со соседните дијалекти, потребно е да се покаже и развитокот на старите вокали, а особено на носовката од заден ред, прасловенските редуцирани вокали, таканаречениот секундарен ер и вокалното *ļ. Рефлексите на овие гласови се земаат како важни белези за разграничувањето и делењето на нашите дијалекти на говори и помали говорни единици.

*ǫ. – За носовката од заден ред (*ǫ) на целата оваа област, како и во другите северни говори има рефлекс *у*. Така сите оние примери што имаат *а* за *ǫ во централните говори, во црногорскиот се јавуваат со *у*. На пример: *голуб̑* Љ, *голуб* (Угринова, 1951 : 10), *груде* Љ, Куч, *гус'ените* К, Љ, *гусен'ица* Бул, Цр, *дуб̑* Бр, *д'убица* Бањ, Гор, *дубје* Куч, *Дубја* Бул, *Д'убрава* Куч, *зуп* О, Куч, *зуб̑* М, *заз'убица* Цр, Куч, Ч (во Црешево и *заж'абица*), *јутар, јутак* Куч, *јуже* Поб, *ј'ужики* Љ, *ј'ужица* Ор, *јузал* О, Бул (Угринова, 1951 : 10, погрешно го дава во формата *узел*), *куде* Бањ, *куде нас* Куч, *кудег'од* Бањ, *откуд њима* Љ, *откуд̑* Ч, *кукуљ* Љ, Бул, *кукул'* Куч, *к'утњаци* Бр, *клупче* М, Куч, *к'уснем* Куч, *нека кусне* М, К, *к'удеља* Ч, Гл, *се купа, лука* Рад (ниско подводно место), *у л'уку* К, Ч, *ључи, ључиш* Бањ, *одљ'учимо* Љ, *муда, мук''еница* Поб, *мук'ен'ица* Цр, *муш* Куч, *се 'омужи* Бр, Рад, *мути, ми се мути свес* Брод (Угринова, 1951 : 10), *муќу воду* Ч, *мут'ежина* Бр, *се мучиш* Куч, *мучан, си се муч'ила* Цр, *мудро да седиш, от'уд̑* Гл, *одов'уда* Бул, *обруч, попрук* Куч, *п'опрузи* Бањ, Бр, *пудар* О, *ист'удил* Бул, *Пуд'арница* Љ, Куч, *паук – пауци* М, Бањ, *па'учина* Куч, *прут, пупак, п'онуда* К, *п'онудиш, путац* О, *едан пут, дв'апут* Цр, *Побужје* (од *po-bǫd-; Конески, 1951 : 218). Формата *Побожје,* со *о,* која може да се чуе во некои села (ја забележив во Љ, М, Рад) е ново образување, секако спрема *побожен* или други форми од основната *бог-*. Натаму: *рука, ручка, рукав* Куч, *нар'учава* Куч, *руб̑* Гор, *рубови* Љ, *рубаш, ке га п'оруби* О, Бр, *руков'еда* Љ, *п'осуге, ск'упо* Бул, *с'убота* М, *суб'ота* Ст, *ст'упало* Гл, Поб, *ст'упаљка* Ч, К, *струга* Куч, *на стр'угу* Гл, *овце тера на стр'угу* Љ, *труба* (платно), *се труќа* Љ, *труд̑* Бр, *тупан* Цр, *тугo* Цр, *от'уда* М, *отуд'ај реку* Куч, *ун'утра* Ч, К, *'удица* Гл, Куч, *утак* Ст, Цр, *утак* Љ, *угљав* Бањ, *узал* Љ, *'узлови* М, *утор* Љ; потоа во личните заменски форми: *њума, гу* М, Бр, Ч, Љ, прилозите *з'имус* К, *з'имуска* Љ, *св'узиму* Куч, *св'уноќ* Ч, М. Формата *св'озимо,* забележена во Кучково, е ново образување по аналогија на *сволето,* а *сваноќ,* покрај *свуноќ* (во истото село), е нанос од блатските села.

Како исклучоци се јавуваат *гăс* и *гнăс*, сосе нивните изведенки, и се употребуваат на целата територија на овој говор. Сп. *гăзачки* Љ, *наг'ăзачки* Куч, *г'ăзаре* Поб, Гл, Бр (ламбиче за газија), *гнăсно* Гл (поретко може да се чуе и *гнасно, гнас'отија* М). Во редот на отстапувањата би можеле да го земеме и зборот *егдрк,* мн. *'егдрци* Бањ, Ч, *ј'егдрци* Љ, *ј'агорац* Рад, кој одговара на литературната форма *јагорец* < *ǫgrй* (Bernard, 1951 : 39-40). На коренот *ǫgr- укажува и албанската форма *vongorec,* која мора да е словенска заемка. Првиве два примера во формата со темен вокал се јавуваат и во другите северни говори, дури и во градскиот скопски говор (Угринова, 1951 : 11), а спорадично можат да се сретнат и во говорот на Блатото, во кој носовката *ǫ дала *а.* Без сомнение тие се внесени однадвор, најверојатно од полошките говори, зашто во централните и во двата случаја има рефлекс *а.* Исто така отстрана е внесена и формата *јагорац,*

само со измена во суфиксот. Меѓутоа, со влијание не би можела да се објасни и другата форма – *ег̄р̥к.*

Рефлекс *у* за **ǫ* имаме во најголем број случаи и во флексивните морфеми. Сп. општата форма кај именктие на *-а* и нивните определби: *одведи коња у вод'еницу* Љ, *да ми целива руку* Поб, *г̄а вика Кр̥ст̄от̄а у 'оп̄шт̄ину* Куч, *у моју к'ошуљу* М, *от̄ керку ми, ке иг̄́у на њиву* Бр, *от̄ с'убот̄у до п̄онеделник* К, *у земњу* Бањ, *береў т̄раву п̄рокај реку* К. Во јужните гранични села вака завршува општата форма уште кај личните и некои роднински имиња, додека во другите именки на *-а* таа се изедначила со номинативната.

Редовно се јавува *у* место **ǫ* и во 1 л. на сегашното време кај глаголите од *е-* и *и*-група: *п̄ечу, сечу, ке се с'обучу* М, *п̄леќу, п̄рег̄́у, вежу* Бањ, со исклучок на појужните села каде што основниот вокал од 2 и 3 л. се проширил и на првото. Во 3 л. мн. во презентот и имперфектот на овој начин добиеното *у* по гласовен пат се изменило, како што видовме, во неслоговно *ў* : *викаў, береў, носиў.* Спорадично во Кучевиште место овој глас може да се чуе и сосем слабо артикулирано *у,* одн. среден глас меѓу *у* и *ў*, а пак во граничните села со блатскиот говор се среќава и нормално лабиодентално *в,* како краен резултат од овој процес. Неизменето *у* во оваа форма се пази само во 3 л. мн. од помошниот глагол *сум* : *они су свит̄е т̄ује* Ч, *ал-су дома* Бањ, бидејќи тука немало услови за да се изврши споменатиот процес. Но покрај формата со *у* се среќава и *сạ,* во правите црногорски села спорадично, а во јужните редовно: *чи: сạ децат̄а* Бул, *добри сạ* Рад, *сạ, несạ* Цр. Во Кучково се среќава уште и *се* : *т̄ука се, дојдени се.*

Поинаков резултат во оваа позиција имаме само во наставката *-на-* кај глаголите: *п̄адна, се дина* (*диг̄на*), *лег̄на, викнал.* Познато е дека таа се среќава и преку границите на нашата територија, во врањскиот (Белић, 1905 : 610, 613), сретечкиот (Павловић, 1939 : 43), па дури и во ѓаковичкиот говор (Стевановић, 1950 : 47).

За носовката од преден ред во сите позиции има *е,* и во оние случаи каде што во западните говори таа се мешала со **ǫ,* на пр. *ечмен* Љ, *Ечмишт̄е* Куч, *език* Цр, *ịезик* М, *ịедар* Куч, *'ет̄р̥ва* Куч, Бањ, *ечи долат̄* Куч, а покрај *заец,* мн. *зајци* Бр, Куч се среќава и *зајак* Цр, како во блатскиот говор, и *зајац* Љ, како во кумановскиот и граничните српски дијалекти.

Со запазена трага од носовост имаме само еден пример – *јанѕа* Куч, Цр, Бул, *да т̄е изеде јанѕа* Љ (стсл. ѩѕа). Дека е тој внесен од појужните говори покажува и замената *а* место **ę.*

**ъ, *ь.* – Разгледуваниов говор од другите скопски говори се разликува и по резултатите од развитокот на етимолошките полугласки. Во својот историски развиток, се истакна и порано, тие се изедначиле гласовно и дале еден резултат – темен вокал, кој е потипичен кога се наоѓа под акцент. Со поголема доследност ваква замена наоѓаме во коренските слогови. На пример:

**ъ* : *бạдњ'и-вечер* Куч, *б'ăдњи вечер* Љ, *бăдњак* К, Љ, *Б'ăзишт̄а* Цр, *бăчва* Куч, *до б'ăчву* Брод, *в'ăшке* Љ, Ст, *в'ăшк'е* Куч, *в'ăшче* Љ, *в'ăшенче* Поб, *вăшле, вăшла* М, *Вạшл'ивица* Куч, *дăш* Бул, Љ, Куч, *д'ăждевник* Љ, *д'ăжливо* Куч, *'уздạна, да узд'ăнемо* М, *зăлва* Ст, Куч : *зăвла* Љ (со метатеза), *кăт̄* Цр, *кăд ет̄е т̄и г̄а у среќу* Ч, *кăд г̄а 'ут̄еп̄а бег̄ат̄* Цр, *кăда* Цр, *до кăда ќе биде* Куч, *кăт̄*

сӣ'иг̄неш Гл, *кӑсно* Бул, *п̄окạсно* Цр, *мӑкне* Бањ, *п̄ом'ӑкни г̄а навамо* Куч, *п̄оизм'ӑца* Љ, *изм'ӑца* М, *'измạкна* Цр, *сӑн* Ст, Куч, *на сӑн му дошло, сӑноӣ* Цр, *сӑњам – сӑњаў* М, *с'ӑњују* Гор, *с'ӑнува* Куч, *сӑӣ* Бр, Љ, *с'ӑдови* Ст, *ис'ӑнало* Гл, *ис'ӑнала водаӣа* Бањ, Бр, *ӣӑд* Бањ, *ӣӑд беше* Бр, *ӣӑда* Љ, К, *ӣӑг̄* Ор, *ӣӑг̄а, ӣӑг̄ај* Цр, *ӣӑкна* Ст, *ме ӣӑкна* Љ, *ӣӑкма ӣоа сакам* Куч.

**ь* : *вӑздạн* Цр, Љ, *дӑн, два дӑна* Љ, *сваки дӑн* Бањ, *каӣа дӑн* Цр, *дв'а-дạна, дојде дӑнаӣ, дӑњом* Куч, *дӑње* Ор, Куч, *дӑнӣа, д'ӑнạс* Ч, *Д'ӑница* М, *Дạн'ица* Цр, *д'ӑнг̄уби* Цр, Љ, *да издӑнг̄убиш* Куч, *д'обар-дạн* К : *д'обар-дан* Куч. Спрема овие образувања направена е и формата *дӑнак* Бр, Гл (место *данок*), *лӑко, п̄ол'ӑко* Бул, *лӑсно* Ст, Цр, *лӑн* Љ, Ч, *Л'ӑнишӣе* Бул, *лӑнено* Куч, *оп̄'ӑнак* Ст, *оп̄'ӑнци* Цр (: *'оп̄ạнци* и *'оп̄анци* Ч), *п̄ӑкạл* М, *п̄ӑкал* Куч, *у п̄ӑкал к-идеш* О, *п̄'ӑњушка* К, М, *сӑк ке дог̄́у* Љ, *сӑг̄а* Куч, Цр, Ст, *с'ӑг̄ашњо* Љ, *сӑмне* Ст, *се сӑмна* Љ, *ӣ'ӑмница* Бр, *ӣạмн'ица* Цр, *ӣӑмно* Бањ, Куч, *се сӣ'ӑмнило* Бањ, *се сӣӑмни* Бул, *цӑвӣи* Куч, *шӑп̄ạӣ* Љ, *шӑп̄ни му* К, *шạп̄'оӣеше* Поб; *ес'енạска* Ч, Бањ, *i̯ес'енạска* М, *д'ӑнạс* Ч, *д'ӑнạска* М, Бањ.

Во оваа позиција само неколку примери имам забележено со чисто *а,* кое е добиено фонетски од *ӑ,* одн. *ạ* : *мав'оина* Љ, *д'обар-дан, В'елидан, М'иӣровдан, иди п̄'олако* Куч, *'оп̄анци* Ч. За коренот **čьst-* од една страна имаме *чес, чесно* Љ, *му води чес* Куч, а од друга *часӣиш* Ст, *часӣимо* Куч, *ке ӣе часӣу* М. Формата со *е* можела да биде примена од полските скопски говори, а втората од српскиот јазик по литературен пат. За **ʒьdь,* сп. *sӑӣ* во североисточните говори; во овој говор имаме *suḑ* Куч, Бр, К, *suӣ* Бул, како во другите македонски говори. Покрај *п̄'ӑњушка* и *п̄ӑкал* во граничните села со Блатијата можат да се чујат и формите *п̄'ењушка* Куч, *п̄ењ'ушка* Цр, Ст, *п̄екал* Ст.

Со прилична доследност рефлекс *ӑ/ạ* имаме и во префиксите и предлогот **sъ*, кој се употребува овде удвоено: *сӑс.* Сп. *сӑбор* Бр, Љ, Гл, *сӑбрал* Бр, *да г̄а сӑберу ли жиӣоӣо* Ч, *се с'ӑбрале* Љ, *сạб'ираў* М, *сạб'ери се* Бр, *сạs'идано, с'ӑкри се* Љ, *г̄а с'ӑкриле* Бањ, *да г̄а сạкр'иеӣе* Гор, *с'ӑмељу, сạм'ељеў, се с'ӑп̄леӣе, сạп̄л'еӣемо* Ч, *да се с'ӑп̄неў* Љ, *сạп̄'ињаў* М, *с'ӑсӣане* Бањ, *сạӣк'аеў* Ч, *ке с'ӑшију* М, *с'ӑшила* Поб, *од'ӑп̄неў, из'ӑӣкава* Куч, *уз'ӑвремо, уз'ӑвреле* М; *сӑс-ср'ебро, сӑсп̄'аре* Бр, *сӑс-'овце, сӑс-г̄'усле* Љ, *сӑш-њ'ег̄а, сӑс-све ӣој* Ч. Во јужните гранични села покрај случаите со темен вокал, сп. *с'ӑбереш, с'ӑсӣаим, с'ӑблечем, с'ӑкрием* Куч, *сӑбрал* Цр, *с'ӑп̄ни г̄а коњоӣ* Ст, не ретко можат да се сретнат и примери со *о* : *сош'иен, собл'ечи се, собор* Ст, *собр'але, соб'ери г̄у ченкава* Цр. Во нив предлогот ** sъ* готово редовно се употребува во формата *со,* одн. *сос* : *сос њима, сос њојзе, дошле со-св'ињи* Ст, *со музику* Цр, *со ног̄у, со сӣап̄, со руку г̄а ваӣи* Куч.

Поинаков резултат за еровите имаме кога се наоѓаат тие зад лабиоденталното *в* – во предлозите и префиксите **vъ* и **vъzъ.* Во едни случаи фонетски, како и во почетните отворени слогови, а во други по аналогија, групата **vъ > у;* на пример: *к-иг̄́у у Скоп̄је* Бр, *'оӣишал у М'ирковце* Гор, *уж њ'ег̄а* Ч, *уз р'еку* Гл, Бр. – *'улег̄ни* Љ, *'улег̄ал* Бањ, *'улег̄не* Цр, К, *'улаза* Бул, *'уфаӣи, уваӣ'ише* Цр, *'уваӣи г̄а за руку* Ч, *'узни г̄а* Ч, *г̄а 'узела, 'узима* Гл, *уз'имачка, с-уз'оше руку за руку* (Елезовић, 1933 : 219), *ал-г̄а узе* М, Љ, *ун'еси г̄у сӣол'ицуӣу, ув'еди г̄а* Љ, *уд'ени г̄у 'иг̄луву, увл'ечи се озд'ол* Бул, *с-'увлече* Куч, *'уӣерај г̄а* Бр, *не можу да се 'увучу* М, *'увег̄́у – 'уведеш* Бањ, *ке 'узавру – уз'ӑвреў* М. Сп. и: *'удовạц* Љ, *'удовица* К, М, *унук* Ч, Гл, *ун'учики* М, *ун'уӣра* М, Љ, *уӣ'орник* М, *уӣ'орникạӣ* Љ, *ј'учер* Љ, *јуч'ера* Куч (со секундарно *ј*).

Во суфиксите имаме два рефлекса. Во правите црногорски села и во оваа позиција има темен вокал, но тој се изговара знатно пошироко одошто истиот глас во коренските слогови, сосем блиску до *а,* "така што – правилно забележува Угринова (1951 : 6) – на моменти не може да се разграничи со изговорот на *а*". Томиќ (1905) во неговите материјали овој глас редовно во суфиксите го предава со вокалот *а*

Сп. – *-ъкъ : *момак, муќак, петак* Бањ, *низак, плитак, тънак* М, Гл; – *-ъпъ : *болан, гладан* ЉБ, *едан* Бањ, *личан* Ч, *миран, мутан* Бр, *п'аметан, посан, ситан* ЉБ; – *-ътъ : *нокат, лакат* М, *'оцат* Бр, *'овас* К, М; – *-ътъ : *ј'арам* Бањ, К, Гор; – *-ьсь : *глушац, јунац* М, *лънац* ЉБ, *'удовац, мољац, старац* Ч, *венац* Бр, *ч'учерац* Ч, *конац* Бањ; во членската форма за м.р.: *данат* ЉБ, *узни га стола, ножат* К, *жират, прес'едника* Поб, *рида, нар'едника* Гл, *м'ора* Ч, *бреса, моза* Бр (*мосто*), *ножа* ЉБ, *ножа* Бањ, М, *пл'авеза* Ч.

Во селата пак што се наоѓаат источно од Љубанци и во оние што ги истакнавме како гранични со блатскиот говор, вклучувајќи го тука и селото Кучково, за полугласките редовно има *а*. На пример: *јутак* Куч, *утак* Цр, *м'алецак, н'айрстак, ручак, ч'етвртак* Куч, *петак, об'ојак* Цр, *песак* Куч, Ор, *овас* Куч, Цр, Ст, Ор, *ов'азница* Куч, *болан, један, десан, златан* Ст, *едан* Куч, *мучан, разан* Цр, *раман, сложан* О, *бр'атанац* Куч, Цр, *глушац, колац, јунац* Ст, *конац* Ст, Цр, Куч, *клупац, мол'ац, јарац, венац, цепац, слепац, т'рговац, 'удовац,* Куч, *клад'енац, мирковч'анац* Цр.

Примери со изјаснет вокал *а* не се необични и во правите црногорски села, но тие се знатно поретки од случаите со *ạ*. Со *а* во нив најчесто се среќаваат образувањата на *-ьlъ, на пр.: *витал* ЉБ, Бањ, *јузал* Поб, Куч, Цр, *котал* ЉБ, Бр, Ст, Бул, *орал, петал, чешаљ* ЉБ; сп. уште: *как'ав беше* Ч, *остан* Бр, *чешањ, ражањ* ЉБ.

Во југоисточните села само членските форми за машки род за полугласката имаат *о* : *бегот, властот* Цр, *волот, крамот* Ст, *п'есакот, преко п'отокот, зетот* Бул. Во Кучково, меѓутоа, и тука стои *а* : *возат, 'овчарат, ст'аријат, т'урскијат цар, воден'ичарат, ман'астират.*

Во врска со рефлексот *а* место етимолошките полугласки во северните говори повеќе пати сме истакнувале дека е тој резултат што се добил на овој терен: *ъ преку *ạ* > *а* во неакцентирана позиција (Видоески, 1953 : 126; 1954 : 15). Дека овде не може да стане збор за некакво надворешно влијание покажува и фактот што процесот на вокализацијата на *ъ > *а* повеќе напреднал во оној тесен граничен појас меѓу северните и *ъ, *ь > *о, е*-говори. Да дошол импулсот од север, од српските говори, појавава би била пораспространета во оној појас што непосредно граничи со српската територија. А од друга страна такво влијание немало откаде да дојде. Со влијание од југ можат да се објаснат само оние случаи во коишто наоѓаме *о* и *е* место полугласките, на пример членските форми за машки род, предлогот и префиксот *со,* одн. *сос,* или некои одделни примери, сп. *чешел* Ст, *свдел* Цр. Членската форма, видовме и порано, со *о* се употребува и во овчеполскиот, кратовскиот и во дел од кривопаланечкиот говор. Како продуктивен елемент таа лесно може да се шири. Овие примери можат да ни послужат како добар показ дека меѓу граничните говори и дијалекти секојпат постои мешање и преплетување на разни црти. Една црта од една дијалектна

област може да се прошири и да се наложи во друга област. А најлесно тоа станува така со граматичките морфеми.

Секундарниот $ъ_2$. – Ист резултат како етимолошките полугласки дал и секундарниот $ъ_2$. Во почетните слогови на целата територија има темен вокал, сп. *лăже, пол'ăжаше* ЛЬ, *'излăжа, л'ăжење* Бул, *лăжа голема* Куч, *лăжа* Ст, *măгла* Куч, ЛЬ, *се зам'ăглило* Куч, *се з'амăгли* ЛЬ, *măска* К, Бр, *тăнăк* Гл, *тăнко* М, *Т'ăнка Пут'ина* Цр. – Поинаков рефлекс наоѓаме само во *л'ожица* ЛЬ, Бр, *лоjца* Куч и изведенката *лож'ичарник* ЛЬ, *ложиш'арник* Ст, *л'оjчарник* Куч (: *лăж'ица* Ст).

Во правите црногорски села ваков глас се среќава најчесто и пред сонантите. На пример *осăм године* ЛЬ, *осăмн'аесе, сед'ăмдесет, ос'ăмдесе и седăм баŋке* Поб, *сед'ăмдесе* Бањ, *сăм* К, *несăм* Ч, *п'асăмце, ј'агăнца* ЛЬ, Бр, *пас'ăмце* Цр, Ст, *јаг'ăнца* Ст, *мр̥тăвăц* Ч, *мр̥тăв* ЛЬ, К, Куч, *бистăр* Куч, ЛЬ, М, *ветăр, вепăр* Бр, *габăр* М, *Ретк'и-Габ^{ъ}р* ЛЬ, *Габăрче* Куч, *добăр, итăр, остăр* М, *модăр, мудăр* Гл, М, *мокăр* ЛЬ, К, *свекăр* ЛЬ, *свек^{ъ}р* М, *едăр* Куч; – *пăкăл* Гл, *рекăл* Ч, К. Но наспоредно со овие можат да се чујат и форми со *а,* особено пред согласката *л,* сп. *пăкал* Куч, *рекал, дошал, пошал* М, Ч, Гл, *могал, 'остригал, ошал* Бањ, *секал, д'овукал* М, или во *огањ* ЛЬ, Ч, *у огањăт* Ч. Во југоисточните села, и воопшто во сите оние што граничат со блатскиот говор, во позицијата пред сонантите обично за сек. $ъ_2$ се слуша *а* : *огањ* Куч, Ор, О, *ведар* Ор, *бисар, осар* Ст, *бистар, габар* Бул, *дошал, прес'екал, ул'егал* Ст, само пред *м* за сек. $ъ_2$ речиси редовно има *у,* како во блатските села: *седум, осум* Ст, *ос'умдесе* Цр, *седум, осум, седумн'аесет, сед'умдесет, ос'умдесет* Бул, *сум бил, сум с'ăнуал* Куч, покрај *сам, несам.* Во Стајковци забележив и *огин, ветер, мр̥товец,* – карактеристични форми за блатскиот говор.

**ļ*. – Во најголем број случаи за вокалното **ļ* во црногорскиот говор има рефлекс *у.* На пример:

бува ЛЬ, *буве* М, Гл, Ч, *буе* Куч, *Бугарин, вуна* ЛЬ, М, Цр, *вук* К, Бул, Цр, *в'учица* ЛЬ, *вучкини ноги* Цр, топ. *Вуков'а-Глава* К, *В'учи-Дол, Вучј'а рупа* ЛЬ, К, *В'учово* Гор, *вуче* Бањ, *воловите вучеў* Ч, *вуче по земњу, в'учење* М, *д'овукал* К, *вуч'иклашње* Бањ (влечко), *об'учи се* М, *да се 'обуче* Ч, *се об'учува* Гл, *свучи се* Бр, *се с'обуко, соб'укоше, ке се с'обуче, соб'учеў* М, *влече* Цр, *жуто* Куч, ЛЬ, *жуч* Куч, *жучка* Бр, ЛЬ, *ж'утица, жучни болес, жуња* (вид жолта птица), *жут'арка* ЛЬ, *ј'абука* Бањ, О, Ор, *кук* К, Куч, *к'укови* Бањ, *саган кук* ЛЬ, *к'учиста* (од коноп) Куч, М, Бањ, *куч'иште* Цр, село *Куч'евиста* К, Бр, ЛЬ, *Куч'еиста* Куч, река *Куч'евстица, куч'евљани* Поб, М, *куне* Бањ, М, Гор, Ч, Бр, *музе* Куч, *ке музеў овце* ЛЬ, *м'узење* Бањ, *м'узница* Бр, *пуж* Бр, Гл, Гор, *пужел'* Куч, *п'ужови, П'ужова Лив'ада* ЛЬ, *пун* Куч, *пуно* ЛЬ, *пунеж* (вид вез на женска кошула) К, Поб, *стубац* Рад, *ступ* Куч, *туче лук, туче* Бањ, *туч'ешемо* Гор, *т'учење* Бр, *све ке се тучеў* Цр, *туца* ЛЬ, *тучник* Цр, ЛЬ, Куч, *дужан* ЛЬ, *зад'ужени* Гл, *д'убоко* Бањ, *Дубоки Дол* Бањ, ЛЬ.

Така и по оваа црта говорот на Црногоријата покажува поголема близост со призренско-моравските говори.

Рефлексот *у* на разгледуванава територија писмено е засведочен уште во почетокот на 16 век. Во една белешка од 1519 година на еден триод се споменува месноста *Вунеш* : "...подѕвесїе Чрънїе Горы въ поустыню нарицаемоую Вѕнешъ..."

(Стојановић, 1902 : 135, бр. 441). Во истава белешка денешното село *Кучевиште* се бележи **Клъчевица**, со *лъ* место **ļ*, но тоа е најверојатно бележење по традиција. Во поменикот на манастирот Матка (16 в.) имаме *у* : **кѵчевица** (Селищев, 1933 : 21). Првиот пример (*Вунеш*) покажува дека во времето откога е датирана белешкава за вокалното **ļ* во овој дел од нашата јазична територија сме имале замена *у*. А тој процес се извршил, без сомнение, кога и во српскиот јазик, т.е. во крајот на 14 и во почетокот на 15 в.

Покрај *у* како втор рефлекс за вокалното **ļ* на оваа територија се употребува *лу,* но во многу поограничен број примери. Тие се: *слуба* Бул, Цр, Ст, *слубе* К, *сл'убица* Бањ, ЉБ, *донеси ми сл'убицу* Поб, *Слубичк'а-Река* Бањ, *слуза, слузеў ми очи* Гор, *слузе* Ч, *слунце* ЉБ, Бр, М, *буцна слунцето* Бр. – Овие случаи со *лу* < **ļ* познати се и во граничните српски говори и тоа на целиот појас од Призрен па до границата меѓу јужноморавскиот и заплањскиот дијалект. Во српскиот јазик оваа црта се јавува доста рано. Белиќ констатира дека се среќава уште во најстарите српски споменици – во евангелијата на Мирослава и Вукана, зборникот на поп Драгојла и некои дубровнички повелји (Белић, 1905 : 118), што значи дека таа се развила многу порано од рефлексот *у*. Ако е оваа црта во јужноморавскиот дијалект внесена од позападните српски говори, како што вели Белиќ, тогаш во разгледуваниов говор сигурно е така. Прашање е само кога почнала да навлегува – дали таа овде егзистира отпорано, како во јужноморавскиот, или пак е внесена преку говорот на она население што се доселило во овој крај од северните области во поново време.

Во јужните и југоисточните црногорски села, што ги истакнавме како гранични со блатскиот говор, како и во Кучково, примерите со *лу* се непознати. Во оние случаи каде што во правите црногорски села има *лу,* овде има рефлекс *лă.* На пример: *слăза* Цр, Ст, Бул, Куч, *слăнце* Куч, *слăнцето* Ст, *сл'ăбица* Куч. Освен тоа рефлекс *лă* место **ļ* имаме и во примерите: *длăбок* Куч, *дл'ăбоко* Ст, *длăк, длăго* Бул, *Длăга* Куч (име на месност), *Длăга Грм'ада* Цр, *длăжина* Куч. Примерот *длăк* и неговите изведенки со *лă* се употребува во целата Црногорија, сп. *длăго* Бањ, М, ЉБ, *длăго седеше куде нас* Бр. Во Кучково со *лă* забележив уште еден пример: *тлăчник,* покрај *тучник, туче.*

Приведениве примери во формата со *лă* познати се на целиот јазичен појас од Шар Планина па до границата со бугарската јазична територија на исток и на југ до границата со кочанскиот, штипскиот и скопскиот блатски говор (Видоески, 1953 : 206-209).

Овој рефлекс, се истакна и порано, се јавува само зад денталните согласки, пред сѐ зад *д* и *с.* А токму зад овие два гласа се јавува и *лу* во поархаичните српски дијалекти (сп. во јужноморавскиот: *удл'убăн, длуго, длуж'ина, дл'ужни,* а зад *с* сп. примери погоре).

Во оние села каде што се среќава замената *лă* < **ļ*, се употребува и формата *кăлне* : *заш-га кăлнеш дететo*? Бул, *кăлнеў* Куч, *ги пр'окăлна петлите* Цр.

За *голтам* во целата Црногорија се употребува форма со *ли* : *глита* ЉБ, Куч, Бањ, *га гл'итнала* Поб, *глитка* Ст, *глит вода* Цр, *глит* ЉБ, Куч – образувана спрема итеративот *глитати,* сп. стсл. **поглитати**, а место *засолнам* форма со коренот *слон-,* која е исто така стара: *з'аслони* ЉБ, *засл'они га* Куч. И формата со *ли* и онаа со *ло* во употреба се и во призренско-јужноморавските говори. За литературното *колвам* овде имаме *кључам*, сп. *кључем*.

**ě > e.* – Таква замена имаме дури и во глаголот *јаде,* сп. *једе* Бр, Куч, *једеў* Ч, *једење* Куч, Цр. Исклучок претставува единствено лексемата *ора,* мн. *'ораси* Ч, М, *'орашче* М, *орав* Куч, *сиров орав* Ор, во која за **ě* стои *а*, како и во другите северни и некои источни говори. Како што е познато *а* во овој пример го има и во српските екавски говори. Таа е секако стара црта и стои во врска со природата на претходното *р.* Интересно е да се одбележи фактот дека во границите на онаа територија каде што се употребува *ора* не дошло ни до прегласување на *а* во *е* зад *р* во примерите *трава, прапорац – прапорец.*

Покрај *п'овесмо, пов'есмарка* Куч, Бр *(< *pověsmo)* се среќава и формата *појасмо, поj'асмарка* Бањ, која е добиена или со контаминација меѓу *пасмо* и *повесмо,* или "преку сврзување со *појас*", како што мисли Угринова (1951 : 12).

Согласки

ќ, ѓ. – Рефлексите на прасловенските групи **tj, *dj* и **kt'* се најинтересна црта од консонантизмот во скопско-црногорскиот говор како поради нивната звукофизиолошка природа, така и поради некои други појави што им се својствени ним.

Место **tj* и **kt'* во најголем број случаи има рефлекс *ќ,* во неколку случаи палатализирано *к'* или *к*, а место **dj – ѓ,* и тоа во сите позиции.

На пример:

**tj, *kt' > ќ* : *воќка* Љ, Куч, Гл, Бр, *воќке* Љ, *воќњак* М (: *овошка, олошка, овојка* во другите наши говори), *вреќа* Гл, М, Цр, *вреќе* Љ, Бр, *врућ* М, *вруќи коштањи* Гор, *има вруќа вода* Бањ, *ѓаќе* М, Куч, *ѓаќ'ерести петал* Куч, *ѓаќ'арасти* М, Ч, *ѓаќњик* Цр, М, *куќа* Ст, *куќе* Ч, Бањ, *куќи* Цр, *к'укњица* М, *леќа* К, *м'аќева* Куч, *м'еќава* М, *ноќ* Бр, *ноќеви* М, *н'оќам* Љ, *ноќен* Бањ, *ноќта* Цр, *н'оќница* М (име на звезда), *нàќес, плеќе* Бр, *помоќ* М, Бр, *п'омоќњик* Гл, *пом'оќњица, праќа, праќе* М, *свеќа – свеќе* Бањ, Ч, *среќа* Љ, Гор, *у среќу* Куч, *у среќа идев* Цр, *ќут* Куч, *ќути* Бр, Поб, *тиќе* К. Така и во формите на глаголот **хъtěti / хotěti* : *оќу* К, *неќу* М, *неќем* Љ, *неќеў д-идеў* Ч, *оќеш, неќеш* Бр; во некои суфиксни образувања: *божиќ* Куч, М, Ч, *божиќњ'и пости* Бр, *Сл'ивовиќ* М, *блаќ'ани* Цр, *ч'истоќа* М, *ѓ'олоќа* Цр, *т'ешкоќа* Куч, и во глаголите образувани со *-ја* : *враќа* Бањ, *п'овраќа* К, *праќам* М, *праќа човека* Љ, *'испраќа* Ч, *плаќа* М, *смеќа* Бул (во значење *смеќава*).

Во еден определен број случаи место *ќ* како рефлекс на споменативе прасловенски гласови наоѓаме сосем малку палатализирано *к'* или *к*. Тие се: *век'е* М (почесто со ова значење се употребува прилогот *више*), *мук''еница* М, Гл, К, *мук'ен'ица* Цр, *к'ерка* Гл, М, *от к'ерку ми* Бањ, *имам к'ерку удадену* Бр, *на цара керка му* Ч, *две к'ерке* Бањ, *к''еркино дете* Гор, *тик'е* М, Љ, покрај *тиќе,* морфемата *к'е* Ст, Куч, М, Бр, Ч, *ке се вртимо* Гл, *к'-иѓу* М, *к'е дојдеў* Љ, и *к'еш(е)* Гл, Бр, К, *к'еш-да паднеш* Љ, *ја к'еш-те тепам* Ч, и во наставката за глаголскиот прилог *-к'и,* односно *к'е / -ке* : *работ'аек'и, ид'еек'и* М, *стањ'уек'и, теч'еек'и* Љ, *ид'еек'и* Бањ, *по'е:к'е, струж'е:к'е, кол''а:ќе, бер'е:к'е дрва* Куч, *жне'ек'е, работ'а:к'е* Р, *отиду'аjк'е, трч'еjк'е* Цр, *нос'е:к'е* Ст; потоа: *вр'ук'ина* Бр, М, Куч, *д'омак'ин* Гл, М, Љ, *домак''инката* Цр, *пр'ак'ица* Цр.

Во материјалот објавен од Елезовиќа (1933 : 219) место морфемата *ќе* редовно се бележи *ке* : *ке беѓендишу, ке ужњу, кад к-иде.* Слабописмените луѓе

готово редовно оваа форма ја пишуваат со *к* : *ке*. Тој факт веќе доволно зборува дека во нивната претстава во овие примери место *ќ* егзистира звук близок до заднонепченото *к*.

Оваа разлика во изговорот на рефлексот на **tj* / **kt′* ја забележуваат и Томиќ (1905 : 496) и Петровиќ (1907). "Поред правилног *ћ* у речима: *ноћ, вреће, браћа* – вели Томиќ – има још једно *ћ*, које није јасно као прво, него кад се оно изговори, чује се глас између *к* и *ћ*. Оно се чује у речима, у којима после *ћ* долази *е* : *ћерко, ћебе, ће* у прављењу будућег времена". За второрава варијанта Петровиќ употребува посебен знак.

Во приведената забелешка Томиќ го засегнува и прашањето за условите кога се јавува варијантата *к'*, одн. *к*. Како што покажуваат и нашиве примери, овој глас се јавува пред предните вокали (*е, и*), и тоа само во одделни зборови. Така, на пример, во множинските форми од *куќа, вреќа – куќе, вреќе,* или во изведенките *кукиче, вреќиче,* одн. *вреќетина,* и други слични форми, *ќ* има иста вредност како и пред согласка или другите вокали. Врската со основната форма тука попречила да се измени артикулацијата на *ќ*. Меѓутоа, таму каде што ваква врска немало, кај *ќ* повеќе дошол до израз палаталниот елемент. Оваа појава – поместувањето на артикулацијата на *ќ* пред предните вокали накај задното непце и потполното губење на фрикативниот елемент во поголема или помала мера ја познаваат и голем број други наши говори, дури и некои од централните. Во прилепскиот, на пример, "формата *ќе* – пишува Конески – многу пати се слуша како *ке*" (Конески, 1949б : 262). Така таа може да се чуе и во велешкиот, и во скопските (Селищев, 1931 : 45).

**dj* > *ѓ* : *веѓа* К, Гор, Бр, *веѓе* М, Ч, ЉЬ, *веѓи* Бул, *пов'еѓајка* ЉЬ (вид вез на женска кошула), *ѓ'оспоѓа* К, Ч, *зѓраѓа* К, *зѓраѓе* Гор, *зѓр'аѓиче* Куч, *краѓа* М, *меѓа – меѓе* М, Гл, *меѓи* Цр, *меѓњик* Куч, ЉЬ, покрај *мед'њик* ЉЬ, *меѓу* Бр, К, *меѓу њима* Ч, *помеѓу себе* Бањ, *преѓа* М, *преѓата* Цр, *ᵊрѓа* М, *ᵊрѓосан* Ч, *ᵊрѓосано* Цр, *у сваѓу су* Гор, *так'оѓере, туѓ, ш'уѓина* М, *уѓе* М, Бр (се употребува многу ретко), *чаѓе* М, Ч, *чаѓав* О, *исчаѓ'авило се* Гл. Вакво е по потекло *ѓ* и во глаголските образувања од типот *раѓа, ѓаѓа* Бр, К, *п'оѓаѓам* М, *дос'аѓа, виѓам* Бул, *оште се в'иѓаше, одв'иѓа, разв'иѓа* Цр, како и именските суфиксни образувања од типот *ор'иѓанац* Куч, *белѓраѓани* К и сл.

Поинаква замена за споменативе прасловенски гласови наоѓаме само во неколку случаи. И тоа:

за **tj, *kt′ – шт* во: *пештер* М, Бр, и име на месност *Пештер* во Бр, *п'ештера* Гл, *плешка* М, Куч, Ор, покрај *плеќка* Гор, Ч и *плеќе* К, *мошњо* Бр, *мошњо убаво* М, *с'иношан ѓра, манџа с'иношна* Куч, *синош'ањ-леп* М, – и *j* во: *синој* Цр, Бањ, Ч, *синој радиото поеше* Ч, *с'инојка* М, Куч, Бањ, Бр, *син'ојка* Цр, а за **dj – ж(д)* во името на селото *Побужје – Побожје* и придавките *н'апрежан* и *п'ослежан* : *н'апрежњо време* ЉЬ, *н'апрежно* Ч, *пон'апрежан* М, Куч, *н'апрежњи* Цр, *понапр'ежњите* Поб, *п'ослежањ* М, *п'ослежањ рок* Бр.

Во редот на отстапувањата би можеле да дојдат уште примерите *нужда* О, Цр, кој се употребува многу ретко и најверојатно е примен по литературен пат, и *премежд'ание* ЉЬ, одн. *преможд'ание, премажд'ание* М, кој е примен малку модифицирано од црковниот јазик (стсл. **прѣмеждие**). Последниов пример во некои црногорски села може да се чуе уште и во формите *премреж'ение* и *премр'ение* О, *ми прође едно премр'ение* Куч. И едната и другата форма се нови

образувања – првата со контаминација меѓу црковната форма *прежджие* и *мрежа* (Мирчевъ, 1938 : 70), а другата најверојатно е образувана спрема глаголот *прежрам-еш,* задржувајќи ја при тоа наставката *-ние.* – За литературното *имашлив* се употребува *имоштан* М, образувано од *имошт,* а после и *нем'оштина* М, Бр за *немаштина.*

Примерите со *j* заправо не се исклучоци, зашто тука *j* е нов резултат: *ќ* > *j* во *синојка* фонетски (*ќк* > *јк*), а од оваа форма после спрема *дăнạс – дăнạска, зимус – зимуска* и др. сме добиле *синој.*

Кои од споменативе рефлекси во нашиов говор треба да се сметаат за примарни: *ќ, ѓ* или *шт, жд*? Ако се работеше за некој појужен наш говор, поставување на едно вакво прашање не би имало место. Денеска е веќе јасно дека во нашите **ъ, *ь* > *о, е*-говори примарен рефлекс за **tj *dj* се *шт, жд.* Но бидејќи во случајов станува збор за еден граничен говор со дијалекти во кои односниве прасловенски групи дале *ќ, ѓ,* и со кои тој има ред заеднички особености, тогаш ова прашање има своја смисла.

Ако судиме само врз денешниот материјал, одговорот на ова прашање би бил едноставен: примарен е оној рефлекс што се јавува најчесто, во најголем број случаи. А тој би бил рефлексот *ќ,* одн. *ѓ.* Историските факти, меѓутоа, знатно го усложнуваат ова прашање. Денешново село *Побужје (Побожје),* кое Селишчев го изведува од коренот **bud-* (1931 : 45-46), а Конески од **bǫd-* (1951 : 218), со *жд* се бележи уште во 13 век. Така во грамотата на Константин Тих (1258 – 1277), дадена на манастирот св. Ѓорѓ во Скопје, забележено е во формата **Побѫжда** (Ивановъ, 1931 : 582). Во Милутиновата грамота на истиот манастир (13 в.) се споменува во падеж "**оу Повоужджоу**" (Грујић, 1936 : 13), а во една друга негова грамота (на Хилендарскиот пирг) од околу 1308 г. во формата **Прѣвоужда**[5]. Веќе во подоцнежните документи тоа се бележи со наставката *-је,* сп. **села Поб8ждиш** (ген.) во еден запис од 1500 г. над влезот во црквата св. Петка во истово село (Ивановъ, 1931 : 130): **Повоужда** во кодикот на манастирот Матка (16 век) (Селищев, 1933 : 43).

Врз основа на овој топоним Селишчев изведува заклучок дека некогаш и во Скопската Црногорија за **tj, *dj* сме имале *шт, жд* (Селищев, 1931 : 45).

Овој топоним сам за себе и онака како што го објаснува Селишчев (од коренот **bud-*) можеби и не би бил многу интересен. Би можело, на пример, да се претположи дека во овој крај имало преселеници од нашите појужни области каде што за **tj, *dj* има замена *шт, жд,* и тие да го пренесле ова име од старото место на живеење. Вакво нешто не е невозможно. Познато е дека преселениците доста често ги пренесуваат и имињата на своите стари населби, и воопшто имињата на местата од нивниот крај. Така го објаснува и самиот Селишчев името на гостиварското село *Зубовци* (*Зубовце*) (Селищев, 1929 : 316). Меѓутоа, во Северна Македонија, и тоа баш на оној дел што непосредно граничи со српските говори и каде што има редовно *у* за **ǫ* и **ļ* и еден вокал за обете полугласки, овој не е единствен случај со *жд.* Сп. и *Радибуш* (село во Славиште, Кривопаланечка околија, кое во 14 в. е забележено во формата **Радибоужджоу Горню**, Новаковић, 1912 : 435), *Доброште, Нерашше* (села во Долни Полог; по-

[5] Името на селото Побужда овде се споменува во акузатив: "**И дахъ... и село Прѣвоужджоу**..." (С. Новаковић, 1912 : 477).

следново околу 1308 г. Милутин ѝ го подарил на црквата св. Никола). Што е уште поинтересно, топографски имиња со *шт, жд* има дури и во Призренско *(Гражданик, Ображда, Љубижда, Добрушта),* и тоа некои од нив се споменуваат доста рано; сп. **Неврегоцıе** во Душановата грамота од 1348 на манастирот св Архангел кај Призрен (Новаковиќ, 1912 : 688), или **Чрѣвоглажде**, **Торажда** (Новаковиќ, 1912 : 689). Ваков број месни имиња да се примат како донесени преку разни преселеници од југ би значело премногу упростување на работите. Освен тоа на една ваква претпоставка се противи и друг еден факт. Конески името *Побужда* го изведува, рековме, од коренот **bǫd-*, т.е. од личното име **Pobǫdъ,* како што се добило и *Збăжди (Збажди, Збожди)* од **Sъbǫdъ* (Конески, 1949а : 305), а не од **bud-*. Овде прашањето уште повеќе се усложнува. Имаме пример со црти карактеристични за две дијалектни средини: *у* за **ǫ* и *жд* за **dj.* Ваква форма можела да се образува само на овој терен, кај што се граничеле и мешале **ǫ* > *у* и **tj, *dj* > *шт, жд*-говори. Во врска со ова Конески го поставува проблемот: Дали сме имале во Северна Македонија говори, за системот на кои биле карактеристични рефлексите *у* < **ǫ* и *шт, жд* < **tj, *dj*? (Конески, 1951 : 219). Во прилог на претпоставката дека можело да има такви говори, освен името на односново село и споменатите топоними во призренскиот крај, укажува и името на кривопаланечкото село *Радибуш,* кое исто така ќе е образувано од коренот **bǫd-*, не од **bud-*, како што го објаснува Селишчев (1936 : 120), дури и името на градот *Велбужд,* кое во грамотата на Тиха е предадено во формата "**вь Вельбѫжи**" (Ивановъ, 1931 : 584), а во Милутиновата "**вь Вельбоужди**" (Грујић, 1936 : 17). Денеска и во говорот на Славиште за **ǫ* редовно имаме *у*. Изоглосите на рефлексот *у* < **ǫ* и на *ќ, ѓ* < **tj, *dj* не морале да се поклопуваат.

в. – Овој глас се пази релативно добро во целата Црногорија, било да се наоѓа меѓу вокалите, било во некоја друга позиција.

На пример: *бивол* К, Куч, Бр, *бив'олица, в'оловар* Куч, *Говед'арник* Љ, *г̄'оведо* Гл, *Говед'арица* Цр, *ѓавол* Куч, *дев'ојче, девојч'иња* Бул, *дев'ојчики* Бр, *јавор, ковач, ковам* Куч, *н'евеста* Бр, *н'евоља* Ч, *основа* К, Цр, *н'аправа, т̄'оварим* Куч, *сов'елка, повесм'арка* Цр, *направ'иле* Бул; *в'ирови, вол'ови* Цр; *брестов'ина* Бул, Цр, *вар'иво, пред'иво* Цр, *в'езиво* Бањ, *каменл'иво, песакл'иво* Цр – во интервокална позиција. Во оваа позиција доста често може да се чуе и слабо *в,* понекогаш и со нешто поосетна лабијализација: *Куче^{в}иста* Ч, *заг̄'о^{в}орка* Бр (вереница), *би^{в}ол* Гл, *ост̄'а^{в}иле, ке напр'а^{в}иў* Бр, *напра^{в}ише* Цр, *Тр'имче^{в}о* Ч, *г̄ри^{в}о* Бул (делот од самарот што налега на вратот). Не се сосема непознати и примери со загубено *в* меѓу вокалите, но нивниот број е сосем мал, особено во селата со двосложен акцентски систем. Најчесто без *в* се употребуваат формите од глаголите *п̄равам, остăвам, забавам* : *ке п̄раим* Куч, *што да п̄раим* Љ, *напр'аило, п̄рајо, напраив* (Елезовиќ, 1933 : 220), *се напр'аиле кумови* Цр, *напр'аḭле* Бр, *ке напр'аиў све, допр'аимо* Ч, *шо ке п̄рајмо, п̄раене су* К, *г̄и остăише, г̄-ост̄'аиле* Цр, *т̄аму г̄и ост̄'аиле* Ч, *г̄и остăј т̄ука, остăј г̄а камењот̄* Вол, *се ст̄аиле, ке се забаим* Бул, *се забаи* Бањ, потоа: *наст̄'аено* Бањ, *ст̄аено* Љ, *ост̄'аено* М, *у Куч'еиста* Љ, *сам'оиле, само'илата* Гл, *чоечк'о месо* Бањ, *боз'оḭна, т̄руд'оḭна* Љ, во имињата на местата: *Кузо'а Њива, Шабано Лив'адиче* К, *Вуко'а Глава, Џајко'а Руп̄а* Гл, *Шиљкоа Л̄ивада, Марко'а Кула* Љ. Почесто се употребува со загубено *в* прилогот *навамо* и тоа на целата територија: *наамо*

Бул, Љ, *овде наамо* Ст, а во брзото говорење *в* се губи и во изразот *ода амо* Љ, Поб (*одај овамо*). Во Кучково, Орман и Волково, кои претрпеле поголемо влијание од блатскиот говор (каде што интервокалното *в* се загубило) бројот на примерите со загубено *в* е знатно поголем. Сп. *уд'оі̯ца, сур'оі̯ца, сек'аі̯ца, ка-п̄'аі̯ца, п̄ол'оі̯на, уб'аі̯на, смрек'оі̯на – смрек'оња, п̄ол'оња, чоек, г̄'оедо, п̄'оесмо, дејче, зим'оишт̄е, сум с'ăнуал, вишњ'оача ракија* Куч, *јаз'оі̯т̄е, г̄'оедо, Гр̥г̄ур-ч'ејца* Вол.

Во согласничките групи обично се губи *в* пред сонантот *л*; на пример: *л'адика* Поб, *л'адике* Љ, *лакно* К (Томић, 1905 : 493), *лас* Ч, *Ладе, на Л'адет̄а Вој'ово-г̄а* Бањ, *лачка* К, Гл, *лачку, ке лачу, лачење* Бр, *да се лачи, п̄'олачи, ке г̄у л'а-чимо* Ч, *лачиш, г̄и 'излачил, лачи вуну, лач'арница* Бањ, *цр̥љив* (место: *владика, влакно, власт̄, Владе, влачи, цр̥вљив;* во Црешево, Булачани и Стајковци групата *вл* се пази), но *Вла – Власи.* – Освен тоа *в* редовно се губи во групата *-ст̄во* : *друст̄о* Цр, *'убист̄о* Љ, *срест̄о* Поб, *царст̄о* (Елезовић, 1933 : 219), поретко и во *-вски* : *Ст̄'ојкоски, Ст̄'ајкоски Пут̄* Цр, *црешеско* покрај *црешев-ско* Ч, Р, и во примерот *мр̥ка* Ч, Бањ (*мр̥вка*). Во изразот *жив-ми, жив-т̄и* или се слуша слабо *в* : *жи*^{в} *т̄и очи* Ч, или пак тоа се губи наполно: *жи ми очи, жи ми њег̄а* Бр.

Покрај етимолошкото во овој говор во бројни примери има ново по потекло *в*. Најчесто тоа се јавува како хијатски глас, и тоа обично во оние случаи каде што се загубило *х*. Сп. *рават̄* Цр, Љ, Поб, *да се рав'ат̄ишу* М, *снава* Ст, М, Љ, Куч, Бањ, Ч, *снаву* Поб, *м'авала* Љ, Ч, *мавало* (Петровић, 1907 : 481), *м'авал-це, сават̄* Поб, Куч, *дај ми г̄а сават̄ат̄* Бањ, *јава* Ч, *саван* Ч; *сова* Куч, Љ, *чова* М, *н'авог̄́а* Гл, Р, *г̄равор* Љ, *т̄иво, див'анија, кива* Куч, *г̄луво,* с. *Глуво, г̄лу*^{в}*а не-деља* Гл, Куч, *чет̄ири кожува* Куч, *јува* Љ, *сăс јуву* Гл, *мува* М, Љ, *бува* Бањ, М, *дува, руво, суво* Бр; *ст̄рева* М, *ст̄р'евиче, ст̄рев'ет̄ина* М, *м'аќева – м'аќеве* М, Љ; *лева – леве* Љ, *уво* Љ, Бр, *п̄р'овог̄́а* Ч, име на месност *Гровот̄* Љ (< *Грохот̄*); 3 л. мн. аорист – имперфект: *д'ојдова, исп̄'екова, с'едева, от̄'идова, избр'ишава, раб'от̄ава* Куч, *бева, зб'орева* Р и др. Вакво е по потекло *в* и во: *смо п̄овале* Гл, *'исп̄овал, 'исп̄ова, исп̄'овале, п̄'ован і̯е т̄ăј мног̄'оп̄ут̄и, п̄ов'ачица* М, *си ст̄овал, ст̄овале* Гл, – *п̄авук* М, *кав'урско, кав'ури* Цр, *од Арна'ут̄и* Бул, – *чива је* Љ. – Меѓутоа, во почетокот на зборот *в* не се развило, сп. *изба* Бр, *ујко, ујна.* Селото *Визбег̄ово* црногорците го викаат *Избег̄ово,* а за *вут̄а* (во Блатијата) се вели *'ут̄ајка* Ч, Гл.

В овде наоѓаме и место *ф*, било од какво да е потекло. Тоа го констатира и Томиќ: "Такође слабо употребљавају и глас *ф* или скоро никако" (Томић, 1905 : 498) и ги приведува примерите: *оди у вурну, каве, вранг̄а.* Сп. уште: *вес* Куч, *весови* Бањ, *вез* К, *винцал* Ч, Цр, Куч, *винцан* Љ, *вира* Куч, *вурна* Љ, Бр, место *Вурна* Ст, *ванела, венер* Љ, *вăст̄ан* Куч, *вучи* М, Љ, (фучи), *Завир, вр̥чи* Р, *Трен-д'авил* Бул, Р, *т̄еливон* Бул : *се вр̥љи* Љ, *в'р̥љимо оружје све, вр̥љам* Поб, *г̄а п̄'овали* Куч, *в'ат̄имо* Гл, *в'ат̄ише* Љ, *ваќа, ув'ат̄и г̄а, зават̄'ило* Цр. Примери со *ф* се среќаваат само спорадично. Ги забележив: *фењер, фафрика* Куч, *фре-фер'ица* Цр, *ф'учија* Гл (бочва), *фронт̄, на фурну* Љ.

За *в*, односно *ў* од *у* види примери во делот за вокалите.

ј. – Изговорот на *ј* зависи пред сè од положбата негова во зборот. Пред вокалите од преден ред, како и во најголем број од другите наши говори, се слуша

или сосем слабо *ј*, или пак тоа наполно се губи, и така е најчесто, особено на апсолутниот почеток. сп. *ʲедан* Куч, *ʲесен* М, *ʲес'енäска* М, *ʲеде* ЉБ, *ʲедев* Цр, *ʲедар* Куч, *ʲечмен* Куч, Цр, *'ʲетрве смо* Ч, *сеʲе* Бр, *син ми се школуʲе* ЉБ – и *'етрва* Гл, *ечмен* ЉБ, *ечи долат*, *'Ечмишта*, *'езици* Куч, *еданат* Бул, *едан* Цр, ЉБ, *есен, есењи* (Томић, 1905 : 495), *'едачка и тијачка* М, *ке те ем* ЉБ, *'едење* Гл, *от сестру ми е* Бул, *на њума е дадо* Ч, *потр'ажуе, разм'ешуе, к'упуе* Бањ, *с'ееше* Бул, *с'еемо* Цр.

Подобро се пази *ј* пред другите вокали, особено во групите *-иа-, -оа-, -аа-*, или кога се наоѓа пред *у* во 1 л. едн. на сегашното време. Во последниов случај тоа донекаде заедно со вокалот *у* се чувствува како наставка. Сп. *бијач* Цр, *змија, Илија* Бањ, *моја, твоја* О, *зајак* Ст, *појас* ЉБ, *стојал – стоʲале* Цр, *да се 'измију* Бр, *шију, сеју, ке постоју оште малко* М, *купују, све чују и виду* Поб. На апсолутниот почеток пред *а, о, у ј* се пази редовно. Пред *у* во оваа позиција има и случаи каде што се јавило ново *ј*. Сп. *јаг̃не, јавор, Јордан, јунац, јуже, ј'ужица, јутак, јутар* Куч, *јуч'ера* ЉБ, *јуч'ер* Бул, *јужјак* ЉБ (лазач сличен на змија), *још* ЉБ, *јоште* Гл, *јопе* ЉБ, Ч, покрај *оште* Цр, Бул. На апсолутниот крај тоа се губи во именката *лиша* ЉБ, К (*лишај*) и во заповедната форма *ода* (*одај*) во изразот *ода-амо* ЉБ, и тоа при брзото говорење.

За случаите каде што се добило *ј* од *и* види во делот за вокалите.

х. – Фонемата *х* црногорскиот говор, како и голем број други наши говори, не ја познава. Во литературните зборови овој глас, до колку не може да се испушти, обично се предава со *к,* на пример: *крана* ЉБ, *крам* Гл, *крамот св. Илија* Ст, како и во туѓиот збор *к'олера* Куч, *кољ'ара* Цр. Овде нема ни издишно *х* кое се среќава во некои позиции во кумановскиот и врањскиот говор (Белић, 1905 : 207). Согласката *х* не ја познаваат и другите скопски говори, но меѓу нив и црногорскиот постои несогласување во поглед на резултатите од губењето нејзино. Во последниов *х* се губи без трага готово во сите позиции. Сп. на апсолутниот почеток *што улиш на бог̃а* Куч, *ули на бог̃а* О, *ладно*, и др; на крајот на зборот: *Вла* ЉБ, *вр* Р, *преко вр* Куч, *на вр лебот* Бул, *г̃ра* К, Ч, ЉБ, *г̃ре* Цр, М, *кожу* ЉБ, Гл, Цр, *ме* М, и топоним *Ме* во Гор, *одма* ЉБ, *очу* М, Бр, *перду* Цр, *стра* О, *г̃и стра* ЉБ, *от стра* Цр, *с'ирома* Поб, *трбу, упла* Ст, 1 л. аорист: *'отидо* Бул, *'остана* Цр, *дојдо* ЉБ, Р. Во Кучково под влијание на дервенските и блатските села во оваа форма на крајот се јавува *в* : *реков, г̃а клоцнав, пресеков.* Овде спорадично и во други форми може да се чуе на крајот *в* место *х* : *орав, г̃лув, сув.* Во последниве два примера *в* можело да се јави и спрема формите за женски и среден род (*г̃лува, -о , сува, -о*).

Х се губи исто така и во средината на зборот било да се наоѓа во меѓувокална позиција, било пред согласка. На пример: *меур, м'еана, маану има* Куч, *от с'абаʲле* ЉБ, *свако саб'а:ʲле* Ч, *Глу'а Бразда* Поб, *Дуовдан* Куч, *ма'овина, пр'оодиш* ЉБ, *раат* Цр, *Ћаовац* М, *г̃раор* О, *прут* Вол, 3 л. мн. аорист-имперфект: *арниш'аа, продад'оа, завр'оа; – јанал коња* ЉБ, *јанеш* Поб, *буна вукат* Куч, *дуна, чере* Гл, *мелем, њино ʲе, исан'ало буретo* ЉБ, или во аористот: *каж'амо* Бул, *најд'омо* Цр, *от'идомо, д'ојдомо, 'узомо* ЉБ. Примери како *отпуст'ијмо, отступијмо,* или *отид'о:мо, улег̃'о:мо* – со *ј* или удолжување на вокалот – какви што приведува Угринова (1951 : 16-17) од поисточните села, немам забележени. Во поголем број примери по загубата на *х* меѓу вокалите се развиле хијатски гласови, и тоа најчесто *в* : *лева, саван, првут* ЉБ, *г̃реᵉота* М, *див'анија* Куч (ако

во последниов пример *в* не се јавило спрема придавката *див, -а, -о),* и др.; *дијанија* Љ, Цр, *реі̯а* Куч, *сӣреі̯а* Куч, О. Покрај *Мијајле* може да се сретне *Микајло* Куч, спрема лит. *Михајло.* Со *к* место *х* во оваа позиција имаме уште еден пример – *ӣ'азука* Куч, М (Петровић, 1907 : 379), *ӣ'азуке* Љ, познат и во другите северни говори.

Во Кучково можат да се сретнат повеќе примери со *в* за *х* и во позицијата пред согласка: *мавӣам, кревко, ӣ'ивӣија* (сп. *ӣивӣија* и во Глуво и Љубанци), *кивна, здивна, ӣа*^{в}*ӣа с крила,* или: *р'еко*^{в}*мо, р'еко*^{в}*ӣе, раб'оӣа*^{в}*мо, бе*^{в}*мо, му д'адо*^{в}*мо* – како во говорот на Блатијата и на Каршијак.

Формата *вејӣи, вејӣо аљишӣе* Љ : *веӣво* Куч можела да биде внесена и од кумановскиот говор.

За групата *хв* на целата оваа област има *в,* сосем ретко *ф* : *ваќам* Љ, *'уваӣи* О, Поб, *ваӣ'иле, заваӣ'ило* Цр, *ке ве ваӣи* Р, Вол, *ваӣим* Куч, *да ӣ'оваӣу* Бр, *вр̥ља* Р, *ӣрев'р̥ља* Цр, *вр̥лиш* Куч, *се вали млоӣо* Љ, *му се ӣ'овали* Куч. Овде е само прашање како се добило *в* : дали *х* просто отпаднало и останало *в,* или пак целата група *хв* прво се изменила во *ф,* како во другите наши говори, па после од *ф* се добило *в*, како, на пример, во: *венер, вес, вурна* и сл. Вториов начин ми се чини поверојатен, до толку повеќе што спорадично можат уште да се сретнат примери со *ф.*

л, љ. – Овој говор дава доста интересен материјал и во врска со гласот *л.* Покрај тврдото и полумекото *л,* овде имаме и палатално *љ.* Тврдото *л* на целата територија и во сите позиции има нормално образување. Нешто со поактивно учество на усните тоа се изговара во прилозите од типот *малку, колку*, и тоа само во југоисточните села. И ограниченоста на примерите и територијалната распространетост на случаите со оваа варијанта зборуваат дека таа се јавила под влијание на оние говори со кои граничи црногорскиот на исток.

Интересно е да се одбележи дека често може да се чуе тврдо *л* и пред согласката *ј,* но само во случаи кога таа влегува во состав на некоја наставка. Сп. *колја* Бул, *колјеӣе, белјон* Цр, *најмалјаӣ* Гл, *најмалј'аӣ син* Бањ.

Старото меко **l'* се пази во сите позиции, но не со еднаква вредност на целата територија. Во правите црногорски села тоа се изговара сосем меко, како во српскиот јазик *(љ),* а во граничните со блатскиот говор, на целиот појас од Кучково до Страчинци, имаме полумеко, средно *л'*, како во полошките говори. Во последниве не се сосема непознати и примери со *љ,* само се тие знатно поретки од случаите со *л'*.

Сп. *Љ'убица* Бањ, *Љ'убоӣен* К, Рад, *Љ'убанце, љусӣа, Љубе* Ч, *људи* Цр, *кљука* Љ, *ӣљука* Бул, *кључ, насељ'уеў* Љ, *деља, д'ељачи* Гл, *вр̥љаш* Бр, *да смељу, кољам* Цр, *закољи ӣа* М, *д'ељанка* К, *ӣоље* Гор, *кукољ* Љ, *ӣриј'аӣељ* Цр, *н'евоља* М, *н'едеља* Бр, *к'удеља* Поб, *к'удељке* Ч, *куд'ељица, к'ошуља / кош'уља, д'р̥жаља / др̥ж'аља* Љ, *ш'уӣељка* К, Цр, *д'оиљка, с'овељка, бр̥љив, шуӣљив* Бањ, и др.

– *л'уди* Куч, *зак'ол'ам* Цр, Вол, *да с'ӑмел'ам брашно* Куч, *мел'аў, л'уӣ, л'уӣешка* Куч, *ӣр'ијаӣел'* О, *ӣ'осӣел'а* Ор, *к'ошул'а* Куч, Вол, *н'едел'а* О, Р, Бул, *м'ешал'ка, невесӣ'ул'каӣа, мол'ац* Куч, *ӣол'е* О, *д'р̥жал'а, ӣредел'* Вол.

Што се однесува до овој глас во позицијата пред предните вокали за правите црногорски села нема особено што да одбележиме. Спорадично пред *е* може да се чуе нешто малку потврдо *л,* но тоа повеќе се јавува како индивидуална цр-

та и како таква за нас нема важност. Поинтересен случај во врска со изговорот на *л* во *ли* и *ле* имаме во селото Кучково. Таму тоа се смекнува, се изговара како среден глас меѓу полумекото *л'* и палаталното *љ*.

н, њ. – Во врска со првиов глас треба само да одбележиме дека пред меконепчените *к* и *г̄* тој се изговара знатно поназад на мекото непце од литературното *н* во истава позиција. Така имаме *Ст̄ąŋко, Аŋка, Меŋка, врąŋг̄а* Поб. Во извесен број случаи место *н* има *њ,* добиено по фонетски пат или по аналогија. Но за тоа ќе зборуваме подолу.

Старото меко **n'* се пази доследно во сите позиции. Сп. *њива* Ч, Бр, Куч, *њија, со њија* Куч, *њег̄а* Ст, *њим, п̄о њима* Љ, М, *њума* Бул, *њојзе* Куч, *њег̄ов* Гл, Ч, *њојан* Бр, *њојзин* Куч, *књиг̄а* К, *вишња* Бр, *црешња* Гл, М, *ношња* Цр, *коњ, ог̄ањ* и др. Стара е и промената на групата *г̄н* во *г̄њ* : *јаг̄ње, г̄њије* Гор, спрема нив после и *г̄њездо* К. Во појужните села наспоредно се употребуваат и форми со тврдо *н* : *книг̄а* Куч, Ор, *нива, нег̄а, нино* О, редовно: *г̄нездо* Цр, *г̄нида* Бр, *јаг̄не* Куч, О, *ог̄нило* О, Куч.

Освен тоа во црногорскиот говор има голем број случаи со ново *њ* < *нј* по новото јотување, *њ* < *ј* во групата *мњ* и *њ* < *н.*

s. – Овој глас се јавува во истите позиции и примери како во централните говори:

во група со сонантите: *sвезда* Љ, *sвоно, sвони, sвер* М, *sвиска* Поб, *sв'изарка* Гл, *sвр̥кна слунце* Љ *(болцна,* во некои црногорски села *буцна), манsур, јанsа, се г̄анsа* М, *sенsа* Гл, *ке наsр̥њу* Бањ, М, *с-оsр̥нал* Ч, *Панs'ирково* Куч;

пред вокал на апсолутниот почеток: *sебе* Куч, *sебеў* Љ, *sид̣* Гл, *sит̄*, покрај *зит̄* Бул, *sидар* Љ, *sирна, п̄роsирујe* Љ, *наs'ирале* Ч, *sенs'ог̄уске* Бр (вид птица). – Со асимилација се добило во: *се оs'овуе* Љ (< *одзовуе*), *'оsаде* Куч (< *одзаде*), после и во *наsат̄* Бул, Цр, *оsạт̄* Љ, *оs'ăда* Ч, *sадњ'иăт̄ кук* Љ, *sаг̄́ан кук* Љ. Во брзиот говор може да се чуе: *од-s'емњу г̄и п̄равимо* Љ : *земња.*

Ост̄ат̄оци од ст̄арот̄о јот̄ување, ново јот̄ување
и најнови смекнувања на сог̄ласкит̄е

Од досегашното излагање видовме само за замената на прасловенските групи **tj, *dj, *nj* и **lj.* Овде ќе ги разгледаме резултатите од другите гласови што можеле во прасловенскиот да се јотуваат.

Групите **sk* и **zg + j* дале *шт̄, жд.* Во Раштак забележив неколку примери со *ш'т̄'* : *ог̄н'иш'т̄'е, коноп̄'иш'т̄'е, сел'иш'т̄'а.* Но тие повеќе се јавуваат како индивидуална црта, инаку основен рефлекс и тука е *шт̄.*

Ист резултат имаме и за групите **stj, *zdj.* Исклучок претставуваат само неколку изведени глаголи со наставката *-ја,* одн. *-јава,* како на пример: *г̄ошќ'еваше, кр̥шќ'еваше* М, *нам'ешќамо* М, Поб, *намешќ'ашеў* К, *се п̄рич'ешќамо* Гл, *п̄ошќев'ашеў* М – во кои место *шт̄* има *шќ.* Но овде не може да се мисли за фонетска измена на групата *шт̄* во *шќ.* Гласот *ќ* е добиен по аналогија, и тоа најверојатно спрема 1 л. едн. од глаголите *г̄ошќу, кр̥шќу, намешќу, п̄ричешќу, п̄ошќу.* Ќе видиме и од понатамошното излагање дека во нашиов говор *т̄* често се заменува со *ќ,* особено во формите каде што постои жива свест за односот меѓу *т̄* и *ќ.*

Добро се пази во овој говор измената на консонантските групи *лј, нј, зј* и *сј* во *љ, њ, ж* и *ш* во 1 лице на сегашното време. Само што овој процес до голема мера се механизирал. Така денеска во споменатава форма секое *л, н, з* и *с* преоѓа во *љ, њ, ж* и *ш,* значи, и во оние случаи каде што фонетски не е оправдано. Сп. *се буњу – буниш* Бањ, *брању, 'одбрању* М, *ке се жењу* М, *да 'ожењу сина* Гл, *кању, мењу* Љ, *н'ишању, да нан'ишању* М, *н'апуњу* Ч, *п'осињу* К, *'иситњу, да се пр'омењу* Љ, покрај нив и: *бăцњу – бăцнеш* М, *кăт ке з'амињу* Љ, *з'агињу* М, *дај да грижњу јабукуну, јању* К, *легњу* Бањ, *мр̥дњу* Љ, М, *отњу* Љ, *да се прокњу* Гор, *ке падњу* М, *плешњу* Ч, *п'омогњу* Бр, *падњу, да п'орашњу, ке слегњу, сăпњу* М, *седњу* Бањ, *стегњу, смр̥жњу, стању, к'е га пр'есретњу* Гл, *трешњу, 'угашњу, 'уздăњу, ужњу, цуњу* Ч, и редовно така; или спрема: *обешу – обесиш* Бањ, *спашу* М, *ношу – гажу* М, *се пажу, да з'апажу* Гор, имаме: *'унешу, ке д'онешу – донесеш, трешу, пашу* М – *вежу, вр̥жу – вр̥зеш, 'измужу, п'омужу* М; *бељу, 'обељу, р'азбољу* Гл.

Во оваа форма и *т, д* се изменуваат во *ќ, ѓ*. На пример: *враќу – вратиш* М, *ке се п'овраќу* Ч, *гошќу, кр̥шќу* М, *муќу воду* Ч, *памќу* Бањ, *прошќу* Бр, *да се сеќу на тебе, ке ти плаќу, свр̥ќу, – меќу* : *метеш, плеќу, пр'есреќу, смеќу* М; *– виѓу* Ч, *ваѓу, д'осаѓу* М, *з'аграѓу* Поб, *ке ти роѓу сина* Ч, *да сеѓу* Љ, М, *се чуѓу* Бањ, *– да биѓу* Љ, *'испреѓу* М, *д'овеѓу* Бањ, *иѓу* Љ, *о'двеѓу, да се н'аеѓу* Поб, *'украѓу* М, *н'авеѓу* Бањ, *обиѓу, преѓу, доѓу* : *дојде, преѓу* : *прејдеш, наѓу, проѓу* К.

Во правите црногорски села се пази назалниот палатал *њ* и во глаголската придавка: *бр'ањето* Гл, *жењет* Љ, *ожењет, кањет* Љ, Гл, *они су к'ањети* Ч, *забр'ањето* Ч, *н'апуњет* Љ, *поп'уњето* Ч, *нед'ењена слама* Гл, *п'осињен* Ч, *н'арањет* Поб, *пр'омењет* Љ, Гл, *рањен* Ч, *рањет* Гл, *р'азмењет, цењет, смењет* Ч : *женет, поканет* во Цр, Бул, Рад, Р.

За групите *лабијал + ј* види подолу.

Дали во црногорскиот дошло до јотување на групата *јд > дј > ѓ* кај изведените глаголи од **iti* или не, само врз денешниов материјал не може да се суди, зашто наспоредно се употребуваат и форми со *ѓ* и нејотувани; сп. *дојде, прејдеш* М, *најдеў* К, *најдеш* (Петровић, 1907 : 468), *ја дојдо* Љ : *сакаш да наѓеш* Љ, *у карту наѓоше* Поб, *наѓоше* Љ. Во последниве форми *ѓ* можело да се пренесе и од 1 лице.

Новото јотување, кое стои во врска со поместувањето на границата на слогот, се извршило главно во оној опсег што го наоѓаме во другите наши говори. За групата *т + ј* и *д + ј,* имаме *ќ,* кое пред *е* може да се чуе и како *к'* или *к,* и *ѓ*. Сп.: *цвеќе* Љ, Поб, *цвеке* Бр, *треќа рука* Бул, *треќата недеља* Љ, *браќа* М, *браќу* Ч, Бањ, *пруќе* М, Ч; *пиќе* се употребува доста ретко, место него во употреба е *пијалак; – л'уѓе* Цр, покрај *л'уди* (во посеверните села се употребува само *људи*), *Огр'аќите* Ст, Вол. Збирната множина кај именките од женски род, како *ливаѓе, враќе, ограѓе* во централните говори, овде е заменета со обичната: *ливаде, ограде* и сл. – Групата *н + ј* дала *њ* : *тр̥ња* Бул, *к'амења* Цр, *Бели Камења* Р, *пр̥ст'ења* Бул, *Гумења* М, *кр'емење, грање* Бр, *к'орење, ј'азвиње* Куч, и во наставката *-ње* за образување глаголски именки: *с'ирење, 'ᶦедење* Бањ, *м'учење* М, и др.

Во овој говор се јотува и согласничката група *л + ј > љ* : *коље* Бр, *зеље* Бањ, К, *огр̥ље* Гл (низа пари што се носи околу лице), *в'есеље* К. Покрај *зеље* во по-

јужните села се употребува и формата *зеле* Куч, Бул – со полумеко *л'*, како и во примерите: *иле, ил'еција* Куч, Бул, *тиле* Бул, Вол. Интересно е дека во сите црногорски села групата *лј* се избегнува. Така во оние случаи каде што во литературниот јазик има *лј,* како *Велјан, пољак* и сл., овде имаме или меко *љ* : *Вељан, сељак* Ч, М, *пољак* ЉБ, *иљада* К, или пак полумеко: *Вел'ан* Куч, *Вел'ан'ов Забел* Куч, *ил'ада* О, *пол'ак, сел'ак* Цр, Ст, Бул. Последниве примери го потврдуваат фактот дека јотувањето се извршило и во односнава група. По овој начин добиеното *љ* после, кога почнал процесот на затврднувањето на старото **l',* дало полумеко *л'*.

Лабијал + j. – Во групата *усна согласка + j* обични форми денеска во црногорскиот се: *дубје* К, *гробје* М, *гробјете* К, *здравје* М, Куч, *дивја крушка* К, *дивје, дивјач* Куч, *цревје* Цр, *крепје* Бањ, *снопје* Гл, Бањ, Ч, *Скопје* О, Куч. Со *љ* забележив само неколку примера: *Скопље* М, *у Скопље* К, *к-иґу у Скопље* Ч, *скопљани* Гл, *врбљак* Гл, *мрвљ'аник* Цр, *мр'ављаник* ЉБ. Но тие се сигурно примени од српскиот јазик, било преку литературниот, било од граничните говори.

Епентетско *љ* добиено по старото јотување имаме во: *сабља* Ч, Бул, ЉБ, *сабл'а* Куч, *конопље* Бањ, М, Гл, *кон'опљиште* Ч, *кон'опљарче* М, *грмљава* ЉБ, потоа во итеративните глаголи од типот *јавља,* '*управља* Гл, *јавл'а,* '*оставл'а* Куч. Сите овие примери познати им се и на другите северни говори, а *сабл'а* и во некои источни (кочанскиот, малешевските и др.).

Во овој говор има уште два вида понови смекнувања на согласките. Сонантното *л* пред *и* и *е,* видовме, во некои села се смекнува во среден глас меѓу *л* и *љ*. Во истава позиција – пред предните вокали – се палатализираат до извесна степен и заднонепчените *к, г* > *к', г'*. Само степенот на палаталноста не е еднаков на целата територија. Во појужните села палаталноста е нешто појачана: *вашк'е, так'е, смрек'е, см'рдлик'е* Куч, *биљк'и, алк'и, подн'ошк'и* Бул, *сек'ира* Вол, Ст, *бањк'и, битк'и* Цр, *јак'и, јак'ите* (Ивановъ, 1909 : 68), *р'ак'ија* Вол, Цр, *тик'и* Цр, О, *ј'абук'и* О, *свак'и дан* Куч, *ног'и* О, *донесете г'и* Бул, Цр, Р. Меѓутоа, во северниот дел, во правата Црногорија, смекнувањето е минимално, а многу често и не се забележува, сп. *кисело, китка* ЉБ, *сваки* М, *реске* К. Ова укажува дека процесот на смекнувањето на односните гласови е во тек, а импулсот иде од југ.

Смекнувањето до извесна степен се забележува и кај согласките *т* и *д* пред *њ,* но тоа не е општа појава во овој говор. Сп. *отид'њу* Ч, *сед'њу* ЉБ, *ке га срет'њу, да се прот'њу, ке пад'њу* М, *от'њу* ЉБ, но *мрдњу*.

Готово на целата Црногорија во бројни примери се среќаваат меки гласови *љ, њ, ќ, ѓ,* кои не можат фонетски да се објаснат. Така имаме, на пример, *њ* место *н* во: *трњ, камењ* Куч, О, *камењот* Вол, *Шупли Камењ* Р, *прстењ* Р, Вол, *корењ, кремењ, ремењ* Куч, *пламењ* Вол, О, *остењ* Куч, *остењов* Ор, *черењ, ражењ, гребењ,* Куч, *коштањ* М, Бр, *чекањ, нишањ* Љ, *кочањ,* мн. *кочњови* Ч, *лештањ* Бул (лешник), *таруњ* Куч, Вол, О, *дрмоњ* Куч, Вол, О, Р, покрај: *прстен* Гл, М, Бањ, *кремен* ЉБ, М, *камен, пламен, гребен, корен* М, Бл. Во сите овие случаи *њ* е внесено од множинските форми. Дека е ова точно, покажуваат примерите од типот *елен, есен, леѓен, герен* Куч. Тие множина образуваат со

наставката *-и (елени),* што значи во множината не можело да се јави *њ,* па следствено го нема ни во еднината. Во горниве примери заправо немаме механичко пренесување на *њ* од множинската форма во еднина, туку карактеристичниот за множината дел со *њ* се сфатил како основа. На пример покажано: збирната множина *тр̥ње – тр̥ња* се сфатила како обична, откаде *е,* одн. *а* како наставка, а *тр̥њ* како основна, еднинска форма. Извесна опора за ова можеле да укажат и именките на *њ* како *коњ, оѓањ, сењ.*

По ваков начин добиено е *њ* и во примерите: *ѓрањка* К, *ѓрањче* Љ (: *ѓрање*), *сењка* Гл. (Петровић, 1907 : 438) (: *сењу*), во изведените глаголи со наставката *-уе-* : *л'еѓњуе, ст'ањуе, с'едњуе, сп'адњуе* Гл, *пр'епњују, пр'отњују* М, *отидњ'уемо, ке замињ'уемо* Љ, *ост'ањуе* К, и понатаму после во глаголскиот прилог: *мињ'уеки, стањ'уеки* Љ; натаму, во *мошњо* М, Бањ, *страшњо* Бр, *'узбрдњо* Бањ, *'уѓорњо* Љ, *силњи кучики* Љ, *некња* Цр, *лањску ѓодину* Бр, *пр̥вњиот* Цр, спрема слични образувања (сп. *ѓорњи, дољњи, средњо, н'апрежњи* и др.). Спрема *пр̥вњо – пр̥вњиот њ* се јавило и во *едњиот* Ст. Секако по аналогија на слични форми дошло *њ* м. *н* и во *к'оњшија* Љ, Бањ, Бул, *ѓус'ењица, брашњо* Ч, Гл, *тиѓ'ањице* Поб, *сињор* Цр, покрај *синор, да одњешу* Бр.

Со аналогија единствено може да се објасни и добивањето на *љ* место *л* во: *дељба* М (: *дељу*), *Паљ'евине* М (: *запаљу*), *жаљба* Поб (: *жаљу*), *жаљ* Гл, *сољ'арница* Љ (: *сољу*), *т'р̥љица* Љ (: *тр̥ља*), а веројатно такво е и во *шкоља* Бул, Цр, *м'ушмуље, Пљош* Бр, *кољ'ара* Цр, *дет'ељина* Гл, или *пот'еѓљачка* Бањ, *одљ'училе* Куч. Веќе во *дољњи* К, Гл, М, *љ* можело да се јави и фонетски – пред *њ.* Исто така и *ќ, ѓ* место *т, д* во: *преќал* Бањ (: *запреќу*), *паѓ'авица* Поб (: *паѓа*), *страѓа* Цр, *см'р̥ѓава* М, *леќан* (*св. Никола леќан*) Гл, *ѕаѓан кук* М, *среѓан* Ч, *довеѓ'уење* Гл, *превеѓ'уење* Бр (: *довеѓу, превеѓу*).

Асимилација, дисимилација, метатеза и други измени на согласките

Најчесто измени стануваат во согласнички групи каде што има носна или забновенечна согласка.

Согласките *в* и *ј* во соседство со назалите *н, њ* преоѓаат во *м* : *одӑмна* Поб, *'одамна* Куч, *од'омна* Цр, *дӑмна* Бањ, *рамно,* после и *рамạн* М, *Р'амниште* Бул, *ѓомно* М, *сӑмнало* Гл, *племња* Гл, Куч, *у племњу* Бр, *ѓламња* Љуб, Куч, *ѓл'амњица* Куч, *ламња* Гл, *Дамњан* М, Гл, *сл'амњача* Гл, *тӑмњан, земња* Куч, Вол, К, *земњан суд̣* Гор, *земњ'ена кален'ица* Цр. Согласката *б,* меѓутоа, во оваа позиција останува неизменета: *дебне* Љ, К, *ѕебне* М.

Денталите *с* и *з* пред палаталните *њ, љ, ќ* се изменуваат во *ш, ж,* и таа е општа појава во овој говор. Сп. *'уѓашњу* : *'уѓаснеш, трешњу, плешњу, рашњу* Љ, М, *да п'орашњу* К, М, *сӑш њеѓа* Ч, *сӑш њума*Гл, Ч, *сӑш њима, рушњак* Бањ, *пр'ичешња* Гл, *сӑш људи* Гл, *иде сӑш Љ'убицу* Ч, *м'иришљив* Љ, *Бр'ешљике* К, *Брешљ'уѓе* Бул, – *да му прошќу* : *простиш, пошќу, ѓошќу, кр̥шќу* М, *пушќу, – да ужњу* Ч, К, *ал-да ужњу* М, *мажњу, да 'испражњу, ке смр̥жњу, ѓрижњу* М, *пр'икажња* (Ивановъ, 1909 : 67), *прож њиву* Ч, *ниж њеѓову куќу* Бањ, *вр̥ж њеѓа* К, *вр̥ж њима* Бул, *беж Љубу* К, *иж њеѓово је, уж њеѓа* Гл.

Исто така овие два гласа се менуваат и пред африкатот *ч,* само тука обата во *ш* : *кр̥шче* Гл, *клашче* Бањ, М, *брешче* Љ, *лишче, мошче* Љ, *кошче* Бањ, *пр̥шче* Бр, Бањ, *п'ојашче, фешче, вошче* Бањ (воз).

Примери со извршена дисимилација нема многу. Разедначување се врши редовно во групата *мн* на тој начин што вториот назал преминува во *л,* како во долнополошките говори: *млоѓо* Бањ, Гор, *млозина* Цр. Групата *ќњ* дава *тњ,* одн. *т'њ* : *кутња врата* (Томиќ, 1905 : 479), *кăд улеѓал у кутња врата* Гл (Томиќ, 1905 : 489), *за нотњоѓа ајдука* К (Томиќ, 1905 : 479), *к'ут'њаци* Бр, покрај *куќњаци, среќња* М, *ѓаќњик, пом'оќњица* Гл, *воќњак, к'уќњица* М. Во Љубанци забележив *мед'њик,* покрај *меѓњик* во М, Куч. – Забната согласка *д* пред *н* и *л* преоѓа во *ѓ,* како во повеќе наши говори: *ѓното* Љ, *на ѓното* Цр, *ѓно* Ч, *ѓлето* Љ. Разедначување на групите *мн, мњ* во *вн, вњ* не се врши.

Ни примери со извршена метатеза нема многу. Сп. *лојзе* Бр, *лојза* Љ, *Долн'и-Лојза* Куч, *ѓројзе* Куч, Гл, познати на целото северно јазично подрачје, *рила* Ч, Бањ, М, Бр, *риле* Поб (*лира*), *прокај* Ч, Љ, *прекај* Гор, *ѓарван* Бр, топ. *Гарв'ановац* Бр, покрај *ѓавран* Гл, *зăвла* Љ, покрај *зăлва* М, О, Куч.

Друѓи поситни промени. – Лабијалниот назал *м* во неколку случаи во врска со *ш, т, з* преоѓа во *н,* кое после можело да даде *њ,* сп. *к'оншија* М, Цр, *к'оњшија* Љ, *коњшии* Бул, *к'оњшије* Бањ (Томиќ, 1905 : 489), *к'омшија* Куч, *узни* Ч, *ќе 'узнемо* Бањ, *један ајдук узне нош* (Томиќ, 1905 : 489), *да отњемо* Цр, *девојче с-отна некако* К (Томиќ, 1905 : 488), *зап'антил* Бул : *памтим* Куч. Често овие два гласа се мешаат и во други случаи, сп. *мелен – мелем, бутим – бутин* Куч, *Видин* Ст : *у Видим* Цр, *ќумци* Цр : *ќунци* Бр, *Варм'ичиште* Бр (: *варница*), *песма* Гл : *песна* О.

Групата *пс* > *пц* : *п'еција* Љ, *пецич'енцето* Ч, *липца* Љ, *л'ипцано* Цр, *липц'аноѓа вука* Гл, *л'ипцало* Поб, *пцојса, пцуе* Куч. – *т* и *д* на границата со наставката *-ски* се слеваат со *с* во *ц* : *арн'ауцки* Ч, *арн'ауцке капе* Поб, *брацки, Порецк'и-Дол* Куч; *з* > *ж* пред *ѓ* во *жѓлуб* Бр (*зѓлоб*), а *ч* > *ш* во групата со *к* : *шкљ'анови* Р; *хч* > *шч* : *башча* Цр, *Башче* Куч, *бошче* Љ, *ѓрашче* Љ, *к'ожушче* Гл, М, *'орашче* М, *ор'ашчики* Ч, *сир'омашче* М. – Групата *ст* во некои случаи дава *шт,* но има и обратен процес: *шт* > *ст.* На пример: *п'аштрма* Љ, Бањ, се *стрекна* Љ, *М'ачишта* Љ, *Куч'евиста,* река *Куч'евстица, к'очиста* Љ. – Замена на *ј* со *љ* имаме во примерот *разбољ* Ч, М, Љ, *р'азбољи* М, *р'азбољче* Ч : *разбој* во Цр. – Асимилација на согласките во разни слогови имаме во: *ж'ажбина* Ч (последната ракија, *укапци* или *опашина* во централните говори), *чижма* Р, *мржешљив, препер'ица* Цр (*препелица*), *верв'ерица* Бр, М : *врев'ерица* Љ : *фрефер'ица* Цр.

Има и неколку случаи во кои дошло до измена на некои согласки по аналогија на слични форми. Така, на пример, од формите за женски и среден род пренесено е *т* (< *д*) и во машки род во придавката *нисак* Љ, *т* место *д* во *ретак* Љ, *ш* место *ж* во *тешак* Бул, Љ. Согласката *п,* што се добила со обезвучување на *б,* од еднинската форма *јастреп* се пренесла и во множината – *ј'астрепи* Љ, Ч, К; или *к* од *ковчек* се пренесло во избројаната множина: *два к'овчека* Гл : *к'овчези* Бањ, *врз к'овчези килим* Гл. – Има дури и случаи во кои согласката е изменета по аналогија на сосем други форми. По таков начин е добиено *з* место *с* во *моз* Бањ (*мос-т*), *мозови, мозăн* Гл, *вез* Ч, *везăт* Поб (за фес). На сличен начин секако е добиено и *д* место *т* во *памдивек* Цр.

Губење на согласките. – Од согласките, освен *в* и *ј,* за кои се спомена порано, на губење најмногу се подложени денталните *т* и *д.* Редовно тие се губат во групите *-ст, -зд, -жд* на апсолутниот крај, како и во другите наши говори, сп. *болес, гос* Куч, *грубос, младос, лудос, старос, шес* ЛЬ, – *брс, брес, грс, крс, лис, прс, моз* (мост), *гроз, даш,* па дури и: *бресат, бресан* К, *два бреса, бресови* М, *два грса, грсови* Бањ, покрај *грсти* К, *крсат* Гл, *на крсат паре, два крса – крсови* Гор, *два лиса* Бањ, и *два листа, листови* К, *прсат – прсти* К, *мозан, мозови, грозови,* покрај *гроздови, два гроза* и *два грозда* К, Бањ.

На апсолутниот крај *т* често се губи и во броевите: *дван'аесе, трин'аесе, дв'аесе, дватр'иесе куќе* ЛЬ, *сто и шеесе* (Ивановъ, 1909 : 67), *осумдесе, деведесе* Цр, потоа во прилогот *јопе* К, Ч, Бањ (Томић, 1905 : 488), а *д* во: *напре* Ч, Бањ, Бр, *п'онапре* Ч, и во предлогот *пред* : *пре њума* Ч, но и *пред* К, Бр. Други случаи: *шо* Ч, Бањ, Гор, *шо си* (Петровић, 1907 : 447), *да видиш шо ће изникне* (Петровић, 1907 : 379), *мошњо, брце* Цр, *жице* (< *брдце, житце*), *р'адосна, посна, Побужје* (< *Побуждје*). Во Кучково *д* се губи обично и во глаголот *дојде*: *ќе доем јутре, кат к'е доеш*? – Меѓутоа, групите *-стр-, -здр-, -ждр-* се пазат: *бистри* Ч, Бул, *остар,* но и *осарот нош* Цр, *сестра, Стр'ачинци* (поретко може да се чуе и *Трачинци*) Бул, Ст, *'искастри, здраво, Здравчи Камен* ЛЬ, *ждребе* Бањ и др.

Во оваа позиција во некои случаи се јавува секундарно *т,* сп. *стреда* Бул, *Стредња Вода, се здрачи* Куч, покрај *среда, средњи* М, Бањ. Покрај *лисник* во Кучково забележив и форма *листник.*

Редовно се губи *г* пред денталниот назал *н* во глаголот *дигне* и неговите изведенки: *динал, дини се, д'инале* Бањ, *дин'але* Цр, *динеў* Бр. Во правата Црногорија се губи почетното *ч* во *пченица,* сп. *ч'еница* Куч, Ч, ЛЬ, Бањ; така и во Булачани: *чен'ица,* спрема *пчен'ица* во Цр. Сп. и *ченка* Куч, Бул (во другите села се употребува *мумурус,* одн. *мумурис, мумурес.*

Звучните согласки на крајот на зборот. – Општа е појава во нашиот јазик звучните согласки на апсолутниот крај на зборот да се обезвучуваат. Во црногорскиот говор, меѓутоа, не е така. Тие се изговараат како средни гласови меѓу звучните и безвучните. Така имаме: *гроб* К, Гл, *дуб* Гор, Ч, *зуб* М, К, Ч, *поруб* Бањ, *бреж* Бањ, *Луж* Гл, *длаж* Ч, Бањ, *снеж* К, *господ, луд, листопад* Бањ, *прид, sид* Бр, *мед* Ч, *рид* Бањ, *Голем Рид* К, *кромид* Бањ, К, Ч, *по ред* М, *млад* Б, Бр, *блед, род* Гл, *студ, труд* К, *отуд* К, Поб, *пунеж* ЛЬ, *муж* Бр, Гл, *нож* К, *Бориз* К, М, *брз, јаз* Гор, *ориз* Гл, *порез* Гл, Ч. Ваков изговор имаме само во правите црногорски села, додека во Кучково, Орман и сите гранични села јужно од линијата Радишани – Раштак звучните согласки се обезвучуваат.

ЗА ФОРМИТЕ

Именки

Именки од машки род. – Неодушевените именки од машки род, како и во другите говори на нашиот јазик, во еднината имаат две форми – покрај општата и една форма за повикување (кога се употребени во разни метафорични значења). – Кај општите именки што означуваат живо суштество општата форма се разликува од субјектната. Во овој говор таа редовно завршува на *-а,* а така и во другите северни говори. Сп. *Ја сам дошал у м'ојега ч'овека. – Трајко има*

сина уч'еног̄а. – 'Отишал да се цени у н'ек̄ог̄а по̄па. – Ја по̄ коња ке ужњу. – В'икнале по̄па. – Девојчики биле на змаја Ч. *– Видо 'едног̄а ст̄'арог̄а ч'овека* Бањ. *– Кӯпил н'ек̄ог̄а коња сл'абог̄а* Гор. *– Кој може да чува бика нека чува. – П'оклања брава. – 'Отишал цара да г̄а пӣта* М. *– Нашла н'ек̄ог̄а орла што̄ носи ч'овека* Поб. *– Спрема дарове за св'екра. – Ја сам 'имала сина како д'е̄тево. – На к'оња ке г̄у носи* Бр. *– Праќа ч'овека. – К'е жењу сина. – Вола г̄а 'изела мечка . – Иди коња одв'еди г̄а у вод'еницу. – Нешо ќе жени сина. – Јанал коња. – Јани коња и иди. – Од вука е по̄јака* (лисицата) Љ.

Со *-а* се образува општата форма и кај личните и роднинските имиња што завршуваат на согласка, на *-о* и на *-е.* Сп. *От̄'идоше куде Ст̄'ојана* Поб. *– Ут̄'е̄паше В'асиља в'ојводу* К. *– С'ӑбраше г̄а и П'етруша* Гл. *– Ут̄'е̄пале Трајка Рајк'овог̄а. – Викни г̄а Петка Вид'ног̄а* К. – Во Кучково кај последниве општата форма се проширува со *-от̄-,* како во долнополошките говори (Селищев, 1929 : 338). На пример: *Викни г̄а К'р̥ст̄ота (Тр'ајкот̄а, Ст̄'ојкот̄а, М'ицкот̄а, Ѓанкот̄а).*

Имињата на *-е* во општата форма завршуваат на *-ет̄а* на целата територија: *Седни до Сандет̄а* Поб. *– Викни г̄а К'р̥ст̄ета Комнен'овог̄а* М. *– Ал-г̄а позна̄ваш М'ирчет̄а Стојан'овог̄а* Гл. *– За Љ'убета 'от̄иде.* Спрема овие образувана е и формата *д'едет̄а,* покрај пообичната *деда* : *Д'едет̄а сам имала сто̄ и двае̄сет̄ г̄одине живог̄а* Гл.

Именките на *-а-,* како личните така и општите, во општата форма имаат *-у,* како и именките од женски род: *Свет̄и Н'иколу сл'авимо* М. *– на свет̄и Атан'асију* Гл. *– Зат̄в'орише и В'илипа и 'Илију* Гор.

Дативните односи и во црногорскиот говор најчесто се изразуваат со предлогот *на + општата форма* : *Дај му на вола сламу* М. *– Кажи му на Марка ('Илију, Н'иколу, Ѓазета, П'етрета, Д'ушана, М'илана) да донесе вино.* – Но во правите црногорски села паралелно со овие се употребуваат и дативни форми со флексија, и тоа главно кај личните и роднинските имиња. На пример: *Мене ми 'остави њиву а Ст̄'ојану куќу* Гор. *– Кажи му Д'ушану да д'онесе вино* К. *– Дај му Љ'убе̄ту. – Сам продал Тошету* Ч. *– В'икни му Ѓазету (М'илету, П'етрету), да дојде* Бањ. *– Од овде му пра̄ти Д'имету пӣсмо. – Кажи му К'р̥ст̄ету Комнен'овому* К. *– Му се расӣпале кола Сандету Бундар'овому* М. *– Речи му Петку Вид'иному да иде у вод'еницу* К. *– Кажи му Бојку Урум'овому д-иде у Скопље* М. *– Му дале Вељку Трајк'овому ил'инденску п̄'ензију* Поб. *– Му г̄и пр'одале овце за порез Трајку Груј'овому* М. *– Ориз̄ ке му носи ч'ичет̄у* Ч. – Дативни образувања на *-у* можат да се сретнат и кај други именки што означуваат лице, но многу се поретки. Сп. *Што̄ напр'авише т̄'урскому ц'ару* К. *– Арн'аӯти тан'ушевци не пла̄кале ништо̄ цару* Поб. *– К'е донесе вино, к'е даде куму, по̄ ст̄'аре̄јку* Гл. *– Да сӑшију свекру кошуљу* (Томић, 1905 : 408).

На *-у* во дативната форма завршуваат и имињата од типот *Никола.* Сп. *Викни му 'Илију* Гл. *– Ал-му н'аручи Н'иколу* М. *– Му г̄и 'узеле паре̄те Бл'аг̄оју* Поб. *– Му рекле Секулу* Ч.

Доста е обична во овој дел на Црногоријата употребата на дативната форма со посвојно значење. На пример: *Вељка Г'ушету тат̄ка ут̄е̄'ашеў г̄а. – Н'ацету Кир'овскому син Пањко* К. *– Викни г̄а Милану Бојч'овому тат̄ка. – Милану Бојч'овому мајка му. – Милану Зенг̄'овому снава му. – Гу викаў Ст̄'ојану Тош'евому к'ерку му у школу* Поб. *– Га уз'едоше Анг̄'елету Левајк'овому сина*

му. – Керка му Ѓорѓију Јанкул'овому. – Унук му Б'ожину Видој'овому. – Дојде куде нас ујко му П'етрету Бундар'овому. – Отишал у војску унук му Н'иколу Копчар'овому. – Отиде и дедо му Р'истету Којстар'овому Гл. – *Мајка му Мирку Груј'овому.* – Но паралелно со овие се употребуваат и искази со општата форма и предлогот *на* : *Викни га татка му на М'илана Бојч'овога. – Га викаў деда му на Р'истета Којстар'овога. – Керка му на Ѓорѓију Јанкул'овога. – Унук му на Н'иколу Копчар'овога.* итн. Исказите со *на* се многу почести, а кај помладите првиве стануваат веќе необични.

Дативната форма за припадност жива е денеска уште и во некои северни полошки села, а од српските говори ја познава косовско-ресавскиот (Белић, 1960 : 365), а нешто поограничено се среќава и во јужноморавскиот, каде што е донесена, според Белиќа, од југозапад (Белић, 1905 : 336).

Вокативната форма се образува како и во другите наши говори. Сп. *Море, в'ампире* О, *м'ајсторе* Бр, *побр'атиме* М; *Јорд'ане:* Љ, *Вас'иле, Сто'иле, кажи Вит'ане* Цр. Со наставката *-у* вокатив се образува претежно од едносложни именки, и тоа готово редовно од именките што завршуваат на *-ј, -њ, -ч, -к* : *змају* Гл, *коњу* М, *тр̥њу едан* Куч, *пр̥чу* Вол, *смоку, раку* Бр; или од оние кај коишто деминутивната форма се образува со *-е* : *волу, столу* (: дем *воле, столе,* покрај *волче, столче*). Кај другите едносложни именки можат да се сретнат форми и со едната и со другата наставка: *царе – цару, свате – свату* итн. Не се необични ни вокативни форми без наставка, особено кога пред именката стои некој збор за повикување, на пр.: *Ој Милан* Бул, *о Петруш бре* Цр; *дојди, о Стојан* Љ. Именката *господ* и овде има две вокативни форми: *господе,* која е пообична, и *господи,* најчесто во изразот: *господи-прости-ми.*

Во образувањето на множината кај именките од машки род нема некои поголеми отстапувања од централните говори. Множински наставки се: *-ови (-еви), -и, -овци (-евци).* Сп. *бресови* Бањ, *вол'ови* Цр, *вирови* Љ, *греови, грозови, ѕверови* М, *мразови* Бањ, *пр̥чови, сачови* Гл. Со *-еви* множината се образува кај именките што завршуваат на *-ј* : *броі̯еви* Бањ, Бр, *змаі̯еви* Гор, *роі̯еви, соі̯еви* М, потоа од *ноќ* : *ноќеви* Бањ, М. Поретко со оваа наставка множина образуваат и едносложните именки на *-ж, -ш, -ч* : *ножеви* Бањ, М, *грошеви* М, *кошеви* Бањ, *кључеви* К, Бањ, Ч, а од двосложните *шура* : *шуреви* М, О. Но и: *ножови, грошови* Љ, *кључови* Рад. Кај двосложните зборови, на *-ови* завршува множината од *огањ, чешањ, глежањ, кочањ, остан* : *огњови* М, *чешњови, глежњови* Бањ, *кочњови* Бањ, *основи* Куч, покрај *остани, кочањи,* па дури и: *котлови, орлови, петлови, свр̥длови, чешљови* М, покрај *петли, орли, котли, чешњи* (последниве се пообични). – Со *-и* : *петци, чртв'р̥ци* Бул : *петаци, четв'р̥таци* М, *глушци, мозаци* М, *д'иреци, б'елези, к'овчези* М, Бањ; од *човек – човеци* М, Бањ, Ч, и *људи* К, Ч, Бањ; од *ду, кожу, ора* множината гласи: *свети Дуси* Љ, *к'ожувци* Куч, К, М, *'ораси* Бр, Бул; сп. и *гребњи* О : *греб'ењци* Бул, *гр'едељи* Куч, О : *гредљи* Цр, како *свр̥дли, орли; мужи, смоци* М, *раци* Бањ, во народната песна и *дари* : "*Убави ли се дари дарувале*" (Петровић, 1907 : 775), покрај *дарови* во разговорната реч. – Роднинските имиња, како *дедо, татко, тетин, ујко, чичо,* множина образуваат обично со наставката *-овци,* одн. *-евци,* како и фамилните имиња: *д'едовци – д'едевци* Гл, *т'атковци, тет'иновци, 'ујковци, ч'ичовци, ш'уревци,* покрај *ш'уреви,* и *з'етовци* покрај *з'етови* Поб. Кај фамилните имиња покрај множинските образувања на *-овци / -евци,* сп. *Ј'аневци, З'отевци, М'ар-*

ковци и др., се употребуваат и форми на *-ови,* односно *-еви* : *К-иќу куде Мил'анови* Гл, *П'ишеви, М'илица 'отишла у Том'ашеви* Бањ. Именките на *-а* во правата Црногорија множинската форма ја образуваат со наставката *-е* : *ѓол'емџиџе, јаб'анџиџе, биле млоѓо д'елиџе* Куч, *каз'анџиџе* М, *к'омиће* Бањ.

За избројаната множина овие именки имаат посебна форма, која редовно завршува на *-а,* како и во другите северни говори. Сп. *два вола* М, *два ѓреа* Бр, *три ѓроша* Цр, *десеѓ б'ивола* Бр, *биле шес браћа* Бањ, *педесеѓ в'ојника* Поб, *сѓо д'инара* К, *десеѓ коња* М, *четири к'ожува* Куч, *три разб'ојника* К, *два ѓ'уѓана* Љ, и др.

Збирната множина: сп. *дубје, ѓробје* Бр, *к'орење, к'ошћање* М, *к'амење, лисје* Бањ, *сноѓје* М, *ѓрње* Бањ; – *Дубја* Бр, *колја* Цр, *к'амења* Бр, *пруќа* Бањ, *сноѓја* Гор, *ѓрња* М, *куде ѓ'рњаѓа* Цр.

Именки од женски род. – Општите именки на *-а* исто така во еднината имаат три форми. Општата форма во правата Црногорија и во Кучково завршува редовно на *-у,* а така е и на целиот север од нашата територија. Сп. *Шѓо ѓи најр'а:јле шѓеѓу. – Мало да з'алеем душу. – Донеси едну ѓ'еџицију. – вишњ'оачу р'акију. – к'удел'ку црну* Куч. *– Ке узне ѓуслу. – Тури воду у чашу. – Купи ми ш'амију. – К'е цунем руку. – К'е ѓуримо р'оѓожу* Љ. *– Имам ѓамо керку уд'адену* Бр. *– Водаѓа сву земњу ѓу 'однесе. – Ке ѓи даде 'објаву. – Му дале једну вреќу коз'инљаву* Ч. *– Лањску ѓ'одину имаше вода. – у џеѓак сѓрема с'уботу – на вр ѓ'ополу – од дван'аесѓу ѓ'одину – у једну с'уботу саб'а:ле* Куч. *– у дољњу м'а:лу – у нашу џл'анину – оѓ керку ми – Оѓ'идоа на фурну* Љ, *– У цркву ће венчана* Бр. *– Падна на з'емњу. – За чезу ке најдеш* Ч. *– низ некоју џл'анину – Унук ми е оѓ к'ерку. – Рипал од ѓр'еду на ѓр'еду. – Се ѓепаў ѓо ѓл'аву* Бањ. *– оѓ куќу до нас* Поб. – Вака завршуваат и збирните именки: *Имам децу* Ч. *– Мама има ѓри децу* Гор. *– Пеѓ децу сам имала* Бањ. *– Да виќу браќу и снаве* Ч. – За именките од машки род на *-а* види примери погоре.

Во Раштак и Булачани вака се образува општата форма само ако именката не е директно дополнение во реченицата. На пример: *ѓо раб'оѓу, 'около шк'ољу, више б'уку, ишал на воден'ицу, ул'аѓа у в'оду, ѓок'анеѓ за на св'адбу, куде Ч'ешму, на в'оду, у с'обу, на ч'езу, у џл'емњу, ќ-идем у р'еку, оѓ'ишал у в'ојску* Р. Меѓутоа, кога е именката директно дополнение, во општата форма завршува на *-а* : *Имам сестра удов'ица. – Али имаш своја куќа. – Дај ѓу лоѓ'аѓана. – Дини ѓу сек'ирана. – Јани ѓу коб'илаѓа* Бул. *– Прегни ѓу ч'езаѓа. – Дај ѓу јаб'укаѓа. – Гу 'изора њ'иваѓа.* – Интересно е, секако, како дошло до ова диференцирање на формата за директно и индиректно дополнение. Во Црешево и другите гранични села, на запад до Орман, општата форма во сите случаи редовно завршува на *-а* : *бес куќа* О, *к'умаѓа ѓу видо* Ст, *сам праѓ'ила д'евера у џлан'ина* Цр, *ѓод з'емња* Рад. – Личните и роднинските имиња на целата територија имаат *-у* во општата форма: *Душ'анке, иди куде мајку ѓи. – Куди бабу ѓи 'остана* Р. *– Гу видел жену ѓи (сесѓру ѓи, шеѓку ѓи, сѓрину ѓи, бабу ѓи, сваќу ѓи)* Ст. *– оѓ снаву ми* Цр. *– Оѓ сесѓру ми е* Бул. *– Беше у Д'есанку* О. *– куде Роску* Рад. Ор.

За искажување на дативните односи и кај овие именки се употребуваат во правите црногорски села паралелни форми: со предлогот *на + општаѓа форма* и форми со наставката *-е.* На пример:

– *Е лицало теле на Митру Шкр'ичеву* М. – *Кажи е на Анѓу (на Мару, на снаву ми, на Б'ожану)* К. – *Однеси је на Ратку гројзе* Гл.

– *Росе сам пр'одала р'акију* Ч. – *Кажи је Анѓе нека пушти вино* К. – *Е се с'ънило Б'ожане Кончар'овези да иде у м'анастир.* – *Е лицало теле Митре.* – *Е гу иск'инале утајку Цвете Шишк'овези* М. – *Одн'еси је Ратке гројзе.* – *Дади је Ратке од гројзето.* – *Кажи је Наде нека прати нешто.* – *К'е је дам П'ауне.* – *Дај е Вере нека руча* Гл. – *Братучеде је паднало недраго* Гор (Томић, 1905 : 494) – *Некој човек удавил два голуба и ги дал жене му да ги готви за вечеру* К (Томић, 1905 : 487) – *Јанко н'аручил керке му да дојде.* – *Однеси га лебав тетке ти (стринке ти, бабе ти)* М. Последниве образувања (на *-е*) почести се во говорот на постарите, но и кај нив образувањата со *на* се пообични.

Посесивен датив: *Гу видо Роске Кар'овези керку је.* – *Га викаў мужа је Маре Кар'овези.* – *Тајко је Петре Шишк'овези.* – *Унук је Ник'олице Кончар'овези* М, и др., покрај обичните: *Гу видо керку је на Роску Карову / на Мару Карову / на Петру Ш'ишкову / на Ник'олицу Конч'арову.*

Вокатив: – *Верке* Цр, *Ратке, Стојке, Бојке, Перке, Васке, Сотке, Б'осиљке, 'Илинке, Ст'ојанке;* – *Др'агице, Горице, М'илице, Бож'инице, Ник'олице* М, но и: *В'елико* Ч, *тетко* К, многу ретко *тетке, овцо, мецо* и др. Другите именки меѓу кои и оние на *-ија,* во вокативната форма завршуваат на *-о* : *Босо, Бл'агуњо, Б'ојано, Митро, мамо; змијо, М'аријо* Гл, М.

Множинската форма во правата Црногорија и во Кучково завршува на *-е,* како во кумановскиот и долнополошките говори: *буе* Куч, *борбе* Куч, Ч, *Башче* Куч, *В'арнице, воќке, вашке* Куч, *дољње греде* Ч, *гр'амаде, груде* Куч, *дупке* К, *жене* Гл, *јасле* Ч, *куќе, краве* Бр, *корпе* Куч, *к'ошуље* Љ, *две м'узике* Бр, *лисник'оваче* Куч, *н'евесте* Бр, *колко паре* Ч, *п'одношке* Љ, *овце* Бр, К, Поб, *опут'ице* Љ, *цевке* Љ, Куч. Јужната изоглоса на оваа црта ја сочинува линијата Кучково – Бразда – Љуботен. Во селата што се наоѓаат јужно од споменатава линија множинска наставка е *-и,* како во Блатијата: *вашки* Ст, *гајди, год'ини* Цр, *куќи* О, *њиви, ноги* Бул.

Именки од среден род. – Кај овие именки вреди да се истакне множинската наставка *-ики (-ик'и).* Таа се употребува само во северниот дел на Црногоријата место наставката *-ња.* Сп. *вр'апчики, дев'ојчики* Бр, *ел'ечики* Љ, *има разни 'имики, ј'агњики, јагњ'енцики, ј'арики* Гл, *ј'ужик'и, јаб'учик'и* Љ, *к'учики, куч'енцики, котл'ички* Гл, *к''ебики, к'учики* М, *м'омчик'и* Љ, *п'илики* Ч, *пил'енцики* Љ, *плет'енчики* М, *ст'олчики, тел'енцики* Гл, *ч'ивтики* Љ, *Шам'ачики* М. Како множинска наставка *-ики* се употребува и во другите северни говори, а од појужните ја познава уште поречкиот говор (Видоески, 1950 : 36). Меѓутоа, во последниов таа егзистира паралелно со наставката *-ња.* Вакви множински образувања карактеристични се и за архаичните српски говори и тоа баш на оној појас што непосредно граничи со нашата јазична територија. Според Белића оваа е стара, прасловенска наставка која имала деминутивно значење (Белић, 1905 : 365).

Во селата што граничат со блатскиот говор паралелно со образувањата на *-ики* се употребуваат и форми на *-ња,* сп. *д'ејчиња* Куч, *ј'арења* Ор, *маг'арења* Вол, *т'елења* О, а во селата јужно од Раштак последниве се знатно пообични: *девојч'ињата* Цр, Б, *пил'ења* Ст, и др. – Покрај *тел'ења, пил'ења* во Булачани

забележив *телца, пилца.* Од *јагне* во множината имаме *јагњина* Бул, *ј'агњики* М, Гл, К, и *јаг'ăнца* Бул, *ј'аг̣анца* Љ, Ч.

Кај именките на *-о* во врска со множинската форма нема некои поособени отстапувања. Ретки се во правите црногорски села образувањата на *-ја,* како *крилја, дрвја,* или *гумења, ремења.* Место нив се употребуваат формите со *-а* : *крила, пера, гумна,* од *рамо – рама* Бр, Цр, поретко *р'амења* О, Вол.

Измени во родот. – Измени во родовата припадност стануваат најчесто кај именките со граматички род. Во нашиот јазик општа е појава именката од женски род на согласка, од старата *і*-основа, да преминува во машки род. Тоа го наоѓаме и во говорот на Црногоријата. Сп. *тај болес* Гл, *голем жалос* Бањ, *по мој памет, пусти старос* М, *солот* Цр, *сол̣ат* Бањ; *сол̣ан* М; или *властот* Цр, *крв ке ти га 'испију* М, *свињски мас* Бањ. Колебање покажуваат именките *вечер* и *ноќ.* Во нечленуваната форма тие се обично од машки род, сп. *едан вечер* М, Бањ, мн. *два в'ечера* Бањ, *млого в'ечери* Гл, *едан ноќ* М, *тај ноќ, голем ноќ* Гл, М, а во членуваната од женски: *в'ечерту* Ч, Бањ. М, *дошал в'ечерту* Поб, *ноќта* Цр, *ноќту* Гор (: *свуноќ* К), а спрема неа после и *дăнта* Куч, *дăнту* Ч. – Именката *доба* е од среден род: *мое доба* Љ, *у старо доба* Ч, но и: *младо добо, средњо добо* Бањ. Место 'пердув' овде имаме форма на *-о* : *пердо,* мн. *перда* М. – *Кола* и *врата,* кои се употребуваат само во множината, исто така се од среден род, сп. *затвори ги врата* М, *затвори ги тиј'а врата* Гл, *ми зак'укуе врата* Ч, *му се рас'ипале кола на Љубета* М, *пет кола* Куч.

Некои поретки именски образувања. – Од суфиксните образувања ќе ги истакнеме само оние што во литературниот јазик или не се среќаваат, или се доста ретки.

-иња. Како во долнополошките говори (Белић, 1905 : 365), така и во овој доста се обични образувањата со суфиксот *-иња,* како: *лош'отиња* Ч, *мл'адиња* Бр, *убавиња* М, К, Цр, мн. *лош'отиње, уб'авиње.* За образувањето на оваа наставка Селишчев (1929 : 339) допушта две можности: или имаме вкрстување на стариот суфикс **-уп'і* со наставката *-а* (*пустиња*), или пак *њ* е внесено од збирната множина *(убавина* : *убавиње = убавиња).* Првава претпоставка ми се чини поверојатна, барем за црногорскиов говор, зашто во него множински образувања како *пл'аниње, д'олиње* и сл. нема. Место нив се употребуваат обични множински форми на *-е* : *планине, долине, рудине.*

-ина. Овој суфикс се употребува и со пејоративно значење: *некоју кош'уљину стару* Бањ, *ајд'учина* К, *едан ајдуч'ина* Цр.

-етина. Особено се продуктивни пејоративите со суфиксот *-етина,* сп. *баб'етина* М, *вреќ'етина* Бањ, *вăшч'етина, гњид'етине* М, *девојч'етина* К, *жен'етина* Бањ, М, *куќ'етина* М, *куќет'инава каква је* Гл, *крав'етина, кобил'етина, њив'етина* М, *овч'етина, по штичет'инете* Љ.

-иште. Паралелно се употребуваат со истово значење и изведенки со суфиксот *-иште* : *б'абиште, девојч'иштено, ж'ениште, коб'илиште, куќ'иштево, старо к'уќиште, невест'иштево, св'ињиште* М. Сепак, последниве не се толку продуктивни, како, на пример, во централните и западните говори. – Образувања на *-инка* со пејоративно значење овде се непознати.

-оќа. Образувањата со суфиксот *-оќа* овде се уште живи, но веќе непродуктивни. Сп. *л'аднооќа* Гл, *ш'ешкоќа* Куч, *ч'истоќа* М. Покрај нив се употребуваат и изведенки на *-ота* : *бл'аѓота, ѓ'олота* М, *сл'епота* М, Љ, *како иде све по мене сл'епота* Поб, *с'амота* М, или на *-отија* : *ѓнас'отија, лош'отија, мрс'отија, сам'отија,* покрај *сам'отина, слаб'отија* М, сп и *прост'удија* Бањ, *слеп'удија* М, Бр.

-ња, -ања, -ача. Вакви образувања се многу ретки, но не се и потполно непознати. Сп. *пр'икажња* Љ, *пр'ичешња* Љ, М, *Туркиња, Гркиња* М, покрај *Турчинка, Гркинка, 'окача* К, *шарена 'окача* Љ (вид вез на женска кошула), *в'ртача* Гор, *В'ртача* Куч, *лисник'овача* Љ.

Од деминутивните образувања особено се продуктивни оние со суфиксот *-че* и неговите деривати *(-иче, -инче, -енче).* Оваа наставка се шири за сметка на другите деминутивни суфикси *(-е, -ле).* Така имаме: *к'отличе* М, *котл'ичето* Поб, *'орличе* М, *п'етличе* М, Бањ, Љ, *св'рдличе* Љ, *ч'ешљиче* Бр (место *котле, петле* и др. во литературниот). Сп. уште: *ѓрам'адиче, л'актиче* Љ, *нев'естиче* М, *н'октиче* Бр, Љ, *роѓ'ожиче* Љ; *в'ајшенче* Љ, *бр'аздинче* М, *врат'инчето* Цр.

-ле. Пејоративниот суфикс *-ле* се среќава и во разгледуваниов говор, само што не е продуктивен. Сп. *вајшле* Љ, Цр, *ѓушле, лиѓле* М, *носле* М, Поб, *смрдле* Бр *(смрдло).*

Членување на именките. – Во врска со членувањето на именките говорот на Црногорија не е единствен. Во селата што се наоѓаат јужно од линијата Љуботен – Љубанци – Бразда – Кучково членските форми се исти како во блатскиот говор, а тоа значи како во литературниот јазик: *-от, -ов, -он* за м. р. едн., *-та, -ва, -на* за ж. р., *-то, -во, -но* за ср. р., и во множината: *-те, -ве, -не* и *-та, -ва, -на.* Сп. *синот* Цр, *беѓот, долов* Бул, *преко праѓон* Рад, *ц'ркватa бутната* Цр, *в'ечерта, к'уќава, к'уќана,* во општата форма: *дини ѓу лоп'атата, прегни ѓу ч'езата* Бул, *од родн'инатa* Цр, *стоеше прет ц'рквата* : *застана прет цркву* – во неопределената форма (Бул); *д'рвото, д'рвово, д'рвоно,* мн. *м'ужите, м'уживе, м'ужине, д'ецата, д'ецава, д'ецана.*

Три вида членски форми (на *-т, -в, -н*) имаме и во селата што се наоѓаат северозападно од споменатата линија, во правата Црногорија. Само што во нив формите на *-в* и *-н* со право членско значење се употребуваат многу поограничено одошто во појужните. Освен тоа, во посеверниот дел доста често членот се испушта, додека во граничните села со Блатијата тој се употребува со онаа доследност со која се јавува во централните говори.

Формите за машки род овде гласат: *-ат, -ав, -ан,* одн. *-ат, -ав, -ан* во оние села каде што за темниот вокал има *а.* Сп. *Дон'еси ѓа м'утават наш* Поб. – *Подај ѓа столат* К. – *Ми ѓа узе ж'ивотат* Бањ. – *ман'астират, воден'ичарат, 'орачат* Куч. – *Курд'иши ѓа с'аватав* М. – *Ке ѓа пушќу пр'ешљенав. – Да се к'ачимо на брезав* Поб. – *На ти ѓа ножав* Љ. – *куде дубав, пл'авезав* М, Бањ, *л'екарав, ножав, сватав* Куч. – *Ене куде к'аменан* Љ. – *Качи се на бресан. – Сáб'ери ѓа кр'омидан. – Ништо не му чини м'оторан* Ч. – *коњан, куде ман'астиран, на мостан* Куч. – Рефлексот на **ъ (ă, а)* место *о* во формите на *-в, -н* можел да дојде само по морфолошки пат – под влијание на формата на *-т.*

Другите форми се исти на целата територија. На пример: *На онују е књ'иѓава* Ч. – *Како се ниша топ'олана* М. – *Ут'ерај ѓа пр'асево* Поб. – *Стои како куче куде л'ојзено* Бањ. – Мн.: *ор'асите, к'оњите* Ч, *туп'аните, Турциве* Љ,

б'орбете Ч, *побегла у комш'иjете* Поб, *т'рмкете* Љ, *од њ'ивеве н'агоре* Љ, *књ'игеве* Куч, *испод к'уќеве доле* Поб, *заврти ги 'овцете, колку му се п'рсјене* Бањ, *сапунч'икиве, чепч'икиве.* Вака се членуваат во множината и збирните именки на *-је* : *на гр'објете сам бил* К, *к'олјете* Гл, *куде кам'ењене, т'рњене, л'исјене, сн'опјене* Бањ, *л'исјете* Куч, а: *л'ојзата, т'рњата* Бр, *кам'ењата* М.

Во овој дел од Црногоријата општата членувана форма кај именките од женски род и одушевените од машки, како и нечленуваната, се разликува од субјектната. Кај првите таа редовно завршува на: *-ту, -ву, -ну,* а кај другите на: *-тога, -вога, -ногa.* На пример:

– С'рбија 'улезе преко гран'ицуту. – Љ'уботен гу за'узима план'инуту нашу. – Гу заши кош'уљуту Љ. *– Шам'ијуту н'изату да гу видиш. – Н'ошњуту ли гу сакаш ти?* Поб. *– Зап'али гу сијал'ицуту. – Затв'ори гу матор'ицуту* М. *– У т'ужбуту пише. – Никој не одг'овара за гр'ешкуту моју* Ч. *– куде д'упкуту, куде пешт'еруту* Бањ, *у суб'отуту прет св'адбуту* Куч. Така се членува и збирната именка *деца*, општата неопределена форма *децу* : *Она и рекла на д'ецуту* Бањ.

– Викни гу ж'енуву. – Земи гу м'ăскуву Куч. *– Заврти гу сијал'ицуву* М. *– Уд'ени гу 'иглуву. – На ти гу књ'игуву* Љ.

– По Црногор'ијуну башка се носи Куч. *– Вати ми гу 'овцуту. – Узни гу сијал'ицуну* М. *– Узни гу сл'икуну. – Иди коб'илуну напој гу воду* Љ. *– Ајде да ги закољемо децуну твоју* (Томић, 1905 : 487, 497). *Колко до к'уќуну беше* К.

По овие после се повеле и именките од ж.р. на согласка. Така денес во општата форма тие завршуваат на *-ту,* одн. *-ву, -ну* : *Дошле в'ечерту син'ови је* Бањ. *– Дошле в'ечерту сви* Поб. *– Ноге ме бол'ешеў в'ечерту* Ч. *– Кăд дошле вечерту дома* (Томић, 1905 : 489). *– Му дошле ноќту* Љ. Па дури и *дăнту* Ч, која форма е образувана по аналогија на првиве две.

– Г-ув'атиле ајдук'отога М. *– У змај'отога нашле едно ш'ишенце. – Послем се молеле на цар'отога. – И отишле куде цар'отога. – И на цар'отога син му. – На цар'отога ќерка му 'узела едно ношче* Ч. *– Д'ецата се опл'ашиле и т'рчале по вампир'отога. – Проп'овале п'етлови и га пуштил коњ'отога* Бањ. *– На еж'отога му дава сламу. – Само'илата му рекла на овчар'отога. – Га тр'ажиле човек'отога. – Иди да га јанеш коњ'отога горе куде трло* Поб. *– Вати га петл'отога. – Д'оведи бивол'отога. – Зак'ољи га вепр'отога. – Вржи га јунц'отога.*

Дај му на момк'овога нека једе. – Терај га и вол'овога М.

Дај му на човек'онога. – Потерај вол'онога нека пасе М. *– Продај ми га вол'онога ц'рнога* Љ. *– Кому да п'омогну, на поп'онога?* Бр. *– Му дале едно цигаре на човек'онога* Бр.

Кај именките од машки род можат да се сретнат и дативни членски форми со флексија, но повеќе во вид на остатоци во разни изрази, и сосем – сосем ретко во народната приказна. Меѓутоа, во секојдневниот, обичниот разговор веќе не се употребуваат. Сп. *Алав* (алал) *да му је цар'отому, јаз'ăк да му је на поп'отога* Бр. *– Да му се не дава век'отому веку* М, Гл (со значење *довека). – Цар'отому му рекал некој. – Иди жали се цар'отому* М.

Овој е единствен наш говор од северната дијалектна област во кој уште се пазат остатоци од старата дативна членска форма. Во првата половина на 19 век форми на *-тому* се употребувале и во соседните долнополошки говори, сп.

во Ѹтѣшение на Пејчиновиќа: да припа́днимъ на мо́ленѣ на майкамѕ царотомѕ, дрѕготомѕ (Селищев, 1929 : 23, 42), а во кумановскиот Каранов тврди дека се слушале и во последните децении на минатиот век (Карановъ, 1891 : 317). Меѓутоа, членски образувања на *-тоѓа* (*-воѓа, -ноѓа*) и денеска се пазат во некои источни кумановски села и во областа Славиште, а формите на *-ту* познати се на целиот северен јазичен појас од Шар до Осогово.

Погоре споменавме дека во северните црногорски села доста често се испушта членот. На оваа појава укажа уште Томиќ (1905 : 497), без да навлегува во суштината нејзина. Исто така и Угринова преку неа поминува само со една констатација: "Ограничување на употребата на членот во образувањето на падежите, има во говорот на Црногоријата" (1951 : 24). За условите кога се губи членот тешко е да се каже нешто поодредено. Тоа е појава што се наоѓа во процес, и не е во подеднаква мера напредната кај сите претставители од овој говор. Почесто испуштањето се забележува кај помладите генерации, додека кај постарите членувањето сѐ уште се врши со поголема доследност. Овој факт веќе може да укажува дека односнава појава е од поново време, а се јавила, секако, под влијание на соседните српски говори кои не знаат за член. Треба уште да нагласиме дека испуштањето на членот може да стане секојпат, без оглед на функцијата што ја има именката во реченицата.

Сп. примери:

– Дошла пак мечка куде бабу. – Ми себеў руке. – Вола ѓа изела мечка. – Изб'еѓаше ѓоведа Љ.

– Да ѓи н'араниш п'илик'и кашу Бањ. *– И бабата ја збори на мечку, ја се моли да ѓу пушти* Љ. *– Дај му ѓу карту* М. *– Дај му ѓу сл'убицу. – Одн'еси ѓу з'обницу на коња* Љ. Во последниве три примери предметот (*карта, слубица, зобница*) на кој се укажува говорителот го гледа. Натаму: *Овце ѓи тера на стр'уѓу. – Куче да не ѓи 'оплаши деца* Гл. *– Па от'идомо и раст'уримо племњу. – Царе, кажи ми кој ми з'апира воду* Ч. *– Ако се мијеш к'е ти искубу плет'енице* Бањ. *– Иди да ѓа јанеш коњ'отоѓа ѓоре куде трѫло* Поб. *– Г-уп'алише куќу. – Е липцало теле Митре Шишк'овези. – Му се рас'ипале кола Љубету. – Врли им на к'окошке да једеў* Љ. *– Му ѓи пр'одале овце за порез Трајку Груј'овому* М.

Иди коња одведи у вод'еницу. – а при повторување: *Иди одведи ѓа коњ'отоѓа у вод'еницу. – Дај му сламу на вола* Љ. *– Му дадо на петла да једе. – На коња му даде зоѯ. – Дај му на момка нека једе. – Еве 'узни ѓа момка нашеѓа, 'одете з'аедно* М. *– К'е ц'елива на попа руку* Љ. *– Јани коња и иди* Љ, и др.

Придавки

Стари определени форми на *-и* во машки род еднина среќаваме главно во оние исти случаи што ги наоѓаме и во другите дијалекти. Имено: кога придавката влегува во состав на некое име, сп. *свети Никола, свети Илија;* во разни сложени изрази: *у вељ'и-петак* Бр, *велик'и-петак* Гл, *велик'и-торник* Ч; во месни имиња: *Ваљувест'и Камен* Гор, *Гол'и Риѯ* Бањ; при обраќање: *ч'естити царе* Цр, *е прија'телу драги* Бр, и во некои одделни случаи, на пример: *п'усти ж'ивот, п'усти п'амет* Гл, *ис први крај* Ч, *ѓак'арасти петал* М, *баш куде К'амени Мос* Цр, *работи цели ноќ и цели дан, се вр'атиле још на 'исти п'ут* Бањ, *пр'ости св'ет* К, *ѓ'орњи забан* (Петровић, 1907 : 479). Образувањата на *-ји, -њи* и *-ски* веќе се подразбираат.

Формата за среден род во еднина завршува на *-о* и во оние случаи каде што порано имало *-е;* на пример: *козјо* Љ, *кравјо млеко* М, *овчо* К, *Горњо Лозје* Гл, *средњо* Ч, дури и *божјо* Ч, покрај *божје.*

Во општата форма придавките, вклучувајќи ги тука и заменските и бројните, се согласуваат со именката. Кога стои придавката со именка од машки род што означува живо суштество, тогаш таа редовно завршува на *-ога,* наставка од старата сложена промена, која во појужните говори може да се сретне денеска единствено во вид на остаток во некои петрифицирани изрази. Сп. *Д'едета сам 'имала ж'ивога* Гл. – *Трајко има сина уч'еног̀а* Ч. – *Купи 'едног̀а ст'ароґа вола* К. – *Купил н'екоґа коња сл'абоґа* Бањ. – *Они су на Павла пок'ојноґа. – С'ăбраше и М'илана Урдар'овоґа, и мене и М'ирчета Стојан'овоґа* Ч. – *Викни ґа К'ръстета Комнен'овоґа* К, – *Р'истета Којстар'овоґа* М, и др. – Ако именката во датив завршува на *-у,* тогаш и придавката е во датив и завршува на *-ому* : *Му ґи дал п'арете Трајку Груј'овому* М. – *Љ'убету Бундар'овому, – Н'ацету Кир'овскому син* К, – *М'илану Бојч'овому ташко, – Ст'ојану Теш'овому* Поб, – *Анґ'елету Левајк'овому, – Ґ'орґију Јанкул'овому* М, – *Бл'аґоју Вељк'овому, – 'Илију Бориз'овому* Гл, и др.

Во оној дел на Црногорија каде што именките од ж.р. на *-а* во општата форма завршуваат на *-у,* и придавката-атрибут ја има истава наставка. Сп. *Имам тамо керку уд'адену* Бр. – *Му дал едну вреќу коз'инљаву* Ч. – *н'екоју ко-ш'уљину ст'ару* Бањ, – *од дван'аесету ґ'одину, – л'ањску ґ'одину, – у Долњу Ма:лу* Куч, *на Б'ожану Коч'арову, – Мару П'етрову* Гл. – Вака општата форма кај придавките од ж.р. завршува и во кумановскиот говор, а спорадично форми на *-у* можат да се сретнат и во некои крајни северни тетовски села.

Интересни се во овој говор дативните придавски форми со флексија. Во случаите кога именката во дативната форма завршува на *-е* (такви образувања, видовме, не се така чести), на *-е* завршува и придавката-атрибут, но секојпат придружено со партикулата *-зи,* која е, секако, стара особина. Така имаме: *Е л'ипцало теле Митре Шкрипч'евези, Е се с'ăнило Б'ожане Коичар'овези. – Митре Милан'овези, – Перке Врсак'евези, – Цвете Шишк'овези, – Ґурґе Урум'овези, – Вере Урдар'овези, – Маре Сот'евези, – Илинке Стојан'овези* М, и др., и тоа главно кај изведените придавки од лично име. Сп. од народната песна: "*Мори, останало на другачке | на другачке кусе-зи Стојне | кусе-зи Стојне, ґушаве-зи Петре | ґушаве-зи Петре, видан Боје*" (Петровиќ, 1907 : 479). Во разговорниот јазик вакви образувања се многу ретки, во говорот на помладите дури и сосем необични, но и како такви не се безначајни, и тоа до толку повеќе што не се констатирани досега ниту во еден друг наш говор.

И определените (членуваните) придавки за машки и женски род за casus generalis имаат посебна форма. Сп. Машки род: ном. *Дај му од садњиат кук* М, – *старијат – ст'аријат* Бр, – *др'уґијат дăн, – најмали'ат брат, најмалј'ат син* Бањ, *треќиат – треќијат* Гл, – *поср'едњат* Гор; – *на другиав брат му вели* Куч, – *поґол'емиав – поґол'емијав* К : *првиот муш* Бул, *дотерај ґа црнијот вол* Цр, – *'едниот* Ст, *белјон вол* Цр. Во Црешево, Стајковци, Булачани доста често се среќаваат членски форми од машки род образувани директно од основната придавка, на пр.: *'еданот ґа пљуна, 'истот* Цр – како во долновардарските и некои од источните наши говори.

Во општата форма: *К'е му чукне на мушк'отоѓа* Љ. – *И стар'отоѓа ч'овека ѓа ѓ'аѓале. – На едн'отоѓа му дале едно ц'иѓаре* Бр. – *Га питал друг'отоѓа, помал'отоѓа. – Поѓолемијат ѓа питал ѓолем'отоѓа какву р'аботу нашал. – После друг'отоѓа ѓа питал. – Дотерај црн'отоѓа вола* Бањ. – *'Отиде да види обесен'отоѓа* К. – *Му рекал на најмал'отоѓа* Поб. – *Га срел едан ѓазда стар'овоѓа* Ч. – *Куде црн'оноѓа вола* Бањ, – *сăс стар'оноѓа* Ч.

Женски род: *трећата н'еделља* Љ, *ц'рнава 'утајка, – ц'рнана, б'елана* Бр. Општата форма: *у другут'у среду* Ч, *за њума и за ст'арутту, п'рвутту ѓ'одину* Гор, *по ѓ'орнуну 'улицу* Куч, *б'елуву к'ошуљу* Гл, Гор.

Множинската форма за машки и среден род е една – завршува на *-и.* Само еден пример забележив со наставката *-а* за ср.р. – во името на месноста *Стар'а-Гумна* К. – Придавките од ж.р. во множинската форма во правите црногорски села редовно завршуваат на *-е,* а во југоисточните на *-и,* како кај именките. Јужната граница на првите се совпаѓа со границата на множинските именски образувања на *-е.* Ова го истакнуваме поради тоа што во некои североисточни говори вакво слагање на именката и придавката нема: именката во множината завршува на *-е,* а придавката на *-и (бели чораре).* Сп. *црне сливе, ситне и црвене* Гл; *пратиле књиге српске, арн'ауцке каре; све чете што 'имаше – српске, б'угарске, ѓрчке; суве му су ноге* К, *турске паре* М, *петнаес коњске снаге, дољње ѓреде, диве ѓуске* Ч. – Членувани: *поѓол'емете* Ч; *ванал кокошке башка с'иветe, башика ц'рнете* К; *по седамте ѓ'одине* Љ, *м'одрете* Бр, *дај ми од ж'утене* Гор.

Степенувањето се врши со *по* и *нај* : *п'остар, п'остара, п'остаро, п'остари, п'остаре, пост'аруну, пост'аруву, пост'арутту, постар'отоѓа; н'ајстар, -а, -о, -и, -е, најст'аруву, најст'аруну, најст'арутту, најстар'отоѓа* итн.

Остатоци од старото степенување имаме во формите *више* и *боље,* кои се употребуваат само како прилози. Вторава се среќава многу ретко. Но и нив најчесто ги наоѓаме повторно степенувани со *по* : *п'овише једе* Бр, *тури п'овише* Бањ. *П'оболље да седеше, тик'и не п'ослуша* Гор.

Со претставките *по* и *нај* и овде можат да се компарираат именките, многу ретко глаголите, кога сакаме особено да ја потцртаме вредноста, значењето што се содржи во нив: *П'о-човек је Борис* Гл, *по-пр'ијатељ ми је он* Гор.

Заменски придавки. – Присвојните заменски придавки за 1 и 2 лице се исти со литературните форми: *мој, моја, моје – мое; твој, твоја, твоје – твое; наш, -а, -е, ваш, -а, -е;* множина за м. и ср.р.: *мои – моји, твои – твоји, наши, ваши* – со исклучок на множинските форми од женски род кои овде завршуваат, како и од другите придавки, на *-е* : *мое – моје, твое – твоје, наше, ваше.* Така само во правата Црногорија. Сп. *наше л'иваде* К, *све су тој моје њиве* Цр. – Општата форма: *м'ојеѓа – м'оеѓа, тв'ојеѓа – тв'оеѓа, н'ашеѓа, в'ашеѓа; мојУ, твојУ, нашУ, вашУ,* член. *м'ојутту, тв'ојутту, н'ашутту, в'ашутту;* и дат. *м'ојему – м'оему, тв'ојему – тв'оему, н'ашему, в'ашему.* Вака гласат и формите од заменската придавка за секое лице: *свој, своја, своје – свое, свои, св'ојеѓа – св'оеѓа, своју.*

Заменските форми за 3 лице гласат: м. и ср.р. *њеѓов, њ'еѓова, њ'еѓово, њ'еѓови, њ'еѓове,* за ж.р. *њ'ојзин, њ'ојзина, њ'ојзино, њ'ојзини, њ'ојзине;* сп. *њојзин муж* Куч, М, *њ'ојзина куќа* М, *њ'ојзина је куќата* Љ, *њ'ојзино дете* Поб, *њојзино им'аньче* Цр, *њојзине са к'ошуље* Љ. Паралелно со овие се употребуваат и форми без партикулата *-зи* : *њој'ан муж* Бр, *њојан* К, *њојно, њојне* Гл, Бул, *на*

њојне беле руке Поб; за мн. *њин, -а, -о, -и, -е* : *њина слава* Куч, *њин беше и ман'астират и ш'умата, и све беше њино* Поб. Во Кучково покрај *њини* забележив и *њињи* : *њињи се тија деца.* Во Стајковци еднаш забележив *нимна,* карактеристична форма за североисточните блатски села од каде што е и внесена. Општата форма: *њег'овога, њојз'иногa – њ'ојнога, њ'иногa; њ'егову, њ'ојзину – њојну, њину* М, *дошле у њину куќу* Бањ.

Други заменски придавки: – *ов'акав, он'акав, такав* Ст, *ов'акав* Б, *такав* Љ, *он'акав он'акав* Поб; *ов'аква, он'аква, таква; ов'акво, он'акво, такво,* поретко: *ов'аквоје, т'аквоје; ов'акви, такви* Љ, *ов'акве, он'акве, такве* М, Љ, Бр; – *ов'олики, -а, -о, т'олики, -а, -о, он'олики, -а, -о, -е, 'оволики, -а, -о, -и, -е,* и *'онолки, -а, -о; – к'акав – к'акав, каква, -о, -и, -е; – к'олкав, -а, -о, -и, -е* Љ; *к'олики, -а, -о,* К, Ч; *н'икакав – н'икакав, н'икаква, -о, -и, -е; св'акакав – св'акакав, св'акаква, -о, -и, -е.* Во Кучково доста често, поретко и во Волково, Орман и Оризари, наспоредно со приведениве се употребуваат и формите: *т'аквоја, в'аквоја, он'аквоја;* сп. *Па л-не г'а знајеш Крстота к'аквија је*? Куч. – *Таквија е човекат* Ор. Сп. и *'онакви* Куч, *сага нема такв'оја, неколцина имало такв'ија* Љ; – *све* Цр, Куч, К, *све ноќом ишле* Љ, *свите* Куч, *свите бешеў* Рад, *све жене, све мужи – свите мужи* М, *сву земњу гу 'однесе* Ч.

Заменки

И во заменските форми говорот на Црногоријата доста се разликува од централните говори.

Лични заменки. – Личните заменки за 1 и 2 лице гласат: едн. *ја – ти;* дат.: *мене, мене ми, ми – тебе, тебе ти, ти.* Но овде не се необични и дативни изразувања со предлогот *на,* како кај именките: *На мене ми рече* Љ, – *на мене ми свика* Бул. – *Не ли ти даде на тебе*? Цр. Во североисточните говори вакви форми се сосем обични; акуз.: *мене, мене ме, ме – тебе, тебе те, те.* Множина: за 1 лице се среќаваат три форми: *мие – мије* (на целата територија), *ми* и *миа – мија,* за 2 л. *вие – вије* и *виа – вија.* Формите на *-а* (*миа, виа*), кои се образувани по аналогија на множинските форми на показните заменки *(тиа – тија, овие – овија, ониа – онија),* се употребуваат само во крајните југоисточни села, сп. *мија помладите* Цр, *мија седомо* Стр. Во посеверните села паралелно со *мие* се среќава и *ми* Ч, Гор, *ми смо биле сăс њега* К; акуз.: *нас, нас не, не; вас, вас ве, ве.* Покрај *не* како кратка форма се употребува *е,* сп. *Нас е виде ч'овекан* Љ. – *Јучер п'ољакат е 'увати у лојзе* Ч. Формата *ни,* која во кумановскиот говор е толку обична, овде се среќава само спорадично: *нас ни виде* Љ, – *ни зеде* Поб; дат.: полната акузативна форма *нас* се употребува и како дативна: *пол'овина нас, половин њима* Цр; *нас и даде* Ч, М, Љ, – или со предлогот *на* : *на нас ни даде.* Наспоредно со *ни* како енклитична форма за датив се употребува во правите црногорски села и *и* која се добила од првава со просто отпаѓање на согласката *н,* како и во *е* од *не* за акуз.: *нас и рече* Љ. – Од *вие* во акуз. имаме *вас, вас ве, ве,* дат. *вас (на вас), вас ви, ви.*

Заменски форми за 3 лице: *он, она, оно, они* (за м. и ср.р.), *оне* (за ж.р.). акуз. од *он – оно* гласи *њега* (во појужните села *нега*), *га,* дат. *њему му, му* : *Ако му је п'ознато њему* Куч. – *Му викна њему* Бр. – Спорадично и: *њега му, на њега му* : *Њега му вика* Цр. – *Њега му дадо* Бул. – *Рече ли му на њега да дојде*? Р.

Јужната изоглоса на формата *њеѓа (ѓа)* оди нешто појужно од говорната граница со блатскиот говор: линијата Ново Село – Бардовци – Стајковци. – Полната акузативна форма од заменката *она* гласи *њума* Љ, М, К, Гор: *сăс њума* Вол, *за њума за сп'арутy, пред њума, њума ѓу виде* Ч. Во Кучково забележив покрај *њума* и *њува* : *Ал-ѓу виде њува, женутy*? – *Њува ѓу в'иделе.* – каде што е *в* внесено од демонстративното *това.* Кратката форма гласи *ѓу* на целата територија. – За дат. имаме две форми кои се употребуваат паралелно: *њојзе – њојзи* и акузативната форма со предлогот *на.* Во правите црногорски села кратката дативна форма гласи *е,* односно *је,* а во појужните *и.* Сп. *На њума е дадо* Бр, М, Бањ. – *Е даде ли на њува*? Куч. – *Њојзе е дадо* Ч, Бр, Љ. – *Ал-је даде њојзе*? Куч. – *сос њојзе* Р, *татко је* Љ. – *Сам е рекла на Роску да дојде* Ч. – *Кажи је на мајку ти* Љ. – *ѓу видо к'ерку је на Мару.* – *Га викаў мужа је Маре Шишковези.* – *Е се заѓ'убило дете на Ѓурѓу* Гл. – Полната форма за датив и акузатив множина е една – *њим, њима* : *меѓу њим, сос њима, куде њим* Цр, *од њима к'е узне* Бул, *ѓи видо њима, уфатише ѓи њима, врз њима* Цр, *њима ѓи вика* Љ, *њим да ѓи п'итате* Бањ. Како што се гледа, овде имаме спротивна тенденција од онаа во 1 и 2 лице. Таму генитивно-акузативната форма се генерализирала како општа форма, значи и во датив, а во 3 лице дативната. Поретко *њим – њима* како дативна форма може да биде употребена и со предлогот *на* : *на њима и дадо* Ч, М. – Акузативната енклитична форма гласи *ѓи* (на целата територија), а дативната *и,* поретко *им* : *њим и дадо* М, *на ж'енете и дадо* Љ, *њим и реко* Ч, *на њима и дадо* Бр : *сăѓа им викам њима ја* Цр, *на њима им дадо.* Спорадично *и* може да се сретне и како акузативна форма: *И в'атиле њима* Љ.

Лично-предметни заменки. – Прашалната заменка *кој, -а, -е* во акуз. гласи *коѓа,* поретко *к'ојеѓа,* дат. *кому,* мн. *кои* за м. и ср.р., *које* за ж.р. – Прашалната заменка со присвојно значење се јавува во формата *чив, -а, -о, -и,* каде што *в* е дојдено по аналогија – спрема *њеѓов, -а* и сл. и други присвојни придавки на *-ов* што одговараат на прашањето *чив.* Сп. *Чив си, чива си, чиво си, чиви све* Куч, М, Бр. Но не се непознати и формите: *чи:, чија, чие* : *Чи си* Бањ, *чија си* Ч, *чија е* Гл. Во југоисточните села покрај *чив,* со истото значење се употребува и општата форма од *кој* со предлогот *на,* како во некои североисточни говори: *на коѓа си, на коју* Цр, Ст. Формите со *в (чив, -а, -о)* освен во Црногоријата познати се и во северните полошки говори, потоа во целата скопска Блатија, а спорадично се среќаваат и во говорот на Каршијак и северниот дел на Поречието.

Неодредената лична заменка *некој* Куч, општата форма *некоѓа* К, и *нек'ојеѓа* Поб, дат. *н'екому* Куч, Гл, и *на нек'ојеѓа* К, ж.р. *н'екоју, на н'екоју* – се употребува и во формата *никој* : *н'икоја фукара, никој Трајан, н'икое јаѓњенце, никое време* Љ. Сп и: *Да жнееш на некому житo* Цр. – Неодредената заменка за сите лица: *сваки, -а, -о* Гл, Ч, Бањ, М, *свак* Љ, Бул : *свакој – свекој* Куч.

Показни заменки. – Показните заменски форми гласат: за м.р. *'овај, 'онај, тај,* ж.р. *'овája, тája, 'онája,* с.р. *'овој, 'оној, тој.* Сп. *ов'ај риђ* Ч, *т'ај ч'овекăт, т'ај кондур* Гл, *оваја ѓ'одина, онај'а куќа* М, *тај'а жена, он'аја* Љ, *онај'а зграѓа* Куч. Во Кучково и: *овја, онја – оња (јн > њ),* како во поречкиот и некои полошки говори; сп. *овј'а чоек, бăш како оња,* а спрема нив после и *тија* : *тиј'а чоек, тија ти бил кмет, мисли малко за на тиј'а век.* Во Црешево, Стајковци и

Страчинци за м.р. може да се употребат и *т̄ој, ов'ој, он'ој,* за ж.р. *т̄ај, ов'ај, он'ај,* а за ср.р. *т̄ое, ов'ое – ов'оі̯е, он'ое – он'оі̯е;* сп. *ов'ај в'ут̄а, т̄ај сл'ужба, вика т̄ај г̄осп̄'ог̄ат̄а, он'ај куќа* Цр, *т̄ај в'ода* Бул, *т̄'ое д'ет̄е, он'ое куче ке т̄е 'изеде* Ст, *п̄о т̄'ое, п̄рет̄ т̄'ое едан цр̥н п̄аша имаше, изн'аса т̄ое* Цр, или пак: *т̄оја, ов'оја, он'оја,* сп. *т̄'оја д'ет̄е, ов'оја т̄еле* Цр, *он'оја с'елот̄о ст̄'анало г̄'олемо* Љ; во Кучково покрај *ова, она, т̄оа* и *т̄ова* : *т̄ов'а време, сум чул за т̄'ова.* Општата форма: *'ѻвог̄а, 'оног̄а, т̄ог̄а* : *ов'ог̄а, он'ог̄а* Љ; сп. *от̄ер'аше т̄ог̄а* Бул, *у т̄ог̄а, на т̄ог̄а му дадо, еве на-вог̄а* Цр. Паралелно со овие се среќаваат и формите: *т̄'ајг̄а, 'овајг̄а, 'онајг̄а,* образувани спрема *т̄ај, овај, онај,* одн. *т̄ојг̄а* Бул, спрема *т̄ој.* Сп. *'овајг̄а г̄а зат̄вори, зашт̄о на 'онајг̄а му даде* Куч, *г̄а изг̄убиле т̄ојг̄а* Цр; или *т̄аг̄а* Бр, *г̄а викна т̄аг̄а ч'овека* Гл, *г̄а нашол т̄аг̄а човека* Бањ, *г̄а срел т̄аг̄а* Гор, но *'овѻг̄а, 'оног̄а* (во истите села). За датив: *Кој к'е ми даде п̄аре млог̄о т̄ому к'е т̄е дам* Цр. – *Тешко т̄ому шт̄о т̄е има у куќу* Ч. – *Тешко т̄ому кој п̄асе овце* Љ. – За ж.р. *'овуј, 'онуј, т̄уј – 'овују, 'онују, т̄'ују – 'овају, 'онају, т̄'ају – 'овоју, 'оноју, т̄оју;* сп. *Узни г̄у ов'уј – овуј'у књиг̄у, онуј'у краву, у он'уј куќу* К, *на 'онују е књиг̄ава* Ч, *'онају г̄у куп̄и, т̄ај'у куќу, овај'у куќу* Куч, *викни г̄у оној'у жену* Љ; *от̄ т̄ују реку узело све воду* (Томић, 1905 : 491). – Множински форми се: *т̄иі̯а мужи* М, *ов'иі̯а човеци* Љ, *он'иі̯а деца* Поб, *он'иі̯а ќут̄иў* Цр, *ов'иі̯а два коња, т̄иі̯а људи* Бул, *за т̄иі̯а људи* Гл : *овј'а деца, онј'а – оња деца* Куч; *овиі̯а, он'иі̯а* Ст; *т̄ej куќе* Ч : *т̄е(і̯)а две собе* Гл, *'оне(і̯)а* Љ, *онеі̯'а жене, т̄е(і̯)а рог̄оже* Љ, *т̄еі̯а жене* М, *овеі̯а работ̄е* Гл : *т̄иі̯а, овја, онја – оња* (*жене*) Куч.

Прилози

Некои особени прилошки образувања во говорот на Црногоријата нема. Форми на *-ки,* какви што се среќаваат во кумановскиот и јужноморавскиот, овде се многу ретки. Место прилошките образувања на *-ица, караница* и сл. во централните говори, во северозападните села се употребуваат форми на *-ице,* сп. *п̄оп̄ат̄ т̄р̥ч'енице 'от̄ишал дома* М, *т̄р̥ч'енице дојде* Поб, *кар'анице* Љ : *каран'ица* Бул, но ни тие не се така чести. Од другите прилози ќе ги приведеме само оние што се разликуваат од литературните форми било по акцентот, било по некоја друга особеност.

Порано споменавме дека има извесен број прилошки образувања во кои крајниот вокал може да се испушти. Освен во приведените: *јуч'ер – јуч'ера* Цр, *ј'учера* О, *озд'ол* Љ – *озд'ола* Ст, О, *озг̄'ор* Бр, *д'ојдоше озг̄'ор* Бањ – *озг̄'ора* Цр, Ор, *п̄'оловμн – п̄ол'овμна* О, *о^{д}sạт̄* Бр – *оs'ăда* Бр, Ч : *о^{д}s'ади* Цр, *сăк – сăг̄а* Цр, – *кăт̄ ќе орем* Цр – *кăда, т̄ăг̯* Поб – *т̄ăг̄а* Цр, покрај *т̄ăд – т̄ăда* Бр – крајниот вокал може да се испушти и во прилозите: *т̄уј* Љ – *т̄уја* М, Цр, *от̄'уд̯ – от̄'уда* Поб, *о^{т}д'ек – о^{т}д'ека си* Цр, *'окол – 'около* Цр : *'уколо* Поб, *едн'ăк* Цр – *едн'ăг̄а* Ст.

Особено се чести овде прилошки образувања со партикули. Покрај: *д'ăнạс, н'оќăс* К, *'овде* Цр, О, *'онде* Рад, *св'ег̄де* Вол, се употребуваат и форми со партикулата *-ка* : *д'ăнạска* Бр, *наќ'еска* Љ, *н'ăќеска* К, *овд'ека* Бул, *да г̄и сăберу овд'ека* Ч, *св'едека* Гл, *онд'ека* М; или покрај: *с'иној* Ч, *з'имус* Ч, Бањ, *л'ет̄ос* Бањ, и *с'инѻјка* Ч, Цр, *з'имуска* Куч, *ес'енạска* Бањ; покрај *'от̄оч* Бањ (= преѓеска), *'от̄оч беше у ст̄ринку*, и *'от̄очка* Ч, Бањ, дури и *ј'учерка* Гл : *јучер, јучера,* – или *-ке* : *д'ăнăске 'увечер* Љ, *л'ет̄оске* Гл, *з'имуске* Р. Последниве се знатно поретки. – Доста се чести и образувањата со партикулата *-ј,* односно *-ја.* Оваа партикула обич-

но се додава на заменските прилози. Така имаме: *т̄уј* Љ, *т̄уја* Цр, М, *от̄'уја* Цр, поретко и *т̄ује* Бр, *от̄'удај, од'увдај* Бр, Ор, покрај *од'увда* Гл : *одов'уда* Бул, Цр, *т̄ăг̄ај* Цр, а спрема овие после и *овдек'аја, ондек'аја, нег̄дек'аја* Цр, *никадек'аја* Бул, потоа *ов'акој* Бул, покрај *'овако* К, *т̄акој* Цр, *ет̄е т̄акој* Бул, покрај *т̄ако* Цр, Љ, и *т̄аќе* Куч, О, како во тетовскиот говор. Покрај *т̄уј – т̄уја* во северозападните села се среќава и формата *т̄'ујека – т̄'уека* Ч, Бањ, Гор. Аналогно со неа после се образувани и *овд'еака, онд'еака* Бањ, Ч, *овд'еака Србија дојде* Р. – Како партикула се употребува и *-ц*, односно комбинирано со *-ка* = *-кац*. Така, покрај *т̄ујека – т̄уека, овдека, ондека* имаме *т̄'ујекац – т̄'уекац* Ч, Љ, *'овдекац, 'ондекац* Љ. Готова сложената партикула *-кац* се додала на *т̄уја,* па се добила формата *т̄'ујакац* Љ, *от̄ т̄'ујакац* Поб. Покрај *овд'еака* и *онд'еака* имаме и *овд'еакац* Бањ, М, *онд'еакац* Бањ. Очигледно е, образувањата на *-ц* се понови од оние со партикулите *-ка* и *-ј(а).* Прилошки форми на *-ц* познаваат и полошките говори, а спорадично можат да се сретнат и во некои северни поречки села. – Со партикулата *-м* забележив само еден пример: *п̄ослем* Ч, К, покрај *п̄осле,* кој би можел да е внесен и однадвор, а образувања од типот *овден* – со партикулата *н* – не се среќаваат. Павловиќ (1939 : 186) тврди дека црногорскиот говор познава и образувања од типот "*видејћ*^{к}*им*". Јас, меѓутоа, не сретнав ниеден таков пример.

Старите прилози *г̄оре* и *доле* се пазат неизменети: *г̄оре* Бр, *доле* Бр, М, одн. *н'адоле* Ч, *'удоле* Бул, Цр. Прилозите *дăње* Ст, О, *ноќе* Рад, Вол (остатоци од стариот беспредложен локатив) се среќаваат и во формите *дăњом* Љ, Бањ, *дăњом ке т̄е заузне а ноќом ке п̄обег̄не* М, *све ноќом ишле* Љ, *ноќом* М, Бањ, Бр, К (последниве во правите црногорски села готово редовно се употребуваат). Од именските прилошки форми заслужуваат да се одбележат уште: *'увечер* Љ, *јут̄ре* Цр, *п̄рек'ојут̄ре* Ч, *н'ап̄оле* Бањ, *'уп̄оле* К, *'от̄ст̄рану* Бањ, *'усвет̄а бег̄ање* Гл, *'ист̄ино је т̄ако* Гл, *г̄один'ава* Љ, *до недељ'ава* Бањ, *'узло т̄и п̄ројде век* Ч, а од заменските: *н'аамо* Љ, Бул, *вамо* Цр, *'овамо* К, *т̄амо, н'ат̄амо* Цр, *куде* К, Бањ, Поб, *кудег̄'од̣, докле* Ч, *од'окле* Поб, Бањ, *од'от̄ле* К, *в'ăзд̣ан* Цр, *некња* Бул, Цр, Ч, *све.* Продуктивна е категоријата на прилошки образувања од придавска основа, сп. *близо* Ч, *доцно* Бањ, Цр, *дăмно* Бањ, покрај *од'ăмна – од'амна* Бул, *кăсно* М, *мало, млог̄о* М, Ч, и др. Место прилогот *п̄овеќе* почесто се употребува овде *више, п̄овише* Бр, М. Од другите прилози сп. уште: *'одедно* Цр, *'удве* Цр, *ед'ан-п̄ут̄а* Бул, *друг̄и-п̄ут̄а, св'еедно* Гл (= стално), *'едни-п̄ут̄и* Цр, *нап̄ре* Бањ (напред), *друг̄'ојаче се вика* Поб, *ун'ут̄ра* Ч; од туѓо потекло: *к'омд̣ај* К, О, Поб, *т̄ам'ăн* М.

Глаг̄оли

Скопско-црногорскиот говор покажува доста неслагање со појужните наши говори и во конјугацијата. Но од друга страна тој со по некоја црта се разликува и од кумановскиот и соседните српски говори. Неслагањата со првиве се однесуваат главно на личните и временските наставки кај некои форми. Инаку во поглед на глаголските образувања, во односот меѓу презентската и претеритната основа, како и во бројот на глаголските форми разликите се минимални.

Образување на глаголите. – Најпродуктивна група девербативи и во овој говор се изведените глаголи со наставката *-уе- (-ује-),* и тие најчесто се повторливи. Сп. *зак'укује* М, *закољ'уј̣еў* Бул, *се засељ'уј̣еў* Љ, *истер'уј̣ев* Куч, *каж'уј̣емо* М, *насељ'уј̣еў, направ'уеў* Р, *отидњ'уемо* ЉЬ, *се од'ељуј̣е, пр'епњуј̣е* Бр, *пр'отњуј̣еш* М, *прев'еѓуј̣е, пок'ањуј̣е, к'е разм'ешуј̣е леп* ЉЬ, *с'ањуј̣е* К, *се ст'епуј̣е* Гор, *син ми се ик'ољуј̣е* ЉЬ, и др.

Доста е бројна групата изведени глаголи со наставката *-а* и нејзините деривати. На пример: *мења, сања* М, покрај *м'енуј̣е, с'ануј̣е,* а спрема нив и: *се пр'омења, свеедно* (стално) *га ст'омења* Гл; *ваќа, враќа, плаќа, праќа* М, ЉЬ, *смеќа* Бул (смеќава); *р'астура, пушта, т'овара; 'остава, п'оправа, р'асправа* Бањ; *врља* (: свршените *'остави, пушти, т'овари, врљи*) и сл. Или со изменет коренски вокал: *з'апира, 'извира, с'абира, се с'увира* Гл (од *сурива*); *зима* Куч, *'узима* Гл, Бањ, К; *се клања* Гл, *д'ова̀га, пр'ева̀га* М, Бањ, и други. Во правите црногорски села се среќаваат и форми од типот на старословенските **рицати, плитати, начинати**, кои во поголем дел од нашите говори се загубиле. Само тие не се веќе продуктивни, како што е случајот во кумановско-кратовската група говори. Така имаме: *Одрицај се од мајка ти / одрицај се од младоста / нарицај се на староста* Гл; *се н'апљита* ЉЬ, *ги н'апљита, се р'аспљита* Гл, *пр'олита* Гл, Ч, *жената 'умита* Гл (*премита* во централните говори) : *мете, га ср'иташе свеедно* М, *пр'отиња* М, ЉЬ, *с'атиња* М, *се с'атиња* Гл, *поч'ињеў од осам сават* Бањ, *не ми т'екиња за једенье* Цр. Но наспоредно од истиве глаголи можат да се сретнат и несвршени итеративни форми со наставката *-уј̣е-* : *пр'отњују, не ми т'екњуј̣е* Бр.

Покрај *'обора, 'отвора, пр'етвора* и сл. се употребуваат и формите со *а* место *о* во коренскиот слог: *'обара, 'отвара, з'атвара* К, *се пр'етвара* Поб, а наспоредно со *'остава, п'оправа* и *'остављ̣а* Ч, *'остављ̣'а* Куч, *п'оправљ̣а* К, покрај *ј'аву(ј)е* и *ј'авља* Гл, *јавл'а* Куч, и готово редовно *'управља* Поб, Гл, К.

Сп. и: *'улази* К, Ч, спрема него и *слази* Поб, *девојче не слази* (Томић, 1905 : 488), *диза* ЉЬ, *д'изамо* М; *з'астива, кива* М, *'открива* К. Покрај *ваѓа, паѓа, ваќа* се употребуваат и форми со неизменето *д,* одн. *т* : *вадам, падам* Бањ, *многу ретко ваша* К, а покрај *веќава* и *ветам, -аш* М (: *ветиш*), но и *об'еќава* К и *об'етуј̣е* Поб.

Глаголски основи и групи. – Стариот однос меѓу презентската и аористната основа во споредба со другите наши говори во сите групи се пази релативно добро. Секако има и случаи во кои дошло до мешање и замена на една основа со друга, но тие не се толку бројни. Така, на пример, презентската основа е заменета со аористната во глаголот *бидам, -еш,* како и во сите други наши говори, во *умре, се труе* и др., или аористната со презентската во: *з'акуна, пр'окална* (: *куне*), *р'асцвета* (: *цвета*), *вуче, д'овуче, му 'извуче паре, се 'обуче, повал* М, Гл, *мел'а* О, *додека мел'ав он с'едеше* Куч и други. Глаголите на *-не,* од типот *падне*, во аористната основа завршуваат на *-на* (место старото **-nǫ*), кој суфикс е внесен од југ и се генерализирал на целата категорија. Стариот однос на основите се пази и кај глаголите од типот на **kupovati*, со таа разлика што место вокалот *о* во суфиксот имаме *у,* кое е внесено од презентската основа; сп. сегашно време *купуј̣е* : аорист *купува,* глаголска *л*-форма *купувал*, и сл. Така е тоа готово на целата територија, со исклучок во крајните југозападни села каде што модифицираната аористна основа продрела и во презентот, сп. *к'упуваш, потпа-*

л''уамо оѓањ, от̄ т̄ăѓа се зап̄р'аува свадба, не т̄е п̄р'ашуа Куч. Така е и во говорот на Блатијата.

Нема некои големи измени ни во односот на глаголските групи. Спрема завршниот вокал на презентската основа сите глаголи можеме да ги класифицираме во три групи: *е-, и-* и *а*-група, не земајќи го предвид глаголот *сум.*

Во првата, *е*-група во нашиов говор спаѓаат и глаголите на *-у* : *к'уп̄уі̯е, к'ажује, п̄рек'ажуі̯е* и др. Потоа во *е*-група одат и глаголите со суфиксот *-са-,* како *арниса, наваса,* кои во централните и воопшто во нашите **ъ, *ь > о, е*-говори спаѓаат во *а*-група. Сп. во овој говор: *'арнише, кал'аише, м'уљоше, н'аваше, рават̄'ишемо, 'ујдише* М, или *ст̄аше, да ѓа ст̄ашеш.* Извесно колебање се забележува само кај глаголите од типот *ост̄арам, -иш* . Тие се менуваат најчесто по *е*-група, сп. *'ост̄ареш, ост̄'аремо* М, *'оѓлуве* К, *'обељу – 'обеле* Љ, *ке 'оздраве* Ч, но и: *да ми оздрави дет̄ет̄о* Куч, *нека 'ослеп̄и* Бр, *да не се р'азболиш* Љ. – Глаголот 'пее' се јавува во две форми: *п̄оје* М, Љ, Бр (од *е*-група) и *п̄ова, п̄овамо* М, К (од *а*-група). – Литературното *т̄реба* овде се јавува во формата *т̄ребе,* како и во другите северни говори: *шо т̄ребе* Гл, *не т̄ребе ништ̄о* Бањ, *не т̄ребе да н'осимо ништ̄о* Љ, *зар не т̄ребе миі̯е да і̯'едемо* Поб.

Преѓлед на ѓлаѓолскит̄е форми

Сеѓашно време. – Еднина 1 лице. Во поглед на завршокот во 1 л. едн. Разгледуваниот говор не е единствен. Во селата јужно од линијата Бразда – Љубанци во него имаме редовно *-м,* односно *-ам, -ем, -им.* На пример, *-ам* : *имам, викам, сакам, чит̄ам; -ем* : *берем, ѓребем, к'ажуі̯ем* Р, *знаі̯ем, не можем да доем, к-идем, да куснем, да ѓа сăберем, да се сăблечем, да т̄и шеп̄нем, ке му речем, и ја ѓи знаем* Куч, *сеі̯ем* Ст, *идем со њеѓа* Ор; *-им* : *п̄амт̄им, ке т̄и п̄лат̄им, шт̄о да п̄рạјм* Куч, *видим, вр̥шим, куп̄им, ќут̄им* Р, *лежим, носим* Бул, Цр. Поретко вакви образувања се среќаваат и во Љубанци, а многу ретко во другите северни села.

Проширувањето на карактеристичниот вокал од основата и во 1 лице е особина што се јавила на овој терен, како што е случајот во долнополошките говори (Селищев, 1929 : 359), во кривопаланечкиот и во некои јужни кратовски села што граничат со кочанскиот говор.

Во селата што се наоѓаат северно од означенава линија на *-м* завршуваат само глаголите од *а*-група, и само неколку глаголи од *е*-група, имено *(ј)ем, дам, знам* и разни сложени форми со нив. Сп. *К'е т̄е ем* Љ, *ем леб̥* Бр, *ал-да му дам* Бањ (: *даде, дадемо*), *да п̄родам* Љ, *знам* М, К, *не знам* К (: *знаеш*). Сите други глаголи од последнава група и глаголите со основата на *-и* во 1 л. завршуваат на *-у,* како во кумановско-кратовските и јужноморавските говори. На пример: *беру, бришу, вучу, ѓреју, деру* М, *кову* Љ, *лижу, не моѓу да мр̥дњу* Љ, *можу* Бул, *нижу* К, *п̄оју, п̄ечу, 'от̄ечу* Гл, *'исп̄ечу* Ч, *сп̄асу, ст̄рижу, т̄рују; к'е разм'ешују, др̥п̄њу, скр̥шњу* Поб, *мажњу* Бр, *свр̥ќу, ваќу; – броју, вару, вр̥љу, ѓору, 'изѓору, 'оѓлуву, куп̄у, 'обору, 'от̄вору* М, *т̄уру, ст̄оју* Љ и др.

Множина. Во 1 л. мн. имаме наставка *-мо* на целата територија: *да се в'идимо* Куч, *ч'аст̄имо* О, *да п̄озб'еремо* Ор, *да се ч'удимо* Бр. Јужната изоглоса на оваа црта се поклопува со говорната граница спрема блатскиот и говорот на Каршијак и Дервент. Во соседните села Бардовци и Бутел веќе оваа форма завршува на *-ме.*

Во 3 л. мн., се истакна и порано, наставката *у* (од **ǫ*) по гласовен пат преку едно слабо артикулирано *у* се изменила во неслоговно *ў*, а понатаму во нормално лабиодентално *в*. На оваа територија можат да се чујат сите овие варијанти (*у, ў, в*). А тоа значи дека процесот уште не е наполно завршен. Оваа разновидност во изговорот на односниов глас ја наоѓаме одразена и во материјалите забележени од Елезовиќа. Во едни случаи тој бележи *в,* сп. *земав, носив, садив,* во други *у* : *жетву је жњеjу, песму је поjу* (Елезовић, 1933 : 222, 223). Томиќ (1905), пак, редовно бележи *в.* Наши примери: *врљаў, се гошќ'еваў* М, *пушпаў, пураў* Љ, *копав, сакав* Куч, Ор, *чекав, ручав* Бул, Цр; – *белиў, готвиў, испр'азниў* М, *кањиў* Ч, *отв'ориў, пов'ариў* Љ, *г-удрив* Куч; – *одв'едеў* М, *засп'иеў* Бр, *сеjеў, поеў* Р, *се здрачев* Куч, *чапнеў* Љ, и др. Оваа црта, која е карактеристична за сите гранични српски и македонски говори, на скопскиот терен се среќава до линијата што ја сочинуваат селата Волково – Оризари – Радишани – Стајковци.

Целата парадигма на сегашното време изгледа вака:

I		II		III	
гледам	*гледамо*	*ношу*	*носимо*	*сечу*	*сечемо*
гледаш	*гледате*	*носиш*	*носите*	*сечеш*	*сечете*
гледа	*гледаў(в)*	*носи*	*носиў(в)*	*сече*	*сечеў(в)*

Заповеден начин. – Заповедната форма се образува по ист начин како во другите скопски говори: со наставките *-j, -jте* кај глаголите од *а-* и *и*-група, *-ете* кај другите групи: *дојди – д'ојдете, кажи – к'ажете, легни – л'егнете, 'арниши – арн'ишете, в'ароши – вар'ошете, кал'аиши – кала'ишете, ом'есете, седи – с'едете* Љ. Од глаголот *(j)ем* заповедната форма гласи *(ј)еди – (ј)'едете* М, Ч, Бањ. Формата *јеѓ,* што се среќава во призренско-јужноморавските говори, овде е непозната. Наставката се губи кај глаголите од типот *се крijам, мијам* : *скри се, напи се, изми се,* и во множината: *нап'ите се, скрите се, изм'ите се.* Форми како *скриете се, напиете се* и др., какви што среќаваме во некои полошки и поречки села, не забележив. Кај другите глаголи што им завршува општиот дел на вокал, *ј* се пази и во еднинската и во множинската форма: *скрој – скројте, посеј – посејте.* Од глаголите на *-уе-* заповедната форма гласи: *к'упуј, к'ажуј – к'упујте, к'ажујте,* а во Кучково, каде што овие глаголи се од *а*-група, се употребува и друга форма: *к'ажуај – каж'уајте, вер'уајте.*

Наставката *-ј* често се губи и во формата *одај* во изразот *'ода-'амо*! Поб, Љ, Ч. Со скратена форма се употребува доста често и заповедниот начин од глаголот *чека* : *че мало* Поб, Ч (сп. во другите наши говори *чек!*), *че з'астани мало да земем душу* Куч, но редовно *ч'екајте*; потоа од *држи* : *дрш-се* Гл, и во мн. *дрш-те се* Гл, Гор, Љ. Обична е формата *немој – н'емојте,* која служи и за искажување на негацијата: *Немој да поjеш, ме боли глава* М.

Минато определено свршено време. – Со губењето на *х* и овде, како во кумановско-кратовските и јужно-моравските говори, првото лице еднина се изедначило со второто и третото кај оние глаголи што им завршува основата на вокалите *а, е, и.* На пример: *Ја се дина од земњу* Гл, *таг ја н'аsрна* К, *ја си седна а он стои* М, *гу сабра, закла* Бр, *му 'испова (ја) две песме* Ч, *'улегна, туј пр'е-*

леґа, 'избеґа Цр, *врза, 'изашка* Поб, *'арниса, беґ'ендиса, пр'ечека, п'овика; ја им 'извести* Цр, *'овр̥ши* Ч, *пр'етури, з'атвори* Р, *'остави, купи* ЉЬ, *н'апуни; с-изми, с-отру* Бр; *'изґоре од вруќину* Поб, *таґ се р'азболе* (ја) ЉЬ. – 1 лице множина завршува на *-мо,* и само спорадично во најјужните села и во Кучково имаме *-вмо* : *седн'амо, почн'амо да беґамо, му ґи дад'омо на руке, ґу закл'амо овцата по н'аполе* Цр, *кат отступ'имо* Бул, *ґи дон'есомо дома, от'идомо и раст'уримо племњу* Ч. – Во 2 лице се пази старата наставка *-сте* : *из'ашкасте, се 'измисте ли* М, *изґ'ореспе* ЉЬ, *дојдосте* (Томиќ, 1905 : 500), *овр̥ш'исте, замес'исте* леп Цр, ми *досад'исте* Бул, *насад'исте* Р, *от'идосте, вие стари с'еднасте овде* Ч, *заш-поб'еґнасте* Бањ. – Не е единствен нашиов говор во поглед на наставката за 3 лице множина. Во Кучково, Орман и граничните села под влијание на скопските говори усвоена е наполно имперфектната наставка *-а,* пред која по загубата на *х* се јавило хијатско *в* : *се вр'атива, дон'есова, д'ојдова* Куч, *избр'ишава, н'абрава, р'екова* О, *продад'ова, не ни с'акава, з'имава* ЉЬ, *бутн'ава, раздел'ива, растур'ива* Цр, *ме вр̥заа* Р, *п'очнава, ост'анаа, изб'еґаа* Ор. На целата друга територија се пази старата аористна наставка *-ше,* и само спорадично се среќаваат образувања на *-а* кои продираат од југ. Сп. *они ми одґовор'ише, изед'оше ме вашк'е, утеп'аше ґа Вас'иља* Цр, *ґрабн'аше ґа и обес'ише* Бул, *раздел'ише се, изґор'еше ми уши* Р, *све опљ'ачкаше, 'узоше, заш-поб'еґоше* Ч, *му ґа од'узоше место* Бањ, *што напр'авише турскому цару, за'узоше* Поб, *прим'ише, натовар'ише* ЉЬ, *ј'анаше* Поб, *сви мирковчани нал'етоше* М.

Во Кучково и другите гранични села не се необични и аористни форми со наставките *-вмо, -вте,* одн. *-ᵉмо, -ᵉте,* со многу слабо *в*, а во Радишани тие се многу почести: *дадов, дадовмо, дадовте, дадова.*

Во аористната основа нема некои поголеми промени. Глаголите *види* и *седи* спаѓаат во *о*-раздел: *видо – видомо, поседо – поседосте,* како глаголите од типот *дојдо, дадо, реко* и сл. Глаголите како *бројам, -иш* во аористната основа завршуваат на *-и* : *му ґи 'изброи све паре* Гл, *ал-ґу скрои кошуљуту* Бр, а *допре, потпре* се повеле по глаголите од типот *берам* и во аористот гласат: *се допра, потпра* М, Гл (: *допрев, потпрев* во централните говори). Покрај *изґризо, напасо,* 2 л. *изґризе, напасе* забележив: *ал-ґи н'апаса овце* ЉЬ, *све корупу ґу 'изґриза* Бањ.

Целата аористна промена изгледа вака:

дојдо	*дојдомо*	*седна*	*седнамо*
дојде	*дојдосте*	*седна*	*седнасте*
дојде	*дојдоше*	*седна*	*седнаше*
	(дојдова)		*(седнава)* итн.

Минато определено несвршено време. – Ова време се образува со наставките:

едн.	мн.
1. *-ше*	1. *-ше-мо*
2. *-ше*	2. *-ше-(с)те*
3. *-ше*	3. *-ше-ў(в)*

Како што се гледа, наставката од 2 и 3 л. едн. *-ше* се проширила на целата парадигма. По овој начин имперфектната форма се образува и во јужноморавскиот дијалект, со таа разлика што во него во 1 л. се јавило спрема презентот *-м,* а кое во Црногоријата може да се сретне сосем ретко. Ова преформирање на имперфектната основа секако се извршило по загубата на согласката *х* во 1 л. едн. и во множинските наставки *-хмо, -ху,* за да се избегне совпаѓањето со презентот во множинските форми, а во 1 л. едн. со аористната форма. Во оние говори каде што совпаѓањето со презентската форма било отклонето на друг некој начин (сп. во кумановскиот: *има-смо, има-сте, има-ва,* во овчеполскиот *има-амо, има-ате, има-(в)а* : презент *имамо, имате, имав*), наставката *-ше* се пренесла само во 1 л. едн. На *-сте* 2 л. мн. завршува во правата Црногорија, додека во југоисточниот дел до Љубанци на север *с* во наставката за 2 л. не се јавува. – Согласката *в*, одн. *ў* во 3 л. множина не се јавила по аналогија на сегашното време, како што го објаснува Угринова (1951 : 31), туку се добила во резултат на гласовен процес од *у* по загубата на гласот *х*.

Така денеска целата парадигма на имперфектната форма во правите црногорски села гласи:

имаше	*имашемо*	*носеше*	*носешемо*	*идеше*	*идешемо*
имаше	*имаше(с)те*	*носеше*	*носеше(с)те*	*идеше*	*идеше(с)те*
имаше	*имашеў(в)*	*носеше*	*носешеў(в)*	*идеше*	*идешеў(в)*

Сп. уште: *копашемо – копашесте – копашев* (Томић, 1905 : 503), *намешќ'ашемо – намешќ'ашеў, сăбир'ашеў, дав'ашеў, гошќев'ашеў* М; *нос'ешемо – нос'еше(с)те, нос'ешеў* Љ, *по'ешемо – по'ешесте – по'ешеў* М, *тка'ешемо – тка'ешесте – тка'ешеў* Бр; *се'ешемо – се'ешеў, ми'ешев* Р, *купу(ị)'ешеў* Гл; *вие га с'еịасте мие га жњеị'ешемо* Љ; *трипути селово наше сак'ашеў да га гориў; у наше село доод'ешев, ид'ешев* Љ.

Во граничните села во 3 л. мн. под влијание на полскиот скопски говор се јавила наставката *-а,* одн. *-ва* : *в'ршева* Ст, *б'ерева* Рад, *'идева, м'етева, тк'аева, таќе они пр'ојдова, тука бева* Куч. Но таму и во 1 и 2 л. мн. се среќаваат доста често и примери со *в* место *х* : *б'еревмо, б'еревте, б'ерева* Рад.

Глаголска л-форма. – Формата за машки род завршува на *-л* (образувања на *-ја* како во кумановскиот и јужноморавскиот говор нема), за женски на *-ла,* за среден на *-ло,* и во множината имаме *-ле* за сите три рода. И овде можат да се образуваат *л*-форми од имперфектната основа, но не од сите глаголи. Најчесто по две форми среќаваме од глаголите од *и*-група, сп. *носил – носел* М, *мараму н'оселе* Љ, *мислил – мислел; пой се мислел, се мислел и не могал однаг да му каже* (Томић, 1905 : 493); *после се м'олела на цар'отога* Ч. Меѓутоа, глаголите од типот *бере* имаат само една форма: *брал, драл, клал, прал* (: *коље*, и *кољал* : *кољa*). Исто така се необични глаголски образувања на *-ел* и од глаголите што спаѓаат во *о*-раздел, на пр.: *ишал – ишла – ишло – ишле, пекал, секле, текла водата* и сл. Покрај *знал* имаме *знаел* : *не знаеле коњите да си ги земев* Цр; сп. уште *рекạл – рекал, ул'егал, н'изале паре, не могал – не м'огале све да ут'епав* Љ, *нап'асале овце* М, *плакле и зап'але, оне п'обегле* Ч, *прик'азал* Бул; сложени-

те глаголи од коренот *нес-* : *донел, д'онела ѓазаре* Бањ, *ѓа 'однела* Бањ, Гор, *леѓ си 'однел* Бул.

Глаѓолска придавка. – Глаголите што имаат во општиот дел *н* и *њ* глаголска придавка образуваат со суфиксите *-т, -та, -то, -ти, -те* : *викнат* М, *леѓнат* Љ, *з'амрзнат, ожн'еато* – *'ожнато, п'адната* М, *ако му је п'ознато њему* Куч; *женет, ж'ењети, к'ањете су на свадбу* К, *н'арањет, н'апуњет, пр'омењет, рањет.* Освен овие доста често со *-т* придавката се образува од *ниже* и *умре* : *појас низат сăс пăре* Гл, *шам'ијуту н'изати да ѓу видиш* Љ, *стариште се из'умрети* Ст, *'умрета* Бр. – Кај другите глаголи придавката се образува со суфиксот *-н, -на, -но* : *бран, н'абрано* М, *в'рѕтена роѓожа* Љ, *везен, врзан, з'аклан, узено; 'избрисан, з'аписан, 'описан, низан* М, *пом'узана* Гл.

Што се однесува до употребата на односната форма, и за овој говор важи она што го наоѓаме во говорите коишто претставуваат основа на литературниот јазик: таа може да се образува како од преодни така и од непреодни глаголи (Конески, 1954 : 168).

Глаѓолски прилоѓ. – Во образувањето на глаголскиот прилог говорот на Црногорија не е единствен. Во јужните села на целиот појас од Страчинци до Кучково и на север до линијата Љуботен – Љубанци – Бразда наставката за глаголскиот прилог гласи *-еќе,* одн. *-ќе, -ке* или *-јќе,* како во Овчеполието и кратовскиот говор. Образувања на *-ќе* обични се и во говорот на Блатијата сè до границата со велешкиот говор, а нешто поретко се јавуваат и во дервенските и каршијачките села на запад до Жеден и Сува Гора. Со други зборови, оваа црта се простира на целиот појас од бугарската граница на исток па до Сува Гора, Добра Вода и Песјак на запад (Видоески, 1950 : 49). Примери: *беѓ'аќе* Цр, *беѓ'а:јќе* Цр, *коп'а:ќ'е* Бул, *коп'аеќе* Р, *коп'а:ќе* Ст, *кол''а:ќе* Куч, *крек'а:јк'е* Цр, *напушта:ќе* О, *работ'а:ќе* Куч, Бул; *бер'е:к'е* Куч, *крек'а:јк'е* Цр, *напушт'а:ќе жне'е:к'е* О, *работ'а:ќе* Куч, Бул; *бер'е:к'е* Куч, Р, *по'е:к'е* Куч, *од'еек'е* Р, *сеч'еек'е* Ст, *струж'е:јќе; врт'е:ќе* Ст, *врш'ееќе* Р, *нос'е:ќе – нос'е:јќе* Цр, *трч'е:јќе* Бул. – Во северните црногорски села пак прилогот завршува на *-еќи (-ек'и, -еки),* како во кумановскиот и северните полошки говори: *вик'аек'и* Ч, *работ'аеки* М, *ид'еек'и, мињ'уек'и* Љ, *суч'ееки* М, *стањ'уек'и* Љ, *бел'ееќи* Бр, *суд'еек'и, чин'еек'и* К.

Формите на ѓлаѓолите 'сум' и 'оќе'. – Сегашното време од 'сум' гласи: *сам, си, (ј)е, смо, сте, су – са.* Во граничните села во 1 л. едн. може да се сретне и формата *сум* Куч, Вол. Во 3 л. мн. има две форми: *су* и *са,* од кои првата преовладува во северниот дел, а во јужните села обична е формата *са* Куч, Вол, О, Рад, Бул. Сп. *близо су, ако су добри, колк'о пăре су*? Ч. Негираната форма: *н'е сам, н'е си, н'е (ј)е, н'е смо, н'е сте, н'е са.* – Формите од *биде* се: *биѓу, бидеш, биде, б'идемо, б'идете, бидеў(в),* заповеден начин: *биди – б'идете.* Од простите претерити има само имперфект: *беше – б'ешемо, б'еше(с)те, бешеў(в),* одн. *бева* во појужните села. Во Побожје од стар човек забележив во 1 л. едн. форма со *-м* : *Ја бешем у Романију.* Глаг. *л*-форма: *бил, -а, -о, -е.* Глаголскиот прилог од овој глагол не се употребува.

Глаголот ‘оќе’ има две форми во презентот: *оќу, оќеш, оќе, оќемо, оќете, оќеў(в)* – оваа само во правата Црногорија, и негираната: *неќу* (во Кучково и Булачани: *неќем), неќеш, неќе, неќемо, неќете, неќеў – неќев.* Од ненагласената форма во употреба е, како и во другите говори на нашиот јазик, само формата за 3 л. едн. – *ќе,* која служи за образување на сложеното идно време. Во некои изрази може да се сретне и формата за 2 л.: *што ќеш му* Куч, *нема што ќеш, куде кеш* Ч. Во имперфектот се употребува само негираната форма: *ја н'еќеше д-иѓу, он н'еќеше, нек'ешемо, неќ'ешеў* ЉЬ, а од ненагласената *ќеш(е),* одн. *кеш(е)* со која се образува минато-идно време. Глаголската *л*-форма: *неќел, -а, -о, -е.*

Сложени форми

Во образувањето на сложеното *идно време* нема разлика со другите наши говори: *к’е сеѓу* Ч, *к’е ти платим штету* Куч, *ке узне* ЉЬ, *ке д'ојдемо* Бр, *ке дојде, ке туцаў камење* ЉЬ.

Минато-идно време има поинакво образување. Тоа се образува како во кумановско-кратовската група говори – од партикулата *кеше* и сегашното време на глаголот со партикулата *да*. На пример:

к’еш(е) да падњу	*к’еш-да паднемо*
к’еш-да паднеш	*к’еш-да паднете*
к’еш-да падне	*к’еш-да паднеў.*

Сп. *За малко к’еш-да падне* ЉЬ. *Да имаше пари кеш-да купи нешто* Бр. *Ќеше да м-утепа мене. Он и њеѓа к’еш-да ут'епа тики побеѓна* Цр. *Да беше она, поарно кеш-да каже* Р. *Да беше дочекал, кеше да ме убие. За малко кеше да кажеш све паре* Ч. *Да не 'избеѓа, кеше да ѓа убиеў Буѓари. Кеше да те удару* Бањ. Многу се поретки случаите кога се испушта *да* : *Ќеше умру да не дојде доктораѓ* М. *Ја кеш’ те тепам, боѓа ми* Ч. *Кеше ти дам, ал-не ми се зѓодише пари при мене* Ч. – Вакви форми, познато е, денеска не се необични и во другите скопски говори, дури и во велешкиот во кој партикулата *ќеше* може да се чуе и во формата *чеже.* – Меѓутоа, не се сосема непознати ни образувања од видот на литературните, но тие се во споредба со првите далеку поретки, а во најсеверните села готово и необични, дури туѓи, особено во говорот на постарите. Сп. *Да ме не уваѓи, ќе с-утепав* Куч. *Ако имаше сено, ке ѓедеше* (*коњоѓ*) О. *Арно ќе беше, да бемо вид'еле* Цр.

Во приведениве случаи, како што се гледа, односнава форма е употребена за означување обусловени дејства, а може да се рече дека е тоа и основно значење нејзино во овој говор.

Форми за прекажување на идни дејства во обичниот говор се среќаваат ретко, сп. *Слушна дека ќ'е ишле тамо* М. *Ми рекоше к’е дошал, ама ѓа нема* Бр. *Ќ-ишле у рај, викав* Ст.

Од сложените претерити широка употреба има *минатоото неопределено време,* и се употребува главно со сите оние значења што ги има тоа и во појужните наши говори. Некоја поособена употреба не забележив, и затоа нема ни потреба да приведуваме примери. Исто така нема разлика ни во неговото образување – во третото лице не се јавува формата од помошниот глагол, како што имаме случај во кумановскиот и јужноморавскиот. Сп. *сам повал, си повал, смо*

повале, сте повале, повале; н'е сам зат'екал, сам пр'еспал мало Цр, *смо седеле у едан ан, сам немала мајку* Бр.

Поограничена е употребата на *предминатото време,* кое се образува по начин познат од другите говори: *Се писал беше* Цр, *да беше ме дочекал...* Ч.

Минати дејства можат да се изразуваат и со разни сложени форми со глаголите 'има / нема'. Но нивната употреба во разгледуваниов говор е многу поограничена во споредба со другите скопски или полошките говори. Сп. *имам учено, имаш учено, има учено, имамо учено, имате учено, имав учено* Куч; *имаше работено* Бр, Љ. Овде се среќаваат и споеви во кои глаголската придавка сè уште не ги загубила наполно своите обележја на родот и бројот, на пр. *има пренесени доста камења* Ор, *две куќе имам направене у стару Југославију* Бр, *цигʼариња имам напраʼени* Цр, *има дојдʼени од Морава* Р, *има погʼинати доста* Ч. Не се чести ни форми сложени со партикулата *би,* сп. *Он би дошал, паре нема* М; *прво би ишал дома* Бањ.

Предлози

Ќе ги приведеме само оние предлози што во литературниот јазик или се непознати, или се јавуваат доста ретко.

више. – Овој предлог се употребува на целата територија и има пространствено значење – над нешто. На пример: *Отʼишла нʼекоја баба вʼише сʼело* Љ. – *Вʼише кʼуќу пројдо* Поб. – *Турци више Скопље тепʼашеў* К. – *катран вʼише гʼлʼаву* М, *натамо више тʼекето* Цр, *а по пут а вʼише пʼут, вʼише тʼебе, вʼише бʼуку, вʼише нʼас* К, *од вʼише пʼутот* Цр.

врз. – Се јавува и во формата *врж.* Често се употребува и тоа само во она значење што го има тој и во литературниот јазик. Сп. *Остај врж њʼега* Љ. – *Врж њʼега стои* Бањ. – *Он га тʼураше едно врз дрʼугo* М. – *Е, поше, ја те чекам под земња, а ти си врз зʼемња.* – *Ми се тʼовари врз мʼене* Цр. – *Врс кʼаменот има кош и кутʼлʼица* Бул. – *У врс сʼедење ке тʼуримо* Бањ. – *Ке туриш срп врз дʼете* Гл. – *Врз кʼолуноп стоев чапрʼазите* Р. – *Седна врс снʼопје.* – *врз 'аљишта* Гл, *врс куќу* Љ, *врз вагоани* Ор, *врз ковчʼезите* Бр. Во Бањане еднаш забележив *враж : враж њʼегову куќу.*

из. – При глаголи што покажуваат движење овој предлог означува место откаде што произлегува нешто и се оддалечува. Тоа е неговото основно значење. На пример: *'Искочил ис иʼуму* М. – *Онија ајдуци побегнале из цркву* (Томиќ, 1905 : 489). – *Ис кʼасарне сʼизвукал* Ч. – *По едну рилу да вадиш из 'уста* Бањ. – Потоа: место каде што настанало нешто и родно место, на пример: *Спаса беше из Пеќ* Поб. – *Цветко Чупков из Бродац* Гл. – *Родом је ис Чʼучер, из Глуво* Бањ. Или во случаи како: *дăн из дăн* Бр, *гʼодина из гʼодина* Љ, Бул, во значење 'стално, секој ден'.

Поретко се употребува и место предлогот *низ* за да покаже движење, провирање во еден предмет: *Прође ис кʼуќу* Љ. – *Ис сʼело прође* М. – *Прошло ис тʼрло, из лʼојзе* Поб.

Најинтересна е неговата употреба место предлогот *сă – сăс* и за средство и во социјативно значење. Сп.: *Сечу из нож.* – *Пишу из плавез.* – *Се гранʼичимо из Пʼобужје.* – *Турчин нема да те види из 'очи.* – *Кăд вʼикнаше из тʼопови.* – *Ако ти види свʼетало одма из пʼушку тинг.* – *Из брата ми кʼиг'у у Скопље.* – *Из мене беше.* – *Да беше отʼишал из деда ти.* – *Из разни људи сам ишал.* – *Трг'овина ис*

сто̄ку. – Сите примери се од Кучевиште, и со ова значење *из* се јавува само тука. Но паралелно со *из* се употребува и предлогот *са̄, са̄с – са̄з.*

исп̄од. – Покрај *п̄од* се употребува и сложениот предлог *исп̄од* : *исп̄од н'ог̄и* Бул, *'исп̄од Бел Камен* Поб, *исп̄от̄ п̄ут̄ н'адоле* Куч.

куде. – На литературните предлози *кај, каде* овде им одговара *куде* и за место и за правец. На пример: *Дошле Турцит̄е куде д'ецат̄а* Љ. – *Ј'ут̄рет̄о иде куде мајка ј̣е њ'ојзина. – К-иг̄́у куде Мил'анови* Гл. – *Седи ба̄ш куде вас. – Удримо за на куде Солун* Љ. – *Куде свир'ачиве, куде л'ојзено, куде Л'ат̄ински Гр'обишт̄а, куде Вит̄'ана.* Цр. Сложен со други предлози: *накуде, от̄куде,* сп. *'улег̄ал от̄куде в'учник низ вод'еницу* Бањ.

мег̄́у. – Овој предлог се јавува и во формата *мег̄́е* : *мег̄́е себе* Поб, *мег̄́е М'ирковци и мег̄́е Глуво се бишеў* Гл. Сложен со други предлози: *п̄'омег̄́у себе* Бр, *'измег̄́у п̄лемњу и куќу* К, *'умег̄́у Гн'ојано и 'умег̄́у Војводин'а-Вода* М.

окол, около. – И двеве форми се употребуваат наспоредно: *окол њума* М, *окол њојна кула* (Елезовић, 1933 : 219).

от̄уд, одовуд, одонуд – се јавуваат негде и во формите *от̄удај, одувај, одундај; от̄уд'ај реку, одувд'ај реку* Куч.

п̄ри. – Често се употребува, но само со пространствено значење (наоѓање кај некој предмет): *От̄'иде п̄ри др̥вар* Цр. – *При м'ене с'едеше* Бр. – *Не ми се зг̄'одиле п̄аре п̄ри м'ене* Ч. – *С'еделе п̄ри м'ајку* Гл. – *За п̄ри мајку* Бул.

п̄роз. – Доста е чест и се употребува на целата Црногорија. Значи поминување низ средината на нешто од еден крај на друг. На пример: *Пројде п̄роз њ'иву* Бањ. – *Пројде п̄рос с'ело* Куч. – *К-иде п̄рос ч'аршију.– Сам п̄р'ошал п̄рос шк'оле* К. – *Им п̄р'оваг̄́а п̄рос к'уќу* М; сп. и: *Прос шума се расп̄'р̥скале* Гл. – *Пројде п̄роз нас 'удоле* Бањ.

п̄рокај, п̄рекај. – Предлогот *п̄окрај* се употребува најчесто во формата *п̄рокај,* поретко *п̄рекај.* Сп. *Има кучики п̄рокај њ'ег̄а* Љ. – *Береў т̄раву п̄рокај в'оду* Љ. – *Пр'оваг̄́а п̄рокај к'уќу* Ч. – *п̄рокај с'елот̄о* Љ, *п̄рокај р'еку* Љ, Бањ, *п̄рокај п̄'ут̄* Ч. – *Пројде п̄рекај л'ојзе. – Јован п̄пројде п̄рекај м'оза̣т̄* Бањ. Последнава форма можела да настане и во резултат на мешање меѓу предлозите *п̄рокај* и *п̄реку.*

са̄с. – Овој предлогот овде се јавува обично удвоено, како и во другите северни говори. Сп. *п̄ишу са̣с п̄л'авез, се виде са̣с т̄'ет̄ку ми* М, *са̣с креду, са̄с ш'ишет̄о* Бањ, *са̄с к'от̄личе, са̄с п̄'ирајку* Поб. Кога стои пред збор што почнува со мека согласка *(љ, њ)* крајното *с* преоѓа во *ш* : *са̄ш њег̄а* Бањ, *са̣ш њ'ума* Гл. Но не се непознати ни примери без удвојување: *С т̄ебе да се раскус'уримо* Куч. – *Се в'р̥жало с јуже* Бањ. – *Га динал са̄ све вреќу* Ч. – *Пуп̄а̣к му г̄-'очече са̄ ср̥п̄* Гл.

у. – Место **vъ* на целата територија од овој говор има *у* : *От̄иде у Скоп̄је* Бр. – *У г̄рад̣ ке слег̄не* Бањ. – *Иде у село* К.

Освен тоа овде се пази и стариот предлог *у* : *У Ч'овека се деле* Цр. – *у змај'от̄ог̄а нашле едно ш'ишенце* Ч. – *Живиў у злат̄ари* Гор. – *У д'евојку ке се 'однесе* Гл. – *Тој т̄и ј̣е у с'ељаци* Поб. – *Пр'елег̄а у н'ас. – Дошле у н'ас на свадбу* Цр.

уз. – Стариот предлог **vъzъ,* кој во поголем дел од нашите говори се загубил, во Црногоријата, а така и во другите скопски говори, се јавува во формата *уз* : *'От̄иде уз д'ол н'аг̄оре* Бањ. – *ус п̄'ут̄, уз Бел Камен н'аг̄оре* Поб, *уз ѕ'ид̣ оц̣а̄к* Гл, *уз р'еку* Гор, *две музике уж њ'ег̄а* Бр.

Сп. уште: *у срет ч'аршија* Цр; *по св'адбата тӯ'ани, спрема нед'еља* Бул, *преко њ'иву, иде нис ш'уму* М, *ш'амије низ к'укови* Гл, *'около шк'олу*.

Сврзници

И од сврзниците ќе ги споменеме само оние што се необични во литературниот јазик.

Обичен е овде сврзникот *пошто,* но само со каузално значење. Сп. *Дај ми дрва да 'однешу, ако имаш, пошто к-иг̑у празан у Скопље* К. – *Пошто је тако, нека р'аботи, не г̑а з'апирам* Љ. – Поретко може да се сретне и во формата *пошто̄м* : *Пошто̄м је тако, ај д-'идемо куде њ'ег̑а* Бањ.

Со истово значење се употребува и сврзникот *почим.* На пример: *Почим е сушно време, ништо не р'одило.* – *Почим ке седиш, дојди пом'ог̑ни ми.* – *Почим не седиш, к-'идемо.* – *Почим имаш работу, ке ти п'омог̑ну* Ч. – *Почим сакаш ајде* Бањ.

Покрај сврзникот *што̄м* со истото значење се употребува и *чим* : *Чим стиг̑не, нека се јави.* – *Чим дојдо, ја сврто* Цр. – *Чим народот не је сложан, нема ништо.* – *Узни г̑у, чим ти је волја* Бањ. – *Чим ќе му дојде некој, ишал у уќумат* Куч.

Како адверзативен сврзник овде се употребува *тики* : *Не је роса заросила тик-су слузе девојачке* (Петровић, 1907 : 379).

Сврзникот *како,* покрај модалното и декларативното значење, може да се употреби и со временско значење: *Како г̑а бутн'але ман'аширот, в'ојската све ват'ена* Цр.

Со потсилено финално значење се употребува сложениот сврзник *заради да,* познат и во централните наши говори: *Се прави болан з'аради да седи дома* Куч.

1954

ИЛУСТРАТИВНИ ТЕКСТОВИ

Скопска Црног̑орија
Кучково

Крива Мара

Се-с'ăбрале дев'ојчи'ња н'а-вечер да-пр'едаў. 'Ишал 'оздола некој-в'ампир. 'Ама девојч'иња'ата што б'иле пр'ави поб'егнале, а крив'а-Мара б'егала и-н'ашла некој-ст'ок с'ено и-до-ст'огат се-препл'анила, се-з'акрила. В'ампират н'е-смеал да-пр'иде до-ст'огат, п'ошто у-с'еното 'имало некоја-тр'авка што му-шк'одела. Ти'е-вечер М'ара си-сп'ала у-ст'ок. Јутрет'о-вечер п'ак се-с'ăбрале девојч'и'њата, а крив'а-Мара н'е-дошла. Ост'анала д'ома в'ечера да-пр'аи. А-в'ампират д'ошал д'ома к'уде крив'у-Мару и-с'еднал на-ст'ол. М'ара с'ирота с-опл'ашила кăт-га-в'и-

дела 'њ'ега. И-га-пр'ашала : "Д'едо, зошт'о-ти-се 'очите т'олко г'олеми?" "За-д'евојк'е гл'еда'ње" – р'екал в'ампират. "Зошт'о-ти-се, д'едо, з'убите?" "За-д'евојк'е к'уса'ње" – р'екал п'ак. "Зошт'о-ти-се, д'едо, н'октите?" "За-д'евојќе гр'ебе'ње" – р'екал. "Е с'ăга с'еди, д'едо да-ти-д'онесем в'ечеру д'а-вечераш". И-'она му-д'онела в'ечеру. "С'еди, д'едо, да-ти-д'онесем в'ино да-п'уштим од-б'ăчвуту". И-'она сп'аднала у-'избуту да-п'ушта в'ино. И-'он р'екал : "Ќе-ми-'избегаш, М'аро:!" "Н'е, д'едо:, ќе-веч'ерамо". И-'он, в'ампират, н'ашал ј'уже и-гу-в'рзал зан'огу да-н-му-'избега. А-'она н'е-пушта в'ино, гу-одв'ржува н'огуту од-ј'ужето. 'Ама в'ампират чест'опути ј'ужето га-пот'егнува и-в'ика : "Д'ојди, М'аро:, да-веч'ерамо". А-М'ара му-в'ика : "Н'ешто ч'епат мл'огу ми-е-з'авртен, н'е-можем да-га-'одвртим, поч'екај-ме". А-'она гу-одв'ржала н'огуту и-в'рзала едну-к'озу зан'огу. Гу-в'рзала к'озуту и-поб'егнала. Кăт-п'отегнал в'ампират, к'озата свр'екала, и-тăга 'он се-с'етил дека-М'ара г-изл'ăжала и-ст'анал по-њ'ува да-т'рча. И-гу-ст'асал куде-Т'умбу К'ичинску и-т'ука гу-'изел М'ару.

Мирковци

Муж домаќинка

'Отишăал едăн ч'овек да-ж'њеје. 'Жену-му д'ома гу-'остаил да-му-пр'аи р'учăак. 'Она ост'анала д'ома; мл'ого п'ути не-му-н'осила р'учăак на-вр'еме. И-'он п'очел да-се-к'ара сăш-'њ'ума. 'Она му-р'екла : "'Остани да-в'идиш к'ако-је м'ука д'ома". И-'он 'останал д'ома. 'Она кăт-п'ошла на-ж'етву, л'ебăат му-га-зам'есила, а-'он ќе-га-п'ече. Додека-ст'аше л'ебăат, тр'ебе да-м'ути муќ'еницу. Л'ебăат ст'асал а-мут'е'њето н'е-сме да-се-з'апре (ако-се-з'апре, м'асло н'ема). Кв'ачката ст'анала и 'она иск'очила из-вр'ата. 'Он тр'ебе да-гу-н'арани, а-цр'епњу т'урил на-'ога'њ, л'ебăат га-р'азмесил и-'он п'очнал да-му-б'ега н'атамо-н'авамо на-тр-п'езуту. Д'али кв'ачку да-н'арани, д'али да-м'ути, д'али л'еб" да-п'ече, цр'еп'ња му-г'ори. Шо-ќе-н'апраи? Т'урил б'ути'њ на-г'рп и диз'аеќи цр'еп'њу б'ути'њ (п'аднал) на-гл'аву и-ц'елиăат се-'изба'њал. П'осле 'уватил кв'ачку за-н'оге па-одз'ем'њу гу-'удрил и-н'аместо гу-'утепал кв'ачкуту. П'осле кл'екнал на-ј'ајца да-гиквачи. Ж'енава на-ик'индују 'српăат на-р'амо, ст'омну у-р'уке, т'орбу на-р'амо игл'адна 'еве-гу 'иде д'ома упл'ашена. И-шо-'ќе-види : кв'ачка ут'епана, л'ебăат на з'емњ'у се-р'азлазел н'епечен, цр'еп'ња на-'ога'њ, а-'ога'њ 'изгаснал, а-м'ужăат ј'ајца кв'ачи. И-'она му-р'екла : "Ш'о т'ака, ч'овеку, шо-с'и-клекнал т'уј?" 'Он р'екăал : "Т'уј к'е-с'еґу дод'ека се-изв'едеў п'илики". И-је-пр'изнал на-ж'ену-му и в'ише н'икăдᵀ н'е-сакал да-'остане д'ома.

Љубанци

Костарела и царска керка

Бил н'екој-си ч'овек, га-в'икале Костар'ела. Н'имал м'ајку, н'имал т'атка, с'ам б'ил. Б'ил у-ц'ркву како-пр'итроп, и-ст'ално т'амо сл'ужил. 'Арно, едăн-дăн сесл'ожило с'елото да-га 'ожени и-да-му-н'аправи едну-к'уќичку. И-га-повик'уеў да-га-п'итаў д'али 'оќе да-га-ож'ениў и-да-му-напр'авиў едну-к'уќичку за-жив'ее'ње. 'Он им-р'екăал : "Н'е-сакам да-се-ж'е'њу, ј'а-сам с'ирома; 'имот н'емам

н'икакă^{a}в, 'утре к'-'имам фам'илији и-н'емам сă-шт'о да-ги-р'аним. А-'они му-р'екле : "Ож'ени-се, к'е-те-изд'ржава ц'рква". И-'он се-'оженил. По-една-г'одина вр'еме ж'ена-му ост'анала тр'удна. 'Он в'иди дека-от-ц'рквуту н'е-може да-се-изд'ржава, р'ешил к'-'иде на-г'урбет. 'Оставил ж'ену непор'одену и-з'аминал на-г'урбет. И-т'амо се-ц'енил у-н'екога г'азду. При-т'ога г'азду се-п'оказал мл'ого п'оштен и-т'амо ж'ивил, при-т'ога г'азду, дв'аесе г'одине. П'исмо д'ома н'е-праќал, н'емал по-к'ога да-пр'ати. Е-сă'га на-г'аздуту му-до'оди 'абар од-д'ома да-'иде д'ома. И на-'овога, на-Костар'елу му-в'ика : "J'a ќ'е-ти-д'ам тестам'ент за-ш'ес м'есеца ако-се-н'е-вратим н'азат дуќ'аните да-ост'анеў на-т'ебе и-ц'елиă^{a}т имот". Костар'ела ч'екал шес-м'есеца, ч'екал шес-г'одине, г'аздата н'ема да-се-вр'ати. И-едă^{a}н-дăн му-пр'аќа 'абар д'али к'е-д'ојде или-шт'о-мисли. 'Овај, г'аздата, му-одг'овара да-га-н'е-чека. Костар'ела кăд-га-д'обил п'исмото, ф'ирмете ги-пр'епи-сал св'е на-'њега и-ст'анал г'олем г'азда. И он п'огодил 'еднога сл'угу и-р'ешил едă^{a}н-дăн да-му-'остави тестам'ент на-'онај сл'уга како-нег'овијă^{a}т г'азда што-му-'оставил 'њ'ему. И-'узима едне-б'исаге зл'ато, 'узима 'еднога д'оброга к'о'ња и-т'ргне да-'иде за-'њ'егово с'ело. Мисл'еек'и од-'њ'егову фам'илију да-н'ема н'ишто изв'икује у-с'ело н'егде да-пр'еноќи. 'Арно у-с'елото 'имало некој-р'ет : н'е-познат п'утник кă^{a}т-к'е-д'ојде м'ора да-сп'ије у-н'екога д'омаќина. Е н'екој р'екă^{a}л : "Д'ăнă^{a}с р'едă^{a}т-му-је на-Костарел'овога с'ина". И сă'га њ'ему му-п'ад'њује ч'удно од-д'ека м'оже да-б'иде т'оа 'име. И га-одвеѓ'ујеў т'амо. Ни-'он п'ознава с'ина, ни-с'ин п'ознава 'њ'ега, ни-ж'ену п'ознава, ни-ж'ена 'њ'ега. Пр'еноќил како-пр'еноќил и-с'абајле се-м'исли как'о-може да-б'иде т'ај Костар'елов с'ин.

Долни Пологˉ
Врашница

Немушти језик

'Имало едан-'ов^{ф}чар и-'он б'ил мл'ого с'ирома. И-ч'уал 'овце у-п'оле, и-в'идел т'аму едăн-'ог'ин дека-г'ори. У-'ог'инăт г'орела една-зм'ија и 'она га-в'икала 'овчарăт : "'Овчаре, сп'аси-ме – му-р'екла – ќе-ти-к'ажем н'емушни ј'език; св'ите вр'апчињ'а и-жи'отињ'е што-зб'ориў т'и ќе-р'азбираш". И-'она му-пл''укнала у-'уста на-'овчарăт и-т'аја ('овчарăт) св'е р'азбирал што-зб'ореле жиот'ињ'ете. И-'отишал д'ома 'овчарăт и-е-р'екал на-ж'ена-му : "Ќ-'идемо ж'ено: – р'екал – на-г'ости" (у-р'однина њ''ејзина ќ-'идеў). 'Он се-к'ачил на-к'оњ', а-'она на-к'обила. Коб'илата б'ила ждр'ебна, а-и-'она б'ила тр'удна (ж'енава). 'Он 'ишал н'апрет а-'она п'осле. К'оњ'ăт е-р'екал на-коб'илата : "'Ајде п'обрго". А-'она му-р'екла : "Т'и н'осиш дв'ајца а-ј'а четв'орица". И 'ов^{ф}чарăт се-'исмејал. И-ж'ена-му р'екла : "Што-с'е-смеʲеш?" А-'он е-р'екал : "М'ори ж'ено, н'е-смеʲем да-ти-к'ажем, ако ти-к'ажем ј'а ќе-'умрем". И-'она му-р'екла : "Н'е, ќе-ми-к'ажеш па-што-да-б'ило". "'Е, д'обро – р'екал – кăт-ќе-се-вр'атимо д'ома ќе-ти-к'ажем". Кăт-се-вр'атиле д'ома т'аја (м'ужăт) к'упил шт'ице и-н'апрајл с'андак и-си-л'егнал у-с'андакăт. Т'уʲе л'егало ʲедно-к'уче покрај-њ''ега, 'ама д'ошал и-ед'ăн п'етăл. И-п'етăлăт п'оал, а-к'учето му-р'екло : "Зар-н'е-виґаш дом'аќинăт ќе-ни-'умре, а ти п'оеш". П'етăлăт р'екал : "Нека-'умре кăт-ʲе-б'удала; ј'а 'имам ст'о ж'ене па-св'ите 'ги-п'овел'ам ј'а, а-'он 'една па-н'е-може". И 'ов^{ф}чарăт т'ăгаја ст'анал и-з'ел едно-д'рво и гу-исп'отепал ж'ену-му.

СКОПСКА ЦРНА ГОРА
Бањане
Чучер
Кучевиште
Љубанци
ЛЕПЕНЕЦ
Љуботен
Мирковци
Орман
Раштак
Бразда
ВАРДАР
Кучково
Радишани
Булачани
Волково
Бутел
Злокуќани
Стајковци
СКОПЈЕ
Горче Петров
Арачиново
ПЧИЊА
Нерези
Глумово
Г. и Д. Лисиче
Марино
ВОДНО
Сопиште
Миладиновци
Драчево
ВАРДАР
ТРЕСКА
Матка
Катлановo

БИБЛИОГРАФИЈА

АЛЕКСИЕВ, Никола
Разложкият говор, Македонски преглед, VI, кн. 2, с. 91-124, София 1931

АНТОНОВА-ВАСИЛЕВА, Лучия
Говорът на с. Волак, Драмско (Морфология на именната система), Проблеми на български език в Македония (МНИ-Македонски Научен Институт), София 1993

АНТОНОВА, Лучия
Форми за имперфект в говора на с. Волак, Драмско, Български език, кн. 5, с. 485-490, София 1985

БЕЛИЋ, А.
Дијалекти источне и јужне Србије, Српски дијалектолошки зборник, књ. 1, Београд 1905

БЕЛИЋ, А.
Историја српскохрватског језика, књ. II, св.1, Београд 1960

БЕЛИЋ, А.
О дијалекатском материјалу О. Броха у књизи: Die Dialekte des südlichsten Serbiens, Српски дијалектолошки зборник, књ. II, Београд 1911

Български диалектен атлас: III. Югозападна България, БАН, ИБЕ, София 1974

Български диалектен атлас: III. Югозападна България, Част втора, Статии, Коментари, Показалци, (БАН. ИБЕ), София 1975

ВАСИЉЕВИЋ, Ј. Х.
Скопље и његова околина, Београд 1930

ВИДОЕСКИ, Божидар
Акцентските системи во македонските дијалекти во Грција (Егејска Македонија) и Јужна Албанија, Македонски јазик, XXXVI-XXXVII, Скопје 1986

ВИДОЕСКИ, Божидар
Белешки за говорот на селото Балевец (Лагадинско), Зборник на трудови посветени на академик Блаже Конески, МАНУ, с. 9-27, Скопје 1995

ВИДОЕСКИ, Божидар
Говорот на селото Нестрам (Костурско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XIV, 2, с. 47-78, Скопје 1989

ВИДОЕСКИ, Божидар
Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVII, 2, с. 5-89, Скопје 1992

ВИДОЕСКИ, Божидар
Говорот на селото Секавец (диј. С'акавиц), Серско, Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XV, 1, 41-82, Скопје 1990

ВИДОЕСКИ, Б.
За вокалната систем на кривопаланечкиот ѓовор, Македонски јазик, IV, Скопје 1953

ВИДОЕСКИ, Божидар
Југозападните македонски дијалекти со посебен осврт на битолското ѓоворно подрачје, Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, МАНУ, с. 87-97, Скопје 1988

ВИДОЕСКИ, Божидар
Кумановскиот ѓовор, Институт за македонски јазик, Посебни изданија, кн. 3, Скопје 1962

ВИДОЕСКИ, Б.
Местото на акцентот во кратовскиот ѓовор, Македонски јазик, III, Скопје 1952

ВИДОЕСКИ, Б.
Поречкиот ѓовор, Скопје 1950

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошкиот и прозодискиот систем на ѓоворот на селото Неѓован (Солунско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, XVI, 2, с. 15-32, Скопје 1991

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошки опис на ѓоворот на селото Гратче (Костурско), Годишен зборник на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Скопје, с. 23-31, Скопје 1977

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошки опис на ѓоворот на селото Плевна (Серско), Годишен зборник на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. III, с. 37-46, Скопје 1978

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошки опис на говорот на селото Тиолишча (Костурско), Прилози на одделението за лингвистика и литературна наука, МАНУ, IV, 2, с. 5-16, Скопје 1979

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошки описи на македонските говори: Вамбел (ОЛА 107), Висока (ОЛА 112), Нестрам (ОЛА 108), Секавец (ОЛА 113), Тиолишча (ОЛА 109), Fonološki opisi srpskohrvatskih / hrvatskosrpskih, slovenačkih i makedonskih govora obuhvaćenih Opšteslovenskim lingvističkim atlasom, Posebna izdanja, knjiga 9, ANUBiH, s. 763-768, 791-810, 769-774, 811-816, 775-782, Sarajevo 1981

ВИДОЕСКИ, Божидар
Фонолошкиот систем на говорот на селото Езерец (Костурско), Македонски јазик, XXXV, с. 79-98, Скопје 1984

ГЕОРГИЕВ, Илия
Етнографско истражување на с. Мендово, Пијанечко, (ракопис)

ГОЛОМБ, Збигњев
Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско), Македонски јазик, XI-XII, с. 113-182, Скопје 1960-1961; XIII-XIV, с. 173-276, Скопје 1962-1963

ГРУЈИЌ, Р.
Три хиландарске повеље, Зборник за историју Јужне Србије и суседних области, књ. 1, Скопље 1936

ЃОРЃЕВИЌ, В.
Српске народне мелодије, Скопље 1928

ЕЛЕЗОВИЋ, Глиша
Записи и натписи: Збирка Глише Елезовића, Зборник за историју Јужне Србије, књ. 1, Скопље 1936

ЕЛЕЗОВИЋ, Глиша
[*Народни песни*], Јужнословенски филолог, XII, Београд 1933

ИВАНОВ, Н. Йордан
Български диалектен атлас, Български говори от Егејска Македония: Том I, Сярско, Драмско, Валовишко и Зиляховско, Българска Академия на Науките, Институт за Български Език, София 1972

ИВАНОВ, Н. Йордан
Български преселнически говори, Говорите от Драмско и Сярско, Българска Академия на Науките, Институт за Български Език, София 1977

ИВАНОВ, Н. Йордан
Двойно ударение в българския език, Известия на Института за български език, XX, с. 198-226, София 1971

ИВАНОВЪ, Й.
Български старини изъ Македония, 2 изд, София 1931

ИВАНОВЪ, Йордан
Северозападнитѣ македонски говори - Тетовско, Скопско и Кратовско, Минало I, кн. 1, София 1909

ИВКОВИЋ, М.
Акценатски системи српско-македонских говора, Јужнословенски филолог, II, књ. 3-4, Београд 1921

ИГОВ, А.
Вук Стефанович Караджич, Език и литература, XIII, София 1958

ИЛЛИЧ-СВИТЫЧ, В.М.
О стадиях утраты ринезма в югозападных македонских говорах, Вопросы славянского языкознания, в. 6, с. 76-88, Москва 1962

КАРАНОВЪ, Ефремъ
Материали по етнографията на някои мѣстности въ Сѣверна Македония, които са смежни съ България и Сърбия, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, IV, 1891, София

КОЛЕВА, Красимира
Балканские заимствования в нескольких костурских говорах, Балканско езикознание, XXXII, с. 233-235, София 1989

КОНЕВ, Илија
Вук Караджич и българите, Анали Филолошког факултета Београдског универзитета, 4, Вуков зборник 1, с. 201-213, Београд 1964

КОНЕСКА, М.
Мариовскиот говор, Скопје 1951

КОНЕСКИ, Б.
Два прилога кон историјата на македонскиот јазик, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 2, Скопје 1949а

КОНЕСКИ, Блаже
Загубата на интервокалното в во западномакедонските говори, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Историско-филолошки оддел, т. 2, Скопје 1948

КОНЕСКИ, Блаже
Материјали за преспанскиот говор од збирката на С.Н. Томиќ, Македонски јазик, VIII, с. 173-219, Скопје 1957

КОНЕСКИ, Б.
Побѫжда-Повоꙋжда, Македонски јазик, II, с. 218, 219, Скопје 1951

КОНЕСКИ, Б.
Прилепскиот говор, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. 2, Скопје 1949б

КУЗОВ, А.
Костурския говор, Известия на Семинара по славянска филология, IV, с. 86-125, София 1921

ЛЕКОВ, Иван
Вук Стефанович Караджич како езиковед - бугарист, Анали Филолошког факултета Београдског универзитета, 5, II кн. Вукова зборника, с. 119-124, Београд 1964

МАНЕВИЌ, Тодор
Забелешки за овчеполскиот говор, Македонски јазик, III, Скопје 1952

МИЛЕТИЧ, Л.
Два български ракописи с гръцко писмо: II. Търилско евангелие от 1861 год, Български старини, кн. VI, София 1920

МИОВСКИ, Мито
Белешки за топонимијата од Костурско, Македонистика 1, с. 117-134, Скопје 1977

МИРЧЕВЪ, К.
Къмъ македонската диалектология, Македонски прегледъ, г. XI, кн. 1 и 2, София 1938

МИРЧЕВЪ, Кирилъ
Мним рефлекс на ѧ като а в говора на с. Сухо, Български преглед, II, кн, 1, София 1933а

МИРЧЕВЪ, Кирилъ
Неврокопскиятъ говоръ, Годишник на Софийския университетъ, Историско-филологически факултетъ, XXXII, бр. 1, София 1936

МИРЧЕВЪ, Кирилъ
Следи от старобългарско ы в говора на с. Калапот, Зъхненско, Сборник в чест на проф. Милетич, София 1933б

МИРЧЕВЪ, Кирилъ
Стари и нови iterativa в източно-македонските говори, Списания на Българската академия на науките, L (24), с. 197-222, София 1934

МОЛЕРОВИ, Г. Димитър и Костадин
Народописни материали от Разложко, Сборник за народни умотворения и народопис, книга XLVIII, БАН, София 1954

НОВАКОВИЋ, С.
Законски споменици, Београд 1912

ПАВЛОВИЋ, М.
Говор Сретечке Жупе, Српски дијалектолошки зборник, књ. VIII, Београд 1939

ПАВЛОВИЋ, Миливој
Принцип корелативности у еволуцији језика и некорелативност дијалекатских црта Горњег Повардарја, Годишњак Скопског Филозофског факултета, књ. 1, с. 297-312, Скопље 1930

ПЕНЕВ, Б.
История на новата българска литература, III, София 1933

ПЕТРОВИЋ, А.
Народни живот и обичаји у Скопској Црној Гори, Српски етнографски зборник, књ. VII, Београд 1907

ПЕТРОВСКИЙ, М. Нестор
О занятиях В.Копитара болгарским языком, Списание на Българската академия на науките, VIII, с. 19-74, София 1914

ПОПСТОИЛОВ, Антон (сп. и: Стоиловъ А.)
Село Зарово, Солунско, Историкофолклорно и езиковедско изследване, Редактор: Костадин Синчев, (БАН), София 1979

РИСТАНОВИЋ, В. Сава
Вуков поглед на бугарски језик и народну поезију, Књига о Вуку Караџићу (1787-1937), Београд 1939

РОМАНСКИ, Ст.
Български въпроси в преписката на И.И.Срезневски с В. И. Григорович, Списание на Българската академия на науките, кн. LIV, с. 100-107, София 1937

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Говоры области Скопья, Македонски прегледъ, г. VII, кн. 1, София 1931

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Македонские кодики XVI-XVIII веков, София 1933

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Полог и его болгарское население, София 1929

СЕЛИЩЕВ, А. М.
Хаджи Йоаким и язык его книг, Македонски прегледъ, X, кн. 1 и 2, София 1936

СТЕВАНОВИЋ, М.
Ђаковачки говор, Српски дијалектолошки зборник, књ. XI, Београд 1950

СТОИЛОВЪ, П. А.
Изговор на ѣ в заровско-висошкия говор (Лъгадинско), Списание на БАН, VIII, с. 159-164, София 1914

СТОИЛОВЪ, П. Антонъ
На гости в Зарово и Висока, Българска сбирка, VII, 10, с. 632-649, София 1900

СТОИЛОВЪ, П. А.
Остатъци от назализъм в солунските села Зарово и Висока, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, LXI, с. 703-712, София 1901

СТОИЛОВЪ, П. А.
Редукция на гласните звукове а, е, о в заровско-височкия говор, Slavia, III, 4, с. 598-600, Praha 1925

СТОИЛОВЪ, П. А.
Рефлекси от старобългарския изговор на ы в новобългарските наречия, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, LVIII, с. 566-576, София 1899

СТОЯНОВА, Марийка
Етнографско изследване на гр. Петрич, 1944, (ракопис)

СТОЈАНОВИЋ, Љ.
Живот и рад Вука Стеф. Караџића, Београд 1924

СТОЈАНОВИЋ, Љ.
Стари српски записи и натписи, кн. 1, Београд 1902

СТОЙКОВ, Стойко
Българска диалектология, София 1955

СТОЙКОВ, Стойко
Българска диалектология, Наука и изкуство, София 1962а

СТОЙКОВ, Стойко
Българска диалектология, Наука и изкуство, София 1968

СТОЙКОВ, Стойко
Вук Караџич и българският език, Български език, XIV, с. 293-314, София 1964

СТОЙКОВ, Ст.
Един особен случай на палатализация в български език, Известия на Института за български език, кн. VIII, с. 243-245, София 1962б

СТОЙКОВ, Стойко
Христоматия по българска диалектология, София 1950

ТОДОРОВ, Ц.
Говорот на Ќустендилско Краиште, Сборник на Българската академия на науките, кн. XLI, с. 345-346, София 1949

ТОМИЋ, Св.
Скопска Црна Гора, Српски етнографски зборник, књ. VI, с. 408-503, Београд 1905

ТРИФУНОСКИ, Ј.
Скопска котлина, Македонска мисъл, г. II, кн. 3-4, с. 122-125, София 1946

УГРИНОВА, Рада
Говорите во Скопско, Скопје 1951

УРОШЕВИЋ, А.
Шарпланинска жупа Сиринић, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Природно-математички оддел, кн. 1, с. 159, Скопје 1948

ФИЛИПОСКИ, И.
Неготинскиот говор, Скопје 1952

ШКЛИФОВ, Благой
Архаични думи на долнопрестанския говор: Изследвания върху историята и диалектологията на българския език, Сборник в памет на чл. кор. Кирил Мирчев, БАН, с. 386-387, София 1979а

ШКЛИФОВ, Благой
Глаголната система на костурския говор, Език и литература 3, с. 82-91, София 1967

ШКЛИФОВ, Благой
Долнопрестанският говор, София 1979б

ШКЛИФОВ, Благой
Костурският говор, Институт за български език, Българска академия на науките, София 1970

ШКЛИФОВ, Благой
Некои фонетични промени в костурския говор, Език и литература, 3, с. 92-98, София 1968

ШКЛИФОВ, Благой
Речник на костурския говор, Българска диалектология, Проучвания и материали, VIII, с. 201-328, София 1977

ШОКЛАРОВА, Германија
Фонолошкиот систем на говорот на с. Герман, Македонски јазик, XXIII, с. 293-307, Скопје 1972

ЯГИЧ, В.
История славянской филологии, Трудъ ординарнаго академика И. В. Ягича, Типография Императорской Академии Наукъ, Энциклопедия славянской филологии, Санктпетербургъ 1910

BERNARD, Roger
Etymologie bulgare, Revue des Études Slaves, XXVII, Paris 1951

GIANNELLI, Ciro - VAILLANT, André
Un lexique macédonien du XVIe siécle, Paris 1958

IVANOV, Jordan
Un parler bulgare archaïque, Revue des Études Slaves, II, s. 86-103, Paris 1922

MAŁECKI, Mieczysław
Drobiazgi z Macedonji, Lud Słowiański, III, A 106-119, 267-287, Kraków 1933

MAŁECKI, Mieczysław
Dwie gwary macedońskie. Sucho i Wysoka w Sołuńskiem: I. Teksty, Kraków 1934, II. Słownik, Kraków 1936a

MAŁECKI, Mieczysław
O zróżnicowaniu gwar Bogdańska w pd.-wschodniej Macedonji, Lud Słowiański, III, 1, A 90-106 + 1 karta, Kraków 1936b

MAŻON, André
Contes slaves de la Macédoine sud-occidentale, Paris 1923

NAHTIGAL, R.
Slovanski jeziki, 2 izd., Ljubljana 1952

OBLAK, Vatroslav
Macedonische Studien: Die slavischen Dialecte des südlichen und nordwestlichen Macedoniens, Wien 1896

VAILLANT, André
Les parlers de Nivica et de Turija, Révue des Études Slaves, IV, s. 53-65, Paris 1924

VASMER, M.
Russisches etymologisches Wörterbuch, III, Heidelberg 1958

VIDOESKI, Božidar
Redukcja samogłosek nieakcentowanych w południowozachodnich dialektach macedońskich, Studia z dialektologii polskiej i słowiańskiej, s. 236-270, Warszawa 1992

VUKČEVIĆ, Mih.
Jezik u Kirečkom s udiljnim obzirom na opće maćedonizme, Rad Jugoslavenske akademije znanosti i umjetnosti, knj. 145, s. 105-137, Zagreb 1901

Издавач
МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Коректура
Дејан Геговски

Компјутерска обработка
Горан Ивковиќ

Корица
Јана Ацевска
Марјан Марковиќ

Печат
"Бошели"- Скопје

Тираж
1000 примероци